Патот за Мека

Мухамед Асад

Скопје, 2022

Наслов
Патот за Мека

Автор
Мухамед Асад

Издавач
Белиг

Уредник
Фатмир А. Ковачи

Лектор
проф. д-р Јадранка Владова

Технички уредник
Абдурахман Салоски

Дизајн
Еди Агаѓуши

Техничка обработка
Јонуз Мифтари

Печати
Фокус Принт – Скопје

Тираж
2000

Наслов на оригиналот:

Muhammad Asad

The Road to Mecca

Dar al-Andalus, Tanger, 1974

Преведе од англиски

Фатмир А. Ковачи

Право на избор

Конвертитите (во сите области) себеси се изложуваат на двојно (или поточно тројно) восприемање кај Другите. Секогаш може да се смета на исклучивоста, агресијата и „згнасеноста“ на „напуштените“; на пожестоката или послабата скепса на оние кои ги „примаат“ или, што е честа варијанта – на радосното беспоговорно прифаќање, бидејќи се приопштиле кон „вистинскиот избор“.

Разбирливи се сите три ситуации. Тие зависат од толеранцијата и отвореноста на оние од кои „заминал“ конвертитот и од толеранцијата и отвореноста на оние кои го преземаат.

Да дозволиме дека постојат и лажни конвертити кои се такви поради определена полза. Но, најтешко им е секогаш на искрените. Дали сите кои се искрени секогаш го докажуваат својот избор? Дали, сепак, многумина не остануваат на границата, ни таму, ни ваму, неприфатени од обете страни?

Конвертитството е право на човекот слободно да се определи за својот избор. (Секако дека треба да го спомнеме и исклучокот: повторувањата на промените не зборуваат добро за оној што се менува.) Но нашата цивилизација, времето во кое се инсистира на демократијата, би требало да биде толерантна.

Историјата на човештвото памети и масовни и индивидуални конвертитства во религијата. Се раѓаме во определена религија и удобно сместени меѓу „своите“ не можеме да дозволиме дека некој „наш“ може да се оддели од својата религиска заедница и уште тоа да го направи без некаков рационален интерес. Балканот го има тоа искуство во врска со исламизацијата која од христијанското население во минатото била прифаќана како насилство. Данокот во крв, кој всушност и не произлегува од принципите на исламот, можеме да го толкуваме како чисто политички чин и субјективна постапка, бидејќи Куранот вели дека **„во верата нема присила“**. Исламизацијата може да биде и доброволен избор – сосема доброволен како оној на Асад, или како компромис – бегство од смртта или поради материјална несигурност.

Оваа тема е мошне широка и секако поттикнува многу филозофски асоцијации во најразлични сфери. Но овојпат имаме конкретен поттик – да зборуваме, по повод излегувањето од печат на книгата „Патот во Мека“ на македонски јазик, за Мухамед Асад, нејзиниот автор.

Мухамед Асад е некогашниот Леополд Вајс (Leopold Weiss) кој се родил како Евреин, во Галиција, во рамките на некогашната Австро-Унгарија. Неговиот дедо бил ортодоксен рабин. Добил мошне квалитетна наобразба. Се чини дека во биографијата на Леополд Вајс мошне важна улога игра средбата со жестокиот ционизам во Ерусалим, каде што престојувал во посета на својот вујко. Храброста на младиот Вајс ја согледуваме во „слободата“ да му ги каже своите забелешки за ционизмот на тогашниот водач на ционистичкото движење д-р Хаим Вајцман (Chaim Weizman).

Вајс мошне рано (на дваесет и две години) станува дописник на германските весници, гладни по информации од Истокот. Вајс особено популарен станува со текстовите во весникот Frankfurter Zeitung. Мошне брзо бил прогласен за добар набљудувач на состојбите во исламските земји. (Тука можеме да го отвориме проблемот на толкувањето на неговата активност и веројатно дека можеме да претпоставиме западни средини кои гледале полза во неговото влегување во тој недоволно познат свет. Но, од друга страна, веднаш било забележано дека кај него не можат да се забележат европските стереотипи во врска со исламските земји.)

Неговиот живот меѓу Истокот и Западот, преполн со постојани патувања, преполн со интроспекции и медитации, ќе го поттикне Леополд Вајс да стане конвертит и своето еврејство да го замени со исламот. Од 1926 година тој станува Мухамед Асад. Во библиографските белешки за него ќе најдеме дека тој сиот свој живот му го посветил на проучувањето на исламот и многу активно учествувал во различните сфери на исламскиот свет.

По 25-годишно отсуство од Западот, Асад дошол во Париз, а потоа во Њујорк, на почетокот од 1952, во функција на ополномоштен министер на Пакистан во Обединетите Нации. (Ова се должи на претходниот историјат на пријателството со Мухамед Икбал кој се залагал за самостојност на Пакистан од Индија.)

По овие должности, тој живеел во Мароко и се занимава со публицистичка дејност. Пишувал на англиски, арапски и германски јазик. (Сите му се восхитуваат на неговиот превод на Куранот на англиски јазик.)

Неговото дело „Патот за Мека“ (1954) е повеќеслоен текст во кој ја читаме несомнената ерудиција на авторот,

но, во исто време, добиваме и докази за искреноста на неговото преобратување.

„Патот за Мека“ може да направи жанровски смут. Оваа книга можеме да ја читаме како автобиографија, но и како исклучителен патопис на стилско рамниште со најдобрите патописци. Во „Патот за Мека“ пред сè ја согледуваме фасцинацијата со пустинскиот предел. Оние што внимателно ќе ја читаат оваа книга ќе забележат вистинско дозирање на описот на природата и класично речено – настанот, иако прецизната статистика би покажала дека описите доминираат. Но тие се толку сугестивни, толку функционални, така што она што пречи кај слабите раскажувачи, тука станува доблест. Јазикот на Асад е раскошен, но убавината на неговото раскажување се должи и на предметот на неговата фасцинација. (Тука, секако, треба да го спомнеме и преведувачот Фатмир Ковачи кој виртуозно ја доловил слоевитоста на реченицата на Асад во својот превод на македонскиот јазик.)

Во убавината на пустинскиот пејзаж, Асад ја открива истата убавина на едноставноста и кај луѓето со кои се среќава. Неговото познавање на арапскиот јазик е секогаш пофалувано од соговорниците со кои тукушто се запознал. Но рамништето на познавањето на арапскиот јазик кое го има Мухамед Асад очигледно надминува многу родени говорители, бидејќи тој, како што рековме, пишувал сериозни студии за исламот.

Евреин кој станал муслиман… Тоа, можеби денес звучи неприфатливо, неприфатливо во овие времиња кога постојано слушаме за жестоките крвопролевања на границата каде што денес еврејството и исламот физички се допираат. Колку апсурдни изгледаат сите жртви од обете страни кога го имаме предвид овој избор на Асад… И тогаш мора да ни падне на ум и идејата дека е

неопходна близост во која ќе се согледа сличноста на Другиот, а не тој по секоја цена да се гледа оддалеку – преку нишанот!

Затоа што Бог навистина е Еден. Зошто не помислиме дека Нему не му е важно што сме, туку какви сме? И тоа не кон Него, туку кон Другите, кон оние што се околу нас, до нас, спроти нас. Со инакви идеи, но со истата вера во Единствениот Бог кој никако не би смеел да нè раздели, туку, напротив, ако веруваме дека е Еден и совршен, треба да дозволиме дека е така и за оние кои не ѝ припаѓаат на нашата религија.

Мошне човечки е човек да се чувствува удобно меѓу своите, заштитен во мнозинството. Но, ако сме вистински верници (на која било вера), треба да дозволиме дека преобразбата на Леополд Вајс во Мухамед Асад е можна, дека е дозволена, логична, дека никого не загрозува…

Да се потсетиме на Волтеровата мисла за правото на другиот на инакво мислење кое треба да го браниме како негово право. Така е со Мухамед Асад. Тој имал право да се вљуби во пустината, во бедуините, во прецизната практичност на Куранот во секојдневното живеење и имал право да се преобрати. Исламот добил со овој исклучителен ум кој има и длабоко емоционален однос кон него.

И исламот и христијанството се мисионерски религии. Верувам дека и во двете преовладуваат неагресивни мисионери, бидејќи како што знам од Хасан ел Басри и од Евангелијата, ниту една од нив не толерира насилно мисионерство. Историјата е преполна со насилнички примери – и од обете страни. Затоа, прекрасно е да се прочита „Патот за Мека“ во која еден возрасен човек, рационално и со соодветна сила на чувствата решава да ја смени религијата. Прекрасно е и тоа што оваа книга, со

својот патописен и историско-политички дел, може да биде поттикнувачко четиво и за оние што не се верници.

Можеби, токму во тоа е нејзината имплицитна мисионерска смисла?

проф. д-р Јадранка Владова

Мухамед Асад (1900 - 1992)

Еден од најистакнатите муслимански мислители од дваесеттиот век е погребан во малите муслимански гробишта во Гранада, во Шпанија… Беше роден како Леополд Вајс во Лавов (Полска), кој во тоа време влегувал во состав на поранешна Австро-Унгарија, син на еврејски адвокат и внук на ортодоксен рабин. Студирал историја на уметноста и филозофија на Виенскиот универзитет, потоа заминал во Прага а подоцна во Берлин. Бил поканет во Ерусалим од својот вујко Доријан Вајс (Dorian Weiss), истакнат психијатар и еден од првите ученици на Фројд (Freud), каде се сретнал со Ционистичкиот комитет за акција и уште од почетокот имал забелешки за Ционизмот, кои и лично му ги кажал на д-р Хаим Вајцман, лидер на ционистичкото движење…

Во дваесет и втората година од животот, како дописник на германските весници, а посебно на познатиот весник Frankfurter Zeitung, ги започнал своите долги патувања по исламските земји. Во своите дописи, кои биле високо ценети, се истакнал со извонредна дарба за забележување и оригинален начин на гледање на проблемите на тој свет, без честите европски предубедувања кои го замрачуваат здравото расудување.

Тој екстензивно патувал по Истокот и Западот. Запознавајќи се со принципите на исламот и со стилот на живеењето во исламските земји, тој во 1926 го прифатил

исламот и целиот свој живот го посветил на студирањето на оваа вера, активно учествувајќи во многу динамични акции.

Асад уживаше во блиското пријателство на кралот Ибн Сауд. Неговата љубов кон Арабија беше поинтензивна од оние на неговите европски претходници. По повеќе патувања, Асад заминал во Британска Индија и се спријателил со Мухамед Икбал, духовниот татко на идејата за одвоен Пакистан, кому многу му се восхитувал. Икбал го убедил Асад да ги напушти плановите за патување за источен Туркестан, Кина и Индонезија и да му помогне во просветлувањето на интелектуалните премиси за идната исламска држава.

По 25-годишно отсуство од Западот, Асад дошол во Париз, а потоа во Њујорк на почетокот од 1952, во функција на ополномоштен министер на Пакистан во Обединетите Нации.

По повлекувањето од тие должности, тој живее во Мароко и ѝ се посветува на публицистичката дејност. Пишува на англиски, арапски и германски јазик.

Неговата духовна автобиографија, „Патот за Мека“ (1954), која Times Literary Supplement ја нарече „приказна со голема моќ и убавина“, ја покриваше првата половина од неговиот живот, вклучувајќи го патувањето во летото 1932 во „Празната четвртина на Арапската Пустина“, кое го потврди неговото преобраќање во неговото ново верување, и свесна, во срдечна верност од една културна средина во друга.

Негови најважни дела се „Исламот на крстосница“, „Патот за Мека“ и извонредниот успешен превод на Ку-

ранот на англиски јазик, под наслов „Пораката на Куранот“ (The Message of the Qur'an). Покрај бројните статии го издавал и месечникот „Арафат“.

За своето преминување во исламот Мухамед Асад вели:

„Од моето преминување во исламот постојано ми се поставувани прашањата: ‚Зошто го прифативте исламот?‘ ‚Што посебно ве привлече во него?‘. Морам да признаам дека немам задоволителен одговор. Тоа не беше никакво посебно учење кое ме привлече, туку целата прекрасна необјасниво кохерентна структура на моралното учење и програмата на практичниот живот. Не би можел да речам дури ни сега кој аспект ме привлекува повеќе од друг. Исламот ми изгледа како совршено архитектонско дело. Сите негови делови се хармонично конципирани за да се исполнат и да се поддржуваат еден со друг; ништо не е излишно и ништо не недостига, што резултира со совршена рамнотежа и смиреност. Можеби токму ова чувство дека сè во учењето и во постулатите на исламот е ‚на своето место‘ го направи најсилниот впечаток врз мене. Покрај тоа можело да има и други впечатоци кои денес ми е тешко да ги анализирам. Конечно, тоа е прашање на љубов, а љубовта е составена од бројни нешта: од нашите желби и нашите осамености, од нашите возвишени цели и нашите маани, од нашите сили и нашите слабости. Така беше и со мене. Исламот влезе во мене тивко и тајно, но – засекогаш“.

Извадок од The Guardian

Приказна за една приказна

Приказната што ќе ја раскажам во оваа книга не е автобиографија на човек кој е истакнат по својата улога во јавните работи; ова не е приказна за една авантура – бидејќи иако сум доживеал многу авантури, тие никогаш не биле повеќе од придружник на она што се случуваше во мене; тоа не е дури ни приказна за намерна потрага по верата – бидејќи таа вера мене ме најде, во текот на годините, без какво и да е мое настојување да ја најдам. Мојата приказна е едноставно исповед на еден Европеец за неговото откривање на исламот и за вклучување во муслиманската заедница.

Никогаш не мислев да ја пишувам, бидејќи не ми ни паднало на ум дека мојот живот би можел да му биде особено интересен кому било освен мене. Но кога, по дваесет и пет години отсуство од Западот, дојдов во Париз, а потоа во Њујорк, на почетокот од 1952 година, бев принуден да го променам овој став. Работејќи како пакистански ополномоштен министер во Обединетите Нации ѝ бев природно изложен на јавноста и наидов на многу љубопитност меѓу моите европски и американски пријатели и познаници. На почетокот на мене гледаа како на европски „специјалист“ вработен во некоја источна влада со посебна задача, кој на соодветен начин се приспособил кон обичаите на земјата за која работи; но

кога моите активности во Обединетите Нации очигледно покажаа дека јас, не само „функционално“, ами исто така и емоционално и интелектуално се согласувам со политичките и културните цели на муслиманскиот свет воопшто, тие беа донекаде збунети. Сè повеќе и повеќе луѓето почнуваа да ме испрашуваат за моите минати искуства. Тие дознале дека мошне рано во мојот живот сум ја започнал кариерата како странски дописник за европските весници и дека, по неколку години на сеопфатни патувања низ Блискиот Исток, во 1926 година, сум станал муслиман; дека по преминувањето во исламот сум живеел во Арабија шест години и сум го уживал пријателството на кралот Ибн Сауд; дека откако сум ја напуштил Арабија сум отишол во Индија и таму сум го сретнал големиот муслимански поет, филозоф и духовен татко на идејата за Пакистан, Мухамед Икбал. Токму тој ме убеди да ги напуштам плановите за патувањето во Источен Туркестан, Кина и Индонезија и да останам во Индија за да помогнам во толкувањето на интелектуалните премиси на идната исламска држава, која тогаш беше одвај повеќе од сон во визионерскиот ум на Икбал. За мене, како и за Икбал, овој сон претставуваше пат, всушност, единствениот пат кон повторното оживување на сите заспани надежи на исламот, кон создавање на политичка заедница на луѓе врзани, не преку заедничкото потекло, туку преку приврзаноста кон заедничката идеологија. Му посветив многу години на овој идеал проучувајќи, пишувајќи и држејќи предавања и со време добив некаква репутација на толкувач на исламскиот закон и на културата. Кога во 1947 година беше основан Пакистан, владата на оваа земја ме повика да го организирам и да го водам Отсекот за исламска обнова, што се состоеше во разработката на исламските идеолошки концепти на

државноста и заедништвото и на кои би можела да се потпира новороденaта политичка организација. По две години од оваа мошне стимулирачка дејност, бев преместен во Министерството за надворешни работи на Пакистан и именуван за началник на Отсекот за Блискиот Исток каде му се посветив на зајакнувањето на врските меѓу Пакистан и на другите делови од муслиманскиот свет; и така на крајот се најдов во пакистанската мисија при Обединетите нации во Њујорк.

Сето ова значеше многу повеќе отколку целосно надворешно вклопување на еден Европеец во муслиманската заедница во која тој живее: тоа повеќе укажуваше на свесно, целосно искрено пренесување на предадеността од една културна средина кон друга, сосема различна. Токму ова им се причинило мошне чудно на моите пријатели од Запад. Тие не можеле себеси да си претстават како човек, роден и воспитан на Запад, можел толку целосно и очигледно, без каква било душевна резерва, да се идентификува со муслиманскиот свет; како било можно своето западно културно наследство да го замени со исламското; и што било тоа што го навело да ја прифати религиската и општествената идеологија која – тие тоа, изгледа, го земаат како готов и докажан факт – е значително пониска од сите европски концепти.

И зошто, се прашував себеси, моите пријатели од Запад би требало толку лесно ова да го земат како готов факт? Дали некој од нив кога и да е навистина се потрудил да добие директен увид во исламот или нивните мислења биле едноставно базирани врз грст клишеа и искривоколчени поими кои им биле пренесени од поранешните генерации? Можно ли е оној стар грчко-римски начин на мислење, кој го делел светот на Грци и Римјани на едната, и на „варвари“ на другата страна, да бил

толку длабоко вкоренет во западниот дух што тој не е во состојба дури ни теориски да ја признае позитивната вредност на што годе друго што лежи надвор од неговата културна сфера?

Уште од грчките и од римските времиња европските мислители и историчари биле наклонети кон тоа да ја набљудуваат светската историја само од гледната точка и според европската историја и западните културни искуства. Незападните цивилизации влегуваат во игра само ако нивното постоење, или одделните движења во нив, имаат или имале директно влијание врз определбите на западниот човек; и затоа, во очите на западниот свет, светската историја и нејзините различни култури на крајот се сведуваат на нешто повеќе од проширена историја на Западот.

Природно, толку стеснетиот агол на гледање морал да доведе до искривено гледање на работите. Навикнат на прашањето кое ги прикажува или ги расправа проблемите на неговата сопствена цивилизација до најмали детали и во живи бои, со одвај малку повеќе отколку што е попатниот бегол поглед тук-таму на останатиот дел од светот, просечниот Европеец и Американец лесно подлегнуваат на илузијата дека културните искуства на Западот не се само надмоќни, туку се надвор од сите пропорции во однос на таквите искуства на останатиот свет; оттаму следува дека западниот начин на живеење е единствената вредна норма со која другите начини на живеење можат да се мерат, подразбирајќи, нормално, дека која било интелектуална концепција, општествена институција или етичка вредност која не се согласува со западната „норма“ веќе со самото тоа му припаѓа на понискиот степен на животот. Следејќи ги стапките на Грците и Римјаните, западниот човек со радост мисли дека

сите оние други цивилизации биле само обиди полни со препнувања на патот на напредокот којшто Западот непогрешливо го следи, или, во најдобар случај (како што е случајот со цивилизациите на „предците“ кои во директна линија им претходеле на цивилизациите на модерниот Запад) не се повеќе од доследни поглавја од една иста книга во која, секако, западњачката цивилизација е последното поглавје.

Кога овој став му го изложив на еден американски пријател, човек со високо интелектуално образование и научно ориентиран, тој на почетокот беше по малку сомничав.

„И да ја земеме како готова реченицата“, рече тој, „дека старите Грци и Римјани биле ограничени во својот приод кон туѓите цивилизации, зар оваа ограниченост не била неизбежен резултат на тешкотиите во комуницирањето меѓу нив и останатиот свет? Зар оваа тешкотија не била во голема мера надмината во модерното време? Конечно, ние луѓето од Западот денес навистина се грижиме за она што се случува надвор од нашите културни сфери. Ми се чини дека ги заборавате многуте книги за ориенталната уметност и за филозофијата кои се објавени во Европа и во Америка во текот на последните дваесетина години... за политичките идеи кои ги преокупираат умовите на источните народи? Ако сакаме да бидеме неправедни, во никој случај не можеме да ја превидиме оваа желба на луѓето од Запад да сфатат што би можеле другите култури да им понудат.“

„Можеби донекаде имате право“, одговорив јас. „Нема сомнение дека примитивното грчко-римско гледиште денес веќе не е целосно практично. Неговата грубост е значително затапена – ако не од други причини, тогаш затоа што позрелите западни мислители се ослободиле од илузиите и станале скептични кон аспектите на својата

сопствена цивилизација и почнале да се обраќаат кон другите делови од светот во потрага по културни инспирации. На некои од нив им станало јасно дека, можеби, не постои само една книга и една приказна за човечкиот прогрес, туку дека ги има повеќе: едноставно затоа што човештвото, во историска смисла, не е хомогена целост, туку множество од групи со широко дивергентни идеи во однос на значењето и на целта на човечкиот живот. Сепак, не мислам дека Западот станал попристапен кон старите култури отколку што биле Грците и Римјаните: станал само потолерантен. Но, внимавајте, не кон исламот, туку само кон некои други источни култури кои му нудат некој вид духовна атракција на Западот гладен по дух, а кои во исто време се доволно оддалечени од западниот поглед кон светот за да можат да претставуваат каков и да е реален предизвик за неговите вредности.“

„Што мислите со тоа да кажете?“

„Па“, одговорив јас, „кога западниот човек расправа, да речеме, за хиндуизмот или за будизмот, тој е постојано свесен за фундаменталната разлика меѓу овие идеологии со неговата сопствена. Тој може да ѝ се восхитува на оваа или на онаа нивна мисла но, секако, никогаш не би ја разгледувал можноста тие да ја заменат неговата сопствена идеологија. Тоа е затоа што тој априори ја усвојува таа невозможност; тој е способен да разгледува толку навистина туѓи култури сосема сталожено и често со сочувствителна почит. Меѓутоа, кога станува збор за исламот, кој во никој случај не им е толку туѓ на западните вредности како што се хинду или будистичката филозофија, оваа западна сталоженост речиси задолжително се изместува со емоционален наклон. Можеби тоа се случува, понекогаш помислувам, затоа што вредностите

на исламот им се толку блиски на западните што претставуваат потенцијален предизвик за многуте западни концепции на духовниот и општествениот живот?“

Јас продолжив и му ја изнесов својата теорија што ја бев создал пред неколку години, теоријата која можеби би можела да помогне подобро да се сфати длабоко вкорененото предрасуда кон исламот која толку често ја наоѓаме во западната литература и во современата мисла.

„За да најдеме навистина уверливо објаснување за оваа предрасуда“ реков јас, „мораме да погледнеме далеку назад во историјата и да се обидеме да ја сфатиме психолошката заднина на најраните односи меѓу западниот и исламскиот свет. Она што луѓето од Запад денес го мислат и го чувствуваат за исламот вкоренето е во впечатоците кои се создадени од времето на Крстоносните војни.“

„Крстоносните војни!“ извика мојот пријател. „Не мислите, можеби, да кажете дека она што се случило пред речиси илјада години би можело уште да има влијание врз луѓето од дваесеттиот век?“

„Но, всушност има! Знам дека тоа звучи неверојатно; но зарем не се сеќавате на недовербата со која се пречекани првите откритија на психоаналитичарите кога се обиделе да покажат дека објаснувањето на голем дел од емоционалниот живот на зрелата личност, и најмногу од овие навидум необјасниви приемчивости, наклонетости и предрасуди содржани во зборот ‚идиосинкразии‘, може да се најде во искуствата на нејзиното време на формирање, т.е. во нејзиното рано детство? И зарем нациите и цивилизациите не се токму колективни личности? Нивниот развој е исто така врзан со искуствата на нивното рано детство. Како кај децата, тие искуства можеле да бидат

пријатни и непријатни; тие можеле да бидат совршено рационални, но и спротивни на тоа поради детското наивно погрешно толкување на некој настан; моделирачкиот исход на секое такво искуство првенствено зависи од неговиот изворен интензитет. Векот кој непосредно им претходел на Крстоносните војни, т.е. крајот на првиот милениум на новата ера, може сосема добро да се опише како рано детство на западната цивилизација...“

Јас продолжив да го потсеќавам мојот пријател, кој и самиот беше историчар, дека тоа бил векот во кој Европа првпат, по мрачните векови што настапиле по распаѓањето на Римското Царство, почнала да изнаоѓа свој културен пат. Независно од речиси заборавеното римско наследство, токму тогаш почнале да се јавуваат нови книжевности на европските јазици; инспирирани од религиското искуство на западното христијанство, постепено се буделе ликовните уметности од летаргијата предизвикана од воените миграции на Готите, Хуните и Аварите; од суровите услови на раниот среден век испловувал новиот културен свет. Токму на тој критичен, особено чувствителен степен од својот развиток, Европа претрпела страшен удар – во модерниот говор „траума“ – во форма на Крстоносните војни.

Крстоносните војни биле најсилниот колективен впечаток врз цивилизацијата која тукушто станувала свесна за себе. Историски кажано, тие претставуваат најран, и целосно успешен обид на Европа самата себеси да се види како културно единство. Ништо од она што Европа го искусила пред или потоа не може да се спореди со ентузијазмот што го предизвикала Првата крстоносна војна. Бранот од занес го замавнал континентот, воодушевувањето кое прв пат ги преминало границите меѓу државите, племињата и класите. Пред тоа постоеја

Франките, Саксонците и Германите, Бургундијците и Сицилијанците, Норманите и Ломбардите – спојот од племиња и раси со одвај нешто заедничко освен во фактот дека повеќето од нивните феудални кралства и кнежества претставувале остатоци од Римското Царство и дека сите ја исповедувале христијанската вера: меѓутоа, меѓу Крстоносните војни, и во нивниот тек, религиската врска е кренатa на ново рамниште, работа по малку заедничка за сите Европејци, политичко-религискиот концепт на „христијанството“, од кој е произлезен културниот концепт на „Европа“. Кога папата Урбан II, во својот славен говор во Клермонт, во ноември 1095 година, ги повикувал христијаните во војна против „неверниците“ кои ја држат Светата земја, тој, веројатно ни самиот не знаејќи за тоа, ја искажал повелбата на западната цивилизација.

Трауматското искуство на Крстоносните војни ѝ ги дало на Европа културната свесност и единството, но на ова исто искуство му било судено оттогаш да ја дава лажната боја со која исламот ќе се појави во очите на Западот. Не само затоа што Крстоносните војни значеле војни и пролевање на крв. Толку многу војни избиле меѓу нациите, а потоа биле заборавени, а толку многу непријателства, кои во свое време изгледале неискоренливи, постепено се претвориле во пријателства. Штетата која ја предизвикале Крстоносните војни не се ограничила само на судирот со оружје: тоа било пред сè интелектуална штета – труењето на западниот дух против муслиманскиот свет преку намерното погрешно претставување на учењето и на идеалите на исламот. Бидејќи, за да биде повикот на Крстоносните војни успешен, Пратеникот на муслиманите требало нужно да биде жигосан како Антихрист, а неговата религија да биде прикажана

со најгрозните изрази како извор на неморал и перверзност. Токму во времето на Крстоносните војни смешното сфаќање дека исламот е религија на сурова сензуалност и на брутална сила, на вршење на ритуали наместо чистење на срцето, влегло во западниот дух и останало таму; токму тогаш Европејците името на пратеникот Мухамед, истиот оној Мухамед кој инсистирал неговите следбеници да ги почитуваат пратениците на другите религии, бесрамно го претвориле во „Махоунд“[1]. Векот во кој духот на независното истражување можел да ја крене својата глава бил уште далеку од Европа; на оние на власт им било лесно да го посеат мрачното семе на омраза кон религијата и цивилизацијата која е толку поинаква од религијата и цивилизацијата на Западот. Затоа не е воопшто случајно што страствената „Песна за Ролан“, која ја опишува легендарната победа на христијанството над муслиманските „пагани“ во Јужна Франција, составена не во времето на тие битки, туку три века подоцна, имено, непосредно пред Првата крстоносна војна, веднаш станала еден вид „национална химна“ на Европа; исто така, не е нималку случајно што овој воинствен еп го означува почетокот на европската литература, за разлика од поранешните, локализирани книжевности: бидејќи непријателството кон исламот стоело врз лулката на европската цивилизација.

Би можело да изгледа како иронија на историјата оваа прастара омраза кон исламот, која има религиско потекло, сè уште потсвесно да не трае во времето кога религијата го изгубила најголемиот дел од своето влијание врз духот на Европејците. Меѓутоа, тоа не изненаду-

[1] Зол дух, ѓавол. (Заб. на прев.)

ва. Знаеме дека некој може целосно да ги загуби религиските верувања кои му се дадени во детството, а сепак некои особени емоции врзани со тие верувања ирационално да останат на сила низ целиот негов подоцнежен живот. „А ова е токму тоа“, заклучив јас, „што ѝ се случило на таа колективна личност т.е. на западната цивилизација. Сенката на Крстоносните војни стои над Западот и денес и сите негови реакции кон исламот и кон муслиманскиот свет ги носат изразитите траги на оваа слабост, која тешко умира.“

Мојот пријател долго молчеше. Сѐ уште можам да ја видам неговата висока, вита појава како чекори горе-долу по собата, со рацете во џебовите од палтото, нишајќи ја главата небаре е доведен во забуна, и најпосле рече:

„Можеби има нешто во она што го велите... Навистина, би можело да има, иако не сум во положба да ја оценам вашата ‚теорија‘ неподготвен... Но во секој случај, во светлината на она што вие тукушто ми го кажавте, зар не сфаќате дека вашиот живот, кој вам ви изгледа толку едноставен и некомплициран, на луѓето од Запад мора да им изгледа чуден и невообичаен? Зар можеби не би можеле да поделите некои свои лични искуства со нив? Зошто не напишете своја автобиографија? Сигурен сум дека тоа би било привлечно четиво!“

Смеејќи се, одговорив: „Па, можеби би можел да се убедам себеси да го напуштам Министерството за надворешни работи и да напишам таква книга. Најпосле, пишувањето е мојата најрана професија...“

Во текот на следните седмици и месеци мојот шеговит одговор неусетно го загуби аспектот на шега. Почнав сериозно да мислам за пишувањето приказна за мојот живот за така, макар и во мала мера, да помогнам да се

отстрани тешкиот превез кој го раздвојува исламот и неговата култура од западниот дух. Мојот пат до исламот во многу погледи беше единствен: јас не станав муслиман затоа што долго живеев меѓу муслиманите – напротив, јас решив да живеам меѓу нив затоа што го прифатив исламот. Зарем не би можел, соопштувајќи им ги на западните читатели своите сопствени искуства, да придонесам за меѓусебното разбирање меѓу исламскиот и западниот свет повеќе отколку што би можел продолжувајќи ја работата на дипломатската позиција која еднакво добро би можел да ја извршува некој друг мој сонародник? Конечно, секој интелигентен човек би можел да биде пакистански министер при Обединетите нации, но колку од нив би биле во состојба да им зборуваат на луѓето од Западот за исламот како што би можел јас? Бев муслиман, но исто така имам западно потекло и затоа би можел да зборувам со интелектуалните јазици како на исламот, така и на Западот...

И така, кон крајот на 1952 година, се повлеков од пакистанското Министерство за надворешни работи и почнав да ја пишувам оваа книга. Дали е тоа „привлечно четиво“ како што претпоставуваше мојот американски пријател, не би можел да кажам. Можев единствено да се обидам повторно да преминам во мислите по сеќавањата – со помош на некои стари белешки, неповрзани записи во дневникот и некои статии во весниците кои сум ги пишувал во тоа време – заплетканите линии на развитокот кој се протегаше повеќе години низ пространите географски подрачја.

И еве ја таа приказна: не приказната на целиот мој живот, туку само на оние години пред да заминам од Арабија во Индија – на оние возбудливи години минати во патувањата низ речиси сите земји меѓу Либиската

Пустина и со снег покриените врвови на Памирите, меѓу Босфорот и Арапското Море. Треба да имаме на ум дека таа е раскажана во контекст и на временското ниво на моето последно пустинско патување од внатрешноста на Арабија во Мека на крајот од летото 1932 година: бидејќи токму за време на тие дваесет и три дена сликата на мојот живот ми стана потполно јасна.

Арабија, прикажана на следниве страници веќе не постои. Нејзината осаменост и интегритетот се распаднаа под моќниот млаз на нафтата и златото кое нафтата го донесе. Нејзината прекрасна едноставност исчезна, а со неа и многу од она што било човечки едноставно. Со болката што некој ја чувствува по нешто скапоцено, неповратно изгубено, јас се сеќавам на тоа последно долго пустинско патување, кога јававме, јававме, ние двајцата, на камилите низ треперливата светлина...

I. Жед

– 1 –

ЈАВАМЕ, ЈАВАМЕ ние двајцата на камилите, сонцето зрачи над нашите глави, сè е блескотна, светилкава и треперлива светлина. Црвеникаво и портокалово обоените песочни дини, дини зад дините, осаменост и вжештена тишина, двајца мажи на камилите во тоа занишано одење кое ве прави сонливи, така што го заборавате денот, сонцето, топлиот ветер и долгиот пат. Грмушки од жолта трева растат ретко на врвовите од песочните дини, а овде-онде глуждестите грмушки хамд се извиваат преку песокот како џиновски змии. Сетилата се сонливи, се нишате на седлото и одвај слушате што и да е освен чкрипањето на песокот под нозете на камилите и триењето на седлото со превојот на вашето колено. Лицето ви е завиткано за да се заштити од сонцето и вие се чувствувате небаре ја носите својата сопствена осаменост, како опиплива стварност, низ неа, право низ неа... до бунарите на Тајма... до темните бунари на Тајма кои им нудат вода на жедните... „...Право низ Нуфуд до Тајма...“ слушам глас и не знам дали е тоа глас од сонот или гласот на мојот придружник.

„Дали рече нешто, Зејд?“

„Реков“, одговори мојот придружник, „колку малку луѓе би се осмелиле да тргнат низ Нуфуд само за да ги видат бунарите на Тајма...“

*

* *

ЗЕЈД И ЈАС се враќаме од Каср Атајмин на границата меѓу Нецд и Ирак, каде јас одев на барање од кралот Ибн Сауд. Откако ја извршив својата задача, а имајќи доволно слободно време на располагање, решив да ја посетам оддалечената, прастара оаза Тајма, околу триста километри кон југозапад (*Тема* од Стариот Завет за која Исаија рекол „Жителите на покраината Тема му нудат вода на оној што е жеден“). Изобилието вода во Тајма, нејзините огромни бунари на кои им нема слични во цела Арабија, направиле во предисламското време оазата да стане центар на караванската трговија и седиште на старата арапска култура. Долго време сакав да ја видам, и така, занемарувајќи ги заобиколните каравански патишта, удривме од Каср Атајмин право во срцето на Големиот Нуфуд, црвеникавата песочна пустина која се пружа така моќно меѓу висорамнините на Централна Арабија и Сириската Пустина. Во оваа страотна дивина не постојат ни траги, ни патеки. Ветрот се грижи за тоа никакви стапки од луѓето и од животните да не остават трајна трага на мекиот, плоден, послушен песок и никаков патоказ да не остане долго како предупредување на окото на патникот. Под ударите на ветерот песочните дини постојано ги менуваат своите контури, прелевајќи се во бавно, незабележано движење од форма во форма, ритчињата се одлеваат во долини, а долините растат во нови

ритчиња обележани со сува, безживотна трева, која немоќно шушка на ветрот, горчлива како пепел дури и за устата на камилата.

Иако оваа пустина сум ја преминал повеќепати во повеќе насоки, не би имал доверба во себеси да го најдам патот низ неа, и затоа сум среќен што Зејд е со мене. Оваа земја е негова татковина: тој му припаѓа на племето Шамар кое живее на јужните и на источните рабови на Големиот Нуфуд, и кога обилните зимски дождови ненадејно ќе ги претворат песочните дини во бујни ливади, тие ги пасат своите камили во неа неколку месеци од годината. Расположенијата на пустината се во Зејдовата крв и неговото срце чука со нив.

Зејд е веројатно најзгодниот маж кој било кога сум го познавал: со широко чело и стројно тело, со среден раст, убаво граден, полн со жилава сила. Преку тесното лице со боја на жито со остро обликувани коски на лицето и со остри и во исто време сензуални усни стои онаа достоинственост полна со очекувања, толку карактеристична за пустинскиот Арап – достоинство и смиреност споени во интимна хармонија. Тој е среќна комбинација од чистата бедуинска раса и на градскиот живот на Нејд, со зачувана бедуинска сигурност на инстинктот, без бедуинската емоционална непостојаност, со здобиената практична мудрост на граѓаните без подлегнување на нивните искривоколчености. Тој, како и јас, ужива во авантурата, но без да трча по неа. Уште од најраната младост неговиот живот бил исполнет со доживувања и возбудувања: како момчекоњаник во нередовните корпуси камили регрутирани од страна на турската влада за нејзината кампања на Синајскиот Полуостров за време на Големата Војна; како бранител на својата татковина Шамар против Ибн Сауд, како крijумчар на оружје во Персискиот Залив; како горешт

љубовник на многу жени во многуте делови од арапскиот свет (секако, со сите законски женет во ова или во она време, а потоа исто така законски разведен); трговец на коњи во Египет; платеник во Ирак; и, конечно, во текот на речиси пет години, мој придружник во Арабија.

И сега, на крајот од летото 1932 година, ние јаваме заедно, како што тоа го правевме често во минатото, извивајќи се по нашиот самотен пат меѓу песочните дини, запирајќи на некој од ретките бунари, а одморајќи се ноќе под ѕвездите; непрекинатото чкрипење на топлиот песок под нозете на животните; понекогаш, за време на маршот, песната на Зејдовиот зарипнат глас во ритамот на одот на камилите; ноќното кампување, варењето на кафето и оризот и по некоја разуздана игра; свежото дувкање на ветерот преку нашите тела додека лежиме ноќе на песокот; изгревот на сонцето над песочните дини, кое избива црвено, ненадејно како огномет; а понекогаш, како денес, чудо на животот кое се буди во растението што е случајно полеано со вода.

Ние бевме запреле за да ја извршиме пладневната молитва. Додека ги миев рацете, лицето и нозете, од мевот се пролеаја неколку капки вода преку исушениот корен трева покрај моите стапала, бедно мало растение, жолто, исушено и безживотно под острите зраци на сонцето. Но како што водата капеше над него, трепеж му мина низ овенатите листови и видов како тие полека, тресејќи се, се одвиткуваат. Уште неколку капки и малите листови се помрднаа и се свиткаа, а потоа се исправија полека, колебајќи се, тресејќи се... Го задржав здивот додека полевав уште вода над коренот трева. Сега се движеше побрзо, поживо, небаре некоја скриена сила го буди од неговите смртни сни. Неговите лисја – какво уживање е да се пог-

ледне тоа! – се собираа и се спружаа како краците на морската ѕвезда, навидум надвладеани од срамежливиот но нескротлив занес, вистинска мала оргија на сетилните радости; и животот победоносно повторно влегува во она што еден миг порано беше мртво, влегува видливо, страствено, незадржливо, и надвор од секакво разбирање во својата величественост.

Животот во својата величественост... тоа секогаш го чувствувате во пустината. Затоа што е толку тежок за одржување и толку суров, тој е секогаш како подарок, богатство и изненадување. Бидејќи пустината е секогаш изненадувачка, дури и ако ја познавате со години. Понекогаш, кога ќе помислите дека можете да ја видите во целата нејзина крутост и пустелија, таа се буди од својот сон, го открива својот здив – нежна, бледата зелена трева се појавува ненадејно таму каде што до вчера немаше ништо освен песок и парчиња чакал. Таа повторно го открива својот здив – и јато мали птици се размавнува низ воздухот – од каде? за каде? – со стројни тела, со долги крилја, смарагдно зелени; или јато скакулци се крева над земјата во ненадеен замав, сиво, сенишно, и бескрајно како орда гладни воини...

Животот во својата величественост: величеството на скудноста, секогаш изненадувачко; овде лежи сиот безимен мирис на Арабија, на песочните пустини како што е оваа, и на многу други променливи пејсажи.

Понекогаш тоа е почва составена од лава, црна и назабена, понекогаш од песочни дини без крај, некогаш тоа е *вади*, исушено речно корито, меѓу камените ритчиња покриени со трње од кои еден исплашен зајак скокнува пред вас; понекогаш тоа е мек песок со траги од газела и

неколку карпи поцрнети од оган над кои одамна заборавените патници ја готвеле својата храна во одамна заборавените денови; понекогаш наидувате на село под палмите и дрвените тркала над бунарите ви свираат и ви пеат без запирање; ретко наидувате на осамен бунар среде пустинската долина, со бедуинските овчари како трчкаат околу него за да ги напојат своите жедни овци и камили – тие пеат во хор додека ја извлекуваат водата во големи кожни ведра и брзајќи ја истураат во кожни корита на задоволство на возбудените животни. Тогаш повторно, осаменоста во степите е совладана од безмилосното сонце; перчиња од тврда, жолта трева и лиснати грмушки што лазат по почвата со змијолики гранки нудејќи им добредојдено пасење на вашите камили; осаменото багремово дрво широко ги подава своите гранки кон сиво-синото небо; меѓу земјините дини и карпите се појавува, вртејќи со очите лево и десно, а потоа исчезнува како дух, гуштер со златна кожа за кого велат дека никогаш не пие вода. Во долината стојат црни шатори од козина; стадо камили се тера дома попладнето, овчарите јаваат на голите грбови на младите камили, а кога тие ги довикуваат своите животни, тишината на крајот ги впива нивните гласови и ги голта без ехо.

Понекогаш гледате болскотни сенки далеку на хоризонтот; дали се тоа облаци? Тие пловат ниско, често менувајќи ја бојата и положбата, сега личејќи на сиво-кафенасти планини – но во воздухот, малку над хоризонтот – а сега, за да можат сите да видат, на сенчестите шумички на скаменетите борови; но – во воздухот. И кога ќе се симнат подолу и ќе се претворат во езера и во реки што течат кои треперливо ги рефлектираат планините и дрвјата во своите примамливи води, ненадејно открива-

те што е: предизвикувачко ласкање на *џините*,[2] фатаморгана која толку често ги водела патниците кон лажните надежи и преку тоа во пропаст: вашата рака неволно посегнува по мевот со вода на вашето седло...

Некои ноќи се исполнети со други опасности, кога племињата се во воено раздвижување и патникот не пали оган додека кампува за да не го забележат од далечина, додека седи буден долги часови со пушката меѓу колениците. А потоа деновите на мирот кога, по долгото, самотно талкање, ќе сретнете караван и во предвечерјето го слушате разговорот на сериозните, од сонцето испржените луѓе околу логорскиот оган. Тие зборуваат за едноставните важни работи на животот и на смртта, за гладот и за ситоста, за гордоста, за љубовта и за омразата, за лакомоста на телото и за нејзиното смирување, за војните, за горички од палми во далечното родно село – а никогаш не слушате празно дрдорење затоа што во пустината не може да се дрдори...

Вие го чувствувате повикот на животот во деновите на жедта, кога јазикот се лепи за непцето како парче суво дрво, а хоризонтот наместо спас го нуди огнениот ветер *самум* и вртежот од песок. А во оние уште поинакви денови, кога сте гостин во бедуинските шатори и кога луѓето ви носат стомни полни млеко – млеко од дебелите камили од почетокот на пролетта, кога степите и песочните дини, по силните дождови, се зелени како градина, а вимињата на животните се тешки и тркалезни; од аголот на шаторот можете да чуете смеење на жена додека, во ваша чест, се готви овчко на отворен оган.

[2] Џин – демон, Божјо создание, создадено од оган и, како и човекот, има слободна волја. Во нивната изворна форма, џините се невидливи за луѓето, но можат да влијаат врз нив. (Заб. на прев.)

Сонцето, како црвен метал, исчезнува зад брекчето; ѕвездената небо во ноќта е повисоко отколку на кое било друго место на светот, длабоко и без соништа спиете под ѕвездите; на почетокот утрата се бледо-сиви и свежи. Студени се ноќите зиме, острите ветрови го бијат логорскиот оган околу кој вие со вашите сопатници сте се собрале во потрага по топлина; вжештени се деновите лете кога јавате, јавате над вашата камила која се ниша во бескрајните часови, вашето лице е завиткано за да се заштити од сувиот ветер, вашите сетила се сонливи, додека високо над вас во попладневната топлина кружи птицата грабливка…

– 2 –

ПОПЛАДНЕТО полека се оддалечува со своите песочни дини, со својата тишина и осаменост.

Наречиси осаменоста ја прекинува група бедуини кои го сечат нашиот пат – четворица или петмина мажи и две жени – јавајќи на камили, од кои едната е натоварена со црн шатор, со садови за готвење и со друга опрема за номадски живот, а над сето тоа и неколку деца. Како што ни се приближуваат, тие ги зауздуваат своите животни:

„Мир со вас!“

И ние одговараме „Нека е и со вас мир и милоста Божја.“

„Каде сте тргнале, о патници?“

„За Тајма, ако даде Бог.“

„А од каде доаѓате?“

„Од Каср Атајмин, браќа“, одговорив јас; потоа настапува тишина. Едниот од нив, сув, постар човек со остри црти на лицето и со црна остра брада, очигледно е водачот; неговиот поглед е исто така црн и остар додека преминува преку Зејд и сомнително запира врз мене, странец со светла боја на лицето кој така неочекувано се појави од никаде во оваа беспатна пустелија; странец кој вели дека доаѓа од правецот на Ирак, кого го држат Британците, би можел мошне лесно (речиси можам да ги прочитам мислите од острото лице) да биде некој неверник кој недозволено влегува во земјата на Арапите. Раката на старецот си игра, небаре збунето, со рачката на своето седло додека неговите луѓе, сега растурено групирани околу нас, очигледно го чекаат него да проговори. По неколку мига, тој небаре не е во состојба да ја поднесе тишината, ме прашува:

„Од кои Арапи си ти?“ – мислејќи на кое племе или подрачје му припаѓам. Но, дури и пред да сум во состојба да одговорам, со насмевка следува и препознавањето:

„Ах, сега те знам! Сум те видел со Абд ел-Азиз! Но тоа беше одамна – пред четири долги години...“

И тој пријателски ја подава раката кон мене и се сеќава на времето кога јас живеев во кралскиот замок во Ријад, а тој дојде таму во свитата на главатарот на Шамарите, дојден да ја изрази почитта на своето племе кон Ибн Сауд, кого бедуините секогаш го викаат со неговото име Абд ел-Азиз, без каква и да е формална, почесна титула: бидејќи, во своето слободно човечко однесување, тие во кралот гледаат само човек кој, без сомнение, треба да биде почестен, но не повеќе од она што го заслужува еден човек. И така некое време се присетуваше, зборувајќи за ова или за она, разменувајќи анегдоти за Ријад, во кој и околу кој, дури до илјада гости дневно живеат од кралската дарежливост,

примајќи пред заминувањето подароци во согласност со статусот на секој човек – од грст сребреници или *абаја*[3] до тешки ќесиња со златници, коњи или камили кои често им ги дели на главатарите.

Но дарежливоста на Кралот не е толку прашање на ќесето колку што е прашање на срцето. Можеби повеќе од што и да е друго, неговата топлина на чувствата е она што ги тера луѓето околу него да го сакаат, не исклучувајќи се тука ни себеси.

За време на сите години што сум ги поминал во Арабија, пријателството на Ибн Сауд лебдеше над мојот живот како топло треперење.

Тој ме нарече негов пријател иако тој беше крал, а јас само новинар. И јас него го нарекувам пријател – не само затоа што во текот на годините кои сум ги живеел во неговото кралство ми покажал многу пријателство, бидејќи тој тоа им го покажува на многу луѓе: јас го нарекувам мој пријател затоа што во случајот на потреба ми ги открива своите најискрени мисли, како што на толку многу мили им го отвора своето ќесе. Сакам да го наречам мој пријател бидејќи, и покрај сите свои грешки, а тие не се малубројни, тој е извонредно добар човек. Не едноставно со „добро срце“, бидејќи добротата на срцето некогаш може да биде евтина работа, како што со восхит би кажале за една стара дамаскинска сабја дека е „добро“ оружје затоа што има својства што можете да ги очекувате од оружјето од таков вид: на овој начин јас навистина го сметам Ибн Сауд за добар човек. Тој е заокружен во себе и секогаш го следи својот сопствен пат, па дури и ако често греши во

[3] Абаја – широка, волнена наметка која Арапите ја носат преку сета друга облека.

своите акции, тоа е затоа што тој никогаш не се обидува да биде што и да е друго од она што е.

*
* *

ПРВПАТ се сретнав со кралот Абд ел-Азиз ибн Сауд во Мека на почетокот од 1927 година, неколку месеци по моето преминување во исламот.

Неодамнешната ненадејна смрт на мојата сопруга, која ме придружуваше на овој мој прв аџилак во Мека, ме направи горчлив и недружељубив. Очајнички настојував да се извлечам од мракот и крајната тага. Најголемиот дел од времето го поминував во својата соба; одржував контакт само со неколу луѓе и со недели ја одбегнував дури и вообичаената посета на кралот од учтивост. И тогаш, еден ден, додека бев во посета кај еден од странските гости на Ибн Сауд – се сеќавам, тоа беше аџи Агос Салим од Индонезија – бев известен дека по наредба на кралот моето име било внесено во листата на неговите гости! Изгледа дека бил известен за причината на мојата воздржаност и дека тоа го прифатил со немо разбирање. И така, како гостин кој сè уште воопшто не го видел лицето на домаќинот, јас тргнав кон прекрасната куќа на јужниот дел од Мека, близу камената клисура низ која минува патот за Јемен. Од терасата можев да видам голем дел од градот, минаријата на Големата џамија, илјадниците бели куполи на куќите со покривни баластруди со обоени тули и мртвите пустински ритчиња над кои блескотат небеските сводови како течен метал.

Сепак, уште можев да го продолжам одложувањето на својата посета на кралот ако случајно не го сретнав

емирот[4] Фејсал, неговиот втор син, во библиотеката под аркадите на Големата џамија. Беше пријатно да се седи во таа долга, тесна соба опкружена со стари арапски, персиски и турски книги; нејзината тишина и темнина ме исполнуваа со мир. Меѓутоа, еден ден вообичаената тишина беше прекината од вревливото влегување на група луѓе предводена од вооружена телесна стража: тоа беше емирот Фејсал, со својата придружба кој поминуваше низ библиотеката кон Ќаба. Беше висок и строен со достоинство кое далеку ги надминуваше неговите дваесет и две години и неговото голобрадо лице. И покрај младоста, му беше доверена важна позиција на вицекрал на Хиџаз, откако неговиот татко ја освоил земјата две години порано (неговиот постар брат, престолонаследникот Сауд, бил вицекрал на Нејд, додека самиот крал поминувал половина година во Мека, главниот град на Хиџаз, а другата половина во Ријад, главниот град на Нејд).

Библиотекарот, млад механски научник со кого одненадамна се спријателив, ме претстави на принцот. Тој се ракуваше со мене; а кога му се поклонив, тој лесно ја крена мојата глава со неговите прсти и на неговото лице огреа топла насмевка.

„Ние од Нејд мислиме дека човекот не смее да се поклонува пред човек, тој треба да се поклонува само пред Бога во намазот (молитвата).“

Изгледаше љубезно, замислено и по малку воздржано и срамежливо – впечаток кој се потврди во подоцнежните години од нашето познанство. Неговото благородничко однесување не беше наместено; тој изгледаше небаре тоа зрачи од него. Додека тој ден разговарав

[4] Емир – „оној што поседува авторитет“, т.е. гувернер, управувач, заповедник.

со него во библиотеката, ненадејно почувствував силна желба да се сретнам со таткото на овој младич.

„Кралот би бил задоволен да те види“, рече емирот Фејсал. „Зошто го избегнуваш?“

Следното утро секретарот на емирот дојде по мене со автомобил и ме одведе до палатата на кралот. Поминавме низ трговската улица Ел-Мала полека провлекувајќи се низ бучната турканица од камили, бедуини и гласни продавачи на сите видови бедуинска стока – седла за камили, *абаи*, килими, мевови за вода, мечови украсени со сребро, шатори и бакарни ѓезвиња – потоа низ поширок, помирен и поотворен пат додека конечно не стигнавме до големата куќа во која живееше кралот. Многу оседлани камили го исполнуваа отвореното простор пред неа и голем број вооружени робови и слуги се вртка околу влезните скали. Ме внесоа да чекам во една пространа соба со столбови, чијшто под беше покриен со евтини килими. Широките дивани, прекриени со сивожолта ткаенина, стоеја долж ѕидовите, а зелените лисја можеа да се видат низ прозорците: почетокот на градината која е одгледана со тешка мака на сувата почва на Мека. Се појави еден црн роб.

„Кралот те повикува.“

Влегов во соба слична на претходната, само што беше значително помала и посветла, од едната страна сосема отворена кон градината. Богатите персиски килими го покриваа подот; во големиот балконски прозорец свртен кон градината седеше кралот со вкрстени нозе над диванот, а до неговите нозе на подот секретарот пишуваше според диктатот. Кога влегов, кралот стана, ги подаде двете раце и рече:

„*Ехлен ве сехлен*“ – што значи „Сега стигнавте во своето семејство и нека ви биде лесна и рамна почвата под нозете“ – најстариот и најљубезен арапски израз за добредојде.

Само за миг бев во можност со чудење да ја забележам огромната височина на Ибн Сауд. Кога (тогаш свесен за обичајот на Нецд) лесно го бакнав врвот на неговиот нос и челото, јас морав да застанам на моите ножни прсти и покрај мојата височина од сто и осумдесет сантиметри, додека тој мораше да ја свитка удолу својата глава. Тогаш, со гест на оправдување кон секретарот, тој седна, повлекувајќи ме кон неговата страна на диванот.

„Само момент, писмото е речиси завршено.“

Додека тој мирно продолжи да диктира, го започна разговорот со мене, воопшто не мешајќи ги двете теми. По неколку формални реченици, му ја предадов писмената препорака. Тој ја прочита – што значи, работејќи три работи во исто време – а потоа, не прекинувајќи го диктирањето ниту своето распрашување за мојата состојба, нарача кафе.

До тој миг веќе имав можност повнимателно да го набљудувам. Беше толку пропорционално граден што неговите огромни димензии – мора да беше висок барем 2 метра – стануваа забележителни дури кога тој стоеше. Неговото лице, врамено во традиционалната црвенобела *куфија*[5] со злато проткаен *игал*[6] на врвот, беше силно мажествено. Носеше брада и мустаки кусо потстрижени според модата во Нецд; челото му беше високо,

[5] Куфија – покривка на главата кај мажите Арапи.

[6] Игал – венец во форма на јаже што ја обвиткува покривката на главата кај Арапите. Обично е направен од еднобојна црна волна, но некогаш е украсен со позлатена или посребрена жица.



Кралот Ибн Сауд

носот силен и орловски, полните усни понекогаш му изгледаа речиси женствени во својата сензуална нежност, но сепак не беа меки. Додека зборуваше, неговите црти на лицето оживуваа со необична подвижност, но во мирување неговото лице беше некако тажно, небаре е повлечено во некаква внатрешна осаменост; можеби неговите длабоко поставени очи имаа врска со тоа. Величествената убавина на неговото лице беше лесно нарушена од матниот израз на неговото лево око во кое се забележуваше бела дамка. Подоцна ја слушнав приказната за оваа повреда која мнозината од неинформираните им ја припишуваа на природните причинители. Меѓутоа, всушност, до тоа дошло под трагични околности.

Пред неколку години, едната од неговите жени, по поттик на соперничката династија на Ибн Рашид, имаше ставено отров во садот со мирис – мал мангал кој се користи при традиционалните собири во Нецд – со очигледна намера да го убие. Како и обично, мангалчето првин му е понудено на кралот, пред да почне да кружи меѓу гостите. При првото вдишување на мирисот Ибн Сауд веднаш почувствувал дека нешто не е в ред со мирисот и го треснал садот на подот. Неговата внимателност му го спасила животот, но сепак левото око му било оштетено и делумно ослепено. Но, наместо да ѝ се одмазди на неверната жена, како што сигурно би сториле многу други владетели да беа на негово место, тој ѝ простил – бидејќи бил уверен дека таа е жртва на неиздржливи влијанија од своето семејство кое било во роднински односи со династијата на Ибн Рашид. Тој едноставно се развел од неа и ја испратил кај нејзините во Хаил, богато дарувајќи ја со злато и со подароци.

*

* *

ПО ТАА ПРВА СРЕДБА, кралот порачуваше по мене речиси секој ден. Едно утро отидов со намера да го замолам, без многу надевање дека ќе ми одобри, за дозвола да патувам во внатрешноста на земјата, со оглед на тоа што Ибн Сауд, по правило, не им дозволуваше на туѓинците да го посетуваат Нејд. Сепак, токму кога сакав да го изнесам проблемот, кралот ненадејно фрли кус, остар поглед кон мене – поглед кој небаре продираше до моите неизговорени мисли – се насмеа и рече:

„Дали би сакал, Мухамеде, да појдеш со нас во Нејд и да останеш неколку месеци во Ријад?“

Бев вџашен а, очигледно, и другите присутни луѓе. Толку спонтана покана на еден странец беше речиси нечуена.

Тој продолжи: „Би сакал да патуваш со мене со автомобил следниот месец.“

Длабоко воздивнав и одговорив: „Бог нека ти го продолжи животот, водачу, но каква полза би имал јас од тоа? Каква полза од тоа да профучам за пет или шест дена од Мека до Ријад, а од земјата да ја видам само пустината, неколку песочни дини и, можеби, некаде на хоризонтот, луѓе како сенки... Ако немаш никакви забелешки, о Долговек, камилата подобро би ми се допаднала од сите твои автомобили.“

Ибн Сауд се насмеа: „Зарем имаш толкава желба на моите бедуини да им погледнеш во очите? Морам однапред да те предупредам: тие се заостанат народ, а мојот Нејд е пуста земја без шарм, и седлото на камилата ќе биде тврдо, а храната на патот еднолична – само ориз и

урми, а понекогаш месо. Но, нека ти биде. Ако срцето ти го сака тоа, ќе јаваш. Конечно, можеби и нема да зажалиш откако ќе го запознаеш мојот народ: тој е сиромашен, не знае ништо и не е ништо – но неговото срце е полно со добра вера."

Неколку недели подоцна, опремен од Кралот со камили, намирници, шатор и со водич, тргнав по заобиколниот пат за Ријад каде што стигнав по два месеца. Тоа беше моето прво патување низ внатрешноста на Арабија; прво од многуте: бидејќи неколкуте месеци за кои зборуваше кралот, се претворија во години – како лесно се претвораат во години! – поминати не само во Ријад туку речиси на секој дел во Арабија. А седлото повеќе не беше тврдо...

*

* *

„БОГ нека му го продолжи животот на Абд ел-Азиз", рече острото лице. „Тој ги сака бедуините, а бедуините го сакаат него."

А зошто да не го сакаат? – се прашував. Дарежливоста на кралот кон бедуините на Нецд стана трајна карактеристика на неговата администрација: можеби не баш достојна за восхит, затоа што редовните подароци во пари кои Ибн Сауд им ги дели на племенските главатари и на нивните следбеници сториле тие да станат толку зависни од неговата дарежливост што почнале да губат секаков поттик да ги подобрат своите животни услови со сопствен труд, постепено тонејќи во состојба на примачи на милостина, задоволни да останат незнајковци и мрзливци.



Кралот Фејсал

Во текот на целиот мој разговор со Острото лице, Зејд изгледаше нетрпелив. Додека зборува со едниот од луѓето, неговите очи често запираат на мене, небаре сака да ме потсети дека патот пред нас е долг и дека оживувањето на спомените и размислувањето не ги забрзуваат чекорите на камилите. Се разделуваме. Бедуините Шамари јаваат кон исток и наречиси исчезнуваат зад песочните дини. Од местото каде што стоевме можевме да слушнеме како еден од нив пее некоја еднолична номадска песна, каква што јавачот на камилата пее за да го поттикне животното и да ја разбие монотонијата на своето јавање; и додека Зејд и јас го продолжуваме нашиот пат кон запад, кон далечната Тајма, мелодијата постепено исчезнува и се враќа тишината.

– 3 –

„ПОГЛЕДНИ!“ Гласот на Зејд ја прекинува тишината. „Зајак!“

Го свртувам погледот кон перчето сиво крзно кое скокна од купиштето грмушки, додека Зејд се лизга од седлото и го зема дрвениот стап што е обесен на рачката на седлото. Тој скока по зајакот и замавнува со стапот над својата глава за да го фрли, но токму кога сакаше да го фрли, ногата му запнува за коренот на *хамдот*, тој паѓа ничкум на земјата – а зајакот изчезнува....

„Ни отиде добрата вечера!“, се смеам јас, додека тој се поткрева тажно гледајќи во својот стап. „Но не е важно, Зејде, тој зајак очигледно не ни бил пишан...“

„Не, не бил“, одговара тој, некако отсутно; дури тогаш гледам дека тој болно куца.

„Се повреди ли, Зејде?“

„Ах, не е тоа ништо. Само ја шинав ногата. Наречиси ќе биде подобро.“

Но не станува подобро. По еден час јавање гледам зрна пот на лицето на Зејд; а кога го погледнав неговото стапало, видов дека глуждот е опасно шинат и многу отечен.

„Бескорисно е да продолжиме вака, Зејде. Ајде да кампуваме овде; една ноќ одморање ќе те заздрави.“

*

* *

СЕ ЧИНИ дека Зејд цела ноќ е немирен поради болките. Тој се буди долго пред зората и неговото ненадејно движење ме буди и мене од немирниот сон.

„Гледам само една камила“, рече тој, а кога погледнавме наоколу, откривме дека едното животно – Зејдовото – навистина е исчезнато. Зејд сака да тргне со моето животно во потрага по него, но неговото повредено стапало одвај му дозволува и да стои, а да не се зборува за одење или за качување или симнување од камилата.

„Ти одморај се, Зејде, а јас ќе одам наместо тебе; нема да биде тешко да се вратам следејќи ги своите сопствени траги.“

Во самата зора јас одјавав следејќи ги трагите на загубената камила кои кривулкаат низ песочната долина и исчезнуваат зад дините.

Јавам околу еден час, а потоа уште еден, па трет, но трагите на загубеното животно продолжуваат и продолжуваат небаре тоа намерно талкало. Претпладнето веќе е изминато кога јас запрев накусо, слегов од камилата, изедов неколку урми и испив вода од малото мевче

закачено на седлото. Сонцето е високо но некако го загубило својот болскот. Темносивите облаци, невообичаени за ова време на годината, неподвижно стојат на небото; чудно густиот, тежок воздух ја обвиткува пустината и ги ублажува контурите на песочните дини повеќе од вообичаено.

Некое таинствено придвижување на врвот на високиот песочен рид пред мене го привлекува мојот поглед – дали е тоа некакво животно? Можеби загубената камила? Но кога ќе погледнам малку подобро, гледам дека тоа придвижување не е над ридот туку на врвот на самиот рид: врвот се придвижува, сосема полека, шумолејќи, напред – а потоа се чини небаре тече низ падината кон мене како врв на бран кој полека се крши. Темното црвенило се искачува кон небото зад ридот; под ова црвенило неговите контури ја губат својата острина и стануваат замаглени, небаре ненадејно е навлечено некакво перде; црвенкавиот самрак почнува брзо да се шири преку пустината. Облак од песок почнува да се виори кон моето лице и околу мене и одеднаш ветерот почнува да фучи од сите насоки, вдолж и вшир долината, со моќни удари. Движењето во форма на течење на првиот врв на ритчето преминува на сите песочни ритчиња на хоризонтот. За неколку минути небото се стемнува и добива силно темносива боја, а воздухот се исполнува со виорлив прав кој, како црвеникава магла, ги замрачува сонцето и денот. Ова, без сомнение, е песочна луња.

Мојата наведната камила, престрашена, сака да стане. Јас ја влечам надолу за уздите, борејќи се и самиот да се одржам исправено на ветерот кој веќе ја добил силата на бурата, и успевам да ги накривам нејзините предни нозе, за да ја направам постабилна, а потоа и задните. Тогаш и самиот се фрлам на земјата и ја навлекувам својата

абаја преку главата. Го притискам своето лице во пазувата на камилата, за да не ме задуши песокот што вее. Чувствувам како животното ја притиска својата муцка на моето рамо, без сомнение, од истата причина. Чувствувам како песокот се натрупува врз мене од страната каде што не сум заштитен од телото на камилата, и морам одвреме-навреме да се поместувам за да избегнам да бидам затрупан.

Јас не сум загрижен без причина, бидејќи ова не е првпат да ме фати песочна луња во пустината. Лежејќи така на почвата, цврсто завиткан во својата *абаја*, можам само да чекам луњата да стивне, слушајќи го брчењето на ветерот и веењето на мојата наметка – како удирање на откачено едро. Не, како знамињата на ветерот, како ударите на племенските бајраци кои на високите стапови ги носи бедуинската армија во маршот: токму како што се вееле и удирале пред речиси пет години над многуте бедуини-јавачи на Нецд – на илјадници, а јас меѓу нив – враќајќи се по аџилакот од Арафат во Мека. Тоа беше мојот втор аџилак. Бев престојувал една година во внатрешноста на Полуостровот и успеав да се вратам во Мека токму навреме за да учествувам во заедничкиот собир на аџиите на Денот на покајанието на Арафат, источно од Светиот град. На враќањето од Арафат се најдов насред множеството бедуини облечени во бело, јавајќи во напнат галоп преку правливата рамнина – море од луѓе облечени во бело на медно-жолтите, златно-кафеавите и црвено-кафеавите камили – во галоп илјадници камили кои како грмеж ја потресуваат земјата трчајќи напред во незадржливиот бран – а племенските бајраци се веат на ветерот, племенските извици со кои луѓето ги објавуваат своите разни племиња и војничките дела на своите предци избивајќи во бранови над секоја

група. Бидејќи, за луѓето од Нецд, луѓето од централните арапски висорамнини, војната и ацилакот излегуваат од истиот извор... Безбројните ации од другите земји – од Египет и од Индија, од Северна Африка и од Јава – ненавикнати на ваквото крајно одрекнување, се растурија во паника пред нашето приближување, бидејќи никој кој би му стоел на патот на овој бурен бран не би можел да преживее – токму како што ненадејната смрт би го снашла јавачот кој би паднал од седлото среде илјадници јавачи во галоп.

Колку и да изгледаше лудо тоа јавање, јас и самиот учествував во таа лудост и ѝ се препуштив на ситуацијата, на грмежот, налетот и татнежот со дива среќа во срцето – а ветерот што фучеше преку моето лице пееше: „Никогаш повеќе нема да бидеш туѓинец... никогаш повеќе, меѓу својот народ!“

Додека така лежам во песокот под *абајата* која клопоти, брчењето на песочната луња небаре повторува:

„Никогаш повеќе нема да бидеш туѓинец...“

Јас веќе не сум туѓинец; Арабија стана моја татковина. Моето западно минато е како далечен сон – не доволно нереален за да биде заборавен, ниту доволно реален за да биде дел од мојата реалност. Не дека сум му се предал на удобното уживање. Напротив, кога и да престојувам во градот неколку месеци – како, на пример, во Медина, каде што имам жена Арапка и мал син и библиотека полна со книги за раната исламска историја – станувам немирен и почнувам да копнеам по акција и движење, по сувиот, остар воздух на пустината, по мирисот на камилата и по седлото. Чудно, желбата по талкањето која ме направи толку немирен во текот на најголемиот дел од мојот живот (сега имам малку повеќе од триесет и две

години) и секогаш повторно ме привлекува кон сите видови опасности и ненадејни средби, не произлегува толку многу од жедта по авантури колку од копнежот да го најдам своето сопствено место на мир во светот – да стигнам до точката во која би можел некако да го поврзам сето она што може да ми се случи со она што го мислам, чувствувам и посакувам. И ако тоа правилно го сфаќам, токму овој копнеж по внатрешното откритие со години ме терал во светот сосема поинаков, како според сфаќањата така и според надворешните форми, од сè што изгледаше дека ми е определено со моето европско раѓање и воспитание...

*

* *

КОГА ЛУЊАТА конечно се смири, јас се истресов и се ослободив од песокот кој се беше натрупал околу мене. Мојата камила беше наполу затрупана, но тоа не е најлошото од она што морала да го доживее многупати. Самата луња, би се рекло на прв поглед, не ни направи никаква штета освен што ни ги наполни устата, ушите и ноздрите со песок и ја оттргна овчата кожа од седлото. Но, наречиси ја откривам својата заблуда.

Сите ритчиња околу мене ги смениле формите. Моите сопствени траги, како и оние на загубената камила, беа избришани. Јас стојам на девствена почва.

Сега не ми преостанува ништо друго освен да се вратам назад во логорот – или барем да се обидам да се вратам назад – со помош на Сонцето и со општото чувство за насока, што е речиси инстинкт кај оние што свикнале на патувањата низ пустината. Но, овие две помагала овде

не се сосема сигурни, бидејќи песочните дини не ви дозволуваат да одите по права линија и така да ја одржувате насоката што сте ја одбрале.

Луњата ме направи жеден но, не очекувајќи дека ќе бидам надвор од логорот повеќе од неколку часа, веќе одамна ја бев испил последната голтка од малиот мев за вода. Како и да е, логорот не може да биде далеку; иако мојата камила не е напоена од нашето последно запирање кај еден бунар пред два дена, таа е искусен ветеран и може да се потпрам врз неа да ме однесе назад. Ѝ ја свртев муцката кон насоката каде што мислев дека мора да биде логорот и тргнавме со енергични чекори.

Поминува првиот час, вториот, а потоа третиот, но ни трага од Зејд или од нашиот логор. Ниеден од портокаловите ридови не претставува позната појава; навистина би било тешко да се открие што и да е познато во нив дури и да немаше луња.

Доцна попладне стигнувам до некои гранитни карпи кои се подаваат од почвата, што е толку ретко среде овие песочни пустелии, и веднаш ги препознавам: ги поминавме, Зејд и јас, вчера попладне, не многу пред да го направиме кампот за преноќевање. Чувствувам големо олеснување, бидејќи, иако е очигледно дека сум далеку од местото каде што се надевав дека ќе го најдам Зејд – откако сум го промашил веројатно за неколку километри – се чини дека сега не би требало да ми биде тешко да го најдам едноставно одејќи во насока кон југозапад, како што сторивме вчера.

Се сеќавам дека меѓу карпите и нашиот ноќен логор имаше околу три часа, но сега кога веќе јавам повеќе од три часа, нема трага ни од логорот ни од Зејд. Повторно ли го промашив? Брзам напред, постојано во насока кон

југозапад, земајќи го внимателно предвид движењето на Сонцето; поминуваат уште два часа, но сè уште ги нема ни логорот ни Зејд. Кога се спушта ноќта, заклучувам дека би било бесмислено да продолжам понатаму, подобро е да се одморам и да ја почекам утринската светлина. Слегувам од камилата, ѝ ги накривувам нозете, и се обидувам да изедам неколку урми, но премногу сум жеден, ѝ ги давам на камилата и легнувам со главата потпрен врз нејзиното тело.

Паѓам во непостојан дремеж, ниту во целосен сон, ниту во целосна будност, туку во постојана нишка на сонливи состојби кои донесуваат замор, прекинати со жедта која постепено станува мачна. Некаде во тие длабочини, кои не сакаме да си ги откриеме самите себеси, се матка сивиот, грчовит мек страв: што ќе се случи со мене ако не го најдам патот до Зејд и до нашите мевови со вода? Бидејќи, колку што знам јас, нема ниту вода ниту некаква населба за повеќе дена одење во која било насока.

В зори повторно тргнувам. За време на ноќта пресметав дека некаде сум отишол премногу кон југ и дека затоа логорот на Зејд треба да биде некаде кон север-североисток од местото каде што ја поминав ноќта. И така одиме кон север-североисток, жедни, уморни и гладни, постојано провлекувајќи се во брановидни линии од долина во долина, заобиколувајќи ги песочните дини час од лево, час од десно. Напладне се одмораме. Јазикот ми се лепи за непцето и го чувствувам како стара, испукана кожа; грлото ме боли, а очите се воспалени. Потпрен врз стомакот на камилата, со *абајата* навлечена преку главата, се обидувам да заспијам; но не можам. Попладнето повторно сме во движење, овој пат во насока повеќе кон исток – бидејќи сега знам дека одевме многу далеку кон запад – но сè уште ги нема ниту Зејд ниту логорот.

Доаѓа уште една ноќ. Жедта прерасна во мачење, а желбата по вода единствена, незадржлива мисла во мозокот кој веќе не може да одржува ред во мислите. Но, штом зората го осветли небото, јас јавам понатаму, целото утро, пладнето и попладнето на уште еден ден. Песочни дини и горештина. Дина по дина, без крај. Или можеби ова е крајот – крајот на сите мои патишта, на сите мои копнежи и откритија? На моето доаѓање кај народот меѓу кој повеќе не би бил туѓинец...? „Боже“, се молам, „не дозволувај вака да страдам...“

Напопладне се искачувам на високо ритче, со надеж да добијам подобар преглед на околината. Ненадејно забележувам темна точка далеку на исток и можам да извикам од радост, но премногу сум слаб за тоа: тоа мора да е Зејдовиот логор и мевовите со вода, два големи мева полни со вода! Колената ми се тресат додека повторно се качувам на камилата, полека, внимателно, се движиме во насока кон таа црна точка која сигурно може да биде само Зејдовиот логор. Овојпат, со крајна внимателност, настојувам да не го промашам, јавам во права линија, нагоре по песочните ритчиња, низ песочните долини, на тој начин удвојувајќи го и утројувајќи го нашиот напор, но поттикнат со надежта дека набргу, најмногу во текот на два часа, ќе ја достигнам својата цел. Конечно, откако го преминавме врвот на последната песочна дина, јасно ја гледам целта; ја држам камилата за уздата и гледам долу на нешто мрачно, оддалечено помалку од еден километар, а моето срце замрува небаре ќе престане да чука. Она што го гледам пред себе е темната гранитна карпа што избива од почвата, покрај која поминавме пред три дена со Зејд и јас, повторно пред два дена сам...

Два дена сум одел во круг.

– 4 –

КОГА СЕ СИМНАВ од седлото, бев сосема исцрпен. Не се обидувам дури ни да ѝ ги накривам нозете на камилата, но животното е премногу изморено за да мисли за бегање. Плачам, ама од сувите и отечени очи не течат солзи.

Колку време помина откако плачам... Но, во тој случај, зарем не е сè веќе одамна минато? Сè е минато и нема сегашност. Постои само жед. И мачење.

Веќе три дена сум без вода, а пет дена откако мојата камила последен пат е напоена. Би можело веројатно вака да потрае уште еден ден, можеби два, но јас не можам, го знам тоа, да издржам толку долго. Можеби ќе полудам пред да умрам бидејќи болката во моето тело е испреплетена со стравот во моите мисли, а едното го зајакнува другото, попуштајќи, шепотејќи, раскинувајќи...

Сакам да се одморам, но во исто време знам дека, ако сега се одморам, никогаш повеќе нема да бидам во состојба да станам. Одвај се качувам на седлото и со удари ја терам камилата да се крене. За малку ќе паднев од седлото кога животното се занесе нанапред додека се крева на своите задни нозе и, повторно, кога се занесува наназад исправувајќи ги предните нозе. Почнуваме да се движиме, полека, мачно, кон запад. Кон запад, каква иронија! Што значи „кон запад“ на ова измамливо, брановидно море од песочни ритчиња? Но јас сакам да живеам. И така одам понатаму.

Со тешка мака, со остатокот од силите, се влечеме низ ноќта. Мора да било утро кога сум паднал од седлото. Не сум паднал на тврдо, бидејќи песокот е мек и ме прифаќа. Камилата стои мирно некое време, потоа со воздишка се

спушта на колената, потоа на задните нозе и легнува свиткана покрај мене, со вратот спружен на песокот.

Лежам на песокот во тесната сенка од телото на камилата, завиткан во својата *абаја* против жештината надвор од мене и болката, жедта и ужасот во мене. Не можам повеќе да мислам. Не можам ни очите да ги затворам. Секое движење на очните капаци е како вжештен метал врз очните јаболка. Жед и жештина; жед и тишина која се крши: сувопарна тишина која ве обвиткува во својата наметка на осаменост и очај и доведува до тоа шумот на крвта во ушите и повремените воздишки на камилата да траат, заканувачки, небаре тоа се последните звуци на земјата, а вие двајцата, човекот и животното, последните живи суштества, осудени суштества, на земјата.

Високо над нас, во треперливата жештина, полека кружи мршојад, воопшто не запирајќи, точка на суровото бледо небо, слободен и над сите хоризонти...

Грлото ми е отечено, згрчено, а секоја воздишка придвижува илјада болни игли во коренот на јазикот – тој голем, голем јазик кој не би требало да се движи, но не може, а да не се движи во болката, назад, напред, како турпија низ сувата шуплина на мојата уста. Сета внатрешност ми е жешка и згрчена во непрекинливата прегратка на агонијата. За миг челичното небо станува црно пред моите широко отворени очи.

Мојата рака се движи, небаре сама од себе, и го допира цврстиот кундак на карабинот обесен на седлото. Раката мирува додека со ненадејна јасност на мислите гледам пет добри куршуми во шаржерот и брзиот крај кој би можел да го донесе притискањето на чкрапецот... Нешто во мене шепоти: Брзо, земи го карабинот пред да станеш немоќен да се движиш!

Потоа чувствувам дека усните ми се движат и формираат безгласни зборови кои доаѓаат од некое темно сокровиште на мојот ум: „Ние ќе ве искушуваме... Ние ќе ве искушуваме, сигурно...“ И замаглените зборови полека добиваат форма – ајет од Куранот: **„Ние[7] ќе ве искушуваме, сигурно, со неколку работи: и со страв, и со глад, и со губење на имотот и на летнините... но, зарадувај ги трпеливите! Оние кои ќе ги снајде некаква несреќа, велат: ‚Ние сме, навистина, Аллахови[8] и Нему ќе му се вратиме!‘“**[9]

Сè е жешко и темно; од свежата темнина го чувствувам студеникавото дувкање на ветерот и го слушам како тивко шушка – ветерот шушка, како во дрвјата – над водата – а водата е малиот тивок поток меѓу ридовите обраснати со трева, близу домот од моето детство. Лежам на ридот, момче од девет или десет години, грицкам страк трева загледан во белата крава што пасе недалеку од мене, со големите сонливи очи и со невиност во задоволството. Во далечината некои селанки работат на полето. Едната од нив носи црвена шамија на главата и сино здолниште со широки црвени риги. Врбите растат на ридот на потокот, а преку неговата површина се лизга бела патека правејќи ја блескава во своето будење. Слабиот ветер шушка преку моето лице како бревтање на животно; ах, да, тоа е навистина бревтање на животно, големата бела крава со кафеави дамки дошла сосема близу до мене и сега ме поттурнува, бревтајќи, со својата

[7] Ние – се однесува на Бог. „Ние“ е вообичаена особеност на арапскиот говор, користен за истакнување на важноста на говорникот. (Заб. на прев.)

[8] Аллах – Единствен Бог. (Заб. на прев.)

[9] Куран, 2:156. (Заб. на прев.)

муцка и јас го чувствувам движењето на нејзините нозе покрај себе…

Ги отворам очите и го слушам бревтањето на мојата камила и го чувствувам движењето на нејзините нозе покрај себе. Таа веќе наполу се кренала на своите задни нозе, со испружен врат и со кренатa глава, со раширени ноздри небаре го душка ненадејниот, добродојдениот мирис во пладневниот воздух. Додека таа бревта, чувствувам како поминува бран на возбуда низ нејзиниот долг врат кон рамениците и кон големото, наполу кренато тело. Сум видел камили како душкаат и бревтаат вака кога ќе почувствуваат вода по долгите денови на пустинско патување, но овде нема вода... Или, можеби има? Ја кревам главата и ја следам со очите насоката кон која камилата ја свртела својата глава. Тоа е најблиското песочно ритче, низок врв кон челичното бледило на небото, без какво и да е движење или звук. Но, *има* некаков звук! Слаб звук како треперење на некоја стара харфа, мошне нежен и слаб висок глас: висок, слаб глас на бедуин кој пее во одењето, во ритмот на клатењето на камилата, токму зад врвот на песочниот рид, релативно близу. Станувам свесен за тоа во дел од еден миг: Таму има луѓе, но јас не можав да допрам до нив. Премногу сум слаб дури и да станам. Се обидувам да викам, но од моето грло излегува само рапаво гровкање. Потоа мојата рака, небаре сама од себе, посегнува по тврдиот кундак од карабинот на седлото... во мислите ги гледам петте добри куршуми во шаржерот...

Со краен напор успевам да го откачам оружјето од рачката на седлото. Натегнувањето на чкрапецот е како кревање на планина, но конечно успевам. Го поставувам карабинот на кундакот и пукам вертикално во воздухот.

Куршумот квичи низ воздухот, со тажно слаб звук. Повторно го натегнувам чкрапецот и пукам, а потоа наслушнувам. Пеењето слично на харфа престана. За миг ништо освен тишина. Ненадејно на врвот на ритчето се појавува глава на човек, а потоа неговите раменици, потоа уште еден човек покрај него. Тие некое време гледаат надолу, потоа се свртуваат назад и им викаат нешто на некои, невидливи, придружници. Оној првиот се искачува на врвот од ритчето, а потоа наполу трча, а наполу се лизга низ падината кон мене.

Околу мене настанува метеж: двајца, тројца мажи – каква маса луѓе по таа осаменост! Се обидуваат да ме кренат, нивните движења се неразбирлива збрка од раце и нозе... Чувствувам дека нешто огнено-ледено, како оган и мраз, ги пржи моите усни и го гледам брадестото лице на бедуинот наведнат над мене, а неговата рака ја притиска нечистата наводенета крпа на мојата уста. Неговата друга рака го држи отворен мевот со вода. Правам инстинктивно движење кон него, но бедуинот нежно ја одбива мојата рака, ја натопува крпата во водата и повторно цеди неколку капки на моите усни. Цврсто ги стискам забите за да ја спречам водата да не ми го испржи грлото, но бедуинот сосила ги разделува моите заби и повторно капнува малку вода во мојата уста. Тоа не е вода, тоа е растопено олово. Зошто ми го прават тоа? Сакам да избегам од ова страдање, но тие ме придржуваат, ѓаволи... Кожата ми гори. Целото мое тело е во пламен. Сакаат ли да ме убијат? Ах, кога само би имал сила да допрам до мојата пушка и да се бранам! Но тие не ми дозволуваат ни да се кренам; и понатаму ме држат на почвата и ја држат мојата уста отворена и капнуваат вода во неа, а јас морам да ја проголтам. И, навистина чудно:

повеќе не ме пече толку жестоко како пред малку, а наводенетата крпа на мојата глава ми годи, и кога полеваат вода врз моето тело, допирот на наводенетата облека ми донесува треперење на наслада...

Потоа сè станува темно и јас паѓам, паѓам удолу во длабок бунар; брзината на моето паѓање предизвикува притисок на воздухот во моите уши, притисокот се претвора во бучава, бучна темнина, црна, мрачна...

– 5 –

ЦРНА, МРАЧНА, мека темнина без звук, добар и пријателски мрак, кој ве обвиткува како топла прекривка и во вас предизвикува желба да останете така засекогаш, толку прекрасно заморени, сонливи и мрзливи. Навистина, нема потреба да ги отворите очите или да ја поместите раката, но вие навистина ја поместувате раката и ги отворате очите, само да ја видите темнината над вас, волнениот мрак на бедуинскиот шатор направен од црно козјо влакно, со тесен отвор пред себе кој ви покажува делче од ѕвездената ноќно небо и меките контури на песочната дина која болскоти под ѕвездениот сјај... Потоа отворот на шаторот се замрачува, фигура од некој човек стои во него, контурите на неговата наметка што се вее остро се оцртуваат на небото и го слушам гласот на Зејд како извикува: „Се разбуди, се разбуди!“ Неговото сериозно лице приоѓа сосема блиску до моето, а неговата рака ми го стегнува рамото. Еден друг човек влегува во шаторот, не можам јасно да го видам, но штом прозборе со лесниот, свечен глас, знам дека е шамарски бедуин.

Повторно ја чувствувам жешката, огнена жед и цврсто ја зграпчувам стомната со млеко која ми ја подава

Зејд. Но, повеќе не чувствувам никаква болка голтајќи го, додека Зејд зборува дека оваа групичка бедуини со својот логор се нашла близу него кога наишла песочната луња и дека, кога заталканата камила за време на ноќта самата мирно се вратила, сите станале загрижени и тргнале да ме бараат. И дека, по речиси три дена, кога веќе изгубиле надеж, го слушнале истрелот од мојата пушка зад песочниот рид...

Сега кренале шатор над мене и овде треба да лежам ноќва и утре. Нашите пријатели бедуини воопшто не се брзаат; нивните мевови се полни со вода, дури биле во можност на мојата камила да ѝ дадат три полни ведра вода, бидејќи знаат дека еден ден патување кон југ ќе нè доведе до оазата која има бунар. Во меѓувреме камилите ќе имаат доволно храна во грмушките хамд кои растат секаде наоколу.

По некое време, Зејд ми помага да излезам од шаторот, ја простира покривката на песокот, а јас легнувам под ѕвездите.

*

* *

НЕКОЛКУ ЧАСОВИ ПОДОЦНИ се будам од врева-та на Зејдовите ѓезвиња; мирисот на свежото кафе е како прегратка на жена!

„Зејде!“ го повикувам, а пријатно сум изненаден дека мојот глас, иако сè уште уморен, ја изгубил својата рапавост. „Ќе ми дадеш ли малку кафе?“

„Богами, ќе ти дадам, вујко!“ одговара Зејд, според стариот арапски обичај, обраќајќи му се така на човек кон кого сака да покаже почит, без разлика дали е тој помлад

или постар од него (случајно сум помлад од Зејд неколку години). „Ќе добиеш колку што ќе ти посака срцето!“

Го пијам кафето и се смешкам поради среќниот израз на лицето на Зејд. „Зошто ние, брате, се изложуваме себеси на вакви работи, наместо да останеме во своите домови како разумни луѓе?“

„Затоа што“ ми се смешка Зејд „не е за такви какви што сме ти и јас да чекаме дома додека ни се здрват рацете и нозете и нѐ наваса староста. Освен тоа, зарем луѓето не умираат исто така и во своите куќи? Зарем човекот не ја носи секогаш својата судбина на својот врат, каде и да се наоѓа?“

Зборот што Зејд го употребува за „судбина“ е *кисма* – „она што е доделено“ – на Запад подобро познат во својата турска форма *кисмет*. Додека ја сркам втората чаша кафе, ми паѓа на ум дека овој арапски израз има и друго, подлабоко значење: „она во што имаме удел“.

Она во што имаме удел...

Овие зборови небаре удираат на нејасни жици кои му бегаат на моето сеќавање... постоеше насмевка која ги придружуваше... чија насмевка? Насмевката зад облакот од чад, лутиот чад, како чад од хашиш. Да, тоа беше чад од хашиш, а насмевката му припаѓаше на еден од најчудните луѓе кои кога било сум ги сретнал – а го сретнав по едно од моите најчудни доживувања во животот. Додека се обидував да ја избегнам опасноста, која изгледаше – само изгледаше – непосредна во својата закана, бегав, не знаејќи, во друга опасност, многу пореална, многу понепосредна од онаа која се обидував да ја избегнам, а и двете опасности, и реалната и нереалната, ми помогнаа да избегнам една трета...

Сето тоа се случи пред околу осум години, кога патував на коњ, придружуван од својот слуга Татарот Ибрахим од Шираз, во Кирман во Јужен Иран – пуст, слабо населен и беспатен крај покрај Езерото Нирис. Тогаш, зиме, тоа беше мочуришна, каллива степа без села во близината, ограничена на југ со Кух-и-Гухснеган, „Планините на гладот", а кон север сè се губеше во мочуриштата кои го опкружуваат езерото. Попладнето, додека обиколувавме еден осамен рид, езерото ненадејно се покажа. Неподвижната зелена површина без ветер или звук или живот, бидејќи водата беше толку солена *што* никакви риби не би можеле да живеат во неа. Освен неколкуте осакатени стебла и пустински џбунови, солената почва на неговиот рид не дозволувала никаква вегетација. Почвата беше лесно покриена со каллив снег, а над неа, на оддалеченост од околу двесте метри од ридот, водеше слабо означена патека.

Падна ноќта, а каравансарајот Кхан-и-Кхет – нашата цел за таа ноќ – не се гледаше никаде. Меѓутоа, ние требаше да дојдеме до него по секоја цена; вдолж и вшир немаше никакво друго прибежиште, а близината на мочуриштата го правеше секое напредување во мракот крајно опасно. Всушност, тоа утро нè предупредија да не одиме сами, бидејќи само еден погрешен чекор може лесно да значи ненадејна смрт. Освен тоа, нашите коњи беа многу заморени по долгиот дневен марш преку калливата почва и требаше да се одморат и да се нахранат.

Со доаѓањето на ноќта почна силен дожд. Јававме, наводенети, нерасположени и тивки, потпирајќи се повеќе на инстинктот на коњите, отколку на нашите бескорисни очи. Поминаа часови, а ни трага од каравансарајот. Можеби во мракот сме го поминале, па сега ќе мораме ноќта да ја поминеме надвор, под поројниот дожд кој постојано

се засилуваше... Копитата на нашите коњи газеа по водата, нашата натопена облека висеше тешко на нашите тела. Темна и непросирна, околу нас рееше ноќта под превезите што ги правеа шурките вода; бевме премрзнати до коска, но сознанието дека мочуриштето е толку близу внесуваше уште повеќе студ. Ако коњите само еднаш ја промашат цврстата почва – „тогаш Бог нека ви се смилува“, нѐ предупредија тоа утро.

Јавав напред, а Ибрахим ме следеше, оддалечен, можеби, десет чекори. Сѐ почесто се јавуваше застрашувачката мисла: да не сме го оставиле Кхан-и-Кхет некаде зад нас во темнината? Колку лоша среќа би било да се помине ноќта под студениот дожд, а кога би продолжиле – што со мочуриштето?

Ненадејно почувствував мек, писклив глас под копитата на својот коњ; почувствував како животното се лизга во калта, потонува, очајнички ја повлекува едната нога, повторно се лизга – и во мојот ум блесна мислата: мочуриштето! Силно ги повлеков уздите и со мамузите ги притиснав страните на коњот. Тој високо ја зафрли главата и почна да поигрува бесно. Студената пот сосема ме облеа. Ноќта беше толку темна што не можев да ги распознаам сопствените раце, но во грчовитото превивање на телото на коњот ја почувствував неговата очајничка борба против прегратката на мочуриштето. Речиси не мислејќи, го грабнав камшикот кој, обично неупотребуван, висеше на мојот рачен зглоб и го шибнав коњот по задникот со сета сила, со надеж така да го поттикнам на краен напор, бидејќи ако сега запре, ќе биде вшмукан, а и јас со него, сѐ подлабоко и подлабоко во калта... Ненавикнато на толку грубо камшикување, кутрото животно – Кашгаји пастув со исклучителна брзина и сила – се крева на задните нозе,

повторно ја удира почвата со сите четири нозе, и во грчовитиот напор против калта скокнува, се лизнува, повторно се крева напред и повторно се лизнува – а неговите копита цело време очајнички удираат по меката, влажна земја...

Некаков таинствен предмет со свиреж профучи над мојата глава... Ја кренав раката и добив силен и несфатлив удар... Од што? Времето и мислата се испретурија еден преку друг и станаа нејасни... Низ поројниот дожд и бревтањето на коњот можев да го слушнам, во секунди кои беа како часови, немилосрдниот звук на вшмукување на мочуриштето... Крајот мора да е блиску. Ги олабавив своите стапала од узенгиите, подготвен да скокнам од седлото и самиот да ја опитам својата среќа – можеби би можел да се спасам ако легнам рамно на почвата, кога, ненадејно, неверојатно, коњските копита повторно удрија по тврдата почва, еднаш два пати... и, со воздишка на олеснување, ги повлеков уздите и го смирив растрепереното животно. Бевме спасени...

Дури сега се сетив на својот придружник и, сиот во страв, викнав: „Ибрахиме“ Никаков одговор. Срцето ми смрзнува.

„Ибрахиме...!“ Но околу мене беше само темната ноќ и поројниот дожд. Дали бил во состојба да се спаси себеси? Со зарипнат глас повторно викнав: „Ибрахиме!“

Тогаш, речиси неверојатно, се слушна слаб звук од голема далечина: „Овде... овде сум!“

Сега му беше ред на мојот разум да се смири: Како сме се оддалечиле толку?

„Ибрахиме!“

„Овде... овде!“

И следејќи го гласот, водејќи го својот коњ за уздите и испитувајќи секоја педа од почвата со своите стапала, одев полека, мошне внимателно кон оддалечениот глас; таму беше Ибрахим, мирно седеше на своето седло.

„Што ти се случи, Ибрахиме? И ти ли заталка во мочуриштето?“

„Во мочуриштето...? Не – јас едноставно стоев мирно кога вие ненадејно, не знам зошто, одгалопиравте.“

Одгалопирав... Загатката беше решена. Борбата со мочуриштето беше дел од мојата фантазија. Мојот коњ мора едноставно да нагазил на калливиот дел од патот, а јас, мислејќи дека сме влегле во мочуриштето, сум го шибнал и сум го натерал во бесен галоп и, измамен од мракот, неговото движење напред погрешно сум го сфатил како очајничка борба со мочуриштето и слепо трчав низ ноќта, несвесен дека има многу глуждовити дрвја распрскани по рамнината... Овие дрвја, а не мочуриштето, беа непосредната, вистинска опасност: малата гранка која ја удри мојата рака можеше исто така да биде и поголема гранка, која можеше да ми го скрши черепот и така моето патување да го донесе до решителен крај, во некој неозначен гроб во Јужен Иран...

Бев бесен самиот на себе, двојно бесен, бидејќи сега бевме изгубиле секаква ориентација и веќе не можевме да ѝ влеземе во трага на патеката. Сега веќе никогаш нема да го најдеме каравансарајот...

Но, повторно немав право.

Ибрахим се симна од коњот за да го разгледа теренот и можеби на тој начин да ја пронајде патеката, и додека тој така лазеше на сите четири, неговата глава ненадејно удри во ѕид – темниот ѕид на каравансарајот Кхан-и-Кхет!

Да не беше моето замислено препнување во мочуриштето, ние ќе продолжевме, ќе го промашевме каравансарајот и навистина ќе се загубевме во мочуриштето кое започнува, како што наречиси дознавме, одвај двесте метри пред нас...

Каравансарајот беше еден од многуте пропаднати остатоци од епохата на шахот Абас Великиот – моќни sидни блокови со подрумски ходници, со расклатени порти и со урнати огништа. Овде-онде можевте да забележите траги од стари резби на гредите над вратите и испукани порцелански плочки; неколкуте вселиви соби беа запуштени, со стара слама и со коњски лепешки по подот. Кога Ибрахим и јас влеговме во главниот трем, го сретнавме надзорникот на каравансарајот како седи покрај отвореniот оган на голиот под. Покрај него беше еден босоног ситен човек обвиткан во парталава наметка. Кога ние се појавивме, и двајцата скокнаа на нозе, а малиот непознат свечено се поклони со живо, речиси театрално движење, со десната рака над срцето. Неговата наметка беше покриена со безбројни повеќебојни латици; беше извалкан, сосема неуреден, но неговите очи блескаа, а лицето му беше ведро.

Надзорникот излезе од собата за да се погрижи за нашите коњи. Ја слеков мојата натопена наметка, додека Ибрахим веднаш се зафати околу подготвувањето чај на отворен оган. Со љубезност на голем господин кој не губи ништо од своето достоинство ако е љубезен кон пониските од себе чудното мало човече љубезно ја прифати чашата чај што му ја понуди Ибрахим.

Без каква било непристојна љубопитност, тој се сврте кон мене, небаре започнува разговор во салон: „Вие сте Англичанец, *џанаби-али*?“

„Не, јас сум Австриец, *Намсави.*“

„Дали би било непристојно ако ве прашам дали работата ве донесува во овие краишта?“

„Јас сум писател во весник“, одговорив јас. „Патувам низ вашата земја за да им ја опишам на нашите луѓе. Тие сакаат да дознаат како живеат и што мислат другите.“

Тој потврди со главата со насмевка на одобрување на лицето и потона во тишината. По некое време извлече мало глинено *наргиле*[10] и бамбусов стап од наборите на својата наметка, го прицврсти стапот на глинениот сад, потоа меѓу своите дланки протри нешто што е слично на тутун и го стави тоа внимателно, небаре е повредно од злато, во вдлабнатината на лулето, покривајќи го со живо масло. Со очигледен напор го повлече чадот низ бамбусовиот стап, жестоко кашлајќи и чистејќи го грлото. Водата во *наргилето* клокотеше, а остриот мирис почна да ја исполнува собата. Дури тогаш го препознав: тоа беше индиски хемп, хашиш, а потоа го сфатив и чудното однесување на овој човек; тој беше уживател на хашиш, наркоман. Неговите очи не беа засенчени како очите на пушачите на опиум; тие блескаа со некој вид на изделена, безлична сила, зјапајќи во далечината која е бескрајна, оддалечена од реалниот свет околу нив.

Гледав во тишината. Кога конечно го допуши своето луле, ме праша:

„Нема ли да пробате и вие?“

Одбив со благодарност; сум пробувал опиум еднаш или двапати (без какво било особено задоволство), но

[10] Наргиле – цевка за пушење тутун, во која чадот се филтрира низ вода; во некои земји е наречено „хука“.

ова со хашишот ми се чинеше премногу напорно и невкусно дури и за да пробам. Тој се смееше безгласно, неговите шашливи очи се лизгаа преку мене со пријателска ирониј а:

„Знам што мислите, почитуван пријателе. Вие мислите дека хашишот е ѓаволска работа и се плашите од него. Бесмислица! Хашишот е божји дар. Мошне добар – особено за духот. Видете, *хазрет*,[11] дозволете да ви го објаснам тоа. Опиумот е лош – во тоа нема никакво сомнение – бидејќи тој во човекот буди копнежи по недостижни работи, во неговите соништа внесува лакомост како кај животните. Хашишот, меѓутоа, ја смирува секоја лакомост и нè прави рамнодушни кон сите работи од овој свет. Тоа е тоа: нè прави задоволни. Би можеле да ставите куп злато пред хашашијата – не само додека тој пуши, туку кога и да е – а тој не би го пружил по тоа дури ни својот мал прст. Опиумот ги прави луѓето слаби и страшливи, а хашишот го убива секој страв и прави човекот да биде храбар како лав. Ако побарате од хашашијата да се нурне во ледена река среде зима, тој едноставно би се нурнал во неа и би се смеел... Тој спознал дека да се биде без лакомост значи да се биде без страв – и дека, ако човекот го надминал стравот, тој исто така ја надминал и опасноста, знаејќи дека што и да му се случи, тоа е негов удел во сето она што се случува...“

Тој повторно се насмеа, тресејќи се со онаа куса, трепер лива, безгласна смеа која се наоѓа меѓу потсмевањето и добронамерноста; потоа престана да се смее и само се клештеше зад својот облак од чад, со своите блескави очи насочени кон неподвижната далечина.

[11] Хазрет – букв. „држење“; термин за обраќање, грубо еквивалентен на „Ваше Височество“.

*

* *

„МОЈ УДЕЛ во сето она што се случува...“ Размислувам додека лежам под пријателските арапски ѕвезди. „Јас – овој куп од месо и коски, чувства и перцепции – поставен сум во орбитата на Битието и се наоѓам во сето она што се случува... ‚Опасноста‘ е само илузија: никогаш не може да ме ‚надвладее‘, бидејќи сè што ми се случува е дел од сеопфатниот тек чијшто дел сум и самиот. Дали е, можеби, можно дека опасноста и сигурноста, смртта и радоста, судбината и остварувањето, се само различни форми на овој малечок, величествен куп што сум јас? Каква бескрајна слобода си му подарил на човекот, о Боже...“

Морам да ги затворам очите, болката на среќа при оваа помисла е толку остра, а крилјата на слободата тивко ме допираат оддалеку, во дувкањето на ветерот што минува преку моето лице.

– 6 –

СЕГА СЕ чувствувам доволно силен за да можам да седнам и Зејд ми донесува едно од нашите седла од камилите за да се потпрам врз него. „Смести се удобно, вујко. Моето срце се радува кога гледам дека си добро откако веќе те бев прежалил.“

„Ти ми беше добар пријател, Зејде. Што би правел јас без тебе овие години да не ми одговореше на повикот и да не дојдеше?“

„Никогаш не сум се каел за овие години со тебе, вујко. Сè уште се сеќавам на денот кога го добив твоето писмо, пред повеќе од пет години, со кое ме повика во Мека... Ми

беше мила помислата дека повторно ќе те видам, особено затоа што во меѓувреме си благословен со благословот на исламот. Токму тогаш се бев оженил со девојка од племето Мунтафик, девица, а нејзината љубов неизмерно ме задоволуваше. Тие ирачки девојки имаат тесна половина и цврсти гради како ова“ – и, смеејќи се на споменот, тој го притиска показалецот врз тврдата рачка на седлото врз кое сум потпрен. – „И тешко е да се оттргнеш од нивната прегратка... Тогаш си реков себеси: ‚Ќе одам, ама не баш сега, да почекам неколку седмици.‘ Но седмиците изминуваа, и месеците, и иако наречиси се разведов од таа жена – кучката му беше фрлила око на некој свој подалечен роднина – не можев да се решам да ја напуштам својата служба во ирачкиот доброволен корпус, своите пријатели и уживањата во Багдад и Басра, и постојано си велев себеси: ‚Не баш сега, малку подоцна.‘ Но, еден ден јавав од логорот каде што токму ја бев примил месечната плата и мислев да ја поминам ноќта кај еден пријател, кога ненадејно ти ми падна на ум и се сетив што ми рече во своето писмо за смртта на својата мила сопруга – Бог нека ѝ се смилува – па помислив на тоа колку мора да си осамен без неа и веднаш сфатив дека морам да дојдам кај тебе. Токму тука и во тој миг ја оттргнав ирачката sвезда од својот *игал* и ја фрлив; тогаш, без дури ни да одам дома и да ја приберам облеката, ја свртев својата камила кон Нуфуд, кон Нецд и тргнав, запирајќи само во првото село за да купам мев за вода и малку храна. Така јавав и јавав додека не те сретнав во Мека, четири седмици подоцна...“

„А се сеќаваш ли, Зејде, на нашето прво патување во внатрешноста на Арабија, кон југот до палмовите градини и до житните полиња на Вади Биша, а потоа до песочните пустелии на Ранија, во кои никогаш порано не стапнал ниеден неарап?“

„Како да не се сеќавам, вујко! Ти толку многу сакаше да ја видиш пустината Руб ел-Кхали,[12] каде што џиниите прават песоците да пеат под сонцето...“ А оние бедуини што живеат на нејзиниот срт, кои никогаш во својот живот не беа виделе стакло и мислеа дека твоите очила се направени од смрзната вода. Самите тие беа како *џини*, читајќи ги трагите на песокот како што другите читаат книга, а според небото и воздухот чувствувајќи го надоаѓањето на песочната луња со часови пред таа да се појави... А се сеќаваш ли, вујко, на оној водич кој го најмивме во Ранија – тој ѓавол од бедуин кого што сакаше да го убиеш кога сакаше да нè остави среде пустината? Колку само беше бесен поради апаратот со кој што ти фотографираше!“

И двајцата се смееме на тоа доживување кое е толку далеку зад нас. Но тогаш ни малку не ни беше до смеење. Бевме на шест до седум дена патување јужно од Ријад кога тој водич, фанатичен бедуин од *ихванската*[13] населба од Ер-Рајн, доби страшен напад на бес кога му кажав за што служи мојот фотоапарат. Сакаше во тој миг да нè остави тука затоа што таквото безбожно сликање ја загрозува неговата душа. Не ќе жалев баш многу ако се куртулевме од него да не бевме токму во подрачјето кое не го познававме ниту јас ниту Зејд, и каде што сигурно, препуштени на себеси, ќе бевме засекогаш загубени. Најпрвин се обидов да се разберам со нашиот „ѓавол од бедуин“, но без успех; тој остана цврст и ја сврте својата камила назад кон Ранија. Му објаснив дека би го чинело живот ако нè препушти на речиси сигурната смрт од жед. Кога и наспроти ова пре-

[12] Пространа, ненаселена песочна пустина која покрива околу една четвртина од Арапскиот Полуостров.

[13] Ихван – „брат, не по крвта“, овде се однесува на бедуините населени и организирани од кралот Ибн Сауд.

дупредување ја потера неговата камила, ја насочив пушката кон него и предупредив дека ќе пукам – со вистинска намера да го сторам тоа. Ова, изгледа, конечно ја надвладеа грижата за душата кај нашиот пријател. По мрморењето, се согласи да нè води до првата поголема населба, оддалечена околу три дена, каде што нашиот спор ќе можеме да го изнесеме пред кадијата[14] и тој да пресуди. Зејд и јас го разоружавме и наизменично го вардевме за да не му овозможиме да ни избега. Кадијата во Куваија, кому му се обративме по неколку дена, прво ја донесе пресудата во полза на нашиот водич, „бидејќи", рече тој „срамота е да се фотографираат живи суштества" (базирајќи го тоа на погрешното толкување на изрека на Пратеникот, бидејќи наспроти верувањето, толку распространето меѓу многу муслимани сè до денес, дека фотографирањето на живите суштества е забрането, исламскиот закон не содржи никаква строга забрана во таа смисла). На тоа му го покажав отвореното писмо на Кралот „до сите емири на земјата и секој што може да го чита ова". Лицето на кадијата стануваше сè покисело додека читаше: „Мухамед Асад е наш гостин и пријател и ни е мил, и секој што ќе покаже пријателство кон него го покажал и кон нас, а секој што ќе манифестира непријателство кон него ќе се смета дека го покажал кон нас..." Зборовите и печатот на Ибн Сауд имаа магичен ефект врз кадијата и тој конечно одлучи дека „под определени услови" фотографирањето може да биде дозволено. …Сепак, ние го отпуштивме нашиот водич и најмивме друг да нè води во Ријад.

„Се сеќаваш ли на оние денови во Ријад, вујко, кога бевме гости на кралот и кога ти беше несреќен кога ги

[14] Кадија – судија.

виде старите дворски штали полни со нови блескави автомобили? ...И на милостивоста на кралот кон тебе?“

„Се сеќаваш ли, Зејде, како тој нè испрати да ги испитаме причините за буната на бедуините и како патувавме многу ноќи и се прикрадовме во Кувајт и конечно ја најдовме вистината за сандаците со блескаво нови ријали[15] и пушки кои стигнуваа до бунтовниците од преку морето…?“

„И онаа другата мисија, вујко, кога Сеид Ахмед – Бог нека му го продолжи животот – те испрати во Циренаика – и како тајно го преминавме морето до Египет на кораб – и како стигнавме во Џебел Акдар, избегнувајќи ја претпазливоста на Италијаните, Божјото проклетство нека е врз нив, и им се придруживме на муџахедините[16] кои ги водеше Омер ел-Мухтар? Тоа беа возбудливи дни!“

Така продолжуваме едниот другиот да се потсеќаваме на многуте денови, безбројни денови кои ги поминавме заедно и нашето „дали се сеќаваш, се сеќаваш ли“ нè однесува длабоко во ноќта, додека логорскиот оган полека стивнува и одвај неколку дрва остануваат да горат, и лицето на Зејд постепено тоне во сенките и самото небаре станува далечен спомен за моите сонливи очи.

Во ѕвезденатa тишина на пустината, со нежниот, млак ветер кој го разбранува песокот, се испреплетуваат сликите на минатото и на сегашноста, повторно се одделуваат и едната другата се поканува во чудесните звуци на споменот, назад низ годините, назад до почетокот на моите арапски години, до мојот прв аџилак во Мека и во темнината што ги засени тие први денови: до смртта на

[15] Ријал – основна сребрена монета во неколку блискоисточни земји.
[16] Муџахедин – оној што се бори во џихад. Џихад го означува стремежот, напорот да се постигне Аллаховиот пат. (Заб. на прев.)

женатa која ја сакав како што оттогаш не сум сакал ниедна друга жена, а која сега лежи погребана во Мека, под едноставниот камен без натпис, кој го означува крајот и почетокот на новиот пат за мене: еден крај и еден почеток, повик и ехо, чудно испреплетени во каменатa долина на Мека...

*

* *

„ЗЕЈДЕ, ИМА ли уште малку кафе?“

„На твоја заповед, вујко“, одговара Зејд. Тој без брзање го крева високо ѓезвето во левата и две ситни чаши без држалки што sвекотат во неговата десна рака – едната за мене, а едната за него – налева малку кафе во првата чашка и ми ја подава. Под сенката на црвено-белата карирана *куфија* неговите очи ме гледаат со свечено внимание, небаре тоа е многу посериозно отколку само чашка кафе. Овие очи – длабоко всадени и со долги трепки, сериозни и тажни во мирувањето, но секогаш подготвени да блеснат со ненадејна радост, зборуваат за стотина генерации живот во степата и слободата: очите на човекот чиишто предци никогаш не биле експлоатирани и кои никогаш не ги експлоатирале другите. Но најубавото во него се неговите движења: ведри, свесни за својот сопствен ритам, никогаш брзи и никогаш нерешителни: прецизност и економичност кои ве потсеќаваат на хармонијата на инструментите во добро воденият симфониски оркестар. Такви движења можете често да видите кај бедуините; скудноста на пустината се одразува во нив. Бидејќи, освен неколку градови и села, животот во Арабија е толку малку обликуван од човечките раце што природата во својата едноставност го присилила човекот да одбегнува секаква

развлеченост во однесувањето и да ги редуцира сите постапки диктирани од неговата волја или од надворешната нужност на неколку мошне определени, основни форми кои останале исти низ безбројните генерации и со времето ја постигнале мазната острина на кристалите.

„Кажи ми, Зејде, каде ќе одиме утре?“

Зејд ме гледа со насмевка „Па, вујко, секако, кон Тајма...“

„Не, брате, сакав да одам во Тајма, но сега повеќе не го сакам тоа. Одиме за Мека...“

II. Почеток на патот

– 1 –

РЕЧИСИ Е ВЕЧЕР, неколку дена по мојата средба со жедта, кога Зејд и јас стигнавме во една мала осамена оаза каде што имавме намера да преноќиме. Под зраците на залезот песочните ритчиња на исток блескаа како ахат што се прелева во боите на виножито, со постојано променливите пастелни сенки и ублажени светлосни рефлекси, толку нежни што дури и окото небаре ги изнасилува додека ги следи одвај забележливите премини на сенките кон сивилото и мракот што нараснува. Сè уште можете јасно да ги видите пердувестите круни на палмите и, наполу сокриените зад нив, скромните, сиви куќи од иловица и градинарските ѕидови, а дрвените тркала над бунарите сè уште свират.

Ги пуштаме камилите да легнат на определена оддалеченост од селото, во овошната градина ги растоваруваме нашите тешки вреќи и ги симнуваме седлата од топлите грбови на животните. Неколку палавковци се собираат околу странците и едниот од нив, мало момче со крупни очи, со искината наметка, му нуди на Зејд да му покаже каде може да најде дрва за огрев. И додека двајцата тргнуваат по нивната работа, јас ги носам камилите кај бунарот. Додека ја спуштам својата кожна кофа

и ја извлекувам исполнета, неколку жени доаѓаат од селото по вода со бакарни садови и со земјени стомни кои ги носат слободно на своите глави, со обете раце испружени настрана и свиткани угоре – за подобро да ги балансираат своите товари – држејќи ги со рацете краиштата на своите превези кои се веат како крилја.

„Мир со вас, патнику“, велат тие.

И јас одговарам „Нека е и со вас мирот и милоста Божја.“

Нивната облека е црна, а лицата – како што е речиси секогаш кај бедуинските и селските жени од овој дел на Арабија – се откриени, така што можат да се видат нивните крупни црни очи. Иако биле населени во оазата со многу генерации, сè уште не го беа изгубиле сериозниот израз на лицето од номадските дни на своите предци. Нивните движења се јасни и определени, а нивната воздржаност е без секаков срам додека безгласно го земаат јажето со кофата од моите раце и извлекуваат вода за моите камили, токму како што пред четири илјади години, жената кај бунарот сторила за слугата на Авраам кога тој дошол од Ханаан да му најде жена на Исак, синот на својот господар, меѓу своите роднини во Падан-Арам.

И ги остави камилите надвор од градот, покрај изворот, приквечерина кога жените излегуваат да полнат вода.

И рече: „Господи, Боже на господарот мој Авраама, испрати ми ја денес во пресрет онаа, која ја барам, и направи му милост на господарот мој Авраам.

Еве, јас ќе стојам крај овој извор, и ќерките на градските жители ќе дојдат да налеат вода.

И на која девојка ќе ѝ речам – ‚Наведни ја стомната своја да пијам‘ – а таа ќе рече – ‚На, пиј, и камилите твои ќе ги напојам – додека се напивам,‘ неа си ја определил за слугата свој Исака; и по тоа ќе разберам дека си му направил милост на господарот мој Авраам.“

И додека тој уште зборуваше во себе, а ете Ребека... дојде со стомната на рамо.

А беше многу убава девојка која човек уште не беше познала. Таа слезе при изворот, ја наполни стомната, па дојде горе.

Тогаш слугата излезе пред неа и рече: „Дај да се напијам малку вода од стомната твоја!“

А таа одговори: „Еве, пиј, господару.“ И брзо ја спушти стомната на раката своја, и му даде да пие, чекајќи додека не се напие.

Па рече: „И на камилите твои ќе им налеам додека сите не се напијат.“

Па брзо ја истури стомната своја во поилото, и пак отрча до изворот да ја наполни, и им налеа на сите камили негови... [17]

Библиската приказна плови низ мојот ум како што стојам со двете мои камили пред бунарот на оазата среде песоците на Големиот Нуфуд и ја гледам жената која го зеде јажето со кофата од моите раце и сега извлекуваше вода за моите животни.

Далеку одовде е земјата на Падан-Арам и времето на Авраам: но овие жени овде, со моќта на споменот што го евоцираше нивното достоинствено движење, ја бришат

[17] Стар Завет, Битие, 24:11-20. (Заб. на прев.)

целата просторна оддалеченост и прават четирите илјади години да изгледаат небаре воопшто немаат важност во времето.

„Бог нека ги благослови вашите раце, сестри, и нека ве чува во сигурност.“

„И тебе Бог нека те варди, патнику“, одговараат тие и им се враќаат на своите стомни и садови за да ги наполнат со вода за своите домови.

*
* *

ПО ВРАЌАЊЕТО во местото на нашето логорување, ги пуштам камилите да легнат и им ги накривувам предните нозе за да не заталкаат ноќе. Зејд веќе го запалил огинот и е зафатен со правењето кафе. Водата врие во длабокото бакарно тенџере со долга, закривена устинка; помалото тенџере со слична форма стои подготвено покрај Зејд. Во левата рака тој држи голема, плитка железна лажица со рачка долга преку половина метар, на која пржи грст кафе на тивкиот оган, бидејќи во Арабија кафето секогаш се пржи свежо. Штом зрната стануваат светлокафеави, тој ги става во бакарен сад и ги толчи. Потоа налева малку врела вода од поголемото тенџере во помалото, го налева раздробеното кафе во него и го доближува до огнот за да проврие тивко. Кога напивката е речиси готова, тој додава неколку семиња кардамон за да биде погорчелива, бидејќи, како се вели во Арабија, кафето, за да биде добро, мора да биде „горчливо како смртта, а врело како љубовта“.

Јас, меѓутоа, сè уште не сум подготвен да уживам во своето кафе со задоволство. Изморен и испотен по долгите, жешки часови на седлото, со нечистата облека што

непријатно се прилепува кон телото, копнеам по бањање. Затоа заминувам до бунарот под палмите.

Веќе е темно. Палмовите градини опустеле; само во далечината, кај куќите, лае некој пес. Ја слекувам својата облека и се спуштам во бунарот, држејќи се со рацете и нозете на испакнувањата и пукнатините во ѕидовите, и помагајќи си со јажињата на кои висат мевовите, сè надолу до темната вода, и во неа. Таа е студена и ми допира до градите. Во темнината покрај мене висат јажиња, вертикално затегнати од тежината на големите, сега нурнати мевови кои во текот на денот служат за наводнување на овошната градина. Под стапалата го чувствувам тенкото течење на водата; таа пробива горе од подземните извори што го напојуваат бунарот со лесниот млаз на вечната обнова.

Над мене ветерот ѕуни преку работ на бунарот и прави неговата внатрешност да се одгласува тивко како внатрешноста на морска школка што се држи допрена до увото – голема морска школка што ѕуни каква што јас сакав да слушам во куќата на татко ми пред многу, многу години, дете одвај доволно големо за да може да погледне преку маса. Ја притискав школката на моето уво и се прашував дали звукот е отсекогаш таму или само кога јас ја држам до моето уво. Дали беше нешто независно од мене или дали само моето слушање го повикуваше звукот? Честопати се обидував да ја надмудрам школката со тоа што ја држев далеку од мене, така што брмчењето престануваше, и тогаш ненадејно ја доближував до моето уво: но тоа пак почнуваше – и јас никогаш не открив дали тоа продолжуваше и кога јас не ја слушав.

Тогаш секако не знаев дека сум бил збунет од прашањето што ги збунувало и луѓето многу помудри од мене

во безбројните поколенија: прашањето дали постои „реалност“ независна од нашите умови, или дали нашата перцепција ја создава неа. Тогаш не го знаев тоа; но, гледајќи наназад, ми се чини оваа голема загатка ме прогонувала не само во моето детство туку исто така и во подоцнежните години – како што веројатно го прогонувала, во едно или во друго време, свесно или несвесно, секое човечко суштество што размислува: бидејќи, каква и да е објективната вистина, секому од нас светот му се манифестира само во формата, и во зафатот на неговата рефлексија во нашите умови. Така секој од нас од „реалноста“ може да го согледа само спојот со неговото сопствено постоење. За тоа, веројатно, може да се даде веродостојно објаснување за човечкото постојано верување, уште од најраните возбуди на неговата свесност, во индивидуалното преживување по смртта – верување премногу длабоко и широко раширено низ сите раси и времиња за лесно да се нарече како „желно размислување“. Веројатно не би било премногу да се рече дека било неизбежно барано од самата структура на човечкиот ум. Да се размислува во апстрактни, теориски термини за нечија сопствена смрт како крајно изумирање може да не биде тешко; но да се замисли, невозможно. Бидејќи ова не би значело ништо помалку отколку да се замисли изумирањето на целата реалност како таква – со други зборови, да се замисли непостоењето: нешто што ниеден човечки ум не е способен да го стори.

Не биле филозофите и пратениците оние што нè учеле да веруваме во животот по смртта; сè што сториле тие е тоа што ѝ дале форма и духовна содржина на една инстинктивна перцепција која е стара колку што е стар и самиот човек.

*

* *

ОД СÈ СРЦЕ МУ СЕ НАСМЕВНУВАМ на размислувањето за толку длабоките проблеми додека сум обврзан во земскиот процес на бришење на нечистотијата и потта од патувањето во долгиот ден. Но, најпрво, дали секогаш постои јасно забележителна граница меѓу земското и таинственото во животот? Дали, на пример, може да постои нешто поземско од одењето по загубената камила, и нешто потаинствено, потешко за разбирање, како што е тоа речиси да умреш од жед?

Можеби токму шокот од тоа искуство ми ги изостри сетилата и ми ја создаде потребата себеси да си поднесам некаков вид извештај: потребата, поцелосна од кога и да било порано, да го разберам правецот на мојот живот. Но, тогаш, се потсеќавам себеси, дали некој може навистина да ја сфати смислата на својот живот сè додека е жив? Ние, навистина, знаеме што ни се случило во овој или во оној период од животот; и ние некогаш разбираме зошто тоа се случило; но нашата одредба – нашата судбина – не е лесно согледлива: бидејќи судбината е збир на она што се придвижило во нас и што нè придвижило, минатото и сегашноста, и сè што ќе нè придвижи, и во самите нас, во иднината – и така таа може да си се открие себеси само на крајот од патот, и секогаш мора да остане неразбрано сè додека чекориме по патот.

Како можам да кажам, на старост од триесет и две години, што била или што е мојата судбина?

Понекогаш ми се чини дека речиси можам да ги видам животите на двата човека, кога ќе погледнам назад во мојот живот. Но, откако ќе размислам за тоа, дали тие два дела од мојот живот се навистина толку различни

еден од друг – или дали, можеби, под сите површни разлики во формата и упатството, секогаш имало единство во чувството и во целта заедничка и за двата дела?

Ја кревам главата и го гледам кругот на небото над работ од бунарот, и ѕвездите. Додека така стојам неподвижен, мошне долго, ми се чини дека гледам како полека ја менуваат својата положба, движејќи се, за да ги исполнат низите и низите од милиони години на кои им нема крај. Тогаш, не сакајќи, морам да мислам за малите низи од годините што сум ги проживеал – за сите тие нејасни години поминати во топлата сигурност на детството, во градот каде ми беше познато секое катче и секоја улица; потоа во другите градови полни со возбудувања, копнежи и надежи какви што само раната младост може да ги познава; потоа во новиот свет меѓу луѓето чиишто надворешност и однесувањето најпрвин ми беа туѓи, но со време донесоа нова блискост и ново чувство дека сум дома; потоа во чудните и во сè почудните предели, во градовите стари колку што е помнењето на човекот, во степите без хоризонт, во планините чијашто дивина потсеќава на дивината на човечкото срце, и во жешките пустински самотии. И бавното нараснување на новите вистини – за мене нови – и потоа оној ден во снеговите на Хинду-Куш кога, по долгиот разговор, еден пријател, Авганистанец, во зачудување извика: „Па ти си муслиман, само што ти самиот не го занеш тоа...!“ Потоа оној другиот ден, со месеци подоцна, кога и самиот го спознав тоа; мојот прв аџилак во Мека, смртта на мојата жена и безнадежноста што настапи потоа. Овие вечни времиња меѓу Арапите оттогаш, годините на длабоко пријателство со кралот кој со својот меч за себеси создал држава од ништожество и бил за чекор оддалечен од вистинската големина; годините на талкање низ пустините и степите; ризичните излети

меѓу завојуваните арапски бедуини и во либиската борба за независност; долгите престојувања во Медина каде настојував да го употполнам своето знаење за исламот во Пратениковата џамија, повторните аџилаци во Мека, женидбите со бедуинките, а потоа разводите; топлите човечки односи и пустите денови на осаменост; префинетите расправи со образованите муслимани од сите делови на светот и патувањата низ неистражените подрачја; сите овие години на нурнување во светот далеку од мислите и целите на западната цивилизација.

Каква долга низа од години...

Сите овие потонати години сега излегуваат на површина, ги откриваат своите лица уште еднаш и ме повикуваат со многу гласови. Ненадејно, во исплашен грч на моето срце, согледувам колку бил долг, колку бил бескраен мојот пат. „Постојано само си одел и одел“, си велам себеси. „Воопшто досега не си го изградил својот живот врз нешто што би можело да се фати со раце и никогаш не постоел одговорот на прашањето: ‚Каде?‘... Постојано само си одел и одел, талкач низ многу земји, гостин во многу срца, но копнежот никогаш не бил стивнат, и покрај тоа што повеќе не си туѓинец, сè уште не си пуштил корења...“

Зошто, дури и откако го најдов своето место меѓу луѓето кои веруваат во она што и самиот сум го прифатил како верување, не можам да пуштам корен?

Пред две години, кога за жена зедов Арапка од Медина, сакав да ми роди син. Преку овој син, Талал, кој ни се роди пред неколку месеци, почнав да чувствувам дека Арапите се мој народ, како што веќе ми беа браќа по верата. Би сакал тој да има свои корења длабоко во оваа земја и да израсне свесен за своето големо наследство, како

во крвта така и во културата. Би можело да се помисли дека ова би морало да биде доволно во човекот да поттикне желба да се смири засекогаш, за себе и за своето семејство да изгради постојан дом. Па зошто тогаш моите талкања сè уште не се завршени и зошто морам да продолжам по мојот пат? Зошто животот што самиот си го избрав не ме задоволува целосно? Што е тоа што ми недостасува во оваа средина? Без сомнение, тоа не се интелектуалните придобивки на Европа. Ги оставив зад себе. Тие не ми недостигаат. Навистина, јас сум толку оддалечен од нив што ми станува сè потешко да пишувам за европските весници кои ме снабдуваат со средства за живот; секогаш кога ќе испратам некоја статија, ми се чини дека фрлам камен во бунар без дно: каменот исчезнува во темната празнина, а не стигнува дури ни ехото за да ми каже дека ја достигнал својата цел...

Додека така размислувам во немир и збунетост, наполу нурнат во темната вода на бунарот на една оаза во Арабија, ненадејно слушам глас од заднината на мојот спомен, глас на еден стар номад, Курд: *„Ако водата мирува неподвижна во барата, таа станува збајатена и каллива, но ако се движи и тече, станува бистра; исто така и човекот во своите талкања“*. Поради тоа, како со некоја магија, сиот немир ме напушта. Почнувам да гледам на себеси од далечина, како што би требало да ги гледате страниците од книгата за да ја прочитате приказната од нив; почнувам да сфаќам дека мојот живот не можел да има поинаков тек. Бидејќи, кога ќе се прашам себеси: „Што е крајната цел на мојот живот?“ нешто во мене небаре одговара: „Си решил едниот свет да го замениш со друг – да добиеш нов свет во замена за стариот

кој никогаш вистински не си го поседувал.“ Со изненадувачка јаснотија спознавам дека таквиот потфат навистина би можел да опфати еден цел живот.

*

* *

СЕ ИСКАЧУВАМ од бунарот, облекувам чиста, долга туника, која ја бев донел со себе, и поаѓам до огинот, Зејд и камилата, го пијам горчливото кафе што ми го нуди Зејд, а потоа легнувам, освежен и топол, на почвата, покрај огнот.

– 2 –

СО РАЦЕТЕ ВКРСТЕНИ под вратот гледам во оваа арапска ноќ која се надвива над мене, црна и ѕвездена. Еден метеор лета во огромен лак, а потоа ете го и другиот, и уште еден: лакови од светлина што ја прободуваат темнината. Дали се тоа само парчиња од некаква космичка несреќа, кои сега бесцелно летаат низ огромноста на вселената? Ах, не! Ако го прашате Зејд, тој ќе ви рече дека тоа се огнените копја со кои ангелите ги бркаат ѓаволите кои во определени ноќи кришум се искачуваат кон небото за да ги откријат Божјите тајни... Дали е тоа можеби самиот Иблис[18], Кралот на сите ѓаволи, кој тукушто го прифатил моќното исфрлување на пламенот таму на исток...?

Легендите врзани за ова небо и неговите ѕвезди ми се поблиски отколку домот на моето детство...

[18] Иблис – Луцифер. (Заб. на прев.)

Како би можело да биде поинаку? Отако сум дојден во Арабија, живеев како Арап, облекував единствено арапска облека, зборував само на арапски јазик, сништата ги сонував на арапски; арапските обичаи и сликовитото изразување неусетно ги обликуваа моите мисли, не бев спречуван од душевните воздржаности кои обично го оневозможуваат туѓинецот – колку и да е добро упатен во однесувањето и во јазикот на земјата – да го најде вистинскиот пристап кон чувствата на нејзиниот народ и неговиот свет да го прими како свој сопствен свет.

Ненадејно морам да се смеам гласно со смеа на среќа и слобода – толку гласно што Зејд со чудење гледа во мене, а мојата камила ја свртува главата кон мене со лесно, по малку горделиво движење; дури сега гледам колку единствен и прав, наспроти својата далечина, беше мојот пат – мојот пат од светот што не го поседував вистински, во светот кој е вистински мој.

Зар не е моето доаѓање во оваа земја, всушност, доаѓање дома? Доаѓање дома на срцето кое го открило својот стар дом преку нишката од илјадници години и сега го препознава ова небо, своето небо со болна радост? Бидејќи, ова арапско небо – толку многу потемно, повисоко, посвечено и побогато со ѕвезди отколку кое и да е друго небо – се надвиваше врз долгата нишка на моите предци, тие талкачи овчари-воини, кога, пред илјадници години, тргнале опседнати од алчноста по земја и плен, кон плодната земја Халдеја и кон непознатата иднина; тоа мало бедуинско племе Евреи, предците на оној човек што ќе биде роден во Ур, во Калдеја.

Тој човек, Авраам (Ибрахим) всушност не припаѓал во Ур. Тој бил само припадник на едно од многуте арапски племиња кои во ова или во она време го наоѓале сво-

јот пат од гладните пустини на Полуостровот кон северните земји од соништата, за кои се зборувало дека во нив тече мед и млеко – населените земји на Плодната Полумесечина, Сирија и на Месопотамија. Понекогаш таквите племиња успевале да ги победат жителите кои ги наоѓале таму и да им се наметнат како нивни господари, постепено мешајќи се со покориениот народ и развивајќи се, заедно со него, како нова нација – како Асирците и Вавилонците кои ги изградиле своите кралства врз урнатините на поранешната сумерска цивилизација, или Халдејците кои дошле на власт во Вавилон, или Аморитите, кои подоцна биле познати како Ханаанци во Палестина и како Феникијците на ридовите на Сирија. Во некои други времиња придојдените номади биле премногу слаби за да ги победат оние што стигнале порано и кои биле апсорбирани, или жителите ги потиснувале номадите назад во пустината, присилувајќи ги да бараат други пасишта и можеби други земји што ќе ги покорат. Авраамовото (Ибрахимовото) племе – чие ориганално име според *Битието* било *Аб-Рам* – што на древен арапски значи „Оној со Голема Желба" – очигледно било едно од послабите племиња. Библиската приказна за нивното престојување во Ур, на работ од пустината, се однесува на времето кога согледале дека не можат да освојуваат нови домови во земјата на Реките Близначки и токму тогаш посакале да тргнат кон северозапад долж Еуфрат кон Харан, а оттаму во Сирија.

„Оној со Голема Желба", тој мој ран предок кого Бог го навел да оди кон непознати краишта и така да се открие себеси, добро би можел да разбере зошто сум тука – бидејќи и тој морал да талка низ многу земји пред да може да го изгради својот живот во нешто што можеш да го зграпчиш со своите раце, и мора да бил гостин на

многу непознати срца пред да му биде дозволено да пушти корен. На неговото искуство кое предизвикува почит, мојата ситна збунетост не би му претставувала загатка. Тој би знаел – како што тоа сега јас знам – дека смислата на моите талкања лежи во скриената желба да се сретнам себеси, среќавајќи го светот чијшто пристап кон најсокриените прашања на животот, кон самата стварност, беше поинаков од сето она на што се имав свикнато во своето детство и во младоста.

– 3 –

КОЛКУ ДОЛГ ПАТ, од моето детство и младоста во Централна Европа, до мојата сегашност во Арабија; но колку е пријатен патот за да може сеќавањето да патува назад…

Тука се оние години од раното детство во полскиот град Лавов – тогаш под власта на Австро-Унгарија – во куќата која беше исто толку мирна и достоинствена колку и улицата во која стоеше: долга улица со донекаде здодевна елеганција, порабена со костени и поплочена со дрвени блокови кои го придушуваа топотот на коњските копита и секој миг од денот го претвораа во мрзливо попладне. Ја сакав таа мила улица со свест далечна од годините на моето детство и не само затоа што тоа беше улица на мојот дом; ја сакав, мислам, поради атмосферата на благородна прибраност со која течеше од живиот центар на тој највесел град кон длабоката тишина на шумите на работ од градот, и кон големите гробишта што лежат скриени во тие шуми. Прекрасните кочии понекогаш ќе поминеа на тивките тркала придружени со живиот, ритмичен топот на гиздавите

копита или, ако се случеше да биде зима и улицата да биде прекриена со длабок снег, санките се лизгаа низ него и пареата од коњските ноздри излегуваше во облаци, а нивните sвона sвонеа низ студениот воздух. А ако седите на санката го чувствувате студениот шум што ги штипе образите, вашето детско срце знае дека галопирачките коњи ве носат во среќата што нема ни почеток ни крај.

Тука се летните месеци на селото, кога таткото на мајка ми, богат банкар, држеше голем имот за одмор и разонода на своето семејство. Мирно поточе со нишка од врби долж неговите брегови, штали полни со спокојни крави, самрак мистериозно исполнет со мирисот од животните и од сеното и со смеата на рутенијанските селски девојки во предвечерјето зафатени со молзењето на кравите; ќе се напиете од топлото пенливо млеко директно од кофите – не затоа што сте жедни, туку затоа што е возбудливо да се пие нешто што е сè уште толку близу до својот животински извор… Тие жешки августовски денови поминати во полињата со селаните кои го жнеат житото и со жените кои го собираат и го врзуваат во снопови, млади жени, со убав изглед, со силни тела, со полни гради, со цврсти, топли раце, чија цврстина ќе можете да ја почувствувате кога, играјќи си пладнето, ќе ве тркалаат меѓу пченичните пластови; секако, тогаш сте биле премногу млади за да извлечете некакви заклучоци од тие насмеани прегратки...

Тука се и патувањата со моите родители за Виена и во Берлин, во Алпите и низ чешките шуми, до Северното Море и на Балтикот; места толку далечни што речиси изгледаат како нови светови. Секогаш кога некој тргнува на такво патување, првиот свиреж на локомотивата и првиот потрес на тркалата го запира чукањето на срцето

во возбудливото очекување на чудата што треба да се случат... А тука се и другарите во играта, момчиња и девојченца, братот и сестрата и многуте роднини, прекрасните неделни слободи по едноличноста – училишните денови; пешачењето низ полињата, првите скришни состаноци со прекрасните девојчиња на слична возраст и болскотот на необичното возбудување од кое се заздравува откако ќе минат часови и часови...

Тоа беше едно среќно детство кое ме исполнува со задоволство, дури и во сеќавањето. Моите родители живееја во удобни услови, а живееја главно за своите деца. Безгрижноста на мојата мајка и неразбранетиот мир можеби имаат некаква врска со леснотијата со која во подоцнежните години бев во состојба да се приспособам кон невообичаените и, понекогаш, сосема неповолни услови; во исто време, татковиот внатрешен мир е, веројатно, рефлектиран во мојот сопствен мир.

*

* *

АКО ТРЕБА да го опишам мојот татко, би рекол дека овој мил, строен човек, со среден раст, црномурест и со темни, страствени очи, не беше сосема во хармонија со својата околина. Во својата рана младост фантазирал за тоа да ѝ се посвети на науката, особено на физиката, но никогаш не бил во состојба да го оствари тој сон и морал да се задоволи со тоа да биде адвокат. Иако мошне успешен во својата професија, во која неговиот остар дух мора да нашол добредојден предизвик, тој никогаш сосема не се помирил со тоа; атмосферата на осаменост која го

опкружуваше, веројатно, била предизвикана од постојано присутната свесност дека вистинската должност го заобиколила.

Неговиот татко бил ортодоксен рабин во Черновиц, главниот град на австриската провинција Буковина. Сè уште се сеќавам на него како на елегантен старец, со мошне нежни раце и со лице врамено со долга бела брада. Покрај својот длабок интерес за математиката и за астрономијата – кои ги студираше во слободното време сиот свој живот – тој беше еден од најдобрите шахисти во околината. Тоа веројатно била основата за неговото долго пријателство со грчкиот ортодоксен архиепископ кој и самиот беше знаменит шахист. Обајцата минуваа многу вечери заедно над шаховската табла, а своите седенки ги завршуваа со дискутирање за метафизичките поставки на своите религии. Би можело да се претпостави дека, со таквата наклонетост на духот, мојот дедо со радост ја дочекал наклонетоста на својот син – мојот татко – кон науката. Но, очигледно, тој уште од самиот почеток решил неговиот најстар син да ја продолжи рабинската традиција, која во семејството се протегала низ неколку генерации, и одбивал воопшто и да разгледува каква било друга кариера за мојот татко. Тој во оваа решителност можеби бил поддржан и од срамотната семејна тајна: сеќавањето на неговиот вујко – т.е. мојот прапра вујко – кој на сосема невообичаен начин ја „предал“ семејната традиција и дури ја напуштил религијата на своите предци.

Тој речиси митски пра-пра вујко, чиешто име никогаш не било спомнувано гласно, се чини бил воспитан во истата строга семејна традиција. На многу млада возраст станал сосема самостоен рабин, оженет со жена којашто очигледно не ја сакал. Со оглед на тоа што рабинската

професија во тоа време не му донесувала доволно приходи, тој нив ги дополнувал со трговија на крзно, што секоја година барало патување во европскиот централен пазар на крзно, Лајпциг. Еден ден, кога имал околу дваесет и пет години, тој тргнал со коњска запрега – тоа се случило во првата половина од деветнаесеттиот век – на едно од тие долги патувања. Како и обично, го продал крзното во Лајпциг и, наместо да се врати дома, тој ги продал и коњите и колата, ги избричал брадата и зулуфите и, заборавајќи ја својата несакана жена, отишол во Англија. Некое време се издржувал слугувајќи, а ноќе студирајќи астрономија и математика. Некој газда, изгледа, ја открил неговата умна надареност и му овозможил да ги продолжи своите студии во Оксфорд, откаде по неколку години излегол како научник кој ветува многу и како преобратеник во христијанството. Кусо време откако на својата жена Еврејка ѝ испратил документ со кој се разведува од неа, се оженил со девојка од „незнабожците“. Малку му е познато на моето семејство за неговиот подоцнежен живот, освен дека постигнал значаен успех како астроном и универзитетски професор и дека завршил како витез.

Изгледа дека овој речиси застрашувачки пример го убедил мојот дедо да заземе мошне строг став во однос на наклонетоста на мојот татко кон студирањето на „неверничките“ науки; тој требало да стане рабин и морало така да биде. Меѓутоа, мојот татко не бил подготвен да се предаде толку лесно. Додека во текот на денот го студирал Талмудот, тој поминувал дел од своите ноќи проучувајќи ја тајно, без помош на учител, програмата на хуманистичката гимназија. Сепак подоцна ѝ се доверил на својата мајка. Иако тајните студии на нејзиниот син мо-

желе да ја оптоварат нејзината совест, нејзината благородна природа ја навела да сфати дека би било сурово да го лиши од можноста да ја следи желбата на своето срце. На дваесет и двегодишна возраст, откако за четири години го завршил осумгодишниот курс на гимназијата, мојот татко пристапил кон полагање на матурскиот испит и го положил со извонреден успех. Со дипломата в рака, тој и неговата мајка се осмелиле да му ја соопштат страшната вест на дедо ми. Можам да ја замислам драматичната сцена до која дошло, но исходот на сето тоа било дека дедо ми конечно попуштил и се согласил татко ми да ги напушти рабинските студии и наместо тоа да оди на универзитет. Меѓутоа финансиските можности на семејството не му дозволиле да им се посвети на своите омилени студии по физика; морал да се сврти кон подоходна професија – кон правото, и по некое време станал адвокат. Неколку години подоцна се населил во Лавов, во источна Галиција, и се оженил со мајка ми, едната од четирите ќерки на богатиот локален банкар. Таму сум роден јас, во летото 1900 година, како второ од трите деца.

Неисполнетата желба на татко ми наоѓа излез во читањето научни текстови и можеби во, исто така, чудната, иако крајно воздржана, посебна наклонетост кон вториот син – кон мене – кој, се чини, исто така бил повеќе заинтересиран за работите кои не се директно врзани со заработување пари и со успешна „кариера“. Сепак, неговите надевања од мене да направи научник се осудени да останат неисполнети. Иако не бев глуп, бев мошне рамнодушен кон учењето. Математиката и природните науки ми беа особено здодевни; наоѓав бескрајно задоволство во читањето на возбудливите историски романи од Сјенкиевич, фантазиите на Жил Верн, приказните за

Индијанците на Џејмс Фенимор Купер и на Карл Мај и, подоцна, стиховите од Рилке и на сонорните ритмови на „Така зборуваше Заратустра“ *(Also Sprach Zaratustra)*. Тајните на Земјината тежа и на електрицитетот, не помалку од латинската и од грчката граматика, ме оставаа сосема рамнодушен, така што секогаш одвај сум се провлекувал. Ова мора да предизвикувало големо разочарување кај татко ми, но тој можел да најде определена утеха во фактот дека моите учители биле мошне задоволни од мојата наклонетост кон литературата – како кон полската така и кон германската – а исто така и кон историјата.

Во согласност со традицијата во нашето семејство, преку приватните учители дома примив совршена основа од еврејските религиски науки. Ова не беше како резултат на некаква јасна религиозност на моите родители. Тие ѝ припаѓале на генерацијата која, додека со празни зборови го изразувале припаѓањето во ова или во она религиско верување кое ги обликувало животите на нивните предци, никогаш не направиле ни најмал обид да го усогласат својот практичен живот, или дури својата етика и мислите, со тие учења. Во такво општество и самата идеја за религијата била сведена на една од двете работи: здодевниот ритуал на оние кои со навика – и само со навика – се врзувале за своето религиско наследство, и циничната рамнодушност на оние „либералните“ кои ја сметале религијата за застарено празноверие со кое пенекогаш можеме, формално, да се согласиме, но од кое тајно се срамиме, како од нешто интелектуално неодбранливо. Судејќи според сè, моите родители ѝ припаѓаа на првата категорија, но понекогаш имав нејасно насетување дека татко ми барем се стремел кон второто. Сепак, за разлика од својот татко и од тестот, тој инсистираше јас да помину-

вам долги часови над светите списи. На тој начин во тринаесеттата година, не само што со леснотија можев да читам на хебрејски туку и го зборував течно и покрај тоа добив пристојно познавање на арамејскиот јазик (на кој веројатно треба да му се заблагодарам за леснотијата со која подоцна го совладав арапскиот). Во оригинал го проучував Стариот Завет. *Мишна* и *Гемара* – т.е. текстот и коментарот на Талмудот – ми станаа блиски. Можев со многу самодоверба да расправам за разликите меѓу вавилонскиот и ерусалимскиот Талмуд, се продлабочував во заплеткanотисте на библиските егзегези, наречени *Таргум*, токму како да сум предодреден за рабинска кариера.

Наспроти сето ова расцутување на религиската мудрост, или можеби токму поради тоа, кај мене речиси се разви чувство на презир кон многуте поставки на еврејското верување. Секако, јас не ги негирав учењата за моралната праведност толку силно нагласена во еврејските списи, ниту возвишената свест за Богот на еврејските пратеници, но мене ми изгледаше дека Бог, според Стариот Завет и според Талмудот, е претерано загрижен за ритуалите со кои Неговите верници треба да Го обожуваат. Исто така ми дојде мислата дека овој Бог е чудно преокупиран со судбината на еден одделен народ, Евреите. Самата градба на Стариот Завет, како историја на Авраамовите (Ибрахимовите) потомци, се стреми да го претстави Бога – не како оној што го создава и го одржува целото човештво, туку повеќе како племенско божество кој сето создавање го приспособува кон потребите на „одбраниот народ“; наградувајќи го со победи ако е праведен, а казнувајќи го со рацете на неверниците кога ќе скршне од пропишаниот пат. Гледан во светлината на овие основни не-

достатоци, дури и етичкиот жар на подоцнежните пратеници, како Исаија и Еремија, изгледал лишен од универзалната порака.

Иако ефектот на моите поранешни студии беше спротивен од намерата – оддалечувајќи ме од религијата на моите предци повеќе отколку да ме приближат кон неа – често мислам дека тие во подоцнежните години ми помогнаа да ја сфатам основната суштина на религијата, каква и да била нивната форма. Меѓутоа, во тоа време, моето разочарување со јудаизмот не ме водеше во потрага кон спиритуалните вистини во други насоки. Под влијание на агностичката средина, се свртев, како и мнозина од момчињата на моја возраст, кон прозаичното отфрлање на институционалните религии; бидејќи мојата религија никогаш не ми значеше повеќе отколку серијата рестриктивни прописи, не се чувствував лошо поради тоа што се оддалечив од неа. Теолошките и филозофските идеи сè уште вистински не ме засегаа; она на што се радував не се разликуваше многу од очекувањата на мнозина други: акција, авантура, возбудувања.

Кон крајот на 1914 година, кога Првата светска војна веќе беснееше, првата голема можност да ги исполнам своите момчешки соништа, се чини дека ми беше на дофат на раката. Во четиринаесеттата година избегав од училиште и стапив во австриската војска под лажно име. Бев мошне висок за своите години и тие лесно прифатија дека имам осумнаесет години, минималната возраст за регрутација. Но, очигледно, јас не ја носев маршалската палка во својата торба. По околу една недела, мојот кутар татко, со помош на полицијата, успеал да ми влезе во трагата и јас бев срамно испратен во Виена, каде што моето семејство се населило малку порано. По речиси че-

тири години јас вистински, и законски, бев земен во австриската војска, но дотогаш веќе престанав да сонувам за војничката слава и бев во потрага по други патишта кои водат кон исполнување на други соништа. Во секој случај, неколку недели по моето регрутирање избувна револуцијата, се скрши Австриското царство и дојде крајот на војната.

*
* *

ЗА ВРЕМЕ од околу две години по крајот на Првата светска војна студирав, по малку на површен начин, историја на уметноста и филозофија на Виенскиот универзитет. Моето срце не беше во тие студии. Не ме привлекуваше мирната академска кариера. Чувствував копнеж да се фатам во бескомпромисна борба со животот, да влезам во него без ниедна од оние внимателно замислени, вештачки заштити кои околу себе сакаат да ги изградат луѓето со духот свртени кон сигурноста; сакав самиот да најдам приод кон духовниот поредок на нештата кој, тоа го знаев, мора да постои, но којшто сè уште не можев да го разберам.

Не е лесно со малку зборови да го објаснам она што тие денови го подразбирав под „духовен поредок“; секако не ми паѓало на ум за проблемот да размислувам во конвенционални религиски поими или, од тие причини, воопшто за какви било поими. Мојата неодреденост, да бидам праведен кон себеси, не беше мој сопствен производ. Тоа беше неснаоѓање на целата генерација.

Почетните децении од дваесеттиот век беа во знакот на духовен вакуум. Сите етички вредности на кои Европа со векови беше свикната, станаа безоблични под

страшниот удар на она што се случи меѓу 1914 и 1918, а никаква нова група вредности сè уште не беше на повидок. Чувството на горчливост и несигурност беше во воздухот – претчувството за општествените и интелектуалните пресврти што предизвика сомнежи дали некогаш може да постои каква било постојаност во човековите мисли и настојувања. Сè изгледаше дека небаре се разлева во безобличност, а духовниот немир на младината никаде не можеше да најде потпирка. Во отсуството на какви било сигурни морални стандарди, никој нам, на младите луѓе, не можеше да ни даде задоволувачки одговори на многуте прашања што нè збунуваа. Науката велеше „знаењето е сè“, но забораваше дека знаењето, без етичка цел, може да води само кон хаос. Општествените реформатори, револуционерите, социјалистите – сите оние кои, без сомнение, сакаа да изградат подобар и посреќен свет – мислеа само во рамките на надворешните, општествени и економски околности. За да го премостат тој недостаток, тие ја изградија својата „материјалистичка концепција на историјата“ на ниво на некој нов вид антиметафизичка метафизика. Традиционално религиозните луѓе, од друга страна, не знаеја ништо подобро отколку на својот Бог да му припишуваат својства извадени од нивните сопствени навики во размислувањето, кое веќе одамна станало круто и бесмислено; а кога ние, младите луѓе, видовме дека овие божемни божествени особини често беа во остра спротивност со она што се случуваше во светот околу нас, самите себеси си рековме: „Двигателните сили на судбината се очигледно различни од својствата кои му се припишуваат на Бога, затоа – Бог не постои“. Само на неколкумина од нас ни падна на ум дека причината за целата оваа бркотница можеби би можела да лежи во самоволноста на

чуварите на верата кои себеси се сметале за доблесни и кои си го земаат правото да го „дефинираат“ Бог и, облекувајќи Го со својата сопствена облека, Го разделувале од човекот и од неговата судбина.

Во одделна личност оваа етичка лабилност можела да води или кон целосен морален хаос и цинизам или, алтернативно, кон потрага по креативниот, личен приод кон она што би можело да претставува добар живот.

Ова инстинктивно сфаќање можело, индиректно, да биде причина за мојот избор на историјата на уметноста како главен предмет на универзитетот. Насетував дека вистинската функција на уметноста е и тоа да создава визија на кохерентен, унифицирачки модел што мора да биде во основата на фрагментарните слики на настаните кои ни ги открива нашата свест и кои, ми изгледаше, само на несоодветен начин можат да бидат изразени со концептуални мисли. Како и да е, предавањата на кои присуствував не ме задоволуваа. Моите професори – некои од нив, како Стржитовски и Дворжак, истакнати во своите подрачја на студиите – изгледаа повеќе преокупирани со изнаоѓање на естетските закони кои управуваат со уметничкото создавање отколку со откривањето на неговите најдлабоки духовни импулси: со други зборови, според мене, нивниот пристап кон уметноста беше премногу тесно ограничен на прашањето на *формите* во кои таа се манифестира.

Заклучоците на психоанализата, која ја запознав во оние денови на младешката збунетост, ме оставија, иако поради некои други причини, незадоволен. Без сомнение, психоанализата во тоа време беше интелектуална револуција од прв ред и бевме сосема сигурни дека широкото отворање на оваа досега заборавена врата на сознанието

треба да има длабоко влијание врз – а можеби и сосема да го измени – човековото мислење за себеси и за неговото општество. Откривањето на улогата што ја играат несвесните поттици во формирањето на човечката личност отвори ја, без никакво сомнение, патишта за подлабоко саморазбирање отколку што ни нудеа психолошките теории од поранешните времиња. Бев подготвен да го признаам сето ова. Всушност, стимулот на идеите на Фројд беше исто толку опивачки за мојот млад дух колку и силното вино, и бројни беа вечерите поминати во виенските кафеани во возбудливи расправи меѓу некои од раните пионери на психоанализата како што се Алфред Адлер, Херман Стекл и Ото Грос. Но, додека вистински не ја оспорував валидноста на нејзините аналитички принципи, бев вознемирен од интелектуалната ароганција на новата наука, која се обидуваше сите тајни на човековото Јас да ги сведе до серија од неврогенетски реакции. Филозофските „заклучоци“ до кои дошле нејзините основачи и следбеници некако ми изгледаа премногу измазнети, самосвесни и премногу поедноставени за да можат да бидат дури и блиску до конечните вистини; и тие навистина не укажаа на некој нов пат кон добриот живот.

Иако таквите проблеми често го преокупираа мојот дух, тие, всушност, не ми пречеа. Никогаш не сум бил премногу наклонет кон метафизичките размислувања или кон свесното трагање по апстрактните „вистини“. Моето интересирање повеќе се движеше во насока на нештата кои се гледаат и се чувствуваат: луѓето, активностите, односите. Токму тогаш почнав да ги откривам односите со жените.

Во општиот процес на распаѓањето на утврдените општествени обичаи што настапи по Светската војна, многуте ограничувања меѓу машкиот и женскиот пол

попуштија. Мислам дека она што се случи не беше толку бунт против претераната строгост на деветнаесеттиот век, колку пасивно бегање од состојбата на работите во што определените морални стандарди беа сметани за вечни и несомнени во условите во кои сè беше оспорувано: нишањето на нишалото од вчерашното утешно верување во континуитетот на човековиот подем до горчливото разочарување на Шпенглер, до моралниот релативизам на Ниче и до духовниот нихилизам поттикнат од психоанализата. Гледајќи назад на оние рани повоени години чувствувам дека младите мажи и жените кои со толку многу ентузијазам зборуваа и пишуваа за „слободата на телото", беа многу далеку од зовриениот дух на Пан што толку често го повикуваа: нивните воодушевувања беа премногу самосвесни за да бидат обилни, а премногу толерантни за да бидат револуционерни. Нивните сексуални односи имале, по правило, некаков случаен карактер – определена обмислена благост која често водела до промискуитет.

Дури и да се чувствував врзан за остатоците на конвенционалната моралност, ќе беше извонредно тешко да не бидам повлечен во трендот кој стана толку распространет. Како стоеја работите јас, како и толку други од мојата генерација, повеќе му се восхитував на она што се сметаше за „бунт против празните конвенции". Флертувањата полека преминуваа во поблиски односи, а некои од нив во страсти. Меѓутоа, не мислам дека бев слободоумен, бидејќи во сите мои младешки љубови, колку и да беа површни и краткотрајни, постојано постоеше проблесокот на надежта, нејасна но постојана, за да може таа страшна изолираност, која толку очигледно ги разделуваше луѓето, да биде разбиена со спојувањето на еден маж и една жена.

*
* *

МОЈОТ НЕМИР РАСТЕШЕ и за мене стануваше сѐ потешко да ги следам моите универзитетски студии. Конечно решив засекогаш да ги напуштам и да си ја обидам срќата во новинарството. Татко ми, веројатно со многу повеќе оправдување отколку што тогаш бев подготвен да признаам, остро се спротивстави на таквата постапка, сметајќи дека претходно треба најмалку себеси да си докажам дека можам да пишувам; „а, во секој случај", тој заклучи по едната од нашите жестоки дискусии „титулата доктор по филозофија никогаш досега не спречила некого да стане успешен писател". Неговото резонирање беше здраво, но јас бев многу млад, полн со надеж и многу немирен. Кога сфатив дека тој нема да го смени своето мислење, изгледаше дека немам друг избор освен да го започнам својот живот самостојно. Не кажувајќи никому за моите намери, во еден летен ден во 1920 година се простив со Виена и тргнав со воз кон Прага.

Сѐ што имав, покрај своите лични работи, беше дијамантскиот прстен што ми го остави мајка ми, која умре пред една година. Го продадов преку некој келнер во главната прашка литературна кафеана. Можно е дека во таа трансакција темелно ме ограбиле, ама сумата што ја добив ми се чинеше цело богатство. Со овој имот во џебот продолжив за Берлин каде што некои виенски пријатели ме внесоа во магичниот круг на писателите и уметниците во старото Café des Westens.

Знаев дека од сега и понатаму ќе треба да се снаоѓам без чија и да е помош, никогаш веќе нема да очекувам ниту да примам финансиска помош од моето семејство. Неколку недели подоцна, кога стивна лутината на татко

ми, тој ми пиша: „Уште сега гледам дека еден ден ќе завршиш како скитник во некоја дупка покрај патот.“ Му одговорив: „Покрај патот нема дупка за мене – ќе испливам на врвот.“ Ни најмалку не ми беше јасно кога ќе испливам на врвот, но знаев дека сакам да пишувам и, секако, бев уверен дека литературниот свет ме чека со широко раширени раце.

По неколку месеци парите се потрошија и почнав да барам некаква работа. За еден млад човек со журналистички аспирации, еден од големите дневни весници беше очигледниот избор, но согледав дека јас не бев „избор“ за нив. Не го согледав тоа веднаш. Ми требаа недели на заморно талкање низ берлинските тротоари – бидејќи дури и плаќањето на подземната железница или на трамвајот тогаш веќе стана проблем – и безброј понижувачки интервјуа со главните уредници, уредниците на вестите и со помошниците на главните уредници, помогнаа да сфатам дека, исклучувајќи го чудото, еден пилиштарец без ниту една испечатена реченица и без сопствено искуство нема никакви шасни да добие пристап до посветеното царство на весниците. Никакво чудо не ми се случи. Наместо тоа, се запознав со гладот и поминав неколку недели опстојувајќи со чај и со две земички со кои рано наутро ќе ме послужеше газдарицата. Моите литературни пријатели во Café des Westens не можеа многу да сторат за неукиот и неискусниот „кој би сакал да стане нешто“; освен тоа, повеќеминатa од нив живееја во околности не многу поинакви од моите сопствени, живуркајќи од денес до утре на работ на ништожноста и тешко борејќи се за одржувањето на голиот живот. Понекогаш, во налетот на изобилието предизвикано од среќно примената статија или продадената слика, некој од нив ќе направеше гозба со пиво и со виршли и ќе ме

повикаа да уживам во ненадејната дарежливост; или некој богат сноб ќе повикаше група од нас, чудните интелектуални скитници, да вечераме во неговиот стан, и ќе зјапеше во нас со стравопочит додека ние ги затрупувавме нашите празни желудници со кавијар canapés и со шампанско, наградувајќи ја дарежливоста на нашиот домаќин со умен разговор и со поглед во боемскиот живот. Силниот глад беше правило на моите денови – ноќите ми беа исполнети со сништа за парчиња месо, колбаси и дебели кришки леб намачкани со путер. Неколкупати бев во искушение да му пишам на татко ми и да го замолам за помош, што тој без сомнение не би го одбил, но секогаш ќе настапеше мојата гордост и јас му пишував за прекрасната работа и за добрата плата што ја имам...

Конечно дојде среќниот пресврт. Му бев претставен на Ф. М. Мурнау кој токму тогаш стануваше славен како филмски режисер (тоа беше неколку години пред Холивуд да го повлече во уште поголема слава и во предвремената, трагична смрт). Мурнау, со онаа каприциозна импулсивност која го правеше мил за сите негови пријатели, веднаш се занесе со младиот човек во неволја, кој гледаше толку желно и со толку многу надеж кон иднината. Ме праша дали би сакал да работам со него на новиот филм кој тукушто сака да го почне. Иако работата требаше да биде само привремена, видов дека пред мене се отвора небеската врата кога промрморев: „Да, би сакал...“

Во текот на двата славни месеца, ослободен од сите финансиски грижи и сосема преокупиран со многуте блескави искуства поинакви од сето она што го знаев дотогаш, работев како асистент на Мурнау. Мојата самодоверба неизмерно порасна; без сомнение, тоа не беше намалено од фактот дека водечката дама во филмот –

добро позната и мошне убава артистка – не покажа аверзија кон флертувањето со младиот помошник на режисерот. Кога филмот се заврши и Мурнау требаше да оди во странство на нова задача, се простив со него во уверување дека моите најлоши денови завршија.

Наскоро, мојот добар пријател Антон Кух – виенски новинар кој неодамна се беше истакнал во Берлин како театарски критичар – ме повика да соработувам со него на филмското сценарио чиешто пишување му беше доверено. Ја прифатив идејата со воодушевување и мислам дека вложив многу труд во сценариото; во секој случај продуцентот што го имаше задолжено со радост го плати договорениот износ што Антон и јас го поделивме фифти-фифти. За да го прославиме нашето „влегување во филмскиот свет", направивме забава во еден од најелегантните ресторани во Берлин; кога ја примивме сметката, согледавме дека практично целата наша заработка отиде на јастозите, кавијарот и на француските вина. Но нашата среќа продолжи. Веднаш почнавме да пишуваме друго сценарио – фантазија ткаена околу фигурата на Балзак и неговото бизарно измислено доживување – и најдовме купувач истиот ден кога сценариото беше завршено. Меѓутоа, овојпат одбив да го „славам" нашиот успех и наместо тоа отидов на повеќенеделен одмор на Баварските Езера.

По уште една година полна со авантуристички подеми и падови во разните градови на Централна Европа, исполнети со секаков вид краткотрајни вработувања, конечно успеав да се пробијам во светот на новинарството.

*
* *

ОВОЈ ПРОБИВ го остварив есента 1921 година, по уште еден период на финансиска криза. Едно попладне, додека седев во Café des Westens, уморен и безнадежен, еден пријател седна на мојата маса. Кога му ги изнесов моите грижи, тој ми предложи:

„Можеби има некаква шанса за тебе. Дамерт отвора своја сопствена агенција во соработка со *United Press* од Америка. Ќе се нарекува *United Telegraph*. Сигурен сум дека ќе му требаат голем број помошни издавачи. Ако сакаш, ќе те запознаам со него."

Д-р Дамерт беше позната личност во берлинските политички кругови во дваесеттите години. Истакнат во редовите на Католичката централна партија, богат и самостоен, уживаше извонреден углед; ме привлече идејата да работам кај него.

Следниот ден мојот пријател ме однесе до канцеларијата на д-р Дамерт. Елегантниот, средовечен човек беше љубезен и пријателски расположен кога ни понуди да седнеме.

„Г-дин Фингал" (тоа беше името на мојот пријател) „ми зборуваше за вас. Дали некогаш порано сте работеле како новинар?"

„Не, господине", одговорив, „но имам многу инакво искуство. Јас сум некаков вид експерт за земјите од Источна Европа и знам неколку јазици." (Всушост, единствениот јазик од Источна Европа кој можев да го зборувам е полскиот, а имав само нејасна идеја за она што

се случува во тој дел од светот, но бев решил да не дозволам шансата да ми биде расипана поради мојата претерана скромност).

„Ах, тоа е интересно“, со насмевка забележа д-р Дамерт. „Јас имам смисла за експерти. Но, за жал, не можам токму сега да искористам некој експерт за работите на Источна Европа“.

Тој мора да го видел разочарувањето на моето лице, бидејќи веднаш продолжи: „Сепак, би можел да имам за вас нешто за почеток – иако тоа би можело да биде нешто под вашите способности. Се прашувам...“

„А што би било почетокот, господине?“ се распрашував нетрпеливо, мислејќи за својата неплатена кирија.

„Па... имам потреба од уште неколку телефонисти... Ах, не, не, не грижете се, не на телефонската централа, мислам на телефонисти кои им ги пренесуваат вестите на провинциските весници...“

Ова беше навистина назадување во однос на моите високи очекувања. Го погледнав Дамерт, а тој ме гледаше мене. Кога го забележав стегањето на потсмешливите брчки околу неговите очи, знаев дека мојата игра на горделивост заврши.

„Прифаќам, господине“, одговорив со воздишка и со насмевка.

Следната недела почнав да ја работам новата работа. Тоа беше здодевна работа, оддалечена од журналистичката „кариера“ за која сонував. Целата моја работа се состоеше од телефонски пренесувања, неколкупати на ден, на вестите од умножените страници на многуте провинциски весници кои беа претплатени за таа служба; но јас бев добар телефонист, а и платата беше добра.

Ова траеше околу еден месец. Кон крајот на месецот една непредвидена можност ми се понуди самата од себе.

Во 1921 година Советска Русија беше погодена од глад со нечуени размери. Милиони луѓе гладуваа, а стотици илјади умираа од глад. Целиот европски печат беше преполн со страотни описи на ситуацијата; беа испланирани неколку странски акции за помош, меѓу нив и една од Херберт Хувер, кој стори многу за Централна Европа по Големата војна. Акцијата од големи размери во рамките на Русија беше водена од Максим Горки; неговите драматични повици за помош го возбудуваа целиот свет; имаше гласишта дека неговата сопруга наскоро ќе ги посети главните градови на Централна и Западна Европа во обид да го мобилизира јавното мнение за поефикасна помош.

Со оглед на тоа што бев само телефонист, не учествував директно во покривањето на оваа сензационална епизода додека ненадејната забелешка на еден мој случаен познајник (ги имав многу на најчудните места) не ме повлече во самиот центар. Познајникот беше ноќен вратар во хотелот *Esplanada*, еден од најелегантните хотели во Берлин, а забелешката беше: „Оваа госпоѓа Горки е мошне пријатна дама, никогаш не би се рекло дека е болшевик...“

„Госпоѓа Горки? Каде ли, по ѓаволите, сте ја виделе *неа*?“

Мојот информатор го стивна гласот до шепот: „Таа престојува во нашиот хотел. Дојдена е вчера, но регистрирана е под лажно име. Само директорот знае која е навистина таа. Не сака да биде вознемирувана од репортерите.“

„А како го знаете *вие* тоа?“

„Ние вратарите знаеме сè што се случува во хотелот“, одговори тој кикотејќи се. „Зарем мислите дека ќе можевме да ја задржиме долго нашата работа ако не знаевме?“

Каква приказна би била, ако се добие ексклуизивно интервју со госпоѓа Горки – уште повеќе што ниту еден збор за нејзиното присуство во Берлин не стигна до печатот... Наеднаш пламнав.

„Дали би можеле“, го прашав мојот пријател, „некако да ми овозможите да ја видам?“

„Па, не знам... Таа е очигледно цврсто решена да остане заштитена од јавноста... Но би можел да сторам една работа: ако предвечер седите во предворјето, би можел да ви ја покажам.“

Тоа беше договорот. Истрчав до мојата канцеларија во *United Telegraph*; дотогаш речиси сите веќе си заминаа дома, но, за среќа, уредникот на вестите сè уште беше зад својата канцелариска маса. Го задржав.

„Дали би ми дале новинарска легитимација ако ветам дека ќе ви донесам сензационална приказна?“

„Каков вид приказна?“ тој сомничаво се распрашуваше.

„Дајте ми ја легитимацијата, а јас ќе ви ја дадам приказната. Ако не ја донесам, вие секако ќе си ја добиете легитимацијата.“

Старата новинарска лисица конечно се согласи, а јас излетав од канцеларијата како горд сопственик на легитимацијата која ме означуваше како претставник на *United Telegraph.*

Следните неколку часа ги минав во предворјето на *Esplanada.* Во девет часот мојот пријател стигна на должност. Ми намигна од влезната врата, исчезна зад бирото

на рецепцијата и повторно се појави по неколку минути со информација дека госпоѓата Горки е надвор.

„Ако седите овде доволно долго, сигурно ќе ја видите кога ќе се врати.“

Околу единаесет часот го забележав сигналот на мојот пријател. Кришум ми покажуваше на некоја госпоѓа која тукушто влегуваше во подвижната врата: малечка, нежна жена на четириесетина години, облечена во извонредно добро скроен црн фустан, со долга црна свилена наметка која се влечеше по подот зад неа. Нејзиното држење беше толку вистински аристократско што беше тешко да се замисли како жена на „работнички поет“, а уште повеќе како граѓанка на Советскиот Сојуз. Препречувајќи ѝ го патот, се поклонив и ѝ се обратив со најљубезен тон: „Госпоѓо Горки...?“

Само за миг таа изгледаше вчудоневидено, но веднаш потоа меката насмевка ги осветли нејзините прекрасни, црни очи и таа одговори на германски, кој имаше само слаба трага на словенски акцент: „Јас не сум госпоѓа Горки... Вие грешите – моето име е ...“ (додавајќи некое руско име кое сум го заборавил).

„Не, госпоѓо Горки“, јас бев истраен, „знам дека не грешам. Исто така знам дека не сакате репортерите да ве вознемируваат – но би ми значело многу, страшно многу ако ми дозволите да поразговарам со вас неколку минути. Ова е мојата прва шанса да се докажам. Сигурен сум дека не би сакале да ја уништите таа шанса...?“ Ѝ ја покажав мојата новинарска легитимација. „Ја добив дури денес, а треба да ја вратам ако не подготвам интервју со госпоѓата Горки.“

Аристократската госпоѓа и понатаму се смешкаше „А ако ви дадам чесен збор дека јас не сум госпоѓа Горки, дали тогаш ќе ми поверувавте?“

„Би поверувал во сè што ќе ми кажете на свој чесен збор.“

Таа прсна во смеа. „Вие сте, изгледа, љубезно малечко момче.“ (Нејзината елегантна глава одвај допираше до моите раменици.) „Нема повеќе да ве лажам. Победивте. Но, не можеме да го минеме остатокот од вечерта овде во предворјето. Дали би ми го пружиле задоволството и да испиете чај со мене во мојот апартман?“

И така го имав задоволството да пијам чај со госпоѓа Горки во нејзиниот апартман. Во текот на речиси цел час таа живо ги опишуваше стравотиите од гладот, а кога се разделив од неа по полноќ, со себе имав полна тетратка со белешки.

Помошниците на главните уредници во ноќната служба на *United Telegraph* беа вчудоневидени кога ме видоа во тоа невообичаено време. Не се трудев да објаснувам, бидејќи требаше да извршам итна работа. Пишувајќи го своето интервју најбрзо што можев, им најавив, не чекајќи ја согласноста на уредникот, итни повици на сите новинари што ги опслужувавме.

Следното утро беше експлозија. Додека ниеден од големите берлински дневни весници немаши дури ни вест за престојувањето на госпоѓата Горки во градот, сите провинциски весници кои ги опслужуваше нашата агенција го имаа на првите страници ексклузивното интервју со госпоѓата Горки од специјалниот претставник на *United Telegraph*. Телефонистот подготви првокласна вест.

Тоа попладне беше одржан состанок на уредниците во канцеларијата на д-р Дамерт. Бев повикан и, по воведното прекорување во кое ми беше објаснето дека ниедна поважна вест не смее да биде испратена без претходна согласност на уредникот на вестите, бев известен дека сум унапреден во репортер.

Конечно бев новинар.

– 4 –

МЕКИ ЧЕКОРИ во песокот: тоа е Зејд кој се враќа од бунарот со полн мев. Плесна кога тој го спушти на почвата покрај огнот, а тој продолжува со подготвувањето на нашата вечера: ориз и месо од младото јагне кое тој го купи во селото пред таа вечер. По последното мешање со црпалката, тој ми се обраќа:

„Дали би јадел сега, вујко?“ – и без чекање на мојот одговор кој, тој тоа го знае, може да биде само потврден, тој ја натрупува содржината на лонецот во големата чинија, ја става пред мене и ми донесува еден од нашите бакарни легени, наполнет со вода, да ги измијам рацете:

„*Бисмиллах*[19] и Аллах нека нѐ поживее“.

Почнуваме да јадеме, седејќи со прекрстени нозе еден наспроти друг, јадејќи со прстите од десната рака.

Јадеме во тишина. Ниедниот од нас никогаш не бил голем муабетчија. Освен тоа, некако бев внесен во расположението на сеќавањата, мислејќи на времињата што изминаа пред да дојдам во Арабија, дури пред да го сретнам Зејд, така што не можам да зборувам гласно; зборувам само тивко во себе и за себеси, чувствувајќи го

[19] Бисмиллах – во името на Бога. (Заб. на прев.)

расположението на својата сегашност преку расположението на моето минато.

По ручекот, додека седам потпрен врз моето седло, играјќи си со песокот и загледан во тивките арапски ѕвезди, мислам дека би било добро да се има некој покрај себе со кој би можел да разговарам за сè што ми се случило во оние далечни години. Но овде нема никого освен Зејд. Тој е добар и верен човек и беше мој сопатник во многуте денови од осаменоста; тој е остроумен, чувствителен во забележувањето и добро упатен во човечките постапки. Но, додека го гледам отстрана неговото лице – тоа отворено лице врамено во долгата коса, сега наведнато со сериозна задлабоченост над лонецот за кафе, сега свртено кон камилите кои се одмораат на почвата покрај нас и спокојно преживуваат – знам дека ми треба сосема поинаков слушател: таков што не само што не учествувал во тоа мое рано минато, туку кој, исто така, бил далеку од погледите, мирисите и звуците на сегашните дни и ноќи; таков пред кој би можел да ги разврзам јазлите на своето сеќавање, еден по еден, така што неговите очи би можеле да ги видат, а и моите би можеле повторно да ги видат, и кој така би можел да ми помогне да го фатам својот сопствен живот во мрежата на своите зборови.

Но овде нема никого освен Зејд. А Зејд е сегашноста.

III. Ветрови

– 1 –

ЈАВАМЕ, ЈАВАМЕ ние двајцата врз двете камили, а утрото веќе се оддалечува од нас.

„Тоа е чудно, мошне чудно“. Гласот на Зејд ја прекинува тишината.

„Што е чудно, Зејд?“

„Зар не е чудно, вујко, тоа дека ние само пред неколку дена одевме кон Тајма, а сега главите на нашите камили се свртени кон Мека? Сигурен сум, тоа ни самиот не го знаеше пред онаа ноќ. Ти си табиетлија како бедуин... како и јас самиот. Дали тоа беше *џин*, вујко, кој ме наведе на онаа ненадејна одлука, пред четири години, да дојдам кај тебе во Мека – и сега тебе ти ја насочува одлуката да одиш во Мека? Дали тоа ние им се препуштаме на ветриштата да нè носат затоа што не знаеме што сакаме?“

„Не, Зејде – ти и јас, ние си дозволуваме себеси да нè гонат ветриштата затоа што ние навистина знаеме што сакаме: нашите срца го знаат тоа, дури и ако нашите мисли се понекогаш бавни да го следат тоа – но на крајот тие, сепак, ги втасуваат нашите срца и тогаш ние мислиме дека сме донеле одлука...“

*

* *

МОЖЕБИ МОЕТО СРЦЕ го знаеше тоа дури и оној ден пред десет години кога стоев на палубата на бродот кој ме носеше на моето прво патување на Блискиот Исток, кон југот преку Црното Море, низ темнината на белата, бескрајна маглива ноќ, низ магливото утро, кон Босфор. Морето е оловно темно, понекогаш пената ќе ја заплиснеше палубата, удирањето на машините прилегаше на чукање на срцето.

Стоев до оградата гледајќи во бледата темнина. Ако ме прашаа што мислам тогаш, или какви надежи носам во себе во оваа прва авантура кон Исток, тешко дека ќе бев во можност да дадам каков и да е јасен одговор. Љубопитност, можеби: но тоа беше љубопитност која самата себеси не се сфаќаше многу сериозно бидејќи изгледаше дека се стреми кон нештата со незначителна важност. Маглата на мојот немир, која небаре имаше некаква врска со маглата што се појави над морето, не беше насочена кон странските земји и кон луѓето во деновите што доаѓаат. Сликите од блиската иднина, непознатите градови и појавите, странската облека и однесувањето кое требаше речиси да му се открие на мојот поглед, одвај дека ги преокупираше моите мисли. Ова патување го сметав како нешто случајно и го земав, какво што беше, во мојот чекор, како пријатна, но сепак не премногу важна меѓуигра. Во тој миг моите мисли беа возбудени и збунети од она што го сметав за преокупираност со моето минато.

Минато? Дали имав какво и да е минато? Имав дваесет и две години... Мојата генерација – генерацијата на оние кои беа родени на пресвртницата на столетието – живееше можеби побрзо отколку која и да е друга пред неа и ми изгледаше дека гледам назад во долгиот тек на

времето. Сите тешкотии и доживувања од тие години стоеја пред моите очи, сите овие копнежи, обиди и разочарувања – и жените – и моите први напади на животот... Оние бескрајни ноќи под ѕвездите, кога не знаевме сосема што сакаме и кога шетавме со пријателот низ пустите улици, зборувајќи за крупните нешта, а сосема заборавајќи колку ни се празни џебовите и колку е несигурен денот што доаѓа... Среќното незадоволство кое само младоста може да го почувствува и желбата да се промени светот и повторно да се изгради... Како треба да биде обликувана заедницата за да можат луѓето да живеат праведно и во изобилие? Како треба да бидат уредени нивните односи за да можат тие да ја надминат самотијата која го опкружува секој човек и вистински да живеат во заедница? Што е добро, а што зло? Што е судбина? Или, изразено поинаку: што треба да правиме за да станеме вистински, а не само навидум, идентични со својот сопствен живот така што ќе можеме да речеме: „Јас и мојата судбина сме едно“? Дискусии кои никогаш не завршуваат... литературните кафеани во Виена и во Берлин со своите бескрајни дискусии за „формата“, за „стилот“ и за „изразувањето“, за значењето на политичката слобода, за средбата на мажот и жената... Гладни за разбирање, а понекогаш и за храна... Ноќи изминати во страсти без ограничувања: неуредната постела в зори, кога возбудувањето навечер опаднало и полека станало сиво, круто и пусто. Но кога ќе дојдеше утрото, се забораваше во пепелта на зората и повторно се одеше со полетни чекори и се чувствуваше дека земјата радосно потреперува под нашите стапала... Возбудата на новата книга или на новото лице, барањето и наоѓањето на полуодговори, и оние мошне ретки мигови кога светот ненадејно, за миг, изгледа небаре застанат,

осветлен со болскотот на разбирањето кое ветува да открие нешто што никогаш не било допрено, одговорот на сите прашања.

*
* *

ТОА БЕА чудни години, тие први години од дваесеттиот век во Централна Европа. Општата атмосфера на општествената и моралната несигурност ја поттикнуваше очајничката надеж која се манифестираше во смелите експерименти во музиката, сликарството и во театарот, како и во испитувањето, честото револуционерно истражување на морфологијата на културата. Но, рака под рака со овој нагласен оптимизам одеше и духовната празнина, нејасниот, цинички релативизам, произлезен од растечката безнадежност во однос на иднината на човекот.

Наспроти мојата младост, по катастрофата од светската војна не ми остана сокриено дека нештата веќе не беа како што треба во скршениот, незадоволен, емоционално напнат и возвишен европски свет. Неговото вистинско божество, видов, не беше од духовен вид: тоа беше Комфорот. Без сомнение, сè уште постојеа многумина од оние индивидуи кои чувствуваа и мислеа на религиски начин и правеа очајнички напори да ги усогласат своите морални верувања со духот на својата цивилизација, но тие беа само исклучоци. Просечниот Европеец – било да е демократ или комунист, физички работник или интелектуалец – се чини дека познаваше само едно позитивно верување: обожувањето на материјалниот напредок, верувањето дека во животот не може да постои друга цел освен самиот живот постојано да се прави полесен или, како што тогаш се велеше, „независен од

природата“. Храмовите на таа вера беа гигантските фабрики, кината, хемиските лаборатории, салите за танцување, хидроцентралите; а нејзините свештеници беа банкарите, инженерите, политичарите, филмските ѕвезди, статистичарите, индустриските раководители, воздухопловните асови и комесарите. Етичката фрустрација беше очигледна во сеопштиот недостиг на согласноста за значењето на Доброто и Злото и во потчинувањето на сите општествени и економски заклучоци на правилото на „полезноста“ – таа нашминкана дама од улицата, подготвена да се даде секому, во секое време, кога и да биде повикана... Незаситниот копнеж по моќта и задоволството нужно водеше до распаѓање на западното општество во непријателски групи вооружени до заби и решителни меѓусебно да се уништат, кога и каде да се судриле нивните интереси. А од аспект на културата, исходот беше создавање таков човек чија моралност небаре била ограничена само врз прашањето на практичната полезност и чијшто највисок критериум за тоа што е добро, а што е лошо е материјалниот успех.

Видов колку збунет и несреќен стана нашиот живот, колку малку заедништво имаше меѓу човек и човек, наспроти разнишаното, речиси хистерично инсистирање врз „заедницата“ и „нацијата“; колку далеку заталкавме од нашите инстинкти, и колку тесни, колку назаднички станаа нашите души. Го видов сево ова, но, на некој начин, никако не ми паѓаше на ум – како што се чини дека не му паднало на ум и никому околу мене – дека одговорот, или барем делумниот одговор на овие неволји, би можел да се добие во воневропските културни искуства. Европа беше почетокот и крајот на сето наше размислување, па дури ни моето откривање на Лао Це, кога имав

околу седумнаесет години, не го измени моето гледиште во оваа смисла.

*
* *

ТОА БЕШЕ ВИСТИНСКО откритие; никогаш порано не бев слушнал за Лао Це, ниту имав нешто научено за неговата филозофија, кога еден ден го најдов германскиот превод на „*Тао-те-кинг*“ кој лежеше на рафтот во една виенска книжарница. Чудното име и насловот во мене предизвикаа мирна љубопитност. Отворајќи ја книгата без размислување, бегло погледнав едно од неговите афористички поглавја и почувствував ненадејно восхитување, како напад на среќа, што направи да заборавам сè околу себе и ме држеше прикован таму каде што стоев, маѓепсан, со книгата во рацете: во неа го видов човечкиот живот во сета своја ведрост, без какви и да е разделености и конфликти, воздигнувајќи се во онаа тивка радост која секогаш му се отвора на човечкото срце секогаш кога ќе се обиде да се послужи со својата сопствена слобода... Ова беше вистината, го знаев тоа: вистината која секогаш била вистина, иако ја бевме заборавиле, а сега ја препознав со радоста со која се враќаме во одамна изгубениот дом...

Оттогаш, во текот на неколку години, Лао Це за мене беше прозорец низ кој можев да гледам во кристално чистите подрачја на животот, кој е далеку од сета тесност и страв, слободен од детската опсесија што постојано нè тера секогаш одново да ја осигуруваме нашата егзистенција со помош на „материјалниот напредок“ по секоја цена. Материјалниот напредок не ми изгледаше погрешен или непотребен; напротив, и понатаму го сметав за

добар и потребен, но во исто време бев уверен дека тој никогаш нема да може да ја постигне својата цел – да ја зголеми вкупната човечка среќа – освен ако не е придружен со пренасочување на нашиот духовен став и со новата вера во апсолутните вредности. Како може да се постигне таквото пренасочување и од каков вид треба да биде тоа ново определување на вредностите, не ми беше сосема јасно. Сигурно би било залудно да се очекува дека луѓето ќе ја променат својата цел – и на тој начин и насоката на своето настојување – штом некој ќе почне да им проповеда, како што правел Лао Це, дека мораме да се отвораме кон животот наместо да се обидуваме да го грабаме за себе и така да го изнасилуваме. Самото проповедање, самото интелектуално извршување очигледно не може да доведе до промена на духовниот став на европското општество; беше потребна една нова вера на срцето, страствено предавање на вредностите кои не толерираат никакво АКО ниту НО. Но од каде да добиеме таква вера...?

Никако не ми доаѓаше на ум дека тој моќен предизвик на Лао Це не беше насочен само кон минливиот, па затоа променлив интелектуален став, туку кон еден од најфундаменталните поими од кои избива тој став. Ако го знаев тоа, ќе бев принуден да заклучам дека Европа можеби не би можела да ја постигне онаа лесна ведрина на душата за која зборуваше Лао Це, ако не собере храброст да се посомнева во своите сопствени духовни и етички корени. Секако, бев премногу млад за свесно да дојдам до тој заклучок; премногу млад за да го сфатам предизвикот на кинескиот мудрец во сите негови импликации и во неговата целосна големина. Навистина, неговата порака најдлабоко ме потресе; ми го откри аспектот на животот во кој човекот би можел да стане едно со својата судбина, а така и

со себеси, но бидејќи не гледав јасно како таквата филозофија би можела да го надмине чистото размислување и да биде преместена во стварноста во контекст на европскиот начин на живеење, постепено почнав да се сомневам дали е таа воопшто остварлива. Сè уште ја немав достигнато точката во која ќе се *прашам* себеси дали европскиот начин на живеење, во своите основи, е единствениот можен начин. Со други зборови, како и сите други околу мене, бев целосно потонет во европскиот егоцентричен културен аспект.

И така, иако неговиот глас никогаш не бил целосно замолчен, Лао Це се повлече, чекор по чекор, во заднината на контемплативните фантазии и со тек на времето остана само носител на една прекрасна поезија. Продолжив понекогаш да го читам, и секој пат би почувствувал бран на среќна визија, но секогаш ќе ја оставев книгата со стемнето жалење дека тоа е само мечтателски повик од некоја кула од слонова коска. И, иако се натегав со непријатниот, горчлив, алчен свет на кој му припаѓав, сепак, не сакав да живем во кула од слонова коска.

Сепак, не бев загреан за ниедна од тие цели и настојувања кои тогаш струеја низ европската интелектуална атмосфера и ја полнеа нејзината култура, уметност и политика со брмчењето на острите спорови: бидејќи, колку што повеќето од овие цели и настојувања беа во меѓусебна спротивност, тие очигледно имаа една заедничка работа: наивната претпоставка дека животот може да се извлече од својата сегашна збунетост и да се „подобри“ само ако се подобрат неговите надворешни – економски и политички – услови. Дури и тогаш јасно чувствував дека материјалниот напредок, самиот по себе, не може да даде решение, никогаш не сум бил во состојба во себе да

го откријам она воодушевување кое моите современици го имаа за „прогресот“.

Не можам да речам дека бев несреќен. Никогаш не сум бил интровертен, а токму тогаш, во поголема мера отколку обично, го уживав успехот во своите практични работи. Иако не бев наклонет да ѝ придавам премногу важност на „кариерата“ како таква, работата во *United Telegraph* – каде што благодарејќи на моето познавање на јазикот, сега бев помошник на главниот уредник задолжен за службата на вестите за скандинавскиот печат – изгледаше дека отвора многу можности во поширокиот свет. Café des Westens и неговиот духовен наследник, Romanisches Café – местото за средба на најистакнатите писатели, уметници, новинари, актери, продуценти од тоа време – за мене претставуваше еден вид дом. Бев во пријателски, а понекогаш и во мошне блиски односи со луѓето со прочуени имиња и себеси се сметав – барем навидум, ако не по слава – за еден од нив. Имав длабоки пријателства и минливи љубови. Животот беше возбудлив, полн со ветувања и полн со шаренило во разновидноста на своите впечатоци. Не, јас сигурно не бев несреќен – бев само длабоко разочаран, незадоволен, не знаејќи кон што навистина се стремам, а истовремено бев уверен, со апсурдната ароганција на младоста, дека тоа еден ден ќе го знам. Така се движев таму-ваму во тоа дали моето срце беше задоволно или не, токму како што тоа го правеа и мнозината други млади луѓе во оние чудни години; бидејќи, иако никој од нас не беше вистински несреќен, ретки беа оние што изгледаа свесно среќни.

Не бев несреќен, но мојата неспособност да учествувам во разните општествени, економски и политички надежи на оние околу мене – со текот на времето прерасна во нејасно чувство дека не им припаѓам сосема,

придружен, повторно нејасно, со чувството дека припаѓам – кому? – дека сум дел од нешто – од што?

*
* *

И ТОГАШ, ЕДЕН ДЕН, во пролетта 1922, примив писмо од мојот вујко Доријан.

Доријан беше најмладиот брат на мојата мајка. Нашиот однос секогаш беше повеќе однос на пријатели отколку на вујко и внук. Тој беше психијатар – еден од првите ученици на Фројд – и во тоа време ја водеше болницата за душевни болести во Ерусалим. Бидејќи самиот тој не беше ционист, и не се согласуваше многу со целите на ционизмот – ниту, пак, поради тоа, им беше близок на Арапите – се чувствуваше осамен и изолиран во светот кој немаше што да му понуди освен работа и заработка. Бидејќи не беше женет, за својот внук мислеше како за можен другар во својата осаменост. Во своето писмо ме потсети на оние возбудливи денови во Виена кога ме водеше во новиот свет на психоанализата. Писмото го заврши со зборовите: „Зошто не дојдеш и не останеш овде со мене неколку месеци? Ќе ти платам повратен билет за патувањето, а ќе бидеш слободен да се вратиш во Берлин кога ќе посакаш. Додека ќе бидеш овде, ќе живееш во пријатната, стара арапска камена куќа која лете е свежа (а зиме ѓаволски студена). Деновите ќе ги поминуваме среќно заедно. Овде имам многу книги, па кога ќе се измориш од набљудувањето на фантастичните глетки околу себе, ќе можеш да читаш колку што сакаш...“

Ја донесов одлуката без колебање кое што секогаш ги карактеризираше моите важни постапки. Следното утро го известив д-р Дамерт во *United Telegraph* дека „битни

работни понуди“ ме тераат да одам на Блискиот Исток и дека поради тоа ќе морам да ја напуштам агенцијата по седум дена.

Ако тогаш некој ми речеше дека моето прво запознавање со светот на исламот ќе се движи надвор од туристичко доживување и, всушност, ќе стане пресвртница во мојот живот, ќе ја исмеев таа помисла како крајно бесмислена. Не би можело да се каже дека бев непристапен за заводливоста на земјите врзани во моите мисли – како и во мислите на мнозината Европејци – за романтичната атмосфера на „Илјада и една ноќ“; јас секако очекував колорит, егзотични обичаи, сликовити средби, но никогаш не ми паднало на ум да очекувам доживувања и во духовното подрачје, а новото патување не изгледаше дека нуди некакво посебно ветување од лична природа. Сите поими и впечатоци кои ги имав порано инстинктивно сум ги поврзувал со западниот аспект на светот, со надеж дека ќе постигнам поширока способност за чувствување и сфаќање во рамките на единствената културна средина која ми беше позната. А ако размислите за тоа, како би можел поинаку да чувствувам? Бев само мошне, мошне млад Европеец, воспитан во уверувањето дека исламот и сето она што тој го претставува е само романтична патека на човековата историја, која не е дури ни сосема „пристојна“ од духовен и од етички аспект, и затоа не треба да биде спомнувана заедно, а уште помалку споредена, со единствените две вери кои Запад ги смета за достојни да бидат земени сериозно: христијанството и еврејството.

Со оваа нејасна, европска педрасуда кон исламот (иако, секако, не кон романтизираниот надворешен изглед на муслиманскиот живот) тргнав на пат во летото 1922. Да бидам праведен кон самиот себеси, иако не можам да

кажам дека бев преокупиран со себеси во лична смисла, сепак бев, не знаејќи го тоа, длабоко потонат во оној со себе преокупиран, културно егоцентричен менталитет, толку карактеристичен за Запад во сите времиња.

*
* *

ТАКА СЕГА СТОЕВ на палубата на бродот на патот кон Исток. Удобното патување ме доведе до Констанца, а потоа во ова прво магловито утро.

Црвеното едро изнурка од магливите превези и се провлече сосема блиску до бродот. Бидејќи стана видливо, можеше да се види дека сонцето наскоро ќе ја пробие маглата. Неколку бледи зраци, тенки како конци, паднаа на ретката магла со дожд преку морето. Нивната бледост имаше нешто од цврстината на металот. Под нивниот притисок млечните маси на маглата се смирија полека и тешко над водата, потоа се расцепија и конечно се кренаа и лево и десно од сончевите зраци, во широко развиените лакови што беа распространети како крилја.

„Добро утро“, рече длабокиот, заситен глас. Се свртев и ја препознав црната свештеничка мантија на својот придружник од минатата вечер и пријателската насмевка на лицето која почна да ми се допаѓа во текот на нашето неколкучасовно познанство. Језуитскиот свештеник беше половина Полјак, половина Французин, и предаваше историја на некој колеџ во Александрија; сега од одмор се враќаше таму. По качувањето на бродот ја минавме вечерта во жив разговор. Иако наскоро стана очигледно дека ние многу се разликуваме во многу заклучоци, сепак, имавме многу точки од заеднички интерес, а веќе бев доволно зрел да препознаам дека овде се

манифестира еден брилијантен, сериозен и во исто време шеговит дух.

„Добро утро, оче Феликс; погледнете го морето...“

Дневната светлина и боите се појавија со Сонцето. Стоевме на предниот дел од бродот под утринскиот ветер. Предизвикан од невозможноста, се обидов да го определам движењето на бојата во брановите што се кршеа. Сина? Зелена? Сива? Можеби беше сина – но уште едно треперење на силно црвената боја, рефлектирајќи го Сонцето, се лизгаше преку вдлабнатиот подем на бранот, додека не изнурка гребенот од снежната пена и челично-сивите, кадрави партали не се искачија врз него. Она што пред малку беше брановидно ритче сега е несигурно движење – уривачко отворање на илјада ситни, независни вртлози во чиишто темни празнини силно црвената се претвораше во силно, заситено зелена боја; потоа зелената боја бунтовнички се претвораше во колеблива виолетова, која на почетокот се повлекуваше во, како вино, црвена боја, но веднаш потоа се затвораше како тиркизно сина и се претвораше во врв на бран, за тој повторно да се урне; и повторно белата пена ја шириеше својата мрежа доминирачки, преку свиткувачките водени ритчиња... И понатаму, и понатаму течеше бескрајната игра...

Тоа кај мене предизвика речиси физичко чувство на вознемиреност, никако да не можам да ја сфатам оваа игра на бои и нејзиниот постојано променлив ритам. Кога погледнав во тоа сосема површно, само од аголот на моето око, како што беше, почувствував, за миг, дека би било можно да се фати сево ова во рамките на интегрираната слика; но намерната концентрација, навиката на поврзување на еден изолиран концепт со друг, не водеше до ништо друго освен до серијата одделни, разделени слики.

Но, од оваа тешкотија, оваа чудно иритирачка забуна, ми дојде една мисла со голема јаснотија – или барем мене така тогаш ми се чинеше – и реков, речиси не сакајќи:

„Секој кој би бил во состојба да го опфати сево ова со своите сетила, тој би бил во состојба да загосподари со судбината."

„Знам на што мислите", одговори отецот Феликс, „но зошто би сакале да загосподариме со судбината? За да го избегнеме страдањето? Зарем не би било подобро да се ослободиме од судбината?"

„Вие зборувате речиси како будист, оче Феликс. Дали вие ја сметате нирваната како цел на постоењето?"

„Ах, не, секако дека не... Ние христијаните не се стремиме кон гасењето на животот и на чувствата – ние само сакаме да го воздигнеме животот од материјалното и сензуалното во духовното царство."

„Но зар не е тоа одрекување?"

„Тоа не е одрекување, млад пријателе. Тоа е единствениот пат кон вистинскиот живот, кон мирот..."

Босфор се отвораше пред нас, широкиот воден пат опкружен од двете страни со камени ридови. Овде-онде можеа да се видат прозирните палати на столбови, градините на терасите, чемпресите што се воздигнуваат во својата темна височина и старите јаничарски тврдини; тешките камени маси што висат над водата како гнезда на птиците грабливки. Како од голема далечина, го слушам гласот на отецот Феликс како продолжува:

„Видете, најдобриот симбол на копнежот – копнежот на сите луѓе – е симболот на рајот; го наоѓате во сите религии, секогаш во поинаква форма, но значењето е се-

когаш исто – името, желбата да се биде слободен од судбината. Луѓето од рајот немале судбина; тие ја добиле дури откако попуштиле пред искушенијата на телото и така паднале во она што го нарекуваме прв грев: поткленување на духот пред поттиците на телото, кои се навистина само животински остатоци во човековата природа. Битниот, човечкиот, човечко-боженскиот дел од човекот е само неговата душа. Душата се стреми кон светлината, што е духот, но поради првиот грев нејзиниот пат е препречуван од пречки кои се креваат од материјалниот, небожествен состав на телото и од неговите потреби. Според тоа, она кон што се стреми христијанското учење е ослободување на човекот од небитните, минливите сетилни аспекти на неговиот живот и враќање кон неговото духовно наследство."

Се појави древната тврдина на Румели Хисар со две кули; еден од нејзините запчести ѕидови стрмно се спушташе речиси до работ на водата; на копното, меѓу полукруговите формирани од ѕидовите на тврдината, лежат сонливите мали турски гробишта со урнати надгробни споменици.

„Можеби е така, оче Феликс. Но јас чувствувам – а тоа го чувствуваат и многумина од мојата генерација – дека има нешто погрешно во правењето разлика меѓу ‚битното' и ‚небитното' во структурата на човекот и во разделувањето на духот и на телото... накусо, не можам да се согласам со вашето негирање на секоја оправданост на физичките потреби, на телото, на судбината врзана за земјата. Мојата желба оди во друга насока: јас сонувам за форма на живот – иако морам да признаам дека тоа сè уште не го гледам јасно – во кој човекот, со дух и со тело, би се стремел кон сè подлабокото и подлабокото исполнување на своето Јас – во кој духот и сетилата не би биле

меѓусебни непријатели и во кој човекот би можел да постигне единство во себеси и со смислата на својата судбина, за на крајот на своите денови да може да рече: ‚Јас сум мојата судбина.‘“

„Тоа бил хеленистички сон“, одговори отецот Феликс, „а каде водел тој? Прво до орфејските и дионисиските мистерии, а потоа до Платон и до Плотин и така, повторно, до неизбежното сфаќање дека духот и телото се меѓусебно спротивставени... Да се ослободи духот од доминацијата на телото: тоа е смислата на христијанското спасение, смислата на нашето верување во Господовото саможртвување на крстот...“ Овде тој се прекина себеси и се сврте кон мене гледајќи ме со проникливост: „Ох, јас не сум секогаш мисионер... простете ми ако ви зборувам за мојата вера, која не е ваша...“

„Но јас немам никаква“, го уверував.

„Да“, рече отецот Феликс, „знам, недостигот од вера, или подобро кажано, неспособноста да се верува, е главната болест на нашето време. Вие, како и многу други, живеете во илузија која е стара илјадници години: илузија дека самиот разум може да им даде насока на човековите настојувања. Но разумот не може самиот по себе да го достигне духовното спознавање затоа што тој е премногу преокупиран со достигнувањето на материјалните цели; верата, и само верата, може да нè ослободи од таквата преокупираност“.

„Верата...?“ Запрашав јас. „Вие повторно го спомнувате тој збор. Постои една работа што не ја разбирам: велите дека е невозможно само со разумот да се дојде до спознанието и до праведниот живот; велите дека е пот-

ребна вера. Сосема се согласувам со вас. Но како да достигнеме вера ако воопшто ја немаме? Има ли каков и да е пат до неа – мислам отворен пат по наша волја?“

„Мил пријателу – самата волја не е доволна. Патот се отвора само со Божјата милост. Но тој секогаш е отворен за оној што од длабочината на својата душа се моли за просветление“.

„Да се молам! Но ако сме во состојба да го правиме тоа, оче Феликс, тогаш веќе *имаме* вера. Вие ме водите во круг, бидејќи ако некој моли, тој веќе мора да биде уверен во постоењето на Оној кому му се моли. Како дошол тој до ова уверување? Со својот разум? Зар ова не би значело да се признае дека верата може да се постигне со разумот? А освен тоа, може ли ‚молитвата‘ да му значи нешто некому кој никогаш немал такво искуство?“

Свештеникот ги крева рамениците со жалење, како што ми изгледаше мене: „Ако некој не бил во состојба самиот да го доживее Бога, тој треба да дозволи да го водат оние што Го доживеале...“

*
* *

НЕКОЛКУ ДЕНА ПОДОЦНА пристигнавме во Александрија и истото попладне отидов во Палестина.

Возот леташе како стрела низ попладневниот благ, влажен пејзаж на Делтата. Каналите на Нил, засенети со едрата на многубројните товарни чунови, ни го пресекуваа патот. Гратчињата, прашливо-сивите групи куќи и светлечките минариња, надоаѓаа и заминуваа. Се провлекуваа селата составени од колиби во форма на кутии од иловица. Ожнеани памучни полиња, полиња со изник-

ната шеќерна трска, обилно израснати палми над селската џамија; биволи, црни, со тешки делови на телото, одат сега дома, без водич, од калливите локви во кои се валкале во текот на денот. Во далечината, луѓе во долги наметки: изгледаше како да лебдат, толку светол и јасен беше воздухот под високото, сино, стаклесто небо. На ридовите на каналите се свиткуваа трските под ветерот; жените во црните наметки од тил ја носеа водата во земјени стомни: прекрасни жени, вити, со долги нозе; во своето одење ме потсеќаваа на растенија со долги стебла што нежно се нишаат на ветерот, а сепак полни со сила. Младите девојки и жените го имаа истиот лелеав од.

Мракот растеше како здив на некое огромно живо суштество што почива. Додека луѓето си одеа дома од полињата, нивните движења изгледаа оптегнати и во исто време воздигнати од денот што полека исчезнува; секој чекор изгледаше како да има свој сопствен живот, заобиколен во себеси, меѓу вечноста и вечноста, постојано тој еден чекор. Овој изглед на леснотија и благост можеби можеше да ѝ се припише на развеселувачката вечерна светлина на делтата на Нил – можеби исто така и на мојот сопствен немир при гледањето на толку многу нови работи – но што и да е причината, ненадејно во себеси ја почувствував сета тежина на Европа, тежината на промислената цел во сите наши акции. Помислив во себе: „Колку ни е тешко да ја достигнеме стварноста. Ние постојано настојуваме да ја зграпчиме, но, таа не сака да биде зграпчена. Само таму каде што таа го надвладува човекот, таа самата му се предава“.

Чекорот на египетските земјоделци, веќе загубени во далечината и мракот, и понатаму се нишаше во моите мисли како химна на сите големи работи.

Дојдовме до Суецкиот Канал, свртевме под прав агол и некое време се лизгавме кон север долж сиво-пустиот насип. Оваа долга линија на каналот во ноќта беше како развлечена мелодија. Месечевата светлина го претвораше овој воден пат во нешто слично на широк пат од соништа, темна лента од болскав метал. Заситената земја на долината на Нил со зачудувачка брзина им го отстапуваше местото на синџирите од песочни дини кои од двете страни го затвораат каналот со бледило и со острина какви ретко можат да се видат во некој друг ноќен пејсаж. Во глувата тишина овде-онде се забележуваше скелет на багер. Од онаа страна, на другиот насип, профучи јавач на камила, профучи – одвај можеше да се види и веќе го проголта ноќта... Каков голем, едноставен тек: од Црвеното Море, низ Горчливите Езера, до Средоземното Море – право низ пустината – за да може Индискиот Океан да ги заплисне европските ридови...

Во Кантара патувањето беше прекинато за некое време и бавниот сплав ги пренесе патниците преку тивката вода. Имаше уште речиси цел час до поаѓањето на возот за Палестина. Седнав пред зградата на станицата. Воздухот беше топол и сув. Таму беше пустината, и од левата и од десната страна. Треперливото сивило преоѓаше во темнината низ која се пробиваше привремениот лаеж – можеби тоа беа чакали, можеби пци. Некој бедуин, тешко натоварен со дисаги направени од килимска ткаенина, пристигна од сплавот и отиде кон групата во далечината, која дури сега ја распознав како неподвижни луѓе и клекнати камили, оседлани и подготвени за поаѓање. Изгледаше дека го очекуваа новодојдениот. Тој ги префрли своите дисаги преку едното од животните, разменија неколку зборови, сите се искачија на камилите и, истиот миг, камилите станаа, првин на задните, потоа на

предните нозе – јавачите се разнишаа нанапред и наназад – потоа одјаваа со меките свиркави звуци. Уште некое време можеа да се следат светлите, занишани тела на животните и широките, кафеаникаво-бели ригести наметки на бедуините.

Еден железничар дошета до мене. Сиот беше во сино и изгледа дека куцаше. Ја запали својата цигара од мојата, а потоа на лош француски ме праша:

„Одите за Ерусалим?“ Кога одговорив потврдно, тој продолжи: „Првпат?“

Потврдив со главата. Тукушто сакаше да замине, потоа се сврте и рече: „Го видовте ли таму големиот караван од Синајската Пустина? Не? Тогаш дојдете да ги посетиме. Имате време.“

Ѓоновите од нашите чевли чкрипеа во песокот додека се искачувавме низ тивката празнина по тесната, добро разгазена патека која водеше кон песочните дини. Некој пес лаеше во темнината. Додека одевме, сопнувајќи се на ниските трнливи грмушки, до мене допреа гласови – измешани, придушени, небаре доаѓаат од многу луѓе – и остриот, а сепак благ мирис на многуте тела на животните што се одмораат, измешан со сувиот пустински воздух. Ненадејно – токму како што можете да видете во некој град, за време на магливата ноќ, треперењето на дотогаш невидливата ламба се појавува од аголот на улицата и ја осветлува само маглата – тесна лента од светлина се појави оздола, како од под земјата и се крена косо во темниот воздух. Тоа беше болскотот на огнот кој доаѓаше од длабочината на клисурата меѓу двете песочни дини, толку густо прекриена со трнливи грмушки што не можеше да се види нејзиното дно. Сега можев јасно да ги чујам звуците на оние што сѐ уште беа невидливи.

Го слушнав дишењето на камилите и како меѓусебно се чешаат едната од друга во тесниот простор. Една голема, црна човечка сенка падна преку светлината, прелета на спротивната падина, а потоа повторно се спушти. По уште неколку чекори можев да го видам сето тоа – голем круг камили што клечат со купишта седла и вреќи насекаде наоколу, а меѓу нив фигури на луѓе. Мирисот на животните беше сладикав и тежок како вино. Понекогаш некоја камила ќе го помести своето тело кое ги губеше своите контури во темнината, ќе го крене и ќе го истегне вратот во ноќниот воздух, фучејќи небаре воздивнува; така, првпат слушнав воздишка на камила. Некоја овца тивко блееше, некој пес ’ржеше, а насекаде надвор од клисурата ноќта беше црна и без ѕвезди.

Веќе беше доцна, требаше да одам назад кон станицата. Но полека се спуштав низ патеката низ која дојдовме, збунет и чудно потресен, како од некое таинствено доживување кое го зграпчило дното на моето срце и не ме пушта...

*

* *

ВОЗОТ МЕ НОСЕШЕ низ Синајската Пустина. Бев исцрпен, без сон од студенилото на пустинската ноќ и од нишањето на возот преку шините поставени врз реткиот песок. Наспроти мене седеше некој бедуин во широка кафеава *абаја*. И нему му беше студено така што го беше завиткал лицето во прекривката за глава. Седеше на клупата со прекрстени нозе, а на неговите колена лежеше една крива сабја во корици украсени со сребро. Утрото беше близу. Речиси можеа да се распознаат контурите на диниte и грмушките кактус надвор.

Сè уште се сеќавам како се појавуваше зората – сивоцрно оцртувајќи ги формите, полека исцртувајќи ги контурите – и како постепено ги извлекуваше од темнината песочните дини и од нив оформуваше хармонични маси. Во растечката полусветлина се појави група шатори и се провлече, а покрај нив, сребрено-сива, како магливо перде на ветерот, се сушеше рибарската мрежа вертикално распната меѓу столбовите; рибарски мрежи во пустина – нишајќи се на утринскиот ветер – превези на сонот, прозирни, нестварни, меѓу ноќта и денот.

Од десната страна беше пустината, од левата морето. На ридот, осамен јавач на камила; можеби јавал цела ноќ. Сега изгледаше сонливо, опуштен на седлото, та и двајцата се нишаат, човекот и камилата, во заеднички ритам. Повторно црни бедуински шатори. Веќе беа надвор жените со земјените стомни на своите глави, подготвени да одат на бунарот. Од самракот кој преминуваше во светлина испливуваше прозирниот свет, придвижуван од невидливите импулси, чудото на сето она што е едноставно и што нема крај.

Сонцето изби преку песокот со сè пошироки и пошироки зраци, а сивилото на самракот се претвори во портокалово-златен огномет. Брзавме низ оазата Ел-Ариш, низ колонадните величествени палми со илјадниците остри лакови на палмовите лисја и кафеавкаво-зелената мрежа од светлина и сенка, видов една жена со полна стомна на главата како се враќа од бунарот и оди полека по патеката под палмите. Носеше долг црвено-син фустан и беше како висока дама од легендата.

Палмовите градини од Ел-Ариш ненадејно исчезнаа како и што се појавија. Сега патувавме низ млечно-болскава светлина. Надвор, зад прозорските окна што потреперуваа, длабока тишина каква што никогаш не сум

можел ни да замислам. Сите форми и движења беа лишени од вчера и од денес – беа едноставно тука, во опојната едноставност. Финиот песок, што ветерот го обликува во нежни ритчиња кои под сонцето болскаа бледопортокалово, како мошне стар пергамент, само помеко, поблаго во своите прекршувања и кривини, бранувајќи се во остри, решителни бразди на врвовите, бескрајно нежни на страните, со просирни пастелни сенки – пурпурно, виолетово и црвено-розова – во плитките вдлабнувања и празнини. Облаци што се прелеваат слично на опал, грмушки кактус овде-онде, и понекогаш висока, тврда трева. Еднаш или двапати видов слаби, босоноги бедуини и караван од камили натоварени со палмови гранки кои однекаде ги носеа некаде. Се почувствував опфатен од пространиот пејсаж.

Неколкупати застанавме на малите станици, обично со само неколку дрвени и ламаринени бараки. Мургавите, парталави момчиња трчаа околу со кошници и нудеа смокви за продажба, тврдо варени јајца и свежи, сплескани лепчиња. Бедуинот наспроти мене полека стана, ја одвитка својата прекривка за главата и го отвори прозорецот. Неговото лице беше суво, мургаво, со остри црти, едно од оние што потсеќаваат на јастреб кој секогаш гледа внимателно нанапред. Тој купи колач, се сврте и тукушто сакаше да седне, кога погледот му падна врз мене; тогаш, без збор, го прекрши својот колач наполу и ми понуди половина. Кога го виде моето колебање и чудење, тој се насмевна – да, видов дека таа блага насмевка му прилега на неговото лице исто толку добро како и внимателноста од пред малку – и рече некој збор „*мефеддал*“ – „направете ми го задоволството“. Го зедов колачот и му се заблагодарив со нишнување на главата. Еден друг патник – носеше,

освен својот црвен фес, европски костум и веројатно беше ситен трговец – се вмеша како преведувач. На искривен англиски тој рече:

„Тој вели, вие патник; вашиот пат и неговиот пат е заедно“.

Кога сега ќе се присетам на оваа мала згода, ми изгледа дека сета моја подоцнежна љубов за арапскиот карактер мора да била под влијанието на овој бедуин кој, преку сите бариери на непознавање, почувствувал пријател во случајниот сопатник и го поделил лебот со него. Мора веќе да сум го почувствувал здивот и чекорот на човечноста без оптоварување.

Наскоро дојде старата Газа, како тврдина од кал, која го живее својот заборавен живот на песочниот рид меѓу sидовите од кактус. Мојот бедуин ги собра своите дисаги, ме поздрави со достоинствена насмевка и со мавнување на главата и излезе од вагонот, бришејќи го подот зад себе со долгиот скут од својата наметка. Двајца други бедуини стоеја надвор на перонот и се поздравија со него со ракување и со бакнување на двата образа.

Трговецот што зборуваше англиски ја стави својата рака врз мојата: „Дојди, уште четвртина час време.“

Зад зградата на станицата беше влогорен еден караван; тоа беа, ме извести мојот придружник, бедуини од северен Хицаз. Имаа изгорени, правливи, сурово-топли лица. Нашиот пријател беше меѓу нив. Испадна дека тој е личност од некоја важност, бидејќи сите стоеја во слободен полукруг околу него и одговараа на неговите прашања. Трговецот им се обрати, а тие се свртеа кон нас, пријателски – и, помислив, некако горделиво – кон нашиот градски живот.

Ги опкружуваше атмосфера на слобода и почувствував силна желба да го запознаам и да го сфатам нивниот живот. Воздухот беше сув, треперлив и изгледаше дека продира во телото. Тој олабавуваше секаква вкоченост, ги ослободуваше сите мисли и ги правеше троми и тивки. Имаше нешто безвременско во него, кое чинеше сè што се гледа, се слуша и се мириса да добива посебна вредност, на свој начин. Почна да ми станува јасно дека тие луѓе кои доаѓаат од пустинските подрачја мора да го чувствуваат животот на начин сосема различен од оној што го чувствуваат луѓето од сите други подрачја; тие мора да се слободни од сите опсесии – можеби исто така и од многу соништа – својствени за жителите на постудените, побогати земји и секако од многуте нивни ограничувања; а бидејќи мораат поинтимно да се потпираат врз сопствените набљудувања, овие жители на пустината мораат да воведат сосема поинаква скала на вредности за нештата во светот.

Можеби тоа беше токму некакво претчуство за пресвртот во мојот живот што надоаѓаше, кое ме зграпчи во тој прв ден во арапската земја при погледот на бедуините: претчувството за светот кој е без определени граници но, наспроти тоа, не е никогаш безобличен; кој е целосно заокружен во себеси – а сепак отворен на сите страни: свет кој наскоро требаше да стане мој сопствен. Не може да се каже дека тогаш бев свесен за она што иднината го имаше подготвено за мене; секако не. Тоа беше повеќе како кога првпат ќе влезете во непозната куќа и некој необјаснив мирис во ходникот нејасно ви ги навестува нештата кои ќе се случат во таа куќа, а кои вам ќе ви се случат. И ако тоа треба да бидат радосни нешта, вие чувствувате напад на восхит во вашето срце – и ќе се присетите на тоа многу подоцна, кога сите тие настани веќе

ќе се случат и самиот себеси ќе си кажете: „Сето ова јас одамна го насетував; така и никако поинаку, во оној прв миг во ходникот.“

– 2 –

СИЛЕН ВЕТЕР дува низ пустината и некое време Зејд помислува дека повторно ќе имаме луња. Но иако не доаѓа никаква песочна луња, ветерот не нè напушта. Нè следи во постојани налети, а налетите се стопуваат во единствено, постојано завивање додека слегуваме во песочната долина. Палмовото село во неговата средина, составено од неколку издвоени населби – секоја опкружена со земјен ѕид – е прекриено со магла од развиорен песочен прав.

Ова подрачје е некој вид ветерно дувло: секој ден од зората до заоѓањето на сонцето ветерот тука удира со острите крилја, смирувајќи се ноќе, за повторно да се крене следното утро со обновена сила; а палмовите стебла, вечно притиснати удолу од неговите удари, не можат да израснат до својата целосна височина туку остануваат закржлавени, близу до почвата, со широко испружени лисја, секогаш во опасност од агресивните песочни дини. Селото веќе одамна ќе беше закопано во песокот, ако жителите не засаделе ленти од тамариси околу секоја градина. Овие високи дрвја, поотпорни од палмите, со своите силни стебла и со вечно зелените гранки што шушкаат, формираат жив ѕид околу плантажите, давајќи им неопределена сигурност.

Слеговме од камилите пред земјената куќа на селскиот емир, со намера овде да се одмориме за време на плад-

невната горештина. Зградата од страна без каков било мебел, сиромашка, и нуди само мала сламена простирка пред каменото огниште за кафе. Но, како и обично, арапската гостољубивост ја победува секоја сиромаштија. Бидејќи, тукушто седнавме на сламената простирка, пријателскиот оган од гранчињата потпукнуваше на огништето; звонливиот звук на ѓезвето во кое се точи свежо прженото кафе создава чувство на пријатност во просторијата; големиот послужавник полн со светлокафеави урми му го смирува гладот на патникот.

Нашиот домаќин – мал, слаб старец со остри, мижуркави очи, облечен само во памучна наметка со покривка за главата – нè повикува да се послужиме:

„Бог нека ве поживее; овој дом е ваш дом, јадете во име на Бога. Ова е сè што имаме“ – и тој се извинува со движење на раката, единствено движење во кое е изразена сета тежина на неговата судбина, со онаа неизвештачена сила на изразување толку својствена за луѓето кои живеат мошне близу до своите инстинкти – „но урмите не се лоши. Јадете, патници, од она што можеме да ви го понудиме...“

Урмите се навистина меѓу најдобрите што некогаш сум ги јадел, а домаќинот е очигледно задоволен што може да го смири нашиот глад. Тој продолжува:

„Ветерот, ветерот, тој ни го отежнува животот; но тоа е Божја волја. Ветерот ги уништува нашите плантажи. Постојано мораме да се бориме да ги зачуваме песокот да не ги затрупа. Не било секогаш така. Некогаш овде немало толку многу ветер, а селото било големо и богато. Сега се намалило; многу наши млади луѓе си заминуваат, бидејќи не може секој да поднесе таков живот. Песокот нè потиснува од ден на ден. Наскоро нема да

има место за палмите. Овој ветер... Но ние не се жалиме... Како што знаете, Божјиот Пратеник – Бог нека го благослови – ни рекол: *‚Бог вели, не ја обвинувај судбината, бидејќи, внимавај – Јас сум судбината...‘*“

Мора да сум се трогнал, бидејќи старецот го прекинува говорот и внимателно ме погледнува; и, како да сфаќа зошто сум се трогнал, се насмевна со речиси нежна насмевка, што беше чудно да се види на тоа изморено, исцрпено лице, и повторува тивко, како за себе:

„...внимавај – Јас сум судбината“ – и во нишањето со главата со што ги придружува своите зборови лежи горделивото, тивко прифаќање на своето сопствено место во животот. Никогаш не сум видел, дури ни кај среќните луѓе, „Да“ кажано со толкаво спокојство и уверување. Со широко, неопределено, речиси сетилно движење на својата рака тој опишува круг во воздухот, круг кој опфаќа сè што припаѓа во овој живот: сиромашната, темна соба, ветерот и неговото вечно фучење, немилосрдното напредување на песокот; копнежот по среќата, прифаќањето на она што не може да се измени; послужавникот полн со урми; градините во вечна борба зад нивниот штит од тамариси; огнот во огништето; смеењето на младата жена некаде во дворот зад собата. Во сите тие работи, и во гестот со кој ги изнесе и ги состави, ми се чини дека ја слушам песната на силниот дух кој не познава бариери на околности и кој е во спокојство со себеси.

Пренесен сум во минатото, во она дамнешно време, во оној есенски ден во Ерусалим пред десет години – кога еден друг сиромашен старец ми зборуваше за предаденоста кон Бога, што единствено може да стори човек да биде во мир со Него и така во мир со својата сопствена судбина.

*

* *

ТАА ЕСЕН живеев во куќата на мојот вујко Доријан токму во стариот дел на Ерусалим. Дожд паѓаше речиси секој ден и, бидејќи не можев многу да излегувам, често седев на прозорецот кој гледаше на широкиот двор зад куќата. Тој двор му припаѓаше на некој стар Арап кого го викаа аџија затоа што бил на аџилак во Мека; изнајмуваше магарења за јавање и за товар и така дворот го претворил во некој вид на каравансарај.

Секое утро, кусо по зората, товарите со зеленчук и овошје беа донесувани на камили од околните села и на магарења испраќани низ тесните улици на градскиот пазар. Дење можеше да се видат тешките тела на камилите како се одмораат на почвата; луѓето постојано бучно се грижеа околу нив и околу магаријата, освен ако поројниот дожд не ги натераше да побараат засолниште во шталите. Тоа беа сиромашни, парталави луѓе, тие терачи на камили и магарења, но се однесуваа како големи господа. Кога ќе седнеа да јадат сплескани пченични лепчиња со малку сирење и неколку маслинки, не можев а да не ѝ се восхитувам на благородноста и леснотијата на нивното однесување, а и на нивното внатрешно спокојство; можевте да видите дека имаат почит кон себеси и кон секојдневните работи од својот живот. Аџијата, куцајќи наоколу со својот стап – бидејќи страдаше од воспаление на зглобовите и имаше отечени колена – беше некаков вид главатар меѓу нив; изгледаше дека му се покоруваа без поговор. Неколкупати на ден тој ги собираше за молитва и, ако не паѓа многу силен дожд, тие се молеа надвор: сите во еден, долг ред, а тој како нивен

имам[20] пред нив. Беа како војници во точноста на своите движења – се наведнуваа заедно во правецот на Мека, повторно се креваа, а потоа паѓаа ничкум и ја допираа почвата со своите чела. Изгледа дека ги следеа бесшумните зборови на својот водач, кој меѓу паѓањата ничкум стоеше босоног на своето чергиче за молитва, со затворени очи, со раце склопени врз градите, безвучно движејќи ги усните и очигледно задлабочен во длабока преокупираност: можевте да видите дека се моли од длабочината на сета своја душа.

Некако бев вознемируван кога гледав толку вистинска молитва искомбинирана со речиси механички движења на телото, и еден ден го прашав аџијата, кој разбираше малку алглиски:

„Дали вие навистина верувате дека Бог од вас очекува да Му ја покажувате вашата почит преку повторени наведнувања, клечења и паѓања ничкум на почвата? Зар не би било подобро само да гледате во себе и да Му се молите во тишината на своето срце? Чуму сите овие движења на вашето тело?“

Штом ги изговорив овие зборови, почувствував каење, бидејќи немав намера да ги повредам верските чувства на старецот. Но аџијата не изгледаше ни најмалку навреден. Тој се насмевна со својата беззаба уста и одговори:

„Како тогаш инаку би требало да го обожуваме Бога? Зар Тој не ги создал и двете, и душата и телото, заедно? А бидејќи е така, зар човекот не треба да се моли и со

[20] Имам – „водач“; во случајов се однесува на водач во заедничка молитва, но исто така и на истакнати научници од минатото и на водачите на заедниците. (Заб. на прев.)

своето тело, исто како и со душата? Слушајте, ќе ви кажам зошто ние муслиманите се молиме онака како што се молиме. Се свртуваме кон Ќаба, светиот Божји храм во Мека, знаејќи дека лицата на сите муслимани, каде и да се, се свртени кон неа во молитвата и дека сме како едно тело, со Него како центар на нашите мисли. Најпрвин стоиме и рецитираме од светиот Куран, сеќавајќи се дека тоа е Негов Збор, кој му го упатил на човекот за да биде чесен и постојан во животот. Потоа велиме ‚Бог е Најголем', потсеќавајќи се дека никој освен Него не заслужува да биде обожуван; длабоко се поклонуваме бидејќи Го славиме над сè и ја величаме Неговата моќ и слава. Потоа паѓаме ничкум на земјата затоа што чувствуваме дека пред Него сме само прав и ништожество, и дека Тој е нашиот Возвишен Создател и Снабдител. Потоа ги креваме лицата од почвата и останuваме седејќи, молејќи Тој да ни ги прости гревовите и да нè дарува со Својата милост, и да нè води по правиот пат и да ни даде здравје и поткрепа. Потоа повторно паѓаме ничкум на почвата и го допираме правот со нашето чело пред моќта и славата на Единствениот. Потоа, останuваме седејќи и се молиме Тој да го благослови пратеникот Мухамед кој ни ја донесе Неговата порака, токму како што ги благословил и пратениците пред него; и исто така да нè благослови и нас и сите оние што го следат вистинското упатство; Го молиме да ни го даде доброто на овој свет и доброто на светот што следува. На крајот се свртуваме десно и лево, велејќи: ‚Мирот и милоста Божја нека бидат со вас' – и така ги поздравуваме сите оние кои се праведни, каде и да се тие.

Токму така се молел и нашиот Пратеник и ги поучувал своите следбеници да се молат така за сите времиња,

за да можат волно да му се предадат на Бога – што всушност значи *ислам* – и така да бидат во мир со Него и со својата сопствена судбина.“

Старецот, секако, не ги употреби токму овие зборови, но тоа беше нивното значење и јас вака се сеќавам на нив. Со години подоцна сфатив дека аџијата со ова едноставно објаснување ми ја отворил првата врата кон исламот; но дури и тогаш, многу порано од каква и да е помисла дека исламот би можел да стане моја лична вера, почнав да чувствувам несвесна понизност кога и да видам, а тоа беше често, човек како стои босоног на своето чергиче за молитва, или на својата сламена простирка, или на гола земја, со рацете склопени врз градите, со наведната глава, целосно потонат во себе, заборавајќи што се случува околу него, било да е тоа во џамија или на тротоарот на прометната улица: човек во мир со себеси.

*
* *

„АРАПСКАТА КАМЕНА КУЌА“ за која пишуваше Доријан беше навистина пријатна. Стоеше на крајот од Стариот град близу Јафанската порта. Нејзините простран соби со високи тавани, како да беа заситени со спомените на благородничкиот живот кој минал низ нив во поранешните генерации, а ѕидовите се одгласуваа со живата сегашност што извираа од соседниот пазар – глетки, звуци и мириси кои не личат на што и да е што дотогаш сум го искусил.

Од терасата на покривот можев да го видам остро оцртаното подрачје на Стариот град со неговата мрежа од неправилни улици и сокаци исечени во камен. На

другиот крај, навидум близу во своето моќно пространство, се наоѓаше местото на Соломоновиот храм. Џамијата Ел-Акса – најсветата по оние во Мека и Медина – стоеше на неговиот најдалечен крај, а Куполата на Карпата во самиот центар. Зад тоа, ѕидовите на Стариот град паѓаа кон долината Кидрон; таму подалеку благо се опкружуваше со голите ритчиња чиишто падини се прошарани со маслинови дрвја. Кон исток имаше малку поголема плодност и таму можевте да ја видите градината што се спушта косо кон патот, темнозелена, оградена со ѕидови: Градината на Гестиманија. Среде нив, меѓу маслинките и чемпресите, блескаа златните куполи на Руската црква.

Како зовриена пенлива напивка од алхемичарската реторта, јасни, а сепак полни со илјада неопределени бои, надвор од досегот на зборовите, дури и надвор од дофатот на мислите: таква можевте да ја видите од Маслиновиот рид долината на Јордан и Мртвото Море. Брановидни ритчиња, едни зад други оцртани, како здив, на светилкавиот воздух, со темносиниот појас на Јордан и одзади заокружени од Црното Море – и уште подалеку зад тоа, еден друг свет самиот за себе, темните ритчиња на Моаб: пејсаж на толку несфатлива, разновидна убавина, срцето да ви затрепери од возбуда.

Ерусалим беше сосема нов свет за мене. Постоеја историски спомени кои извираа на секој чекор од древниот град: улиците што ги чуле проповедањата на Исаија, калдрмата низ која одел Христос, ѕидовите кои беа стари уште тогаш кога од нив се одбивало ехото на тешките чекори на римските легионери, сводовите на портите кои ги носат натписите од времето на Салахудин. Тука беше длабокото синило на небесата, кое не морало да му биде туѓо на некој што ги познавал другите медитерански

земји: но за мене, кој сум израснал во помалку пријателска клима, ова синило беше како повик и како ветување. Куќите и улиците небаре беа покриени со нежна, треперлива глеѓ; луѓето беа полни со спонтани движења и со величествени гестови. Луѓето – то ест Арапите, бидејќи токму тие од самиот почеток ѝ се наметнаа на мојата свест како народ на таа земја, народот кој израснал од нејзината почва и од нејзината историја и беше едно со околниот воздух. Нивната облека имаше раскошни бои и библиски набори, а секој од нив, *фелах*[21] или бедуин (бидејќи често можевте да видите бедуини кои дошле во градот за да купат или да продадат некаква стока), ја носеше на сосема својствен начин, макар и малку поинаку од другите, како да пронашол лична мода, следејќи го ненадејниот поттик на мигот.

Пред куќата на Доријан, на оддалеченост од можеби триесетина метри, се креваа стрмните, со време истрошените ѕидишта на Давидовиот дворец, кој беше дел од бедемот на Стариот град – типична средновековна арапска тврдина, веројатно изградена на херодијанските темели, со тенка набљудувачница слична на минаре. (Иако тој нема директна врска со кралот Давид, Евреите секогаш го нарекувале според него затоа што овде на ридот Цион, како што велат, стоела кралската палата). На страната на Стариот град постоеше ниска, широка кула во која беше портата, а камениот мост во лак го премостуваше стариот ендек кон портата. Тој мост во форма на лак очигледно беше вообичаено место за состанок на бедуините кога доаѓаа во градот. Еден ден забележав еден висок бедуин како стои таму неподвижно, како силуета

[21] Фелах – селанец или земјоделец.

кон сребрено-сивото небо, фигура од некоја стара легенда. Неговото лице, острите јаболкца, врамени со кусата, црвено-кафеава брада, имаше израз на длабока сериозност; беше меланхоличен, небаре нешто очекуваше, а сепак не изгледаше како некој што очекува. Неговата широка, кафеаво-бела ригеста наметка беше износена и распарталена – и ми дојде необична мисла, не знам зошто, дека тој бил излитен во текот на многуте месеци на опасност и бегство. Дали тој, можеби, беше еден од оној грст војници кои го придружувале младиот Давид во неговото бегство од мрачната љубомора на Саул, неговиот Крал? Можеби Давид токму сега заспал, криејќи се некаде во некоја пештера на јудејските ридови, а овој човек овде, овој верен и храбар пријател, крадешкум е дојден, со придружник, во кралскиот град за да испита како е расположен Саул кон нивниот водач и дали е сигурно за него за да се врати. И сега, овој Давидов пријател го чекаше овде својот другар, полн со мрачни претчувства: немаше добри вести кои би му ги однел на Давид...

Ненадејно бедуинот се помести, почна да оди низ падината, а моето фантазирање се прекина. Тогаш ненадејно се сетив: овој човек е Арап, додека оние другите, оние ликови од Библијата – беа Евреи! Но моето чудење траеше кусо; бидејќи веднаш сфатив, со онаа јаснотија која понекогаш ќе пламне во нас како молња и го осветлува светот за време на едно отчукување на срцето, дека Давид и времето на Давид, како и Авраам и времето на Авраам, се поблиски до својот арапски корен – а исто така и денешните бедуини – отколку денешните Евреи кои тврдат дека се нивни потомци.

Често седев на камениот рид под Јафанската порта и ги набљудував луѓето како влегуваат во Стариот град или излегуваат од него. Овде се допираа едните со другите, се

туркаа, Арапите и Евреите, сите можни варијанти и едните и другите. Имаше ковчести феласи со нивните бели или кафеави покривки за глава или со портокалови турбани. Имаше бедуини со остри, јасно обликувани и, речиси без исклучок, суви лица, кои ги носеа своите наметки на чудно самоуверен начин, често со рацете на колковите, а со широко разделени лактови, небаре го прифаќаат како готов фактот дека секој ќе им се тргне од патот. Имаше селанки во црни или сини фустани од памучна ткаенина украсени со бело преку градите, носеа кошници на главата и се движеа со еластична, непринудена милност. Гледано одзади, многу жени од шеесет години би можеле да се сметаат за млади девојки. Нивните очи изгледа дека исто така остануваа бистри и недопрени со годините – освен ако не се случи да бидат нападнати од трахома, таа зла „египетска“ очна болест, која е проклетство на сите земји источно од Медитеранот.

Имаше Евреи: домашни Евреи, кои носат *тарбуш*[22] и широка, пространа наметка, во лицето мошне слични на Арапите; Евреите од Полска и од Русија, кои со себе носеа толку многу дребничавост и тесност од својот минат живот во Европа што беше изненадувачки да се помисли дека тие тврдат за себе дека се од истиот род како и горделивите Евреи од Мароко и од Тунис во своите бели *бурнуси*.[23] Но, иако европските Евреи беа толку очигледно во дисхармонија со сликата која ги опкружуваше, токму тие го одредуваа тонот на еврејскиот живот и политиката и така изгледа станале одговорни за речиси видливото несогласување меѓу Евреите и Арапите.

[22] Тарбуш – црвена капа без рабови која ја носат мажите низ целиот Левант.

[23] Бурнус – наметка со качулка која ја носат северноафриканските Арапи и Бербери.

Што знаеше просечниот Европеец за Арапите од тие денови? Практично ништо. Кога дошол на Блискиот Исток, со себе донел некакви романтични и погрешни поими. Ако бил добронамерен и интелектуално чесен, морал да признае дека воопшто немал поим за Арапите. Ниту јас, пред доаѓањето во Палестина, никогаш не мислев за неа како за арапска земја. Секако, неопределено знаев дека таму живеат „малку" Арапи, но ги замислував само како номади во пустинските шатори и како жители на идиличните оази. Бидејќи повеќето од она што порано го имав прочитано за Палестина го напишале ционистите – кои секако воделе сметка за своите лични проблеми – јас не сум сфатил дека и градовите се полни со Арапи – дека, всушност, во 1922 година во Палестина живееле по пет Арапи на секој Евреин и дека, затоа, таа е арапска земја многу повеќе отколку еврејска.

Кога тоа му го спомнав на Усишкин, претседателот на Ционистичкиот комитет, со кого се сретнав во тоа време, имав впечаток дека ционистите не се наклонети да го земат предвид фактот за арапското мнозинство; ниту изгледаше дека ѝ придаваат каква било важност на арапската опозиција на ционизмот. Одговорот на Усишкин покажа само презир кон Арапите:

„Не постои вистинско арапско движење против нас овде; то ест, никакво движење вкоренето во народот. Сè што вие го сметате за опозиција е всушност само викање на неколку незадоволни агитатори. Тоа ќе се скрши самото од себе за неколку месеци или најмногу за неколку години."

Овој аргумент не ме задоволи. Од самиот почеток го имав чувството дека целата идеја за еврејското населување во Палестина е неприродна, а, што е уште полошо, таа се заканува да ги пренесе сите компликации и нерешени

проблеми на европскиот живот во земјата која можеше да биде посреќна без нив. Евреите во неа не доаѓаа вистински како некој кој се враќа во својата татковина; тие беа повеќе преокупирани со тоа од неа да *направат* татковина замислена според европски урнек и со европски цели. Накусо, тие беа туѓинци однатре. Така не гледав ништо погрешно во арапскиот решителен отпор кон идејата за еврејска татковина во нивната средина; напротив, веднаш сфатив дека токму Арапите беа измамени и со право се бранеа од таквата измама.

Во Балфуровата декларација од 1917 година, која на Евреите им ветуваше „национална татковина" во Палестина, видов свиреп политички маневар обмислен за да го поттикне стариот принцип, заеднички за сите колонијални сили: „раздели, па владеј". Во случајот на Палестина овој принцип беше најочигледен кога во 1916 година Британците му беа ветиле на тогашниот владетел на Мека, Шериф Хусеин, како цена за неговата помош против Турците, независна арапска држава која требаше да ги опфати сите земји меѓу Средоземното Море и Персискиот Залив. Тие не само што го прекршија своето ветување само една година подоцна, заклучувајќи ја со Франција тајната Sky-Picot спогодба (со која е утврден францускиот доминион над Сирија и над Либан), туку, исто така, премолчено ја исклучиле Палестина од обврските кои ги имаа преземено во однос на Арапите.

Иако и самиот имам еврејско потекло, од почетокот остро му се противев на ционизмот. Покрај моите лични симпатии кон Арапите, сметав дека е неморално доселениците, со помош на странските големи сили, да доаѓаат отстрана со очигледна намера да постигнат мнозинство во земјата и така да го исфрлат народот кому таа земја му

припаѓала од памтивек. Според тоа, бев наклонет да застанам на страната на Арапите кога и да доаѓаше до расправа за еврејско-арапското прашање – кое, секако, се случуваше мошне често. Овој мој став беше несфатлив практично за сите Евреи со кои доаѓав во контакт во текот на оние месеци. Тие не можеа да разберат што гледав во Арапите кои, според нивно мислење, се само маса на заостанат народ на кој тие гледаа со чувство не многу поинакво од она кое го имаат европските доселеници во Централна Африка. Не беа ни најмалку заинтересирани за тоа што мислат Арапите; речиси никој од нив не се потрудил да го научи арапскиот јазик; секој, без какво било испитување, го прифаќал принципот дека Палестина е законско наследство на Евреите.

Сè уште се сеќавам на кусата дискусија која поради ова ја имав со д-р Хаим Вајцман, неспорниот водач на ционистичкото движење. Тој беше дошол на една од своите периодични посети на Палестина (мислам дека негово постојано живеалиште беше Лондон), а го сретнав во куќата на еден пријател, Евреин. Моравте да бидете импресиониран од неговата неизмерна енергија – енергија која дури се манифестираше во неговите телесни движења, во долгите, еластични чекори со кои одмерено чекореше горе-долу низ собата – како и со силата на умот која се открива во широкото чело и во остриот поглед на неговите очи.

Зборуваше за финансиските тешкотии кои го мачат сонот за еврејската национална татковина и за недоволниот одговор за овој сон меѓу луѓето во странство; имав вознемирувачки впечаток дека дури и тој, како и многуте други ционисти, е наклонет моралната одговорност за сето што се случува во Палестина да му ја префрли на

„надворешниот свет“. Тоа ме натера да ја прекинам понизната тишина во која сите пруисутни го слушаа и да прашам:

„А што со Арапите?“

Мора да сум постапил нетактично, внесувајќи толку нехармонична нота во разговорот, бидејќи д-р Вајцман полека се сврте кон мене, ја спушти чашата што ја држеше во раката и го повтори моето прашање:

„Што со Арапите...?“

„Па како инаку можете да се надевате од Палестина да направите своја татковина наспроти жестокото противење на Арапите кои, сепак, се мнозинство во оваа земја?“

Ционистичкиот водач ги спушти рамениците и одговори суво: „Очекуваме дека тие нема да бидат во мнозинство по неколку години.“

„Можеби е така. Вие се занимавате со тие прашања со години и мора да ја познавате ситуацијата подобро од мене. Но, сосема независно од политичките тешкотии кои арапската опозиција може или не може да ги постави на вашиот пат – зарем никогаш не ве вознемирува моралниот аспект на тоа прашање? Зар не мислите дека е нечесно од ваша страна да го прогоните народот кој отсекогаш живеел во оваа земја?“

„Но тоа е *наша* земја“, одговори д-р Вајцман, кревајќи ги веѓите. „Ние само го земаме назад она од што неправедно сме биле лишени.“

„Но, вие сте биле надвор од Палестина речиси две илјади години! Пред тоа сте владееле со оваа земја, и тоа одвај со целата земја, помалку од петстотини години. Зар не мислите дека и Арапите, со истото оправдување, би можеле да

ја побараат Шпанија за себе – бидејќи, најпосле, тие владееле во Шпанија речиси седумстотини години и сосема ја загубиле пред само петстотини години?“

Д-р Вајцман стана видливо нетрпелив: „Бесмислица. Арапите само ја *покориле* Шпанија; таа никогаш не била нивна вистинска татковина, и најпосле и било правично да бидат протерани од Шпанија“.

„Простете“, возвратив јас, „но изгледа дека тука постои еден историски пропуст. Впрочем, Евреите исто така дошле во Палестина како освојувачи. Долго време пред нив имало многу други семитски и несемитски племиња населени овде – Аморејците, Едомитите, Филистејците, Моабитите, Хетитите. Тие продолжиле да живеат тука откако Римјаните ги протерале нашите предци. Тие и денес живеат тука. Арапите, кои се населиле во Сирија и Палестина по нивното освојување во седмиот век, секогаш биле само мало малцинство во населението; остатокот на она што денес го нарекуваме палестински и сириски ‚Арапи‘ се, всушност, само арабизираните автохтони жители на земјата. Некои од нив станале муслимани со текот на вековите, другите останале христијани. Муслиманите, секако, стапувале во брак со своите истоверници од Арабија. Но зар можете да негирате дека делови од народот на Палестина, кој зборува арапски, без оглед дали се муслимани или христијани, се директни потомци на изворните жители, изворни во смисла дека живееле во оваа земја пред доаѓањето на Евреите во неа?“

Д-р Вајцман учтиво се насмеа на мојот испад и го сврте разговорот на друга тема.

Не бев задоволен од исходот на своето посредување. Секако, не очекував било кој од присутните – најмалку самиот д-р Вајцман – да се определи за моето уверување

дека ционистичката идеја е мошне ранлива од морален аспект; но се надевав дека мојата одбрана на арапската кауза барем ќе предизвика некој вид непријатност кај ционистичкиот водач – непријатност која би можела да доведе до малку повеќе самокритика и на тој начин, можеби, до поголема подготвеност да се признае постоењето на можното морално право во спротивставувањето на Арапите... Ништо од тоа не се случи. Наместо тоа, се најдов пред безличен sид на искокорени очи: остро осудување на мојата непромисленост, дека сум се осмелил да се посомневам во неспорното право на Евреите на земјата на нивните предци...

Како е можно, се прашував, луѓе надарени со таква креативна интелигенција како што се Евреите да мислат за ционистичко-арапскиот конфликт само од еврејски аспект? Зар не сфаќаат дека проблемот на Евреите во Палестина може на крајот да биде решен само преку пријателска соработка со Арапите? Зарем беа толку безнадежно слепи кон болната иднина што нивната политика мора да ја донесе? – кон борбите, горчливоста и омразата во кои еврејскиот остров, дури и ако привремено биде и успешен, ќе остане засекогаш изложен среде арапското море?

И колку е чудно, си помислив, дека нацијата, што има претрпено толку многу неправди во текот на својата долга и несреќна дијаспора, е сега подготвена, во тесноградиот стремеж кон својата сопствена цел, да ѝ нанесе тешка неправда на друга нација – и тоа на нацијата која е недолжна за сите минати еврејски страдања. Таквата појава, знаев, не ѝ беше непозната на историјата; но тоа, сепак, предизвика во мене тага гледајќи дека се случува пред мои очи.

*

* *

ВО ТОА ВРЕМЕ моето задлабочување во политичката сцена во Палестина беше базирано не само врз мојата симпатија кон Арапите и врз мојата загриженост околу ционистичкиот експеримент, туку исто така и врз оживувањето на моите новинарски интереси: бидејќи бев станал специјален дописник на весникот *Frankfurter Zeitung*, тогаш еден од најпознатите весници во Европа. До оваа врска дојде речиси случајно.

Една вечер, додека ги средував старите листови во едниот од своите куфери, ја најдов новинарската легитимација која ми беше издадена во Берлин пред една година како на претставник на *United Telegraph*. Тукушто сакав да ја искинам, кога Доријан ме зграпчи за рака и во шега извика:

„Немој! Ако ја покажеш таа легитимација во канцеларијата на Високиот комесар, неколку дена подоцна ќе примиш покана за ручек во Управната зграда... Во оваа земја новинарите се мошне пожелни."

Иако ја искинав бескорисната легитимација, Доријановата шега имаше одглас во мојот дух. Секако, не бев заинтересиран за повикот на ручек во Управната зграда – но зошто да не ја искористам ретката можност што сум на Блискиот Исток во време кога толку малку новинари од Централна Европа можат да патуваат таму? Зошто да не ја започнам повторно мојата новинарска работа – но не кај *United Telegraph* туку кај некој од големите дневни весници? И, како што веќе бев вообичаил ненадејно да донесувам важни одлуки, сега решив да влезам во *вистинското* новинарство.

И покрај моето едногодишно работење кај *United Telegraph*, немав директна врска со ниеден важен весник, а бидејќи никогаш ништо не сум објавил под свое име, тоа му беше сосема непознато на дневниот печат. Ова, меѓутоа, не ме обесхрабри. Напишав статија за некои од моите впечатоци од Палестина и испратив нејзини копии до околу десет германски весници, со предлог да пишувам серија статии за Блискиот Исток.

Ова се случи во последните месеци од 1922 година – во времето на катастрофалната инфлација во Германија. Германскиот печат тешко се бореше да преживее и само неколку весници можеа да плаќаат странски дописници со цврста валута. Така, не беше воопшто чудно што сите од оние десет весници на кои им бев испратил примерок од статијата, еден по друг, почнаа да ми одговорат негативно со помалку или повеќе учтиви фрази. Само еден од нив го прифати мојот предлог и, очигледно импресиониран од она што сум го напишал, ме именуваше за свој специјален дописник од Блискиот Исток, приложувајќи покрај тоа и договор за книга која треба да ја напишам по своето враќање. Тој единствен весник беше *Frankfurter Zeitung*. Бев речиси вчудоневиден кога видов дека не само што успеав да воспоставам врска со еден весник – и тоа со каков весник! – туку дека веќе со првиот удар постигнав статус за кој би ми позавидувале многумина стари новинари.

Секако, во тоа постоеше една закачка. Поради инфлацијата *Frankfurter Zeitung* не можеше да ме плаќа во цврста валута. Хонорарите кои со извинување ми ги нудеа беа во германски марки; а јас знаев исто толку добро како и тие дека тоа одвај ќе биде доволно за да ја платам марката на ковертите што ќе ги носат статиите. Но, да се

биде специјален дописник на *Frankfurter Zeitung* беше чест која го надминуваше привремениот хендикеп за тоа дека нема да бидам плаќан. Почнав да ги пишувам статиите за Палестина, надевајќи се дека порано или подоцна некој среќен пресврт на судбината ќе ми овозможи да патувам насекаде по Блискиот Исток.

*

* *

СЕГА ИМАВ многу пријатели во Палестина, и Евреи и Арапи. Вистина е дека ционистите ме гледаа со некој вид збунето сомнение поради симпатијата кон Арапите, што беше толку очигледно во моите написи за *Frankfurter Zeitung*. Очигледно не можеа да согледаат дали Арапите ме „купиле" (бидејќи во ционистичка Палестина луѓето веќе се имаа свикнато речиси сè што се случува да го објаснуваат со парите) или сум едноставно палав интелектуалец вљубен во егзотиката. Но, не беа ционисти сите Евреи кои во тоа време живееја во Палестина. Некои од нив беа дојдени таму, не со политичка мотивација туку од религиски копнеж по Светата земја и по нејзините библиски асоцијации.

На оваа група ѝ припаѓаше и мојот холандски пријател Јакоб де Хан (Jacob de Haan), низок, дебел човек во своите рани четириесетти години, со руса брада, кој порано предавал право на еден од водечките универзитети во Холандија, а сега беше специјален дописник на холандскиот *Handelsblad* и на лондонскиот *Daily Express*. Човек со длабоко религиско уверување – „ортодоксен" како некој Евреин од Источна Европа – тој не ја одобру-

ваше идејата на ционизмот бидејќи веруваше дека враќањето на неговиот народ во Ветената земја треба да го чека доаѓањето на Месијата.

„Ние, Евреите“, ми зборуваше во повеќе пригоди, „бевме протерани од Светата земја и распрскани низ светот затоа што не ја извршивме задачата што Бог ни ја довери. Тој нè беше одбрал да ја проповедаме Неговата реч, но ние во својата тврдоглава гордост почнавме да веруваме дека Тој нè направил свој ‚одбран народ‘ поради нас самите – и така Го предадовме. Сега ни останува само да се каеме и да ги чистиме нашите срца; а кога повторно ќе станеме достојни за Неговата Порака, Тој ќе ни го испрати Месијата за да ги води Неговите слуги во Ветената Земја...“

„Но“, прашав јас, „зарем таа месијанска идеја не е основа зационистичкото движење? Вие знаете дека јас не се согласувам со тоа, но зарем не е природна желбата на секој народ да има своја сопствена, национална татковина?“

Д-р де Хан ме погледна потсмешливо: „Зарем мислите дека историјата е само нишка на случаи? Јас не. Не било без цел тоа што Бог сторил да ја загубиме нашата земја и кога нè растурил; но ционистите тоа не сакаат самите да си го признаат. Тие страдаат од истото духовно слепило што го предизвикало нашиот пад. Двете илјади години на еврејско прогонство и несреќа не ги научиле ништо. Наместо да се обидат да ги сфатат најскриените причини за нашата несреќа, тие сега се обидуваат, така кажано, да го заобиколат тоа со изградбата на ‚национална татковина‘ врз темелите кои им ги овозможува политиката на западните сили, а во процесот на изградбата на националната татковина тие го вршат злосторот на лишување на другиот народ од неговата татковина.“

Политичките гледишта на Јакоб де Хан, природно, го направиле мошне непопуларен меѓу ционистите (всушност, кусо време откако заминав од Палестина, бев шокиран кога дознав дека една ноќ тој бил застрелан од терористите). Кога го познавав, неговото дружење беше ограничено на само мошне мал број Евреи кои мислеа како него, неколку Европејци и Арапи. Изгледаше дека кон Арапите чувствуваше голема наклонетост, а тие, од своја страна, високо го ценеа и често го повикуваа во своите домови. Всушност, во тоа време тие сè уште немаа општи предрасуди кон Евреите. Дури по Балфуровата декларација – то ест, по векови добрососедски односи и свесност за расното сродство – Арапите почнаа да гледаат на Евреите како на политички непријатели. Дури и во изменетите околности на раните дваесетти години, тие сè уште јасно ги разликуваа ционистите и Евреите кои им се пријатели како д-р Хан.

*

* *

ТИЕ СУДБОНОСНИ МЕСЕЦИ на мојот прв престој меѓу Арапите придвижија цела низа впечатоци и размислувања; некои нејасни надежи од лична природа допираа до мојата свест.

Се соочив со животна мисла која беше сосема нова за мене. Топлиот, човечки здив небаре течеше од крвта на овие луѓе во нивните мисли и движења, без ниедно од оние болни раскинувања на духот, оние фантоми на стравот, лакомост и пречки кои го направиле европскиот живот толку грд и со толку малку надеж. Кај Арапите почнав да наоѓам нешто што секогаш несвесно сум го барал: емоционална леснотија на пристапот кон сите

животни прашања – врховна здрава смисла на чувствата, ако може тоа така да го наречеме.

Со време ми стана извонредно важно да го сфатам духот на овој муслимански народ; не затоа што ме привлекуваше неговата религија (бидејќи во тоа време многу малку знаев за неа!) туку затоа што кај нив ја открив онаа органска врска на разумот и на чувството која ние Европејците сме ја загубиле. Зарем не би било можно со подоброто разбирање на животот на Арапите да се открие сокриената врска меѓу нашето западно страдање – кородирачкиот недостиг на внатрешна целосност – и неговите корени? Можеби да се пронајде што било тоа што нас, луѓето од Запад нѐ оддалечило од свечената животна слобода која, се чинеше, Арапите ја имаа, дури и во своето општествено и политичко пропаѓање, а која и ние порано мора да сме ја имале? Или, како инаку сме можеле да ги дадеме големите уметности на нашето минато, готските катедрали од средниот век, обилната радост на ренесансата, Рембрантовото *chiaroscuro*, Баховите фуги и ведрите сништа на Моцарт, гордоста на пауновата опашка во уметноста на нашите селани и Бетовеновиот грмеж, копнежливиот подем кон магливите, одвај сфатливи врвови на кои би можело да им се каже „јас и мојата судбина сме едно...“

Бидејќи не сме свесни за нивната вистинска природа, не можевме правилно да ги употребуваме нашите духовни моќи; никогаш меѓу нас нема да се појави еден Бетовен или еден Рембрант. Наместо тоа, сега го знаеме само она очајничко барање на „новите форми на изразување“ во уметноста, социологијата, во политиката и онаа огорчена борба меѓу соперничките пароли и дребничаво втемелените принципи; сите наши машини и облакодери не

можат ништо да ни помогнат повторно да ја воспоставиме целосноста на нашите души... И сепак, дали таа загубена духовна слава на европското минато е навистина засекогаш изгубена? Зарем не би било можно повторно да се освои нешто од неа со изнаоѓање на одговорот што се случило со нас?

Она што на почетокот беше одвај нешто повеќе од наклонетост кон политичките цели на Арапите, кон надворешниот изглед на арапскиот живот и емоционалната сигурност што ја забележав кај нив, незабележливо се менуваше во нешто што личеше на лично трагање. Станував сè посвесен за незапирливата желба да откријам што лежи во коренот на оваа емоционална сигурност и што го прави арапскиот живот толку поинаков од европскиот; а таа желба небаре беше мистериозно врзана за моите лични, најинтимни проблеми. Почнав да барам можности кои би ми дале подобар увид во карактерот на Арапите, во идеите кои ги обликувале и духовно ги направиле толку поинакви од Европејците. Почнав интензивно да читам за нивната историја, култура и религија. Во прилежноста која ја почувствував при откривањето што е тоа што ги придвижува нивните срца, што ги исполнува нивните души и им дава насока, како да почувствував сила да ги откријам скриените сили што ме придвижуваат, што ме исполнуваат и ми ветуваат дека ќе ми дадат насока...

IV. Гласови

– 1 –

НИЕ ЈАВАМЕ, А ЗЕЈД ПЕЕ. Песочните дини сега се поретки и пониски. Овде-онде песокот им го отстапува местото на појасите со чакал и со кршлив базалт, а пред нас, далеку кон југ, се креваат призрачните контури на ридестите области: ридовите Џебел Шамар.

Стиховите на Зејдовата песна продираат магливо во мојата сонливост, но така што зборовите ме избегнуваат, небаре добиваат пошироко, подлабоко значење сосема неврзано за нивното надворешно значење.

Тоа е една од оние песни на јавачите на камили која толку често ја слушате во Арабија – еднолична песна која луѓето ја пеат за да ги задржат своите животни во правилен, брз чекор, а самите да не заспијат – пеење на пустинските луѓе свикнати на пространствата кои не познаваат ни граници ни ехо: секогаш во скалата *дур* на едно тонско ниво, слободно и донекаде рапаво, доаѓајќи длабоко од грлото, нежно исчезнувајќи во сувиот воздух; здивот на пустината фатен во човечкиот глас. Никој што патувал низ пустинските земји нема никогаш да го заборави овој глас. Тој е секогаш ист онаму каде што земјата е пуста, воздухот топол и широко отворен, а животот суров.

Ние јаваме, а Зејд пее, како што неговиот татко мора да пеел пред него, и сите други луѓе од неговото племе и од многуте други племиња со илјадници години; бидејќи илјадници години биле потребни за да се обликуваат овие интензивни, монотони мелодии и да им се даде нивната конечна форма. Спротивно од полифоната западна музика, која речиси секогаш се стреми да ги изрази индивидуалните чувства, овие арапски мелодии, со својот вечно повторуван тонски редослед, изгледаат само како тонски симбол за емоционалното сознание заедничко за многу луѓе – замислени не да предизвикаат расположение туку да ве потсетат на сопствените духовни искуства. Тие се родени мошне одамна во пустинската атмосфера, од ритмовите на ветерот и од номадскиот живот, чувствата на широките пространства, контемплацијата за вечната сегашност; и како што основните работи на човечкиот живот остануваат отсекогаш исти, овие мелодии се трајни и непроменливи.

Таквите мелодии се тешко замисливи на Запад, каде што полифонијата не е само вид музика, туку и вид човечки чувства и желби. Студената клима, течните води, редоследот на четирите годишни времиња; овие елементи му даваат на животот толку разнообразно значење и толку многу насоки што западниот човек мора да има повеќе стремежи и, според тоа, силна потреба да прави нешто само за да го прави тоа. Тој мора постојано да создава, да гради и да совладува со цел повторно да се потврдува во комплексноста на своите животни форми; оваа постојано променлива сложеност се одразува и во неговата музика. Од сонорното западно пеење, со гласот кој доаѓа од градите и секогаш во повеќе нивоа, зборува онаа „фаустовска“ природа која прави западниот човек да сонува многу, да посакува

многу, да се стреми кон многу, со волја да покори – но можеби и да изгуби многу, и тоа го губи болно. Бидејќи, светот на западните луѓе е свет на историјата: вечни настојувања, случувања, умирања. Му недостига спокојството на мирувањето; времето е непријател, кого секогаш треба да го гледаме со сомневање, а Овој миг никогаш не го носи звукот на вечноста...

Арапот од пустината и од степата, од друга страна, неговиот пејзаж не го наведува на соништа: тој е остар како ден и не познава никаков самрак на чувствата. Надворешното и Внатрешното, Јас и Светот не му се спротивни и меѓусебно спротивставени ентитети, туку само различни форми на непроменливата сегашност; со неговиот живот не владеат тајни стравови, а кога и да прави нешто, тој тоа го прави од надворешна нужност, а не затоа што желбата за внатрешна сигурност бара акција. Како резултат, тој не напредувал во материјалните достигнувања толку брзо како западниот човек – но ја зачувал својата душа целосна.

*

* *

КОЛКУ ДОЛГО, се прашав со речиси физичко движење, Зејд и Зејдовиот народ ќе бидат во состојба да ја задржат својата душа единствена во средбата со опасноста која толку подмолно, толку немилосрдно им се доближува? Живееме во времето во кое Истокот не може да остане пасивен во средбата со напреднатиот Запад. Илјада сили – политички, општествени и економски – чукаат на вратата на муслиманскиот свет. Дали овој свет ќе му подлегне на притисокот на западниот дваесетти век и

во тој процес ќе ги загуби не само своите сопствени традиционални форми туку и своите духовни корени?

– 2 –

ВО ТЕКОТ НА ГОДИНИТЕ кои ги поминав на Блискиот Исток – како сочувствителен странец од 1922 до 1926, а оттогаш како муслиман со целите и надежите на исламскиот свет – бев сведок на постојаниот европски притисок врз муслиманскиот културен живот и политичката независност; а секогаш кога муслиманските народи се обидуваа да се бранат од овој притисок, европското јавно мнение без исклучоци ќе го етикетираше нивниот отпор, со изглед на повредена невиност, како „ксенофобија“.

Европа долго време била свикната на вака груб начин да „упростува“ сè што се случува на Блискиот Исток и да ја гледа неговата тековна историја само од аспектот на западните „интересни сфери“. Додека секаде на Запад (надвор од Британија) јавното мнение покажуваше многу разбирање кон ирската борба за независност или (надвор од Русија и Германија) за полскиот сон за националното воскресение, никогаш не се покажувало никакво разбирање кон сличните аспирации меѓу муслиманите. Главниот аргумент на Запад е секогаш политичкиот раздор и економската заостанатост на Блискиот Исток, а секоја активна западна интервенција нејзините автори лицемерно ја опишуваат небаре има цел не само заштита на „легитимните“ интереси, туку, исто така, и осигурување на напредок за самите домашни народи.

Заборавајќи дека секоја непосредна, дури и добронамерна интервенција, однадвор може само да го попречи

развојот на нацијата, западните луѓе кои ја проучуваат состојбата на Блискиот Исток секогаш се подготвени да го игнорираат таквото право. Тие ги гледаат само новите железнички шини кои ги градат колонијалните сили, а не разорувањето на општественото ткиво на земјата; тие само ги бројат киловатите на новата енергија, но не и ударите на гордоста на нацијата. Истите луѓе кои никогаш не би ја прифатиле „цивилизаторската мисија“ на австриската империја како валидно оправдување за нејзината интервенција на Балканот, попустливо го прифаќаат сличното оправдување во случајот на Британците во Египет, на Русите во Централна Азија, на Французите во Мароко или на Италијаните во Либија. Никогаш не им паднало на ум дека многу од општествените и економските зла од кои страда Блискиот Исток се непосредна последица токму од тој „западен“ интерес и дека, покрај тоа, западната интервенција постојано се стреми да ги овековечи и да ги рашири веќе постоечките внатрешни раздори и така да им оневозможи на тие народи да го воспостават својот сопствен пат.

*

* *

ОВА ПРВО почнав да го разбирам во Палестина во 1922 година набљудувајќи ја дволичната улога на британската администрација во однос на конфликтот на Арапите и на ционистите; тоа ми стана сосема очигледно на почетокот од 1923 година, кога по месеци патување низ Палестина дојдов во Египет, кој во тоа време беше речиси во постојан бунт против британскиот „протекторат“. Често се фрлаа бомби на јавните места кои ги посетуваа британските војници, а одговор на тоа беа различните репресивни мерки – воениот суд, политичките

апсења, прогонот на водачите, забраните на весниците. Но ниедна од овие мерки, колку и да беше жестока, не можеше да ја задуши желбата на народот за слобода. Низ целата египетска нација небаре поминуваше бран од страствено липање. Не во очајание; тоа повеќе беше липање на воодушевеност зашто се откриле корените на сопствената потенцијална сила.

Само богатите паши, сопственици на големи имоти, тие денови беа помирливи кон британската управа. Маси од луѓе, вклучувајќи ги и бедните *феласи* на кои половина хектар земја им изгледаше како голем имот за цело семејство, го потпомагаа движењето за слобода. Еден ден уличните продавачи на весници извикуваа: „Сите водачи на Вафд се уапсени по налог на воениот гувернер“, но следниот ден новите водачи ќе ги заземеа нивните места. Празнините постојано се пополнуваа; гладот за слобода и омразата растеа. А Европа имаше само еден збор за тоа – „ксенофобија“.

Моето доаѓање во Египет тие денови беше последица на мојата желба да го проширам подрачјето на своето работење за *Frankfurter Zeitung* во други земји освен во Палестина. Можностите на Доријан не му дозволуваа да финансира такво патување, но кога виде колку го посакувам јас тоа, ми позајми помал износ доволен за патување со воз од Ерусалим до Каиро и за двонеделен престој таму.

Во Каиро најдов наместена соба во некоја уличка, во кварт каде главно живееја арапски занаетчии и ситни грчки трговци. Газдарица беше една стара Трстјанка, висока, згоена, тромава, со побелени коси; пиеше од утро до вечер тешко грчко вино и преминуваше од едно расположение во друго. Имаше жесток, страствен карактер

кој, изгледа никогаш се нема пронајдено себеси; но беше услужна кон мене и правеше да се чувствувам добро во нејзино присуство.

По околу една недела моите пари почнуваа да се намалуваат. Бидејќи не сакав толку рано да се вратам во Палестина и во сигурноста на домот на мојот вујко, почнав да трагам по други средства за издршка.

Мојот ерусалимски пријател д-р Хан ми имаше дадено писмена препорака за некој бизнисмен во Каиро. Отидов кај него во потрага по совет. Се покажа дека тој е широкоград, срдечен Холанѓанец со интелектуално интересирање кое ја надминува неговата област на активност. Од писмото на Јакоб де Хан согледа дека сум дописник за *Frankfurter Zeitung*; а кога, по негово барање, му покажав некои од своите неодамнешни статии, тој ги крена веѓите од чудење:

„Кажете ми, колку години имате?“

„Дваесет и две.“

„Тогаш, ве молам, кажете ми уште нешто: кој ви помагаше околу овие статии – де Хан?“

Се насмеав. „Секако дека не. Самиот ги пишував. Јас секогаш ја работам мојата работа сам. Но зошто се сомневате во тоа?“

Тој ја заниша главата небаре е збунет: „Но, тоа е чудно... Каде добивте толкава зрелост да пишувате такви работи? Како успевате во половина реченица да им принесете речиси мистично значење на работите кои се очигледно толку секојдневни?“

Бев неизмерно поласкан, а моето самопочитување порасна во согласност со тоа. Во текот на нашиот разговор се покажа дека мојот новоздобиен познајник нема

слободно место во својата сопствена работа, но дека можеби би бил во состојба да ме смести во некоја египетска фирма со која соработува.

Канцеларијата во која тој ме испрати се наоѓаше во еден од постарите квартови на Каиро, недалеку од мојот стан; валкана тесна уличка ограничена од некогашните благороднички куќи, сега претворени во канцеларии и евтини станови. Мојот иден работодавач, постар, ќелав Египќанец, со лице на грабливец дозреан со времето, имаше потреба од хонорарен службеник кој би ја водел неговата француска кореспонденција; успеав да го уверам дека ќе можам да ја извршам задачата и покрај моето крајно работно неискуство. Брзо се договоривме. Требаше да работам само три часа дневно; платата беше соодветно ниска, но доволна за да ја платам киријата и неопределено долго да живеам на леб, млеко и маслинки.

Меѓу мојот стан и канцеларијата лежеше во каирската област на градот со многу бордели – заплеткан лавиринт од улички во кои големите и малите проститутки ги минуваа своите денови и ноќи. Попладнето, кога одев на работа, уличките беа празни и тивки. Во сенката на некоја ложа можеше да се види небрежно испружено женско тело; на малите маси пред оваа или онаа куќа девојките мирно пиеја кафе во друштво на сериозни, брадести луѓе и разговараа, со изглед на целосна сериозност, за работи за кои би се рекло дека се далеку од сите возбудувања и физички одрекувања.

Но навечер, кога се враќав дома, областа беше побудна од секоја друга, sунеше од нежните акорди на арапските лаути и тапани и смеењето на жените. Ако одите под болскотот на многубројните електрични светилки и разнобојните фенери, на секој чекор ќе ви се обвитка мека рака околу вратот; раката би можела да биде темна

или бела – но таа секогаш свечка со златни и сребрени синџири и белегзии и секогаш е намирисана со мошус, темјан и со плот. Треба да бидете многу решителен за да се ослободите од сите овие насмеани прегратки и повици „ја хабиби“ (ах драги) и „садатак“ (твоја среќа). Ќе моравте да се провлечете меѓу сјајните раце кои повеќето беа сочни и привлечни за поглед и ве заслепуваат со своите предизикувачки заобленост. Сиот Египет се судира со вас; Мароко, Алжир, како и Судан и Нубија, потоа Арабија, Арменија, Сирија, Иран... Луѓе во долги, свилени алишта седат едни до други на клупите долж куќните ѕидови, пријатно возбудени, смеејќи се, дофрлувајќи им на девојките или тивко пушејќи ги своите наргилиња. Сите тие не беа „муштерии“: мнозина дошле едноставно да поминат еден-два часа во развеселеното, неконвенционално расположение во квартот... Понекогаш морате одненадеж да отстапите пред некој парталав дервиш од Судан, кој ги пее своите вулгарни песни со лице в занес и со подадени раце. Облаци темјан од кадилницата што ја ниша уличниот продавач на мириси ви удираат в лице. Понекогаш слушате хорско пеење и почнувате да го сфаќате значењето на некои лелеави, нежни арапски звуци... Повторно ги слушате меките, лелеави гласови на задоволство – животинското задоволство на овие девојки (бидејќи тие без сомнение уживаа) во своите светлосини, жолти, црвени, зелени, бели, златноблескави фустани од тенка свила, тил, платно или дамаст – а нивното смеење небаре потскокнува со мали мачешки чекори преку калдрмата, кревајќи се и спуштајќи се, а потоа повторно растејќи од другите усни...

Како ли само можеа да се смеат тие Египќани! Колку весело одеа натаму-наваму по улиците на Каиро, со за-

нишани чекори, во своите долги *галабии*,[24] слични на кошули, ригести, во сите бои на виножитото, безгрижно, простодушно – така што можете да помислите дека сета сиромаштија, незадоволство и политичка вознемиреност се сфаќаат сериозно само во релативна смисла. Жестокото, експлозивно возбудување на овие луѓе небаре секогаш било подготвено, без каква било видлива транзиција да ѝ го отстапи местото на совршената ведрина и дури на рамнодушноста, небаре никогаш ништо не се случило и ништо не е лошо. Поради ова, многу Европејци ги сметаа (а веројатно и сега ги сметаат) Арапите за површни. Дури и тогаш, на почетокот, сфатив дека овој презир кон Арапите растеше од Западот за да ги прецени емоциите кои изгледа дека се „длабоки", а да го објави како „површно" сето она што е лесно, жизнерадосно, нерпомислено. Арапите, чувствував, останале слободни од оние внатрешни напнатости и притисоци толку својствени за Западот. Како, тогаш, можеме да ги примениме нашите стандарди врз нив? Ако изгледаа површни, тоа е можеби затоа што нивните емоции без тешкотии се прелеваат во нивното однесување. Можеби и тие, под притисокот на „позападничувањето", постепено ќе ја изгубат блажената непосредност на својот допир со реалноста; бидејќи иако тоа западно влијание дејствуваше на многу начини како стимуланс и оплодувачки елемент на современата арапска мисла, тоа неизбежно се стремеше да ги предизвика кај Арапите истите мачни проблеми кои владееја со духовната и со општествената сцена на Западот.

[24] Галабии – долги наметки, слични на кошула, кои се носат во Египет и во некои други арапски земји. (Заб. на прев.)

*

* *

НАСПРОТИ МОЈАТА КУЌА, толку близу што речиси може да се допре, беше малата џамија со малечко минаре од кое пет пати дневно одекнуваше повикот за намаз. Човек со бел турбан ќе се појавеше на галеријата, ќе ги кренеше своите раце и ќе почнеше да пее: „*Аллаху екбер* – Бог е Најголем. Сведочам дека Мухамед е Божји Пратеник...“ Додека полека се свртуваше кон четирите страни на светот, тонот на неговиот глас растеше, растеше во јасна мелодија, нишајќи се на длабоките, грлени гласови на арапскиот јазик, колебајќи се, доближувајќи се и повлекувајќи се. Гласот беше длабок баритон, нежен и силен, способен за големи распони; но можеше да се забележи дека занесот, а не уметноста го правеше толку убав.

Оваа мелодија на *муезинот*[25] беше мотив за моите денови и вечери во Каиро – токму како што беше мотив и во Стариот град Ерусалим и беше одредена да остане во сите мои подоцнежни патувања низ муслиманските земји. Таа насекаде звучеше еднакво, наспроти сите разлики во дијалектот и во интонацијата кои можеа да бидат очигледни во секојдневниот говор на луѓето; единството на гласот кое, оние денови во Каиро, ме наведе да сфатам колку е длабоко внатрешното единство на сите муслимани, а колку се неприродни и безначајни граничните линии меѓу нив. Тие беа едно во својот начин на размислување и во судењето што е правилно, а што е неправилно, и едно во своето сфаќање за тоа во што се состои добриот живот.

[25] Повикувач на времето за молитва. (Заб. на прев.)

Ми изгледаше како првпат да сум сретнал заедница во која сродството меѓу луѓето не е последица на случајноста на заедничките расни и економски интереси, туку на нешто многу подлабоко и многу постабилно; сродство на заедничко гледиште кое ги отстранило сите бариери на осаменоста меѓу луѓето.

*
* *

ВО ЛЕТОТО 1923-тата, збогатен со подоброто разбирање на блискоисточниот живот, се вратив во Ерусалим.

Преку својот добар пријател Јакоб де Хан се запознав со емирот Абдулах од соседната Трансјорданија, кој ме покани да ја посетам неговата земја. Таму првпат видов вистинска бедуинска земја. Главниот град, Аман, изграден врз урнатините на Филаделфија, грчка колонија на Ptolomeus Filadelfus, која во тоа време беше гратче од одвај малку повеќе од шест илјади жители. Неговите улици беа полни со бедуини, вистински бедуини од слободната степа, кои можеа ретко да се видат во Палестина, слободни војници и одгледувачи на камили. Прекрасните коњи галопираа низ улиците; секој човек беше вооружен носејќи кама на својот појас и пушка на грбот. Воловските запреги на староседелците, кои се доселиле откако Русите ја покориле нивната татковина во деветнаесеттиот век, тешко се влечеа низ пазарот кој, иако мошне мал, беше полн со итаница и со метеж достоен за многу поголем град.

Бидејќи не постоеја соодветни згради во градот, емирот Абдулах тогаш живееше во шаторски камп, на ритчето од кое се пружаше поглед врз Аман. Неговиот шатор беше малку поголем од другите и се состоеше од неколку

простории формирани со помош на прегради од шаторско платно, поделени крајно едноставно. Во едната од нив црното мечкино крзно претставуваше постела на подот во аголот; во приемната просторија неколку прекрасни седла од камили со рачки изгравирани со сребро, служеа како потпирки за оној што ќе седеше врз килимот.

Кога влегов во друштвото на д-р Риза Теуфик-бej, емировиот главен советник, во шаторот затекнав само еден слуга, црнец, богато облечен во брокат, со златна кама на појасот. Риза Теуфик-бej беше Турчин, поранешен универзитетски професор, а во текот на три години, пред Кемал Ататурк, бил Министер за образование во турската влада. Емирот Абдулах, ми рече тој, ќе се врати за неколку минути; токму сега заседаваше со некои бедуински поглавари во врска со последната инвазија од Нецд во јужна Трансјорданија. Оние вехабисти од Нецд, ми објасни д-р Риза, играат во исламот улога слична на улогата на пуританските реформатори во христијанскиот свет, со оглед на тоа дека остро му се противат на секакво обожување на светците и на многуте мистични празноверија кои се вовлекле во исламот во текот на вековите; тие се исто така и непомирливи непријатели на шерифското семејство, чијшто главатар бил таткото на емирот, кралот Хусеин од Хиџаз. Според мислењето на Риза Теуфик-бej, религиските погледи на вехабистите не можат лекомислено да се отфрлат; тие, всушност, повеќе му се приближиле на духот на Куранот отколку на гледиштата кои преовладуваат во масите на повеќето други муслимански земји, па затоа со време би можеле да имаат поволно влијание врз културниот развиток на исламот. Меѓутоа, крајниот фанатизам на овие луѓе донекаде им отежнал на другите муслимани целосно да го оценат движењето на вехабистите, а овој не-

достаток, истакна тој, би можел добро да му дојде на „некого“, за кого можното обединување на арапските народи е страшна веројатност.

Малку подоцна влезе емирот – човек стар околу четириесет години, со среден раст, со куса руса брада – чекорејќи меко во малите, црни влечки од лакирана кожа, облечен во лежерна облека од шушкава бела свила со речиси прозирна бела волнена *абаја* преку неа. Тој рече:

„*Ехлен ве сехлен*“ – и тоа беше првпат да го слушнам овој елегантен арапски поздрав.

Постоеше нешто привлечно и речиси восхитувачко во личноста на емирот Абдулах, човек со голема смисла за хумор, со топлина во изразот и со подготвеност за духовитост. Не беше тешко да се види зошто во тоа време беше толку популарен кај својот народ. Иако мнозина Арапи не беа задоволни од неговата улога во бунтот против Турците кој го водеше династијата Шариф, а поттикнат од Британците, и тоа го сметаа за предавство на муслиманите, тој сепак добил определен углед со своето заземање за арапската кауза против ционизмот; допрва требаше да дојде денот кога искривоколченостите и пресвртите во неговата политика ќе го направат неговото име омразено во целиот арапски свет.

Сркајќи кафе од малите филџани кои ни ги понуди црниот слуга, разговаравме – со повремена помош на д-р Риза, кој течно зборуваше француски – за административните тешкотии во оваа нова земја, Трансјорданија, каде што секој е свикнат да носи оружје и да им се покорува само на законите на своето сопствено племе. „Но“, рече емирот, „Арапите имаат доволно здрав разум; дури и бедуините сега почнуваат да сфаќаат дека мораат да ги напуштат

своите стари беззакони патишта ако сакаат да бидат слободни од странската доминацијата. Меѓуплеменските непријателства за кои мора толку често да си слушал сега постепено опаѓаат.“

Тој продолжи да ги опишува непокорните, немирни бедуински племиња кои меѓусебно се борат и под најмал изговор. Нивните крвни непријателства траеле често со генерации, а понекогаш, пренесувани од татко на син, дури и со векови, водејќи кон нови крвопролевања и нови огорчувања откако првобитната причина била речиси заборавена. Постоеше само еден начин да се дојде до мирно решение: ако младич од племето и семејството на последната жртва грабне девојка од племето и од семејството на виновникот и ако се ожени за неа. Крвта од брачната ноќ – крвта на племето на убиецот – симболично, и конечно, ја осветува крвта која била пролеана во убиството. Се случувало на две племиња речиси да им здодее од крвната одмазда која траела со генерации исцрпувајќи ја силата на двете страни. Во тој случај „грабежот“ често го подготвувал посредник од трето племе.

„Јас сум направил дури и подобро од тоа“. Ми рече емирот Абдулах. „Основав соодветни ‚комисии за крвно непријателство‘ составени од доверливи луѓе кои патуваат низ земјата и подготвуваат симболични киднапирања и женидби меѓу непријателските племиња. Но“ – овде неговите очи светнаа – „јас секогаш им нагласувам на членовите на комисијата да бидат мошне внимателни во изборот на девиците, бидејќи не би сакал да дојде до *внатрешни* семејни непријателства поради можното разочарување на младоженецот...“

Едно момче од дванаесетина години се појави зад преградата, протрча низ самрачната шаторска соба со

брзи, бесшумни чекори и без стрмен скокна на коњот што се креваше на задните нозе, надвор од шаторот, додека слугата го придржуваше во готовност за него; тоа беше Талал, најстариот син на емирот. Во неговото стројно тело, во неговиот итар скок врз коњот, во неговите блескави очи повторно ја видов онаа непосредна врска со сопствениот живот која толку ги издвојува Арапите од сето она што го знаев во Европа.

Забележувајќи го моето нескриено восхитување кон неговиот син, емирот рече: „Тој, како и секое друго арапско дете, расте само со една мисла во умот: слобода. Ние, Арапите, не сметаме дека сме без маани и грешки; но ние сакаме да ги признаеме своите грешки пред себеси и така научуваме да ги избегнуваме – токму како што дрвото се учи да расте растејќи, или како што водата со своето течење го наоѓа својот правилен тек. Ние не сакаме да нè водат кон мудроста оние кои самите ја немаат – оние што имаат само моќ, топови, пари и само знаат да ги загубат пријателите кои толку лесно можеле да ги задржат...“[26]

*

* *

НЕМАВ НАМЕРА да останам во Палестина на неопределено време; Јакоб де Хан е оној што повторно ми помогна. Со оглед на тоа што и самиот беше новинар со

[26] Во тоа време (1923 година) никој не можеше да го предвиди горчливиот антагонизам што во подоцнежните години ќе ги наруши односите помеѓу емирот Абдулах и неговиот син Талал – синот што го мразеше угодувањето на татко му во однос на британската политика во арапскиот свет, а таткото негодуваше поради страствената отвореност на својот син. Ниту, пак, во тие прилики можев да видам каков било знак за „ментално нарушување“ кај Талал кое доведе до принудена абдикација од престолот на Јордан во 1952 година.

признат углед, тој имаше познанства ширум Европа. Неговата препорака ми осигура договор со два мали весника; едниот во Холандија, а другиот во Швајцарија, за серија статии кои би биле плаќани во холандски гулдени, односно во швајцарски франци. Бидејќи ова беа провинциски весници без голем углед, тие не можеа себеси да си дозволат да платат голем хонорар; но за мене, чиишто потреби беа едноставни, парите што ги примав од нив беа сосема доволни да ги финансираат моите планирани патувања низ Блискиот Исток.

Првин сакав да одам во Сирија; меѓутоа, француските надлежни органи, неодамна воспоставени таму среде непријателскиот народ, не беа подготвени да му издадат виза на Австриец, „поранешен странски непријател". Ова беше тежок удар, но не можев да сторам ништо во врска со тоа; така решив да одам во Хаифа и таму да се качам на брод за Истанбул, кој и онака беше вклучен во мојата програма.

На патувањето со возот од Ерусалим до Хаифа ме снајде голема неволја; го загубив капутот со паричникот и со пасошот. Сè што ми остана беа неколкуте сребрени монети во џебовите од моите панталони. За патување во Истанбул, под такви околности, не можеше да стане ни збор: без пасош и без пари. Остана само да се вратам со автобус во Ерусалим; билетот за превоз морав да го платам по доаѓањето, со позајмени пари, како и обично, од Доријан. Во Ерусалим ќе морав да чекам со недели за да добијам друг пасош од австрискиот конзулат во Каиро (бидејќи во тоа време немаше таков во Палестина) и следните малку пари од Холандија и од Швајцарија.

Така се случи следното утро да се најдам на автобуската станица во предградието на Хаифа. Преговорите околу плаќањето на билетот беа завршени. Имаше уште

еден час до поаѓањето на автобусот, и за да го потрошам времето, одев горе-долу долж патот, длабоко згнасен од себеси и од судбината која ме тераше на толку понижувачко повлекување. Чекањето е секогаш лоша работа, а помислата за враќање во Ерусалим, победен, со свиткана опашка, беше мошне болна – уште повеќе што Доријан беше секогаш сомничав во однос на мојата способност да ги остварам своите планови со толку мала сума пари. Дури и повеќе, сега не би ја видел Сирија, а само Бог знае дали некогаш повторно ќе дојдам во овој дел од светот. Секако, беше секогаш можно *Frankfurter Zeitung* подоцна да финансира друго патување на Блискиот Исток, и дека еден ден Французите би можеле да ја отстранат забраната за поранешните странски непријатели; но тоа не беше сигурно, а во меѓувреме јас не би го видел Дамаск... Зошто мене Дамаск ми е забранет, се прашував огорчено?

А дали навистина беше? Секако – без пасош, без пари. Но, дали би било апсолутно неопходно да се имаат пасош и пари...?

Стигнувајќи дотука во своите мисли, ненадејно застанав. Би можело, ако се има доволно храброст, да се патува пеш и користејќи го гостопримството на арапските селани; можеби би можело некако да се прикрадам преку границата не грижејќи се за пасошите и за визите...

Пред да бидам сосема свесен за тоа, одлуката беше донесена: одам за Дамаск.

Ми беа доволни неколку мигови за да им објаснам на оние од автобусот дека сум се премислил и дека, сепак, не одам за Ерусалим. Ми требаше уште толку да се преслечам во сина работничка облека и во арапска *куфија* (најдобрата можна заштита од арапското сонце); да го ставам она најважното во раницата и да средам мојот

куфер по пошта да му биде испорачан на Доријан. Потоа тргнав на своето долго патување за Дамаск.

Надмоќното чувство на слобода кое ме исполнуваше не можеше да се разликува од среќата. Имав само неколку монети во мојот џеб. Тргнав на илегален потфат кој можеше да ме одведе в затвор. Проблемот на преминувањето на границата беше пред мене во нејасна неизвесност; ставив сè на картата на мојата снаодливост, но свеста дека сум ставил сè на една карта ме правеше среќен.

*

* *

ОДЕВ ПО ПАТОТ за Галилеја. Во попладнето Есдрелонската рамнина лежеше десно под мене, прошарана со светлини и со сенки. Поминав низ Назарет и пред ноќта стигнав во некое арапско село кое беше во сенка на дрвјата црн пипер и на чемпресите. Пред вратата на првата куќа седеа неколку мажи и жени. Застанав, прашав дали е тоа Ел-Рајна и по потврдниот одговор токму посакав да тргнам кога една жена ме повика:

„Господине, зар нема да се освежиш?“ – и, небаре погодува дека сум жеден, ми подаде стомна со студена вода. Кога се напив до мила волја, еден од мажите – очигледно нејзин маж – ме праша:

„Сакаш ли да каснеш леб со нас и да преноќиш кај нас?“

Не ме прашаа кој сум, каде одам или што правам, а преноќив кај нив како нивен гостин.

Да се биде гостин кај некој Арап – дури и учениците слушаат за тоа во Европа. Да бидеш гостин на некој Арап значи да влезеш на неколку часа, на некое време, искрено и целосно, во животот на луѓето кои сакаат да ти

бидат браќа и сестри. Не е тоа само благородната традиција која им овозможува на Арапите да бидат гостољубиви на толку срдечен начин; тоа е нивната внатрешна слобода. Тие се толку слободни од недовербата кон себеси што можат лесно да им ги отворат своите животи на друг човек. Не им е потребна никаква лажна сигурност на ѕидовите кои на Запад секој ги гради меѓу себеси и својот сосед.

Вечеравме заедно, мажи и жени, седејќи со прекрстени нозе на сламената простирка околу огромниот сад наполнет со каша од грубо мелено жито со млеко. Моите домаќини откинуваа мали парчиња од големите, како хартија тенки лепињи со кои вешто ја грабаа кашата дури и не допирајќи ја со своите прсти. Мене ми дадоа лажица; но јас ја одбив и се обидов, но без успех, и на очигледно задоволство на моите пријатели, да го изведам нивниот едноставен, а сепак отмен начин на јадење.

Кога легнавме да спиеме – околу дванаесетина во една единствена соба – гледав над себе во дрвените греди на кои висеа низи од сув црн пипер и црн патлиџан, во многубројните длабнатини на ѕидовите исполнети со бронзени и земјени потребни работи за в кујна, во телата на заспаните мажи и жени, и се прашував дали и во својот дом некогаш би се чувствувал повеќе дома.

Следните денови, кафеавкавите ридови на Јудеја, со своите сивкаво-сини и виолетови сенки, постепено преминуваа во повеселите и побогатите ритчиња на Галилеја. Изворите и поточињата ненадејно се појавуваа. Вегетацијата стана побогата. Во групи се појавуваа маслинови дрвја со богати крошни и со високи, темни чемпреси; последните летни цветови сè уште можеа да се видат на падините од ритчињата.

Понекогаш дел од патот одев со терачите на камили и уживав во нивната едноставна топлина; пиевме вода од мојата матарка, пушевме една цигара заедно, потоа ќе продолжев сам. Ги поминував ноќите во арапските куќи и со нив јадев леб. Со денови газев низ жешкото мртвило покрај Езерото Галилеја и низ мекото студенило околу Езерото Хуле, кое е како метално огледало, со сребреникави маглини, лесно вцрвени од последните зраци на вечерното сонце, што реат над водата. Блиску до ридот живееја арапските рибари, во колиби изградени од трски, лабаво обвиткани околу скелетите од гранки. Беа мошне сиромашни – но не изгледаше дека им треба нешто повеќе од нивните прозирни колиби, избледнетата облека на нивниот грб, грстот жито за да направат леб и рибата која самите ја ловат; а се чини дека тие секогаш имаа доволно за да го повикаат патникот да влезе и да јаде со нив.

*

* *

НАЈСЕВЕРНАТА ТОЧКА НА ПАЛЕСТИНА беше еврејската колонија Метула која, како што дознав порано, беше некаков вид на премин меѓу британска Палестина и француска Сирија. Врз база на договорот меѓу двете влади, оваа и двете соседни колонии требаа наскоро да бидат приклучени кон Палестина. За време на оние неколку транзициски недели, Метула не беше ефективно надгледувана од ниедната од управите, и затоа ми се чинеше како идеално место од кое би се провлекол во Сирија. Дури подоцна дознав дека документи за идентификација од патниците се бараат само на главните патишта. Ми рекоа дека сириската контрола е мошне строга; практично беше невозможно да се стигне далеку, а да не ве запрат жандармите. Со оглед на тоа дека Метула

официјално сè уште беше сметана за дел од Сирија, сите возрасни жители, како и на другите места во земјата, имаа легитимација која ја издаваа француските надлежни органи. Моја најитна работа беше да обезбедам за себе еден таков документ.

Внимателно се распрашав и конечно ме доведоа до куќата на некој човек кој би можел да биде подготвен да се одрече од својата легитимација за определен надомест. Беше крупен човек, во своите доцни триесетти години од животот и беше така опишан во стутканиот и извалкан документ кој го извлече од џебот на градите; но, бидејќи на него немаше фотографија, проблемот не беше нерешлив.

„Колку бараш за тоа?“, го прашав.

„Три фунти.“

Ги извадив од џебот сите метални пари што ги имав и ги избројав: имаше педесет и пет пјастери, т.е. малку повеќе од пола фунта.

„Ова е сè што имам“, реков, „а бидејќи морам нешто да задржам за остатокот на патувањето, не можам да ви дадам повеќе од дваесет пјастери“ (што беше точно една петнаесеттина од она што тој го бараше).

По неколку минути џенкање се нагодивме на триесет и пет пјастери и документот беше мој. Тој се состоеше од испечатен лист со две колони – едната француска, а другата арапска – каде што беа внесени соодветните податоци со мастило на точкестите линии. „Личниот опис“ не ме загрижуваше многу бидејќи, како и обично кај таквите описи, тој беше извонредно неопределен. Но, внесената возраст беше: триесет и девет години – додека јас имав дваесет и три, а изгледав како да имам дваесет. Дури и мошне невнимателен полицаец веднаш би го забележал

несовпаѓањето; затоа требаше да се променат впишаните години. Да беше впишано барем само на едно место, промената не би била толку тешка; но за несреќа беше напишано и на француски и на арапски. Наспроти мојот највнимателен начин на пишување, постигнав само неубедлив фалсификат; секому кој има очи во главата би му било очигледно дека податоците во двете колони се променети. Но немаше друг избор. Морав да се потпрам врз својата среќа и на негрижата на жандармите.

Рано следното утро мојот деловен пријател ме одведе до клисурата зад селото, покажа на неколку карпи оддалечени стотина метри и рече: „Таму е Сирија."

Минав низ клисурата. Иако беше рано, беше мошне топло. Мора да ѝ беше топло и на старата Арапка која седеше под дрвото близу до карпите зад кои беше Сирија; таа ме повика со рапавиот, изнемоштен глас:

„Синко, ќе ѝ дадеш ли голтка вода на старицата?"

Ја однесов својата свежо наполнета матарка и ѝ ја дадов. Лакомо се напи, а потоа ми ја врати велејќи:

„Бог нека те благослови, нека Тој те чува и нека те води каде што срцето ќе ти посака."

„Благодарам мајче, не сакам повеќе од тоа". Кога се свртев и погледнав во неа, видов дека усните на старицата се мрдаат како при молитва и почувствував чудно воодушевување.

Дојдов до карпите, ги поминав; сега бев во Сирија. Широката, гола рамница лежеше пред мене; далеку на хоризонтот ги видов контурите на дрвјата и нешто што личи на куќи; тоа мора да е градот Бенијас. Не ми се допаѓаше изгледот на оваа рамница која не дава ни дрвја ниту грмушки зад кои би можел да се сокријам – што,

толку блиску до границата, можеше лесно да стане неопходно. Но немаше друг пат. Се чувствувам како што некогаш се чувствуваме во сонот во кој треба да одиме голи низ улица полна со луѓе...

Беше речиси пладне кога стигнав до некое поточе кое ја пресечуваше рамнината. Кога седнав да ги слечам кондурите и чорапите, видов во далечината четири коњаника како се движат во моја насока. Со пушките преку седлата, изгледаа злокобно како жандарми. Тоа *беа* жандарми. Немаше никаква смисла да се обидам да бегам; така се тешев себеси дека ќе се случи она што мора да се случи. Кога сега би ме фатиле, веројатно би примил само неколку удари со кундакот од пушката и би бил спроведен назад во Метула.

Го прегазив потокот, седнав на спротивниот рид и почнав полека да ги бришам нозете очекувајќи ги жандармите да пријдат поблизу. Тие дојдоа и гледаа кон мене сомничаво, бидејќи, иако носев арапска облека, беше очигледно дека сум Европеец.

„Од каде?“ – остро ме праша на арапски еден од нив.

„Од Метула.“

„За каде?“

„За Дамаск.“

„Зошто?“

„Па, така, патување од забава.“

„Имаш ли некакви документи?“

„Секако...“

Ја извлеков „својата“ легитимација, а срцето ми се искачи во грлото. Жандрамот го отвори документот и го погледна – а моето срце се врати на своето место и почна

повторно да чука; видов дека го држи документот наопаку, очигледно неспособен да чита... Два или три службени печати очигледно го задоволуваа бидејќи тој со здодевност го свитка и ми го врати.

„Да. В ред е. Оди."

За миг почувствував желба да се ракувам со него, но тогаш помислив дека е подобро нашите односи да останат строго службени. Сите четворицата ги свртеа коњите и одјаваа, а јас продолжив со моето одење.

Кај Бенијас го загубив патот. Она што на мојата карта беше опишано како „пат за возила" се покажа како одвај видлива патека што кривкаше преку пустелијата, мочуришната почва и преку поточињата, и конечно сосема исчезна покрај некои ритчиња прекриени со чакал. Талкав околу овие ритчиња неколку часа, горе-долу, додека конечно, попладнето, не сретнав два Арапа со магарења, кои носеа грозје и сирење во Бенијас. Остатокот од патот го минавме заедно; ми дадоа да јадам грозје, а се разделивме кога стигнавме до првите градини пред градот. Бистриот, тесен, брз поток шумолеше покрај патот. Легнав на стомак, ја нурнав главата до ушите во студената вода и пиев, пиев...

Иако бев многу уморен, немав намера да останам во Бенијас кој, како прв град на сириската страна, мора да има полициска станица. Мојата средба со жандармите ме умори во однос на обичните сириски полицајци бидејќи можеше да се претпостави дека мнозинството се неписмени и затоа не се способни да го откријат мојот фалсификат; но полициската станица со своите службеници би била друга приказна. Затоа тргнав со брз чекор низ тесните улици и скратувања заобиколувајќи ја главната трговска улица каде што, најверојатно, таквата станица

би можела да биде. Во едниот од сокаците чув звуци на лаута и човечки глас како пее во придружба на плескање. Задлабочен во тоа, свртев зад аголот и застанав: токму наспроти мене, на оддалеченост од одвај десет чекори, имаше врата со натпис *Poste de Police* (Полициска станица), со неколку сириски полицајци, меѓу нив еден офицер, кои седеа на столчиња на попладневното сонце и уживаа во музиката на едниот од своите другари. Беше предоцна да се повлечам, бидејќи веќе ме видоа, а офицерот – очигледно и тој Сириец – ме повика:

„Ej, дојди ваму!“

Ми остана само да се покорам. Тргнав полека, а тогаш ми блесна една мисла. Вадејќи го својот фотоапарат, учтиво ги поздравив офицерите на француски и продолжив, не чекајќи ги нивните прашања:

„Доаѓам од Метула во куса посета на овој град, но не би се вратил, а да не направам снимка од вас и од вашиот пријател, чијашто песна толку ме занесе.“

Арапите сакаат да им се ласка, а покрај тоа се воодушевени кога ги фотографирате; така офицерот се согласи со насмевка и бараше да му испратам фотографија (што подоцна и го сторив со поздрави). Повеќе не му падна ни на ум да ги бара моите документи. Наместо тоа ми понуди чаша сладок чај и ми посака среќен пат кога конечно станав за да „одам назад во Метула“. Се вратив по патот по кој дојдов, направив круг околу градот и продолжив по мојот пат кон Дамаск.

*

* *

ТОЧНО ДВЕ СЕДМИЦИ ПОДОЦНА откако ја оставив Хаифа, стигнав во едно големо село, речиси како град,

Мацдал аш-Шемс, населено главно со Друзи и со малубројни христијани. Ја одбрав куќата која се чинеше мошне богата и му реков на младичот кој отвори на моето чукање дека би бил благодарен за преноќиште. Со вообичаеното „*ехлен ве сехлен*“ вратата ширум се отвори и за неколку мига бев прифатен во малото домаќинство.

Бидејќи сега бев длабоко во Сирија, со неколку можни патишта кои водат кон Дамаск, решив да му се доверам на мојот домаќин Друз и да барам од него совет. Знаејќи дека ниеден Арап никогаш не би го предал својот гостин, сè отворено му изнесов вклучувајќи го и фактот дека патувам со лажна легитимација. Ми беше речено дека би било крајно ризично да одам по главниот пат затоа што одовде па натаму патролираат француски жандарми, кои не би ме пуштиле да продам така лесно како што тоа го сторија Сиријците.

„Мислам дека ќе го испратам мојот син со тебе“, рече мојот домаќин покажувајќи кон младичот што ми ја отвори вратата, „а тој ќе те води преку планините и ќе ти помогне да ги избегнеш патиштата“.

По вечерата седнавме на отворената тераса пред куќата и расправавме за патот по кој да тргнеме следното утро. На моите колена беше раширена германската карта на Палестина и на Сирија со мал размер која ја донесов од Ерусалим и се обидував според неа да го следам патот којшто ми го покажуваше мојот пријател Друз. Додека така бевме преокупирани со картата, некој човек во униформа на полициски офицер – очигледно Сириец – пријде одејќи по селската улица. Се појави така ненадејно зад аголот што одвај имав време да ја превиткам картата, но не и да ја сокријам од неговите погледи. Изгледа дека во мене препозна странец бидејќи, откако ја помина нашата тераса мавнувајќи му

на мојот домаќин, се сврте кај следниот агол и полека тргна кон нас.

„Кој сте вие?“, праша на француски, со не сосема љубезен глас.

Ја повторив својата вообичаена приказна за тоа дека сум колонист од Метула на патување поради забава. Кога побара да ја види мојата легитимација, морав да му ја дадам. Внимателно го гледаше документот, а неговите усни се искривија во насмевка.

„А што е тоа што го имате во рацете?“ продолжи тој, покажувајќи на превитканата германска карта. Му реков дека тоа не е важно, но тој беше упорен да ја види, ја одвитка со вештите прсти на човек снаодлив во ракување со карти, ја погледна неколку мига, ја превитка внимателно и ми ја врати со насмевка. Потоа рече на лош германски јазик:

„За време на војната служев во турската армија рамо до рамо со Германците“. Даде поздрав на војнички начин, се насмевна уште еднаш и замина.

„Мисли дека си Германец. Тие му се допаѓаат, а ги мрази Французите. Тој нема да те вознемирува“.

Следното утро, во придружбата на младиот Друз, тргнав на најтешкиот марш во својот живот. Пешачевме преку единаесет часа, со еден единствен прекин од околу дваесет минути напладне, преку каменитите ридови, низ длабоките клисури, сувите корита на реките, повторно низ ридовите, преку чакал, низ острите камења, угоре, удолу, угоре, удолу, додека не почувствував дека не можам повеќе да одам. Кога попладнето дојдовме во градот Ел-Катане во рамнината пред Дамаск, бев сосема изморен, чевлите ми беа искинати, а стапалата отечени. Сакав тука да преноќам, но мојот млад пријател строго ме советуваше

против тоа; во близина имаше премногу француски полицајци, а бидејќи тоа беше град, а не село, не би можел толку лесно да најдам преноќиште, а да не привлечам внимание. Единствена можност беше да си осигурам превоз во некој од автомобилите што се нудат на изнајмување оттаму до Дамаск. Сè уште ги имав своите дваесет пјастери (за време на целиот пат од Хаифа немав потреба да потрошам ни банка); дваесет пјастери беше случајно цената на билетот за превоз до Дамаск.

Во расклатената канцеларија на службеникот за превоз, на главниот градски пазар, бев известен дека ќе мора да чекам околу половина час до поаѓањето на следното возило. Се разделив од својот пријателски водич, кој ме прегрна како брат и веднаш тргна назад дома. Седејќи, со раницата покрај себе, покрај вратата на канцеларијата, бев задремал под зраците на доцното попладневно сонце кога ненадејно некој ме разбуди со грубо тресење на рамениците: сириски жандарм. Паднаа вообичаените прашања, а следеа и вообичаените одговори. Но, очигледно тој не беше сосема задоволен и ми рече:

„Дојди со мене во полициската станица и таму објасни му на дежурниот офицер.“

Бев толку изморен што ми беше сеедно дали ќе ме откријат или не.

Се покажа дека „офицерот“ во станицата беше крупен, набиен француски наредник, со раскопчана блуза, седеше зад масата на која стоеше речиси празно шише арак (источен алкохолен пијалак) и нечиста чаша. Беше сосема пијан, лут и зјапаше со прокрвавените очи во полицаецот што ме доведе.

„Што е сега?“

Полицаецот објасни на арапски дека ме видел мене, странец, како седам на главниот пазар, а јас објаснив на француски дека не сум странец туку чесен граѓанин.

„Чесен граѓанин!“ вресна наредникот. „Вие луѓе сте ништожници и вагабонти кои талкаат горе-долу низ земјата само за да ни додеваат. Каде ви се документите?“

Додека невешто, со вкочанети прсти, пипкав за да ја најдам својата легитимација во џебот, тој удри со тупаница по масата и извика:

„Не е важно. Да те нема одовде!“ – и додека зад себе ја затворав вратата, го видов како посегнува по чашата и по шишето.

По долгиот, долгиот марш, какво олеснување, каква пријатност да се возиш – не, речиси да лизгаш – во возилото од Ел-Катана по широкиот автопат во рамнината на Дамаск покриена со овошни градини! На хоризонтот лежеше мојата цел: бескрајното море со круни од дрвја, со неколку блескави куполи и минариња кон небото, одвај видливи. Во далечината, малку вдесно, стоеше осамен гол рид, со врв уште осветлен од сонцето, додека меките сенки веќе беа спуштени до неговата основа. Над ридот, еден единствен облак, тесен, долг, блескаво темен; огромно, далечно бледосино небо; над рамнината црвеникаво-сива, златна боја, кон планината лево и десно од нас; лесен воздух.

Потоа: високи овоштарници опкружени со ѕидови од иловица; јавачи, двоколки, кочии, војници (француски војници). Самракот стана зелен како вода. Некој полицаец профучи на моторот, со своите огромни очила личејќи на риба од длабочините на морето. Потоа: прва-

та куќа, Дамаск, бран од врева по тишината во рамнината. Првите светилки се палеа на прозорците и по улиците. Почувствував радост каква што не паметам.

Мојата радост ненадејно исчезна кога возилото застана зад полициската станица на периферијата на градот.

„Што се случува?“, го прашав возачот покрај себе.

„Ах, ништо. Секое возило што влегува мора при влегувањето да ѝ се јави на полицијата...“

Сириски от полицаец излезе од станицата и праша:

„Од каде доаѓате?“

„Само од Ел-Катана“, одговори возачот.

„Ах, тогаш можете да одите“ (бидејќи ова очигледно беше локален сообраќај). Возачот наврапито го отпушти куплунгот. Тргнавме, и јас уште еднаш воздивнав слободно. Но во тој миг некој повика од улицата: „Хаубата е лабава!“ – и неколку чекори зад полициската станица возачот го запре старото возило за да се погрижи за лабавата хауба која висеше од едната страна. Додека тој се занимаваше со тоа, полицаецот повторно мрзливо ни се приближи, очигледно заинтересиран само за механичкиот проблем на возачот. Меѓутоа, тогаш неговиот поглед падна врз мене и јас видов, со грчење на сето свое тело, дека неговиот поглед се разбуди. Ме погледна од глава до петици, приј де поблиску и фрли поглед на подот каде што лежеше мојата раница.

„Кој си ти?“ праша сомничаво.

Јас започнав: „Од Метула...“, но полицаецот ја тресеше главата не верувајќи. Тој потоа му шепна нешто на возачот; можев да ги разберам зборовите „англиски војник, дезертер“. Првпат ми светна дека моите сини пан-

талони, мојата кафеникава *куфија* со својот *игал* проткаен со злато и мојата раница од војнички тип (што ја купив во старинарницата во Ерусалим) создаваа слика мошне слична на изгледот на ирските полицајци кои во тоа време ги вработуваше владата во Палестина; тогаш се присетив на спогодбата меѓу француските и британските власти за заемното предавање на одделни нивни дезертери...

На мојот лош арапски јазик се обидов да му објаснам на полицаецот дека не сум дезертер; но тој го одби моето објаснување:

„Ти објасни му го сето тоа на инспекторот".

И така бев присилен да одам во полициската станица, а возачот, мрморејќи извинение што не може да ме чека, го стави возилото во движење и исчезна... Ми рекоа дека инспекторот е надвор и дека може да се врати во секој миг. Морав да чекам во некоја соба во која имаше само клупа и, освен главниот влез, уште две други врати. Над едната од нив беше напишано *Gardien de Prison* (Чувар на затворот), а над другата едноставно *Prison* (Затвор). Среде оваа мошне непријатна средина чекав повеќе од половина час, секој момент сè повеќе и повеќе уверен дека ова е крајот на моите патувања, бидејќи „инспектор" звучеше многу позлокобно отколку едноставно „офицер". Ако сега бидам откриен, ќе морам да поминам некое време, можеби недели, во затворот како приведен под истрага. Потоа би ја добил вообичаената пресуда од три месеци; по отслужувањето би морал да одам пеш – во придружба на жандарм на коњ – назад до палестинската граница; а, преку сето тоа, би можел да очекувам и протерување од Палестина поради прекршување на пасошките прописи.

Мачнината во чекалницата не беше ништо во споредба со мачнината во мене.

Ненадејно слушнав брмчење на моторно возило. Тоа застана пред влезот на станицата. Малку подоцна некој човек во цивилна облека со *тарбуш* на главата влезе во собата со брзи чекори, во придружба на полицаецот кој возбудено се обидуваше да му објасни нешто. Инспекторот очигледно многу се брзаше.

Не знам точно како се случи тоа, но претпоставувам дека она што го сторив во тој пресуден миг е последица на едно од оние ретки светнувања на генијалноста кои во различни околности – и можеби кај различни луѓе – доведуваат до настани кои ја менуваат историјата. Во еден скок му пријдов на инспекторот, истурив врз него порој од поплаки на француски јазик против навредливата невештост на полицаецот кој мене, невин граѓанин, ме сметаше за дезертер и беше причина да го пропуштам мојот превоз до градот. Инспекторот неколкупати се обиде да ме прекине но за тоа не му дадов можност и го задушив со порој од зборови од кои, претпоставувам, беше одвај во состојба да разбере една десеттина – можеби само имињата „Метула“ и „Дамаск“, кои ги повторував безбројпати. Очигледно беше во неволја затоа што е спречен да направи нешто што беше итно; но јас не му допуштав да зборува и продолжив, без издив, со својата стрелба од зборови. Конечно тој ги крена рацете во очајание и повика:

„Запрете, за име Божје! Имате ли некакви документи?“

Мојата рака автоматски влезе во џебот и, сè уште истурајќи реченица по реченица во непрекинат тек, ја турнав лажната легитимација во неговите раце. Кутриот

мора да имаше чувство дека се гуши, бидејќи тој само брзо го сврте аголот на превитканиот документ, го виде службениот печат и ми го врати:

„Добро, добро, одете, само одете!“ – а јас не чекав тој да го повтори своето барање.

*

* *

ПРЕД НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ, во Ерусалим, сретнав еден учител од Дамаск кој ме повика да бидам негов гостин кога и да дојдам во Дамаск и токму сега се распрашував за неговата куќа. Едно момче се понуди за водич и ме фати за раката.

Длабока вечер. Стар град. Тесни улички кои што чардаците ги правеа помрачни отколку што самата ноќ би можела да ги направи. Овде-онде можев да видам, во жолтата светлина на петролејните фенери, продавница за овошје со рид од лубеници и кошници со грозје. Луѓе како сенки. Понекогаш, зад решеткастите прозори, висок женски глас. А тогаш момчето рече: „Овде“. Чукнав на вратата. Некој однатре одговори и јас го кренав резето и влегов во калдрмисаниот двор. Во темнината можев да ги распознаам дрвјата од грејпфрут свиткани под тешките зелени плодови и камениот базен со фонтана. Некој повика озгора:

„*Тефеддал ја сиди*?“[27] – и јас се искачив по ниските скали долж еден од надворешните ѕидови, поминав низ отворената веранда и се најдов во прегратките на мојот пријател.

[27] Повелете господине. (Заб. на прев.)

Бев мртов-уморен, сосема исцрпен, и без опирање се фрлив во постелата што ми ја понудија. Ветерот шушкаше во круните од дрвјата во дворот пред и во градината зад куќата. Од далечината допираат многу придушени звуци: гласот на големиот арапски град кој се подготвува за починка.

*

* *

СО ВОЗБУДУВАЊЕ, со очи отворени за нештата кои претходно не сум ги ни насетувал талкав во оние летни денови по тесните улици на стариот пазар во Дамаск и го открив духовното спокојство во животот на неговите луѓе. Нивната внатрешна сигурност можеше да се забележи во начинот на кој се однесуваа еден кон друг, во топлото достоинство со кое се среќаваа и се разделуваа; во начинот на кој двајца мажи одеа заедно, држејќи се за рака како деца – едноставно затоа што чувствуваа пријателство еден кон друг; во начинот на кој продавачите постапуваа еден кон друг. Тие продавачи во малите продавници, тие непопустливи викачи на минувачите, како да немаа лаком страв или завист во толкава мера што сопственикот му го оставаше својот дуќан на чување на својот сосед и конкурент кога и да му беше потребно да се оддалечи на определено време. Често се гледаше потенцијален муштерија како стои пред тезга без продавач, очигледно во недоумица дали да чека на враќањето на продавачот или да премине на соседната тезга – и секогаш соседниот трговец, конкурент, ќе пристапеше да испита што сака муштеријата и ќе му ја продал бараната стока – не својата, туку стоката на

својот отсутен сосед – и ќе ги оставеше парите врз тезгата на соседот. Каде во Европа може да се биде сведок на нешто слично?

Некои улици на пазарот беа во врева со крепките ликови на бедуините во нивната широка, лелеава облека; луѓе кои секогаш изгледаа небаре ги носат своите животи со себе и дека секогаш одат по својот сопствен пат. Високи луѓе, со сериозни, огнени очи стоеја или седеа во групи пред дуќаните. Тие меѓусебно не зборуваа многу – еден збор, една куса реченица, внимателно изговорена и исто така внимателно примена беше доволна за долг разговор. Овие бедуини, чувствував, не знаат за дрдорење, оној разговор во врска со ништо, без никаква содржина, белег на истрошените души; ме потсетија на зборовите од Куранот со кој се опишува животот во рајот: **„...во него нема да се слушаат празни зборови...“**[28] Изгледаше дека молчењето е бедуинска доблест. Тие се завиткуваат во своите широки, бело-кафеникави или црни наметки и молчат; поминуваат покрај вас со молчалив поглед на дете, горди, скромни и разумни. Кога ќе им се обратите на нивниот јазик, нивните црни очи светнуваат во ненадејна насмевка, бидејќи тие не се преокупирани со себе и сакаат да бидат сфатени од туѓунците. Тие се *grands seigneurs* (големи господа), сосема воздржани, а сепак отворени кон сите нешта на животот...

Во петок може да се забележи промена во животниот ритам на Дамаск – мал виор на среќно возбудување и, во исто време, свеченост. Мислев на нашите недели во Европа; на тивките градски улици и на затворените дуќани; се сеќавав на сите оние празни денови и на потиштеноста која таа празнина ја создаваше. Зошто мораше

[28] Куран, 56:25. (Заб. на прев.)

да биде така? Сега почнав да го сфаќам тоа; затоа што за мнозината од луѓето на Запад нивниот секојдневен живот е тежок товар од кој само неделите можат да ги ослободат, а неделата повеќе не е ден на одмор туку станала бегство во нереалното, измамнички заборав зад кој, двојно тешки и заканувачки, демнат работните денови во седмицата.

Од друга страна, пак, се чини дека петокот за Арапите не беше можност да ги забораваат своите работни денови. Не дека плодовите на животот лесно и без напор паѓаа врз скутовите на овие луѓе, туку едноставно, нивните работи, дури и оние најтешките, не доаѓаа во конфликт со нивните лични желби. Немаше рутина за самата рутина; наместо тоа постоеше внатрешна врска меѓу работникот и неговата работа; така одморот станува неопходен само ако тој се замори. Таквата согласност меѓу човекот и неговата работа исламот ја зел предвид како природна состојба на нештата и затоа, за петок не беше пропишан задолжителен одмор. Занаетчиите и малите сопственици на дуќаните на пазарот во Дамаск работеа неколку часа, ги напуштаа своите дуќани неколку часа, во тоа време одеа во џамија на пладневната молитва, а потоа се наоѓаа со своите пријатели во кафеаната; тогаш повторно се враќаа во своите дуќани и повторно работеа неколку часа во радосна опуштеност, секој токму онака како што му се допаѓа. Само некои дуќани беа затворени, а освен во времето на намазот, кога луѓето се собираа во џамиите, сите улици беа полни со врева како и во другите денови.

Еден петок отидов со својот пријател и домаќин во Емевиската џамија. Бројните мраморни столбови кои го потпираа сводот блескаа под сончевите зраци кои паѓаа

низ горните прозорци. Во воздухот рееше мирис на мошус, а подот беше прекриен со црвени и сини килими. Во долгите, правилни редови стоеја стотици луѓе зад *имамот* кој ја водеше молитвата; тие се наведнуваа, клечеа, го допираа подот со своите чела, а потоа повторно се креваа; сè во дисциплинирана хармонија, како војници. Владееше тишина. Додека верниците стоеја, можеше да се слушне гласот на стариот *имам*, од далечната длабочина на огромната сала, како рецитира стихови од Куранот, а кога тој ќе се наведнеше или ќе паднеше ничкум, целиот собир го следеше како еден човек, наведнувајќи се и паѓајќи ничкум пред Бога небаре Тој е присутен пред нивните очи...

Токму во тој миг станав свесен колку им се блиски на овие луѓе Бог и нивната вера. Нивната молитва не изгледаше разделена од нивниот работен ден; таа беше дел од тоа – не замислена да им помогне да ги забораваат животите туку подобро да се сетат преку сеќавањето на Бога.

„Колку е тоа чудно и прекрасно“, му реков на својот пријател додека ја напуштавме џамијата, „што вие чувствувате дека Бог ви е толку блиску. Би сакал и јас да можам така да чувствувам.“

„Како инаку би можело да биде, брате? Зар не е Бог, како што вели нашата света книга, **‚поблиску од жилата во грклanot?‘**[29]“

*

* *

ПОТТИКНАТ ОД МОЕТО НОВО СОЗНАНИЕ, поминував многу време во Дамаск читајќи секаков вид

[29] Куран, 50:16. (Заб. на прев.)

книги за исламот до кои можев да стигнам. Мојот арапски, иако доволен за конверзација, беше сосема недоволен за читање на Куранот во оригинал, така што морав да прибегнам кон два превода – францускиот и германскиот – кои ги позајмив од библиотека. За останатото морав да се потпрам врз делата на европските ориенталисти и врз објаснувањата на мојот пријател.

Колку годе фрагментарни, овие проучувања и разговори беа како кревање на некакво перде. Почнав да забележувам свет на идеи за кој дотогаш сум бил целосно неук.

Исламот не изгледаше толку како религија во популарна смисла на зборот, колку како начин на живот; не толку како систем на теологија, колку програма на лично и општествено однесување базиран врз свеста за Бога. Никаде во Куранот не можев да најдам повикување на потребата од „спасение“. Никаков прв, наследен грев не стоеше меѓу личноста и неговата судбина – бидејќи **„секој човек е одговорен за она што самиот го прави“**.[30] Не е баран никаков аскетизам за да се отвори сокриената порта на невиноста; бидејќи невиноста е човеково право здобиено со раѓањето, а гревот значи само скршнување од природните, позитивни својства со кои Бог го дарувал секое живо суштество. Нема трага од каков било дуализам во набљудувањето на човечката природа: изгледа дека телото и душата се земени како единствена целина.

На почетокот бев донекаде зачуден од куранската грижа не само за духовните нешта, туку исто така и за многу навидум безначајни, световни аспекти на животот; но со време почнав да сфаќам дека, ако човекот на-

[30] Куран, 52:21. (Заб. на прев.)

вистина е единствена целост од тело и дух – како што исламот тврди дека е – никаков аспект на неговиот живот не би можел да биде премногу „безначаен“ за да дојде во надлежност на религијата. Со сето тоа, Куранот никогаш не дозволил неговите следбеници да заборават дека животот на овој свет е само еден степен од човековиот пат кон повисока егзистенција и дека неговата конечна цел е од духовна природа. Тој вели дека материјалниот напредок е пожелен, но не како цел самиот за себе; затоа човековите апетити, иако оправдани самите по себе, мора да бидат совладани и контролирани од моралната свест. Оваа свест треба да се однесува не само на човековиот однос кон Бог, туку исто така на неговиот однос кон луѓето; не само на духовното усовршување на личноста туку, исто така, и на создавање на таквите општествени услови кои би можеле да му одговараат на духовниот развој на сите, така што сите би можеле да живеат во изобилство...

Сето ова беше интелектуално и етички далеку „поприфатливо“ од сето она што порано сум го слушал или читал за исламот. Неговиот приод кон проблемите на духот изгледаше подлабок отколку оној од Стариот Завет, а освен тоа немаше никаква наклонетост кон ниедна посебна нација. Неговиот приод кон проблемите на телото, за разлика од Новиот Завет, беше изразито позитивен. Духот и телото стоеја, секој на свој начин, како двоен аспект на човечкиот живот создаден од Бога.

Се прашував, не е ли можеби ова учење одговорно за емоционалната сигурност која толку долго ја чувствував кај Арапите?

*

* *

ЕДНА ВЕЧЕР МОЈОТ ДОМАЌИН ме повика да појдам со него на седенка, во куќата на еден богат пријател кој правеше свеченост по повод раѓањето на својот син.

Минавме низ кривулестите улички од средниот дел од градот кои се толку тесни што истурените чардаци и со решетки затворените балкони од спротивната страна на улицата речиси се допираа еден со друг. Длабоките сенки и мирната тишина дремеа меѓу старите камени куќи; понекогаш покрај нас ќе поминеше некоја жена со црн превез, со брзи, ситни чекори, или некој брадест човек, облечен во долг *кафтан*[31] ќе се појавеше од едниот агол и полека ќе исчезнеше зад другиот. Постојано истите и неправилни агли, постојано истите тесни улички кои едната со другата се пресечуваат во сите правци, постојано ветуваат дека водат до зачудувачки откритија, а постојано се отвораат кон друга, слична уличка.

Но откритието навистина дојде на крајот. Мојот пријател и водич застана пред една дрвена врата, без натпис, поставена во чист ѕид, малтерисана со кал, и рече:

„Стигнавме“, чукајќи на вратата со тупаницата.

Вратата се отвори со чкрипање, еден старец со безбројни мрморења ни посака добредојде, „*ехлен, ехлен ве сехлен*“ и низ кусиот ходник со две свртувања вдесно влеговме во дворот на куќата која однадвор одвај личеше на колиба облепена со кал.

[31] Кафтан – долга наметка која се носи во Блискиот Исток под џубе (широка, до колената долга наметка која ја носат имашливите градски луѓе, и мнозинството алими – верски научници во исламот, во Египет, Сирија, Хиџаз, Ирак, Иран итн.) или абаја.

Дворот беше широк и светол, поплочен како огромна шаховска плоча со бели и црни мраморни плочки. Во нискиот, осмоаголен базен во средината во весела игра прскаше фонтана. Лимоновите стебла и грмушките со олеандер засадени во отворите во мраморниот под ги даваа своите процутени и со плодови натежнати гранки насекаде по дворот и долж ѕидовите на куќата, кои од врвот до дното беа прекриени со најфино изработени релјефи од алабастер, покажувајќи заплеткани геометриски форми и листовидни арабески, прекинати само со прозорците со широки тантелени рамки во мермер. На едната страна на дворот ѕидовите беа вдлабнати така што, на височина од еден метар над земјата, е формирана длабока вдлабнатина во ѕидот со големина на широка соба, до која се пристапува преку широките мраморни скали. Долж трите ѕида на оваа вдлабнатина – наречена *ливан* – поставени се ниски дивани прекриени со брокат, а на подот се наоѓаше скапоцен килим. Ѕидовите на вдлабнатината беа обложени со огромни огледала до височина од околу пет метри, така што целиот двор со своите дрвја, со својот црно-бел под, со своите релјефи од алабастер, со мраморните отвори на прозорците и со изрезбаните врати кои водат во внатрешноста на куќата, како и со шаренилото на гостите кои седеа на диваните или шетаа околу фонтаната – сето ова беше удвоено во огледалата од *ливанот*. А кога ќе погледнете во нив, откривате дека спротивниот ѕид на дворот е покриен со слични огледала по целата своја широчина, така што целата глетка се рефлектира двапати, четирипати, стотинапати и се претвораше во магична, бескрајна лента од мрамор, алабастер, фонтани, безбројно мнозинство луѓе,

шума од лимонови стебла, грмушки олеандер – бескрајна земја на сништата што блескаше под вечерното небо сè уште црвеникаво од зраците на сонцето што заоѓа...

Таква куќа – едноставна и неукрасена од уличната страна, богата и прекрасна однатре – за мене беше нешто сосема ново; но со време разбрав дека тоа е типичен начин на живеење на богатите не само во Сирија и во Ирак, туку исто така и во Иран. Ни Арапите ниту Персијците на почетокот не водеа сметка за фасадите; куќата беше наменета да се живее во неа и нејзината функција беше ограничена на нејзината внатрешност. Ова беше нешто сосема поинакво од изнудениот „функционализам“ по кој толку многу се стреми во модерната западна архитектура. Западните луѓе, заплеткани во некој вид превртен романтизам, несигурни во своите сопствени чувства, и ден-денес градат проблеми; Арапите и Персијците градат – или барем до вчера граделе – куќи.

Домаќинот ме седна на својата десна страна на диванот, а еден босоног слуга ми подаде кафе на малиот послужавник од месинг. Чадот од наргилите што шумолеа се мешаше со воздухот намирисан со мирис на роза и пловеше во облачиња кон засенетите свеќи што се палеа, една по друга, долж ѕидовите и меѓу темното зеленило на дрвјата.

Друштвото – сите мажи – беше мошне разновидно: луѓе во *кафтани* од ригеста, шушкава дамаска свила или кинеска сурова свила со боја на слонова коска, во широки *џубиња*[32] од пастелно обоена фина волна, со злато извезени бели турбани преку црвените *тарбуши*; луѓе во европска облека но очигледно удобна со вкрстени нозе на диванот. Некои бедуински главатари од степата со

[32] Џубе – долга машка облека без ракави. (Заб. на прев.)

својата придружба беа тука; со црни и горделиво живи очи, со мали црни бради околу слабите, мургави лица. Нивната нова облека шушкаше при секое движење, а сите носеа сабји со сребрени корици. Тие беа негрижливи и сосема релаксирани; вистински аристократи – само што нивната релаксираност, за разлика од онаа кај европските аристократи, не беше мек сјај одгледуван со генерации на предадена грижа и добро живеење, туку како топол оган кој произлегува од сигурноста на нивните сфаќања. Добар воздух, сува и чиста атмосфера – истиот воздух што еднаш навистина сум го почувствувал на работ од пустината; ве прегрнува во својата невиност, но не се наметнува. Тие беа како далечни пријатели, како минувачки посетители на ова место; нивниот слободен живот, животот без цел, ги очекуваше на друго место.

Една танчарка излезе од едната од вратите и лесно истрча по скалите во *ливанот*. Беше мошне млада, сигурно не постара од дваесет години, и мошне убава. Облечена во панталони со фалти од некаков шушкав, блескаво свилен материјал, чифт златни пантофли, женски појас извезен со бисери кој повеќе ги нагласуваше отколку што ги криеше нејзините високи, исправени гради. Се движеше со сензуална заводливост, свикната да ѝ се восхитуваат и да биде посакувана; можевте дури да го слушнете бранот на уживање како мина низ овој собир при погледот на нејзиното вито тело и на нејзината кожа со боја на слонова коска.

Во придружба на дајрето на кое свиреше еден средовечен човек, кој влезе во *ливанот* непосредно по неа, таа танцуваше еден од оние традиционални, разуздани танци толку омилени на Исток – танци наменети да предизвикаат дремливи желби и да ветат исполнување што го запрува здивот.

„О ти прекрасна, о ти чудесна“, промрморе мојот домаќин. Потоа лесно ме плесна по коленото и рече: „Зарем не е таа како мелем што лекува рани...?“

Танчарката исчезна исто толку брзо како што се појави; ништо не остана од неа, освен нејасниот сјај во очите на многуте мажи. Нејзиното место на килимот во *ливанот* го заземаа четворица свирачи – едни од најдобрите во цела Сирија, како што ми рече еден од гостите. Едниот од свирачите држеше лаута со долг врат, другиот сплескан тапан со кожа само од едната страна – како дајре без ѕвончиња – третиот некој инструмент што личеше на цитра, а четвртиот египетска *тамбура* – нешто слично на мошне широко шише од месинг со дно од кожа на тапан.

Тие почнаа да свират и да тропаат нежно, најпрвин живо, без каква и да е забележителна хармонија, навидум секој за себе, небаре ги нагодуваааат своите инструменти во подготвување за заеднички почеток. Оној со цитрата повлече неколкупати преку жиците, од високите до ниските со придушен ефект како на харфа; свирачот на тамбура тивко тропаше, застана и повторно тропаше; оној со лаутата, небаре отсутен со духот, удри неколку ниски, остри звуци кои речиси случајно се совпаднаа со сувото, монотоно повторување на удирите со дајрето и да ја повлекува тамбурата во нерешително отповикување на звукот на жиците, сега на лаутата, сега на цитрата – и пред да станете сосема свесни за тоа, заедничкиот ритам ги поврза четирите инструменти заедно и мелодијата доби форма. Мелодија? Не би можел да кажам. Повеќе ми изгледаше дека сум сведок на некој возбудлив настан отколку да слушам музицирање. Од црцорливите тонови на жичените инструменти растеше нов ритам, растејќи во напната спи-

рала, а потоа, ненадејно, опаѓајќи – како ритмичко растење и опаѓање на некаков метален предмет, побрзо и побавно, понежно и посилно; во спокојна истрајност, во бескрајни варијации, овој непрекинат настан, овој акустички феномен што трепери во воздржан занес, растеше, се шириш моќно, освојуваше. А кога ненадејно се прекина среде крешчендото (колку рано, премногу рано!), знаев: бев заробен. Напнатоста на оваа музика неусетно ме зафати; бев нурнат во овие звуци кои со својата очигледна монотонија го повикуваа во сеќавање она вечно повторно појавување на сето она што постои, и чукаа на вратата на вашите сопствени чувства и го повикуваа, малку по малку, сето она што се движи во вас без ваше знаење... откриваа нешто што постојано било присутно, а сега станало очигледно со таква јаснотија што срцето ќе затрепери...

Бев свикнат на западната музика во која целата емоционална заднина на композиторот е вклучена во секоја одделна композиција, одразувајќи ги во секое негово расположение сите можни други расположенија; но оваа арапска музика небаре течеше од едно единствено ниво на свеста, од една единствена напнатост која беше само напнатост и затоа можеше да предизвика лични расположенија кај секој слушател...

По неколку секунди тишина тамбурата повторно загрме, а другите инструменти прифатија. Помек замав, понежен ритам отколку порано; одделните тонови се приспособија поблиску еден кон друг, топло се прегрнуваа еден со друг и, небаре се врзани заедно со некаква магија, стануваа сè повозбудливи; се судруваа меѓусебно, течеа еден околу друг во меки, брановидни линии кои најпрвин се судруваа, неколку пати, со биењето на тамбурата како со некоја тврда пречка, но постепено стануваа поагресивни, ја победија тамбурата и ја заробија,

повлекувајќи ја со себе во заеднички, спирален подем; а тамбурата, на почетокот нерасположена наскоро стана жртва на општото воодушевување и, занесена, им се придружи на другите; брановидната линија ја изгуби својата женска мекост и јурна со растечка енергичност, побрзо, повисоко, поостро, во студено фуриозо на свесната страст која се ослободи од сите стеги и сега стана воодушевен подем до некои невидени кулминации на силата и на власта; од досега кружниот тек на тоновите еден околу друг се појави величествена ротација во едногласје – налет на тркала од бесконечност во бесконечност, без мера или граница или цел, задишано, безобзирно одење на алпинист со натегнато јаже над амбиси со остри рабови, низ вечната сегашност, кон свеста која е слобода и моќ, надвор од сето она што може да се помисли. Потоа, ненадејно, среде возбудениот полет, запирање и мртва тишина. Брутално. Чесно. Чисто.

Како шум од лисја, здивот се враќа кај слушателите, а оптегнатото шумолење „*Ја Аллах, ја Аллах*“ мина низ нив. Тие беа како мудри деца кои ги играат своите игри во кои одамна се согласиле и кои секогаш повторно ги мамат. Тие се смееја среќно...

– 3 –

НИЕ ЈАВАМЕ, а Зејд пее: постојано истиот ритам, постојано истата монотона мелодија. Бидејќи душата на Арапите е монотона – но не во смисла на сиромаштија на фантазија; тој неа ја има во изобилие; но неговиот инстинкт не се стреми, како кај луѓето од Западот, по широчина, по тридимензионален простор и по истовременост

на повеќе нијанси на емоциите. Низ арапската музика говори желбата, секогаш, да се донесе едно емоционално доживување до крајноста на својот досег. Токму на оваа чиста монотонија, оваа речиси сензуална желба да се доживеат чувствата потсилени во непрекинатата, подемна линија, арапскиот карактер му ја должи својата сила и своите недостатоци. Неговите недостатоци: бидејќи светот треба да биде доживеан, емоционално и просторно. И неговата сила: бидејќи верата во можноста за бескраен линеарен подем на емоционално сознание во подрачјето на духот може да води само до Бога. Само врз база на оваа вродена сила, толку својствена за народот на пустината, можел да никне монотеизмот на старите Евреи и неговото триумфално исполнување, Мухамедовата вера. Зад ова стоеше мајчинската пустина.

V. Дух и тело

– 1 –

ДЕНОВИТЕ МИНУВААТ, ноќите се куси, а ние јаваме кон југ со брзо темпо. Нашите камили се во одлична форма – неодамна се напоени, а последните два дена имаа обилно пасење. Одовде до Мека има уште четиринаесет дена, а можеби и уште повеќе ако, што е веројатно, поминеме неколку дена во градовите Хаил и Медина, кои лежат на нашиот пат.

Ме зафати необично нетрпение: забрзаност за која немам објаснение. Досега уживав во слободното патување; без какво било посебно брзање да дојдам на својата цел брзо; деновите и седмиците поминати на патувањето имаа свое сопствено исполнување, а целта постојано изгледаше случајна. Но сега почнав да чувствувам нешто што никогаш порано не сум го чувствувал во текот на сите овие години во Арабија; некое нетрпение да дојдам на крајот на патот. Кој крај? Да ја видам Мека? Толку често сум бил во светиот град и толку темелно сум го запознал неговиот живот што веќе не ми дава ветување за никакви нови откритија. Или е тоа, можеби, нов вид откритие кое го претчувствувам? Мора да е така – бидејќи кон Мека ме привлекува чудно, лично исчекување, небаре овој духовен центар на муслиманскиот свет, со својот

повеќенационален собир на луѓе од сите земји, е некаков вид ветување, порта кон свет поширок од оној во кој сега живеам. Не можам да кажам дека Арабија ми е здодеана; не, јас ги сакам нејзините пустини, нејзините градови, обичаите на нејзините луѓе како што и досега сум ги сакал; она прво навестување на арапскиот живот во Синајската пустина пред околу десет години никогаш не ме разочарало, а годините кои доаѓаа само ги потврдуваа моите почетни очекувања. Меѓутоа, од онаа моја ноќ на бунарот пред два дена, во мене растеше уверувањето дека Арабија ми дала сè што имала да даде.

Јас сум силен, млад, здрав. Можам да јавам многу часови без прекин, а да не бидам претерано изморен. Можам да патувам – а го правам тоа со години – како бедуин, без шатор и без каков било ситен комфор кој жителите на градовите во Нејд често го сметаат за неопходен на долгите пустински патувања. Снаодлив сум во сите мали вештини на бедуинскиот живот, а речиси незабележливо сум ги прифатил манирите и обичаите на Арапите од Нејд. Но, дали е тоа сè што треба да постои? Дали сум живеел толку долго во Арабија само за да станам Арап? Или е тоа можеби подготовка за нешто што допрва треба да дојде?

*
* *

НЕТРПЕНИЕТО КОЕ сега го чувствувам е некако блиско со немирното нетрпение кое го доживеав кога се вратив во Европа по моето прво патување на Блискиот Исток; чувство дека сум бил присилен да го прекинам огромното откритие кое би ми се понудело, само ако имаше повеќе време...

Првиот впечаток од преминувањето од арапскиот свет назад во Европа беше донекаде ублажен од месеците изминати во Турција откако ја напуштив Сирија, есента 1923. Турција на Мустафа Кемал тие денови сè уште не беше влегла во својата „реформистичка“, имитирачка фаза; сè уште беше автентична Турција во својот живот и традиција и според тоа, поради унифицирачките врски на својата исламска вера, сè уште блиска на општиот тек на арапскиот живот; но внатрешниот ритам на Турција изгледаше некако потежок, помалку транспарентен, помалку жив – и повеќе западен. Кога патував од Истанбул за Софија и Белград немаше ненадеен премин од Исток на Запад; сликите се менуваа постепено, еден елемент се повлекуваше, а другиот незабележливо го заземаше неговото место – имаше сè помалку минарија, долгите *кафтани* на мажите им го отстапуваа местото на опашаните селски блузи, ретките дрвја и шумички на Анадолија преминуваа во српските чамови шуми додека ненадејно, на италијанската граница, не се најдов назад во Европа.

Додека седев во возот кој ме носеше од Трст за Виена, моите скорешни впечатоци од Турција почнаа да ја губат својата живост и единствената стварност која остана беа оние осумнаесет месеци кои ги поминав во арапските земји. Бев речиси шокиран кога сфатив дека на толку познатите европски предели гледам со очи на странец. Луѓето изгледаа толку одвратни, нивните движења вкочанети и тромави без непосреден однос кон она што навистина го чувствуваат и го посакуваат; веднаш сфатив дека, наспроти надворешниот изглед во сето што го прават, тие живеат, без да бидат свесни за тоа, во замислен свет... Очигледно, мојот контакт со Арапите целосно, неповратно го изменил мојот пристап кон сето она што го

сметав за битно во животот. Со нешто слично на чудење се сетив дека и другите Европејци го доживувале арапскиот живот пред мене, и како било можно тие да не го доживеат овој ист потрес на откритието? Или, пак, го доживеале? Дали можеби некој од нив бил толку длабоко потресен како што сум сега јас...?

(Дури со години подоцна, во Арабија, добив одговор на ова прашање; тој дојде од д-р Ван дер Меулен, тогашен холандски дипломатски претставник во Џеда. Човек со широка и сестрана култура, беше привржан кон својата христијанска вера и со таков жар кој е денес редок меѓу луѓето од Западот и затоа, разбирливо, не му беше пријател на исламот како религија. Сепак, ми призна дека ја сака Арабија повеќе од која било друга земја не исклучувајќи ја ни својата сопствена. Кога на службата во Хиџаз ѝ се приближуваше крајот, тој еднаш ми рече: „Верувам дека ниедна чувствителна личност не би можела некогаш да остане имуна на занесот на арапскиот живот или да го откорне од своето срце по некое време минато меѓу Арапите. Кога заминувате, засекогаш во себе ќе ја носите атмосферата на оваа пустинска земја и ќе гледате во неа со копнеж – дури и ако домот ви е во побогато и поубаво подрачје...“)

Во Виена се задржав неколку недели и го славев смирувањето со татко ми. Веќе му беше поминала лутината поради моето прекинување на студиите и нецеремонијалниот начин на напуштање на татковскиот дом. Сепак, сега бев дописник за *Frankfurter Zeitung* – име кое луѓето од Централна Европа тогаш го изговараа речиси со стравопочит – и така го оправдав своето горделиво тврдење дека „ќе испливам на врвот“.

Од Виена продолжив право за Франкфурт лично да му се претставам на весникот за којшто пишував повеќе од една година. Ова го правев со голема самодоверба, бидејќи според писмата од Франкфурт беше очигледно дека го ценат мојот труд; со чувството дека конечно сум „стигнал“ влегов во мрачната, старомодна зграда на *Frankfurter Zeitung* и му ја испратив својата визит картичка на главниот уредник, меѓународно познатиот д-р Хајнрих Симон.

Кога влегов, тој за миг ме погледна со чудење, без глас, речиси заборавајќи да стане од столот; но наскоро се прибра, стана и се ракуваше со мене:

„Седнете, седнете. Ве очекував“. Меѓутоа тој продолжи да зјапа во мене без збор додека не почнав да се чувствувам непријатно.

„Нешто не е во ред, д-р Симон?“

„Не, не, сè е во ред или, подобро кажано, ништо не е во ред...“ Потоа се насмеа и продолжи: „Некако очекував дека ќе сретнам средовечен човек со златноврамени очила – а сега наоѓам момче... ох, простете, а колку години имате?“

Ненадејно се сетив на шеговитиот трговец Холанѓанин во Каиро кој ми го постави истото прашање пред една година. Пламнав во смеа:

„Имам преку дваесет и три години, господине – речиси дваесет и четири.“ Потоа додадов: „Мислите ли дека сум премногу млад за *Frankfurter Zeitung*?“

„Не...“, одговори полека Симон, „не за *Frankfurter Zeitung*, туку за своите статии. Некако сметав здраво за готово дека само многу постар човек би бил кадар да ја победи својата природна желба за истакнување и да ја

остави својата личност, како што правевте вие, сосема во сенка на својот текст. Тоа, како што знаете, е тајната на зрелиот журнализам: да се пишува објективно за она што го гледате, слушате, мислите, без поврзување на тие искуства директно со своите сопствени, *лични* искуства... Од друга страна, кога сега ќе помислам на тоа, само мошне млад човек можел да пишува со толку многу ентузијазам, толку многу – како да кажам – толку многу возбудување...“ Потоа воздивна: „Се надевам дека тоа нема да избледи и дека нема да станете самозадоволен и празен како и другите...“

Откритието дека сум многу млад како да го засили уверувањето на д-р Симон дека во мене пронашол дописник кој многу ветува; сосема се согласи дека треба што е можно порано да се вратам на Блискиот Исток – колку порано, толку подобро. Финансиски, повеќе не постоеше никаква пречка за таков план, бидејќи германската инфлација конечно беше победена, а стабилизацијата на валутата речиси веднаш донела бран на напредок во своето будење. *Frankfurter Zeitung* повторно беше во можност да ги финансира патувањата на своите специјални дописници. Меѓутоа, пред да можам повторно да одам, требаше да ја напишам книгата за која со овој весник порано бев склучил договор; беше одлучено за тоа време да му се придружам на уредништвото за потемелно да се запознаам со работата на овој голем весник.

Наспроти моето нетрпение да одам повторно во странство, оние месеци во Франкфурт беа силно стимулативни. *Frankfurter Zeitung* не беше само голем весник; тоа беше речиси истражувачки институт. Имаше вработено околу четириесет и пет мошне способни уредници, не сметајќи ги многубројните помошни уредници и помошници. Уредничката работа беше високо специјализирана,

така што секое подрачје од светот и секој поголем политички или економски предмет му беше доверен на истакнат специјалист од тоа поле; сето тоа беше во согласност со старата традиција статиите и вестите на *Frankfurter Zeitung* да бидат не само краткотрајна рефлексија на настаните туку повеќе документирана евиденција врз која можат да се базираат и политичарите и историчарите. Беше општо познато дека Министерството за надворешни работи во Берлин воведните статии и политичките анализи на *Frankfurter Zeitung* ги бележи со истата длабока почит како и вербалните ноти на странските влади. (Всушност, се наведува дека Бизмарк, за тогашниот шеф на берлинската канцеларија на весникот, еднаш рекол: „Д-р Штајн е амбасадор на *Frankfurter Zeitung* на Берлинскиот двор".) Да се биде член на таква организација навистина беше мошне пријатно за човек на моја возраст, уште повеќе што моите погледи за Блискиот Исток наидоа на сериозно внимание кај уредниците и често беа предмет на дневните уреднички конференции; конечниот триумф дојде оној ден кога побараа да напишам воведна статија за тековните проблеми на Блискиот Исток.

*

* *

МОЕТО РАБОТЕЊЕ во *Frankfurter Zeitung* беше силен поттик за моето свесно размислување. Со јасност поголема од кога било порано, почнав да ги поврзувам своите искуства од Истокот со западниот свет чијшто дел станав повторно. Токму како што пред неколку месеци ја бев открил врската меѓу емоционалната сигурност на Арапите и верата која ја исповедаа, сега почна да ми

доаѓа до свеста дека недостатокот на внатрешна интеграција на Европа и хаотичната состојба на нејзинита етика можеа да бидат последица на нејзината загуба на врската со религиското верување што ја оформила западната цивилизација.

Овде, видов, постоеше едно општество во потрага по нова духовна ориентација откако го напуштило Бога; но очигледно малку луѓе од Западот сфаќаа за што се работи. Мнозинството, изгледа, мислеа, свесно или несвесно, повеќе или помалку, вака: „Бидејќи нашиот разум, нашите научни експерименти и нашите пресметувања не откриваат ништо конечно за потеклото на човечкиот живот и за неговата судбина по телесната смрт, ние мораме да ја концентрираме сета енергија во развојот на нашите материјални и интелектуални потенцијали. Не смееме да дозволиме да ни пречи трансценденталната етика и моралните постулати базирани врз претпоставки, кои им се противат на научните докази“. На тој начин, иако западното општество изрично не го негираше Бога, тоа едноставно немаше веќе место за Него во својот интелектуален систем.

Во претходните години, откако се разочарав во религијата на моите предци, помислував на христијанството. Во моите очи, христијанскиот поим за Бога беше бесконечно посупериорен од оној во Стариот Завет во тоа што не ја ограничуваше грижата на Бога на која било група луѓе, туку го условуваше Неговото Татковство за целото човештво. Постоеше, меѓутоа, еден елемент во христијанскиот религиски поглед кој отстапуваше од универзалноста на неговиот пристап: разликата која ја правеше меѓу душата и телото, светот на верата и светот на практичните работи.

Благодарение на своето рано разделување од сите тенденции кои се стремат кон афирмацијата на животот и светските настојувања, христијанството, чувствував, одамна престанало да ѝ дава морален поттик на западната цивилизација. Неговите следбеници веќе свикнале на помислата дека религијата не треба да се меша во практичниот живот. Се задоволувале религиското верување да го сметаат за ублажувачка конвенција чијашто намена е да поттикне не повеќе од нејасна смисла на личната моралност – особено сексуална моралност – кај единките, мажи и жени. Во ова им помогнал прастариот став на Црквата која, следејќи го принципот на поделба меѓу „она што му припаѓа на Бога и она што му припаѓа на Цезар", оставила речиси недопрено цело подрачје на општествени и економски активности – што довело до развој на христијанската политика и работење во сосема спротивна насока од сето она што Христос го обмислил. Не давајќи им на своите верници конкретен патоказ во световните работи, религијата која ја исповеда западниот свет промашила во она што ми се чини дека е вистинската мисија на Христос и, навистина, главна задача на секоја религија: да му покаже на човекот не само како да се *чувствува* туку, исто така, и како да *живее* правично. Со инстинктивно чувство дека неговата религија некако го оставила на цедило, западниот човек веќе со векови ја загубил својата вистинска вера во христијанството. Со губењето на оваа вера, тој го загубил и уверувањето дека вселената е израз на еден Ум што планира, формирајќи органска целост; а бидејќи тој го загубил тоа уверување, сега живееше во духовен и морален вакуум.

Во западното постепено оддалечување од христијанството видов револт против животот со кој св. Павле толку рано, и толку целосно, ги замаглил Христовите

учења. Како, тогаш, западното општество сè уште може да тврди дека е христијанско општество? Како може да се надева, без конкретна вера, дека ќе го победи својот сегашен морален хаос?

Свет во бунт и во конвулзија, тоа беше нашиот западен свет. Крвопролевање, пропаст, насилство од невидени размери; колапс на толку многу општествени конвенции, судир на идеологии, на сите страни огорчени борби за нови животни патишта: тоа беа белезите на нашето време. Од чадот и кланицата на светската војна, безброј мали војни и многуте револуции и противреволуции, од економските кризи кои го надминувале сето она што е забележано дотогаш, од сите овие страшни настани испливуваше вистината дека сегашната западна концентрација на материјалниот, техничкиот напредок никогаш не може сама по себе да го реши постоечкиот хаос и да доведе до нешто слично на редот. Моето инстинктивно, младешко уверување дека „човекот не живее само од леб“ прерасна во интелектуалното уверување дека сегашното обожување на „прогресот“ е само слаб, блед надомест за поранешната вера во апсолутните вредности – псевдовера измислена од луѓето кои ја загубиле сета внатрешна сила да веруваат во апсолутните вредности и сега се измамуваат самите себеси со верувањето дека човекот, некако, со вистинскиот импулс на еволуцијата, ќе ги совлада своите сегашни тешкотии... Не видов како некој од овие економски системи што се раѓаат од оваа илузорна вера би можел да претставува нешто повеќе од привремен лек за бедата на западното општество; тие, во најдобар случај, би можеле да излекуваат некој од неговите симптоми, но никогаш и причината.

*

* *

ДОДЕКА РАБОТЕВ во уредништвото на *Frankfurter Zeitung*, често заминував за Берлин, каде што живееја многу мои пријатели; токму на едно од тие патувања ја сретнав жената која подоцна ќе стане моја сопруга.

Од моментот кога ѝ бев претставен на Елза среде вревата на Романската кафеана, бев силно привлечен не само од нежната убавина на нејзината појава – нејзиното тесно, убаво обликувано лице, со сериозни темносини очи и нежни усни кои изрекуваа хумор и благост – туку повеќе и од внатрешниот, чувствителниот интуитивен квалитет на нејзиниот приод кон луѓето и нештата. Таа беше сликар. Нејзините дела, кои ги запознав подоцна, можеби не беа истакнати, но ги носеа истите белези на ведар интензитет кој се истакнуваше во сите нејзини зборови и движења. Иако беше петнаесетина години постара од мене – то ест во втората половина од својата трета деценија – нејзиното нежно лице и тенко, флексибилно тело ѝ даваше многу помлад изглед. Таа веројатно беше најфиниот претставник на чистиот „нордиски“ тип кој кога било сум го сретнал, со сета своја ведрина и јаснотија на цртите, но без ниедна острина и нечувствителност кои толку често го придружуваат. Таа потекнуваше од едно од оние стари семејства Холштајн кои би можеле да се опишат како северногермански еквивалент на англиското малопоседништво. Но, неконвенционалната слобода на нејзините манири ги бришеше сите траги на таквото потекло кои им го отстапиле местото на сосема ненордиската топлина и проникливост. Беше вдовица и имаше шестогодишен син кому му го посветуваше сето свое внимание.

Привлечноста мора да била заемна од самиот почеток, бидејќи по таа прва средба се гледавме често. Полн од своите неодамнешни впечатоци од арапскиот свет, природно е дека ѝ ги сооптшував на Елза; а таа, за разлика од другите мои пријатели, покажуваше извонредно разбирање и симпатија за силните, но сè уште неразвиени чувства и идеи кои овие впечатоци ги беа предизвикале во мене, и тоа во толкава мера што, кога пишував некаков вид вовед за книгата во која ги опишував своите патувања од Блискиот Исток, се чувствував небаре нејзе ѝ се обраќам:

„Кога еден Европеец патува во која било земја на Европа која претходно не ја видел, тој и понатаму се движи во својата сопствена, иако можеби донекаде попроширена околина и може лесно да ја сфати разликата меѓу работите кои навиката му ги направила блиски и новините кои сега му се појавиле на патот. Бидејќи, било да сме Германци или Англичани, било да патуваме низ Франција, Италија или Унгарија, европскиот дух нè соединува сите. Живеејќи во јасно дефинирано подрачје на асоцијации, ние сме во состојба да се сфатиме еден со друг и другите да нè разберат преку тие асоцијации како преку заеднички јазик. Овој феномен го нарекуваме ‚заедница на културата'. Нејзиното постоење е, без сомнение, предност; но како и сите предности кои произлегуваат од навиката, ова понекогаш е и недостаток; понекогаш откриваме дека сме обвиткани со тој универзален дух како со памук, дека со тоа сме приспиени во мрзливост на духот, дека тоа нè довело до тоа да го заборавиме одењето по јаже од нашите поранешни, покреативни времиња – она посегање по неопипливи стварности. Во тие поранешни времиња тие можеби би биле

наречени ‚неопипливи можности‘, а луѓето кои влегле во потрага по нив – било пронаоѓачи, било авантуристи или креативни уметници – секогаш ги барале само највнатрешните извори на своите сопствени животи – но ние сме опседнати со желбата да го осигураме нашиот сопствен живот пред тој самиот да се открие. И ние нејасно се сомневаме во гревот сокриен во таквото постоење. Многумина Европејци денес почнуваат да го чувствуваат тоа: страшната опасност на избегнување на опасноста.

Јас во оваа книга го опишувам патувањето во подрачја чиишто ‚разлики‘ од Европа се премногу големи за да можат лесно да се премостат; а разликата на некој начин е сродна со опасноста. Ја напуштаме сигурноста на нашата премногу еднолична околина, во која има малку од она што е непознато, а ништо што е изненадувачко и влегуваме во страотната необичност на еден ‚друг‘ свет.

Да не се залажуваме; можеби во тој друг свет ќе го сфатиме овој или оној од многубројните живописни впечатоци кои ќе ги доживееме, но никогаш не можеме – како што би можеле во случајот на некоја западна земја – свесно да ја сфатиме целата слика. Она што нè разделува од тој ‚друг‘ свет е многу повеќе од простор. Како да комуницираме со нив? Не е доволно да го зборуваме нивниот јазик; за да го сфатиме нивното чувство на живот, би требало сосема да влеземе во нивната средина и да почнеме да живееме во нивните заедници. Дали е тоа возможно?

И – дали тоа би било пожелно? Тоа би можело, конечно, да биде лоша зделка, нашите стари, познати навики на мислење да се заменат со туѓи, непознати.

Но, дали навистина сме исклучени од тој свет? Не мислам така. Нашето чувство на исклученост лежи главно во грешката необична за нашиот западен начин на мислење; сме навикнале да ја потценуваме креативната вредност на несекојдневното и постојано сме во искушение да го силуваме, да го присвоиме, да го преземеме, на свој сопствен начин, во нашиот сопствен интелектуален свет. Меѓутоа, ми се чини дека нашето време на немири повеќе не допушта такви горделиви обиди; мнозина од нас почнуваат да сфаќаат дека културната разлика може, и треба, да биде премостена со други средства, а не со интелектуален грабеж; можеби може да биде совладана со препуштањето на нашите сетила на таа култура.

Бидејќи овој несекојдневен свет е толку темелно поинаков од сето што сте го знаеле дома; бидејќи нуди толку многу што е извонредно непознато во вид на слика и звук, понекогаш ве зафаќа, ако си дозволите да бидете внимателни, со моменталното сеќавање на работите одамна познати, а одамна заборавени, тие неопипливи стварности на вашиот сопствен живот. А кога ќе ве зафати овој здив на сеќавања од онаа страна на амбисот кој го раздвојува вашиот свет од оној другиот, оној непознатиот, се прашувате дали можеби во тоа – и само во тоа – лежи смислата на сите талкања: да се стане свесен за необичноста на светот околу вас и така повторно да се пробуди својата сопствена, лична, заборавена стварност...“

Бидејќи Елза интуитивно го сфати она што се обидував толку несоодветно, како некој што тапка во мрак, да го пренесам со ова пелтечење, јасно чувствував дека таа, и само таа, можеше да разбере што сакам и да ми помогне во моето трагање.

– 2 –

ПОМИНА УШТЕ ЕДЕН ден во талкање. Во мене е тивко, а тивка е и ноќта околу мене. Ветерот се лизга меко преку дините и прави ситни бранови песок на нивните падини. Во тесниот круг на светлината околу огнот го гледам Зејдовиот лик преокупиран околу тенџериња и тавите, нашите дисаги лежат тука во близина каде што ги фрливме кога запревме да преноќиме, како и нашите седла со високите дрвени рачки. Непосредно потоа, веќе нурнувајќи во темнината, наведнатите тела на нашите две камили, изморени по долгиот марш, со вратовите испружени на песокот; а уште понатаму, одвај видлива под ѕвездената светлина, но толку блиску како чукањето на нашите срца, празната пустина.

Има многу поубави пејсажи на светот, но, мислам, нема ниеден кој може да го обликува човечкиот дух на толку суверен начин. Во оваа скаперничавост и скудност, пустината го лишува животот од сите оправдувања, од сите разновидни илузии со кои некоја подарежлива природа може да го залаже човековиот дух и да го наведе да ги пренесе своите сопствени ликови во светот околу себе. Пустината е гола и чиста и не познава компромис. Таа ги брише од човечкото срце сите убави фантазии кои би можеле да послужат како маска за лакомото мислење и така го прави слободен да му се предаде на

Апсолутното кое нема лик; кое е подалеку од она што е далеку, а сепак поблиску од она што е блиску.

Откако човекот почнал да мисли, пустината била лулка на сите верувања во Еден Бог. Навистина, дури и во попријатна средина и во поудобна клима луѓето имале некакво насетување за Неговото постоење и единствено како, на пример, во стариот грчки поим *Мојра*, неопислива моќ под и над олимписките богови; меѓутоа, таквите поими никогаш не биле повеќе од некакво нејасно чувство, повеќе пророкување отколку јасно знаење – додека не им дошло сознанието, со блескава известност, на пустинските луѓе и од пустината. Од огнените трновити грмушки во пустината Мидиан Божјиот глас му загрме на Мојсеј; во дивината на Јудејската пустина Исус ја прими пораката за Кралството божјо; а токму во пештерата Хира, во пустинските ридови близу Мека, му дојде и првиот повик на Мухамед од Арабија.

Му дојде во таа тесна, сува клисура меѓу камените брекчиња, таа гола долина испржена од пустинското сонце – сеопфатното *Да* на животот, и на духовниот и на телесниот; повик на кој му било досудено да *ù* даде форма и цел на безобличната земја на племиња и, преку неа, за неколку децении да се прошири како пламен и ветување, на запад дури до Атланскиот Океан, а на исток до големиот Кинески ѕид; му било досудено да остане голема духовна сила до денешен ден, по повеќе од тринаесет[33] векови, надживувајќи секаква политичка пропаст, надживувајќи ја дури и големата цивилизација која ја создал; повикот кој му дошол на Пратеникот од Арабија.

[33] Четиринаесет. (Заб. на прев.)

*

* *

СПИЈАМ И СЕ БУДАМ. Мислам на деновите кои изминаа, а сепак сè уште не се мртви. Повторно спијам и сонувам; повторно се будам и седнувам; сонот и сеќавањето течат нежно заедно во полусветлината на моето будење.

Ноќта се ближи до утрото. Огнот е целосно згаснат. Завиткан во своето ќебе спие Зејд; нашите камили лежат неподвижни, како две земјени брекчиња. Ѕвездите се сè уште видливи и би можело да се помисли дека сè уште има време за спиење; но ниско на источното небо се појавува, нејасно родена од темнината, бледа линија светлина над друга, потемна линија која лежи врз хоризонтот: близначки-весници на мугрите, време на утринската молитва.

Косо над себе ја гледам утринската ѕвезда, која Арапите ја викаат *Аз-Зухра*, „Блескава". Ако ги прашате за неа, ќе ви кажат дека некогаш Блескавата беше жена...

Биле еднаш два ангела, Харут и Марут, кои заборавиле да бидат понизни, како што им прилега на ангелите, и се фалеле со својата непобедлива чистота: „Ние сме создадени од светлината; ние сме над секој грев и желба, поинакви од слабите синови на човекот, синови на темната матка на Жената". Но, тие заборавиле дека нивната невиност не произлегувала од нивната сопствена сила, бидејќи тие биле чисти само затоа што не познавале никакви желби и никогаш не биле повикани да се воздржат од нив. Нивната дрскост не му се допаднала на Господарот и тој им рекол: „Симнете се на Земјата и издржете го своето искушение таму". Горделивите ангели се симнаа на Земјата и талкаа, во човечки тела, меѓу луѓето. Токму на самата

прва ноќ сретнаа една жена чијашто убавина беше толку голема што луѓето ја нарекуваа Блескава. Кога двајцата ангели погледнаа во неа со човечки очи и со чувствата кои сега ги имаа, тие се збунија и, токму како да се синови на човекот, во нив се разбуди желба да ја поседуваат. Секој од нив ѝ рече: „Биди моја“; но Блескавата им одговори: „Јас му припаѓам на друг; ако ме сакате, мора да ме ослободите од него“. Тие го убија човекот и со уште крвави раце од неправедно пролеана крв, ја задоволија со жената својата огнена страст. Но, штом желбата ги напушти, двата поранешни ангела станаа свесни дека во првата ноќ на Земјата направија двоен грев – на убиство и блуд – и дека нивната гордост нема никаква смисла... А господарот рече: „Одлучете се меѓу казната на овој и казната на идниот свет“. Во своето горчливо каење, паднатите ангели ја избраа казната на овој свет и Господарот нареди да бидат обесени на синџири меѓу небото и Земјата и да останат така висејќи до Судниот ден како предупредување за ангелите и за луѓето дека секоја доблест самата себеси се уништува, ако ја загуби скромноста. Но бидејќи ниедно човечко око не може да ги види ангелите, Бог ја претворил Блескава во ѕвезда на небесата за да можат луѓето секогаш да ја видат и, сеќавајќи се на нејзината приказна, да се сетат на судбината на Харут и Марут.

Основата на оваа легенда е многу постара од исламот; се чини дека потекнува од еден од многуте митови кои старите Семити ги исплеткале околу својата боганка *Иштар*, грчката Афродита од подоцнежните денови, а и двете се идентификуваат со планетата која денес ја нарекуваме Венера. Меѓутоа, приказната за Харут и Марут, во формата во која јас ја слушав, е типичен производ на муслиманскиот дух, илустрација на идејата дека апстрактната чистота, или слободата од гревот, не може да

има морално значење сè додека се базира врз целосно отсуство на поттиците и желбите: зар постојаното истакнување на потребата да се бира меѓу правилното и неправилното не е претпоставка на секоја моралност?

Кутрите Харут и Марут не го знаеле ова. Затоа што, како ангели, тие никогаш не биле изложени на искушение, тие себеси се сметале за чисти и морално далеку над луѓето, не сфаќајќи дека одрекувањето на „легитимноста" на телесните побуди индиректно подразбира одрекување на секаква морална вредност на човечките настојувања: самото присуство на побудите, искушенијата и конфликтите – можноста за *избор* – го прави човекот, и само него, морално суштество, суштество обдарено со душа.

Токму врз база на ова сфаќање дека исламот, единствениот меѓу сите поголеми религии, ја смета душата на човекот за слика на неговата „личност", а не за независен феномен. Според тоа, за муслиманот, човековиот духовен раст е неразделно врзан со сите други форми на неговата природа. Физичките нагони се составен дел на оваа природа; не резултат на некаков „прв грев" – туѓ поим за етиката на исламот – туку на позитивните, од Бога дадени сили, за да бидат прифатени и разумно користени како такви; оттаму, проблемот за човекот не е во тоа како да ги потисне потребите на своето тело туку како да ги усогласи со потребите на својот дух, па на таков начин животот да му стане исполнет и праведен.

Коренот на ова речиси монотеистичко потврдување на животот се наоѓа во исламското сфаќање дека изворната човекова природа е всушност добра. Спротивно на христијанската идеја дека човекот е роден грешен, или учењето на хиндуизмот дека тој е првобитно низок и нечист и дека мора со мака да помине низ долг синџир од

инкарнации кон конечната цел на совршенство, Куранот вели: **„Човекот, секако, Ние го создадовме во најличен изглед“**, состојба на чистота која може да биде уништена само со лоша постапка – **„а потоа Ние ќе го вратиме во најгрд изглед, освен оние кои веруваат и кои добри дела вршат“**[34].

– 3 –

ПАЛМОВИТЕ ОВОШТАРНИЦИ на Хаил лежат пред нас.

Запруваме пред една стара, разурната стражарска кула да се подготвиме за нашето влегување во градот; стар арапски обичај, кој секогаш води сметка за личниот изглед, бара од патникот да влезе во градот со својата најубава облека, свеж и чист небаре тукушто ја јавнал својата камила. Така ја користиме нашата останата вода за да ги измиеме рацете и лицето, ги поткаструваме запуштените бради и ги извлекуваме најубавите наметки од дисагите. Ја истресуваме пустинската прав од своите *абаи* и од живописните реси од нашите дисаги, ги прекриваме камилите со нивните најубави украси и подготвени сме да се појавиме во Хаил.

Овој град е многу поарапски отколку, да речеме, Багдад или Медина; тој нема никакви елементи од неарапските земји или народи; тој е чист и нефалсификуван како стомна со свежо измолзено млеко. Никаква туѓа облека не може да се види на пазарот; само широки арапски *абаи*, *куфии* и *игали*. Улиците се многу почисти отколку во кој било друг град на Блискиот Исток – почисти

[34] Куран, 95:5-6. (Заб. на прев.)

дури и од кој било град во Нецд, кој е познат по својата неисточна чистота (веројатно затоа што народот од овој крај, бидејќи секогаш бил слободен, задржал поголема мера на самопочит отколку на друго место на Исток). Куќите, градени од хоризонтални слоеви збиена иловица, се во добра состојба освен урнатите градски ѕидови кои сведочат за последната војна меѓу ибн Сауд и династијата на ибн Рашид и за освојувањето на градот на ибн Сауд во 1921 година.

Чеканите на кујунџиите ги обликуваат сите видови садови, пилите на столарите со свиреж навлегуваат во дрвото, кондурациите ги заковуваат ѓоновите на сандалите. Камилите натоварени со гориво и мевови полни со путер се пробиваат низ толпата; други камили, кои бедуините ги донеле за продажба, го исполнуваат воздухот со своето мукање. Искусните раце ги допираат живописните дисаги од Ел-Хаса. Аукционерите, неизбежно присутни во секој арапски град, одат горе-долу низ пазарот и со гласни повици ја нудат својата стока на продажба. Овде-онде можете да видите ловечки соколи како скокаат горе-долу на напречно поставените дрвца врзани со тенки кожени ремени. Ловечките кучиња *салуки*, со боја на мед, мрзливо ги протегнуваат своите елегантни екстремитети на сонцето. Стројните бедуини во износени *абаи*, добро облечените слуги и телохранители на емирот – речиси сите од јужните покраини – се мешаат со трговците од Багдад, Басра и Кувајт и со домашните од Хаил. Овие домашните – то ест мажи, бидејќи од жените одвај можете да видите нешто освен црна *абаја* која ја покрива главата и телото – припаѓаат на една од најубавите раси на светот. Сета убавина на појавата и движењето која ја постигнала арапската нација небаре е олицетворена во ова племе Шамар – за кое предисламските

поети пеат: „На висорамнината живеат луѓе вешти на мечот и горделиви, чесни жени“.

Стигнуваме до дворецот на емирот, каде имаме намера да ги поминеме следните два дена, и го затекнуваме нашиот домаќин како одржува судење пред влезната порта. Емирот ибн Мусаад му припаѓа на кланот на династијата Џилуви на ибн Сауд и тој му е шура на Кралот. Тој е еден од најмоќните намесници на Кралот, наречен е „Емир на Северот“, бидејќи ја држи не само покраината Џебел Шамар, туку целиот северен Нецд, сè до границата со Сирија и Ирак – подрачје големо речиси колку Франција.

Емирот (кој е мој стар пријател) и неколку бедуини на шеикот[35] од пустелијата седат на долгата, тесна клупа изградена од цигли долж ѕидот на дворецот. Во другиот ред, на подот, кај нивните нозе, клечеа *рацаџилите* на ибн Мусаад, коњаници со пушки и со криви сабји во сребрени корици, кои се со нив по цел ден, не толку поради заштита колку поради престиж; до нив соколарите со своите птици кои стојат на тупаниците со ракавици, слуги, бедуини, многу придружници, големи и мали, сè до коњушари – сите се чувствуваат еднакви како луѓе, и покрај разликите во својата позиција. А како и би можело да биде поинаку во оваа земја каде што никому не му се обраќате со „господине“ освен на Бога во намазот? Свртени со лицето кон нив, во широк полукруг клечат бедуини и граѓани кои на емирот му ги изнесуваат своите жалби и спорови за пресметување.

[35] Шеик – букв. „стар човек“; почесна титула широко употребувана за означување на племенски старешина, како и на истакнато лице и (во земјите каде се зборува арапски) научник. (Заб. на прев.)

Ги пуштаме камилите да легнат надвор од тој круг, им ги предаваме на грижа на придружниците кои брзаа кон нас и одиме кон емирот. Тој станува, а со нив и сите кои седеа покрај него на клупата и на земјата пред него. Тој ја подава раката кон нас:

„*Ехлен ве сехлен* – Бог нека ви го продолжи животот!“

Го бакнав емирот на врвот од носот и во челото, а тој мене во двата образа и ме седна на клупата покрај себе. Зејд се смести меѓу *рацацилите*.

Ибн Мусаад ме претстави на своите други гости; некои лица ми се нови, а некои познати од поранешните години. Меѓу овие е Гадбан ибн Римал, врховен шеик на Синџара Шамар – тој прекрасен стар воин кого секогаш го викав „вујко“. Според неговиот речиси искинат изглед, никој не би рекол дека тој е еден од најмоќните главатари на северот, а својата млада жена толку ја накитил со злато и скапоцени камења што, според општото мислење, треба да ѝ помогнат две слугинки кога ќе посака да излезе од својот огромен шатор поставен на шеснаесет столбови. Тој ми намигнува додека ме гушка и ми шепоти во увото:

„Сè уште немаш нова жена?“ – на што јас единствено можам да одговорам со насмевка и со свиткување на рамениците.

Емирот ибн Мусаад мора да го слушнал ова гибање бидејќи се насмевна гласно и рече: „На измореният патник не му се потребни жени туку кафе“, и тој извикува: „Кафе!“

„Кафе!“ повторува слугата до емирот; оној на самиот крај на редот го презема повикот „кафе!“ – и така додека церемонијалниот налог не ја достигнува портата на дво-

рецот и одѕивот однатре. Наскоро се појавува слуга носејќи традиционално месингено ѓезве во левата и неколку мали филџани во десната рака, прво му наточува на емирот, потоа мене, а потоа ги послужува другите гости според нивниот чин. Филџанот се полни еднаш или два пати, а кога гостинот покажува дека му е доста, тој повторно се полни и му се додава на следниот.

Емирот е очигледно љубопитен да ги дознае резултатите од моето патување до границата на Ирак, но тој својата заинтересираност ја открива само со куси прашања за тоа што ми се случило на патот, оставајќи го целосното испитување за мигот кога ќе бидеме сами. Потоа продолжува судското сослушување кое го прекина моето доаѓање.

Такво неформално судење би било незамисливо на Запад. Емирот, како владетел и судија, секако ужива секаква почит – но нема ни трага на полтронство во почитта што бедуините му ја укажуваат. Секој обвинител или обвинет горделиво останува свесен за својата слободна личност; нивните движења не се колебливи, нивниот глас е често засилен и сигурен, а секој се обраќа кон емирот како кон постар брат нарекувајќи го – како што е бедуински обичај и во однос на самиот крај – според неговото име, а не според титулата. Нема ни трага на надуеност во однесувањето на ибн Мусаад. Неговото убаво лице, со куса, црна брада, неговата средна става, малку несмасна фигура зборува за онаа непростудирана самовоздржаност и спонтано достоинство кои во Арабија често одат рака под рака со големата моќ. Тој е сериозен и цврст. Едноставните случаи ги решава веднаш со авторитетни зборови, а покомплицираните, кои бараат стручен судија, му ги упатува на окружниот кадија.

Не е лесно да бидеш врховен авторитет во големо бедуинско подрачје. Длабокото познавање на разните племиња, семејните односи, водечките личности, племенските пасишта, минатите настани и личните особености е неопходно за да се дојде до правилното решение во возбудената сложеност на бедуинските поплаки. Чувството за мера во постапката овде е исто така важна како и острината во расудувањето, а и двете мора да дејствуваат во согласност со извонредна точност за да се избегне грешката; бидејќи, како што бедуините никогаш не ја забораваат услугата што ќе им ја направите, тие никогаш не ја забораваат ни судската одлука која ја сметаат за неправедна. Од друга страна, праведната одлука речиси секогаш ја прифаќаат доброволно дури и оние против кои е наменета. Ибн Мусаад проценува во согласност со сите овие услови веројатно подобро од кој било друг емир на ибн Сауд; тој е толку сталожен, толку мирен и толку без внатрешни спротивности што неговиот инстинкт речиси секогаш му го покажува вистинскиот пат секогаш кога неговиот разум ќе дојде во ќорсокак. Тој плива во животот; тој дозволува да го носат водите и владее со нив приспособувајќи им се.

Токму два испокинати бедуина го изнесуваат својот спор пред него со возбудени зборови и движења. По правило, со бедуините е тешко да се излезе на крај; секогаш има нешто непредвидливо во нив, сетилна возбудливост која не познава компромис – секогаш блажество и пекол едно покрај друго. Сега можам да видам како ибн Мусаад ги разделува нивните зовриени страсти и ги смирува со тивки зборови. Би можело да се помисли дека ќе му нареди на едниот да молчи додека другиот го изнесува она што смета дека е негово право; но не – тој дозво-

лува и двајцата да зборуваат истовремено, да се надвикуваат еден со друг, а само понекогаш навлегува со некој збор или прашање – за веднаш да биде преплавен со нивните страствени аргументи; тој попушта и навидум се повлекува и само навлегува повторно малку подоцна со некоја соодветна забелешка. Тоа е волшебна глетка, ова приспособување на сопствениот дух на судијата кон стварноста толку спротивно толкувана од двајца лути мажи; не толку трагање по вистината во правничка смисла, колку бавно откривање на скриената објективна стварност. Емирот ѝ се доближува на оваа цел постепено, ја извлекува вистината, небаре со помош на тенка жица, полека и трпеливо, речиси незабележително и за тужителот и за туженият – додека тие ненадејно не запрат, збунето не се погледнат еден со друг и не сфатат: пресудата е изречена – пресуда толку очигледно праведна што не бара никакво дополнително објаснување... На тоа едниот од нив станува колебајќи се, ја поправа својата *абаја* и го повлекува својот досегашен противник за ракавот на речиси пријателски начин: „Дојди“ – и двајцата се повлекуваат, сè уште по малку збунети и во исто време растоварени, мрморејќи му го благословот за мир на емирот.

Глетката е извонредна, вистинско уметничко дело: ми се чини, прототип на онаа плодна соработка меѓу правосудството и правдата која на западните судови и парламенти е сè уште во својот ран почеток, а овде се појавува во свое целосно совршенство на прашливиот пазар пред дворецот на еден од арапските емири...

Ибн Мусаад, потпирајќи се рамнодушно врз земјениот sид, го зема следниот случај. Неговото лице, силно, набрчкано, со длабоко поставени очи што греат и продираат, е лице на вистински водач на луѓето, извонреден



Емирот Ибн Мусаад и авторот

претставник на најголемите особини на своето племе: со здрав разум и срце.

Некои од присутните очигледно чувствуваат слично восхитување. Еден од нив што седи на земјата пред мене – тој е бедуин од племето Харб и е еден од стражарите на емирот – го искривува својот врат кон мене со насмевка на лицето:

„Зар не е како оној султан за кого Мутанаби вели:
‚Го сретнав, а блескавиот меч му беше в корици,
го видов кога со крвавиот меч јурише.
И секогаш подобар од сите ми се прикажа,
но најдобар од сè беше неговиот благороден ум...‘“

Не ми изгледаше неверојатно да слушам неписмен бедуин како ги наведува стиховите на големиот арапски поет кој живеел во десеттиот век – секако не толку неверојатно како што би било да се чуе баварски селанец да го цитира Гете или англиски крајбрежен работник да го рецитира Вилијам Блејк или Шели. Бидејќи, и покрај распространетото општо образование на Запад, врвните достигнувања на западната култура всушност не ги применува просечниот Европеец или Американец – додека, од друга страна, мошне широк слој необразовани, а понекогаш дури и неписмени муслимани, навистина свесно, во секојдневниот живот, ги применуваат достигнувањата на своето минато. Токму како што овој бедуин овде беше кадар да се сети на соодветните стихови на Мутанаби за да ја илустрира ситуацијата во која учествуваше како сведок, мошне изветвен и нешколуван Персиец – водоносец, носач на пазарот, војник во зафрлената караула – ги носи во своето помнење безбројните стихови на Хафиз или Џами или Фирдуси и со очигледно задоволство ги внесува во својот секојдневен разговор. Иако во голема мера ја загубиле онаа творечка моќ која

го направила нивното културно наследство толку големо, овие муслимански народи и сега имаат непосреден, жив допир со своите великани.

*
* *

СÈ УШТЕ СЕ СЕЌАВАМ НА ДЕНОТ кога го направив ова откритие во пазарот во Дамаск. Во рацете држев еден сад, една голема стомна од печена глина. Имаше чудно достоинствен облик: голем и тркалест, како малку сплескана топка со речиси музички пропорции. Од заобленоста на неговиот ѕид, кој во себе ја имаше нежноста на женски образ, избиваа две рачки свиткани во совршени лакови кои би можеле да ѝ бидат на чест на грчката амфора. Беа рачно обликувани; сè уште можев да ги распознаам во глината отпечатоците од прстите на скромниот грнчар. Околу внатре свитканиот раб на стомната беше врежал, со меки, сигурни движења на перото, нежна арабеска како навестување на градина со трендафили во цутење. Работеше брзо, речиси невнимателно додека ја создаваше оваа величествена едноставност која нè потсеќаваше на славата на селџучкото и персиското грнчарство на кое толку му се восхитуваме во европските музеи; а тој немаше намера да создаде уметничко дело. Сè што правеше тој беше сад за готвење – ништо повеќе од сад за готвење, каков што кој било *фелах* или бедуин може да го купи на пазарот секој ден за неколку бакарни монети...

Знаев дека Грците создале слични или поголеми совршенства, веројатно исто така во садови за готвење; бидејќи и тие – водоносци, носачи на пазарот, војници и грнчари – вистински учествувале во културата која не

почивала само врз создавачкото возбудување на неколку избрани индивидуи, на неколку врвови кои можат да ги достигнат само генијалните луѓе, туку била заедничка за сите. Нивната гордост во убавите нешта, нештата кои биле дел од таа култура, била составен дел и на нивното секојдневно работење; постојаното учество во заедничкото, живо поседување.

Додека го држев тој сад во рацете знаев: благословени се луѓето кои во такви садови ја готват својата секојдневна храна; благословени се оние чиешто право на културното наследство е повеќе од празно фалење...

– 4 –

„ЗАР НЕМА да ми го дадеш задоволството да ручаш со мене, Мухамеде?“ Гласот на емирот ибн Мусаад го прекинува моето фантазирање. Погледнувам – а Дамаск се повлекува во минатото, каде што и припаѓа, а јас повторно седнувам на клупата покрај „Емирот од Север“. Судската седница очигледно е завршена; парничарите заминуваат еден по еден. Ибн Мусаад станува, а со него и неговите гости и придружници. Групата на *рацаџили* се разделува за да ни направи пат. Додека минуваме низ портата, нивните редови се затвораат и нè следат во дворот на дворецот.

Малку подоцна, емирот, Гадбан ибн Римал и јас седиме на ручек кој се состои од огромна чинија со ориз и со цело печено јагне на неа. Освен нас во собата се наоѓаат само уште двајца придружници на емирот и два ловечки пси *салуки*.

Стариот Гадбан ја става раката на моето раме и вели: „Уште не одговори на моето прашање – уште нема нова жена?“

Се смеам на неговата упорност: „Имам жена во Медина, како што знаеш. Зошто да земам друга?“

„Зошто? Бог нека ме сочува! *Една* жена – а ти си сè уште млад човек! Да знаеш, кога јас бев на твои години...“

„Сум слушнал“, навлегува ибн Мусаад, „дека ти дури и сега не стоиш толку лошо, шеику Гадбан.“

„Јас сум стара урнатина, емире, Бог нека ти го продолжи животот; но понекогаш ми треба младо тело да ги загрее моите стари коски... Но, кажи ми“, свртувајќи се повторно кон мене, „што е со онаа Мутајр, девојката со која се ожени пред две години? Што направи со неа?“

„Па, ништо; всушност за тоа се работи“, одговарам.

„Ништо...?“, повторува старецот со ширум отворени очи. „Зар беше толку грда?“

„Не, напротив, беше мошне убава...“

„За што се работи?“, прашува ибн Мусаад. „За која девојка Мутајр зборувате вие двајца? Објасни ми, Мухамеде.“

Така му ја објаснувам таа женидба која не водеше до ништо.

Живеев сам во Медина, без жена и осамен. Еден бедуин од племето Мутајр, по име Фахад, секој ден во мојата кафеана минуваше часови забавувајќи ме со фантастичните приказни за своите подвизи под Лоренс за време на светската војна. Еден ден тој ми рече: „Не е добро за човек да живее сам како тебе бидејќи крвта ќе ти се потсири во вените; треба да се жениш“. Кога на шега побарав да ми најде потенцијална невеста, тој одговори:

„Тоа е лесно. Ќерката на зет ми, Мутрик, е стасана за мажачка, а јас, како брат на нејзината мајка, можам да ти кажам дека е извонредно убава“. Сè уште во шеговито расположение, го замолив да се распраша дали таткото би бил согласен. И ете, следниот ден Мутрик лично дојде до мене, очигледно збунет. По неколку филџани кафе и долго колебање, тој конечно ми рече дека Фахад му зборувал за мојата божемна желба да се оженам со неговата ќерка. „Би ми било чест да ми бидеш зет, но Рукија е сè уште дете – таа има само единаесет години...“

Фахад беше бесен кога слушна за посетата на Мутрик. „Неранимајко! Лажлив неранимајко! Девојката има петнаесет години. Не му се допаѓа да ја омажи за неарап, но од друга страна, тој знае колку си близок со ибн Сауд и не сака да те навреди со отворено одбивање; затоа погрешно тврди дека таа е сè уште дете. Но можам да ти кажам, нејзините гради се вакви“ – тој со своите раце опиша гради со заводлива големина – „токму како калинки зрели за берење.“

Очите на стариот Гадбан заблескаа при овој опис: „Петнаесет години, убава и девица... а потоа, тој вели, ништо! Што би можел да посакаш повеќе од тоа?“

„Па, чекај додека не ја довршам приказната... Мора да признаам дека станував сè повеќе и повеќе заинтересиран, а можеби малку и поттикнат од отпорот на Мутрик. Му подарив на Фахад десет златника и тој стори сè што можеше за да ги убеди родителите на девојката да ја омажат за мене; сличен подарок ѝ беше даден и на мајката, сестрата на Фахад. Што навистина се случило во нивната куќа не знам; сè што знам е дека Мутрик конечно се согласи...“

„Тој Фахад“, рече ибн Мусаад, „изгледа дека бил лукав. Тој и неговата сестра очигледно очекувале од тебе повеќе подароци. А што се случи потоа?“

Јас продолжувам со својата приказна дека женидбата беше свечено извршена по неколку дена без присуство на невестата која, во согласност со обичаите, ја претставуваше нејзиниот татко како нејзин правен застапник и носител на нејзината согласност што ја потврдуваат двајца сведоци. Настапи раскошна свадба, со вообичаени подароци за невестата (која сè уште не ја бев видел), на нејзините родители и некои други поблиски роднини – меѓу кои, секако, Фахад беше најистакнатиот. Истата вечер невестата во мојата куќа ја донесе нејзината мајка и некои други жени под вел, додека од покривите на соседните куќи жените пееја свадбени песни придружени со дајриња.

Во закажаното време влегов во просторијата каде што ме чекаше мојата невеста со нејзината мајка. Не бев во состојба да ги разликувам едната од другата, бидејќи и двете беа покриени со црни превези; кога ги изговорив зборовите кои ги бара обичајот: „Сега можеш да се повлечеш“, едната од двете покриени госпоѓи стана и тивко ја напушти собата; така знаев дека онаа што остана беше мојата жена.

„А тогаш, синко, што се случи тогаш?“, ме поттикнува ибн Римал кога запрев тука во мојата приказна; емирот гледа во мене шеговито.

„Тогаш... Таа седеше тука, кутрата девојка, очигледно исплашена што така му била предадена на непознат човек. А кога ја замолив, на најнежен начин што умеев, да го открие своето лице, таа уште поцврсто ја стегна *абајата* околу себе.“

„Тие секогаш го прават тоа!“, извика ибн Римал. „Тие се секогаш исплашени на почетокот на свадбената ноќ; а, покрај тоа, на младата девојка ѝ прилега да биде срамежлива. Но подоцна тие обично се радосни – зар твојата не беше?“

„Па, не сосема. Самиот морав да го оттргнам превезот од нејзиното лице, а кога го сторив тоа, видов девојка со голема убавина, со овално лице со боја на зрело жито, со крупни очи и долги плетенки кои висеа до перничињата на кои седеше; но тоа навистина беше лице на дете – немаше повеќе од единаесет години, токму како што велеше нејзиниот татко... Лакомоста на Фахад и на неговата сестра ги навела да ми ја прикажат како да е за мажачка, додека кутриот Мутрик беше целосно невин.“

„Па што?“, прашува ибн Римал, очигледно не сфаќајќи на што мислам. „Што пречи единаесет години? Девојката расте, зар не? Таа расте побргу во постелата на мажот...“

Емирот Мусаад вели: „Не, шеику Гадбан; тој не е од Нецд како ти. Тој има повеќе мозок во својата глава“. Смеејќи се кон мене, тој продолжува: „Не слушај го Гадбан, Мухамеде. Тој е од Нецд, а повеќето од нас нецданите имаме мозок не овде“ – покажувајќи на својата глава – „туку овде“ – и покажува на сосема друг дел од своето тело.

Сите се смееме, а Гадбан мрмори во својата брада: „Тогаш јас навистина имам повеќе мозок од тебе, емиру.“

На нивно инсистирање ја продолжувам приказната и им велам дека, без оглед на тоа какви се ставовите на стариот Гадбан за тоа, претераната младост на мојата невеста-дете за мене не претставуваше никаква посебна награда. Можев да чувствувам само сожалување кон девој-

ката која станала жртва на ниската лукавост на својот вујко. Постапував со неа како со дете, уверувајќи ја дека не треба да се плаши од мене; таа не кажа ни еден збор, а нејзиното тресење ја издаваше нејзината исплашеност. Претурајќи по полиците, најдов парче чоколадо кое ѝ го понудив, но таа, бидејќи никогаш во животот не видела чоколадо, одби со тресење на главата. Се обидов да ја смирам раскажувајќи ѝ забавна приказна од „Илјада и една ноќ“, но таа како да не ја сфати, а камоли да ја смета за смешна. Конечно ги изговори првите зборови: „Ме боли главата...“ Земав таблета аспирин и ѝ ја дадов со чашка вода. Меѓутоа, ова предизвика само уште посилна појава на страв (дури подоцна дознав дека некои нејзини пријателки ѝ беа рекле дека странците од туѓите земји понекогаш ги дрогираат своите жени во првата брачна ноќ за полесно да ги освојат). По неколку часови успеав да ја уверам дека немам агресивни намери. Таа конечно заспа како дете, што и беше, а за себе направив постела на килимот во аголот од собата.

Наутро порачав по нејзината мајка и побарав да ја води девојката дома. Жената беше вчудоневидена. Никогаш не слушнала дека некој маж одбил толку биран залак – единаесетгодишна девица – и мора да мислела дека со мене нешто сериозно не е во ред.

„А потоа?“, запрашува Гадбан.

„Ништо – се разведов од девојката, оставајќи ја во истата состојба во која и ми дојде. Тоа не беше лоша зделка за семејството кое ги задржа и девојката и миразот за којшто јас платив, заедно со сите многубројни подароци. Што се однесува на мене, се шириле глас дека во мене нема машкост, а неколку добродушни луѓе се обидоа да ме

уверат дека некој ме маѓепсал, можеби мојата жена, а дека можам да се ослободам единствено со против-магија“.

„Кога ќе помислам на твојата среќна женидба во Медина, Мухамеде, и на твојот син“, вели емирот смеејќи се, „сигурен сум дека си добил силна против-магија...“

– 5 –

ПОДОЦНА ВО НОЌТА, додека се подготвував да легнам во собата која ми ја дадоа, го наоѓам Зејд помолчалив отколку обично. Тој стои покрај вратата видливо загубен во далечните мисли, со брадата на градите, а со очи насочени кон синиот мовесто-зелен медаљон на хоросанскиот килим кој го покрива подот.

„Како се чувствуваш, Зејде, кога си повторно во градот на својата младост по толку години?“ – бидејќи порано секогаш одбиваше да влезе во Хаил кога и да сум имал можност да дојдам таму.

„Не сум сигурен, вујко“, одговори полека. „Единаесет години... Има единаесет години откако сум бил овде последен пат. Ти знаеше дека срцето не ми даваше да дојдам порано овде и да го гледам народот од Југ како владее во дворецот на ибн Рашид. Но во последно време си велам себеси со зборовите од Книгата: **‚О Боже, власта е во рацете Твои: ја даваш кому сакаш и ја одземаш од кого сакаш. Ти со посак Свој воздигнуваш, и Ти со посак Свој понижуваш. Доброто е во рацете Твои. Ти си, навистина, кадарен за сè!‘**[36]“ Нема сомнение, Бог ѝ ја дал власта на династијата ибн Рашид, но тие не знаеле да

[36] Куран, 3:26. (Заб. на прев.)

ја употребат правилно. Биле добродушни кон своите луѓе, но сурови кон сопствените роднини и безобѕирни во својата горделивост; пролевале крв, братот го убивал својот брат; така Бог им ја одземал власта и повторно му ја предал на ибн Сауд. Мислам дека не треба повеќе да жалам – зар не е напишано во Книгата: **„Во она што го презирате можеби има нешто добро за вас, а во она што го сакате, можеби има нешто лошо за вас.“**[37]

Има некаква слатка смиреност во Зејдовиот глас, смиреност која содржи само прифаќање на нешто што веќе се случило и затоа не може да биде изменето. Токму ова предавање на муслиманскиот дух на непроменливоста на минатото – сознанието дека сѐ што веќе се случило морало да се случи токму така и не можело да се случи поинаку – луѓето од Западот често го земале како „фатализам“, својствен за исламското гледиште. Меѓутоа, муслиманското предавање на судбината се однесува само на минатото, а не на иднината; тоа не е одбивање да се дејствува, да се надева и да се подобрува, туку одбивање минатата стварност да се смета за што и да е друго освен за Божје дело.

„А освен тоа“, продолжува Зејд, „ибн Сауд не се однесува лошо кон Шамар. Тие го знаат тоа. Зар не го поддржале со своите мачеви пред три години кога оној пес Ед-Давиш се крена против него?“

Навистина го сториле тоа, со широкоградост на покорените која е толку карактеристична за вистинските Арапи. Во таа судбоносна година 1929, кога се нишаше кралството на ибн Сауд под ударите на големото бедуинско востание кое го водеше Фејсал ед-Давиш, сите шамарски

[37] Куран, 2:216. (Заб. на прев.)

племиња кои живееја во Нецд го заборавија своето некогашно непријателство кон Кралот, се соединија околу него и во голема мера придонесоа за неговата подоцнежна победа над бунтовниците. Ова смирување беше навистина извонредно, бидејќи одвај неколку години пред тоа ибн Сауд, под сила на оружјето, го беше освоил Хаил и така повторно воспостави превласт на Југот над Северот. Тоа е уште позначајно во светлинатата на вековното меѓусебно несогласување – кое е подлабоко од династиската борба за превласт – меѓу племето Шамар и народот на јужен Нецд од кој потекнува ибн Сауд. Ова несогласување (кое дури ни неодамнешното смирување не го искоренило во целост), е во голема мера израз на традиционалното соперништво меѓу Северот и Југот кое се протега низ целата историја на Арапите, а слично е и кај многу други народи. Често се случува мала разлика во внатрешниот ритам на животот да предизвика поголемо непријателство меѓу тесно сродни племиња отколку што може да предизвика расната необичност меѓу целосно различни соседни нации.

Покрај политичкото соперништво, уште еден фактор игра значајна улога во емоционалното несогласување на арапскиот Север и Југ. Токму на југот на Нецд, во близина на Ријад, пред речиси двестотини години, пуританскиот реформатор Мухамед ибн абд ел-Вехаб се кренал и ги поттикнал племињата – тогаш муслимани само по име – на ново верско воодушевување. Токму во тогаш безначајната династија на ибн Сауд, кај главатарите на малото градско подрачје Дарија реформаторот добивал оружје кое ѝ дало сила на акција на неговата инспиративна реч, и по неколку децении опфатил голем дел од Полуостровот со она горливо, бескомпромисно верско движење познато како „*вехабизам*“. Во сите *вехабиски*

војни и победи во текот на последните сто и педесет години, токму народот на Југот високо ги носел знамињата на пуританизмот, додека Северот само нерешително одеше со него; иако Шамарите теориски ги усвојуваа вехабиските учења, нивните срца останаа далеку од горливото, непопустливо религиско уверување на Југот. Живеејќи блиску до граничните земји Сирија и Ирак, а секогаш врзани со нив со трговија, Шамарите во текот на вековите ја здобиле благата попустливост во гледиштата и подготвеноста за компромиси целосно непознати за изолираните луѓе од Југот. Луѓето од Југот знаат само за крајности, а во последните сто и педесет години знаеја само сништа за *џихадот*[38] – горделиви, суетни луѓе кои себеси се сметаат за единствени вистински претставници на исламот, додека сите други се муслимани еретици.

Со сето ова, вехабистите секако не се посебна секта. „Секта“ претпоставува постоење на некои посебни доктрини кои нејзините следбеници би ги разликувала од огромната маса други следбеници на истата вера. Меѓутоа, во вехабизмот нема посебни доктрини – напротив, ова движење се обидело да ги укине сите иновации и доктрини кои во текот на многуте векови се натрупале околу изворните учења на исламот и да се врати на некогашната порака на Пратеникот. Во својата бескомпромисна јасност, ова, секако, бил голем обид, кој со време можел да доведе до целосно ослободување на исламот од сите предрасуди кои ја замрачиле Пораката. Навистина, сите ренесансни движења во модерниот ислам – движењето Ехлихадис во Индија, движењето Сенуси во Северна Африка, дејствувањето на Џемал ед-Дин ел-Афгани и Египќанецот

[38] Стремеж, напор да се постигне Аллаховиот пат. (Заб. на прев.)

Мухамед Абдух – можат непосредно да се врзат за духовниот импулс кој во осумнаесеттиот век го дал Мухамед ибн абд ел-Вехаб. Меѓутоа развојот на неговите учења во Нецд има два недостатока кои ги спречиле вехабистите да станат сила со духовна судбина. Еден од овие недостатоци е непопустливоста со која ова движење настојува да ги ограничи речиси сите религиски напори на буквално придржување кон прописите, превидувајќи ја потребата за продирање во нивната духовна содржина. Вториот недостаток е вкоренет во самиот арапски карактер – во онаа прилежна, посветена усмереност на чувствата која никому не му дава право да биде поинаков; став толку својствен за вистинскиот Семит колку и неговата дијаметрална спротивност – целосна негрижливост во прашањата на верата. Тоа е трагична особеност на Арапите кои секогаш мора да осцилираат меѓу двата пола и никогаш не можат да најдат среден пат. Во минатото – пред речиси два века – Арапите од Нецд биле всушност поодделечени од исламот отколку која била друга група во муслиманскиот свет; од доаѓањето на Мухамед ибн абд ел-Вехаб тие себеси се сметаат не само за бранители на верата, туку и за нејзини речиси единствени носители.

Духовното значење на вехабизмот – стремеж кон внатрешна обнова на муслиманското општество – беше корумпирано во истиот миг кога неговата надворешна цел – постигнување на општествена и политичка моќ – беше остварена со воспоставувањето на Саудиското Кралство на крајот од осумнаесеттиот век и со нејзиното проширување преку поголемиот дел на Арабија на почетокот од деветнаесеттиот век. Штом следбениците на Мухамед ибн абд ел-Вехаб ја добија власта, нивната идеја се скамени бидејќи духот не може да му биде слуга на власта – а власта не сака да му биде слуга на духот.

Историјата на вехабискиот Нецд е историја на една религиска идеја која прво се кренала на крилјата на воодушевувањето и копнежот, а потоа потонала во низините на лицемерната самоуверена посветеност. Секоја доблест се уништува самата себеси штом престанува да биде копнеж и скромност. Харут! Марут!

VI. Соништа

– 1 –

ДОКОЛКУ СТЕ ПРИЈАТЕЛ и гостин на голем арапски емир, тогаш тоа значи дека за пријател и гостин ќе ве сметаат и така ќе постапуваат кон вас сите негови службеници, неговите *рацаџили*, сопствениците на дуќаните во неговиот главен град, па дури и бедуините од пустелијата под негова власт. Гостинот одвај може да спомне некаква желба, а таа да не му биде веднаш исполнета, кога и да е можно тоа; од час во час тој е опсипан од топла, нељубопитна љубезност која го обвиткува на градскиот пазар не помалку отколку во широките сали и ходниците на дворецот.

Како толку пати порано, ова ми се случува и за време на овие два дена во Хаил. Кога ќе посакам да се напијам кафе, мелодичниот звук на бронзениот аван зазвонува во мојата приватна приемна соба. Ако, наутро, случајно му спомнам на Зејд (на досег на слухот на еден од слугите на емирот) некое прекрасно седло кое само сум го видел на пазарот, попладнето тоа ќе ми биде донесено како подарок. Неколку пати на ден стигнуваат подароци: долга наметка од кашмирска волна украсена со мостра од манго, или извезена *куфија*, или бела багдадска овча кожа за седло, или крива кама од Нецд со сребрена рачка... А јас,

бидејќи патувам со лесна опрема, не сум во состојба да му понудам за возврат на ибн Мусаад што и да е освен англиска карта на Арабија на која, на негово големо задоволство, грижливо сум ги означил арапските имиња на местата.

Широкоградоста на ибн Мусаад многу личи на онаа на кралот ибн Сауд, што, впрочем, и не е толку изненадувачко кога ќе се земат предвид нивните блиски односи. Не само што се роднини, туку исто така – сè од времето кога ибн Сауд бил младо момче, а ибн Мусаад уште момче – ги делеле тешкотиите, пресвртите и соништата на раното владеење на Кралот. Покрај тоа, нивните лични врски биле зацврстени пред повеќе години преку бракот со Џевахира, сестрата на ибн Мусаад – жената која на Кралот му значеше повеќе од другите со кои се оженил пред или по неа.

*

* *

ИАКО МНОГУ ЛУЃЕ беа негови пријатели, само мал број од избраните можеше да ја набљудува најинтимната и, можеби, најзначителната страна на природата на ибн Сауд, неговата голема способност за љубов, која можеше, ако ѝ било дозволено да се развие и да истрае, да води кон далеку повисоки височини од оние кои ги достигнал. Толку многу го нагласуваше тоа што се женел и се разведувал со бројни жени што многумина неупатени го сметаа за развратник преокупиран со бескрајната трка за физичко задоволство; само некои беа свесни дека речиси секоја женидба на ибн Сауд – освен оние диктирани од

политички причини – била последица на нејасната, незаситна желба повторно да фати трага на загубената љубов.

Џевахира, мајката на неговите синови Мухамед и Халид, беше голема љубов на ибн Сауд; дури и сега, откако е мртва тринаесетина години, Кралот никогаш не зборува за неа, а зборот да не му запне во грлото.

Таа мора да била извонредна жена – не само убава (бидејќи ибн Сауд познавал и имал многу убави жени во својата исклучително богата брачна кариера) туку исто така обдарена со онаа инстинктивна женска мудрост која ги спојува занесот на духот со занесот на телото. Ибн Сауд не им дозволува често на своите емоции да дејствуваат длабоко врз неговиот однос со жените и ова, веројатно, ја објаснува леснотијата со која се жени и разведува. Меѓутоа, се чини дека со Џевахира го нашол исполнувањето кое никогаш не се повторило. Иако дури и во текот на неговиот живот имал и други жени, неговата вистинска љубов била резервирана за неа толку исклучително небаре таа била негова единствена жена. Нејзе ѝ пишувал љубовни песни, а во еден од своите најотворени моменти ми рече: „Секогаш кога светот околу мене бил мрачен и кога не гледав излез од опасностите и тешкотиите што ме опколуваат, ќе седнев и ќе ѝ напишев ода на Џевахира; кога таа ќе беше завршена, светот ненадејно ќе се расветлеше и ќе знаев што треба да сторам.“

Но Џевахира умре за време на големата епидемија на грип во 1919, која го однела и ибн Саудовиот првороден и најмил син Турки; оваа двојна загуба оставила неизлечива лузна во неговиот живот.

Не беа само жената и синот на кои можеше толку целосно да им го даде своето срце; тој го сакаше својот татко

како што ретко некој го сака својот. Татко му, Абд ер-Рахман, кого го запознав во моите први денови во Ријад, иако пријатен и побожен човек, секако не беше истакната личност како неговиот син и не играше никаква особена улога за време на својот долг живот. Сепак, дури и откако ибн Сауд го беше освоил кралството со својот сопствен напор и беше неспорен владетел на земјата, тој кон својот татко се однесуваше со таква понизност што никогаш не би се согласил да стапи во собата ако Абд ер-Рахман е во долната соба – „бидејќи", би рекол тој, „како можам себеси да си дозволам да чекорам над главата на мојот татко?" Тој никогаш не седеше во присуство на старецот додека изрично не беше повикан да го стори тоа. Сè уште се сеќавам на непријатноста која ја почувствував поради оваа кралска понизност еден ден во Ријад (мислам дека тоа беше во декември 1927 година). Јас бев во вообичаената посета на таткото на Кралот во неговиот стан во кралскиот дворец; седевме на подот врз перничиња, стариот господин развиваше една од своите омилени верски теми. Во собата ненадејно влезе слуга и најави: „Доаѓа Шеикот". Во следниот миг ибн Сауд стоеше на вратата. Секако, сакав да станам, но стариот Абд ер-Рахман ме зграпчи за рачниот зглоб и ме повлече долу, небаре велејќи: „Ти си мој гостин". Бев мошне збунет останувајќи така седнат, додека Кралот, откако оддалеку го поздрави татка си, остана стоејќи на вратата, очигледно чекајќи дозвола да влезе во собата. Мора да бил навикнат на слични каприци на својот татко, бидејќи ми намигна со насмевка, за да ме смири. Во меѓувреме, Абд ер-Рахман ја продолжи расправата како и да немаше никаков прекин. По неколку минути тој погледна угоре, му мавна на својот син и му рече: „Приј ди, момче мое, и седни". Во тоа време Кралот имаше четириесет и осум години.

Неколку месеци подоцна – во тоа време бевме во Мека – на Кралот му стигна веста дека татко му умрел во Ријад. Никогаш нема да го заборавам несфатливиот вкочанет поглед со кој неколку мига го гледаше гласникот и очајанието кое полека и видливо ги обземаше цртите на лицето кои се инаку толку ведри и смирени; како скокна со страшен крик: „Мојот татко е мртов!“ и со долги чекори истрча од собата додека *абајата* му се влечеше по подот зад него: како отскокнуваше низ скалите, мина крај престрашените лица на своите стражари, ни сам не знаејќи каде оди и зошто, викајќи: „Мојот татко е мртов! Мојот татко е мртов!“ Во следните два дена одбиваше да види кого било, ниту јадеше ниту пиеше и деновите и ноќите ги минуваше во молитва.

Колку синови во своите средни години, колку кралеви кои си го изборile за себеси кралството со своја сопствена способност, така ја жалеле смртта на таткото кој умрел со мирна смрт во длабока старост?

– 2 –

АБД ЕЛ-АЗИЗ ИБН САУД го добил своето пространо кралство единствено со своите сопствени напори. Уште додека бил дете, неговото семејство веќе ги има загубено последните остатоци на својата власт во централна Арабија, а ја наследиле неговите некогашни вазали, династијата на ибн Рашид од Хаил. Тоа беа горчливи денови за Абд ел-Азиз. Горделивото и воздржано момче мораше да го гледа туѓиот емир како управува со татковскиот град Ријад во името на ибн Рашид; бидејќи сега семејството на ибн Сауд – кое некогаш владеело речиси со цела Арабија – живееше од помошта на семејството ибн Рашид која

само го толерираше, но повеќе не му се плашеше. На крајот, ова станало неподнослив дури и за неговиот мирољубив татко Абд ер-Рахман и тој го напуштил Ријад со целото семејство, надевајќи се останатите денови да ги мине кај својот стар пријател, владетелот на Кувајт. Но, тој не знаеше што носи иднината бидејќи тој не ни насетуваше што има во срцето на својот син.

Од сите членови на своето семејство постоеше само еден кој насетуваше што се случува во ова страствено срце: помладата сестра на неговиот татко. Не знам многу за неа; само знам дека Кралот, кога и да се сетеше на своите млади дни, секогаш ја спомнуваше со голема почит.

„Мислам дека таа ме сакаше повеќе од своите сопствени деца. Кога останувавме сами, таа ќе ме земеше в скут и ми зборуваше за големите работи кои треба да ги направам кога ќе пораснам: ‚Ти мораш да ја оживееш славата на семејството ибн Сауд', ми повторуваше секогаш одново, а нејзините зборови беа како милување. ‚Но сакам да знаеш, Азајиз[39], би зборувала таа, ‚дека дури ни славата на семејството ибн Сауд не смее да биде крај на твоите напори. Ти мораш да се стремиш за славата на исламот. На твојот народ му треба водач кој ќе го води по патот на Пратеникот, а ти ќе бидеш тој водач'. Овие зборови останаа засекогаш живи во моето срце."

Навистина, останале ли?

Низ целиот свој живот ибн Сауд сакаше да зборува за исламот како за мисија која му е доверена; дури и подоцна, кога уште одамна станало очигледно дека кралската власт му вреди повеќе отколку неговото некогаш-

[39] Галежна форма од името Абд ел-Азиз.

но залагање за идеалот, неговата голема елоквенција често успевала да убеди многумина – можеби дури и него самиот – дека овој идеал е сè уште негова цел.

Такви сеќавања од детството често се оживувани во текот на интимните собири во Ријад, кои обично се одржуваа по *јацискиот* намаз (околу два часа по зајдисонце). Штом намазот во џамијата во дворецот бил завршен, се собиравме околу Кралот во една од помалите соби и околу еден час слушавме читање на хадисите[40] на Пратеникот или коментар на Куранот. Потоа Кралот ќе викнеше двајца или тројца од нас да го придружуваме до неговата соба во неговиот приватен стан. Една вечер, се сеќавам, додека го напуштавме собирот придружувајќи го Кралот, бев уште еднаш изненаден од неговата величествена возвишеност со која далеку ги надвишуваше оние кои го опкружуваа. Можеби го фатил мојот восхитувачки поглед, бидејќи се насмевна со оној свој неопишлив шарм, ми ја зеде раката и ме праша:

„Зошто ме гледаш така, Мухамеде?“

„Мислев, о Долговек, како секој во тебе може да препознае Крал штом ќе ја види твојата глава толку високо над главите од толпата.“

Ибн Сауд се насмевна и, сè уште водејќи ме за рака при бавното одење низ ходникот, рече: „Да, пријатно е да се биде толку висок. Но имаше едно време кога мојата височина ми создаваше само мака. Тоа беше пред многу години, кога бев момче и живеев во дворецот на шеикот Мубарек во Кувајт. Бев слаб и извонредно висок, многу повисок отколку што им прилегаше на моите години, и другите момци во дворецот – оние од семејството на шеикот, па дури и од моето сопствено семејство – ме земаа

[40] Збирки во кои се изложуваат зборовите и делата на Мухамед.

како за цел на нивните шеги како да сум чудовиште. Тоа многу ме растажуваше, а понекогаш и јас помислував дека навистина сум чудовиште. Толку се срамев од својата височина што ја вовлекував главата во рамениците за да изгледам помал кога одев по собите на палатата или низ улиците на Кувајт.“

Дотогаш веќе стигнавме до станот на Кралот. Неговиот најстар син, престолонаследникот Сауд, веќе го чекаше татка си таму. Беше речиси на моја возраст и, иако не толку висок како неговиот татко, имаше сосема импозантен изглед. Неговите црти на лицето се многу помрачни отколку на Кралот и ја немаа истата подвижност и живост. Но тој беше пријатен човек и луѓето за него имаа добро мислење.

Кралот седна на перничињата прострени долж sидовите и ни понуди и нам да седнеме. Потоа нареди: „Кафе!“ Вооружаниот слуга на вратата веднаш викна во ходникот „Кафе!“ – на што овој традиционален повик го преземаа и повторуваа во брза линија другите слуги долж целиот ходник, еден по друг „Кафе!“ – „Кафе!“ – во прекрасна церемонија на повторување, додека не стигна до кралската чајна кујна оддалечена неколку соби; за миг слугата со златната кама на појасот се појави носејќи месингано ѓезве во едната и мали филџани во другата рака. Кралот го позеде првиот филџан, а другите ги прифатија гостите по редот како што беа седнати. Во таквите неформални околности, ибн Сауд зборуваше слободно за сè што ќе му дојде на ум – за она што се случуваше во далечните краишта на светот, за чудните нови пронајдоци за кои го известиле, за луѓето, обичаите и институциите; но пред сè, сакаше да зборува за своите сопствени искуства, а ги поттикнуваше и другите да учествуваат во разговорот. Токму

таа вечер емирот Сауд го започна разговорот кога смеејќи се ми се обрати мене:

„Денес една личност ми изрази сомнение за тебе, Мухамеде. Рече дека не е сосема сигурен дали ти си англиски шпион под маска на муслиман... Но не грижи се, бев во состојба да го уверам дека ти навистина си муслиман."

Во невозможност да возвратам со насмевка, одговорив: „Тоа е мошне љубезно од тебе, емире, Бог нека ти го продолжи животот. Но како можеш да бидеш сигурен во тоа? Зар не е Бог единствениот кој знае што има во човечкото срце?"

„Тоа е точно", возврати емирот Сауд, „но во овој случај даден ми е посебен знак. Овој знак ми го даде еден сон минатата седмица... Стоев пред една џамија гледајќи во минарето. Ненадејно на галеријата на минарето се појави еден човек, ги состави своите раце пред устата и почна да повикува на намаз: ‚Бог е Најголем! Бог е Најголем', и продолжи до крајот ‚Никој не е достоен за обожување освен Бог' – а кога погледнав одблизу, видов дека тој човек си ти. Кога се разбудив, знаев сигурно, иако во тоа никогаш не се сомневав, дека ти навистина си муслиман, бидејќи сонот во кој се величи името Божје не може да биде измама."

Бев многу трогнат од ова небарано докажување на мојата искреност од страна на синот на Кралот и сериозноста на движењата со главата со кои Кралот ја потврди ненадејната приказна на емирот Сауд. Преземајќи го зборот, ибн Сауд продолжи:

„Навистина често се случува Бог да ги просветува нашите срца преку соништа кои понекогаш ја претскажуваат иднината, а понекогаш ја објаснуваат сегашноста. Дали ти, Мухамеде, си доживеал некогаш таков сон?"

„Навистина сум доживеал, *Имаме*, одамна, многу порано пред и да помислам дека ќе станам муслиман – дури и пред да стапам во муслиманска земја. Тогаш мора да имав деветнаесет години и живеев со мојот татко во Виена. Бев длабоко заинтересиран за науката за човечкиот внатрешен живот (што беше најблиска дефиниција за психоанализата која можев да му ја дадам на Кралот) и бев вообичаил покрај креветот да чувам хартија и молив за да ги прибележувам своите соништа во мигот на будењето. Правејќи така, најдов дека сум во состојба секогаш да се сетам на сонштата, дури и ако не сум ги држел постојано во помнење. Во еден таков сон, се најдов во Берлин, патувајќи со подземната железница која ја имаат таму – со возот кој некогаш оди низ тунелот под земја, а некогаш преку мостовите високо над улиците. Купето беше преполно со луѓе така што немаше каде да се седне и сите стоеја набиени, без да бидат во можност да се движат; имаше само бледа светлина од една единствена електрична светилка. По некое време возот излезе од тунелот; не дојде на ниеден од оние високи мостови, туку излезе на широка, пуста рамнина од глина, тркалата на возот се заглавија во глината и возот застана, не можејќи да се движи ни назад ни напред.

Сите патници, а и јас со нив, ги напуштија вагоните и почнаа да гледаат околу себе. Рамнината околу нас беше бескрајна, празна и гола – на неа немаши ниедна грмушка, ниедна куќа, дури ни ниеден камен – и голема мачнина ги обзеде срцата на луѓето; сега кога сме овде беспомошни, како ќе го најдеме патот назад за таму каде што живеат другите луѓе? Сивиот самрак лежи преку огромната рамнина, како за време на раните мугри.

Но некако јас не чувствував мачнина како другите. Се пробив низ толпата и, на оддалеченост од можеби десет чекори, забележав оседлана камила, – токму онака како што подоцна видов дека ги оседлуваат камилите во твојата земја – а на седлото седеше еден човек облечен во *абаја*, со куси ракави со бели и кафеави риги. Неговата *куфија* беше навлечена преку лицето, така што не можев да ги распознаам неговите црти. Во душата веднаш знаев дека камилата мене ме чека, а дека непознатиот човек треба да биде мојот водич; така, без зборови, се фрлив на грбот на камилата зад седлото онака како што во арапските земји јава *рафидот*, јавачот-сопатник. Во следниот миг камилата се крена и тргна напред со долго, лесно одење, а јас почувствував дека во мене расте безимена среќа. Со таквото меко одење патувавме, како што ми се чинеше на почетокот, со часови, потоа денови, потоа месеци, додека не загубив секаква мера за време; со секој чекор на камилата растеше мојата среќа, додека не почувствував дека пливам низ воздухот. Конечно, хоризонтот на нашата десна страна почна да црвенее под зраците на сонцето кое тукушто не изгреало. Но на хоризонтот далеку пред нас јас погледнав една друга светлина; таа доаѓаше од зад огромната отворена порта која стоеше на два столба – заслепувачка бледа светлина, не црвена како светлината на сонцето што изгреваше од нашата десна страна – студена светлина која постојано стануваше посветла како што се приближувавме, а во мене ја зголемуваше среќата повеќе од сè што може да се опише со зборови. И како што сè повеќе ѝ се приближувавме на портата и на нејзината светлина, слушнав некој глас како однекаде најавува: ‚Ова е најзападниот град' – и јас се разбудив".

„Слава му на Бога!“ извика ибн Сауд кога завршив. „Зарем овој сон не ти кажал дека си одреден за исламот?“

Ја затресов главата: „Не, о Долговек, како можев да го знам тоа? Никогаш не мислев на исламот, а дури никогаш не сум ни познавал некој муслиман... Дури седум години подоцна, долго откако го бев заборавил тој сон, го прифатив исламот. Се сетив на него дури неодамна кога го пронајдов меѓу моите хартии, токму онака како го имав запишано таа ноќ по будењето“.

„Но, синко, тоа било твоја вистинска среќа која Бог ти ја покажал на тој сон! Зар не ја препозна јасно? Доаѓањето на толпата луѓе, а ти меѓу нив, на пустото беспаќе и нивната збунетост: зар не е тоа состојбата на оние кои воведната *сура* (поглавје) од Куранот ги опишува како оние **‚кои во заблуда скршнаа‘**? А камилата која, со својот јавач, чекаше на тебе: зар не е тоа **‚патот вистински‘** за кој Куранот често зборува? А молчаливиот јавач чие лице не си можел да го видиш: кој би можел тоа друг да биде ако не Пратеникот, Божјиот мир и благослов нека бидат над него? Тој со радост носел наметка со куси ракави... а зар нам многу наши книги не ни зборуваат дека, кога годе да им се појави во сонштата на немусли-маните или на оние што сè уште не се муслимани, неговото лице е секогаш покриено? И онаа бела, студена светлина на хоризонтот пред тебе: што би можело тоа да биде освен ветување на светлината на верата која свети без горење? Ти не си ја достигнал во својот сон затоа што дури со години подоцна, како што си ни рекол, си го запознал исламот како вистина...“

„Ти си можеби во право, о Долговек... Но што со ‚најзападниот град‘ кон кој требаше да ме одведе портата на хоризонтот? Бидејќи, конечно, моето прифаќање на

исламот не ме водеше на запад: тоа повеќе ме водеше подалеку од Запад.“

Ибн Сауд за миг молчеше и размислуваше; потоа ја крена главата и, со онаа слатка насмевка која ја имав засакано, рече: „Дали тоа, Мухамеде, можеше да значи дека твоето стигнување на исламот е ‚најзападната‘ точка во твојот живот, а дека потоа твојот западен живот ќе престане да биде твој...?“

По некое време Кралот повторно прозборе: „Само Бог ја знае иднината. Но понекогаш Тој одлучува на сон да ни даде навестување за она што ќе ни се случи во иднината. И јас сум имал такви соништа два-три пати и секогаш се обистиниле. Всушност, еден од нив ме направи она што сум... Тогаш имав седумнаесет години. Живеевме како изгнаници во Кувајт, но не можев да ја поднесам помислата дека со мојата татковина владеат ибн Рашидите! Често би го молел татко ми, Бог нека му се смилува: ‚Бори се, татко, и истерај ги ибн Рашидите! Никој нема повеќе право на престолот во Ријад од тебе!‘ Но, татко ми ги игнорираше моите бурни молби како фантазија и ме потсетуваше дека Мухамед ибн Рашид е најмоќниот владетел во сите арапски земји и дека владее со кралството што се протега од Сириската пустина на север до песоците на Празниот предел на југ, и дека сите бедуински племиња се тресат пред неговата железна тупаница. Меѓутоа, една ноќ имав чуден сон. Се видов себеси на коњ во осамена пустина, ноќе, а пред мене, исто така на коњ, беше стариот Мухамед ибн Рашид, узурпаторот на кралството на моето семејство. Обајцата бевме невооружани, но ибн Рашид држеше високо во својата рака една голема, блескава светилка. Кога виде дека му се приближувам, тој во мене препозна непријател, се сврте и го натера својот коњ во бегство; но јас јавав брзо по него, го дофатив

крајот на неговата наметка, потоа неговата рака па светилката – и ја згаснав светилката. Кога се разбудив, знаев сигурно дека сум одреден да ја грабнам власта од семејството ибн Рашид...“

*
* *

ВО ГОДИНАТА НА ТОЈ СОН, 1897, умре Мухамед ибн Рашид. Тоа на Абд ел-Азиз ибн Сауд му изгледаше како соодветен миг за да нападне; но неговиот татко, Абд ер-Рахман, не беше наклонет да го загрози мирниот живот во Кувајт, во толку сомнителен зафат. Меѓутоа, страста на синот беше поупорна од татковата тромост, така што таткото конечно попуштил. Со помош на својот пријател, шеикот Мубарек од Кувајт, тој крена неколку бедуински племиња кои му останале верни на неговото семејство, ја почна борбата против ибн Рашид во стариот арапски стил, со камили, коњи и племенски знамиња, беше брзо победен од надмоќните непријателски сили и – во душата веројатно повеќе со олеснување отколку со разочарување – се врати во Кувајт, решен повеќе никогаш да не ја вознемирува вечерта на својот живот со воени авантури.

Но синот не се откажуваше толку лесно. Тој постојано се сеќаваше на својот сон за победата над Мухамед ибн Рашид; кога неговиот татко се одрече од сите права на кралството во Нецд, токму оној сон го поттикнуваше младиот Абд ел-Азиз да го преземе својот лекомислен обид и да ја заземе власта. Тој допрел до неколку свои пријатели – меѓу нив до своите роднини Абдулах ибн Џилуви и ибн Мусаад – собрал неколку смели бедуини, додека целата група не броела четириесет мажи. Тие заминаа со коњ од

Кувајт како ајдуци, тајно, без знамиња, тапани и песни; избегнувајќи ги пофреквентните каравански патишта и, криејќи се дење, стигнаа во близина на Ријад и си направија камп во истиот ден во една зафрлена долина. Во истиот ден, Абд ел-Азиз избра петмина од четириесеттемина и вака им се обрати на останатите:

„Ние шестмина ги ставаме сега нашите судбини во Божји раце. Ние одиме за Ријад – да го освоиме или да го загубиме засекогаш. Ако слушнете звуци на борба од градот, дојдете да ни помогнете; но ако до утрешното заоѓање на сонцето не чуете ништо, тогаш ќе знаете дека сме мртви и Бог нека ни ги прифати душите. Ако се случи ова, вие останатите вратете се во Кувајт тајно и што е можно побргу.“

Така шестемина тргнаа пеш. Кога падна мракот, стигнаа до градот и влегоа во него низ еден од отворите кои пред неколку години ги беше направил Мухамед ибн Рашид во ѕидовите на победениот град за да ги понижи неговите жители. Со оружје сокриено под наметките, отидоа право во куќата на емирот на Рашидите. Беше заклучана, бидејќи емирот, плашејќи се од непријателските жители, вообичаил да ги минува ноќите во тврдината наспроти куќата. Абд ел-Азиз и неговите придружници зачукаа на вратата; ја отвори еден слуга кого веднаш го совладаа, го врзаа и му ја затнаа устата; истото им се случи и на другите жители на куќата – во тој час само неколку слуги и жени. Шестемина авантуристи се послужија со урмите од емировиот шпајз како храна и ја поминаа ноќта наизменично рецитирајќи го Куранот.

Наутро се отвориja портите од тврдината и излезе емирот, опкружен со вооружените телохранители и робови. Со извикот „боже, ибн Сауд е во твои раце!“ Абд ел-Азиз и неговите петмина другари се фрлија со голи сабји

на изненадениот непријател. Абдулах Џилуви го фрли своето кратко копје на емирот; тој, меѓутоа, на време се тргна и копјето се заби во ѕидот на тврдината – и ден денес може да се види таму. Емирот во паника се повлече во портата; додека Абдулах го гонеше без ничија помош во внатрешноста на тврдината, Абд ел-Азиз и останатите четворица другари ги нападнаа телохранителите кои, наспроти бројната надмоќност, беа премногу збунети за успешно да се бранат. Следниот миг емирот се појави на рамниот покрив, молејќи го Абдулах ибн Џалуви за милост која овој не му ја подари; кога тој падна на оградата на покривот и го прими судбоносниот удар со сабјата, Абд ел-Азиз оздола извикна: „Дојдете, граѓани на Ријад! Овде сум јас, Абд ел-Азиз, синот на Абд ер-Рахман од семејството ибн Сауд, вашиот законит владетел!“ Граѓаните на Ријад, кои ги мразеа своите северни угнетувачи, дотрчаа со оружје да му помогнат на својот принц; на камилите догалопираа неговите триесет и пет другари низ портата на градот, бришејќи секаков отпор пред себе како бура. Во рок од еден час Абд ел-Азиз ибн Сауд беше неспорен владетел на градот.

Тоа беше во 1901 година. Тој имаше дваесет и една година. Неговата младост созреваше, тој влегуваше во втората фаза од својот живот, живот на зрел човек и владетел.

Чекор по чекор, провинција по провиција, ибн Сауд го оттргна Нецд од семејството ибн Рашид, потиснувајќи ги назад кон својата татковина, Џебел Шамар и главниот град Хаил. Оваа експанзија беше така пресметана небаре била замислена во главниот штаб со географска карта, според принципите на воената наука и геополитичките анализи – иако ибн Сауд немаше главен штаб, а веројатно никогаш не видел географска карта. Неговите освојувања

продолжуваа спирално, со Ријад како нивен цврст центар; а следниот чекор никогаш не е направен додека претходно освоеното подрачје не било темелно потчинето и средено. Најпрвин ги освоил подрачјата источно и северно од Ријад, потоа своето кралство го проширил на источната пустина. Неговото напредување кон север беше постепено, бидејќи ибн Рашидите сè уште имаа значителна моќ, а покрај тоа што беа потпомогнати од Турците, со кои во изминатите децении беа остварило тесна соработка. Ибн Сауд исто така беше спречуван и од својата сиромаштија; јужните подрачја на Нецд не можеа да му дадат доволно приходи за снабдување на поголеми групи борци за подолго време.

„Во едно време“, еднаш ми рече тој, „бев толку сиромашен што морав кај еден лихвар, Евреин од Кувајт, да го дадам под залог мечот украсен со скапоцени камења што ми го подари шеикот Мубарек. Не можев да си дозволам ниту простирка за моето оседло – ама празните вреќи под овчата кожичка беа исто така добри.“

Имаше уште еден проблем кој многу ја отежнуваше раната кариера на ибн Сауд: ставот на бедуинските племиња.

И покрај сите свои градови и села, централна Арабија е пред сè земја на бедуините. Токму нивната поддршка или отпорот го одлучуваа исходот на конфликтот меѓу ибн Сауд и ибн Рашид во речиси секоја фаза. Тие беа колебливи и променливи и обично би ѝ се придружувале на онаа страна која во моментот би изгледала поуспешна или би нудела надеж за поголем плен. Највешт во таквата двократна игра беше Фејсал ед-Давиш, врховниот поглавар на моќното племе Мутајр, чијашто предаденост секогаш би можела да биде пресудна во полза на едната или другата ривалска династија. Тој би дошол во

Хаил да се натовари со подароците од ибн Рашид; би го напуштил ибн Рашид и би дошол во Ријад да му се заколне на верност на ибн Сауд – за еден месец подоцна да го предаде; на сите им беше неверен, храбар и итар и опседнат од силна алчност за власт; ибн Сауд имал многу бессони ноќи поради него.

Притеснет од такви тешкотии, ибн Сауд замислил еден план – на почетокот веројатно само како политички маневар, но предодреден да се развие во блескава идеја способна да го измени лицето на целиот Полуостров: план за населување на номадските племиња. Беше очигледно дека бедуините, штом би се населиле некаде, би ја напуштиле својата двојна игра меѓу завојуваните страни. Живеејќи како номади, им било лесно во секој миг да ги замотаат своите шатори и да тргнат со своите стада каде било, од една страна на друга; меѓутоа, постојаниот начин на живеење би го оневозможил тоа, бидејќи предавањето на непријателот би ја носело со себе опасноста да ги загубат своите куќи и насади, а на бедуинот не му е ништо помило од неговиот имот.

Ибн Сауд населбите на бедуините ги поставил како најважна точка на својата програма. Во ова многу му помогнале учењата на исламот, кои секогаш ја истакнувале надмоќноста на утврдениот живот во однос на номадскиот живот. Кралот испратил верски учители кои ги поучувале бедуините во верата и им ја проповедале новата идеја со неочекуван успех. Организацијата на *ихваните* (‚браќата‘) – како што утврдените бедуини почнале да се нарекуваат – земала форма. Првата *ихванска* населба беше токму Алва-Мутајр, родот на Ед-Давиш; нивната населба, Артавија, за неколу години израснала во град од триесет илјади жители. Многу други племиња ги следеле во тоа.

Верското воодушевување за *ихваните* и нивниот воен потенцијал станале моќен инструмент во рацете на ибн Сауд. Оттогаш неговите војни добиле нов облик: родени во верскиот жар на *ихваните*, тие го прераснале својот првобитен карактер на династички борби за власт и станале верски војни. Барем за *ихваните* повторното раѓање на нивната вера имало повеќе од лично значење. Во својата бескомпромисна предаденост на учењата на големиот реформатор од осумнаесеттиот век, Мухамед ибн абд ел-Вехаб (кој се стремел кон обнова на исламот во строгата чистота на неговите почетоци и ги отфрлал сите подоцнежни иновации), *ихваните*, без сомнение, често биле исполнети со претерана смисла за лична праведност, но она што мнозинството од нив сакало над сè било не само личното почитување туку и воспоставувањето на лично општество кое со право би можело да се нарече исламско. Навистина, многу нивни концепции биле примитивни и нивната жестина често се граничела со фанатизмот; но со исправно водење и воспитание, нивната длабока верска предаденост можела да им овозможи да го прошират својот поглед и со време да станат јадро на вистинскиот општествен и духовен препород на цела Арабија. За жал, ибн Сауд пропуштил да го сфати извонредното значење на таквиот развој и се задоволил на *ихваните* да им ги даде само голите основи на верското и световното воспитание – всушност, само онолку колку што изгледало потребно да го одржи нивниот прилежен жар. Со други зборови, ибн Сауд во движењето на *ихваните* гледал само инструмент на власта. Подоцна оваа негова грешка ѝ го вратила ударот на неговата сопствена политика и во еден миг го загрозила и самиот опстанок на кралството кое го создал; тоа

можеби била и најраната индикација дека му недостасува онаа внатрешна големина која неговиот народ ја очекувал од него. Но, разочарувањето на *ихваните* со Кралот и неговото разочарување со нив доаѓало постепено...

Во 1913, со страотната напаѓачка сила на располагање на *ихваните*, ибн Сауд конечно се почувствувал доволно силен да направи обид да ја освои покраината Ел-Хаса на Персискиот Залив, која некогаш му припаѓала на Нецд, но била окупирана од Турците пред педесет години.

Војувањето против Турците не било воопшто ново искуство за ибн Сауд; одвреме-навреме тој се среќавал со турски единици, особено од копнената артилерија, во армиите на ибн Рашид. Меѓутоа, напаѓањето на Ел-Хаса, со која непосредно управувале Турците, би бил сосема друг зафат; тоа би го довело во непосреден конфликт со една голема сила. Ибн Сауд немаше избор. Ако не ги стави Ел-Хаса и нејзините пристаништа под своја контрола, секогаш ќе биде отсечен од надворешниот свет, без можност да ги добие неопходните пратки на оружје, муниција и многу потребните нешта за живот. Потребата го оправдуваше ризикот; но ризикот беше толку голем што ибн Сауд долго се колебаше пред да изврши напад на Ел-Хаса и нејзиниот главен град Ел-Хуфуф. Сè до денес тој радо зборува за околностите под кои ја донел конечната одлука:

„Веќе бевме на видик на Ел-Хуфуф. Од песочната дина на која седев можев јасно да ги видам ѕидовите на моќната тврдина која доминираше над градот. Срцето ми се стегнуваше од нерешителноста додека ги мерев предностите и опасностите од овој зафат. Се чувствував изморен; копнеев по мир и дом; при помислата на домот,

лицето на мојата жена Џевахира ми дојде пред очи. Почнав да мислам на стиховите кои би можел да ѝ ги кажам кога би била покрај мене – и пред да го сфатам тоа, бев преокупиран со составување песна за неа, целосно заборавајќи каде сум и колку тешка одлука треба да донесам. Штом песната беше готова во мислите, ја напишав, ја запечатив, повикав еден од моите курири и му наредив: ‚Земи две најбрзи камили, јавај до Ријад без запирање и предади ѝ го ова на мајката на Мухамед'. Додека курирот исчезнуваше во облакот од песочен прав, ненадејно сфатив дека мојот дух веќе ја беше донел одлуката во однос на војната: ќе го нападнам Ел-Хуфуф и Бог ќе ме води до победа".

Неговата смелост се покажа оправдана. Во бестрашен напад, неговите војници ја освоија тврдината; турските трупи се предале и им било дозволено да се повлечат со своето оружје и опрема до брегот каде се качиле на брод за Басра. Меѓутоа, османлиската влада не била подготвена толку лесно да го напушти својот имот. Во Истанбул одлучиле да испратат казнена експедиција за ибн Сауд. Но пред да можат да ја извршат, избила светската војна која ја присилила Турција сета своја воена сила да ја употреби на друго место; а кога дошол крајот на војната, Османлиското Царство повеќе не постоело.

Лишен од турската поддршка и опкружен на север со територииите со кои некогаш управувале Британија и Франција, ибн Рашид не можел повеќе да дава успешен отпор. Предводени од Фејсал ед-Давиш – сега еден од најхрабрите луѓе на ибн Сауд – кралските сили го зазеле Хаил во 1921, а семејството ибн Рашид го загубило своето последно упориште.

Кулминациската точка на експанзијата на ибн Сауд дошла во 1924-1925, кога тој го покорил Хиџаз, вклучувајќи ги Мека, Медина и Џеда, и ја протерал шерифската династија која таму дошла на власт по востанието на Шериф Хусеин, поддржан од Британците, против Турците во 1916. Токму со ова освојување на Светата земја на исламот ибн Сауд, сега четириесетипетгодишен, целосно избил во јавноста во надворешниот свет.

Неговиот беспримерен подем на власт во времето кога најголемиот дел на Блискиот Исток подлегнал под продорот на Западот, го исполнил арапскиот свет со надежта дека конечно се појавил водач кој целата арапска нација ќе ја ослободи од ропството; многу други муслимански групи освен Арапите очекувале од него да донесе обнова на исламската идеја во нејзината полна смисла со уредување на држава во која надмоќно ќе владее духот на Куранот. Но овие надежи останале неисполнети. Кога неговата власт растела и се зацврстувала, станувало јасно дека ибн Сауд е само Крал кој не се стреми кон ништо повеќе од многуте други автократски источни владетели пред него.

Добар и праведен во своите лични работи, лојален кон своите пријатели и придружници а широкоград кон своите непријатели и непомирлив кон дволичните, интелектуално надарен над нивото на повеќето свои придружници, ибн Сауд сепак не ја покажал онаа широчина на визијата и вдахновено водство кое се очекувало од него. Навистина, тој ги воспоставил условите на јавната сигурност во своето пространо кралство кои не можеле да се сретнат во арапските земји, од времето на раниот халифат пред илјада години; но за разлика од првите халифи, тој ова го постигнал со помош на строгите закони

и казнени мерки, а не со всадување во народот на смислата за граѓанска одговорност. Испратил во странство група млади луѓе да студираат медицина и безжична телеграфија, но не направил ништо за да ја всади во својот народ како целост желбата за воспитание и така да го извлече од незнаењето во кое чмаело со векови. Тој постојано зборува – со сите надворешни знаци на уверување – за големината на исламскиот начин на живеење, но не сторил ништо да изгради рамноправно, напредно општество, во кое тој начин на живеење би можел да најде свој културен израз.

Тој е едноставен, скромен и вреден работник, но во исто време тој си го дозволува себеси, а им го дозволува и на оние околу себе, најекстравагантниот и бесмислен луксуз. Тој е длабоко религиозен и буквално ја извршува секоја формална одредба на исламското право, но изгледа дека тој ретко помислува на духовното битие и целта на тие одредби. Тој ги извршува петте дневни задолжителни намази со крајна редовност и ноќе поминува часови во длабока побожност, но небаре никогаш не му дошло на ум дека молитвата е само средство, а не цел самата за себе. Тој со радост зборува за одговорноста на владетелот кон своите поданици и често ја наведува изреката на Пратеникот: *„Секој човек е овчар со одговорност кон своето стадо“*. Сепак, тој го занемарил воспитанието дури и на своите сопствени синови и така ги оставил лошо подготвени за работите што ги очекуваат. Кога еднаш го запрашале зошто не се обидува да ја организира државата надминувајќи го личното, за да можат неговите синови да наследат организирана структура на власт, тој одговорил:

„Јас своето кралство го извојував со својата сопствена сабја и со своите сопствени напори; нека го дадат моите синови својот сопствен напор по мене“.

Се сеќавам на еден разговор со Кралот во кој неговата лекомисленост и недостиг на управувачка визија целосно се покажа. Тоа беше во Мека, на крајот од 1928, кога проучениот водач на сириското движење за независност, емирот Шекиб Арслан, го посети Кралот. Ибн Сауд ме претстави со зборовите: „Ова е Мухамед Асад, наш син. Тој само што се врати од јужните подрачја. Тој со радост заминува меѓу моите бедуини“.

Емирот Шекиб, кој беше не само политички водач туку и човек со повеќестрано интересирање и научник со високо образование, веднаш покажа љубопитност да ги чуе моите впечатоци штом дозна дека сум Европеец што го примил исламот. Му опишав некои форми од тоа патување на југ, а особено своето искуство од Вади Биша, која пред тоа не беше ја посетил ниеден Европеец. Големите агрикултурни можности на тоа подрачје, неговото богатство со вода и плодна почва ми падна в очи како извонредно ветување; во текот на разговорот, се свртев кон Кралот и му реков:

„Сигурен сум, водачу, дека Вади Биша може лесно да стане житница која би можела да го снабдува со жито целиот Хиџаз ако научно се планира и развива.“

Кралот ги начули ушите бидејќи увозот на жито за провинцијата Хиџаз трошеше многу приходи од земјата – а недостигот од приходи отсекогаш била најголемата грижа на ибн Сауд.

„Колку долго би требало“, ме праша тој, „Вади Биша да се развие на таков начин?“

Бидејќи не сум специјалист, не можев да дадам никаков јасен одговор; сугерирав дека комисија на странски технички специјалисти би требало да го посети подрачјето и да препорача конкретни планови за нејзиниот развој. Се осмелив да кажам дека би требало најмногу пет до десет години целото подрачје да се доведе до целосно производство.

„Десет години!“ извикна ибн Сауд. „Десет години е мошне долго време. Ние бедуините знаеме само една работа: она што го имаме во своите раце тоа го ставаме во уста и го јадеме. Да се планира десет години нанапред е премногу долго за нас.“

Слушајќи ја оваа зачудувачка изјава, емирот Шекиб ме погледна вчудоневидено, како да не им верува на своите сопствени уши. Јас само можев да му возвратам на истиот начин...

Токму тогаш почнав да се прашувам: дали е ибн Сауд голем човек кого комфорот и кралството го оддалечиле од патот на величината – или е само човек со голема храброст и остроумност кој никогаш не се стремел кон ништо повеќе од лична власт?

До ден-денес не можам на задоволувачки начин да одговорам на ова прашање; бидејќи, иако го познавам со години, а го познавам добро, дел од природата на ибн Сауд ми остана необјаснив. Не може да се каже дека е таинствен на кој било начин; тој слободно зборува за себеси и често ги изнесува своите искуства, но неговиот карактер има премногу страни за да може лесно да се сфати, а неговиот надворешен изглед на едноставност го сокрива срцето немирно како море, а исто така богато во расположенија и внатрешни противречности.

Неговиот личен авторитет е огромен, но тој не лежи толку многу врз вистинската моќ колку на сугестивната сила на неговиот карактер. Тој е крајно скромен во зборовите и однесувањето. Неговиот навистина демократски дух му овозможува да зборува со бедуините кои му доаѓаат во валкана, искината облека, небаре е еден од нив и им дозволува да го нарекуваат по неговото име – Абд ел-Азиз. Од друга страна, тој знае да биде надуен и полн со презир кон високите службеници секогаш кога во нив ќе открие сервилност. Тој презира секаков снобизам. Се сеќавам на еден случај во Мека кога, за време на вечерата во кралската палата, главатарот на едно од најугледните семејства од Мека се намуртил на „бедуинската грубост“ на некои од Нецд кои со уживање јаделе ориз со рацете; аристократот од Мека внимателно ракувал со своето јадење со врвовите на прстите – кога ненадејно загрмел гласот на Кралот: „Вие фини луѓе си играте со своето јадење толку внимателно! Дали е тоа затоа што сте навикнале да копате со прстите по калта? Ние од Нецд не се плашиме од своите раце; тие се чисти и затоа јадеме срдечно со полна рака!“

Понекогаш, кога е целосно опуштен, нежната насмевка лебдее околу устата на ибн Сауд и ѝ дава речиси спиритуален квалитет на убавината на неговото лице. Сигурен сум, ако музиката не беше сметана како достојна за прекор според строгиот вехабиски законик, тој би се изразувал низ неа; според тоа, тој ја покажува својата музичка наклонетост само во своите мали поеми, со своето живописно опишување на своите доживувања и со своите борбени и љубовни песни кои се проширале низ целиот Нецд, а ги пеат луѓето додека јаваат на камилите низ пустината, и жените во осаменоста на своите соби. Тоа се открива во начинот на кој неговиот секојдневен

живот го следи правилниот, еластичен ритам приспособен кон потребите на неговите кралски должности. Како Јулиј Цезар, тој во висок степен поседува способност да следи неколку текови на мисли во исто време, ни најмалку не смалувајќи го интензитетот со кој го напаѓа секој одделен проблем; токму оваа интензивна дарба му дозволува да управува лично со своите работи на своето пространо кралство не паѓајќи притоа во конфузија, ниту кршејќи се од претерана работа, и сè уште наоѓа време и наклонетост толку обилно да го негува друштвото на жените.

Острината на неговите сфаќања е често вчудоневидувачка. Има речиси непогрешлива, инстинктивна проникливост во мотивите на луѓето со кои има работа. Неретко – како што и самиот имав можност да видам – тој е во состојба да ги чита мислите пред да бидат изговорени и небаре го чувствува ставот на човекот кон него во самиот миг кога влегува во собата. Токму оваа способност му овозможила на ибн Сауд да попречи неколку вонредно добро подготвени обиди за негово убиство и на лице место да донесе многу успешни одлуки во политичките работи.

Накусо, се чини дека ибн Сауд поседува многу својства кои би можеле да го направат голем човек, но тој никогаш не направил вистински обид да ја постигне величината. Според својот темперамент тој не е наклонет да се набљудува себеси, а покрај тоа има огромен талент за рационализација, да се увери себеси во својата сопствена сигурност во однос на најочигледните пропусти, а лесно избегнува секакво самоиспитување. Оние што го опкружуваат – неговите дворјани и многубројните подлизурковци кои живеат од неговата дарежливост – не прават ништо за да ја спречат оваа несреќна тенденција.

Одрекнувајќи се од блескавото ветувања од своите помлади дни, кога се чинеше дека сонува возбудливи сни, тој го скршил – можеби и не сфаќајќи го тоа – духот на една возбудена нација која била волна да го прифати како водач испратен од Бога. Тие од него очекувале премногу за да го поднесат рамнодушно разочарувањето во своите очекувања; некои од најдобрите во Нејд зборуваат со горчливост за она што тие го сметаат за предавство на нивната доверба.

Никогаш нема да го заборавам изразот на болка и безнадежност на лицето на еден пријател од Нејд – човек што порано најогнено веруваше во ибн Саудовото водство и го следеше низ оган и вода во најтешките години на неговата кралска кариера – кога, зборувајќи за Кралот, еден ден ми рече:

„Кога јававме со ибн Сауд против ибн Рашид оние први денови, и кога јававме со него под знамето на кое беше напишано *‚Ла илахе илаллах‘* – ‚Никој не е достоен за обожување освен Бог‘ – против оној предавник на исламот, Хусеин, мислевме дека ибн Сауд е новиот Мојсеј, одреден да го изведе својот народ од ропството на незнаењето и заостанатоста во ветената земја на исламот. Но кога заседна во својот новоосвоен комфор и луксуз, заборавајќи го својот народ и неговата иднина, откривме, на наше разочарување, дека тој е фараонот...“

Мојот пријател, секако, беше премногу строг, дури и неправеден во својата осуда на ибн Сауд, бидејќи тој не е ни фараон ниту угнетувач; тој е пријатен човек и нималку не се сомневам дека го сака својот народ. Но тој не е ни Мојсеј. Неговата грешка лежи во тоа што пропуштил да биде толку голем колку што луѓето го сметале дека е – а, можеби, онолку колку што можел да биде, ако го

следел повикот на својата младост. Тој е орел кој, всушност, никогаш не полетал.

Тој едноставно останал добронамерен племенски старешина во огромно зголемени размери...[41]

– 3 –

ОНА УТРО кога заминував од Хаил ме разбуди гласна музика која допираше низ отворениот прозорец на мојата соба во дворецот; пеење, црцорење, небаре илјада виолини и дувачки инструменти се нагодуваат пред свечено изведување на голема опера: таа испрекината полифонија на кусите, нехармонични удари кои, затоа што ги има толку многу и што се толку придушени, небаре се стопуваат во таинственото, речиси сенишно единство на тонови... Но ова навистина мора да е голем оркестар, толку се моќни брановите на звуците кои тој ги произведува...

Кога пристапив кон прозорецот и погледнав во утринското сивило, преку и зад празниот пазар, зад земјените куќи на градот, кон брекчињата каде што растат тамариски и палмови овоштарници – го препознав тоа: тоа е музиката на бунарите со јажиња за црпење вода во

[41] Наскоро по довршувањето на оваа книга (1953), кралот ибн Сауд умре во седумдесет и третата година од животот, а со неговата смрт заврши и една епоха на арапската историја. Кога го видов последниот пат, есента 1951 (при службената посета на Саудиска Арабија, како претставник на пакистанската влада) ми се чинеше дека тој конечно станал свесен за трагичното трошење на својот живот. Неговото лице, некогаш толку силно и живо, беше огорчено и повлечено; кога зборуваше за себе, беше како да зборува за нешто што веќе е мртво и погребано, без отповикување.

овоштарниците, а кои тукушто го почнуваат своето дневно работење. Стотици бунари. Водата ја извлекуваат камилите во големи кожни вреќи; јажињата за влечење одат преку грубо изработените дрвени чекреци, а секој чекрек се трие врз дрвената осовина и пее, свири, чкрипи, завива во многу високи и длабоки тонови додека јажето не се одмота и чекрекот не застане; тоа дава жесток звук како извик, а тој постепено исчезнува во воздивнувачки акорди, сега силно придружени од плискањето на коритото во водата во дрвените корита; потоа камилата се свртува и оди полека назад кон бунарот – чекрекот повторно ја изведува музиката додека јажето се намотува на него, а кожната вреќа тоне во бунарот.

Бидејќи има толку многу бунари, пеењето не престанува ни за миг; тоновите час се стопуваат во акорди, час се разделуваат едни од други; некои од нив започнуваат со ново радување додека другите постепено исчезнуваат – завивајќи, чкрипејќи, свирајќи, пеејќи – колку величествен оркестар! Тој не е воден од човечка рака и затоа речиси ја достигнува величината на природата чијашто волја е недостижна.

VII. На половина пат

– 1 –

ГО НАПУШТИВМЕ ХАИЛ и јаваме кон Медина; сега сме тројца јавачи, бидејќи еден од ибн Мусаадовите луѓе, Менсур ел-Асаф, нè придружува на дел од патот, по налог на емирот.

Менсур е толку згоден што ако се појавеше на улиците на некој град од Запад, сите жени би се свртеле да го погледнат. Тој е мошне висок, со силно, мажествено лице и зачудувачки правилни црти на лицето. Неговата кожа е белузлаво-кафеава – непогрешлив знак за добро потекло кај Арапите – а двете црни очи гледаат продорно на светот под добро обликуваните веѓи. Во него нема ништо од Зејдовата нежност или Зејдовата мирна повлеченост; цртите на неговото лице зборуваат за жестоките иако контролирани страсти и му даваат на неговиот изглед аура на меланхоличност, сосема поинаква од ведрата сериозност на мојот шамарски пријател. Но Менсур, како и Зејд, видел многу од светот и претставува пријатен сопатник.

Во сиво-жолтата, чакалеста почва која сега ја надоместил песокот од Нуфуд можеме да го распознаеме скудни-

от животински свет кој го исполнува: ситните сиви гуштери се извиваат меѓу нозете на нашите камили со неверојатна брзина, се сокриваат под трновитите грмушки и нè гледаат со блескавите очи; малите сиви полски глувци со искитени опашки личат на верверички; и нивните роднини, мрзливците, чиешто месо е високо ценето кај бедуините од Нецд, и навистина е едно од најубавите деликатеси кои кога било сум ги вкусил. Исто така има околу една стапка долги, добри за јадење, гуштери наречени *даб* кои живеат на корените на растенијата, а имаат вкус меѓу пилешко и риба. Црните четириножни тврдокрилци со големина на кокошкино јајце можат да се видат како со трогателно трпение ја валаат сувата камилина лепешка; туркајќи ја назад со силните задни нозе додека телото се потпира на предните, тие го тркалаат скапоцениот товар мачно пред своите домови, паѓаат на грб, ако чакалот им го препречи патот, со тешкотија се превртуваат на свои нозе, го тркалаат својот имот некоја стапка понатаму, повторно паѓаат, се креваат и работат неуморно... Понекогаш сив зајак скокнува во долги скокови од под сивите грмушки. Гледаме и газели, но премногу далеку за да пукаме во нив; тие исчезнуваат во сино-сивите сенки меѓу двете брекчиња.

„Кажи ми, Мухамеде“, прашува Менсур, „како се случи ти да дојдеш да живееш меѓу Арапите? И како го прифати исламот?“

„Јас ќе ти кажам како се случи тоа“, се вметнува Зејд. „Тој прво ги засака Арапите, а потоа нивната вера. Зар не е така, вујко?“

„Вистина е тоа што го вели Зејд, Менсуре. Пред многу години, кога првпат дојдов во арапските земји, ме

привлече начинот на кој живее вашиот народ. Кога почнав да се прашувам што мислите и во што верувате, го запознав исламот.“

„А дали веднаш, Мухамеде, откри дека исламот е вистиската реч Божја?“

„Па, не, тоа не се случи толку брзо. Прво, јас тогаш не верував дека Бог некогаш непосредно му зборувал на човекот или дека книгите за кои луѓето тврдат дека се Негова реч се нешто друго освен дело на мудри луѓе...“

Менсур зјапаше во мене со крајно неверување: „Како можело да биде тоа, Мухамеде? Зар не веруваше ниту во Светите списи кои ги донел Мојсеј или во Исусовото Евангелие? Јас секогаш сум мислел дека народите од Запад веруваат барем во нив?“

„Некои да, Менсуре, а другите не. Јас бев од оние другите...“

Му објаснив дека многу луѓе на Запад веќе одамна не ги сметаат светите книги – ни своите ниту туѓите – за вистинска Божја Објава, туку повеќе во нив гледаат историја на развојот на човечките стремежи низ вековите.

„Ова мое гледање беше разнишано штом дознав нешто за исламот“, додадов јас. „Тоа се случи кога открив дека муслиманите живеат сосема поинаку отколку што Европејците мислат дека треба; секогаш кога дознавав нешто повеќе за учењето на исламот ми се чинеше како да откривам нешто што отсекогаш сум го знаел и не знаејќи...“

И така продолжувам, кажувајќи му на Менсур за своето прво патување на Блискиот Исток – како на Синајската пустина ги добив првите впечатоци за Арапите; за она што го видов и почувствував во Палестина, Египет, Трансјорданија и Сирија; за тоа како во Дамаск го имав првото претчувство дека некој нов, дотогаш неосомничен пат

кон вистината полека се открива пред мене; и како, по посетата на Турција, се вратив во Европа и открив дека ми е тешко повторно да живеам во западниот свет бидејќи, од една страна, сакав да постигнам подлабоко разбирање за чудниот немир кој во мене го предизвика моето прво познавање со Арапите и со нивната култура, надевајќи се дека тоа ќе ми помогне подобро да разберам што јас самиот очекувам од животот, а, од друга страна, бев дошол до точката каде ми стануваше јасно дека повеќе никогаш нема да бидам во состојба да се поистоветам со целите на западното општество.

*

* *

ВО ПРОЛЕТТА 1924 *Frankfurter Zeitung* ме испрати на моето второ патување на Блискиот Исток. Книгата што ги опишува моите поранешни патувања конечно беше завршена. (Објавена е неколку месеци по моето доаѓање под наслов „Неромантичниот Исток“ – *Unromantisches Morgenland*, со што сакав да кажам дека тоа не е книга за романтичниот, егзотичен надворешен изглед на муслиманскиот Исток, туку повеќе настојување да се продре во неговата секојдневна стварност. Иако нејзиниот антиционистички став и невообичаената наклонетост кон Арапите предизвикаа определено потресување во германскиот печат, мислам дека не се продаваше добро.)

Уште еднаш го преминав Медитеранот и го здогледав пред себе египетскиот брег. Патувањето со железница од Порт Саид до Каиро беше како вртење на листови од позната книга. Меѓу Суецкиот Канал и езерото Мензала се простираше египетското попладне. Дивите пајки пливаа по водата, а тамариските ги нишаа своите фино

изрежани гранки. Селата израснуваа од рамницата која на почетокот беше песочна и покриена со оскудна вегетација. Темни биволи, често впрегнати заедно со камили, ги влечеа плуговите со мрзливите нозе низ пролетната почва. Како што се движевме на запад од Суецкиот Канал, нѐ обвиткуваше египетското зеленило. Кога повторно ги здогледав стројните, високи жени како се нишаат во неопишлив ритам, чекорејќи преку полињата и слободно носејќи ги земјените стомни на главите, ни најопасниот мост ниту најумната книга – не можат да ја надоместат оваа прекрасност која е загубена на Запад, а веќе е загрозена и на Исток – оваа прекрасност која е само израз на магичната хармоничност меѓу човечкото битие Јас и светот што го опкружува...

Овојпат патував со прва класа. Во купето освен мене беа уште двајца патници: Грчки бизнисмен од Александрија, кој со леснотија толку карактеристична за сите Левантинци наскоро ме вовлече во жив разговор со духовити забелешки за сѐ што гледавме, и египетски *умда*, селски старешина, кој, судејќи според скапоцениот свилен *кафтан* и дебелиот златен синџир за часовник што му стрчеше од појасот – очигледно беше богат, но како да се задоволил да остане целосно необразован. Всушност, штом му се придружи на нашиот разговор, веднаш призна дека не знае ни да чита ниту да пишува; сепак, и тој појавуваше остар здрав разум и често му се спротивставуваше на Гркот.

Зборувавме, се сеќавам, за некои општествени принципи во исламот кои во тоа време ги преокупираа моите мисли. Мојот сопатник Грк не се согласуваше целосно со моето восхитување со општествената еднаквост во исламскиот закон.

„Не е тоа толку правично, пријателе, како што мислите“ – и, преминувајќи од француски, во кој бевме впаднале, повторно на арапски поради нашиот сопатник Египќанин, сега му се обрати нему: „Вие велите дека вашата вера е толку правична. Можеш ли тогаш да ми кажеш зошто исламот му допушта на муслиманот да се ожени со христијанка или Еврејка, но не им допушта на вашите ќерки и сестри да се мажат за христијани или Евреи? Дали тоа го нарекуваш правда, а?“

„Секако“, одговори крупниот *умда* без нималку колебање, „а јас ќе ти кажам зошто нашиот верски закон одредил така. Ние муслиманите не веруваме дека Исус – нека му даде Бог мир и нека го благослови – е Божји син, туку го сметаме, како што ги сметаме Мојсеј и Авраам и сите останати библиски пратеници, за вистински Божји пратеник; сите тие му се испратени на човештвото на истиот начин како и последниот пратеник, Мухамед – нека му даде Бог мир и нека го благослови; така, ако Еврејка или христијанка се омажи за муслиман, таа може да биде сигурна дека за ниедна личност која ѝ е света никогаш нема да ѝ се зборува без почитување во нејзиното семејство; од друга страна, ако муслиманката се омажи за немуслиман, сигурно е дека оној кого таа го смета за Божји пратеник нема да го почитуваат... Можеби дури ни нејзините сопствени деца; зарем децата, обично, не ја следат верата на својот татко? Мислиш ли дека би било чесно да ја изложиме на таква болка и понижување?“

Гркот немаше друг одговор на ова освен што збунето ги свитка раменицте; мене ми изгледаше дека овој едноставен, неписмен *умда*, со оној здрав разум толку својствен за неговата раса, ја допре срцевината на толку важното прашање. Уште еднаш, како со оној стар аџија во

Ерусалим, почувствував дека ми се отвора нова врата кон исламот.

*
* *

ВО СОГЛАСНОСТ со моите изменети финансиски способности, бев во состојба да живеам во Каиро, во стил кој пред неколку месеци беше незамислив. Веќе не морав да ги бројам пените. Деновите кога, за време на првиот престој во овој град, морав да живеам на леб, маслинки и млеко, беа заборавени. Во еден поглед ѝ останав верен на „традицијата“ од моето минато; наместо да живеам во еден од модерните квартови на Каиро, изнајмив соби во куќата на мојата стара пријателка, онаа дебела жена од Трст, која ме прими со раширени раце и со мајчински бакнеж во двата образа.

Во третиот ден по моето доаѓање, на зајдисонце, слушнав придушен звук на топ од тврдината. Во истиот миг круг од светлина пламна на највисоките галерии на двете минарија на страните на џамијата на тврдината; сите минарија на сите џамии во градот ја преземаа илуминацијата и ја повторија: на секое минаре сличен венец од светлина. Низ стариот Каиро мина чудна живост; чекорот на луѓето стана побрз и во исто време повесел, полифониската врева на улицата стана погласна; можевте да ја почувствувате и речиси да ја чуете напнатоста која трепери на сите агли.

Сето ова се случуваше затоа што новата полумесечина го најавила новиот месец (бидејќи исламскиот календар е лунарен), а тој месец е *рамазан*, најсвечениот месец во исламската година. Тој потсеќава на времето, пред повеќе од тринаесет века кога, според преданието, Мухамед ја

примил првата објава на Куранот. На муслиманите во овој месец, и на мажите и на жените, освен оние кои се болни, им е забрането да јадат и да пијат (дури и да пушат) од мигот кога првата лента светлина на источниот хоризонт ја најавува зората, до заоѓање на сонцето, триесет дена. За време на овие триесет дена жителите на Каиро се движеа со блескави очи небаре се воздигнати во свети подрачја. Во тие триесет ноќи се слуша топовска стрелба, пеење и извици на радост, додека сите џамии болскаат во светлина до зората.

Дознав дека целта на овој месец на постот е двојна. Се воздржува од јадење од пиење за на сопственото тело да се почувствува што чувствуваат сиромашните и гладните; така се всадува општествената одговорност во човечката свест како религиска претпоставка. Другата цел на постот за време на *рамазан* е самодисциплината – еден вид индивидуална моралност, силно нагласена во сите исламски учења (како, на пример, целосна забрана на сите опојни средства, кои исламот ги сфаќа за премногу лесно бегство од светa и одговорноста). Во овие два елемента – во братството на луѓето и индивидуалната самодисциплина – почнував да ги распознавам контурите на етичкиот поглед на исламот.

Во своите настојувања да добијам поцелосна слика за тоа што исламот навистина значи и претставува, голема полза извлекував од објаснувањата кои можеа да ми ги дадат некои од моите каирски пријатели – муслимани. Посебно истакнат меѓу нив беше шеикот Мустафа ел-Мераги, еден од најзначителните исламски научници во

тоа време, а без сомнение најбрилијантен меѓу *алимите*[42] на Универзитетот Ел-Азхар (неколку години подоцна тој стана ректор). Во тоа време мора да беше во средината на своите четириесетти години, но неговото набиено, мускулесто тело имаше енергичност и живост на дваесетгодишен. Наспроти неговото образование и сериозност, смислата за хумор никогаш не го напуштила. Ученик на големиот египетски реформатор Мухамед Абдух, а со оглед на тоа дека тој во својата младост имал врска со восхитувачкиот факел, Џемал ед-Дин ел-Афгани, шеикот Ел-Мераги и самиот беше длабок и критичен мислител. Никогаш не пропушти да ми нагласи дека на денешните муслимани навистина им недостасуваат идеали во нивната вера и дека ништо не би било толку погрешно како тоа да се мерат потенцијалите на Мухамедовата порака според животот и мислата на денешните муслимани.

„Токму како што", рече тој, „би било погрешно во христијанското однесување на едните кон другите без љубов да се гледа побивањето на Христовата порака за љубов..."

Со ова предупредување, шеикот Ел-Мераги ме внесе во Ел-Азхар.

Од вревата на улицата Муски, најстариот трговски центар на Каиро, стигнавме на малиот, зафрлен пазар, чијашто една страна ја зазема широката, рамна фасада на азхарската џамија. Низ двојната порта и засенетото предворје влеговме до дворот на самата џамија, пространквадрат опкружен со стари аркади. Студенти облечени во

[42] Алим – научник, учен човек. Особено се однесува на верски научници, но исто така често се употребува како ознака и за учените луѓе од другите научни гранки.

долги, темни *џубиња* и со бели турбани седеа на сламените простирки и тивко ги читаа книгите и ракописите. Предавањата беа држани во огромната, покриена џамиска сала зад дворот. Неколку професори седеа, исто така на простирки од слама, под столбовите кои ја делеа салата во долги редови, а во полукруг пред секој професор седеше група студенти. Предавачот никогаш не го креваше гласот, така што очигледно беше потребно големо внимание и концентрација за да не се испушти некој негов збор. Би можело да се помисли дека таквото внимание е корисно за вистински научник, но шеикот Ел-Мераги наскоро ги разби сите мои илузии:

„Ги гледаш ли оние ‚научници' таму?" ме праша тој. „Тие се како оние светите крави во Индија кои, како што ми е кажано, јадат секаква испечатена хартија што ќе ја најдат на улиците... Да, тие ги голтаат сите испечатени страници од книгите кои се напишани пред неколку века, но тие не ги варат. Тие повеќе не мислат со своите глави; тие читаат и повторуваат, читаат и повторуваат, а студентите што ги слушаат научуваат само да читаат и да повторуваат, генерација по генерација."

„Но, шеик Мустафа", навлегов јас, „Ел-Азхар е сепак централно седиште на исламското учење и најстар универзитет во светот! Неговото име се среќава на речиси секоја страница на муслиманската културна историја. Што е со сите оние големи мислители, теолози, историчари, филозофи, математичари кои ги дал тој во текот на последните десет века?"

„Тој престана да ги дава пред неколку века", одговори тој тажно. „Па, можеби не сосема; овде-онде, понекогаш, некој независен мислител некако ќе успее да се појави во Ел-Азхар дури и во денешно време. Но во целост,

Ел-Азхар падна во стерилност од која трпи целиот муслимански свет, а неговиот стар поттик е изгаснат. Оние стари исламски мислители кои ги спомна никогаш не би ни сонувале дека по толку векови нивните мисли, наместо да се продолжуваат и развиваат, само се повторуваат бескрајно, небаре се тоа конечни и непогрешливи вистини. Ако нешто треба да се промени кон подобро, треба да се охрабри *мислењето*, наместо сегашната имитација на мислењето...“

Острата оценка на шеик Ел-Мераги на Ел-Азхар ми помогна да ја сфатам едната од најдлабоките причини за културниот пад кој е видлив насекаде во муслиманскиот свет. Зарем не е сколастичката скаменетост на овој стар универзитет одразена во разните степени, во општествената стерилност на муслиманската сегашност? Зар копијата на оваа интелектуална стагнација не може да се најде во пасивното, речиси рамнодушно прифаќање од страна на многу муслимани на непотребната сиромаштија во која живеат, на немото трпење на многуте социјални неправди на кои се подложени?

И дали е тогаш чудно, се прашував, што на Запад, под впечаток на толку опипливите докази на муслиманскиот пад, преовладуваат толку бројни погрешни погледи на самиот ислам? Овие популарни западни погледи би можеле да се сумираат вака: падот на муслиманите може главно да му се припише на исламот кој, далеку од тоа да биде религиска идеологија споредлива со христијанството или јудаизмот – е повеќе безбожен спој на пустинскиот фанатизам, проста сензуалност, празноверие и нем фатализам кој ги спречува неговите следбеници да учествуваат во напредокот на човештвото кон повисоки општествени облици; наместо да го ослободува човечкиот дух од оковите на назадништвото, исламот уште повеќе ги стегнува;

според тоа, што попрво муслиманските народи ќе се ослободат од својата подложеност на исламските верувања и општествена пракса и ќе се поттикнат на прифаќање на западниот начин на живот, толку подобро за нив и за останатиот свет...

Моето лично набљудување дотогаш ме беше уверило дека просечниот западен човек има крајно искривена слика за исламот. Она што го видов на страниците на Куранот не беше „грубо материјалистичко" гледање на светот туку, напротив, интензивна свест за Бога која се манифестира во рационално прифаќање на целата природа што ја создал Бог; хармонично споредување на интелектуалните и сетилните побуди, на духовните потреби и на општествените барања. Ми беше јасно дека падот на муслиманите не е последица на ниеден недостаток на исламот, туку токму на нивното пропуштање да живеат според него.

Бидејќи, навистина, токму исламот ги водеше првите муслимани до колосалните културни подеми, насочувајќи ја нивната енергија кон свесното мислење како единствено средство за сфаќање на природата на Божјото создавање и, според тоа, на Неговата волја. Од нив не се бара да веруваат во догми кои е тешко или невозможно да се сфатат; всушност, не може да се најде никаква догма во објавата на Пратеникот и, според тоа, жедта за знаење со која се одликувала раната муслиманска историја не морала, како на другите места во светот, да води мрачна борба против традиционалната вера. Напротив, таа се појавила токму од таа вера. Арапскиот Пратеник објавил дека *„трагањето по знаење е најсветла должност за секој муслиман и секоја муслиманка"*, а неговите следбеници сфатиле дека само со стекнување на знаење можат целосно да му служат на Бога. Размислувајќи за изреката

на Пратеникот дека *„Бог не создава ниедна болест, а да не создал и лек за неа“*, тие сфатиле дека со барањето на непознатите лекови ќе придонесат во исполнувањето на Божјата волја на Земјата; така настанало медицинското истражување како света верска должност. Во Куранот го читале ајетот **„И сè што е живо Ние од вода го создадовме“**[43] – а во своето настојување да продрат во значењето на овие зборови тие почнале да ги студираат живите организми и законите на нивниот развој и така ја основале биологијата. Куранот укажал на хармонијата на cosвездијата и нивното движење како сведоци на славата на нивниот Творец, а муслиманите ја преземале астрономијата и математиката со жар кој во другите религии е резервиран само за молитвата. Системот на Коперник, кој ја докажува ротацијата на Земјата околу својата оска и вртењето на планетите околу Сонцето, се развил во Европа на почетокот од шеснаесеттиот век (дочекан со гнев од страна на црковните оци, кои во тоа виделе противречност со буквалното толкување на учењата на Библијата); темелите на овој систем, всушност, биле положени шест века порано во муслиманските земји – бидејќи веќе во деветтиот и десеттиот век муслиманските астрономи дошле до заклучок дека Земјата е тркалезна и дека се врти околу својата оска, направиле точни пресметки на географските широчини и должини, а многу од нив сметале – без никогаш да бидат обвинети за ерес – дека Земјата ротира околу Сонцето. На истиот начин тие ја преземале хемијата, физиката и физиологијата како и сите други науки во кои муслиманскиот генијг го поставил својот најтраен споменик. Во изградбата на тој споменик тие го имале следниот совет од својот Пратеник

[43] Куран, 21:30. (Заб. на прев.)

дека *„на секој што ќе тргне во потрага по знаење Бог ќе му го олесни патот во рајот; дека научниците одат по Божјиот пат; дека надмоќта на учениот над оној што е само побожен е како надмоќта на полната Месечина над сите други ѕвезди; дека мастилото на научниците е поскапоцено од крвта на маченициte“*.

Низ целиот креативен период на муслиманската историја – то ест, за време на првите пет века по времето на Пратеникот – науката и учењето немале поголем бранител од муслиманската цивилизација, ниту посигурен дом од земјите во кои преовладувал исламот.

Општествениот живот исто така бил под влијание на учењето на Куранот. Во времето кога во христијанска Европа епидемијата била сметана за Божји камшик кому човекот треба смирено да му се потчини – во тоа време, и одамна пред тоа, муслиманите ја следеле препораката на својот Пратеник која ги упатувала да се борат против епидемиите со изолирање на заразените градови и подрачја. Во времето кога дури и кралевите и благородниците на христијанството го сметале бањањето за речиси непристоен луксуз, дури и најсиромашната муслиманска куќа имала барем една бања, додека дотераните јавни бањи биле нормална појава во секој муслимански град (на пример, во деветтиот век Кордоба имала тристотини такви), а сето ова е како одговор на учењето на Пратеникот дека *„Чистотата е дел од верата“*. Муслиманот не доаѓал во конфликт со приговорите на духовниот живот, ако уживал во убавите работи на материјалниот живот бидејќи, според учењето на Пратеникот: *„Бог сака да гледа во своите робови доказ за својата дарежливост“*.

Накусо, исламот им дал огромен поттик на културните достигнувања кои претставуваат една од најгорделивите страници на историјата на човештвото; тој го дал овој поттик потврдувајќи го разумот, а негирајќи ја назадноста, потврдувајќи ја акцијата, а одбивајќи ја рамнодушноста, прифаќајќи го животот, а отфрлувајќи го аскетизмот. Не е тогаш никакво чудо што исламот, откако се појавил надвор од границите на Арабија, придобивал нови привржаници со силна брзина. Родени и воспитани во христијанството на Павле и Августин, жителите на Сирија и Северна Африка, а малку подоцна и визиготска Шпанија, се нашле ненадејно соочени со учењето кое ја негира догмата за Првиот грев и го нагласува природното достоинство на земскиот живот; така тие во постојано растечки број пристапувале кон новото верување кое им овозможило да сфатат дека човекот е Божји намесник на Земјата. Ова, а не легендарното „преобраќање со меч", е објаснување за зачудувачкиот триумф на исламот во славното утро на неговата историја.

Не го направиле муслиманите исламот голем; напротив, исламот нив ги направил големи. Но, штом нивната вера станала навика и престанала да биде животна програма која треба свесно да се спроведува, создавачкиот поттик кој лежи во основата на нивната цивилизација исчезнал и постепено им го отстапувал местото на индоленцијата, стерилноста и културниот пад.

*

* *

НОВОТО СОЗНАНИЕ до кое дојдов и напредокот што го правев во арапскиот јазик (суредив еден студент

од Ел-Азхар да ми дава лекции секој ден) го дадоа чувството дека сега конечно имам нешто слично на клуч за муслиманскиот дух. Веќе не бев толку сигурен дека еден Европеец „не може никогаш свесно да добие целосна слика“, како што напишав во својата книга само неколку месеци порано; сега овој муслимански свет не им изгледаше толку целосно туѓ на западните асоцијации. Ми падна на ум дека, ако некој би бил во состојба да постигне определен степен на одвојување од своите сопствени минати навики на мислењето и да ја дозволи можноста дека, можеби, тие не се единствените валидни, некогаш толку чудниот муслимански свет би можел навистина да стане сфатлив...

Иако најдов многу нешта во исламот што беа привлечни за мојот разум како и за моите инстинкти, не сметав за оправдано еден интелигентен човек да го усогласи своето мислење и сиот свој поглед на животот со системот што не го измислил самиот.

„Кажи ми, шеик Мустафа“, го прашав во една пригода својот учен пријател Ел-Мераги, „зошто би морале да се ограничиме на некое одредено учење и на некој одреден систем на прописи? Зар не би било подобро сите етички вдахновенија да му ги препуштиме на нашиот внатрешен глас?“

„Она што ти всушност го прашуваш, млад мој брате, е зошто мора да постои каква и да е институционална религија? Одговорот е едноставен. Само малку луѓе – само пратениците – се навистина во состојба да го сфатат внатрешниот глас кој им зборува. Повеќето од нас сме спречени од своите лични интереси и желби – и кога секој би требало да ги следи само желбите на сопственото срце, би имале целосен морален хаос и никогаш не би можеле да се согласиме за никаков начин на однесување.

Секако, ти би можел да прашаш дали постојат некакви исклучоци од општото правило – просветените луѓе кои чувствуваат дека никој не треба да ги ‚води' во она што тие го сметаат дека е правилно или неправилно; но тогаш, те прашувам, зарем тоа не би го барале многу, многу луѓе, тоа исклучително право за себе? И каков би бил резултатот?"

*

* *

ВЕЌЕ БЕВ ВО Каиро речиси шест недели кога го претрпев новиот напад на маларија, која прв пат ја имав во Палестина претходната година. Тој започна со главоболка, вртоглавица и болки во сите зглобови; при крајот на тој ден лежев на грб, немоќен, без сила ни раката да ја кренам. Мојата станодавка, госпоѓата Вители, трчаше околу мене небаре ужива во мојата беспомошност; но нејзината грижа беше искрена. Ми даде топло млеко и ми стави студени облоги на главата – но кога предложив дека можеби би требало да се повика лекар, таа налутено одврати:

„Лекар – пих! Што знаат тие касапи за маларијата! Јас знам за неа повеќе од секој од нив. Мојот покоен втор маж умре од неа во Албанија. Ние живеевме во Драч неколку години и тој, кутриот, често страдаше од болки посилни од вашите, но постојано имаше доверба во мене..."

Бев премногу слаб за да се расправам и ѝ дозволив да ме колка со силна смеша од силно грчко вино и кинин, не со оние засладени пилули туку со вистинска каша која со својата горчливост ме тресеше речиси повеќе и од самата треска. Но, на некој начин, чудно е да се каже тоа,

имав полна доверба во госпоѓата Вители, наспроти нејзиното злокобно потсеќавање на нејзиниот „покоен втор маж“.

Таа ноќ, додека телото ми гореше во треската, ненадејно слушнав нежна, жива музика од улицата: звук на оргула. Тоа не беа оние обични оргули со мевови што чкрипат и распукнати цевки, туку нешто повеќе што потсетува на кршливи, стари клавикорди кои, бидејќи беа премногу нежни и премногу ограничени во нијансите, во Европа веќе одамна беа исфрлени. И порано сум видел такви клавикорди во Каиро: еден човек носи кутија на грбот, а едно момче го следи вртејќи ја рачката и тоновите паѓаат одделно, куси и чисти, како стрели што ја погодуваат својата цел, како звекот на стакло, со периоди меѓу нив. Бидејќи беа толку неизмешани и толку одвоени еден од друг, овие тонови не му допуштаа на слушателот да ја фати целата мелодија, туку наместо тоа го влечеа, во конвулзии, низ нежните, напнати такти. Тие беа како тајна која се обидувате да ја откриете, но не можете; тие ве мачеа со своето вечно повторување во главата, повторно и повторно низ ноќта, како развиорен круг од кој нема бегање, како кружниот танц на дервишите што сте ги виделе во Скутари – дали беше тоа пред неколку месеци, пред неколку години? – откако минавте низ најгустата шума од чемпреси на светот...

Тоа беше најчудната шума, тие турски гробишта во Скутари, токму од онаа страна на Босфорот од Истанбул: алеи и патеки меѓу безбројните чемпреси, а под нив безбројни исправени и паднати надгробни паметници со излижани арапски натписи. Гробиштата веќе одамна престанале да се користат, неговите мртви се мртви веќе многу долго време. Од нивните тела израснале моќни стебла, високи дваесет до триесет метри, растејќи во

променливото време и во длабоката тишина која во таа горичка беше толку голема што нема место за тага. Никаде не се чувствува толку силно како овде дека мртвите спијат. Тие се мртви од светот кој им дозволил на своите живи да живеат мирно; мртви од човештвото коешто не се брза.

По кусото талкање низ гробиштата, потоа низ тесните, ридести улички на Скутари, наидов на мала џамија која ми се откри со прекрасните орнаментални арабески над вратата. Бидејќи вратата беше полуотворена, влегов и се најдов во мрачната просторија среде која седеа неколку фигури на килимот во круг околу еден мошне стар човек. Сите носеа долги наметки и високи, кафеави, филцани капи без рабови. Стариот *имам* рецитираше исечок од Куранот со монотон глас. Долж едниот ѕид седеа неколку свирачи: тапанари, флејтисти и свирачи на *каманџи*, инструменти слични на виолини со долг врат.

Ми падна на ум дека овој чуден собир мора да биде „ротирачките дервиши" за кои толку многу сум чул; мистичен ред кој има цел, со помош на определени ритмички повторувања и засилувања на движењата, да падне во екстатичен транс за кој се вели дека овозможува постигнување на непосредно и лично доживување на Бога.

Тишината која настапи по рецитирањето на *имамот* беше ненадејно прекината од тенкиот, високо пријатен звук на флејтата и почна монотоното, речиси тажно свирење. Дервишите се кренаа речиси како во едно движење, ги фрлија своите наметки и останаа во нивните бели, лелеави туники кои им допираа до глуждовите, а во појасите беа врзани со шалови со јазол. Потоа секој од нив направи полувртење, така што, стоејќи во круг, во двојки, беа свртени

еден кон друг; тогаш ги скрстија рацете на градите и длабоко се поклонија еден пред друг (морав да помислам на стариот менует и на витезите во извезените палта како се поклонуваат пред своите дами). Следниот миг сите дервиши ги испружија своите раце на страна, со десната дланка свртена удолу, а со левата угоре. Како шепотлива песна, зборот *Хуве* – „Тој“ (то ест, Бог) допре од нивните усни. Со овој тивок глас на усните, секој почна полека да се врти околу себеси, нишајќи се во ритамот на музиката која небаре доаѓаше од голема оддалеченост. Ги зафрлија наназад главите затворајќи ги очите, а нивните лица беа обземени со блага сериозност. Кружното движење стануваше сè побрзо и побрзо; пространите туники се кренаа и формираа широки кругови околу ротирачките фигури, кои личеа на белите вртлози во морето; нивните лица покажуваа голема задлабоченост... Кружењето прерасна во вртложно ротирање, возбудувањето и занесот очигледно растеа во секој од нив. Во безбројното повторување, нивните полуотворени усни ги изговараа зборовите *Хуве... Хуве... Хууве...*; нивните тела се вртеа и вртеа, постојано во круг, а музиката небаре ги вовлекуваше во своите придушени, вртложни, монотони акорди, монотоно растејќи – а вие чувствувате како и вас незапирливо ве вовлекува во растечкиот вртлог, стрмни, спирални вртоглави скали, но непрестајно повисоки, во постојано растечки спирали, кон некој неизмерен, несфатлив крај...

...додека големата, пријателска рака на госпоѓата Вители допрена врз челото не го смири виорењето, не ја стивна и не ја прекина вртоглавата магија и не ве врати од Скутари во свежината на собата во Каиро, поплочена со камен...

Сепак госпоѓата Вители имаше право. Нејзиното лекување ми помогна да го совладам нападот на маларија,

ако не порано, тогаш барем исто толку брзо како што би направил кој било професионален лекар. За два дена речиси се ослободив од треската, а во третиот ден можев креветот да го заменам со удобен стол. Сепак бев премногу исцрпен за да можам да излезам, а времето бавно минуваше. Еднаш или два пати мојот учител-студент од Ел-Азхар ме посети и ми донесе неколку книги.

Моето неодамнешно, од треската предизвикано сеќавање на ротирачките дервиши од Скутари ме возбудуваше. Тоа ненадејно доби загадочно значење кое не беше очигледно кај оригиналното искуство. Езотеричниот ритуал на овој религиски ред – еден од многуте кои сум ги сретнал во муслиманските земји – не изгледаше дека се вклопува во сликата на исламот која полека се обликуваше во мојот дух. Побарав од мојот пријател од Ел-Азхар да ми донесе неколку ориентални дела за тој предмет; преку нив се потврди моето инстинктивно сомнение дека езотеризмот на овој вид се вовлекол во муслиманскиот свет од неисламски извори. Шпекулацијата на суфиите, како се нарекуваат овие муслимански мистици, откриваа гностичко, индиско, а понекогаш дури и христијанско влијание кои ги внеле аскетските концепции и обичаи целосно туѓи за пораката на арапскиот Пратеник. Во неговата порака *разумот* е нагласен како единствен вистински пат кон верата. Додека валидноста на мистичкото искуство не е целосно исклучена од овој приод, исламот е примарно интелектуален, а не емоционален потфат. Иако, сосема природно, тој произвел силна емоционална приврзаност кај своите следбеници, Мухамедовото учење не ѝ придавало на емоцијата независна улога во религиските *сфаќања*, бидејќи емоциите, колку и да се длабоки,

се многу повеќе подложни на влијанието на субјективните желби и стравувања отколку што може да биде разумот, наспроти својата погрешливост.

*
* *

„ТАКА, МЕНСУРЕ, ИСЛАМОТ по малку ми се откриваше: блескот овде, блескот онде, преку разговор, книга или набљудување – полека, речиси да не бидам свесен за тоа...“

– 2 –

КОГА ЗАЛОГОРИВМЕ за да преноќиме, Зејд почна да пече леб. Тој го меси тестото од грубо пченично брашно, со вода и сол, и го обликува во сплескано, тркалезно лепче со дебелина од околу три сантиметри. Потоа прави дупка во песокот, ја полни со суви гранки и ги потпалува; кога пламенот, по ненадејното избивање, ќе стивне, тој го става лепчето на жарот, го покрива со врела пепел и пали нов куп гранки над него. По некое време тој го вади лебот, го превртува, го покрива како и претходно и пали нов оган над него. По уште половина час лебот се вади од пепелта и се чука со стап за да се оттргне преостанатиот пепел и песок. Го јадеме со прочистен путер и урми. Нема повкусен леб од овој.

Менсуровиот, како и Зејдовиот и мојот глад се смирени, но неговата љубопитност не е задоволена. Додека лежиме околу огнот, тој и понатаму ме засипува со прашања за тоа како конечно сум станал муслиман – и доде-

ка се обидував да му го објаснам тоа, ми падна на ум, покрај нешто слично на чудење, дека е тешко со зборови да се опише мојот долг пат до исламот.

„Затоа што, Менсуре, исламот ми дојде како арамија кој влегува ноќта во куќата, тајно, без врева и бучава; само што, за разлика од арамијата, тој влезе со цел да остане засекогаш. Сепак ми беа потребни години за да откријам дека треба да бидам муслиман...“

Мислејќи сега за оние денови на моето второ патување на Блискиот Исток – кога исламот сосема сериозно почна да го преокупира мојот дух – ми изгледа дека дури и тогаш сум бил свесен дека тоа е патување на откритие. Секој ден доаѓаа нови впечатоци; секој ден во мене се јавуваа нови прашања и нови одговори. Тие го разбудија ехото на нешто што било сокриено некаде во заднината на мојот дух, и како што напредував во своето запознавање на исламот, чувствував, секогаш одново, дека некоја вистина која отсекогаш сум ја знаел без да бидам свесен за неа, постепено се открива и се утврдува.

На почетокот од летото 1924 тргнав од Каиро на долго патување кое траеше речиси две години. Целото тоа време полека се движев низ земјите стари според мудроста на својата традиција, но вечно свежи според дејството на мојот дух. Патував без брзање, со долги запирања. Повторно ја посетив Трансјорданија и минав неколку дена со емирот Абдулах уживајќи во топлата крепкост на таа бедуинска земја која сè уште не беше присилена да го приспособува својот карактер кон западните влијанија. Бидејќи овојпат француската виза ми ја обезбеди *Frankfurter Zeitung*, морав повторно да ја видам Сирија. Дамаск дојде и замина. Левантинската живост на Бејрут ме прегрна кусо време за наскоро да биде заборавена во оддалечената

сонливост на сирискиот Триполи со неговиот изглед на тивка среќа. Малите, старомодни бротчиња се нишаа на своите сидришта во отвореното пристаниште, а нивните латински јарболи тивко чкрипеа. На ниските столчиња пред кафеаната на кејот седеа граѓаните на Триполи, уживајќи во филџан кафе и наргили на попладневното сонце. Насекаде мир и задоволство и очигледно доволно за јадење; дури и питачите се чинеше дека уживаат на топлото сонце небаре велат: „О, како е добро да се биде питач во Триполи!“

Дојдов во Халеп. Неговите улици и згради ме потсетија на Ерусалим и старите камени куќи небаре израснале од почвата, мрачни, засводени премини тивки пазари и дворови, изрезбани прозорци. Меѓутоа, внатрешниот живот на Халеп беше целосно поинаков од оној во Ерусалим. Доминантното расположение на Ерусалим беше необичната паралелност на спротивставените национални струи, како болен, комплициран грч; непосредно покрај светот на размислување и длабоко религиско возбудување растеше, како отровен облак, некаква речиси мистична омраза ширум луѓето и нештата. Но Халеп – иако спој од арапско и левантинско – со навестувањето на блиска Турција – беше хармоничен и ведар. Куќите со камени фасади и дрвени балкони беа живи дури и во својата тишина. Мирната трудељубивост на занаетчиите на стариот пазар; дворови на многу каравансараи со нивните аркади и логии полни со стока; штедливост заедно со веселата лакомост, и двете слободни од зависта; отсуство на секакво брзање, спокојство кое го опфаќа туѓинецот и предизвикува кај него желба неговиот сопствен живот да биде вкоренет во спокојство: сето ова течеше заедно во силна, привлечна мелодија.

Од Халеп заминав со кола за Дајр ез-Зор, гратче на крајниот север на Сирија, откаде имав намера да продолжам за Багдад по стариот каравански пат паралелен со Еуфрат; токму на тоа патување првпат го сретнав Зејд.

За разлика од патот Дамаск-Багдад, по кој возилата поминуваа веќе неколку години, патот долж Еуфрат беше малку познат; всушност, само едно возило патувало по него неколку месеци пред мене. Мојот возач, Ерменец, ни самиот никогаш не отишол подалеку од Дајр ез-Зор, но тој беше уверен дека може некако да го најде патот. Сепак, тој чувствуваше потреба за поточни информации; така заедно отидовме на пазарот во потрага по нив.

Пазарската улица одеше по целата должина на Дајр ез-Зор, кој беше некаква крстосница меѓу сириски провинциски град и бедуинска метропола, со акцент на оваа втората. Тука се среќаваа два света со чудна блискост. Во една продавница се продаваа модерни, лошо испечатени разгледници, а непосредно покрај неа неколку бедуини зборуваа за паѓањето на дождот во пустината и за неодамнешните непријателства меѓу сириското племе Бишр-Аназа и Шамарите од Ирак; едниот од нив го спомна смелото навлегување што, во Јужен Ирак, пред кусо време го извршил бедуинскиот главатар од Нецд, Фејсал ед-Давиш; често го споменуваше името на големиот човек од Арабија, ибн Сауд. Старите пушки-набивачи со долги цевки и кундаци украсени со сребро – пушки кои повеќе никој не ги купуваше затоа што модерните беа многу поефикасни – мечтателно и прашливо живуркаа меѓу половните униформи од три континенти, седла за камили од Нецд, *Goodyear* гуми за автомобилите, фенери од Лајпциг и кафеави бедуински наметки од Ел-Џаф. Меѓутоа, западната стока не изгледаше како натрапник меѓу старата; нејзината полезност му го дала своето природно

место. Со својата широка смисла за стварност бедуините, изгледа, лесно ги прифаќаат сите овие нови нешта, кои уште вчера беа надвор од нивниот видокруг, и ги прават свои не предавајќи ги своите стари. Оваа внатрешна стабилност, размислував, мора да им дава сила да го поднесат налетот на новото време и, можеби, да не му подлегнат – бидејќи тоа сега му се приближува на овој народ кој неодамна бил толку повлечен и толку скриен; но тоа во никој случај не било непријателско чукање на нивната врата; тие ги примиле сите тие новини со невина љубопитност и, така кажано, ги опипуваа од сите страни, размислувајќи за нивната можна полезност. Колку малку сум сфатил тогаш што можат западните „новости“ да им направат на едноставните неписмени бедуини...

Додека мојот возач Ерменец се распрашуваше кај групата бедуини, почувствував дека некој ме повлече за ракавот. Се свртев. Пред мене стоеше сериозен, убав триесетгодишен Арап.

„Ако дозволиш, *ефенди*“, рече тој со тивок, зарипнат глас. „Слушам дека одиш со кола за Багдад и дека не го познаваш патот. Дозволи ми да дојдам со тебе; можам да бидам од помош.“

Човекот веднаш ми се допадна и го прашав кој е тој.

„Јас сум Зејд ибн Гханим“, ми одговори тој, „служам како *агајл*[44] во Ирак“.

Дури сега ја забележав сиво-жолтата боја на неговиот *кафтан* и седмокраката ѕвезда, амблем на ирачката

[44] Агајл – доброволни, нередовни трупи регрутирани од Централна Арабија за служба во Ирак, Сирија и Јордан.

пустинска полиција, на неговиот црн *игал*. Овој вид трупи, меѓу Арапите наречени *агајл*, постоел уште во турско време: корпуси на доброволци, регрутирани речиси исклучиво од централна Арабија – луѓе на кои пустината им е дом, а камилата пријател. Нивната авантуристичка крв ги повлекла од нивната скржава татковина во светот во кој има повеќе пари, повеќе движење, повеќе промени меѓу денес и утре.

Зејд ми рече дека дошол во Дајр ез-Зор со еден од своите офицери во врска со контролата на сириско-ирачката граница. Додека офицерот веќе се вратил во Ирак, Зејд останал да се погрижи за некои приватни работи; сега повеќе сака да се врати со мене отколку да тргне по повообичаен пат и позаобиколен пат преку Дамаск. Искрено призна дека никогаш не патувал долж Еуфрат, но, исто како и јас, знаеше дека поради неговите многубројни копци и свиоци не можеме секогаш да се потпреме на реката да нѐ води – „но“, додаде тој, „пустината е пустина, сонцето и ѕвездите се исти и ние, *иншаллах*[45], ќе го најдеме патот“. Ми се допадна неговата сериозна самодоверба и со радост се согласив да тргне со мене.

Следното утро го напуштивме Дајр ез-Зор. Големата пустина Хамада се простираше под тркалата на нашиот „Форд“ модел Т: бескрајната рамнина со чакал, некогаш мазна и рамна како асфалт, а некогаш брановидна од хоризонт до хоризонт. Понекогаш Еуфрат се појавуваше од нашата лева страна, каллив, тивок, со ниски брегови; би помислиле: тивко езеро, додека вашиот поглед не го привлече парче дрво или кајче во брзо движење и додека не ја откриете моќната струја. Тоа беше широка, кралска

[45] Иншаллах – ако даде Бог

река, не даваше звук, не беше палава, не јуреше, не плескаше. Се движеше, се лизгаше распространета лента, незапирлива, бирајќи го својот независен пат во безбројните свиоци низ незабележливиот наклон на пустината, еднаква во еднаквата, горделива во горделивата, бидејќи пустината беше исто така распространета и моќна и тивка како и реката.

Нашиот нов сопатник, Зејд, седеше покрај возачот со колениците повлечени угоре и со едната нога која висеше преку вратата; на неговите нозе болскаа новите чизми од црвена мароканска кожа кои ги купил претходниот ден на пазарот во Дајр ез-Зор.

Понекогаш ќе сретневме јавачи на камили кои се појавуваа од никаде среде пустината, застануваа за миг, зјапаа во автомобилот, а потоа повторно ги гонеа своите животни и исчезнуваа. Очигледно беа овчари; сонцето ги подгорило нивните лица кои се темно бронзени. Куси одмори во осамените, разурнати каравансараи се заменуваа со бескрајните пространства на пустината. Еуфрат исчезна од хоризонтот. Песокот шибан од остриот ветер, пространите рамнини со чакал, овде-онде по некое перче трева и трновити грмушки. Од нашата десна страна ненадејно израсна синџир од ниски брекчиња, голи и испукани, распаѓајќи се под острото сонце, и го прекина бескрајот на пустината. „Што би *можело* да има зад тесната нишка на брекчиња?“ се прашуваме во чудење. Иако знаевме дека истата рамна или ридеста пустина лежи зад нив, истиот песок и истиот тврд чакал му ја нуди својата девствена крутост на сонцето, здивот на необјаснивата тајна беше во воздухот „Што би *можело* да има таму?“ Атмосферата беше без одговор или ехо, трепетливата тишина на попладнето знаеше само за брмчењето на нашиот мотор и за шумот на гумите преку чакалот.

Дали крајот на светот паднал таму во исконската бездна? Затоа што не знаев, непознатото беше таму, а затоа што можеби никогаш нема да знам, тоа беше неразбирливо непознато.

Попладнето нашиот возач откри дека во последниот каравансарај заборавил да земе вода за моторот. Реката беше далеку; немаше бунар на многу милји наоколу; насекаде околу нас, до брановитиот хоризонт, се простираше усвитената, како креда бела рамнина. Мекиот, топол ветер дуваше над неа, доаѓајќи од никаде и заминувајќи никаде, без почеток и крај, придушен шум од самата вечност.

Возачот, рамнодушен како и сите Левантинци (особина што ја ценев кај нив – но не токму тогаш), рече: „Ах, дури и вака ќе стигнеме до следниот каравансарај".

Но, изгледаше дека не можеме да стигнеме „дури и вака". Сонцето печеше, а водата во моторот вриеше како во чајник. Повторно ги сретнавме овчарите. Вода? Не, не на петнаесет милји одење со камила.

„А што пиете *вие*?" запраша во очајание Ерменецот.

Тие се насмеаја. „Пиеме млеко од камила." Мора во себе да им се чудеа на овие смешни луѓе во брзо подвижните ѓаволски возила, кои прашуваат за вода – кога секое бедуинско дете можело да им каже дека во тоа подрачје нема вода.

Непријатни изгледи: да се остане овде во пустината со неисправен мотор, без вода и храна и да се чека додека не наиде друго возило – можеби утре или задутре – или можеби следниот месец...

Наскоро возачот ја загуби својата весела безгрижност. Тој ја запре колата и го крена капакот од ладилникот; бел густ млаз пареа испиште во воздухот. Јас имав

малку вода во мојот термос и ја жртвував за доброто на моторот. Ерменецот додаде малку масло и храбриот „Форд“ нѐ возеше некое време.

„Мислам дека би можеле да најдеме вода таму десно“, рече оптимистот. „Оние ридови изгледаат толку зелено – изгледа дека таму има свежа трева, а таму каде што расте трева во ова време на годината, кога нема дожд, мора да има вода. Ако таму има вода, зошто да не одиме по неа?“

Во логиката секогаш има нешто незапирливо; имаше дури и овде, иако логиката на Ерменецот како да одеше на патерици. Го напуштивме патот и штракавме неколку милји кон ридовите: нема вода... Падините не беа покриени со трева, туку со зеленикави карпи.

Се слушаше пиштењето на моторот, клиповите удираа зарипнато, чадот под капакот на моторот избиваше брзо во сиви облаци. Уште само неколку минути и нешто ќе пукне: кршење на коленестото вратило или слична дребулија. Но сега веќе бевме далеку од караванскит пат; ако нешто се случи сега, ќе останеме беспомошни во оваа пустелија. Речиси целата наша резерва од вода отиде во ладилникот. Ерменецот стана хистеричен; тој „бараше вода“, возеше лево, потоа десно, изведувајќи свиоци како на циркуска арена, но водата упорно одбиваше да се појави. Шишето коњак кое со воздишка го отстапив не му помогна многу на врелиот ладилник, освен што нѐ обвитка со облак од алкохолна пареа од која Зејд (кој, секако, никогаш не пиел) за малку не поврати.

Овој последен експеримент го повлече од вкочанетата летаргија во која одамна беше западнал. Со налутено движење ја навлече својата *куфија* пониско преку очите,

се наведна преку врелиот раб на колата и почна да ја разгледува пустата рамнина – гледајќи со онаа прецизна, внимателна концентрација толку својствена за луѓето кои многу живеат, главно, во природа и кои се навикнати да се потпираат на своите сетила. Чекавме загрижено, без многу надеж – бидејќи, како што порано ни рече, тој никогаш претходно не бил во овој дел од земјата. Но тој покажа со раката кон север и рече:

„Таму".

Зборот падна како наредба; возачот, среќен дека постои некој што ќе го ослободи од одговорноста, веднаш се покори. Тргнавме кон север, со моторот што тешко бревташе. Но ненадејно Зејд малку се поткрена, ја стави раката на рамето на возачот и му рече да запре. Седеше некое време со главата свиткана нанапред, како пес што душка; околу неговите стиснати усни лебдеше мала, одвај забележлива напнатост.

„Не – вози таму!" извика тој и покажа кон североисток. „Брзо!" Возачот повторно се покори без збор. По неколку минути, „Застани!" и Зејд лесно скокна од автомобилот, ја собра својата долга наметка со двете раце и потрча право нанапред, застана, се сврте неколку пати небаре испитува или внимателно наслушнува – долго време го заборавив моторот и нашата неволја, толку бев занесен од изгледот на човекот кој ги напрегнуваше сите свои нерви за да се ориентира во природата... И ненадејно тој истрча со долги отскокнувања и исчезна во длабочината меѓу двете брекчиња. Наскоро потоа се појави неговата глава и тој замавна со раката:

„Вода!"

Дотрчавме до него – и таа беше таму: во празнината заштитена од сонцето од каменот што висеше над неа

болскаше мала локва со вода, остаток на задните зимски дождови, жолто-кафеава, каллива, но сепак вода, вода! Некој необјаснив пустински инстинкт му го откри нејзиното присуство на човекот од Нецд...

Додека Ерменецот и јас ја црпевме во празните бензински лименки и ја носевме до страшно злоупотребениот мотор, Зејд, тивкиот херој, со насмевка се шеташе горе-долу покрај автомобилот.

*

* *

НА ПЛАДНЕТО на третиот ден стигнавме до првото ирачко село – Ана на Еуфрат – и јававме со часови меѓу неговите палмови овоштарници и земјени ѕидови. Таму имаше многу *агајли*, повеќето од нив, како што ни рече Зејд, од неговото племе. Во сенката на палмите тие се шетаа меѓу мазните коњи на кои блескаше зеленикава светлина: кралеви полни со грациозност и добродушност. На некои од нив Зејд им мавна со главата, а неговата долга, црна коса се затресе на двете страни од неговото лице. Наспроти својот тежок живот во пустината и жестоката топлина, тој беше толку чувствителен што за време на нашето брзо минување низ селските улици ја обви наметката околу устата за да се заштити од правот – правот кој не ни пречеше дури ни нам, на разгалените граѓани. Кога повторно наидовме на чакал и повеќе немаше прав, тој ја тргна својата *куфија* со движење со речиси девојчинска грациозност; тој ненадејно ја отвори устата и запеа, со ненадејност на планински бедем што стрмно избива во рамнината. Тоа беше *касида* од Нецд, некој вид ода – нишање на развлечени мелодии во непроменлив

ритам, што тече, како пустински ветер, од никаде кон никаде.

Во следното село тој побара од возачот да запре, скокна од автомобилот, ми се заблагодари за возењето, ја префрли својата пушка преку рамениците и исчезна меѓу палмите; во автомобилот остана мирисот што нема име – мирис на добрина целосно заокружена во самата себеси, треперливо сеќавање на одамна заборавената, незаборавна невиност на духот.

Тој ден во Ана мислев дека никогаш веќе нема да го видам Зејд; но се случи поинаку...

*

* *

СЛЕДНИОТ ДЕН стигнав во Хит, гратче на Еуфрат, на местото каде што стариот каравански пат од Дамаск за Багдад избива од пустината. Како круна на врвот од ридот со своите ѕидови и бастиони, градот личеше на стара, полузаборавена тврдина. Никаков живот не беше видлив ни во него ни околу него. Надворешните куќи небаре враснале во ѕидовите; на нив немаше прозорци, само неколку тесни отвори, како пушкарници. Минаре-то се креваше од внатрешноста на градот.

Застанав за да преноќам во еден каравансарај близу речниот брег. Додека за возачот и за мене подготвуваа вечера, отидов во дворот на бунарот да ги измијам раце-те и лицето. Додека клечев, некој го зеде ибрикот со вода кој го бев ставил на земјата и внимателно истури вода преку моите раце. Погледнав угоре и пред себе видов силно ковчест, мургав човек со крзнена капа на главата; без барање, ми помогна околу миењето. Очигледно не беше Арап. Кога го прашав кој е, тој одговори на лош

арапски јазик: „Јас сум Татар, од Азербејџан.“ Имаше топли очи, а неговата, некогаш војничка, наметка беше речиси искината.

Започнав разговор со него, малку на арапски, а малку на персиски од кој по нешто научив од еден ирански студент во Каиро. Се покажа дека името на Татарот е Ибрахим. Поголемиот дел од својот живот – сега имаше околу четириесет години – го минал на иранските патишта; со години возел товарни возила од Тибриз за Техеран, од Мешхед за Бирџанд, од Техеран за Исфахан и Шираз, а едно време имал и свои сопствени коњи; служел како коњаник во иранската жандармерија, како личен телохранител на туркменскиот главатар и како коњушар во каравансарајот во Исфахан; сега, доаѓајќи во Ирак како терач на мазги во караванот на иранските аџии кон Кербела, ја беше загубил работата по расправијата со водачот на караванот и беше беспомошен во туѓа земја.

Подоцна таа ноќ легнав да спијам на дрвената клупа во дворот на каравансарајот украсен со палми. Задушлива топлина и облаци од комарци, тешки и дебели од шмукањето на човечка крв. Неколку светилки ја фрлаа својата тажна, бледа светлина во темнината. Некои коњи, кои веројатно му припаѓаа на газдата, беа приврзани за еден од ѕидовите. Ибрахим, Татарот, четкаше еден од нив; според начинот на кој го правеше тоа можеше да се види дека тој не само што ги познава коњите туку и ги сака; неговите прсти ја милуваа бушавата грива како што љубовникот ја милува својата сакана.

Ненадејно ми дојде една мисла. Бев на пат за Иран и долги месеци на патување на коњ беа пред мене. Зошто да не го земам овој човек со себе? Изгледаше добар и мирен, а мене без сомнение ќе ми треба некој како него, кој

го познава речиси секој друм во Иран и кој во секој каравансарај е како дома.

Кога следното утро му предложив да го земам како свој слуга, тој речиси заплака од благодарност и ми рече на персиски:

„*Хазрет*, никогаш нема да зажалите за тоа...“

*

* *

БЕШЕ ПЛАДНЕ од петтиот ден од патувањето со автомобил од Халеп кога првпат ја здогледав пространата оаза на Багдад. Меѓу круните на безбројните палми блескаше позлатената купола на џамијата и високото минаре. На двете страни од патот лежеа пространите, прастари гробишта со разурнати надгробни споменици, сиви, голи и напуштени. Фината, сина прав лежеше неподвижно над нив, а во суровата пладневна светлина ова прашливо сивило беше како со сребро извезен магловит превез – нејасна граница меѓу мртвиот свет на минатото и живата сегашност. Така треба да биде секогаш, помислив во себе, кога се приближувате кон градот чиешто минато е толку целосно поинакво од неговата сегашност што умот не може да ја забележи разликата...

Тогаш се нурнавме среде палмите – километри и километри со големи стебла и свиткана папрат – додека ненадејно палмовите горички исчезнаа на брегот од Тигар. Оваа река не беше како Еуфрат: калливо-зелена, тешка и гргорлива – како егзотичен туѓинец по тивкиот кралски тек на онаа другата река. Кога преминавме преку понтонскиот мост, нè поклопи огнената топлина на Персискиот Залив.

Ништо не останало во Багдад од неговата големина и сјај. Монголската инвазија во средниот век го разурнала градот толку темелно што не останало ништо што би нѐ потсетило на старата престолнина на Харун ер-Рашид. Она што останало беше мрачниот град од случајно изградени станови од цигли – привремен распоред, речиси би се рекло, во очекување на можна промена. Навистина, таквата промена веќе беше во тек во форма на нова политичка стварност. Градот почнал да се раздвижува, се појавуваа нови згради; од успаниот турски провинциски центар полека испливуваше арапска метропола.

Бескрајната топлина го втиснала својот знак на секоја појава и ги направила сите движења троми. Луѓето полека одеа по улиците. Изгледаше дека крвта им е тешка, без ведрина и грациозност. Лицата им изгледаа мрачни и непријателски под црно-белите карирани покривки за главата; кога и да видевте убаво арапско лице со израз на горделивост, самозадоволно достоинство, речиси без исклучок над него имаше црвена или црвено-бела *куфија* – што значеше дека тој човек не е оттаму, туку од север, од сириската пустина или од централна Арабија.

Сепак големата сила беше очигледна кај овие луѓе; сила на омраза – омраза кон туѓата власт која им ја скратува слободата. Народот на Багдад отсекогаш бил опседнат од копнежот по слобода како од демон. Можеби токму демонот е тој што толку мрачно им ги засенуваше лицата. Можеби овие лица имале целосно поинаков изглед кога ги среќавале своите блиски во тесните сокаци и во дворовите оградени со ѕидови во градот. Бидејќи, ако ги погледнете малку поблиску, тие не се без никаков шарм. Се насмевнуваа понекогаш како што прават и другите Арапи. Тие понекогаш, како и другите Арапи, ги влечеа

скутовите од своите наметки со аристократска небрежност по правта зад себе, небаре шетаат по поплочените подови на мраморните палати. Нивните жени шетаа по улиците во живописно обоени брокатни наметки; прекрасни жени, прекриени во црно-црвено, сино-сребрено и темноцрвено – групи од фигури во брокат што минуваат со бесшумен чекор...

*

* *

НЕКОЛКУ НЕДЕЛИ по моето доаѓање во Багдад, додека талкав низ Големиот пазар, одекна вресок од еден самрачен, покриен премин. Од зад аголот дотрча еден човек; потоа втор, па трет. Луѓето во пазарот почнаа да трчаат како да се зафатени со страв за кој ја знаат причината, но јас не ја знаев. Тропот на коњски копита; јавач со престрашено лице догалопира во толпата која пред него се раздели. Уште многу луѓе трчаа, сите доаѓајќи од истата насока и повлекувајќи ги со себе купувачите во пазарот. Туркајќи се и судрувајќи, целата толпа почна да притиска нанапред. Трговците во бесна забрзаност ги стават дрвените капаци на своите дуќани. Никој ништо не зборуваше. Никој никого не повикуваше. Само овде-онде можеа да се слушнат криците на луѓе што паѓаа; некое дете плачеше трогателно...

Што се случило? Никаков одговор. Насекаде само бледи лица. Едно тешко товарно возило, сè уште наполу натоварено со стока, без кочијаш, прогалопира низ тесната улица. Некаде во далечина се урна куп земјени садови и јасно можев да го слушнам нивното тркалање по земјата. Освен овие изолирани звуци и тупот и збивтање на

луѓето, владееше длабока, напната тишина, каква што понекогаш настанува на почетокот на некој земјотрес. Само тупот на нозе што трчаат; понекогаш врескот на жена или дете избива од масата што се турка и тече. Повторно некои јавачи. Паника, бегство и тишина. Лудата збрка на крстосниците на затрупаните улици.

Фатен во толпата на едната од овие крстосници, не можев ни напред ни назад, а всушност не ни знаев каде да одам. Во тој миг почувствував дека некој ме зграпчува за раката; тоа беше Зејд кој ме влечеше кон себе зад пречката од буриња меѓу два дуќани.

„Не мрдај“, прошепоти тој.

Нешто зафуче покрај мене – куршум од пушка? Невозможно...

Оддалеку, некаде длабоко во пазарот, дојдоа придушени крици на многу гласови. Повторно нешто зафуче, но овојпат немаше простор за сомнение: тоа *беше* куршум... Во далечината слаб, sвекотлив глас, небаре некој сипува сув грашок по тврдиот под. Постепено се приближуваше и го зајакнуваше тоа правилно, повторено sвекотење; тогаш ги препознав: митралези...

Уште еднаш, како и толку пати порано, Багдад се побуни. Претходниот ден, дваесет и деветти мај 1924 година, ирачкиот парламент, целосно против волјата на народот, ратификуваше договор за пријателство со Велика Британија; нацијата сега во очајание се обиде да се брани против пријателството на големата европска сила...

Како што подоцна дознав, британските трупи ги беа блокирале сите влезови во пазарот за да ги задушат демонстрациите и многу луѓе беа убиени на тој ден од безобsирното вкрстено пукање на пазарот. Да не беше Зејд, веројатно ќе влетав право во митралески оган.

Тоа беше вистинскиот почеток на нашето пријателство. Зејдовата истакната, молчалива машкост многу ми се допадна; нему очигледно му се допадна младиот Европеец кој имаше толку малку предрасуди кон Арапите и нивниот начин на живеење. Ми ја прераскажа едноставната приказна за својот живот; исто како и неговиот татко пред него, израснал во служба на владетелите на Хаил, шамарската династија на ибн Рашид; и дека, кога во 1921 ибн Сауд го освоил Хаил и кога последниот емир на семејството на ибн Рашид станал заробеник на ибн Сауд, многумина мажи од племето Шамар, и Зејд меѓу нив, ги напуштиле своите домови, одбирајќи ја несигурната иднина пред потчинетоста кон новиот владетел. Сега беше тука, носејќи седмокрака ирачка ѕвезда и *игал*, копнеејќи по земјата на својата младост.

За неколку седмици од мојот престој во Ирак добро се запознавме и останавме во контакт во годините кои настапуваа. Понекогаш му пишував, а еднаш или двапати годишно ќе му испратев некој мал подарок снабден на некој ирански или авганистански пазар; секогаш тој ќе одговореше со својот несмасен, речиси нечитлив ракопис, сеќавајќи се на деновите кои ги минавме заедно јавајќи долж брегот на Еуфрат или посетувајќи ги крилестите лавови во урнатините на Вавилон. Конечно, кога во 1927 дојдов во Арабија, го замолив да ми се придружи, што тој го стори следната година. Оттогаш беше мој придружник, повеќе другар отколку слуга.

*

* *

НА ПОЧЕТОКОТ ОД ДВАЕСЕТИТЕ ГОДИНИ автомобилите сè уште беа ретки во Иран и само неколку возила служеа за изнајмување меѓу главните центри. Ако сакавте да скршнете од оние две-три главни патишта, моравте да се потпрете на запрежните возила; дури и тие не можеа да одат насекаде, бидејќи постоеја многу делови од Иран каде што воопшто немаше патишта. За мене, желен да сретнам луѓе од таа земја во нивните изворни животни услови, патувањето на коњ беше единствено можно. Така, во текот на моите последни седмици во Багдад, со помош на Ибрахим, секое утро го посетував пазарот за коњи надвор од градот. По повеќедневното ценкање, снабдив коњ за себе и мазга за Ибрахим. Мојот јавачки коњ беше прекрасен кафеав пастув од јужноиранска раса, додека мазгата – живо, тврдоглаво животно со мускули како челични јажиња под сивата кадифеста кожа – очигледно потекнуваше од Турција; покрај својот јавач, можеше лесно да носи и големи дисаги во кои ги носев сите свои лични потребни работи.

Јавајќи го мојот коњ и водејќи ја мазгата за уздите, Ибрахим тргна едно утро кон Каникин, задниот ирачки град на иранската граница и крајната станица на огранокот на багдадската железница; јас тргнав два дена подоцна со воз, за да се сретнам со него.

Го оставивме Каникин и арапскиот свет зад себе. Пред нас стоеја жолтите ридови, како стражари наспроти повисоките планини; планините на иранската висорамнина, нов свет кој чека. Граничната караула беше осамена мала зграда и на неа знаме, зелено-бело-црвено со симбол на лав со меч и сонце што изгрева. Неколку

царински службеници во безбојни униформи и бели влечки на нозете, со црни коси и бела кожа, го прегледаа мојот скуден багаж со нешто слично на пријателско потсмевање. Едниот од нив ми се обрати:

„Сè е во ред, *џанаби-али*. Вашата милозливост е над нашите пустини. Дали би нè почестиле со љубезност и да испиете чаша чај со нас?“

Додека сè уште ѝ се чудев на необичната, старомодна учтивост на овие фрази, ми падна на ум дека персискиот јазик, наспроти многуте арапски зборови, е поинаков од арапскиот. Во него имаше мелодиозна, култивирана сласт, а меката, отворена интонација на неговите вокали звучеше чудно „западно“ по изразито консонантниот јазик на Арапите.

Ние не бевме единствените патници; неколку тешки возила прекриени со шаторско платно, во кои беа впрегнати по четири коњи, стоеја пред царинарницата, а караванот од мазги беше се залогорил во близината. Луѓето ја готвеа храната на отворен логорски оган. Изгледа дека напуштиле секаква помисла да одат напред, иако беше рано попладне па и ние, не се сеќавам зошто, одлучивме да го сториме истото. Ја минавме ноќта надвор спиејќи на земја врз нашите ќебиња.

Во раните мугри сите возила и каравани почнаа да се движат кон голите ридови; ние јававме со нив. Бидејќи патот постојано се искачуваше, наскоро ги претекнавме бавните возила и јававме сами, сè подлабоко и подлабоко во ридестата земја на Курдите, земја на високите, русокоси овчари.

Првиот од нив го видов кога, на свиокот од улицата, излезе од колибата направена од гранки и, без зборови,

ни понуди дрвен бокал преполн со биено млеко. Тоа беше момче од седумнаесет години, босо, искинато, неизмиено, со остатоци од филцената капа врз разбушавената глава. Додека го пиев реткото, благо посолено и прекрасно свежо млеко, преку работ на бокалот ги видов сините очи кои зјапаа во мене. Во нив имаше малку од кревката, влажно-слатка магливост што лебдее над штотуку родените животни – исконска дремливост, сè уште непрекината...

Попладнето стигнавме до едно курдско село формирано од шатори што лежеа мирно меѓу ридестите падини. Шаторите личеа на оние кај бедуинските полуномади во Сирија и Ирак; грубото црно платно од козји влакна распрострено преку неколку столбови, со ѕидови од сламена асура. Во близината течеше поточе, чиишто брегови беа засенети од шумата со бели тополи; на карпата, од другата страна на водата, едно семејство штркови возбудено штракаше со клуновите и удираше со крилјата. Еден маж во индиго-сина блуза чекореше со долги лесни чекори кон шаторите; од неговите, за земја врзани, но сепак мошне слободни движења говореше старата номадска крв. Една жена, во пурпурноцрвен долг фустан, со долга земјена стомна на рамето, полека се приближуваше до потокот; нејзините бедра јасно се оцртуваа под платното на нејзиниот фустан; тие беа долги и напнати како жици од виолина. Таа клекна покрај брегот и се наведна да црпи вода во стомната; нејзината коса, формирана во форма на турбан, се разлеа и, како црвен млаз крв, ја допре блескавата површина на водата – но само за миг, за да биде кренатa и повторно обвиена околу главата со едно единствено хармонично движење кое му припаѓа на нејзиното клечење и кое е дел од истото движење.

Малку подоцна седев крај брегот во друштво на еден старец и четири млади жени. Сите четири беа полни со совршен шарм и природност што произлегуваше од животот во слобода: убавината која беше свесна за себе, но сепак невина; горделивост која не се криеше, но сепак одвај можеше да се разликува срамот и скромноста. Најубавата од нив имаше црцоречко име *Ту-Ту* (со самогласки изговорени како во францускиот јазик). Нејзиното цело чело беше покриено, сè до нејзините веѓи, со шал со силноцрвена боја; трепките ѝ беа подвлечени со *сурма*[46], а под шалот стрчеа црвеникаво-кафеавите кадрици со мали сребрени синџирчиња вплетени во нив; при секое движење на главата тие ѕвекнуваа на нежниот, заоблен врат.

Сите уживавме во разговорот иако мојот персиски јазик сè уште беше несмасен. (Курдите имаат свој сопствен јазик, но мнозина од нив разбираат и персиски). Тие беа остроумни, овие мали жени кои никогаш не ја напуштиле средината на своето племе и, секако, не знаеја ни да читаат ниту да пишуваат; со лесноти ја ги разбираа моите пелтечливи изрази и често го наоѓаа зборот што го барав и, со полна сигурност, ми го ставаа в уста. Ги прашав за она што го работат, а тие ми одговараа набројувајќи многу ситни, но сепак толку големи работи кои го исполнуваат денот на номадската жена; мелењето жито меѓу сплескани камени плочи, печењето леб во врела пепел, молзењето на овците, биењето на млекото во кожни мевови додека не се добие путер, предењето волна со рачно вретено, ткаењето килими со шари стари

[46] Тоа е средство (антимон) со кое се мачкаат очите и кое е полезно за нив. (Заб. на прев.)

колку и нивната раса, носењето деца, пружањето спокојство и љубов за своите мажи...

Непроменлив живот: вчера, денес и утре. За овие овчари времето не постои, освен смената на денот, ноќта и на годишните времиња. Ноќта е направена темна за сон; денот е светол за животните потреби; зимата се открива со порастот на студот и проретчувањето на пасиштата на планините: тогаш тие со своите стада и шатори заминуваат долу во топлите рамнини, во Месопотамија, до Тигар; подоцна, кога ќе стигне летото со својата запурнина и топли ветришта, назад во планините, било овде, било на некое друго место во традиционалните подрачја на племињата.

„Зар никогаш не посакувате да живеете во камени куќи?“ го прашав старецот, кој прозборе еден збор и смешкајќи се го слушаше нашиот разговор. „Зар вие никогаш не посакувате да имате свои сопствени полиња?“

Старецот полека мавна со главата: „Не... Ако водата стои неподвижна во барата, станува збајатена, каллива и нечиста; само кога се движи и тече, таа останува бистра...“

*

* *

СО ВРЕМЕ, КУРДИСТАН исчезна во минатото. Речиси осумнаесет месеци талкав вдолж и вшир во таа најчудна од сите земји, Иран. Го запознав тој народ кој во себе ја комбинираше мудроста на културата стара триесет века и палавата непредвидливост на децата; народот кој може со мрзлива ирониј да гледа на себеси и на сето она што се случува околу него – а еден миг подоцна може да се тресе од дивите, вулкански страсти. Уживав во културната леснотија на градовите и во развеселувачките

пустински ветрови; спиев во дворците на провинциските гувернери, покрај многуте слуги на располагање, а и во полуразурнатите каравансараи во кои ноќе требаше да се убијат скорпиите пред тие вас да ве измамат. Се честев со цела овца печена на режен како гостин на племето Бахтијари и Кашгаји и со мисирка полнета со кајсии на трпезата на богатите трговци; ја гледав напуштеноста и занесот на празникот во *мухарем*[47] и ги слушав стиховите на Хафиз кои во придружба на лаута ги пееја наследниците на старата слава на Иран. Талкав под тополите на Исфахан и им се восхитував на сталактитните портали, бесценетите фајансни фасади и на позлатените куполи од неговите големи џамии. Персискиот јазик ми стана речиси исто толку близок како и арапскиот. Дискутирав со образуваните луѓе во градовите, со војниците и номадите, трговците во пазарите, министрите и верските водачи, дервишите-талкачи и со мудрите пушачи на опиум во попатните кафеани. Престојував во градовите и селата, патував низ пустините и опасните солени мочуришта и целосно се загубив во безвременскиот воздух на таа истрошена чудесна земја. Го запознав иранскиот народ, неговиот живот и неговите мисли речиси како да сум роден меѓу него; но оваа земја и овој живот, комплексен и фасцинирачки како некој стар бесценет камен што бледо блеска низ бројните фасети, никогаш не му стана толку близок на моето срце како кристално чистиот свет на Арапите.

Во текот на повеќе од шест месеци јавав низ дивите планини и степи на Авганистан; шест месеци во светот каде што оружјето што го носи секој маж не е наменето за украс и каде треба да се внимава на секој збор и на секој

[47] Мухарем – прв месец од исламскиот календар. (Заб. на прев.)

чекор, ако не сакате куршумот да зафучи низ воздухот. Понекогаш Ибрахим, јас и нашите случајни сопатници моравме да ги браниме нашите животи од разбојниците, со кои Авганистан тогаш беше полн; но, ако се случеше да биде петок, бандитите не беа никаква закана, бидејќи сметаа дека е срамно да ограбуваат и убиваат на денот одреден за слава на Господарот. Во една пригода, кај Кандахар, за малку ќе бев убиен затоа што небрежно го погледнав непокриеното лице на една убава селанка која работеше на полето, додека меѓу селаните Монголи, во високите клисури на Хиндукуш – потомците на воинот Џингис-кан – не се сметаше за непријатно да спијам на подот на еднособната колиба непосредно покрај младата жена и ќерка на домаќинот. Со недели му бев гостин на Аманулах-кан, Кралот на Авганистан, во неговиот главен град Кабул; во долгите ноќи дискутирав со неговите научници за учењата на Куранот; за време на другите ноќи дискутирав со Патан *каните*[48] во нивните црни шатори како најдобро да ги избегнам подрачјата зафатени со меѓуплеменските војни.

Со секој ден од оние две години изминати во Иран и Авганистан во мене растеше сигурноста дека се приближувам кон некој конечен одговор.

*

* *

„ТАКА СЕ СЛУЧИ, Менсуре, дека разбирањето на начинот на кој живееја муслиманите ме водеше секој ден

[48] Кан – оригинално титула на Монголски принц или лорд; во сегашно време широко употребуван во значење на „чесен" – во Иран, Авганистан, итн.

поблиску кон подоброто разбирање на исламот. Исламот отсекогаш бил највисок во мојот ум...“

„Време е за јацискиот намаз[49]“, рече Зејд гледајќи во ноќното небо.

Застануваме во ред за последната дневна молитва, сите тројца свртени кон Мека; Зејд и Менсур стојат еден покрај друг, а јас пред нив, водејќи ја собирната молитва (бидејќи Пратеникот го опишал секој собир од двајца или повеќе како верски собир). Ги кревам рацете и почнувам: *Аллаху екбер* – „Бог е најголем“ – а потоа ја рецитирам, како што муслиманите секогаш прават, воведната *сура* од Куранот:

„Во името на Бога, Милостивиот Сочувствителен!

Благодарноста му припаѓа на Бога, Господарот на световите,

Милостивиот Сочувствителен,

Владетелот на Денот суден!

Ние само Тебе Те обожуваме и ние само од Тебе помош бараме!

Упати нè на патот вистински,

на патот на оние врз кои ја разлеа Твојата благодат,

а не на патот од оние врз кои се разлеа омразата и кои во заблуда скршнаа!“

Потоа продолжив со сто и дванаесеттата сура:

„Во името на Бога, Милостивиот Сочувствителен!

Кажи: Тој е Аллах, Еден е!

[49] Јација е последната дневна молитва која се извршува откако хоризонтот целосно ќе се затемни, па до половината од траењето на темнината. (Заб. на прев.)

Аллах – Засолниште.

Не раѓа и не е роден,

и никој не Му е рамен!“

Постојат малку работи кои го приближуваат човекот еден до друг, како заедничката молитва. Ова е, верувам, вистинито за секоја религија, но особено за исламот кој се базира врз верувањето дека не е потребен, ниту е навистина можен, никаков посредник меѓу човекот и Бог. Отсуството на секакво свештенство, клерот, па дури и на организираната „црква“ прави секој муслиман да се чувствува дека навистина учествува, а не само присуствува, во заедничкиот акт на молитва кога се моли во верски собир. Бидејќи во исламот нема никакви сакраменти, секој израснат и здрав муслиман може да ја извршува својата верска функција, било да е тоа водење на собирна молитва, извршување на женидбена церемонија или водење на погребна служба. Никој не треба да биде „одреден“ за служба на Бога, и религиските учители и водачите на муслиманската заедница се едноставно луѓе кои уживаат углед (понекогаш заслужен, а понекогаш не) поради познавањето на теологијата и на верското право.

– 3 –

СЕ БУДАМ В ЗОРИ, но моите клепки се тешки од сонот. Преку моето лице ветерот се лизга со мек, мрморлив звук од нокта што исчезнува во денот кој штотуку се раѓа.

Се кревам да го измијам сонот од моето лице. Студената вода е како допир на далечните предели – планини прекриени со темни дрвја и потоци што се движат и

течат и постојано остануваат бистри... Седам и ја зафрлувам главата наназад, лицето да ми остане долго влажно; ветерот ја милува неговата влажност, го погодува со нежното сеќавање на свежите дни, одамна заборавените зимски дни... на планините и течните води... на јавањето низ снегот и блескотното белило... белило на оној ден пред многу години кога јавав преку покриените со снег беспатици на иранските планини движејќи се полека напред, секој чекор на коњот – пропаѓање во снегот, а потоа мачно искачување од снегот...

Напладне тој ден, се сеќавам, запревме во селото населено со чуден народ, сличен на Циганите. Десет или дваесет дупки во земјата, прекриени со сводови од честак и земја, ѝ даваа на осамената зграда изглед на град на кртови. Беше тоа во југоисточен Иран, во покраината Кирман. Како подземни суштества од сказните, луѓето ползеа од темните отвори за да им се чудат на ретките странци. На врвот од еден земјен свод седеше млада жена и ја чешлаше својата долга, црна, разбушавена коса; нејзиното маслинесто-мургаво лице со затворени очи беше свртено кон бледото пладневно сонце, а таа со тивок глас пееше песна на некој необичен јазик. Металните нараквици svечкаа околу нејзините зглобови, а тие беа тесни и силни како кај дивите животни од древните шуми.

За да ги загреам своите вкочанети екстремитети, пиев чај и арак – многу – со жандармот кој нè следеше мене и Ибрахим. Кога повторно се качив на коњот и тргнав во галоп, целиот свет ненадејно се отвори пространи и просирен пред моите очи како никогаш порано; ги видов неговите внатрешни облици и го почувствував отчукувањето на неговиот пулс во белата осаменост и видов сè што ми беше сокриено само малку пред тоа; знаев дека

сите прашања само чекаат на нас; додека ние, кутрите будали, поставуваме прашања и чекаме Божјите тајни да ни се отворат, тие цело време чекаат на нас да се отвориме кон нив...

Висорамнината се отвораше пред нас и јас го подбуцнав коњот и полетав како дух низ кристалната светлина, а снегот, развиорен од копитата на мојот коњ, се вееше околу мене како наметка од искри; копитата на мојот коњ грмеа преку смрзнатите потоци...

Мислам дека токму тогаш го доживеав, и сè уште не сфаќајќи го тоа целосно, отворањето на милоста – онаа милост за која одамна ми зборуваше отецот Феликс кога тргнував на пат кој требаше да го промени целиот мој живот, објавување на милоста која ви кажува дека токму *вие* сте очекуваниот... Требаше да измине повеќе од една година меѓу тоа лудо јавање преку мразот и снегот и моето преминување во исламот; но дури и тогаш јавав не знаејќи го тоа. Право како стрела кон Мека.

*

* *

СЕГА ЛИЦЕТО МИ Е СУВО, а тој ирански зимски ден пред повеќе од седум години паѓа во минатото. Тој паѓа назад – но не за да исчезне, бидејќи тоа минато е дел од оваа сегашност.

Свежото ветре, здивот на утрото што доаѓа, го предизвикува тресењето на трнливите грмушки. Ѕвездите почнуваат да побледуваат. Зејде! Менсуре! Станувајте, станувајте! Да го разгориме огнот и да свариме кафе; тогаш ќе ги оседламе камилите и ќе јаваме уште еден ден, низ пустината која чека на нас со отворени раце.

VIII. Цини

– 1 –

СОНЦЕТО БЕШЕ ТОКМУ ПРЕД ЗАОЃАЊЕ кога една голема, црна змија ненадејно се лизна преку нашиот пат; дебела е речиси колку детска рака, а долга околу еден метар. Застанува и ја крева својата глава кон нас. Со речиси рефлексно движење, се спуштам од седлото, ја симнувам својата пушка, клекнувам и нанишанувам – во истиот миг го слушам Менсуровиот глас зад себе:

„Не пукај – не...!“ – но веќе го притиснав чкрапалото; змијата се згрчи, се искриви – и веќе е мртва.

Менсуровото лице со израз на протест се појавува над мене. „Не требаше да ја убиеш... во секој случај, не барем кога сонцето заоѓа, бидејќи тоа е времето кога од подземјето излегуваат *цините* и често земаат форма на змија...“

Се смеам и одговарам. „Менсуре, зар веруваш во оние приказни на старите жени за *цините* во форма на змија?“

„Секако дека верувам во *цините*. Зар Божјата книга не ги спомнува? Што се однесува на формата во која понекогаш ни се прикажуваат – не знам... Сум слушнал дека можат да земат најчудни и најмалку очекувани форми...“

Ти можеби си во право, Менсуре, си мислам во себе, бидејќи, навистина, зар би било претерано ако се претпостави дека, освен суштествата кои нашите сетила можат да ги перцепираат, постојат и други кои им бегаат на нашите перцепции? Зар не е тоа некој вид интелектуална ароганција која го неведува модерниот човек да ја отфрли можноста за животни форми поинакви од оние кои можат да бидат забележани и проценети од него? Постоењето на *џините*, без оглед на тоа што можат тие да бидат, не може да се докаже со научни средства. Но, исто така, науката не може да ја побива можноста за постоење на живи суштества чии биолошки закони можат да бидат толку поинакви од нашите, нашите надворешни сетила можат да воспостават контакт со нив само во мошне исклучителни околности. Зар не е можно дека таквото случајно вкрстување на патиштата меѓу овие непознати светови и нашиот довело до чудните појави кои примитивната фантазија ги протолкувала како духови, демони и слични други „натприродни“ појави?

Додека повторно се качувам на камилата, превртувајќи ги овие прашања со полунасмевка на неверување кон човекот кого воспитанието го направило дебелокожец многу повеќе од луѓето кои отсекогаш живееле поблиску до природата, Зејд со сериозен израз на лицето се свртува кон мене:

„Меснур има право, вујко. Не требаше да ја убиеш змијата. Еднаш, пред многу години кога го напуштив Хаил откако ибн Сауд го освои градот – на патот за Ирак застрелав една змија како што е оваа. Тоа се случи исто така кога сонцето заоѓаше. Наскоро потоа, кога запревме

да го извршиме *акшамскиот*[50] намаз, ненадејно почувствував оловна тежина во нозете и оган во главата; во главата почна да ми бучи како водопад, а зглобовите ми се запалија, така што веќе не можев да стојам туку паднав на земјата како празна вреќа, а сè околу мене стана мрачно. Не знам колку долго останав во тој мрак, но се сеќавам дека конечно повторно станав. Еден непознат човек стоеше од мојата десна страна, а друг од левата, и тие ме однесоа во една голема, темна сала полна со луѓе кои возбудено шетаа горе-долу и меѓусебно разговараа. Наскоро станав свесен дека ова се две различни странки како пред суд на правдата. Еден мал старец седеше на издигнатиот подиум во заднината; изгледаше дека тој е судија или главатар или нешто слично. Ненадејно сфатив дека јас сум обвинетиот.

Некој рече: ‚Го уби токму пред заоѓање на сонцето со истрел од својата пушка. Виновен е'. Еден од спротивната страна одоговори: ‚Но тој не знаел кого убива; покрај тоа го изговорил Божјото име кога го повлекол чкрапалото'. Оние од обвинителната страна извикаа: ‚Не го изговорил!' – на што другата страна повтори, сите заедно во хор: ‚Да, навистина го славеше името Божје!' Така тоа продолжи некое време, назад и напред, обвинување и одбрана, додека конечно се чинеше дека одбраната победи и судијата во заднината одлучи: ‚Тој не знаеше кого убива, и го славел името Божје! Водете го назад!'

Двајцата мажи кои ме донесоа во судскиот двор повторно ме зедоа под рака, ме поведоа назад по истиот пат во големиот мрак од кој бев дошол и ме легнаа на земјата.

[50] Акшамската молитва е претпоследната дневна молитва која се извршува од заоѓањето на Сонцето и трае до исчезнувањето на руменилото на запад. (Заб. на прев.)

Ги отворив очите – и се најдов лежејќи меѓу неколку врекќи жито кои беа наредени од двете мои страни; преку нив беше прострено парче шаторско платно за да ме заштити од сончевите зраци. Изгледа дека беше рано претпладне, а моите сопатници очигледно се беа залогориле. Во далечината можев да ги видам нашите камили како пасат на падината на брекчето. Сакав да ја кренам раката, но екстремитетите ми беа крајно заморени. Кога еден од моите сопатници го наведна своето лице над мене, јас реков, ‚Кафе...' – бидејќи во близината слушнав звук на ѓезве. Мојот пријател скокна: ‚Тој зборува, тој зборува! Се созеде!' – и тие ми донесоа свежо, топло кафе. Ги прашав дали сум бил во бесознание цела ноќ. Тие одговорија: ‚Цела ноќ? Не си се мрднал полни четири дена! Постојано те товаревме на камилата како врекќа, а ноќе повторно те симнувавме; мислевме дека ќе мораме да те погребаме овде. Слава Му на Оној кој го дава и го одзема животот, Живиот, кој никогаш не умира...'

Ете гледаш, вујко, дека не треба да се убива змија на зајдисонце."

Иако половина од мојата свест продолжи да ѝ се насмевнува на Зејдовата приказна, другата половина како да чувствуваше ткаење на невидливи сили во самракот што паѓаше, некое таинствено движење на звуци, толку фини што увото одвај може да ги фати, а во воздухот небаре лебдее здив на непријателство; имам нејасно чувство на каење што ја убив змијата на зајдисонце...

– 2 –

ПОПЛАДНЕТО на денот на нашето заминување од Хаил застанавме да ги напоиме камилите на бунарот Арџа, во речиси кружната долина затворена меѓу ниските брекчиња. Двата бунара, големи и полни со слатка вода, лежат среде долината и двата се заедничко сопственишство на племињата – западниот му припаѓа на Харб, а источниот на Мутајр. Земјата околу нив е гола како дланка бидејќи околу пладне донесуваат стотици камили и овци од далечните пасишта да се напојат тука, и тие секоја и најмала тревка што изникнува од почвата ја одгризуваат дури и пред да здивне.

Кога стигнавме, долината веќе беше полна со животни, и сè нови стада и булуци се појавуваа меѓу брекчињата осветлени од сонцето. Околу бунарите има голема врева и метеж, бидејќи не е лесно да се изгасне жедта на толку многу животни. Овчарите ја извлекуваат водата во кожните ведра на долгите јажиња и своето работење го придружуваат со песна за да се усогласат повеќекратните движења; бидејќи ведрата се многу големи, а кога се наполнети со вода, толку се тешки што се потребни многу раце за да се извлечат од длабочината. Од бунарот што ни е најблиску – оној што му припаѓа на племето Мутајр – допира песната за камилите:

„Пијте и не штедете ја водата,

бунарот е полн со милосрдност и нема дно!“

Половина од луѓето го пеат првиот стих, а останатите вториот, повторувајќи ги неколкупати во брз ритам додека кофата не се појави на работ на бунарот; тогаш преземаат жените и ја истураат водата во кожните ко-

рита. Безброј камили се движат нанапред, рикајќи и фучејќи, тресејќи се од возбуда, туркајќи се околу коритото, без да бидат видливо смирени од повиците на луѓето: *Ху-ојх... хууу-ојх!* Сега едната, сега другата го спружува својот долг, строен врат нанапред, меѓу или преку останатите, што побрзо да ја изгасне својата жед; тоа нишање и туркање, нишање и туркање на светлокафеавите и темнокафеавите, жолто-белите, црно-кафеавите и како мед жолтите тела, и остриот, лут мирис на животинската пот и урина се чувствува во воздухот. Во меѓувреме кофата е повторно наполнета и овчарите ја извлекуваат со брза придружба на друг дистих:

„Ништо не може да ја изгасне жедта на камилата

освен Божјата милост и овчаровиот труд!“

– а глетката на истурање на водата, пиењето, довикувањето и пеењето повторно започнува.

Еден старец кој седи на работ од бунарот ја крена раката кон нас и нѐ повика:

„Бог нека ви го продолжи животот, патници! Примете ја нашата дарежливост!“ – на што неколку други луѓе се извлекоа од толпата околу бунарот и потрчаа кон нас. Еден од нив ги придржува уздите на мојата камила и ја симнува на колената за да можам полесно да се симнам. Брзо се прави патот за нашите животни кон коритото, а жените истураат вода за нив; ние сме патници и затоа имаме предност.

„Зар не е убаво да се види“, мудрува Зејд, „како Харб и Мутајр сега одржуваат мир, а неодамна војуваа еден против друг?“ (Бидејќи има само три години откако племето Мутајр востанало против Кралот, додека Харб бил меѓу неговите најверни помагачи.) „Се сеќаваш ли, вујко, кога последен пат бевме овде? Како ја заобиколивме

Арџа во широк круг ноќе, не осмелувајќи се да им приђеме на бунарите – не знаејќи дали е таму пријателот или непријателот...?“

Зејд потсеќава на големото бедуинско востание во 1928-1929 – кулминација на политичката драма која ги разниша и самите темели на кралството на ибн Сауд и мене, за некое време, ме вовлече во тоа.

*

* *

КОГА СЕ КРЕНА ЅИДОТ ВО 1927, мирот владееше во пространото кралство на Саудиска Арабија. Ибн Саудовата борба за власт беше поминала. Неговата власт во Нецд не беше повеќе оспорувана од ниедна ривалска династија. Покраините Хаил и Шамар беа негови, а, исто така, негов беше и Хиџаз откако во 1925 ја протера династијата на Шерифите. Меѓу кралските војници се истакнуваше оној истиот страшен бедуински главатар, Фејсал ед-Давиш, кој порано му несеше толку многу грижи. Ед-Давиш особено се истакна во кралската служба и постојано одново ја докажуваше својата верност: во 1921 тој го освои Хаил за Кралот; во 1924 водеше смела инвазија во Ирак, од каде семејството на Шерифите, под заштита на Британците, правеше сплетки против ибн Сауд; во 1925 тој ја зазеде Медина и одигра решавачка улога во освојувањето на Џеда. Сега, во летото 1927, се одмораше на ловориките во својата *ихванска* населба во Артавија, недалеку од границата со Ирак.

Во текот на многуте години таа граница беше сцена на речиси постојани бедуински навлегувања поради племенските миграции во потрага по пасишта и вода; во

низа договори меѓу ибн Сауд и Британците – кои беа одговорни за Ирак како мандаторна сила – договорено е дека не треба да им се стават никакви пречки на таквите неопходни миграции, и никакви тврдини не смеат да се градат, ниту од едната, ниту од другата страна на границата меѓу Нецд и Ирак. Меѓутоа, во летото 1927 ирачката влада изгради и запоседна тврдина во близината на граничните бунари на Бисаја и официјално ја најави намерата да изгради и други тврдини долж границата. Бран на вознемиреност помина низ племињата на северен Нецд. Тие почувствуваа дека е загрозено и самото нивно постоење и дека ќе бидат отсечени од бунарите од кои целосно зависат. Ибн Сауд протестираше против ова отворено кршење на договорот, но – по неколку месеци – прими само негативен одговор од британскиот висок комесар во Ирак.

Фејсал ед-Давиш, човекот секогаш подготвен за акција, си рече себеси: „Можеби не е поволно за Кралот да започне препирка со Британците – но јас се осмелувам на тоа.“ Последните денови од октомври 1927 тој тргна на чело на своите *ихвани*, ја нападна и ја уништи тврдината Бисаја, не штедејќи го нејзиниот ирачки гарнизон. Британските авиони се појавија на сцена, ја извидоа состојбата и се повлекоа – спротивно на нивниот обичај – не фрлајќи ниедна бомба. Ќе им беше лесно да го одбијат нападот (акција за која биле овластени според спогодбите со ибн Сауд) и потоа да го решат прашањето за тврдините со дипломатски преговори. Но дали британско-ирачката влада навистина била заинтересирана за брзо, мирно решение на спорот?

Делегација од племињата на северен Нецд се појавија кај ибн Сауд и побара кампања против Ирак. Ибн Сауд енергично ги одби сите такви барања, го прогласи Ед-

Давиш за престапник и му нареди на емирот на Хаил будно да ги надгледува граничните подрачја. Финансиската помош која Кралот им ја даваше на повеќето од *ихваните* привремено им беше скратена на племињата под контрола на Ед-Давиш; нему му е наредено да остане во Артавија и таму да ја чека пресудата на Кралот. Ирачката влада е официјално известена за сите овие мерки и најавено е дека Ед-Давиш ќе биде строго казнет. Меѓутоа, во исто време, ибн Сауд побарал во иднина Ирак повеќе да ги почитува граничните спогодби.

Според тоа, овој нов конфликт можеше лесно да се измазни. Но кога работите дојдоа до оваа точка, британскиот висок комесар го извести ибн Сауд дека ќе испрати воена ескадрила да ги казни *ихваните* на Ед-Давиш (кои веќе одамна се вратија во своите родни краишта) и да ги натера на покорност на нивниот Крал. Бидејќи во тоа време во Ријад немаше телеграф, ибн Сауд итно испрати курир во Бахреjн, од каде е испратена телеграма за Багдад со протести против предложените мерки и потсекавање на договорите кои ѝ забрануваат на која било страна да ги гони прекршителите преку границата. Тој нагласил дека не му е потребна британска „помош“ во наметнување на неговиот авторитет над Ед-Давиш; конечно, тој предупреди дека таквата британска акција на подрачјето на Нецд може да има опасни последици кај *ихваните* кои се веќе многу вознемирени.

Предупредувањето остана незабележано. На крајот од јануари 1928 – три месеци по инцидентот во Бисаја – британската ескадрила ја прелета границата, ги бомбардира подрачјата на Нецд, предизвикувајќи пустош во логорите на бедуините Мутајр и безобзирно убивајќи мажи, жени, деца и стада. Сите северни *ихвани* почнаа да

се подготвуваат за одмазничка кампања против Ирак; благодарејќи само на големиот углед на ибн Сауд кај сите племиња, движењето на време е запрено и ограничено на неколку помали погранични судири.

Во меѓувреме, уништената тврдина во Бисаја беше мирно повторно изградена од Британците и уште две тврдини на ирачката страна на границата.

*
* *

ФЕЈСАЛ ЕД-ДАВИШ, повикан во Ријад, одби да дојде и да ја оправда акцијата која, според негово мислење, била преземена во интерес на Кралот. Личната јадосаност била додадена на неговата огорченост. Тој, Фејсал ед-Давиш, кој му служеше на Кралот толку верно и толку добро, беше само емир на Артавија – која, и покрај големиот број жители, била само израснато село. Неговото водство било решавачко во освојувањето на Хаил – но роднината на Кралот, ибн Мусаад, а не тој, беше именуван за емир во Хаил. За време на кампањата во Хиџаз, токму тој, Ед-Давиш, ја држел Медина опколена со месеци и конечно ја присилил на предавање – но тој не бил поставен за нејзин емир. Тој си рекол: „Ибн Сауд му припаѓа на племето Аназа, а јас на племето Мутајр. Ние сме еднакви во благородноста на нашето потекло. Зошто јас морам да ја признаам надмоќноста на ибн Сауд?“

Таквото резонирање отсекогаш било проклетство на арапската историја: никој не сака да признае дека другиот е подобар од него.

Еден по еден, другите незадоволни главатари на *ихваните* почнаа да забораваат колку многу му должат на ибн

Сауд. Меѓу нив беше и Султан ибн Бацад, шеик на моќното племе Атајба и емир на Гатгат, една од најголемите населби на *ихваните* во Нецд, победник во битката на Тараба во 1918 против силите на Шериф Хусеин; освојувачот на Таиф и Мека во 1924. Зошто тој би морал да биде задоволен да биде само емир на Гатгат? Зошто не тој, туку еден од кралските синови, беше именуван за Крал на Мека? Зошто тој не беше именуван барем за емир на Таиф? Тој, како и Фејсал ед-Давиш, мислеше дека е измамен во она што го сметал за свое право; а бидејќи му беше зет на ед-Давиш, изгледаше сосема логично заедно да се борат за истата работа против ибн Сауд.

Есента 1928 ибн Сауд повика состанок на главатарите и *алимите* во Ријад со цел да ги реши сите овие спорови. Речиси сите племенски водачи дојдоа освен ибн Бацад и ед-Давиш. Постојани во својата опозиција, и двајцата го прогласија ибн Сауд за еретик – зарем не склучуваше спогодби со неверниците и не воведе во арапските земји такви ѓаволски инструменти како што се моторните возила, телефоните, радиоапаратите и авионите? *Алимите* собрани во Ријад едногласно изјавија дека таквите технички иновации не само дека се дозволени туку се дури и мошне пожелни од верски аспект, бидејќи тие го зголемуваат знаењето и моќта на муслиманите, и дека според Пратеникот на исламот спогодбите со немуслиманските сили се исто така пожелни, ако им донесуваат слобода и мир на муслиманите.

Но двајцата бунтовни главатари ги продолжија своите обвинувања и наидоа на подготвен одглас кај многу необразовани *ихвани*, кои немаа доволно знаење да видат нешто друго освен влијание на ѓаволот во акциите на ибн Сауд. Неговото поранешно промашување да им даде

образование на *ихваните* и правилно да го насочи нивниот верски жар, почна да ги носи своите трагични плодови...

Во пустелиите на Нецд сега брмчеше како во кошница. Таинствените гласници јаваа на брзите камили од племе до племе. Тајните состаноци на главатарите се одржуваа покрај оддалечените бунари. Конечно, агитацијата против Кралот пламна во отворен револт, повлекувајќи многу други племиња, освен Мутајр и Атајба. Кралот беше трпелив. Се обидуваше да покаже разбирање. Им испраќаше гласници на тврдоглавите племенски водачи и се обидуваше да ги вразуми, но залудно. Средна и северна Арабија стана место на далеку и широко распространетата герилска војна; речиси ширум познатата јавна сигурност на земјата исчезна и во Нецд завладеа целосен хаос; бандите на бунтовничките *ихвани* пљачкосуваа во сите насоки напаѓајќи ги селата, караваните и племињата кои му останаа верни на Кралот.

По безбројните локални судири бунтовничките племиња и племињата верни на Кралот, одлучната битка се одигра на рамнината на Сибила, во централен Нецд, во пролетта 1929. На едната страна беше Кралот со големите сили; на другата страна Мутајр и Атајба, потпомогнати од групите на другите племиња. Кралот беше победник. Ибн Бацад безусловно се предаде и беше однесен, во синџири, во Ријад. Ед-Давиш беше тешко ранет и беше јавено дека умира. Ибн Сауд, најблагиот од сите арапски кралеви, му го испрати својот личен лекар да го лекува – и тој доктор, Сириец, дијагностицирал сериозна рана на црниот дроб, проценувајќи дека Ед-Давиш може да живее уште најмногу една недела. Кралот врз база на тоа одлучил: „Ќе го пуштиме да умре во мир; ја прими казната од Бога“. Тој

наредил ранетиот непријател да се однесе назад кај неговото семејство во Артавија.

Но Ед-Давиш беше далеку од умирање. Неговата повреда не беше ни приближно толку опасна како што претпоставуваше младиот лекар; по неколку недели тој закрепна доволно за да избега од Артавија, подготвен за одмазда повеќе од било кога.

*

* *

БЕГСТВОТО НА ЕД-ДАВИШ од Артавија му даде нов поттик на бунтот. Имаше гласишта дека тој лично се наоѓа во близина на кувајтската граница собирајќи нови племенски сојузници покрај своите сопствени, сè уште значителни сили на Мутајр. Меѓу првите кои му се придружија беше малото, ама храбро племе Аџман кое живее во покраината Ел-Хаса близу Персискиот Залив; нивниот шеик, ибн Хадлајн, му беше вујко на Фејсал ед-Давиш. Освен ова, не постоеше љубов меѓу ибн Сауд и Аџманите. Пред повеќе години тие го убија младиот брат на Кралот, Саад, и плашејќи се од неговата одмазда, емигрираа во Кувајт. Ибн Сауд подоцна им го прости тоа и им дозволи да се вратат во своите прадедовски краишта, но старата омраза и понатаму тлееше. Таа изби во отворено непријателство кога, за време на преговорите за примирје, главатарот на Аџман со неколку свои придружници е убиен во логорот на роднината на ибн Сауд, најстариот син на емирот на Ел-Хаса.

Сојузот на Аџманите со Мутајр запали нова искра меѓу племињата Атајба во централен Нецд. По заробувањето на нивниот емир, ибн Бацад, тие повторно се собраа

под новиот главатар; сега повторно се кренаа против Кралот присилувајќи го да ги насочи своите сили од северен кон централен Нецд. Борбата беше остра, но ибн Сауд победи. Група по група, тој ги победува Атајбите додека, конечно, не понудија да му се предадат. Во селото на половина пат меѓу Ријад и Мека нивните шеици му се заколнале на верност на Кралот – и Кралот повторно им простил, надевајќи се дека конечно ќе има слободни раце против Ед-Давиш и останатите бунтовници на север. Но тукушто се врати во Ријад, Атајбите по втор пат ја погазија заклетвата и ја обновија борбата. Сега тоа беше борба до крај. По третпат Атајбите беа победени и речиси десеткувани – а со целосното уништување на населбата на *ихваните* во Гаттат, град поголем од Ријад, кралската власт беше повторно воспоставена во централен Нецд.

Во меѓувреме, борбата на север е продолжена. Фејсал ед-Давиш и неговите сојузници сега беа добро заровени во близина на границата. Ибн Мусаад, емирот на Хаил, постојано ги напаѓал во име на Кралот. Двапати е јавено дека Ед-Давиш е убиен; во двата случаја се покажало дека вестите се лажни. Тој продолжил да живее, тврдоглаво и бескомпромисно. Неговиот најстар син и седумстотини негови борци паднале во битката; но тој и понатаму се борел. Се појавило прашањето откаде ги прима Ед-Давиш парите кои дури и на Арабија ѝ се потребни за водење војна. Откаде му се оружјето и муницијата?

Сè почести биле чудните извештаи дека бунтовникот, некогаш толку огорчен критичар на ибн Саудовите спогодбени односи со „неверниците“, сега и самиот пактира со Британците. Се шириа гласишта дека тој често го посетува Кувајт; дали тој би можел така да работи, се

прашуваа луѓето, без знаење на британските власти? Зарем, напротив, не е можно немирите во земјите на ибн Сауд многу добро да ѝ служат на нивната сопствена цел?

*

* *

ЕДНА ВЕЧЕР ВО РИЈАД, летото 1929, си легнав порано и, пред да заспијам, се разонодував со една стара книга за династиите на Оман, кога Зејд ненадејно влезе во мојата соба:

„Овде е еден човек од Шеикот. Тој сака веднаш да те види."

Брзо се облеков и појдов во дворецот. Ибн Сауд ме чекаше во својот приватен стан, седејќи со прекрстени нозе на диванот со купиште арапски весници околу себе, а во рацете држеше еден од Каиро. Тој одговори кусо на мојот поздрав и, не прекинувајќи го читањето, ми покажа на местото покрај себе на диванот. По некое време го крена погледот, се обѕрна на слугата кој стоеше покрај вратата и со движење на раката му покажа дека сака да нè остави сами. Штом слугата ја затвори вратата зад себе, Кралот го спушти весникот и ме погледна за миг зад блескавите очила небаре не ме видел долго време (иако со него минав неколку часа токму тоа утро).

„Зафатен со пишување?"

„Не, о Долговек, со недели не сум напишал ништо."

„Тоа беа интересни статии што ги напиша за нашите гранични проблеми со Ирак."

Тој очигледно мислеше на серијата дописи кои ги пишував за своите европски весници два месеца порано; некои од нив се појавија во каирските весници каде, да

си поласкам себеси, помогнаа да се разјасни мошне заплетканата ситуација. Познавајќи го Кралот, бев сигурен дека тој не зборува без размислување, туку дека има нешто одредено на ум; затоа молчев чекајќи тој да продолжи. Тој продолжи:

„Можеби би сакал да пишуваш нешто за тоа што се случува во Нејд – за овој бунт и за она што тој го навестува". Имаше трага на гнев во неговиот глас кога додаде: „Шерифовото семејство ме мрази. Оние синови на Хусеин кои сега владеат во Ирак и Трансјорданија засекогаш ќе ме мразат, бидејќи тие не можат да заборават дека им го зедов Хиџаз. Тие би сакале моето кралство да се распадне бидејќи тогаш би можеле да се вратат во Хиџаз... а на нивните пријатели, кои се преправаат дека се и мои пријатели, можеби би им се допаднало тоа... Тие не ги изградиле тие тврдини напразно: тие *сакаат* да ми предизвикуваат проблеми и да ме истераат од своите граници..."

Зад зборовите на ибн Сауд можав да слушнам збркани, сенишни звуци – тркалање и гонење на железнички возови кои, иако уште само замислени, би можеле утре да станат вистинити: глетка на британската железница од Хаифа до Басра. Гласиштата за таквиот план се шират со години. Беше добро познато дека Британците беа загрижени за осигурување на „сувоземен пат за Индија", а ова, всушност, беше смислата за нивниот мандат во Палестина, Трансјорданија и Ирак. Железничката пруга од Медитеранот до Персискиот Залив би формирала не само нова, вредна врска со британските империјалистички комуникации, туку исто така би му давала поголема заштита на нафтоводот кој требаше да биде поставен од Ирак низ Сириската Пустина до Хаифа. Од друга страна, директната железничка врска меѓу Хаифа и Басра би ги пресекла

најсеверните покраини на ибн Сауд – а Кралот никогаш не би поддржал таков предлог. Зарем не било можно изградбата на тврдините долж границата Ирак-Нецд, во јасна спротивност со сите постоечки спогодби, да претставува прв степен во грижливо подготвениот план за создавање доволно немири во тоа критично подрачје за да се „оправда“ создавањето на мала, полунезависна тампон држава потолерантна кон Британците? Фејсал ед-Давиш би можел да послужи за оваа цел исто толку добро, или можеби дури и подобро, отколку некој член на Шерифското семејство, бидејќи тој и самиот бил од Нецд и имал силни приврзаници меѓу *ихваните*. Дека неговиот верски фанатизам бил само маска му беше очигледно на секој кој го познава неговото минато; она што тој навистина го сака е само власта. Немаше сомнение дека тој, препуштен самиот на себеси, не би можел да издржи толку долго против ибн Сауд. Но – дали тој бил препуштен самиот на себеси?

По долга пауза, Кралот продолжи: „Размислував, како и секој друг, за снабдувањето со оружје и муниција кое Ед-Давиш изгледа го има на располагање. Го има доволно – а има и доволно пари, како што ми е јавено. Се прашувам дали би сакал да пишуваш за овие работи – мислам, за оние таинствени извори на снабдување на Ед-Давиш. Јас имам свои сопствени сомненија за нив; можеби дури повеќе од сомненија – но би сакал ти самиот да истражиш сè што можеш, бидејќи јас можеби не сум во право.“

Значи, тоа беше тоа. Иако Кралот зборуваше речиси рамнодушно, со вообичаен тон, беше очигледно дека го измерил секој збор пред да го изговори. Го погледнав цврсто. Неговото лице, толку сериозно само миг порано,

го осветли широка насмевка. Тој ја стави раката на моето колено и го протресе:

„Сакам ти, синко, да откриеш за себеси – повторувам, за себеси – од каде Ед-Давиш ги добива своите пушки, муниција и пари кои ги расфрлува толку расипнички. Одвај да има малку сомнение во моите мисли, но сакам некој како тебе, кој не е директно вклучен, да му каже на светот за искривената вистина за Ед-Давишовиот бунт... Мислам дека ти би бил во состојба да ја пронајдеш вистината."

Ибн Сауд знаеше што прави. Секогаш знаеше дека го сакам. Иако често не се согласував со неговата политика, а никогаш не ја криев својата несогласност, тој никогаш не ме лишил од својата доверба и често ме прашуваше за совет. Тој има доверба во мене дури и повеќе, верувам, свесен дека не очекувам никаква лична полза од него и дури дека не би прифатил ни место во неговата влада, бидејќи сакам да останам слободен. И така, таа незаборавна вечер во летото 1929, тој мирно ми предложи да одам и да ја истражам мрежата на политички интриги зад бунтот на *ихваните* – мисија која веројатно вклучува личен ризик и секако може да се изврши по цена на крајни напори.

Но Шеикот не беше разочаран од моите реакции. Покрај неговата наклонетост кон него и неговата земја, работата која сега ми ја довери изгледа дека ветуваше возбудливи доживувања, а да не зборувам и за можната новинарска сензација.

„Нека твојата заповед, о Долговек, ги води моите очи и мојата мисла", веднаш одговорив. „Секако ќе го направам она што можам."

„Во тоа, Мухамеде, нема сомнение; очекувам твојата задача да биде тајна. Би можело да има опасности во тоа – што е со твојата сопруга?“

Сопругата беше од Ријад, девојка со која се бев оженил претходната година; но во овој поглед бев во состојба да го смирам Кралот:

„Таа нема да плаче, *Имам*е; токму денес размислував да се разведам од неа. Изгледа дека ние не си одговараме.“

Ибн Сауд вешто се насмеа, бидејќи разведувањето со жена за него не беше непозната работа. „Но што е со другите – твоите роднини?“

„Нема никој, мислам, кој би жалел, ако ми се случи нешто – освен, секако, Зејд; но тој секако ќе ме следи и она што ќе ми се случи мене, ќе му се случи и нему.“

„Сето тоа е добро“, одговори Кралот. „И, да, пред да заборавам: ќе ти бидат потребни повеќе средства за потфатот“ – и ја завлече раката под перницата зад себе, го извлече ќесето и ми го турна во раката; според тежината веднаш погодив дека е полно со златници. Се сеќавам дека си помислив: колку мораше да биде сигурен, дури и пред да ме праша, дека ќе го прифатам неговиот предлог...!

*

* *

ПО ВРАЌАЊЕТО ДОМА го повикав Зејд, кој чекаше на моето доаѓање.

„Ако би побарал, Зејде, да ме следиш на еден потфат кој би можел да биде опасен – дали би одел со мене?“

Зејд одговори: „Па зар мислиш, вујко, дека би те пуштил сам, каква и да е опасноста? Но каде одиме?“

„Одиме да истражиме од каде Ед-Давиш ги добива своите оружје и пари. Но Кралот сака никој ништо да не знае за тоа што го правиме додека не биде направено; затоа мораш да бидеш внимателен!“

Зејд дури не се ни потруди да ме убедува, туку наместо тоа премина на попрактично прашање:

„Ние секако не можеме да го прашаме Ед-Давиш или неговите луѓе. Како ќе го започнеме тоа?“

Враќајќи се од дворецот веќе размислував за тој проблем. Ми изгледаше дека најдобра почетна точка беше едниот од градовите на централен Нецд, каде имаше многу трговци кои имаат тесни врски со Ирак и Кувајт. Конечно запрев на Шакра, главниот град на покраината Вашм, околу три дена патување од Ријад, каде што мојот пријател Абдер-Рахман ес-Сибаи би бил во можност да ми помогне.

Следниот ден беше исполнет со подготовки за нашата експедиција. Бидејќи не сакав да привлечам премногу внимание кон моето движење, го предупредив Зејд да не ги зема потребните работи, како што имавме обичај, од кралските складишта, туку сè што ни треба да купиме на пазарот. До вечерта Зејд го беше собрал потребниот избор на храна: десетина килограми ориз, приближно исто количество брашно за леб, мал мев со масло, урми, кафе и сол. Исто така купил два мева за вода, кожно ведро и јаже од козјо влакно доволно долго за мошне длабоки бунари. Веќе бевме добро снабдени со оружје и муниција. Во врќите сместивме по два комплета облека, а секој од нас носеше тешка *абаја* која, заедно со прекривките преку нашите седла, ќе ни служи како покривка во свежите ноќи. Нашите камили, кои поминаа неколку недели на пасење, беа во одлична состојба; онаа која неодамна му ја бев дал

на Зејд беше вонредно брз тркач од Оман, додека јас јавав убава стара чистокрвна „северна“ раса која некогаш му припаѓала на последниот рашидски емир на Хаил, подарок за мене од ибн Сауд.

Кога падна ноќта, одјававме од Ријад. Пред зори стигнавме до Вади Ханифа, длабоко, голо речно корито меѓу стрмните брегови – место на одлучната битка која се одиграла пред повеќе од тринаесет векови меѓу муслиманските сили на Ебу Бекр, Пратениковиот наследник и прв халиф на исламот, и оние од „лажниот пратеник“, Мусејлиме, кој повеќе години им давал отпор на муслиманите. Битката значела конечна победа на исламот во Централна Арабија. Многумина од првите другари на Пратеникот паднале во неа, а нивните гробишта се видливи до денес на камените падини на долината.

За време на претпладнето минавме покрај урнатините на градот Ајајна, некогаш пространа населена населба, која се спружала долж двата брега на Вади Ханифа. Меѓу нишките на тамариските лежат остатоците на минатото; урнати куќни ѕидишта, соборени столбови на џамија или урнатини на раскошна зграда се креваат овде-онде говорејќи за повисокиот, пограциозниот архитектонски стил отколку што се оние едноставни земјени градби кои сега се гледаат во Нецд. Се зборува дека пред сто и педесет или двесте години целиот тек на Вади Ханифа од Дарија (изворниот главен град на династијата на Ибн Сауд) до Ајајна – растојание од преку дваесет и четири километри – бил еден единствен град; и дека веста за раѓањето на синот на емирот на Дарија ја пренеле жените од покрив до покрив за неколку минути до најдалечниот крај на Ајајна. Приказната за пропаѓањето на Ајајна е толку замаглена со легенди што е тешко да се распознаат историските факти. Најверојатно е дека градот

го разурнал првиот владетел Сауди кога одбил да го прифати учењето на Мухамед ибн абд ел-Вехаб; но вехабиската легенда вели дека, како знак за Божја казна, сите бунари на Ајајна пресушиле за една единствена ноќ присилувајќи ги жителите да го напуштат градот.

На пладнето од третиот ден ги здогледавме земјените ѕидови и бастионите на Шакра и високите палми што висеа над нејзините куќи. Јававме меѓу празните овоштарници и низ пустите улици; дури тогаш се сетивме дека е петок и дека сите се во џамија. Ретко ќе сретневме жена облечена од глава до петици во црна *абаја*; таа ќе претрепнеше на појавата на странци и ќе го навлечеше својот превез преку лицето со брзо срамежливо движење. Овде-онде си играа деца, во сенките на куќите; тешка горештина лебдееше над круните на палмите.

Тргнавме право кон куќата на мојот добар пријател Абд ер-Рахман ес-Сибаи, кој тогаш беше задолжен со бејт ел-мал, т.е. со благајната на покраинта. Се симнавме од камилите пред отворената порта, а Зејд викна во дворот: „Ја велед!“ – „Момче“ – и додека слугата трчајќи излегуваше од куќата, Зејд најави: „Имате гости!“

Додека Зејд и момчето се занимаваа со раседлување на камилите во дворот, јас се сместив во приемната соба на Абд ер-Рахман, каде еден друг слуга веднаш потпали оган под бакарните садови за кафе на огништето. Тукушто ја испив првата голтка, се слушнаа гласови од дворот – прашања и одговори: господарот на куќата се беше вратил. Уште од скалите, сè уште невидлив, ми довикуваше поздрави за добредојде, а потоа се појави на вратата со раширени раце; нежен малечок човек со куса, светлокафеава брада и длабоко всадени, весели очи на насмеаното лице. Наспроти горештината тој носеше долга

крзнена наметка, под својата *абаја.* Оваа крзнена наметка беше една од најскапоцените работи што ги имаше. Никогаш не му беше тешко, на оној кој не ја знае, секогаш одново да му ја прераскажува историјата дека некогаш му припаѓала на некогашниот крал на Хиџаз, Шериф Хусеин, и дека паднала во неговите, Абд ер-Рахманови, раце при освојувањето на Мека во 1924. Не се сеќавам дека некогаш сум го видел без таа наметка.

Тој ме прегрна топло и, кревајќи се на прсти, ме бакна во двата образа: „*Ехлен ве сехлен ве мерхаба!* Добредојде во овој скромен дом, брате мој! Среќен е часот што те донесе овде!“

И сега дојдоа вообичаените прашања: откаде, за каде, како е Кралот, дали имаше дожд попат – или дали барем си слушнал за дождови? – сета традиционална размена на арапски новости. Му кажав дека Анајза, во централен Нецд, е моја цел – што не беше целосно вистинито, но исто така и можеше да биде.

Порано Абд ер-Рахман интензивно се занимаваше со трговија меѓу Нецд и Ирак и добро ги познаваше Басра и Кувајт. Не беше тешко да се наведе да зборува за овие места и луѓе кои можеби неодамна стигнале оттаму, бидејќи ми се чинеше дека, затоа што јавуваат дека Фејсал ед-Давиш е толку блиску до границата со Кувајт, тоа место или Басра би можеле да даваат некакви индикации за неговиот извор на снабдување. Дознав дека еден член на добро познатото семејство Ел-Басам од Анајза – мој стар познајник – неодамна беше во Кувајт на враќање од Басра и, не сакајќи да се изложи на опасностите на патување низ подрачје зафатено со бунт, се вратил во Нецд преку Бахрејн. Тој сега беше во Шакра и ако сакам, Абд ер-Рахман ќе испрати по него; според стариот арапски обичај, се посетува

оној што допатувал, а тој обично не ги посетува другите. Наскоро Ел-Басам ни се придружи во приемната соба на Абд ер-Рахман.

Абдулах, иако му припаѓаше на можеби најважното семејство на деловни луѓе во целиот Нецд, самиот не беше богат. Неговиот живот беше полн со подеми и падови – главно падови – доживеани не само во Нецд туку исто така и во Каиро, Багдад, Басра, Кувајт, Бахрејн и Бомбај. Го познаваше секого кој нешто значеше во тие места и во својата проникliва глава носеше цел склад информации за сè што се случува во арапските земји. Му реков дека некоја германска фирма ме задолжила да ја испитам можноста за увоз на земјоделски машини во Кувајт и Басра; бидејќи ми беше понудена добра провизија, сакав да дознаам кој од локалните трговци во овие градови има можности да прифати таков предлог. Ел-Басам спомна неколку имиња, и потоа додаде:

„Сигурен сум дека некои Кувајќани ќе бидат заинтересирани за твојот план. Тие секогаш увезуваат разна стока, а овие денови трговијата изгледа многу жива – толку жива што големи пратки на сребрени ријали пристигнуваат секој ден непосредно од ковачниците во Трст."

Спомнувањето на сребрените ријали ме заскокотка. Овој посебен вид ријали, талир на Марија Терезија, напоредно со службените арапски пари, претставуваше главно средство на плаќање во целиот Полуостров. Кован е во Трст и според својата сопствена вредност на среброто, со мала наплата за ковањето, е продаван на разните влади, а исто така на неколкумина истакнати трговци со големи трговски врски со бедуините, бидејќи бедуините не прифаќаат хартиени банкноти и земаат само злато и сребро – по можност талири на Марија Тере-

зија. Големиот увоз на овие монети од страна на кувајтските трговци се чинеше дека укажува на цврсти зделки меѓу нив и бедуините.

„Зошто“, го запрашав Ел-Басам, „кувајтските трговци токму сега увезуваат ријали?“

„Не знам“, одговори тој со трага на збунетост во гласот. „Тие зборуваат за купување камили за колење од бедуините близу Кувајт за продажба во Ирак, каде сега цените се високи; иако не ми е сосема јасно каде мислат да најдат толку камили во степите околу Кувајт во овие немирни времиња... Мислам“, тој додаде со насмевка, „дека би било подоходовно да се купуваат камили за јавање во Ирак и да му се продаваат на Ед-Давиш и на неговите луѓе – но, секако, Ед-Давиш не би имал пари за да ги плати...“

Зар навистина не би имал?

Таа ноќ, пред да си легнеме во собата која ни ја одреди домаќинот, го повлеков Зејд во аголот и му реков:

„Одиме за Кувајт.“

„Тоа нема да биде лесно, вујко“, одговори Зејд, но сјајот во неговите очи зборуваше посилно од неговите зборови за неговата подготвеност да се впушти во нешто што не само дека нема да биде лесно, туку е и крајно опасно. Би било, секако, детска игра да се патува низ подрачја кои ги контролираат сили и племиња лојални на кралот, но барем сто и педесет километри пред да се дојде до границата со Кувајт ќе бидеме целосно препуштени самите на себеси среде непријателското подрачје низ кое талкаа непријателските племиња на Мутајр и Аџман. Можевме, секако, да патуваме за Кувајт преку море преку Бахреjн, но за тоа би била потребна дозвола од британските власти и тоа би ги изложило сите наши движења на набљудување. Исто би можело да се каже и за патувањето преку Ел-

Џавф и Сириската пустина во Ирак, а оттаму во Кувајт, бидејќи би било премногу оптимистички да се претпостави дека би можеле да се провлечеме низ многубројните контролни точки во Ирак. Така преостана само непосредниот сувоземен пат за Кувајт. Како да се продре во самиот град неоткриен беше прашањето на кое во тој миг не можеше лесно да се одговори; тоа го оставивме за иднината, потпирајќи се врз нашата среќа и надевајќи се на непредвидените можности.

Абд ер-Рахман ес-Сибаи сакаше да останам кај него неколку дена, но кога ја истакнав итноста на работата, нè пушти да одиме следното утро, откако ги зголеми нашите резерви на храна со суво месо од камила – вкусен додаток на мошне монотоната исхрана која нè очекува. Исто така инсистираше дека треба да го посетам на враќање, на што, навистина, можев единствено да одговарам: „*Иншаллах*“ – (Ако даде Бог).

*

* *

ОД ШАКРА ПАТУВАВМЕ четири дена кон североисток без да сретнеме ништо необично. Во една пригода нè запре одредот на лојалните бедуини Авазим кои им припаѓаа на силите на емирот ибн Мусаад, но моето отворено писмо од кралот веднаш ги смири и, по размената на вообичаените пустински вести, го продолживме нашиот пат.

Пред зората во петтиот ден се приближивме кон подрачјето на кое веќе не се протегаше раката на Ибн Сауд. Оттогаш дневното патување веќе не доаѓаше предвид; нашата единствена сигурност беше мракот и таинственоста.

Се влогоривме во една погодна клисура недалеку од главниот тек на големата Вади ер-Рума, древното, суво речно корито кое се движи низ Северна Арабија кон врвот на Персискиот Залив. Клисурата беше густо наткрилена со грмушките *арфаџ*, кое ни пружаше определена заштита сè додека се држевме непосредно близу до речиси вертикалниот брег. Ги накрививме нозете на камилите, ги нахранивме со смеша од грубо јачменово брашно и урмини голушки – избегнувајќи ја на тој начин потребата да ги пуштиме да пасат – и се сместивме да ја чекаме ноќта. Не се осмеливме да запалиме оган бидејќи неговиот чад дури и дење можеше да нè издаде; и така моравме да се задоволиме со оброк од урми и вода.

Колку исправна беше нашата претпазливост, стана јасно доцна попладне кога ненадејно до нас стигнаа звуци од песна на бедуини кои јаваат. Ги фативме муцките на нашите камили за да не фрчат и рикаат, а ние се прилепивме, со пушките в раце, кон заштитниот ѕид на клисурата.

Пеењето стануваше погласно како што непознатите јавачи се приближуваа; веќе можевме да ги распознаеме зборовите: „*Ла илахе илаллах, ла илахе илаллах*“ – „Нема други божества освен Аллах. Нема други божества освен Аллах“, – вообичаена замена на *ихваните* за посветовните патни напеви на „нереформираните“ бедуини. Немаше никакво сомнение дека тоа се *ихвани*, а во ова подрачје тоа можат да бидат само непријателските *ихвани*. Наскоро се појави над централниот рид, токму врз ридот на клисурата – група од осум или десет јавачи на камили што полека се движат во една колона остро нацртана на попладневното небо, секој од нив носејќи бел *ихвански* турбан преку црвено-белата карирана *куфија*, два реденика

преку градите и пушка обесена на седлото зад себе: мрачна и опасна поворка на јавачи што се клатат напред-назад, во ритамот на чекорите на камилите и големите, сега толку злоупотребени зборови „*Ла илахе илаллах...*“ Глетката беше импресивна и во исто време патетична. Ова беа луѓе на кои нивната вера очигледно им значеше повеќе отколку било што и да е друго во животот; мислеа дека се борат за нејзината чистота и за поголема слава на Бога, не знаејќи дека нивниот душевен пламен и нивниот копнеж беа впрегнати во амбициите на бескрупулозниот водач во потрага по лична моќ...

Тие беа на „вистинската“ страна на клисурата што се однесува на нас, бидејќи ако јаваа на спротивната страна, тие ќе нѐ видеа толку јасно како што ние можевме да ги видиме сега од под заштитно наткрилените грмушки. Кога тие, со песната на Верувањето на усните, исчезнаа од видикот низ брегот, воздивнавме со олеснување.

„Тие се како *џините*“, прошепоти Зејд. „Да, како *џините* кои не ги знаат ниту животните радости, ниту стравот од смртта... Тие се храбри и силни во верата, тоа никој не може да го одрече – но единствено за што тие сонуваат е крвта, смртта и рајот...“

И како во предизвик кон мрачниот пуританизам на *ихваните*, тој започна да пее, полугласно, сосема световна сириска љубовна песна: „Ој, девојко со златнокафеава плот...“

Штом целосно се замрачи, ние го продолживме нашето таинствено патување во насока кон далечниот Кувајт.

*

* *

„ПОГЛЕДНИ, ВУЈКО!“ ненадејно извика Зејд. „Оган!“

Тоа беше премногу мал оган за бедуински логор; можеби осамен овчар? Но кој овчар би се осмелил да запали оган овде, освен ако ни им припаѓа на бунтовниците? Сепак, би било подобро да се испита. Ако е тоа само еден човек, лесно можеме да се погрижиме за него, а исто така, можеби, да собереме бесценети информации за движењето на непријателот во тоа подрачје.

Почвата беше песоклива и копитата на нашите камили не правеа речиси никаков шум додека внимателно се приближувавме кон огнот. На неговата светлина можевме да распознаеме превиткана фигура на осамен бедуин. Изгледаше дека гледа во мракот во наш правец, а тогаш, небаре задоволен од она што го видел, се крена без брзање, ги прекрсти рацете на градите – можеби да покаже дека не е вооружан – и мирно, без и најмалку страв, чекаше на нашето доаѓање.

„Кој си ти?“ остро викна Зејд насочувајќи ја својата пушка кон испокинатиот странец.

Бедуинот полека се насмевна и одговори со длабок, звучен глас: „Јас сум Сулуби...“

Причината за неговиот мир сега стана очигледна. Чудното, слично на Цигани племе (или подобро речено група од племиња) на кое му припаѓаше тој никогаш не учествувало во речиси непрекинатите бедуински војувања во Арабија; не се ничии непријатели ниту некој ги напаѓа.

Сулубиите останале сè до денес загатка за сите истражувања. Никој навистина не го знаеше нивното потекло. Познато е дека тие не се Арапи, нивните сини очи и светлокафеава коса не се совпаѓаат со нивната кожа изгорена од сонцето и потсеќаваат на северните подрачја. Старите арапски историчари ни велат дека тие се потомци на крстоносците кои ги заробил Салахудин и ги донел во Арабија, каде подоцна станале муслимани; и, навистина, името Сулуби го има истиот корен како и зборот *салиб*, то ест „крст“, а *салиби* значи „крстоносец“. Тешко е да се каже дали ова објаснување е точно. Во секој случај, бедуините ги сметаат Сулубиите за неарапи и со нив постапуваат со некој вид толерантен презир. Тие овој презир го објаснуваат, тој е во остар контраст со инаку силната нагласеност на Арапите за човечка еднаквост, со тврдењето дека овие луѓе не се навистина муслимани по убедување и дека не живеат како муслимани. Тие нагласуваат дека Сулубиите не се женат туку живеат „во заедништво како пци“, не обзрнувајќи се дури ни на блиското крвно сродство, и дека јадат мрша која муслиманите ја сметаат за нечиста. Ова, меѓутоа, би можело да биде и подоцнежна рационализација. Јас сум повеќе наклонет кон мислењето дека свеста за расната необичност на Сулубиите ги навела крајно расно свесните бедуини да повлечат магичен круг на презир околу нив – инстинктивна одбрана против мешањето на крвта, коешто мора да било мошне примамливо во случајот на Сулубиите; бидејќи тие, речиси без исклучок, се убав народ, повисоки од повеќето Арапи, со мошне правилни црти на лицето; жените, особено, се мошне мили, полни со неопислива грациозност на телата и движењето.

Но, која годе да е причината, бедуинскиот презир кон Сулубиите им го направил животот сигурен; секого

кој ќе ги нападне или ќе им нанесе штета неговите соплеменици го гледаат како да ја загубил својата чест. Покрај ова, сите жители на пустината високо ги ценат Сулубиите како ветеринари, седлари, котлари и ковачи.

Иако бедуинот премногу ја презира рачната работа, таа сепак му е потребна, а Сулубито е тука за да му помогне во неговата потреба. Тие исто така се и успешни овчари а, над сè, непобитни мајстори на ловечката вештина. Нивната вештина да ги следат трагите е речиси легендарна и единствено со нив можат да се споредат бедуините Ел-Мура, на северните рабови на Празните краишта.

Смирен од сознанието дека нашиот нов познајник е Сулуби, му реков отворено дека ние сме луѓе на Ибн Сауд – што беше сосема сигурно во однос на почитувањето кое овие луѓе го имаат кон власта – и побарав да го изгасне оганот. Откако тоа беше сторено, се сместивме на земјата и започнавме долг разговор.

Не можеше многу да ни каже за распоредот на Ед-Давишовите сили, „бидејќи“, рече тој, „тие се постојано во движење, како *џините*, никогаш не мируваат долго на едно место“. Меѓутоа, се покажа дека никакви поголеми групи на *ихвани* нема во наша непосредна близина токму сега, иако малите групи непрестајно крстосуваат низ пустината во сите насоки.

Ненадејно ми падна на ум една идеја: дали би можеле да го искористиме ловечкиот и трагачкиот инстинкт на овој Сулуби да нè одведе до Кувајт?

„Дали некогаш си бил во Кувајт?“ го прашав.

Сулубито се насмеа. „Многу пати. Таму продавав кожи од газела, масло и волна од камила. Па, има десет дена откако се вратив оттаму.“

„Тогаш можеби ти би можел да нѐ водиш до Кувајт? – Мислам, да нѐ водиш на таков начин што на патот ќе ги избегнеме средбите со *ихваните*?“

Сулубито размислуваше неколку мига околу ова прашање, а потоа, колебајќи се, одговори: „Би можел, но тоа би било мошне опасно за мене ако ме фатат *ихваните* со тебе. Сепак би можел, но... тоа многу би те чинело.“

„Колку?“

„Па...“ – можев да го распознаам треперењето на алчност во неговиот глас – „па, господару, кога би ми дал сто ријали, би можел да ве водам тебе и твојот пријател до Кувајт на таков начин што би можеле да нѐ видат само птиците од небото.“

Сто ријали соодвествуваше на износ од десет златни фунти – смешно мал износ во однос на она што би значело тоа за нас: но Сулубито веројатно никогаш во животот немал толку многу пари во готово во рацете.

„Ќе ти дадам сто ријали – дваесет сега, а останатото кога ќе стигнеме во Кувајт.“

Нашиот иден водич очигледно не очекуваше дека неговото барање ќе биде толку лесно прифатено. Можеби жалеше што не побара поголема цена зошто, како дополнително размислување, тој додаде:

„Но, што е со мојата камила? Ако јавам со вас до Кувајт, а потоа назад, кутрото животно ќе биде мошне исцрпено, а јас имам само едно...“

Не сакајќи да го продолжам преговарањето, веднаш одговорив: „Ќе ја купам твојата камила. Ти ќе јаваш до Кувајт, а таму ќе ти ја подарам – но ќе мора да нѐ водиш и назад.“

Тоа беше повеќе отколку можеше да се надева. Со голема живост тој се крена, исчезна во мракот и повторно се појави по неколку минути водејќи старо, но очигледно силно животно. По ценкањето се договоривме за сто и педесет ријали, под услов сега да му исплатиме педесет, а останатото, заедно со неговата награда, во Кувајт. Зејд го донесе ќесето наполнето со ријали од едната од нашите вреќи на седлото и јас почнав да ги бројам монетите во скутот на Сулубито. Од длабочината на својата извалкана туника тој извлече парче крпа во која беа врзани неговите пари; откако почна да ги додава моите ријали кон неговата заштеда, болскотот на новите пари го привлече мојот поглед.

„Чекај!“ извикнав, ставајќи ја својата рака врз неговата. „Да го видам твојот сјаен ријал.“

Колебајќи се, небаре се плаши дека ќе биде ограбен, Сулубито внимателно ја стави монетата врз дланката од мојата рака. Го почувствував остриот раб, како нова монета, но за да бидам сигурен, запалив кибрит и ја погледнав одблизу. Тоа навистина беше талир на Марија Терезија – нов небаре тукушто излезен од ковачница. Додека го држев кибритот над остатокот од парите на Сулубито, открив уште пет или шест монети, исто така блескаво нови.

„Каде ги доби овие ријали?“

„Чесно дојдов до нив, господару, се колнам... Не сум ги украл. Еден Мутајри ми ги даде пред неколку седмици близу Кувајт. Тој од мене купи ново седло бидејќи неговото беше скршено...“

„Мутајри? Сигурен ли си?“

„Сигурен сум, господару, и Бог нека ме убие ако лажам... Тој беше Ед-Давишов човек, еден од групата која

неодамна се бореше против емирот од Хаил. Секако не сум погрешил зашто зедов пари за седлото... Па не можев да одбијам, а сигурен сум дека Шеикот, Бог нека му го продолжи животот, ќе го разбере тоа...“

Го убедив дека Кралот нема да биде лут на него и неговиот немир стивна. Испитувајќи го понатаму, дознав дека многу Сулубии примале такви нови ријали од разните приврзаници на Ед-Давиш во замена за стока или за мали услуги...

*

* *

НАШИОТ СУЛУБИ НАВИСТИНА се покажа како извонреден водич. Тој нè водеше три ноќи по кривите патишта низ бунтовничкото подрачје, преку беспаќата кои ниту Зејд, кој добро ја познава оваа земја, никогаш порано не ги видел. Деновите ги минувавме во засолниште; Сулубито навистина беше специјалист да пронајде извонредни места за криење. Во една пригода тој нè донесе до еден бунар кој, како ни рече, им е непознат дури и на бедуините од тоа подрачје; неговата збајатена, кафеава вода ја изгасна жедта на нашите камили и ни овозможи да ги наполниме нашите мевови. Само двапати видовме групи на *ихвани* во далечината, но ниеднаш не беа во можност да нè видат.

Четвртото утро од нашата средба со Сулубито стигнавме пред градот Кувајт. Не му пријдовме од југозапад, како што би сториле патниците од Нецд, туку од Запад, долж патот од Басра, така што секој кој би нè сретнал би помислил дека сме ирачки трговци.

Кога стигнавме во Кувајт, се сместивме кај еден трговец кого Зејд го познаваше од времето кога бил во ирачката полиција.

Влажната, тешка топлина лебдееше врз песочните улици и куќите градени од цигли сушени на сончева топлина; навикнат на отворените степи на Нецд, наскоро бев влажен од потта. Но немаше време за одмор. Оставајќи го Сулубито да се грижи за камилите – со строга наредба никому да не спомне од каде сме дојдени – Зејд и јас тргнавме во чаршијата да ги извршиме нашите први испитувања.

Бидејќи не бев запознаен со Кувајт, а не сакајќи да го направам Зејд сомнителен со своето присуство, останав речиси цел час сам во една кафеана, пиејќи кафе и пушејќи наргила. Кога Зејд конечно се врати, според неговиот триумфален израз беше очигледно дека пронашол нешто важно.

„Да излеземе надвор, вујко! Полесно е да се разговара на пазарот за да не нè слушне некој. А еве донесов нешто за тебе – а исто така и за себе“ – и под својата *абаја* извади два ирачки *игала* од дебела, растресито плетена кафеава волна. „Ова од нас ќе направи Ирачани.“

Преку дискретно испитување Зејд утврдил дека неговиот поранешен партнер – другар од неговите поранешни денови од криумчарењето во Персискиот залив – сега живее во Кувајт, очигледно сè уште занимавајќи се со својата вообичаена трговија.

„Ако има некој што може да ни каже нешто за прометот со пушки во овој град, тоа е Бандар. Тој е Шамар како и јас – една од тие тврдоглави будали кои никогаш нема да се измират со владеењето на Ибн Сауд. Не смее да дознае дека работиме за Шеикот – и, мислам, дури ни

од каде сме дојдени, бидејќи Бандар навистина не е будала. Тој е мошне итар човек – всушност, тој во минатото премногу често ме има измамено за да имам сега доверба во него.“

Конечно го најдовме дома во една тесна улица сосема близу до главниот пазар. Беше висок и слаб, стар можеби четириесет години, со тесно поставени очи и со кисел, нерасположен израз, но неговото лице искрено се разведри кога го здогледа Зејд. Поради мојата светла кожа, претставен сум како Турчин сместен во Багдад и вработен околу извозот на арапски коњи од Басра за Бомбај. „Но сега не се исплати да се извезуваат коњи за Бомбај“, додаде Зејд. „Тие трговци од Анајза и Бурајда целосно го задушија пазарот овде“.

„Знам“, одговори Бандар, „тие валкани јужњаци на Ибн Сауд не се задоволни со тоа што ни ја одзедоа земјата; тие цврсто одлучија да ни го одземат и секојдневниот леб...“

„А што е со прометот на пушки, Бандар?“ запраша Зејд. „Би требало да има многу работа овде со сите овие Мутајр и Аџман желни да му го скршат вратот на Ибн Сауд? Ех!“

„Имаше многу промет“, одговори Бандар, спуштајќи ги рамениците. „До пред неколку месеци сосема добро заработував купувајќи пушки во Трансјорданија, а продавајќи им ги на луѓето на Ед-Давиш. Но сега сето тоа е свршено, целосно свршено. Сега не би продале ниту една единствена пушка.“

„Како тоа? Јас би помислил дека сега на Ед-Давиш би му требале повеќе отколку кога и да е порано.“

„Да“, луто одговори Бандар, „секако дека му требаат. Но тој ги добива по цена по која некој како мене и тебе

никогаш не би можеле да ги продаваме... Тој ги добива во сандаци, преку море – англиски пушки, речиси нови – а плаќа десет ријали за една пушка со двесте куршуми."

„Благодарноста му припаѓа на Бога!" Извикна Зејд со искрено чудење. „Десет ријали за речиси нова пушка со двесте куршуми! Но тоа е невозможно...!"

Навистина изгледаше невозможно, бидејќи во тоа време се употребуваа Ли-Енфилд *(Lee-Enfield)* пушки кои во Нецд чинеа околу триесет до триесет и пет ријали, без муниција; дури и ако се земе предвид дека цените во Кувајт можат да бидат пониски отколку во Нецд, огромната разлика сè уште беше необјаснива.

Бандар потсмешливо се насмеа: „Па, изгледа дека Ед-Давиш има моќни пријатели. Мошне моќни пријатели... Некои велат дека тој еден ден ќе стане независен емир во северен Нецд."

„Тоа што го велиш, Бандар", се уфрлив јас, „е сосема добро. Можеби Ед-Давиш навистина ќе стане независен од Ибн Сауд. Но тој нема пари, а без пари дури ни Александар Велики не можел да изгради кралство."

Бандар првна во громогласна смеа. „Пари? Ед-Давиш ги има многу – многу нови ријали, кои му доаѓаат во сандаци, како пушките, преку море".

„Сандаци со ријали? Но тоа е мошне чудно. Од каде би можел бедуинот да добие сандаци со нови ријали?"

„Тоа не го знам", одговори Бандар. „Но навистина знам дека речиси секој ден некој од неговите луѓе ги презема новите пратки со ријали кои им пристигнуваат преку разните трговци во градот. Па, ете, вчера го видов Фархан ибн Машхур во пристаништето како го надгледува истоварот на таквите сандаци".

Ова навистина беше новост. Добро го познавав Фархан. Тој беше син на внукот на оној познатиот сириски бедуински принц, Нури еш-Шалан, кој некогаш се борел со Лоренс против Турците. Првпат го сретнав младиот Фархан во 1924 во Дамаск, каде беше познат по своите пијанки на сите сомнителни места за забава. По некое време тој се скара со својот вујко, емигрира со група од своето племе Рувала во Нецд, каде ненадејно стана „побожен" и му се придружи на движењето на *ихваните*. Повторно го сретнав во 1927 во дворецот на Ибн Мусаад во Хаил. Тогаш веќе имаше на главата голем бел турбан на *ихваните* како симбол на својата новопронајдена вера и уживаше во дарежливоста на Кралот; кога го потсетив на нашите поранешни средби во Дамаск, тој брзо ја смени темата. Глупав и амбициозен каков што беше, тој во бунтот на Ед-Давиш виде можност да добие независен емират за себе во Ел-Јафва, оазата северно од Големиот Нуфуд, бидејќи во Арабија, како и на друго место, бунтовниците ја следат старата практика да ја делат лавјата кожа пред лавот да биде убиен.

„Тоа значи дека Фархан е овде во Кувајт?" го прашав Бандар.

„Секако. Тој доаѓа овде исто толку често како и Ед-Давиш и оди слободно во дворецот на шеикот. Велат дека тој многу му се допаѓа на шеикот."

„Но зар Британците не се противат на доаѓањето на Ед-Давиш и Фархан во Кувајт? Ми се чини, се сеќавам, дека пред неколку месеци тие изјавија дека нема да му дозволат на Ед-Давиш и на неговите луѓе да доаѓаат во ова подрачје..."

Бандар повторно се насмеа громогласно: „Така беше, така беше. Но, ти реков: Ед-Давиш има многу моќни

пријатели... Не сум сигурен дали тој токму сега е во градов; но Фархан е. Тие секоја вечер одат во Големата џамија на акшамскиот намаз – можеш да го видиш таму со сопствени очи, ако не ми веруваш...“

И навистина го видовме. Кога, следејќи го Бандаровиот совет, Зејд и јас рано предвечер шетавме во близина на Големата џамија, за малку ќе се судревме со група бедуини, според облеката без сомнение од Нецд, кои се појавија на аголот од улицата. На нивно чело беше човек на средни триесетти години, малку понизок од високите бедуини кои го опкружуваа и следеа, со убаво лице, обвиткано со куса, црна брада. Веднаш го препознав. Ни денес не знам дали тој ме препозна мене; неговите очи за миг ги сретнаа моите, преминаа преку мене со збунет израз, небаре се обидуваше да се сети на нешто, а потоа се сврте; малку подоцна тој и неговата придружба се загубија во масата луѓе која одеше кон џамијата.

Одлучивме нашиот таен престој во Кувајт да не го продолжуваме непотребно чекајќи можност да го видиме и Ед-Давиш. Откритијата на Бандар беа потврдени со Зејдовите вешти испитувања на другите познајници во градот. Таинсвеното снабдување на Ед-Давиш со Ли-Енфилд пушки – само површно маскирано како „набавки“ – јасно водеше до еден кувајтски трговец кој секогаш бил истакнат како увозник на оружје; големите износи на ријалите Марија Терезија директно од ковачниците кои кружеа во пазарите на Кувајт речиси во секој случај водеа до Ед-Давиш и луѓето околу него. Немајќи можност да ги видиме неговите магацини и да ги испитаме документите за испраќање – што одвај беше во границите на веројатноста – имавме доволно докази да ги потврдиме сомненијата на Кралот кои ги изрази за време на разговорите со мене.

Мојата задача беше завршена и следната ноќ ние го напуштивме Кувајт тајно како што дојдовме. Додека Зејд и јас истражувавме по пазарите, нашиот Сулуби дозна дека моментално нема бунтовнички групи јужно од Кувајт. Така ние тргнавме на југ – кон покраината Ел-Хаса, која беше цврсто под контролата на Кралот. По два енергични ноќни марша, сретнавме, недалеку од брегот, одделение од бедуини Бену Хиџар кои ги беше испратил емирот на Ел-Хаса за да ги извидат последните позиции на бунтовниците; во нивна придружба повторно влеговме во лојалната територија. Кога веќе бевме сигурни во подрачјето на Ибн Сауд, се разделивме од нашиот Сулуби водич кој, задоволно ставајќи ја својата добро заработена награда во својот џеб, замина кон запад на коњот кој му го „подарив“, додека ние продолживме кон југ во насока кон Ријад.

*

* *

СЕРИЈАТА НА СТАТИИ кои ги напишав потоа првпат јасно разјаснија дека бунтовниците ги помага голема европска сила. Во нив беше нагласено дека главна цел на овие интриги е да ги потиснат границите на Ибн Сауд кон југ и, конечно, да ги претворат неговите најсеверни покраини во „независно“ кнежество меѓу Саудиска Арабија и Ирак, кое би им дозволило на Британците да изградат железничка пруга низ неговото подрачје. Освен тоа, Ед-Давишовиот бунт дал добредојдени средства во кралството на Ибн Сауд за да се создаде толку конфузија за тој да не биде во состојба повеќе да им се опира, како што дотогаш правел, на британските барања за две важни концесии: една од нив е да им го даде под наем пристаништето Рабигх на Црвеното Море, северно од Џеда,

каде што Британците одамна сакаа да постават поморска база, и другата, контрола на оној сектор на железничката пруга Дамаск-Медина кој минува низ Саудиска територија. Поразот на Ибн Сауд во борбата со Ед-Давиш би ги приближил овие планови до можноста за нивно остварување.

Објавувањето на моите статии во европскиот и арапскиот (главно египетскиот) печат беше сензација; можеби токму тоа прерано откривање на тајните планови придонесло малку за нивното спречување. Во секој случај, планот за британската железница од Хаифа до Басра оставен е да падне во заборав наспроти големите суми пари кои, изгледа, беа потрошени на прелиминарните премерувања и за нив веќе никогаш не се слушна.

Она што се случи потоа е работа на историјата: тоа исто лето од 1929 Ибн Сауд протестираше кај Британците против слободата дадена на Ед-Давиш да набавува оружје и муниција во Кувајт. Бидејќи тој немаше опиплив „доказ" дека ова оружје го испорачува некоја странска сила, Кралот можеше да протестира само против самата продажба. Британските трговци одговорија дека трговците од Кувајт ги снабдуваат со оружје бунтовниците, а дека Британија не може да стори ништо за да го спречи тоа, бидејќи со спогодбата во Џеда од 1927 отстранета е забраната за увоз на оружје во Арабија. Ако сака Ибн Сауд, рекоа тие, и тој може да увезува оружје преку Кувајт... Кога Ибн Сауд даде приговор дека истата таа спогодба ги обврзува и Британија и Саудиска Арабија на своето подрачје да ги спречуваат сите активности насочени против сигурноста на другата страна, го доби одговорот дека Кувајт не може да се смета за „британско подрачје" бидејќи тоа е независен шеикат кој со Британија има само спогодбени односи...

И така граѓанската војна продолжи. Доцна во есента 1929 Ибн Сауд лично поведе борба, овојпат решен да го прогони Ед-Давиш дури во Кувајт ако тоа подрачје – како што секогаш во минатото било случај – остане отворено за бунтовниците како прибежиште и база за понатамошни операции. Соочени со овој одлучен став, за кој Ибн Сауд се погрижи да им биде јавен на британските власти, тие очигледно сфатија дека би било ризично играта да ја продолжат понатаму. Испратени се британски авиони и оклопни возила за да го спречат повторното повлекување на Ед-Давиш на кувајтска територија. Бунтовникот сфатил дека неговата кауза е загубена; тој никогаш нема да биде кадар да му се спротивстави на Кралот во отворена битка и така почна да преговара. Условите на Кралот беа остри и јасни: побунетите племиња мораат да се предадат; оружјето, коњите и камилите да им бидат одземени; животот на Ед-Давиш ќе биде поштеден, но мора остатоткот од својот живот да го помине во Ријад. Ед-Давиш, постојано така активен и полн со движење, не можеше да се осуди себеси на неактивност и неподвижност; ја одби понудата. Борејќи се очајнички со надмоќните сили на кралот, бунтовниците беа целосно разбиени. Ед-Давиш и уште неколку други водачи меѓу нив Фархан ибн Машхур и Наиф ибн Килаб, главатар на Аџманите, избегаа во Ирак.

Ибн Сауд побара екстрадиција на Ед-Давиш. Некое време изгледаше дека ирачкиот крал Фејсал ќе го одбие неговото барање повикувајќи се на стариот арапски закон на гостопримство и прибежиште, но конечно попушти. На почетокот од 1930 Ед-Давиш, сериозно болен, му беше предаден на Кралот и донесен во Ријад. Кога по неколку седмици стана очигледно дека овојпат нависти-

на умира, Ибн Сауд, со неговата вообичаена широкоградост, нареди да го вратат кај неговото семејство во Артавија, каде заврши неговиот бурен живот.

Уште еднаш повторно завладеа мир во кралството на Ибн Сауд...

*

* *

И УШТЕ ЕДНАШ ЗАВЛАДЕА МИР околу бунарите на Арџа.

„Бог нека ви го продолжи животот, патници! Примете ја нашата дарежливост!“ извикнува стариот бедуин Мутајри, а неговите луѓе ни помагаат да ги напоиме нашите камили. Сите омрази и непријателства на толку блиското минато се чинеше дека беа заборавени небаре никогаш и не постоеле.

Бидејќи бедуините се чудна раса: подготвени да избувнат со неконтролирана страст дури и на незамислива провокација, а исто толку брзо подготвени да се вратат на постојаниот ритам на живот во кој преовладуваат умереноста и љубезноста: секогаш рај и пекол во непосредна близина.

И додека ја извлекуваат водата со нашите камили во своите огромни кожни ведра, овчарите Мутајри пеат во хор:

„Пијте и не штедете ја водата,

бунарот е полн со милосрдие и нема дно...“

– 3 –

ПЕТТАТА НОЌ ПО НАШЕТО заминување од Хаил влегуваме во рамнината на Медина и ги гледаме темните контури на ридот Ухуд. Камилите се движат со заморен чекор; имаме долг марш зад нас, од рано изутрината до длабоко во ноќта. Зејд и Менсур се молчаливи, а и јас молчам. На месечината пред нас се појавува градот со своите запчести ѕидови и тенкото, право минаре на Пратениковата Џамија.

Стигнуваме до портата која, бидејќи гледа кон север, е наречена сириска порта. Камилите се плашат пред сенките на нејзините тешки бастиони и мораме да употребиме стапови за да ги натераме да влезат низ портата.

Сега сум повторно во Пратениковиот Град, дома по долго талкање, бидејќи овој град беше мој дом неколку години. Длабоката, блиска тишина владее во заспаните, празни улици. Овде-онде по некој пес мрзеливо се крева пред стапките на камилите. Еден младич поминува пеејќи; неговиот глас се ниша во мек ритам и се губи во некоја странична уличка. Резбаните балкони и чардаците на куќите висат над нас, темно и бесшумно. Воздухот осветлен од месечината е млак како свежо млеко.

Ете ја и мојата куќа.

Менсур се простува за да оди кај некои пријатели, додека ние двајцата ги пуштаме камилите да легнат пред вратата. Зејд без зборови ги спушта и почнува да ги истоварува седлата. Чукам на вратата. По некое време слушам однатре гласови и чекори. Се појавува светлината од ламбата во прозорецот над вратата, бравата е отклучана и мојата стара куќна помошичка, Суданката Емина, извикнува радосно:

„Ох, мојот господар се врати дома!“

IX. Персиско писмо

– 1 –

ПОПЛАДНЕ Е. Седам со пријателот во неговата палмова градина непосредно зад јужната порта на Медина. Многуте палмови стебла во градината се прелеваат во сиво-зелениот самрак на неговата длабочина правејќи да изгледа бескраен. Дрвјата се сè уште млади и ниски; сончевата светлина танцува над стеблата и шилестите лакови на папратите. Нивното зеленило е малку плашливо поради песочните луњи кои се јавуваат речиси секој ден во ова време од годината. Само дебелиот килим од детелина под палмите е блескотен, чисто зелен.

Недалеку пред мене се креваат градските ѕидишта, стари, сиви, градени од камен и тули, со бастиони овде-онде истурени напред. Зад ѕидот се гледаат раскошни палми од некоја друга градина во градот и куќи со затемнети куќни прозорски капаци и затворени балкони; некои од нив се вградени во градскиот ѕид и станале дел од него. Во далечината гледам пет минариња од Пратениковата Џамија, високи и тенки како звуци од флејта, голем зелен свод кој ја надвишува и сокрива малата куќа на Пратеникот – неговиот дом додека живеел, а негов гроб кога умрел – а уште понатаму, зад градот, камена област

на ридот Ухуд: кафеавкаво-црвена заднина за белите минарињa на Светата Џамија, коронки на палми и многу градски куќи.

Небото, заслепувачки осветлено од попладневното сонце, лежи кристално чисто над светликавите облаци, а градот се капе во сините и златно-зелени линии светлина. Во височините ветерот си игра со меките облаци, кои во Арабија можат да бидат многу мамливи. Овде никогаш не можете да кажете: „Сега е облачно, наскоро ќе има дожд“, бидејќи дури и кога ќе се натрупаат тешки облаци, како да се заканува луња, често се случува од пустината ненадејно да зафучи ветер и да ги растури; лицата на луѓето кои очекувале дожд се свртуваат во тивка резигнација и мрморат: „Никој нема сила ниту моќ освен Бог“ – додека небото повторно блескоти со светлосина бистрина без милост.

Се простувам со својот пријател и одам назад кон градската порта. Еден човек минува гонејќи две магарења натоварени со детелина, а самиот јавајќи на третото. Тој го крева својот стап за поздрав и вели: „Мирот нека биде со вас“, а јас одговарам со истите зборови. Тогаш доаѓа една млада бедуинка; нејзината црна наметка се влече зад неа, а долниот дел од лицето ѝ е покриен со превез. Нејзините сјајни очи се толку црни што зеницата и шарениците се слеваат во едно, а нејзиниот чекор има нешто од нерешителната ритмична напнатост на младите степски животни.

Влегувам во градот и минувам преку огромниот, отворен сквер на Ел-Менака до внатрешниот градски sид; под тешкиот лак на египетската порта, под која седат менувачите на пари sвечејќи со своите златни и сребрени

монети, влегувам во главниот пазар – улица широка одвај четири метри, тесно набиена со дуќани околу кои пулсира мал, но остар животен ритам.

Продавачите ја фалат својата стока со весели песни. Живите прекривки за главата, свилени шалови и фустани од сликана кашмирска волна ги привлекуваат погледите на минувачите. Златарите клечат зад малите стаклени кутии со бедуински накит – алки за раце, нараквици, ѓердани и обетки. Продавачите на мириси ги изложуваат садовите полни со к'на, мали црвени ќесички исполнети со антимон за боење на трепките, шарени шишиња со масло и мириси, и куп со зачини. Трговците од Нецд продаваат бедуинска опрема, седла за камили и сини и црвени вреќи за седло од Источна Арабија, украсени со долги реси. Еден продавач трча по улиците, викајќи на цел глас, со персиски килим и *абаја* од влакна од камила преку рамениците, а со бакарен самовар под раката. Река од луѓе во двата правца, луѓе од Медина и цела Арабија и – бидејќи ацилакот е неодамна завршен – од сите земји меѓу степите Сенегал и Киргизија, меѓу Источна Индија и Атланскиот Океан, меѓу Астрахан и Занзибар; но наспроти многуте луѓе и тесните улици, овде нема лудо брзање, ниту туркање и метеж: во Медина времето не брза.

Но она што може да се чини уште почудно е тоа дека и покрај големата разновидност од човечки типови и костуми кои ги полнат улиците на Медина, на нив нема ништо од „егзотичната" смеша; разновидноста на изгледот се открива само во окото решено да анализира. Се чини дека сите луѓе кои живеат во овој град, или дури привремено престојуваат во него, наскоро паѓаат во нешто што би можело да се нарече идентичност на расположението и според тоа и однесувањето и, речиси, дури и израз на лицето;

бидејќи сите паѓаат под милноста на Пратеникот, чијшто град бил некогаш и чии гости се сега тие...

Дури и по тринаесет века неговото духовно присуство овде е речиси исто толку живо како што било тогаш. Само поради него расфрлените села, кои некогаш се викале Јесриб, станале град што го сакаат сите муслимани сè до денес, како што ниеден град никаде во светот не е сакан. Тој дури нема ни свое сопствено име; повеќе од тринаесет векови е нарекуван „*Мединет ен-Неби*“, (Градот на Пратеникот). За повеќе од тринаесет векови, толку многу љубов се собирала овде што сите форми и движења постигнале некој вид блиска сличност, а сите разлики во изгледот наоѓаат тонски премин во заедничката хармонија.

Ова е среќа која секогаш се чувствува тука – оваа соединувачка хармонија. Иако животот во Медина денес има само формална, далечна врска со она кон што Пратеникот се стремел, иако духовната свест за исламот овде ослабнала, како и во многу други делови од муслиманскиот свет, некаква неопишлива емоционална врска со неговото големо духовно минато останала жива. Никогаш ниеден град не бил толку сакан поради една личност; никогаш ниту еден човек, мртов преку тринаесет века, не бил сакан толку лично и од толку многу луѓе, како оној што лежи погребан под големиот зелен свод.

Меѓутоа, тој никогаш не тврдел дека е нешто друго освен обичен смртник, а никогаш ни муслиманите не му припишувале божествени својства, како што правеле толку многу следбеници на другите пратеници по нивната смрт. Всушност, самиот Куран е преполн со тврдења кои ја истакнуваат човечката природа на Мухамед:

„Мухамед е само пратеник! И пред него имаше пратеници па, ако умре или ако биде убиен ќе се вратите ли по стапките ваши?“[51] Неговата целосна безначајност пред величеството на Бога вака е изразена во Куранот: **„Кажи (Мухамеде): ‚Не сум моќен за себе ни да си наштетам ни да си помогнам, освен она што Аллах го сака. Кога би ја знаел тајната би ги зголемил добрата и не би ме нашло зло. Јас сум само радосник и предупредител за луѓето кои веруваат.‘“**[52]

Токму затоа што тој бил само човек, затоа што живеел како и другите луѓе, уживајќи ги радостите и трпејќи ги злата на човечкото постоење, можеле оние околу него да го опкружат со својата љубов.

Оваа љубов ја надживеала неговата смрт и понатаму живее во срцата на неговите следбеници како *лајтмотив* на мелодија изградена од многубројни тонови. Таа живее во Медина. Таа ви зборува од секој камен од древниот град. Можете речиси да ја допрете со своите раце, но не можете да ја изразите во зборови...

– 2 –

ДОДЕКА МИНУВАМ НИЗ пазарот во насока кон Големата Џамија, многу стари познајници ме поздравуваат. Му мавнувам со главата на овој или оној трговец и конечно попуштам пред навалувањето на својот пријател Ез-Зугајби да седнам со него на малиот ќепенок, на кој им продава платно на бедуините.

[51] Куран, 3:144. (Заб. на прев.)
[52] Куран, 7:188. (Заб. на прев.)

„Кога се врати, Мухамеде, и откаде? Веќе со месеци не си бил овде.“

„Доаѓам од Хаил и од Нуфуд.“

„А зарем нема да останеш дома некое време?“

„Не, брате, заминувам за Мека задутре.“

Ез-Зугајби го викна момчето од кафеаната преку патот и наскоро малите филџани sвечкаат пред нас.

„Но зошто, Мухамеде, сега одиш за Мека? Сезоната на аџилакот помина...“

„Не е желбата за аџилак тоа што ме води за Мека. Како и да е, зарем не сум аџија веќе пет пати? Но некако имам чувство дека нема долго да останам во Арабија и сакам уште еднаш да го видам градот во кој започна мојот живот во оваа земја...“ А тогаш додавам со насмевка: „Па, брате – право да ти кажам, и јас самиот не знам зошто одам за Мека, но знам дека морам...“

Ез-Зугајби потврдува со главата во чудење: „Ти би ја напуштил оваа земја и своите браќа? Како можеш да зборуваш така?“

Позната фигура минува со долг, забрзан чекор; тоа е Зејд, очигледно барајќи некого.

„Еј, Зејде, каде?“

Тој се свртува ненадејно кон мене со нестрпливо лице:

„Тебе те барам, вујко; имаше едно снопче писма во поштата што чекаа на твојот одговор. Еве ги. Мирот нека биде со тебе, шеику Ез-Зугајби!“

Седејќи со прекрстени нозе пред дуќанот на Ез-Зугајби, го прегледувам снопчето писма; има неколку писма од пријатели од Мека; едно од уредникот на *Neue Züricher Zeitung* од Швајцарија чијшто дописник бев во текот на последните шест години; едно од Индија со повик да

дојдам таму и да се запознаам со најголемата муслиманска заедница на светот; неколку писма од разните делови на Блискиот Исток; едно со поштенска марка од Техеран – од мојот добар пријател Али-ага, од кого немав вести повеќе од една година. Го отворам и преоѓам преку страниците прекриени со елегантниот персиски ракопис на Али-ага:

„За нашиот сакан пријател и брат, светлина на нашето срце, почитуваниот Асад-ага, Бог нека му го продолжи животот и нека го заштити на неговиот пат. Амин.

Мирот и милоста Божја нека бидат засекогаш со вас. Го молиме Бога да ви подари здравје и среќа, знаејќи дека ќе ве радува да чуете дека и ние сме во добро здравје, благодарение на Бога.

Не ви пишавме долго време поради необичните настани во нашиот живот во последните месеци. Нашиот татко, Бог нека му се смилува, почина пред една година и ние, како најстар син, моравме да поминеме многу време, и имавме многу грижи околу средувањето на семејните работи. Исто така, беше Божја волја дека работите на неговиот недостоен слуга напредуваа над очекувањата, бидејќи Владата го унапреди во чинот потполковник. Покрај тоа, ние се надеваме дека наскоро ќе се соединиме во брак со една прекрасна и убава дама, нашата втора братучедка Ширин – и на тој начин ќе им дојде крај на нашите стари несредени денови. Како што му е добро познато на вашето пријателско срце, ние не бевме без грев и грешка во нашето минато – но зар не рекол Хафиз: ‚Боже, си фрлил штица среде морето – зарем си можел да посакаш да остане сува?'“

Така, стариот Али-ага конечно се смири и стана честит и угледен! Тој не беше толку честит кога го сретнав првпат, пред малку повеќе од седум години, во градот Бам, во кој беше „прогонет“. Иако тогаш имаше само дваесет и шест години, неговото минато беше полно со активности и возбудувања; тој учествувал во политичките бунтови по кои власта ја преземал Риза-кан и можел да игра значителна улога во Техеран да не живееше толку многу распуштено. Неговото присуство во зафрлениот Бам во југоисточниот агол на Иран го беше средил неговиот загрижен и влијателен татко, со надеж дека неговиот син ќе се поправи, ако биде оддалечен од уживањата на Техеран. Меѓутоа, Али-ага изгледа нашол компензација дури и во Бам – жени, арак и сладок отров опиум, на кои многу им се посветил.

Во тоа време, 1925 година, тој бил регионален заповедник во жандармеријата со чин на поручник. Бидејќи токму се подготвував да минам низ големата пустина Дашти-Лут, го побарав со препорака од гувернерот на покраината Кирман – која, пак, беше базирана врз писмото од Риза-кан, Премиер и диктатор. Го пронајдов Али-ага во сенчестата градина од портокалови дрвја, олеандри и палми низ чии круни се пробиваа сончевите зраци. Беше во кошула. На тревата имаше прострено килим, врз кој имаше садови со остатоци од храна и полупразни шишиња со арак. Али-ага се извинуваше: „Невозможно е да се најде вино во оваа проклета дупка“, и ме присилуваше да пијам домашен арак – ужасен пијалак кој немилосрдно удираше по главата. Со солзливите очи на северен Персиец го погледна писмото од Кирман, го фрли настрана и рече: „Дури и да дојдовте без препорака, јаз лично ќе ве придружував на патот низ Дашти-

Лут. Вие сте мој гостин. Никогаш не би ве пуштил сам да јавате низ пустината Балучи“.

Некој што дотогаш седеше наполу сокриен во сенката на дрвото полека се крена: млада жена со светлосина свилена туника до колениците и широки, бели Балучи панталони. Имаше сензуално лице кое небаре гореше однатре, големи црвени усни и убави, но чудно матни очи; трепките ѝ беа подвлечени со *сурма*.

„Таа е слепа“, ми прошепоти Али-ага на француски, „а пее прекрасно“.

Ѝ се восхитував на големата нежност и почит со која ѝ се обраќаше на девојката која, како јавна пејачка, ѝ припаѓа на категоријата која во Иран помалку или повеќе се изедначуваше со куртизаните; не можеше да се однесува подобро кон која и да е голема дама од Иран.

Седнавме, сите тројца, на килимот и, додека Али-ага се занимаваше со жарот и со лулето за опиум, јас разговарав со девојката Балучи. Наспроти слепилото, можеше да се смее како што можат само оние кои живеат во длабока внатрешна радост; даваше остроумни и духовити забелешки од кои не би се срамела ни една дама од високото општество. Кога Али-ага го заврши своето луле, ја позеде нежно за раката и рече:

„Овој странец, овој Австриец, секако би сакал да чуе некоја од вашите песни; тој досега никогаш не слушнал песна од Балучите.“

На нејзиното слепо лице лебдееше далечна, сонлива среќа додека ја земаше лаутата која ѝ ја подаде Али-ага. Почна да преминува преку жиците. Со длабок, рапав глас ја пееше Балучи песната која од нејзините топли усни звучеше како ехо на животот под шаторот...

Се враќам на писмото:

„Се прашувам дали сè уште се сеќавате, брате и почитуван пријателе, како во оние денови заедно патувавме низ Дашти-Лут и како моравме да се бориме за своите животи со тие Балучи бандити...?“

Дали се сеќавам? Се смеам во себе за непотребното прашање на Али-ага и се гледам со него во пустата Дашти-Лут, „Гола пустина“, која својата огромна празнина ја шири од Балуџистан длабоко во срцето на Иран. Тогаш требаше да ја преминам за да стигнам до Сеистан, најисточната покраина на Иран, а оттаму да продолжам за Авганистан; кога дојдов од Кирман, немаше друг пат освен овој.

Застанавме, заедно со нашата придружба од Балучи жандарми, во зелената оаза на работ од пустината за да изнајмиме камили и да купиме намирници за долгиот пат што ни претстоеше. Нашето привремено сместување беше во зградата на Индо-европскиот телеграф. Управникот на станицата, висок, ковчест човек, со остри очи, речиси не ме испушташе од вид, небаре ме проценуваше со своите погледи.

„Вардете се од овој човек“, ми прошепна Али-ага, „тој е бандит. Го познавам и тој знае дека го познавам. До пред неколку години тој беше вистински разбојник, но сега веќе заштедил доста пари и станал угледен – а сè уште заработува снабдувајќи ги со оружје своите поранешни колеги. Чекам само згоден момент да го фатам во тоа. Но тој е итар и тешко е да се докаже. Бидејќи слушнал дека сте Австриец, многу е возбуден. За време на светската војна некои австриски и германски агенти се обидуваа во овие краишта да ги побунат племињата против Британците; тие со себе имале врекји со златници и нашиот пријател мисли дека секој Германец или Австриец е слично опремен.“

Но итрината на управникот на станицата ни користеше бидејќи е во состојба да ми најде две најдобри камили за јавање во тој крај. Остатокот на денот измина во ценкање околу мевовите за вода, јажиња од влакно од камила, ориз, прочистен путер и многу други дребулии потребни за патување низ пустината.

Тргнавме следното попладне. Али-ага одлучи да тргне порано со четворица жандарми за да го подготви нашето место на преноќевање, и развлечената линија од нивните камили наскоро исчезна зад хоризонтот. Ние останатите – Ибрахим, јас и петтиот жандарм – ги следевме со побавен чекор.

Се нишавме (колку беше тоа ново за мене тогаш!) со чуден ритам на каскање на тенконогите камили, најпрвин низ песочните дини, жолти, ретко обележани со бусен трева, потоа подлабоко и подлабоко во рамнината – во бескрајната, глува, сива рамнина, рамна и празна – толку празна што изгледаше не дека тече туку дека паѓа кон хоризонтот, бидејќи вашите очи не можат да најдат ништо на што би запреле, ниту бразда на почвата, ни камен, ни грмушка, дури ни тревки. Никаков животински звук, никакво црцорење на птици ниту брмчење на инсекти не ја прекинуваше таа пространа тишина, а дури и ветрот, лишен од сите пречки, бришеше ниско, без глас, преку празнината – не, паѓаше во неа, како што каменот паѓа во бездната... Ова не беше тишина на смртта, туку повеќе тишина на нешто неродено, она што никогаш досега не оживеало, тишина пред Првиот збор.

А тогаш тоа се случи. Тишината се прекина. Човечкиот глас изби нежно, црцорејќи, во воздухот, и остана таму висејќи, како што беше; и вам ви изгледаше како да можете не само да го слушнете туку и да го видите, толку осамено и немаскирано лебдее над пустата рамнина. Тоа

беше нашиот Балучи војник. Тој пееше песна од своите номадски денови, полуиспеана и полуизговарана, рапсодија, брз редослед на остри и нежни зборови кои не можев да ги разберам. Неговиот глас ѕвонеше во само неколку тонови, на едно единствено ниво, со упорност која постепено растеше во нешто слично на величественост додека ја извршуваше кревката мелодија во немата игра на грлените звуци и, со чисто повторување и варирање на истата тема, се развиваше несомнено богатство во своите рамни тонови – рамни и бескрајни како земјата во која бил роден...

Делот од пустината по кој сега патувавме се викаше „Пустина на Ахмедовите ѕвона“. Пред многу години, караванот кој го водел некојси Ахмед, се загубил овде и сите, луѓе и животни, умреле од жед; сè до денес како се вели, понекогаш се слушаат ѕвоната кои ги носеле Ахмедовите камили околу вратот – сенишни, тажни звуци кои ги заведуваат невнимателните од патот и ги водат во пустинска смрт.

Кусо по заоѓањето на сонцето ги втасавме Али-ага и претходницата и се влогоривме среде некои скудни грмушки – последните што можевме да ги видиме со денови. Запаливме оган од суви гранки и го подготвивме неизбежниот чај – додека Али-ага го пушеше своето луле со опиум. Ги нахранивме камилите со каша од грубо мелен јачмен и ги полегнавме во круг околу нас. Три жандарми се поставени на стража на истурените дини бидејќи подрачјето во кое се најдовме, во тоа време, беше место на страшните напади на пустинските демони, Балучи племенските јавачи од југот.

Али-ага го беше испушил своето луле и го испи чајот и тукушто пиеше арак – сам, бидејќи јас не бев расположен да му се придружам – истрел од пушка ја прекина

тишината на ноќта. По вториот истрел, кој беше одговор на истрелот на едниот од нашите стражари, се слушна крик некаде во темнината. Ибрахим, со големо присуство на духот, веднаш го прекри огнот со песок. Се слушнаа уште неколку истрели од сите страни.

Стражарите веќе не ги видовме, само можеше да се види како еден со друг се довикуваат. Не знаевме колку напаѓачи има бидејќи беа морничаво тивки. Само одвреме-навреме слабиот болскот на светлина од пушката го откриваше нивното присуство; еднаш или двапати можев да распознаам бело облечени фигури како се преместуваат во темнината. Неколку ниско истрелани куршуми профучеа над нашите глави, но ниеден не нè погоди. Метежот постепено се стивна, уште неколку истрели беа проголтани од ноќта и јавачите, очигледно збунети од нашата будност, исчезнаа нечујно како што беа дошле.

Али-ага ги повика стражарите и одржавме кусо советување. На почетокот имавме намера ноќта да ја поминеме овде; но бидејќи немавме сознанија за моќта на напаѓачите, ниту дали ќе се вратат со засилување, одлучивме веднаш да го прекинеме логорувањето и да тргнеме.

Ноќта беше мрачна; тешките, ниски облаци ја сокриваа Месечината и ѕвездите. По правило, лете е подобро да се патува низ пустината ноќе; но во нормални услови не би се изложиле на опасност да одиме по таков мрак и да заталкаме, бидејќи тврдиот чакал на Дашти-Лут не држи никакви траги. Во дамнешните времиња иранските кралеви ги означувале караванските патишта во таквите пустини со ѕидани столбови, но како и многу добри работи од старите времиња, овие знаци веќе одамна се исчезнати. Всушност, тие веќе одамна не се потребни; жиците на Индо-европскиот телеграф, кои ги поставиле Британците на почетокот на векот од индиската граница низ Дашти-Лут

до Кирман, служат исто така добро, или дури и подобро, како патоказ; но во ноќите, како што е оваа, ниту жиците ни телеграфските столбови не се гледаат.

Ова, за наша несреќа, го откривме кога по речиси половина час жандармот кој јаваше напред како наш водич застана и неодлучно му јави на Али-ага:

„*Хазрет*, не можам да ја видам жицата...“

За миг сите останавме без збор. Имаше бунари, знаевме, само долж патот означен со телеграфска линија, а и овие беа на големи растојанија. Да се загубиш овде, значеше да страдаш како Ахмедовиот легендарен караван...

Ненадејно Али-ага прозборе на начин сосема поинаков од вообичаениот; можеше слободно да се претпостави дека аракот и опиумот се одговорни за тоа. Тој го извлече пиштолот и извика:

„Каде е жицата? Зошто ја загубивте жицата, песји синови? Ах, знам – вие сте се договориле со оние бандити и се обидувате да нè заведете за да умреме од жед и така да станеме лесен плен!“

Овој приговор секако беше неправеден, бидејќи еден Балучи никогаш не би предал човек со кого јаде леб и сол. Нашите жандарми, очигледно навредени од обвинението на својот поручник, нè уверуваа за својата невиност, а Али-ага се вмеша:

„Тишина! Веднаш најдете ја жицата или сите ќе ве убијам, синови на побеснети татковци!“

Не можев да ги видам нивните лица во мракот, но можав да насетам колку длабоко тие, слободни Балучи, ја чувствуваат оваа навреда; повеќе не се ни трудеа да одговорат. Тогаш ненадејно еден од нив – до неодамна наш

водич – се оддели од групата, ја удри својата камила со камшик и во галоп исчезна во мракот.

„Каде?“ повика Али-ага, но како одговор доби неколку неразбирливи зборови. Неколку секунди можеше да се слуша мекиот топот на чекорите од камилата, а тогаш звуците потонаа во ноќта.

Наспроти своето уверување, еден миг порано, за невиноста на Балучи жандармите, колебливата мисла се проби во мојата свест: сега отиде кај разбојниците; Али-ага сепак имаше право... Слушнав како Али-ага го откочи својот пиштол, а јас го сторив истото. Ибрахим полека ја симна својата карабинка. Седевме неподвижни во седлата. Една од камилите тивко фркна, а кундакот од пушката на еден од жандармите удри во седлото. Изминаа долги минути. Можеше да се чуе дишењето на луѓето. Тогаш, ненадејно, допре повик од голема далечина. Мене ми звучеше само како „Ооо“, но Балучите изгледа го разбраа и едниот од нив, собирајќи ги рацете пред устата, возбудено возврати некој повик на јазикот брахуи. Повторно тој оддалечен повик. Еден од жандармите се сврте кон Али-ага и рече на персиски:

„Жицата, *хазрет*! Ја пронашол жицата!“

Напнатоста попушти. Со олеснување, го следевме гласот на невидливиот извидник кој одвреме-навреме нè насочуваше. Кога дојдовме до него, тој се исправи во седлото и покажа во темнината:

„Еве ја жицата.“

И навистина, по неколку мига речиси се судривме со телеграфскиот столб.

Првата работа што Али-ага ја направи беше мошне карактеристична за него. Тој го зграпчи војникот за појасот, го привлече кон себе, наведнувајќи се преку седлото, го бакна во двата образа:

„Јас сум, а не ти, кучешки син, брате мој. Прости ми...“

Подоцна дознавме дека Балучито, ова дете на дивината, јавал по цик-цак линија додека од оддалеченост од половина милја не го слушнал брчењето на жицата на ветерот; брчење кое дури и сега, кога минував под неа, беше речиси незабележливо за моите европски уши...

Продолживме полека, вниматлелно, низ темната ноќ, од едниот до другиот телеграфски столб, еден од жандармите постојано јаваше напред извикувајќи секогаш кога со раката ќе допреше столб. Го најдовме својот пат и бевме решени повеќе да не го загубиме.

*

* *

СЕ БУДАМ ОД МОЕТО ФАНТАЗИРАЊЕ и му се враќам на писмото на Али-ага:

„Со унапредувањето во потполковник, оваа скромна личност е наместена во генералштабот; ова, сакан пријателе и брате, ни се допаѓа повеќе отколку гарнизонскиот живот во провинциски град...“

Сигурен сум во тоа; Али-ага секогаш имал смисла за живот во главниот град и за неговите интриги. И навистина, во своето писмо тој ја опишува политичката атмосфера на Техеран, тие бескрајни пречки под површината, тие заплеткани маневри со кои странските сили толку

долго успеваат да го држат Иран во состојба на вознемиреност која не ѝ дава на чудната, надарена нација да застане на свои нозе.

„Токму сега имаме непријатности со една англиска нафтена компанија; се врши голем притисок врз нашата влада да го продолжи договорот за концесија и така да го продолжи нашето ропство. Пазарите се исполнети со гласишта, и само Бог знае кон што ќе води сево ова...“

Пазарот секогаш играл најважна улога во политичкиот живот на источните земји; ова особено важи за техеранскиот пазар во кој скриеното срце на Иран чука со истрајност која се противи на секое национално пропаѓање и на секое изминување на времето. Меѓу редовите на писмото на Али-ага овој огромен пазар, речиси град самиот за себе, повторно се појавува пред моите очи толку живо небаре вчера сум го видел: широко разведениот самрачен лавиринт на ходници и премини покриени со сводови со шилести лакови. Во главната улица, непосредно покрај малите, мрачни ќепенци полни со евтини ситнурии, се наоѓаат покриени тремови со прозорци на покривот, дуќани во кои се продава најскапа европска и азиска свила; веднаш до работилницата за јажиња застаклени боксови на златарите полни со нежни филигрански изработки; шарен текстил од Бухара и Индија измешан со ретките персиски килими – ловечки килими со фигури на витези на коњи, лавови, леопарди, пауни и антилопи; ѓердани од стаклени монистри и автоматска запалка близу до машините за шиење; црни, тромави чадори непосредно покрај жолто извезените алишта од овча кожа од Хорасан: сè собрано во овој извонреден долг ходник како во некој огромен и не сосема внимателно аранжиран излог.

Во безбројните споредни улички на овој заплеткан лавиринт од ракотворби и трговија, дуќаните се групирани според занаетите. Овде гледате долга нишка на седлари и кожарски работници, доминантна боја е црвената, а киселкавиот мирис на обоена кожа го исполнува воздухот. Тука се кројачите; од секоја ниша – бидејќи повеќето дуќани се состојат од една единствена ниша со површина од околу три или четири метри квадратни – се слуша брмчењето на вредните шивачки машини; долгите фустани се обесени за продажба, постојано истите фустани – така што додека шетате понекогаш помислувате дека не се движите. Сличен впечаток имате и во многу други делови од пазарот; сепак, изобилието од сличност на секое одделно место нема ништо заедничко со монотонијата; тоа го занесува странецот и го исполнува со чувство на задоволство. Дури и ако го посетите пазарот илјада пати, вие постојано околу себе го наоѓате истото расположение, навидум непроменето – но тоа е онаа неисцрпната, треперлива непроменливост на морскиот бран кој секогаш ја менува својата форма, но ја задржува својата суштина неизменета.

Пазарот на кујунции; тоа е оркестар на бронзени ѕвона, полетни чекани кои од бакарот, бронзата и месингот исчукуваат најразновидни облици, претворајќи ги безобличните метални плочи во чинии, легени и пехари. Каква акустична сигурност во ова чукање со променливо темпо долж целиот пазар – секој човек се приспособува кон ритамот на другите, така што не смее да има никаква дисонанца во увото: стотина работници во целиот пазар само една мелодија... Во оваа длабока, повеќе од само музикална, речиси социјална желба за хармонија се појавува сокриената убавина на иранската душа.

Пазар на зачини: молчаливи редици од бела шеќерна трска, вреќи со ориз, купишта од бадеми и фастаци, лешници и семки од дуњи, легени полни со сушени кајсии и ѓумбир, месингани тепсии полни со канела, кари, црн пипер, шафран и афионово семе, многу мали бокали со анис, ванила, кумин, каранфилче и безбројни чудни тревки и корења кои испуштаат тежок, тегобен мирис. Над сјајните месингани ваги наведнати се господарите на оваа необичност, како Буди, одвреме-навреме повикувајќи ги полугласно минувачите и прашувајќи за нивните потреби. Сиот говор овде е само шепотење; не може да се биде бучен таму каде што шеќерот лесно се истура од вреќата во чинијата на вагата и не може да се биде бучен таму каде што се мери семето од мајчина душичка и анис... Тоа е она исто приспособување на тоналитетот на материјалот кое му овозможува на Иранецот да ткае благородни килими од безбројни обоени волнени кончиња – конец по конец, дел од сантиметар по дел од сантиметарот – додека целиот не се појави во своето разиграно совршенство. Не е случајно што персиските килими немаат слични во светот. Каде може да се најде овој длабок мир, оваа внимателност и задлабоченост во работењето? – каде на друго место такви темни длабочини на очите на кои времето и изминувањето на времето им значи толку малку?

Во нишите, малку поголеми од вообичаено, седат молчаливи сликари на минијатури. Тие ги копираат старите минијатури од рачно-напишаните книги кои веќе одамна се искинати на парчиња, насликувајќи ги со извонредно фини линии и бои големите работи на животот: борби и лов, љубов, среќа и тага. Нивните четки се фини и тенки како кончиња; боите не им се доверуваат на безживотните садови, туку се мешаат на живата

дланка на сликарот и се распоредуваат во ситни топченца и капкички на прстите од левата рака. На совршено белите нови страници, старите минијатури доживуваат повторно раѓање, потег по потег, сенка по сенка. Напоредно со златните заднини на оригиналите кои се лупат се појавуваат сјајни копии. Избледнетите портокалови дрвја во кралскиот двор повторно цутат во новата пролет; нежните жени во свила и крзно уште еднаш ги повторуваат своите нежни движења; повторно се раѓа сонцето над старата витешка поло игра... Потег по потег, сенка по сенка, овие молчаливи луѓе ги следат творечките доживувања на мртвиот уметник, а во нив има исто толку љубов колку што имало восхитување во него; оваа љубов прави речиси да заборавите на несовршеноста на копиите...

Времето изминува, а сликарите на минијатури седат над својот труд, не забележувајќи го денот. Времето изминува; во продавниците во пазарот во близината продира безвредна западна стока со упорна наметливост; петролејските светилки од Чикаго, испечатеното памучно платно од Манчестер и чајниците од Чехословачка напредуваат победоносно; но сликарите на минијатури седат со скрстени нозе на своите изабени сламени асури задлабочувајќи се со нежните очи и со врвовите на прстите во старите радости и им даваат на своите кралски ловечки подвизи и восхитени љубовници ново будење, ден по ден...

Безбројни се луѓето на пазарот: отмени луѓе со европски крагни и често влечејќи арапска *абаја* преку европската или полуевропската облека, конзервативни граѓани во долги *кафтани* и свилени појаси, селани и занаетчии во сини или сивокафеави капути. Дервиши што пеат – ирански аристократски питачи – во бела, лелеава

облека, понекогаш со леопардова кожа над грбот, со долга коса, повеќеминатa фино градени. Жените од средната класа, во согласност со своите можности, се облечени во свила или памук, но секогаш во црно, со традиционален кус техерански превез кој круто стои пред нивното лице; посиромашните носат памучни наметки, со светли бои со цветчиња. Старите *мули*[53] јаваат врз величествено украсените магарињa и маски и пуштаат кон странецот фанатичен поглед небаре го прашуваат: „Што правиш *ти* овде? Дали си ти еден од оние што работат на пропаста на нашата земја?“

Иранското долго искуство со западните интриги го направило народот сомничав. Ниеден Иранец навистина не очекува никакво добро што на неговата земја би му дошло од странец. Меѓутоа, Али-ага изгледа не е претеран песимист:

„Иран е стар – но сигурно не е подготвен да умре. Често сме биле угнетувани. Многу народи нè прегазувале и сите тие изумреле, а ние останавме живи. Сиромашни и угнетени, во незнаење и мрак, но остануваме живи. Ова е затоа што ние Иранците секогаш одиме по нашиот сопствен пат. Колку пати надворешниот свет се обидел да ни наметне нов начин на живот – и никогаш не успеал. Ние не им се спротивставуваме на надворешните сили со насилство и затоа понекогаш може да изгледа дека сме се предале. Но ние сме племе на мурјуната – таа мала, безначајна мравка која живее под ѕидовите. Вие, светлина на моето срце, мора да сте виделе некогаш во Иран како толку добро градените куќи со силни ѕидови ненадејно се уриваат без каква било очигледна

[53] Мула – верски учител. (Заб. на прев.)

причина. Што е причината за тоа? Само тие ситни мравки со години, со непрекинато работење, копале ходници и шуплини во темелите, постојано напредувајќи за дебелина на едно влакно, полека, трпеливо, во сите насоки – додека конечно ѕидовите не загубат рамнотежа и не се урнат. Ние Иранците сме како тие мравки. Ние не им се спротивставуваме на светските сили со гласно и бескорисно насилство, туку им допуштаме да прават што е можно полошо, а во тишината ги копаме нашите ходници и шуплини додека еден ден нивната зграда ненадејно не се урне...

Сте виделе ли што се случува кога се фрла камен во водата? Каменот потонува, на површината се појавуваат неколку круга, се шират и постепено исчезнуваат додека водата не стане мирна како порано. Ние Иранците сме таква вода.

Шахот, Бог нека му го продолжи животот, мора да носи тежок товар, со Англичаните од едната, а со Русите од другата страна. Но ние не се сомневаме дека, со Божја милост, ќе најде пат да го спаси Иран...“

Слепата верба на Али-ага во Риза-шах на прв поглед не изгледа неумесна. Тој е без сомнение една од најдинамичните личности која кога било сум ја сретнал во муслиманскиот свет, а од сите кралеви кои ги познавам, само Ибн Сауд може да се спореди со него.

Приказната за подемот на Риза-шах во власта личи на фантастична бајка, можна само на Истокот каде што личната храброст и силата на волјата можат понекогаш да го кренат човека од крајна анонимност до кулминација на водство. Кога го запознав, за време на мојот прв престој

во Техеран во 1924, тој беше претседател на владата и неспорен диктатор на Иран, но луѓето сè уште целосно не го имаа совладано гледајќи како се појавува толку ненадејно, толку неочекувано на кормилото на државните работи. Сè уште се сеќавам на чудењето со кое еден стар Иранец, службеник во германската амбасада во Техеран, еднаш ми рече: „Знаете ли дека само пред десет години овој наш претседател чуваше стража како обичен војник пред вратата токму на оваа амбасада? И дека и јас самиот понекогаш му давав писмо да му го предаде на министерот за надворешни работи и му напомнував ‚Побрзај, песји сине, и не талкај по пазарот…!'"

Да, не беше одамна кога Риза – војникот чуваше стража пред амбасадите и јавните згради на Техеран. Можам да го замислам како стои таму во изабена униформа на иранската коњичка бригада, наведнувајќи се на својата пушка и зјапајќи во животот на улиците околу себеси. Ги гледаше Персијците како се влечат во улиците како сонливи сенки или како седат во свежината на предвечерието долж каналот за наводнување како што и јас ги гледав. Од англиската банка зад него го слушаше чукањето на машината за пишување, брзањето на работните луѓе, сета онаа бучна забрзаност кое далечната Европа ја имаше донесено во таа техеранска зграда со нејзината фасада во сини керамички плочки. Можеби било тогаш, за прв пат (никој не ми го рекол тоа, но мислам дека тоа мора да било така) во нешколуваната глава на војникот Риза да се јави зачудувачка и прашална мисла: „Мора ли тоа да биде така...? Мора ли луѓето од другите нации да работат и да се трудат, додека нашиот живот тече како сон?"

Можеби токму во тој миг желбата за промена – создателот на сите големи дела, откритија и револуции –

почнала да трепери во неговиот мозок и немо да бара изразување...

Во друго време тој можел да чува стража пред портата од градината на некоја голема европска амбасада. Добро негуваните дрвја се движеле на ветрот, а почакалените патеки чкрипеле под стапалата на слугите облечени во бело. Во таа куќа среде паркот небаре престојуваше некоја мистериозна моќ; таа го заплашуваше секој Иранец кој ќе поминеше низ портата и го тераше самосвесно да ја порамни својата облека со неговите раце и да изгледа збунето и несмасно. Понекогаш елегантните кочии пристигаа, а од нив ќе излезеа иранските политичари. Војникот Риза знаел за многу од нив од видување: овој е министер за надворешни работи, оној е министер за финансии. Речиси секогаш имале напнати, престрашени лица кога влегувале низ портата и било забавно да се набљудува нивниот израз кога ја напуштале амбасадата: понекогаш блед и потиштен, небаре токму сега им е изречена смртна пресуда. Војникот Риза се прашувал: „Мора ли да биде така...?“

Понекогаш некој иранski чиновник ќе истрчал од зградата, би му тутнал писмо во раката и би рекол: „Носи го брзо тука и тука. Но побрзај, песји сине, инаку амбасадорот ќе се лути!“ Риза беше навикнал да му се обраќаат така, бидејќи ниту неговите сопствени офицери не беа поизбирливи во епитетите. Но веројатно – не, зборовите „песји сине“ ги чувствувал како убод на понижување, бидејќи знаел: тој не бил син на пес туку син на големата нација која ги познавала имињата како што се Рустем, Дариј, Наширван, Кеј Корсу, Шах Абас, Надир-шах. Но што знаеле „оние внатре“ за тоа? Што знаеле за силите што се движат како мрачна, нема струја во градите на четириесетгодишниот војник и понекогаш се заканuваат да му ги

раскинат ребрата и да го натераат да ги каса своите раце во беспомошен очај. „Ох, само да можев...“?

Желбата за самопотврдување која со липање го опфаќа секој Иранец понекогаш се крева со болна, неочекувана жестокост во војникот Риза, го разбиструва неговиот ум и му открива чудни облици во сè што гледа...

Големата Војна завршила. По болшевичката револуција, руските трупи, кои порано го окупирале Северен Иран, се повлекле; но веднаш потоа избило комунистичко востание во иранската покраина Гилан на Касписко Море, предводено од влијателниот Кучук-кан и потпомогнат од редовните руски единици на копно и море. Владата испратила трупи против бунтовниците, но недисциплинираните и слабо подготвени ирански војници трпеле пораз по пораз; ниту баталјонот во кој бил наредникот Риза, тогаш речиси педесетгодишник, не бил исклучок. Но, еднаш, кога неговата единица била натерана во бегство по еден несреќен судир, Риза веќе не можел да се воздржи. Тој истапил од разбиените редови и извикал за да може секој да чуе: „Зошто бегате Иранци – еј Иранци!“ Мора да го чувствувал истото што го чувствувал и Карло XII од Шведска кога лежел ранет на полето кај Полтава и ги видел своите војници како безглаво бегаат и ги повикал со очаен глас: „Зошто бегате, Швеѓани – еј Швеѓани!“ Но разликата е во тоа што кралот Карло крвавел од многуте рани и немал на располагање ништо освен својот глас, додека војникот Риза бил неповреден и во раката имал наполнет пиштол маузер – и неговиот глас бил силен и заканувачки додека ги предупредувал своите другари : „Кој ќе се обиде да избега, ќе го убијам – макар бил и мојот сопствен брат!“

Таквиот настап бил нешто ново за иранските трупи. Нивната забуна ја заменило чудење. Станале љубопитни: што би можел овој човек да има на ум? Некои офицери протестирале укажувајќи на безнадежноста на нивната положба; едниот од нив се потсмеал: „Да не сакаш можеби *ти* да нè водиш во победа?“ Во тој миг Риза можеби се ослободил од сите разочарувања во своите поранешни години, а сите негови неми надежи ненадејно блеснале. Го видел крајот на магичното јаже пред себе и го зграпчил. „Прифаќам“ извикнал тој и се свртел кон војниците: „Дали ме прифаќате за свој водач?“

Во ниедна нација култот на херојот не е толку вкоренет како во иранската, а овој човек овде изгледал дека е херој. Војниците заборавиле на својот страв и на бегството и радосно извикале: „*Ти* ќе бидеш наш водач!“ – „Нека биде така“, одговори Риза, „јас ќе бидам ваш водач и ќе убијам секого што ќе се обиде да избега!“ Но никој повеќе не мислел на бегство. Тие ги отфрлиле тешките раници и, ги закачиле бајонетите на своите пушки и под водство на Риза целиот баталјон се свртел и во ненадеен јуриш заробил руска батерија, ги повлекол другите ирански единици со себе, го прегазил непријателот – така што по неколку часа битката била завршена во полза на Иранците.

Неколку дена потоа телеграмата од Техеран го унапредила Риза во чин капетан, така што сега кон своето име можел да ја додаде титулата *кан*.

Тој го беше фатил крајот на јажето и се качуваше по него. Неговото име ненадејно стана познато. Во брз редослед тој станал мајор, полковник, бригадир. Во 1921 година, заедно со младиот новинар Зија ед-Дин и тројца официри извел државен удар, го уапсил корумпираниот

кабинет и, со помош на својата верна бригада, го принудил слабиот и безначаен млад шах Ахмед да именува нов кабинет: Зија ед-Дин станал претседател на владата, а Риза-кан воен министер. Не знаел ни да чита ни да пишува. Но тој бил како демон во својот поход кон власта. Станал идол на армијата и на народот, кој сега, првпат по многу векови, видел човек пред себе: водач.

Во политичката историја на Иран сцените се менуваат брзо. Зија ед-Дин исчезнува од бината и се појавува како бегалец во Европа. Риза-кан останал – како претседател на владата. Тие денови во Техеран постоеја озборувања дека Риза-кан, Зија ед-Дин и помладиот брат на Шахот, престолонаследник, коваат заговор да го симнат Шахот од престолот; се шепкало – никој до денес не знае дали е точно – дека во последниот миг Риза-кан ги издал своите пријатели кај Шахот за да не ја загрози својата сопствена иднина во толку сомнителен потфат. Но, било да е вистина или не, наскоро потоа претседателот на владата Риза-кан го советувал младиот шах Ахмед да отпатува во Европа. Го придружил со голема помпа, со автомобили до границата со Ирак и се вели дека му рекол: „Ако Вашето величество некогаш се врати во Иран, ќе можете да кажете дека Риза-кан не разбира ништо од овој свет.“

Веќе не морал да ја дели власта со никого; беше, иако всушност неименуван, единствен владетел на Иран. Како гладен волк се фрлил на работа. Целиот Иран требало да биде реформиран од врвот до дното. Дотогаш лабавата администрација е централизирана; стариот систем на изнајмување на цели покраини на најповолниот понудувач е укинат; гувернерите престанале да бидат намесници и станале чиновници. Армијата, галеничето на диктаторот, е реорганизирана според западниот модел. Риза-

кан започнал кампања против самоволните племенски главатари кои порано се сметале за мали кралеви и често одбивале да ѝ се покорат на владата во Техеран; грубо се пресметал со бандитите кои со децении го тероризирале населението надвор од градовите. Со помош на некој американски советник е воспоставен определен ред во државните финансии; приходите од данокот и цариниte почнале редовно да дотекуваат. Од хаосот се родил ред.

Како ехо од турското кемалистичко движење, во Иран се појавила републиканска идеја, прво како озборување, потоа како барање на прогресивните елементи на народот и, конечно, како отворена цел на самиот диктатор. Но, овде изгледа Риза-кан направил грешка во проценката; се појавил силен крик на протест од иранските маси.

Противењето на нарадот со републикански стремежи не беше последица на љубов кон владејачката куќа, бидејќи никој во Иран не чувствувал многу симпатии кон династијата Канџар која секогаш – поради своето туркменско потекло – била сметана за „туѓинска“; тоа не било ниту последица на каква било сентиментална наклонетост кон тркалезното, детинесто лице на шах Ахмед. Тоа беше нешто сосема поинакво: било поттикнато од стравот на народот да не ја загуби својата вера како што Турците ја загубиле својата во будењето на револуцијата на Ататурк. Во своето незнаење, Иранците не сфатиле веднаш дека републиканскиот облик на владеење многу повеќе би се согласувал со исламското сфаќање отколку монархијата; водени од конзервативноста на своите верски водачи – а можеби оправдано исплашени од отвореното восхитување на Риза-кан кон Кемал Ататурк – Иранците во неговиот предлог насетиле само закана за исламот како главна сила во земјата.

Градското население било зафатено од големо возбудување, особено во Техеран. Бесната толпа, вооружена со стапови и камења, се собрала пред зградата во која била канцеларијата на Риза-кан и почнала да го пцуе и да му се заканува на диктаторот кој уште вчера беше полубог. Помошниците на Риза-кан итно го посоветувале да не излегува пред да се смири возбудувањето, но тој ги игнорирал и, придружуван од само еден војник, целосно невооружан ја напуштил канцеларијата во затворена кочија. Штом се појавила кочијата на портата, толпата ги зграпчила уздите и ги запрела коњите. Некои ја отвориле вратата од кочијата. „Извлечи го, извлечи го ваму на улицата!“ Но тој веќе самиот излегувал, со лице сиво од бес, и почнал да ги тепа по главите и рамењата оние околу себе со својот камшик: „Кучкини синови, подалеку од мене, подалеку. Јас сум Риза-кан! Одете кај своите жени и своите постели!“ И разбеснетата толпа, која само пред неколку минути се закануваше со смрт и уништување, замолчала во допир со личната храброст; тие се повлекле, се растуриле, еден по еден, и исчезнале во споредните улици. Уште еднаш големиот водач му проговорил на својот народ; му проговорил во гнев и народот се заплашил. Можеби токму во тој миг чувството на презир ја скршило љубовта на Риза-кан за неговиот народ и засекогаш ја замрачил.

И покрај успехот на Риза-кан, републиката не се остварила. Дебаклот на неговиот план очигледно покажал дека воената моќ самата не може да доведе до „реформаторско движење“ против отпорот на народот. Тоа не значи дека Иранците биле против реформата како таква, но тие инстинктивно чувствувале дека увезената, западна политичка доктрина би значела крај на сите надежи

дека кога и да е ќе постигнат здрав развој во контекст на нивната лична култура и религија.

Риза-кан не го сфатил ова, ни тогаш ни кога било, и затоа се отуѓил од својот народ. Неговата љубов кон него исчезнала и постепено била заменета со омраза полна со страв. Почнале да се прашуваат: што, всушност, направил тој херој за својата земја? Ги пребројувале достигнувањата на Риза-кан: реорганизација на армијата – но по цена на огромните трошоци кои се префрлени како неподнослив товар врз даноците на веќе осиромашениот народ; задушени племенски бунтови – но исто така и задушени патриоти; забележлива градителска активност во Техеран – но и постојано растечка беда меѓу селаните. Народот почнал да се присеќава дека само пред неколку години Риза-кан бил обичен војник – сега беше најбогат човек во Иран, со безброј акри земјиште во своја сопственост. Дали се тоа „реформите“ за кои толку се зборувало? Дали неколкуте блескотни службени згради во Техеран и луксузните хотели што се појавиле овде-онде под влијание на диктаторот навистина претставувале некакво подобрување на судбината на народот?

*
* *

ТОКМУ ВО ОВОЈ ПЕРИОД од неговата кариера го запознав Риза-кан. Какви и да се озборувањата за неговите лични амбиции и божемната себичност, не можев да не ја признаам големината на човекот од моментот кога првпат ме прими во својата канцеларија на министерството за воени работи. Тоа беше можеби наједноставната канцеларија која ја имал некој претседател на владата кога било и каде и да е. Маса, софа прекриена со

восочно платно, неколку столчиња, мал рафт за книги, убав но скромен килим на подот – беше сѐ што содржеше таа соба; високиот, цврсто граден човек во своите педесетти години кој стана зад масата беше облечен во едноставна сивозелена униформа, без никакви медали, ленти или ознаки на својот чин.

Ме претстави германскиот амбасадор, грофот фон Шуленберг (бидејќи иако бев Австриец, претставував голем германски весник). Дури и за време на тој прв, формален разговор станав свесен за мрачниот динамизам на природата на Риза-кан. Под побелените силни веѓи ме гледаа две остри, кафеави очи – персиски очи кои обично ги покриваат тешки веѓи: чудна смеша на меланхолија и строгост. Околу неговиот нос и устата имаше горчливи линии, но изразот на цврстото, ковчесто лице оддаваше необична сила на волјата која ги држеше усните стиснати, а вилицата напната. Кога го слушавте неговиот длабок, добро модулиран глас – глас на човек навикнат да говори важни зборови и да го мери секој од нив на својот јазик пред да му дозволи да стане звук – би помислиле дека слушате човек со триесет години искуство на штабен офицер и по потекло со високо достоинство; вие одвај би поверувале дека само пред шест години Риза-кан бил наредник, а дека научил да чита и пишува пред само три години.

Тој мора да го почувствува моето интересирање за него – а можеби и мојата наклонетост кон неговиот народ – бидејќи инсистираше тоа интервју да не биде последно и ме повика, како и Шуленберг, на чај идната недела во својата летна резиденција Шерман, среде прекрасните градини, неколку километри надвор од Техеран.

Се договорив со Шуленберг прво да дојдам до него (и тој како мнозината странски претставници летото го

минувал во Шерман) и заедно да одиме во резиденцијата на претседателот на владата. Но, како што се случи, не бев во состојба да дојдам на време. Неколку дена порано бев набавил една мала ловечка кочија на четири тркала со два енергични коња. Колку беа огнени стануваше јасно неколку километри надвор од Техеран кога тие, следејќи некаков зол импулс, одбија да одат напред и постојано настојуваа да се вратат дома. Околу дваесет минути се борев со нив; конечно, оставив Ибрахим да ги однесе коњите и кочијата дома, а јас тргнав пеш во потрага по некое друго превозно средство. Пешачењето од три километри ме донесе до некое село каде што за среќа најдов една двоколка, но кога стигнав во германската амбасада, веќе беше изминало повеќе од час и половина од закажаното време. Го пронајдов Шуленберг како чекори горе-долу по својата канцеларија како бесен тигар, без својата вообичена љубезност; за неговото пруско амбасадорско чувство на дисциплина, таквата повреда на точноста е вистинска бласфемија. На моето појавување тој експлодира огорчено:

„Не можете – вие не смеете да му го правите тоа на еден претседател на влада! Зар сте заборавиле дека Ризакан е диктатор и дека, како сите диктатори, е крајно чувствителен?“

„Моите коњи изгледа го превиделе овој важен детал, грофе Шуленберг“, беше мојот единствен одговор. „Дури да се работеше и за кинескиот цар, не ќе бев во состојба да дојдам нималку порано“.

Потоа на грофот му се поврати смислата за хумор и прсна во гласна смеа:

„Богами, такво нешто никогаш порано не ми се случило! Сега да одиме – и да се надеваме дека нема да ни ја тресне вратата пред носот...“

И не ни ја тресна. Кога стигнавме во палатата на Риза-кан, чајанката веќе одамна завршила и сите гости беа отидени, а се чинеше дека диктаторот не беше нималку навреден од моето прекршување на протоколот. Откако ги слушна причините за моето задоцнување, тој извика:

„Па, јас би сакал да ги видам тие ваши коњи! Мислам дека тие мора да ѝ припаѓаат на опозицијата партија. Не знам дали би било мудро да ги сместам во затвор!“

Како и да е, моето задоцнување повеќе помогна отколку што попречи во воспоставувањето на лесен, неформален однос меѓу семоќниот претседател на владата на Иран и младиот новинар, што подоцна ми овозможи по земјата да се движам со поголема слобода отколку што им е давана на повеќето други странци.

*

* *

МЕЃУТОА, ПИСМОТО НА АЛИ-АГА не се однесува на Риза-кан од оние рани денови, човекот кој живеел во речиси неверојатна едноставност во Иран каде толку многу се сака фалењето; тоа се однесува на Риза-шах Пахлави, кој го наследил престолот во 1925 година; тоа се однесува на кралот кој се откажал од секакво глумење на скромност и сега се стреми да го имитира Кемал Ататурк во изградбата на една суетна западна фасада на старата источна земја...

Доаѓам до крајот на писмото:

„Иако, сакан пријателе, вие сега сте во светиот Град на Пратеникот, веруваме дека не сте го заборавиле ниту дека некогаш ќе го заборавите својот безвреден пријател и неговата земја...“

О, Али-ага, пријателу на моите млади дни – „светло на моето срце“, како ти самиот би го рекол тоа – твоето писмо ме опи со сеќавања: опиен од Персија каков што бев кога почнав да ја запознавам твојата земја, тој стар, темен скапоцен камен поставен во рамка од старо злато и напрснат мрамор, прав и сенка – сенката на сите денови и ноќи на твојата меланхолична земја и темните, сонливи очи на твојот народ...

Сè уште се сеќавам на Кирманшах, првиот ирански град што сум го видел откако ги напуштив планините на Курдистан. Чудна, избледнета, непросирна атмосфера лежи околу него, придушена, покорена – да не кажам бедна. Без сомнение, во секој источен град сиромаштијата лежи сосема на површината, многу повидливо отколку во кој и да е европски град – но веќе бев навикнал на тоа. Не беше тоа само сиромаштија во економска смисла што ме погоди, бидејќи Кирманшах, велат, бил напреден град. Тоа повеќе беше некој вид депресија што го притиснува народот, нешто што било врзано со него и изгледа дека одвај има нешто со економските околности.

Сите овие луѓе имаа големи, црни очи, под густите, црни веѓи кои често се спојуваа над носот. Мнозинството од мажите беа тенки (одвај се сеќавам дека во Иран сум видел дебел човек); никогаш не се смеат гласно, а во нивната молчалива насмевка се крие блага иронија која изгледа повеќе прикрива отколку што открива. Никаква подвижност на цртите на лицето, никакви гестикулации, само мирни, одмерени движења: небаре носат маски.

Како во сите источни градови, животот во градот беше концентриран во пазарот. Тој му се откривал на странецот како придушен спој од кафеаво, златнокафеаво, и како килим црвено, со светликави бакарни плочки и чинии овде-онде и можеби со сини порцелански слики над вратата на каравансарајот, со фигури со црнооки витези и крилести змејови. Кога би погледнале повнимателно, би можеле во овој пазар да ги откриете сите бои на светот – но ниедна од овие бои никогаш не би можела самата да се истакне во соединувачките сенки на сводовите што го покриваат пазарот и повлекуваат сѐ заедно во сонливиот самрак. Шилестите лакови на засвоедниот покрив во правилни растојанија беа пробиени со мали отвори кои ја пропуштаат дневната светлина. Низ овие отвори сончевите зраци паѓаат внатре; во ароматичниот воздух на овие простори тие добиваат својство на супстанција и личат на непросирни, коси светлосни столбови; и не изгледаше дека луѓето минуваат низ нив, туку изгледаше дека тие, блескавите столбови, минуваат низ луѓето во облик на сенки...

Бидејќи луѓето во овој пазар беа нежни и тивки како сенки. Ако трговецот ги викнеше минувачите, тој ќе го стореше тоа со тивок глас; ниеден од нив не ја фалеше својата стока со извици и песна, како што е обичај на арапските пазари. Овде животот течеше тивко. Тие беа учтиви – со учтивност која небаре се наведнува кон вас, но всушност ве држи на растојание. Тие очигледно беа проникливи и не одбиваа да започнат разговор со странец – но зборуваа само нивните усни. Нивната душа стоеше некаде во заднината, чекајќи, мерејќи, одделена...

Во некоја чајџилница неколку работници седеа на сламените чергичиња – можеби занаетчии, физички работници, терачи на каравани – собрани околу железниот

мангал полн со зажарен јаглен. Две порцелански лулиња со долги дршки одат од еден до друг. Сладок мирис на опиум во воздухот. Тие пушат без зборови; секој од нив повлекува само неколку длабоки чадови, додавајќи му го потоа лулето на својот сосед. И тогаш го видов она што претходно не сум го видел: многу, мошне многу луѓе пушеа опиум, некои повеќе, а другите помалку јавно. Трговецот во својата ниша, безделникот под засводената порта на каравансарајот, кујунџијата во својата работилница за време на одморот: сите пушеа со истото повлечено, по малку изморено лице, зјапајќи со тапите очи во празнината...

Свежите, зелени афиони со дебели пупки ги продаваа продавачи насекаде во пазарот и очигледно на тој начин, во поблаг облик земаа опиум. Дури и децата го јадеа семето на премините и на скришните места. Две-три од нив ќе го поделеа деликатесот со возрасна толеранција на едниот кон другиот, без детски егоизам – но исто така без детска радост и ведрина. Но како би можеле тие да бидат и поинакви? На почетокот од животот им даваа тежок пијалак од афионово семе секогаш кога ќе заплачеа и ќе им пречеа на своите родители. Кога ќе пораснаа и ќе почнеа да талкаат по улиците, основните црти на рамнодушност, истоштеност и благост веќе беа присутни на нив.

Тогаш дознав што ме трогна толку силно кога првпат ги забележав меланхоличните очи на Иранците: знакот на трагичната судбина во нив. Почувствував дека опиумот им припаѓа ним на ист начин како што болната насмевка му припаѓа на лицето на патеникот; тој ѝ припаѓаше на нивната отменост, на нивната внатрешна рамнодушност – тој дури ѝ припаѓаше на нивната голема сиромаштија и штедливост. Тој изгледа не беше толкав порок

колку израз – а можеби исто така и помош. Помош против што? Чудна земја на прашања...

*
* *

МОЈАТА МИСЛА ТОЛКУ ДОЛГО се задржува на моите впечатоци од Кирманшах, првиот ирански град што го запознав, затоа што тие впечатоци продолжија во разни облици, но секогаш неизменети во суштина, во текот на една и пол година колку што останав во Иран. Меката, постојана меланхолија беше насекаде доминантна нота. Беше забележлива во селата и во градовите, во секојдневното работење на луѓето и во нивните верски свеченост. Навистина, и самото верско чувство, толку поинакво од арапското, носеше силна трага на тага и жалење: плачење за трагичните настани од пред тринаесет века – плачење за смртта на Али, зетот на Пратеникот, и двата сина на Али, Хасан и Хусеин – изгледа дека им е поважно отколку разгледувањето на она кон што исламот се стреми и каква насока сака да им даде на животите на луѓето...

На многу вечери, во многу градови, можете да видите групи од луѓе и жени на улица собрани околу некој талкачки дервиш, религиски питач облечен во бело, со кожа од пантер на грбот, со секира со долга рачка на својата десна рака и питачка чинија издлабена во кокосов орев во левата. Тој рецитира, наполу пеејќи, наполу зборувајќи, балада за борбите за наследување на халифатот до кои дошло по смртта на Пратеникот во седмиот век – жалосна приказна за верата, крвта и смртта – а секогаш оди некако вака:

„Послушајте, народе, што им се случи на одбраните од Бога и како е пролеана по земјата крвта на потомците на Пратенкот.

Беше еднаш еден Пратеник кого Бог го споредуваше со Град на Знаење, а портата на тој град беше најдоверливиот и најхрабриот од неговите приврзаници, неговиот зет Али, Светлина на Светот, учесник во Објавата на Пратеникот, наречен Лав Божји.

Кога Пратеникот починал, Лавот Божји беше негов законит наследник. Но злите луѓе го присвоиле лавовското, од Бога дадено право, и поставиле друг наследник на Пратеникот; по смртта на првиот узурпатор, вториот, исто така од зол вид, го наследил, а по него уште еден.

Дури откако умрел третиот узурпатор, Божјата волја се обелоденила и Лавот Божји го достигнал законитото место на Заповедник на верните.

Но непријателите на Али и на Бога биле многубројни и еден ден, кога бил на сецда пред својот Господар, добил смртен удар од мечот на убиецот. Земјата се затресла од болка поради безбожното дело, а планините плачеле и карпите лееле солзи.

О, нека ги стигне Божјото проклетство злосторниците и нека ги уништи вечната казна!

И повторно злиот узурпатор го презел водството и им го негирал на синовите на Божјиот Лав, Хасан и Хусеин, синовите на благословената Фатима, нивното право на наследство на престолот на Пратеникот. Хасан бил свирепо отруен, а кога Хусеин се кренал во одбрана на Верата, неговиот прекрасен живот бил изгаснат

на полето на Кербела додека клечел кај водата да ја изгаси жедта по битката.

Ох, Божјо проклетство нека ги стигне злосторниците и ангелските солзи засекогаш нека ја натопуваат светата почва на Кербела!

Главата на Хусеин – главата која Пратеникот ја бакнувал некогаш – била свирепо отсечена и неговото безглаво тело е донесено до шаторот каде неговите деца плачејќи го чекале враќањето на својот татко.

И оттогаш, Верниците го довикувале проклетството на престапниците и плачат за смртта на Али, Хасан и Хусеин; а вие, верници, кренете го својот глас и оплакувајте ја нивната смрт – бидејќи Бог им ги простува гревовите на оние што плачат за потомците на Пратеникот...“

И испеаната балада ќе предизвикаше страствено липање на жените што слушаат, додека тивките солзи се тркалаат низ лицата на брадестите мажи...

Таквите екстравагантни „оплакувања“ се навистина многу далеку од вистинската, историска слика на оние рани настани кои довеле до никогаш залекуваниот раскол во исламскиот свет: поделба на муслиманската заедница на сунити, кои ја формираат главнината на муслиманските народи и цврсто стојат на принципите на изборниот халифат, и на шиити, кои сметаат дека Пратеникот го назначил Али, својот зет, за законит наследник и потомок. Меѓутоа, во суштина, Пратеникот умрел без да именува некој наследник, по што еден од неговите најстари и најверни другари, Ебу Бекр, бил избран за халиф од големото мнозинство на заедницата. Ебу Бекр го наследил Омер, а него Осман; дури по смртта на Осман, Али

бил избран за халиф. Немало ништо, како што знаев добро дури и тогаш во Иран, лошо ниту грешно во однос на тројцата претходници на Али. Тие без сомнение биле најголемите и најблагородните личности во исламската историја по Пратеникот и во текот на многу години биле меѓу неговите најблиски придружници; тие секако не биле „узурпатори“, со оглед на тоа дека биле избрани од народот, слободно практикувајќи го правото кое им го дал исламот. Тоа не било нивно присвојување на власта, туку повеќе нерасположение на Али и на неговите следбеници искрено да ги прифатат резултатите на народните избори, што довело до борба за власт, до смртта на Али и до трансформирање – под петтиот халиф Муавије– на оригиналната, републиканска форма на исламската држава во наследно кралство и, конечно, до смртта на Хусеин на Кербела.

Да, го знаев сето ова пред да дојдам во Иран; но овде бев трогнат од бескрајните емоции кои таа стара, трагична приказна од пред тринаесет века сè уште може да ги предизвика кај иранскиот народ кога и да се споменат имињата на Али, Хасан и Хусеин. Почнав да се прашувам: Дали вродената меланхолија на Иранците и нивната смисла за драматизација е тоа што ги навело да ја прифатат шиитската доктрина? – или трагичната црта на нејзиниот почеток е она што довело до оваа интензивна иранска меланхолија?

Постепено, во текот на неколку месеци, во мојот дух почна да се формира вчудоневиден одговор.

Кога, во средината од седмиот век, армиите на халифот Омер го покориле старото Сасанидско Царство, донесувајќи го со себе исламот, иранскиот култ на Заратустра бил веќе одамна сведен на крут формализам и затоа

не бил во можност ефикасно да ѝ се спротивстави на динамичната нова идеја која дошла од Арабија. Но во времето кога Арапите го освојувале Иран, тој минувал низ период на општествено и интелектуално вриење кое небаре ветувало национална обнова. Ова надевање за внатрешен, органски препород било уништено од арапската инвазија, а Иранците, напуштајќи ја својата сопствена историска линија на развиток, оттогаш се приспособувале кон културните и етичките концепти кои биле донесени однадвор.

Појавата на исламот претставувал во Иран, како и во многу други земји, огромен општествен напредок; тој го поништил стариот иранскиот кастински систем и довел до создавање на нова заедница на слободни, еднакви луѓе; отворил нови патишта за културни енергии кои долго време лежеле неразвиени и нејасни. Но, со сето ова горделивите потомци на Дариј и Ксеркс никогаш не можеле да заборават дека историскиот континуитет на нивниот национален живот, органската врска меѓу нивното вчера и денес, ненадејно биле прекинати. Народот чијшто најскриен карактер го нашол својот израз во необичниот дуализам на религијата занд и неговото речиси пантеистичко обожување на четирите елементи – воздух, вода, оган и земја – беше сега соочен со строгиот, бескомпромисен монотеизам на исламот и со неговиот копнеж кон Апсолутниот. Преминот беше премногу остар и болен за да им дозволи на Иранците својата длабоко вкоренета национална свест да му ја потчинат на наднационалниот концепт на исламот. Наспроти нивното брзо и очигледно доброволно прифаќање на новата религија, тие потсвесно победата на исламската идеја ја изедначувале со иранскиот национален пораз, а чувството дека се поразени и не-

повратно откорнати од контекстот на своето старо културно наследство – чувство очајнички силно наспроти својата нејасност – морало да ја разедини, разјаде нивната национална самоувереност во вековите што настапиле. За разлика од толку многу други нации на кои прифаќањето на исламот речиси веднаш им дало најпозитивен импулс за натамошен културен развиток, отпрвин – и, на некој начин, најтрајна – реакција на Иранците на тоа било чувството на длабоко понижување и потисна лутина.

Тоа чувство *морало* да биде потиснато и ублажено во мрачното крило на потсвеста, бидејќи во меѓувреме исламот станал вера и на самиот Иран. Но во својата омраза кон арапската победа, Иранците инстинктивно прибегнале кон она што психоанализата го опишува како „прекомпензација“: тие почнале да ја сметаат верата што им ја донеле арапските освојувачи како нешто што е исклучително нивна сопственост. Тие го постигнале тоа постепено претворајќи ја рационалната, немистична свест на Арапите за Бога во нејзина спротивност: мистичен фанатизам и мрачни емоции. Верата која на Арапите им била присуство, стварност и извор на спокојство и слобода, во иранскиот дух се преобратила во темен копнеж по натприродното и симболичното. Исламскиот принцип за несфатливата трасцедентност на Бога бил претворен во мистична доктрина (за која имало многу примери во предисламскиот Иран) на физичка манифестација на Бога во посебно избрани смртници кои ќе им ја пренесат оваа божествена суштина на своите потомци. На таквиот стремеж, признавањето на шиитската доктрина нудело најповолен пат; бидејќи не можело да има сомнение дека шиитското почитување, речиси обожување на Али и неговите потомци, сокрива никулец на идејата за Божја инкарнација и постојана реинкарнација

– идеја целосно туѓа на исламот, но мошне блиска за срцето на Иранецот.

Не било случајност што пратеникот Мухамед умрел без да именува наследник и, всушност, одбил да именува кога тоа му било предложено пред неговата смрт. Со оваа постапка тој имал цел да соопшти, прво, дека спиритуалниот квалитет на пратеништвото не е ништо што може да се „наследи“ и, второ, дека идното водство на заедницата мора да произлезе од слободниот избор на самиот народ, а не од „одредбата“ на Пратеникот (што, секако, би било имплицирано со неговото назначување на наследник); затоа тој намерно ја отфрлил идејата водството на заедницата кога и да е да биде нешто освен световно, според тоа никакво „апостолско наследство“. Но ова беше токму она кон што се стремела шиитската доктрина. Таа не само што инсистирала – во јасна контрадикција со духот на исламот – врз принцип на апостолското наследство, туку и го резервирала тоа наследство само за „потомците на Пратеникот“, т.е. за неговиот роднина и зет, Али, и неговите непосредни потомци.

Ова беше целосно во хармонија со мистичните наклоности на Иранците. Но, кога тие со ентузијазам застанале во таборот на оние кои сметале дека спиритуалната битност на Мухамед продолжува да живее во Али и во неговите потомци, Иранците не задоволувале само една мистична желба; постои една друга, потсвесна мотивација во нивниот избор. Ако Али е законит наследник и потомок на Пратеникот, тројцата халифи кои му претходеле очигледно морале да бидат узурпатори – а меѓу нив бил и Омер, оној истиот Омер што го покорил Иран! Националната омраза кон победникот над Сасанидското Царство сега можеше да биде рационализирана со помош на религијата – религијата која станала сопствена

иранска; Омер ги „лишел“ Али и неговите синови Хасан и Хусеин од нивното божествено дадено право на наследство на халифатот во исламот и на тој начин ѝ се спротивставил на Божјата волја; според тоа, покорувајќи ѝ се на Божјата волја, треба да ѝ се помогне на партијата на Али. Од националниот антагонизам се родила религиска доктрина.

Во иранското устоличување на шиитската доктрина јас разграничив латентен протест против арапското освојување на Иран. Сега сфатив зошто Иранците го проколнуваат Омер со многу поголема омраза од онаа што е резервирана за другите двајца „узурпатори“, Ебу Бекр и Осман; од доктринарен аспект, првиот халиф, Ебу Бекр, требал да се смета за главен престапник – но Омер го победил Иран...

Ова е, според тоа, причината за чудниот интензитет со кој се почитува семејството на Али во Иран. Тој култ претставува симболичен акт на иранската одмазда кон арапскиот ислам (кој толку бескомпромисно се противи на секакво обожување на секое човечко суштество, вклучувајќи ја личноста на Мухамед). Всушност, шиитската доктрина не настанала во Иран. Имало шиитски групи и во другите муслимански земји, но на ниедно друго место таа толку целосно не оставила трага врз чувствата и имагинацијата на луѓето. Кога Иранците даваат страствен издив на својата жалост поради смртта на Али, Хасан и Хуесин, тие не плачат само за уништувањето на семејството на Али, туку, исто така, и за самото губење на својата стара слава...

*

* *

ИРАНЦИТЕ СЕ МЕЛАНХОЛИЧЕН народ. Нивната меланхолија се одржува дури и во иранскиот предел – во бескрајните рамнини на црвенкаво-жолтото земјиште, осамените планински патеки и главните патишта, ретко расфрланите села со куќи од глина, стада со овци кои во предвечерието, во сиво-кафеави бранови, ги тераат до бунарот. Во градовите животот тече во бавни, непрекинати капки, без забрзаност и веселост; сè изгледаше како да е прекриено со сонливи превези, а секое лице имаше израз на рамнодушно чекање. Никогаш не можеше да се слушне музика на улица. Ако навечер некој коњушар, Татар, запееше ненадејно во каравансарајот, човек и не сакајќи ќе ги начулеше ушите во чудење. Јавно пееја само многубројните дервиши, а тие секогаш ги пееја истите стари, трагични балади за Али, Хасан и Хусеин. Смртта и солзите ги проникнуваа тие песни и удираа како тешко вино во главата на слушателите. Страотна тага, но доброволна, речиси чудно прифатена тага, небаре ги притискаше тие луѓе.

Во летните вечери во Техеран можевте да видите мажи и жени кои неподвижно клечат покрај водата која, од двете страни на улицата, тече во сенката на огромните брестови. Тие седеа и зјапаа во водата што течеше. Не разговараа меѓусебно. Тие само го слушаа шумолењето на водата и им допуштаа на гранките што шушкаат да се нишаат над нивните глави. Кога и да ги видев, морав да помислам на Давидовиот псалм: *„Крај реките вавилонски – таму седевме и плачевме…“*[54]

[54] Псалми, 136:1. (Заб. на прев.)

Тие седеа покрај водениот тек како огромна, нема, мрачна птица, загубена во тивката контемплација на водата што течеше. Дали тие размислуваат за долго, за нешто долго заборавено што им припаѓа ним и само ним?

А Давид пеел: *„На врбите, среде Вавилон, ги закачивме нашите харфи...“*[55]

– 3 –

„АЈДЕ, ЗЕЈД, да одиме“ – и го ставам писмото на Алиага во џебот и станувам да се простам со Ез-Зугајби. Но тој потврдува со главата: „Не, брате, нека остане Зејд овде со мене некое време. Ако си ти премногу скржав за да ми кажеш што ти се случи за време на изминатите месеци, нека ми ја каже тој приказната наместо тебе. Или, можеби мислиш дека на твоите пријатели повеќе не им е грижа за она што ти се случува?“

[55] Псалми, 136:2. (Заб. на прев.)

X. Деџал[56]

– 1 –

ВЛЕГУВАМ ВО кривулестите улици на најстариот дел од Медина: камени куќни ѕидови вкоренети во сенка, застаклените чардаци и балкони висат над сокаците кои личат на клисури и на некои места се толку тесни што одвај двајца можат да се разминат; доаѓам пред сивата, камена фасада од библиотеката која пред стотина години ја изградил некој турски научник. Во нејзиниот двор, зад кованата бронзена решетка на портата, привлечна тишина. Минувам преку камениот поплочен двор, покрај осаменото дрво што со своите неподвижни гранки стои насреде и влегувам во покриената сала со витрини за книги – илјадници рачно пишувани книги; меѓу нив некои најретки ракописи познати во исламскиот свет. Токму книгите слични на овие ѝ дале слава на исламската култура, слава која исчезнала како вчерашниот ветер.

Додека ги гледам овие книги во кожна подврска, недоследноста на муслиманското вчера и денес ме погодува како болен удар...

---

[56] Деџал – Лажен месија или Антихрист, буквално лажливец, измамник. (Заб. на прев.)

„Што те тишти, синко? Чуму овој горчлив израз на твоето лице?“

Се свртувам кон гласот – и гледам, седејќи на килимот до еден од балконските прозорци, со книга врз колениците, се криеше ситната фигура на мојот стар пријател, шеик Абдулах ибн Булејхид. Неговите остри, иронични очи ме поздравуваат со топло светкање додека го бакнувам неговото чело и седнувам покрај него. Тој е најголемиот меѓу *алимите* во Нецд и, наспроти определената доктринарна ограниченост, својствена за гледиштето на вехабиите, е еден од најострите умови кои сум ги сретнал во муслиманските земји. Неговото пријателство кон мене многу придонесло животот во Арабија да ми биде лесен и пријатен, бидејќи во кралството на ибн Сауд неговиот збор се почитува повеќе отколку чиј било, освен Кралскиот. Тој ја затвора својата книга и ме привлекува кон себе гледајќи ме испитувачки.

„Размислував, шеику, колку ние муслиманите сме се оддалечиле од ова“ – и јас покажав кон книгите на полиците – „и сме дошле до нашата сегашна беда и деградација.“

„Синко мој“, одговори старецот, „ние само го жнееме она што сме го посеале. Некогаш сме биле големи, а исламот нè направил големи. Бевме носители на Објавата. Сè додека останавме верни кон таа Објава, нашите срца беа инспирирани, а нашите умови расветлени; но штом заборавивме со каква цел Семоќниот нè одбрал, пропаднавме. Многу се оддалечивме од ова“ – и шеикот го повторува моето движење со раката кон книгите. – „Затоа што сме се оддалечиле од она што нè учеше Пратеникот – Бог нека го благослови и нека му даде мир – пред тринаесет века...“

„А како оди твојот труд?“, прашува тој по прекин, бидејќи знае дека се занимавам со студии во врска со раната исламска историја.

„Морам да признаам, Шеику, не сосема добро. Не можам да најдам мир во своето срце, а не знам зошто. Така повторно му се предадов на талкањето по пустината“.

Ибн Булејхид гледа во мене со насмеани очи – со оној мудар, продирачки поглед – и ја усукува својата побелена брада: „Духот треба да има свој правец и телото треба да има свој правец... Ти мораш да се ожениш.“

Јас, секако, знам дека во Нецд женидбата се смета за решение на речиси сите видови на тешкотии и така не можам да се воздржам од смеење:

„Но, Шеику, ти добро знаеш дека јас повторно се оженив уште пред две години и дека оваа година ми се роди син.“

Старецот ги спушта рамениците: „Ако срцето на мажот е во мир со неговата жена, тој останува дома колку што ќе може. Ти не си многу дома... А, освен тоа, никогаш досега мажот не се повредил, ако се оженил со друга жена.“ (Самиот тој, наспроти своите седумдесет години, сега има три, а велат дека најмладата, со која се оженил пред неколку месеци, има одвај шеснаесет години.)

„Можно е“, одговарам јас, „дека не го повредува мажот тоа што ќе земе втора жена, но што со првата жена? Зар тоа не ја повредува неа?“

„Мој синко, ако жената го држи целото срце на мажот, тој нема да помисли, ниту да има потреба, да се ожени со друга. Но ако неговото срце не е целосно со неа – дали таа ќе добие нешто држејќи го така со половина срце само за себе?“

На тоа веројатно нема одговор. Исламот, без сомнение, препорачува едноженство, но допушта мажот да земе до четири жени во исклучителни околности. Би можеле да се запрашаме зошто истата слобода не ѝ е дадена и на жената, но одговорот е едноставен. Наспроти спиритуалниот факт за љубовта која навлегла во човечкиот живот во текот на развојот на човекот, основна биолошка причина за сексуалниот нагон, кај двата пола, е раѓањето; додека жената може, во исто време, да зачне дете само од еден маж и треба да го носи девет месеци пред да биде во состојба да зачне друго, мажот е граден така што може да зачне дете секогаш кога ќе има полов однос со жена. Според тоа, додека природата била само дарежлива кога би ѝ дала полигамен инстинкт на жената, несомнената полигамна наклонетост на мажот е, од гледна точка на природата, биолошки оправдана. Секако, очигледно е дека биолошкиот фактор е само еден – и во никој случај секогаш најважен – аспект на љубовта; сепак, тој е основен фактор, и затоа, одлучувачки во институцијата на женидбата како таква. Со мудрост која секогаш целосно ја зема предвид човечката придода, исламскиот закон само ја штити општествено-биолошката функција на женидбата (кое, секако, ја вклучува и грижата за потомците), допуштајќи мажот да има повеќе од една жена, а не дозволувајќи жената да има повеќе од еден маж во исто време; додека спиритуалниот проблем на женидбата, затоа што не може да се мери и тој е надвор од одредбите на законот, препуштен ѝ е на дискрецијата на партнерот. Кога и да е љубовта полна и целосна, прашањето за втора женидба не се јавува кај ниедниот од нив; кога мажот не ја сака својата сопруга со сето свое срце, но сè уште доволно да не сака да ја загуби, тој може да

земе друга жена, под услов првата да се согласи со таквото делење на неговите чувства; ако таа не може да се согласи со тоа, може да добие развод и слободна е повторно да се омажи. Во секој случај – бидејќи женидбата во исламот не е сакрамент туку граѓански договор – прибегнувањето кон развод е секогаш отворено за секој од брачните партнери, дури и повеќе што срамот, што на друго место се врзува за разводот со поголем или помал интензитет, е отсутен во муслиманското општество (со можен исклучок на индиските муслимани, врз кои во овој поглед влијаел вековниот контакт со индуското општество во кое разводот е целосно забранет).

Слободата која исламскиот закон им ја допушта на мажот и на жената да договорат или да раскинат брак објаснува зошто го смета блудот за едно од најодвратните злодела, бидејќи за таква слобода никаков емоционален ниту сензуален заплет не може никогаш да послужи како изговор. Точно е дека во вековите на муслиманското назадување општествените обичаи често ѝ отежнувале на жената да го оствари своето право на развод онака слободно како што тоа Законодавецот го предвидел; за ова, меѓутоа, не треба да се обвинува исламот, туку обичаите – токму како што обичаите, а не исламското право, треба да се обвинат за изолираноста во која жената се држи толку долго во многу муслимански земји, бидејќи ниту Куранот ниту животниот пример на Пратеникот не дава никаква основа за оваа практика, која подоцна пронашла свој пат во муслиманското општество од Византија.

*

* *

ШЕИКОТ ИБН БУЛЕЈХИД го прекинува моето размислување со вешт поглед: „Нема потреба да брзаш со одлуката. Таа ќе ти дојде, синко, кога ќе биде потребно да дојде.“

– 2 –

БИБЛИОТЕКАТА Е ТИВКА; стариот шеик и јас сме сами во засводената одаја. Од малата џамија во близината го слушаме повикот за акшамскиот намаз, а само миг подоцна истиот повик се огласува од петте минарења на Пратениковата Џамија која, сега невидлива за нас, доминира толку свечено и со толку многу блага гордост над зелената купола. Муезинот на едното минаре го започнува својот повик: *Аллаху екбер*... во длабока, темна мол скала, полека кревајќи се и спуштајќи се во долгите лакови на звукот: Бог е најголем, Бог е најголем... Пред да го заврши својот прв израз, муезинот од минарето најблиско до нас, упаѓа, со малку повисок тон... најголем, Бог е најголем! И додека на третото минаре истата мелодија расте полека, првиот муезин веќе го завршил првиот стих и почнува – сега придружуван од далечните контрапунктски гласови на првиот израз од четвртото и петото минаре – вториот стих: Сведочам дека нема други божества освен Аллах! – додека гласовите од другото, а потоа и од третото минаре се спуштаат на меки крилја: ...Сведочам дека Мухамед е пратеник на Бога! На ист начин, секој од петте муезини го повторуваше стихот двапати, повикот продолжува: Дојдете на молитва! Дојдете на молитва! Дојдете на спас! Дојдете на спас! Секој глас

се чини дека ги будеше другите и ги привлекуваше поблиску кон себе, само за да се повлече и да ја преземе мелодијата на друго место, носејќи ја така до заклучниот стих: Бог е најголем, Бог е најголем! Нема други божества освен Аллах!

Ова звучно, свечено мешање и раздвојување на гласовите се разликува од секакво човечко пеење. И додека срцето ми се крева во возбудена љубов кон овој град и неговите звуци, почнувам да чувствувам дека сите мои талкања постојано имале една смисла: да го сфатам значењето на овој повик...

„Ајде", вели шеикот Ибн Булејхид, „да одиме во џамијата на акшамскиот намаз!"

*

* *

ХАРЕМОТ, ИЛИ СВЕТАТА ЏАМИЈА, во Медина е донесен во својот сегашен облик во средината од минатиот век, но нејзините делови се многу постари – некои дури и од времето на египетската династија на Мамелуците. Централната сала, во која се наоѓа гробот на Пратеникот, ја зафаќа точно истата површина како зградата која ја изградил третиот халиф, Осман, во седмиот век. Над неа се крева голема зелена купола, украсена од внатрешната страна со орнаменти во раскошни бои. Многубројните редови од тешки мраморни столбови го потпираат покривот и хармонично ја делат внатрешноста. Мраморниот под е прекриен со скапоцени килими. Извонредно обликуваните бронзени канделабри ги украсуваат сите три михраби, полукружните ниши насочени кон Мека и украсени со фини керамички плочки во сина и бела боја:

еден од тие михраби е секогаш место за имамот кој го води џематот во молитвата. На долгите месингани синџири висат стотици стаклени и кристални топки; ноќе тие се осветлени однатре со помош на мали ламби кои се хранат со маслиново масло и шират меко светкање преку редовите со луѓе при намазот. Дење зеленикавиот самрак ја исполнува џамијата и ја прави слична на дното од некое езеро; како низ вода човечките фигури минуваат со боси нозе преку килимите и мраморните плочки; небаре издвоен со водени ѕидови, гласот на *имамот* звучи во времето на намазот од крајот на големата сала, придушен и без ехо.

Самиот гроб на Пратеникот не се гледа, бидејќи е покриен со тешки брокатни пердиња и затворен е со бронзена решетка која во петнаесеттиот век ја подарил египетскиот мамелучки султан Каит-беј. Всушност, и не постои никаква гробна структура, бидејќи Пратеникот е погребан под земјениот под во самата соба на малата куќичка во која живеел и умрел. Подоцна е изграден ѕид без врати околу куќата, затворајќи ја така целосно од надворешниот свет. Додека бил жив Пратеникот, џамијата била непосредно покрај неговата куќа; во текот на вековите, меѓутоа, таа е проширувана над и зад гробот.

Долги редови од килими се поставени над чакалниот отворен правоаголник во џамијата; редиците луѓе седат над нив читајќи го Куранот, разговарајќи меѓусебно, размислувајќи или едноставно одморајќи се во очекување на акшамскиот намаз. Ибн Булејхид е небаре загубен во тивката молитва.

Од далечината доаѓа глас кој рецитира, како секогаш пред акшамскиот намаз, извадок од Светата книга. Денес е деведесет и шестата *сура* – првообјавена на Мухамед –

која започнува со зборовите: **Читај во името на Господарот твој...** Со овие зборови Божјиот повик му дошол прв пат на Мухамед во пештерата Хира близу Мека.

Тој се молел во осаменост, како и честопати порано, се молел за светлината и вистината, кога ненадејно пред него се појавил ангел и му наредил: „*Читај!*“ А Мухамед, кој, како мнозината од луѓето во неговата средина, никогаш не научил да чита, и над сè, не знаел што се очекува од него да чита, одговорил: „*Јас не знам да читам.*“ Потоа ангелот го зел и го притиснал кон себе, така што Мухамед почувствувал дека целата сила го напушта; тогаш го пуштил и ја повторил својата наредба: „*Читај!*“ Мухамед повторно одговорил „*Јас не знам да читам.*“ Тогаш ангелот повторно го притиснал додека не папсал и помислил дека ќе умре; уште еднаш дошол силниот глас: „*Читај!*“ А кога, по трет пат, Мухамед во агонија прошепотел „*Јас не знам да читам...*“, ангелот го пуштил и проговорил:

„Читај во името на Господарот твој кој создаде, го создаде човекот од грутка крв!

Читај, зашто Господарот твој, навистина, е Најблагороден, кој поучува со перо, го поучи човекот со она што не го знаеше...“[57]

И така, со алузија за човечкиот разум, свест и знаење, почнала објавата на Куранот, која ќе продолжи во текот на дваесет и три години до смртта на Пратеникот во Медина во неговата шеесет и трета година.

Оваа приказна за неговото прво доживување на Објавата потсеќава, на некој начин, на борбата на Јаков со ангелот како што е опишано во Книгата за Битието. Но

[57] Куран, 96:1-5. (Заб. на прев.)

додека Јаков се противел, Мухамед се препуштил во прегратката на ангелот со страв и болка додека „сета сила не го напуштила“ и во него не останало ништо освен способноста да го слуша гласот за кој веќе не можело да се каже дали доаѓа однадвор или однатре. Тој сè уште не знаел дека оттогаш ќе мора да биде полн и празен во исто време: човечко суштество исполнето со човечки стремежи и желби и свест за својот сопствен живот – а, во исто време, пасивен инструмент за прием на Објавата. Невидената книга за Вечната Вистина – која единствено им дава смисла на сите сетилни нешта и настани – се отвораше пред неговото срце, чекајќи да биде сфатена; а му било речено да му „чита“ на светот од неа за да можат другите луѓе да го разберат „она што не го знаат“ и, навистина, не можат самите да го знаат.

Силните последици од оваа визија го совладале Мухамеда: тој, како Мојсеј пред горечката грмушка се сметал за недостоен за возвишената положба на пратеништво и треперел пред помислата дека Бог можеби го избрал него: Се вели дека се вратил во градот во својата куќа и ја повикал својата жена Хатица: *„Покриј ме, покриј ме!“* – бидејќи се тресел како гранка во бура. Таа го обвиткала во покривка и неговото треперење постепено се смирило. Тогаш тој ѝ раскажал што му се случило и рекол: *„Навистина, се плашам за себе“*. Но Хатица, со проникливост која само љубовта може да ја даде, веднаш знаела дека тој бил исплашен од големината на задачата која е пред него, и тогаш одговорила: *„Не, богами! Тој никогаш не би ти наметнал задача која не си во состојба да ја извршиш и Тој никогаш нема да те понижи! Бидејќи, гледаш, ти си добар човек; ги исполнуваш своите должности кон твојот род, им помагаш на слабите, ги*

даруваш сиромашните, дарежлив си кон гостите и им помагаш на оние во вистинска неволја". За да го утеши, таа го однела својот маж кај Верека, својот учен роднина, кој веќе многу години бил христијанин и, во согласност со традицијата, ја читал Библијата на хебрејски; во тоа време тој веќе бил стар и слеп. Хатица рекла: „*О, сине на мојот вујко, послушај го својот роднина.*" Кога Мухамед прераскажал што доживеал, Верека ја кренал својата рака со стравопочит и рекол: „*Тоа бил Ангелот на Објавата, оној кого Бог им го испраќал на поранешните пратеници. Ех, да бев млад! Кога би можел да дочекам и да бидам во состојба да ти помогнам кога твојот народ ќе те прогонува!*" На тоа Мухамед запрашал во чудење: „*Зошто тие да ме прогонуваат?*" Мудриот Верека одговорил: „*Да, ќе те прогонуваат. Сè уште никогаш не му дошол на својот народ човек со порака слична на твојата, а да не бил прогонет.*"

И навистина го прогонувале, во тек на тринаесет години, додека не ја напуштил Мека и отишол во Медина. Жителите на Мека секогаш биле со тврди срца...

*
* *

НО, НАЈПОСЛЕ, зарем е тешко да се сфати суровоста на срцето која повеќемина од жителите на Мека ја прикажале кога првпат го слушнале Мухамедовиот повик? Лишени од сите спиритуални потреби, тие знаеле само за праткичните настојувања, бидејќи верувале дека животот може да се подобри само со зголемувањето на средствата со помош на кои може да се оствари надворешна удобност. На таквиот народ помислата дека мора без компромис да му се предаде на моралното барање –

бидејќи исламот буквално значи „самопредаденост кон Бога“ – можела да му изгледа сосема неподнослива. Згора на тоа, Мухамедовото учење го загрозувало воспоставениот ред на нештата и племенските спогодби толку драги на жителите на Мека. Кога тој почнал да го проповеда Единството на Бога и го прогласил обожувањето на идолите за најголем грев, тие во тоа виделе не само напад врз своите традиционални верувања туку исто така и обид за уништување на општествената слика на нивниот живот. Особено не им се допаднало мешањето на исламот во она што тие го сметале за чисто „световни“ предмети надвор од подрачјето на религијата – како економијата, прашањата околу општествената еднаквост и однесувањето на луѓето воопшто – бидејќи ова мешање не се согласувало во целост со нивните работни навики, со нивната разузданост и со нивните погледи околу племенската полза. За нив, религијата била лична работа – повеќе прашање на став отколку на однесување.

Ова беше токму спротивното од она што арапскиот Пратеник го имал на ум кога зборувал за религијата. Според неговото мислење, општествените обичаи и институциите многу влегувале во подрачјето на религијата, а тој сигурно би се зачудил ако некој би му рекол дека религијата е работа само на личната совест и дека нема ништо со општественото однесување. Токму оваа особина на неговата Објава, повеќе отколку што било друго, им ја направила толку одвратна на паганските жители на Мека. Ако не постоеше неговото мешање во општествените проблеми, нивното незадоволство од Пратеникот веројатно ќе беше помалку силно. Без сомнение, исламот би им пречел дотолку повеќе што неговата суштина се судрувала со нивните сопствени верски погледи, но тие, најверојатно, би го толерирале него по некое почетно дрдорење – токму

како што ги толерилале, малку порано, спорадичните проповедања на христијанството – да го следеше Пратеникот примерот на христијанските свештеници и да се ограничеше на тоа луѓето да ги упатува да веруваат во Бога, да Му се молат за спасение и да се однесуваат чесно во своите лични работи. Но тој не го следел христијанскиот пример и не се ограничил на прашањата за верувањето, ритуалот и личниот морал. Како можел? Зар Бог не му наредил нему да моли: **„Господару наш, давај ни ги Твоите добра во овој и во другиот живот?“**[58]

Во самата структура на куранската реченица **„Твоите добра во овој...“** му претходи на **„...во другиот живот“**; прво, затоа што сегашноста му претходи на минатото и, второ, човекот е така граден што прво мора да бара задоволување на своите физички, световни потреби, за да може да го слушне повикот на духот и да го бара доброто на другиот живот. Мухамедовата Објава не ја претставувала спиритуалноста како нешто раздвоено од, и спротивставено на, физичкиот живот; таа целосно се потпирала врз сфаќањето дека духот и телото се само различни аспекти на една иста стварност – човечкиот живот. Затоа, според природата на нештата, тој не можел да се задоволи само со грижата за моралниот став на единката, туку морал да се стреми овој став да го пренесе во определената општествена форма која на секој член од заедницата ќе му осигура најголема можна мера на физичка и материјална благосостојба и, така, најголема можност за спиритуален раст.

Тој започнал говорејќи им на луѓето дека *„Акцијата е дел од верата“*, бидејќи Бога не го засега само тоа што

[58] Куран, 2:201. (Заб. на прев.)

некој верува туку и какви се неговите или нејзините дела – особено таквите дела што се однесуваат на другите луѓе покрај нив. Тој проповедал, во најживи сликовити прикази кои Бог му ги ставил на располагање, против угнетувањето на послабите од страна на силните. Тој ја изнел нечуената теза дека мажите и жените се еднакви пред Бога и дека сите верски должности и надежи се применуваат врз нив еднакво; тој дури отишол толку далеку што изјавил, на ужас на сите паганси жители на Мека, дека жената е личност самата по себе, а не само преку предадеността во својот однос со мажот како мајка, сестра, сопруга или ќерка, и дека затоа е овластена да има своја сопственост, самата да прави деловни зделки и да располага со својата личност при мажачката! Тој ги осудил сите хазардни игри и сите видови опивки, бидејќи, според Куранот, **„...во нив има големо зло и нешто добро, но злото е поголемо од доброто.“**[59] И над сè, тој се кренал против традиционалното искористување на едните од страна на другите, против профитите кои се донесени од каматата на заем, без оглед на каматната стапка, против приватниот монопол и „уценувањето“; против поигрувањето со потенцијалните потреби на другите луѓе – она што ние денес го нарекуваме „шпекулација“, против просудување под влијание на племенските групни чувства – во модерниот начин на говорење „национализам“. Навистина, тој негирал секакво морално право за племенските чувства и обзири. Во неговите очи единствен законит, то ест етички прифатлив мотив за локално групирање, не е случајноста на заедничкото

[59] Куран, 2:219. (Заб. на прев.)

потекло туку слободното, свесно прифаќање на заедничкиот поглед кон животот и заедничкото мерило на моралните вредности.

Всушност, Пратеникот барал темелна ревизија на речиси сите општествени сфаќања кои дотогаш биле сметани за непроменливи и затоа, како би се рекло денес, тој „ја внел религијата во политиката“; сосема револуционерна иновација во тоа време.

Управувачите на паганска Мека биле уверени, како и мнозината во сите времиња, дека општествените договори, навиките, мислењата и обичаите во кои се воспитани се најдоброто што може да се замисли. Секако, затоа биле навредени од обидот на Пратеникот да ја внесе религијата во политиката, то ест свеста за Бога да ја направи поаѓалишна точка за општествените промени – и го осудиле тоа како неморално, бунтовно и „противно на сите правила на достојност.“ И кога станало очигледно дека тој не е само сонувач, туку дека знае како да ги поттикне луѓето на акција, бранителите на воспоставениот поредок прибегнале кон остра противакција и почнале да го прогонуваат него и неговите следбеници...

На овој или оној начин, сите пратеници го предизвикувале „воспоставениот поредок“ од своето време; според тоа, зарем е толку изненадувачко што речиси сите биле прогонувани од нивните сонародници – а дека последниот од нив, Мухамед, е исмејуван на Запад сè до денес?

– 3 –

ВЕДНАШ ПО акшамскиот намаз, шеик Ибн Булејхид станува центар на внимателен круг од бедуини од Нецд и граѓани желни да искористат нешто од неговата

ученост и мудрост, додека самиот тој е секогаш желен да слушне што можат другите луѓе да му кажат за своите доживувања и патувања низ далечните краишта. Долгите патувања не се ништо необично меѓу жителите на Нецд; тие себеси се нарекуваат *ехл еш шидад* – „луѓе на седло од камила“, и на многумина од нив седлото им е поблиско отколку домашната постела. Тоа без сомнение мора му е попознато на младиот бедуин Харб кој тукушто му прераскажа на шеикот што му се случи на неодамнешното патување во Ирак, каде, првпат, видел еден *фаранџи* – то ест Европеец (кој за овој израз треба да им се заблагодарат на Французите со кои Арапите дошле во допир за време на крстоносните војни).

„Кажи ми, Шеику, зошто *фаранџите* секогаш носат шапка која им ги засенува очите? Како тогаш можат да го гледаат небото?“

„Тоа е токму она што тие не сакаат да го гледаат“, одговара шеикот мижејќи во моја насока. „Можеби се плашат погледот кон небото да не ги потсети на Бога, а тие не сакаат да бидат потсетувани на Бога во работните денови...“

Сите се смееме, но младиот бедуин е упорен во своето трагање по знаење. „Па зошто тогаш Бог е толку дарежлив кон нив и им дава богатства од кои верниците се лишени?“

„Ах, тоа е едноставно, синко. Тие го обожуваат златото и така нивното божество е во нивните џебови... Но, мојот пријател овде“ – и тој ја става раката врз моето колено – „знае за *фаранџите* повеќе од мене, бидејќи тој потекнува од нив; него Бог, нека е славено Неговото име, го извел од мракот во светлината на исламот“.

„Така ли е, брате“, ме прашува заинтересираниот бедуин. „Дали е вистина дека ти си бил *фаранџи*?“ – и кога потврдив со главата, тој прошепна: „Благодарноста му припаѓа на Бога, благодарноста му припаѓа на Бога, кој го упатува оној што сака Тој... Кажи ми, брате, зошто *фаранџите* се толку невнимателни кон Бога?“

„Тоа е долга приказна“, одговарам јас, „и не може да се објасни накусо. Сè што можам сега да ти кажам е дека светот на *фаранџите* станал свет на *Деџалот*, блескавиот, лажливиот. Дали некогаш си слушнал за претскажувањата на нашиот Пратеник дека во некое подоцнежно време мнозинството од народите во светот ќе го следат *Деџалот* верувајќи дека тој е Бог?“

И додека тој, со прашање во очите, гледа во мене, јас го раскажувам, со видливо одобрување на шеик Ибн Булејхид, претскажувањето на појавата на тоа апокалиптичко суштество, *Деџалот*, кој ќе има едно око, но ќе биде обдарен со таинствена сила што ќе му биде дадена од Бога. Тој со своите уши ќе слуша сè што се зборува во најоддалечените агли од Земјата, а со тоа едно око ќе ги гледа работите кои се случуваат на бескрајни оддалечености; тој ќе лета околу Земјата со денови, ќе постигнува ризниците со злато и сребро ненадејно да се појавуваат од под земја, дождот ќе врне и растенијата ќе растат по негова заповед, ќе убива и повторно ќе оживува, тогаш сите тие чијашто вера е слаба ќе веруваат дека тој е Бог и ќе му се поклонуваат во обожување. Но оние чијашто вера е чиста, ќе го читаат она што со огнени букви е запишано на челото на *Деџалот*: Негатор на Бога – и така ќе знаат дека тој е само измама за да ја стави во искушение човековата вера...

Додека мојот пријател бедуин гледа во мене со широко отворени очи и шепоти: „Барам закрила во Бога“, јас се свртувам кон Ибн Булејхид:

„Зарем оваа парабола, Шеику, не е слична со описот на модерната техничка цивилизација? Таа е ‚едноока‘, то ест, набљудува само една страна од животот – материјалниот напредок – а не е свесна за неговата духовна страна. Со помош на своите механички чуда таа му овозможува на човекот да гледа и слуша далеку над својата природна способност и да ги покрива бескрајните оддалечености со незамислива брзина. Нејзините научни сознанија ‚овозможуваат паѓање на дожд и растење на растенија‘ и откриваат неочекувани богатства под земјата. Нејзината медицина им го дава животот на оние кои се веќе осудени на смрт, додека нејзините воени и научни ужаси го уништуваат животот. Нејзиниот материјален напредок е толку моќен и толку сјаен што оние со слаба вера почнуваат да веруваат дека таа е самостојно божество, но оние кои останале свесни за својот Творец јасно препознаваат дека да го обожуваш *Дедалот* значи да го негираш Бога...“

„Имаш право, Мухамеде, имаш право!“ извикува Ибн Булејхид, возбудено удирајќи ме по коленото. „Никогаш не ми паднало на ум да гледам на претскажувањето за *Дедалот* во тоа светло, но ти имаш право! Наместо да сфатиме дека напредувањето на човекот и порастот на богатството е дарежливост на нашиот Господар, сè повеќе луѓе во својата глупост почнуваат да мислат дека тоа е цел сама за себе и дека е достојна за обожување.“

*

* *

ДА, СИ МИСЛАМ ВО СЕБЕ, западниот човек навистина се предал на обожувањето на *Децалот*. Тој веќе одамна загубил секаква невиност, секаква внатрешна интеграција со природата. Животот му станал загатка. Тој е сомничав и поради тоа изолиран од својот брат, осамен. За да не пропадне во својата осаменост, тој мора да настојува со надворешните средства да завладее со животот. Фактот зошто е жив не може повеќе, самиот по себе, да му дава внатрешна сигурност; тој секогаш морал да се бори за неа, мачно, од миг до миг. Бидејќи загубил секаква метафизичка ориентација и одлучил да живее без неа, тој мора постојано за себе да изнаоѓа механички сојузници; а оттаму доаѓа бесното, очајничко гонење на неговата техника. Тоа тие навистина го прават, но во исто време тие остваруваат за него нови потреби, нови опасности, нови стравувања – и неизгаслива жед за понови, но сепак вештачки сојузници. Неговата душа се губи во сè посмелото, пофантастично, помоќно работење на создавачката машина, а машината ја губи својата вистинска цел – да го штити и збогатува човечкиот живот – и се развива во божество самата за себе, во лаком челичен Молох. Свештениците и проповедниците на ова незаситно божество изгледа дека не се свесни дека брзината на модерниот технички прогрес е резултат не само на позитивниот растеж на знаењето, туку исто така и на духовното очајување и дека големите материјални достигнувања во чијашто светлина западниот човек ја прокламира својата волја да завладее со природата се, всушност, од дефанзивен карактер; зад нивната сјајна фасада се крие стравот од Непознатото.

Западната цивилизација не била во состојба да воспостави рамнотежа меѓу човековите телесни и општествени потреби и неговите духовни копнежи; таа ја напуштила својата првобитна етика, а при тоа не била моќна самата да изгради каков било друг морален систем, макар теориски, кој би му се наметнал на разумот. Наспроти сите свои достигнувања во образованието, таа не била во состојба да ја совлада наивната подготвеност на човекот да биде лесен плен на каква било парола, колку годе апсурдна, која вештите демагози можат да ја замислат. Таа ја кренала техниката на „организирањето" до ниво на фина уметност – па сепак нациите од Западот секојдневно ја демонстрираат својата крајна неспособност да ги контролираат силите кои ги создаваат нивните научници, и веќе достигнале фаза во која очигледно неограничените научни можности одат рака под рака со широко распространетиот хаос. Без каква било вистинска религиска ориентација, западниот човек не може да има морална полза од светлината на знаењето која неговата – без сомнение голема – наука ја зрачи. На него можат да се применат зборовите од Куранот:

„Слични се на оние кои ќе запалат оган, и кога тој ќе ја осветли околината нивна, Аллах им ја одзема светлината и ги остава во темнина, и тие ништо не гледаат – глуви, неми, и слепи, никако да се освестат."[60]

Па сепак, во дрскоста на својата слепост, луѓето од Запад се уверени дека токму *нивната* цивилизација ќе му донесе на светот светлина и среќа... Во осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век тие мислеле да ги прошират евангелијата на христијанството низ целиот свет; но сега

[60] Куран, 2:17-18. (Заб. на прев.)

кога нивниот религиозен жар се изладил толку што религијата ја сметаат за смирувачка музичка заднина – на која ѝ е дозволено да следи, ама не и да има влијание врз „вистинскиот“ живот – наместо тоа тие почнале да го шират материјалистичкото евангелие „Западниот начин на живеење“, верување дека сите човечки проблеми можат да се решат во фабриките, лабораториите и во статистичките катедри.

Така *Децалот* дошол до својот...

– 4 –

ДОЛГО МОЛЧЕЊЕ. Потоа Шеикот прозборува повторно: „Дали, синко, разбирањето што значи *Децалот* те наведе да го прифатиш исламот?“

„На некој начин, мислам, мора да било, но тоа беше само последниот чекор.“

„Последен чекор... Да, ти еднаш ми ја кажуваше приказната за твојот пат до исламот – но, всушност, кога и како ти стана јасно дека исламот би можел да стане твоја цел?“

„Кога? Да се присетам... Мислам дека тоа беше во еден зимски ден во Авганистан, кога мојот коњ ја загуби потковицата, па морав да барам ковач во некое село надвор од мојот пат; таму еден човек ми рече: ‚Па ти си муслиман, само ти тоа самиот сè уште не го знаеш...‘ Тоа беше околу осум месеци пред да го прифатам исламот... Бев на пат од Херат за Кабул...“

*
* *

БЕВ НА ПАТ ОД Херат за Кабул и јавав, придружуван од Ибрахим и од еден авганистански коњаник, низ планинските долини и премини на Хиндукуш, прекриени со снег во централен Авганистан. Беше студено и снегот блескаше, а на сите страни се креваа стрмни планини црни и бели.

Тој ден бев тажен и, во исто време, чудно среќен. Бев тажен затоа што луѓето со кои живеев во последните неколку месеци изгледаа раздвоени со непросирни превези од светлина, силата и напредокот што нивната вера можеше да им ја даде; а бев среќен зашто светлината, силата и напредокот на таа вера беа толку блиску до моите очи како црните и белите планини – речиси можат да се допрат со раката.

Мојот коњ почна да куца и нешто звекна на неговото копито; железната потковица се олабавила и се држеше само на две шајки.

„Има ли некаде во близина некое село каде би можеле да најдеме ковач?“ го прашав нашиот авганистански придружник.

„Селото Дех-Занги е одвај неколку километри одовде. Таму има ковач и *хакимот* на Хазрацат има свој дворец таму.“

И така одјававме во Дех-Занги преку блескавиот снег, полека за да не го замориме мојот коњ.

Хакимот, или подрачниот гувернер, беше млад човек со низок раст и со весел израз на лицето – пријатен човек кој беше радосен што има туѓ гостин во осаменоста на својот скромен дворец. Иако близок роднина на

кралот Аманулах, тој беше еден од најскромните луѓе што сум ги видел во Авганистан. Ме принуди да останам кај него два дена.

Вечерта, вториот ден, седнавме како и обично на богата вечера, а потоа еден човек од селото нè забавуваше со балади кои ги пееше придружуван од лаута со три жици. Тој пееше на јазикот пашту кој не го разбирав – но некои од персиските зборови кои ги употребуваше живо се истакнуваа во топлата соба прострена со килими и со студениот болскот на снегот кој допираше низ прозорците. Тој пееше, се сеќавам, за Давидовата борба со Голијат – за борбата против бруталната сила – па иако не можев во целост да ги следам зборовите од песната, темата ми беше јасна; почнуваше во понизност, потоа се креваше во силен подем на страст до завршниот, триумфален извик.

Кога баладата заврши, *хакимот* забележа: „Давид бил мал, но неговата вера била голема...“

Не можев да се воздржам, а да не додадам: „А вас ве има многу, но вашата вера е мала.“

Мојот домаќин ме погледна со чудење и, збунет од она што речиси не сакајќи го кажав, брзо почнав да објаснувам. Моето објаснување доби форма на порој од прашања:

„Како се случило тоа вие, муслиманите, да ја загубите вашата самодоверба која некогаш ви овозможила да ја проширите својата вера, за помалку од сто години, од Арабија на запад до Атлантикот, на исток длабоко во Кина – а сега им се предавате толку лесно, толку немоќно, на мислите и обичаите на Западот? Зошто вие, чии што предци го украсиле светот со науката и уметноста во вре-

мето кога Европа лежела во длабоко варварство и незнаење, не можете да соберете толку храброст да ѝ се вратите на својата сопствена напредна, сјајна вера? Како е можно Ататурк, тој безначаен измамник кој ги негира сите вредности на исламот, да стане за вас, муслиманите, симбол за ‚муслиманскиот препород'"?

Мојот домаќин остана без зборови. Надвор почна да паѓа снег. Повторно го почувствував тој бран на измешана тага и среќа кој го почувствував приближувајќи се кон Дех-Занги. Ја чувствував минатата слава и сегашниот срам кој ги обземаше овие доцни синови на една голема цивилизација.

„Кажи ми – како дошло до тоа верата на вашиот Пратеник и сета нејзина јаснотија и искреност да се погребаат под чакалот на јаловите мудрувања и дребничавости на вашите верски научници? Како се случило вашите принцови и големи земјопоседници да уживаат во богатство и луксуз додека многумина од нивните браќа муслимани трпат неопислива сиромаштија и неред – иако вашиот Пратеник учел дека ‚*Никој не може себеси да се нарече верник, ако обилно јаде, а неговиот сосед останува гладен*'? Можете ли да ми кажете зошто сте ја истуркале жената во заднината на вашиот живот – иако жените околу Пратеникот и неговите придружници имале толку големо учество во животот на своите мажи? Како дошло до тоа мнозинството од вас, муслиманите, да се неуки, а толкав мал број да знаат да читаат и да пишуваат – иако вашиот Пратеник објавил дека ‚*Стремежот кон науката е најсвета должност на секој муслиман и муслиманка*' и дека ‚*Надмоќноста на научникот над оној кој е само побожен е како надмоќноста на полната Месечина над останатите ѕвезди*'?"

Мојот домаќин сè уште зјапаше во мене без збор и јас почнав да мислам дека мојот настап длабоко го навредил. Човекот со лаутата, не разбирајќи доволно персиски за да може да ме следи, гледаше со чудење на странецот кој со толку страсти му говореше на *хакимот*. На крајот, *хакимот* ја зави поблиску околу себе својата широка, жолта наметка од овчо крзно, небаре му е студено; потоа прошепоте:

„Но – вие сте муслиман...“

Јас се насмеав и одговорив: „Не, јас не сум муслиман, но сум видел толку многу убавина во исламот што понекогаш ме лути кога ве гледам како ја отфрлувате неа... Простете ако зборував остро. Не зборував како непријател“

Но мојот домаќин ја затресе главата. „Не, така е како што реков! Вие сте муслиман, само вие тоа самиот не го знаете... Зошто не изговорите, сега и овде: ‚Сведочам дека нема други божества освен Бога и сведочам дека Мухамед е Негов роб и Пратеник‘ и навистина да станете муслиман, како што веќе сте во своето срце? Кажете го тоа, брате, кажете го тоа сега, и јас ќе појдам утре со вас до Кабул и ќе ве одведам до емирот, а тој ќе ве прими со отворени раце како еден од нас. Тој ќе ви даде куќи, градини и стока, и сите ние ќе ве сакаме. Кажете го тоа, брате...“

„Ако тоа некогаш го изговорам, тоа ќе биде поради мирот на мојот дух, а не за љубовта на емировите куќи и градини.“

„Но“, инсистираше тој, „вие веќе знаете многу повеќе за исламот отколку повеќеминатa од нас! Што е тоа што вие досега не сте го сфатиле?“

„Тоа не е прашање на сфаќањето. Тоа е повеќе прашање на уверувањето; уверувањето дека Куранот е навистина Божја реч, а не само брилијантна творба на брилијантен човечки ум...“

Но зборовите на мојот авганистански пријател никогаш не ме напуштија целосно во следните месеци.

Од Кабул јавав со недели низ јужен Авганистан – низ стариот град Газни, од кој пред речиси илјада години големиот Махмуд тргнал во своето освојување на Индија; низ егзотичниот Кандахар, каде можевте да ги видете најжестоките племенски воини на целиот свет; низ пустината на авганистанското југозападно подрачје; и назад до Херат, каде што започна моето авганистанско патување.

Беше крајот на зимата 1926, кога го напуштив Херат на првиот чекор од моето долго патување кон дома, кое требаше да ме довезе со воз од авганистанската граница до Марв, во руски Туркестан, до Самарканд, Бухара и Ташкент, а оттаму низ туркменската степа до Урал и Москва.

Мојот прв (и најтраен) впечаток од советска Русија – на железничката станица Марв – беше огромниот, убаво изведен плакат кој прикажува млад пролетер во сино работничко одело како со нога турка еден смешен господин со бела брада, облечен во лелеаво одело од небото прекриено со облаци. Во легендата на руски под плакатот пишуваше: „Вака работниците на Советската Унија го избркаа бога од неговото небо! Издание на Здружението на безбожниците од Сојузот на Советските Социјалистички Републики.“

Таква службено санкционирана антирелигиска пропаганда се истакнуваше насекаде; на јавните згради, на

улиците и, особено, во близина на храмовите. Во Туркестан, тоа, секако, во поголем дел беа џамиите. Иако заедничките молитви не беа изрично забранети, властите правеа сè за да ги одвратат луѓето од учествувањето во нив. Често ми говореа, особено во Бухара и Ташкент, дека полициските агенти ги запишуваат имињата на сите кои влегуваат во џамија; примероците од Куранот биле запленувани и уништувани, а омилена забава на младите безбожници била да фрлаат свински глави во џамиите; навистина прекрасен обичај.

Со чувство на олеснување ја преминав полската граница по неколку недели патување низ азиска и европска Русија. Отидов право за Франкфурт и се појавив во сега блиската средина на мојот весник. Не ми требаше многу за да откријам дека за време на моето отсуство моето име станало прочуено и дека сега ме сметаат за еден од најистакнатите дописници од Централна Европа.

Некои од моите статии, особено онаа во врска со заплетканата религиска психологија на Иранците, го привлекоа вниманието на истакнатите ориенталисти и добија повеќе од минливо признание. Врз база на тие достигнувања бев повикан да одржам серија предавања на Геополитичката академија во Берлин – каде ми рекоа дека никогаш порано не се случило на човек од моја возраст (сè уште немав ни дваесет и шест години) да му се даде таква чест. Другите статии од општ интерес беа објавени, со дозвола од *Frankfurter Zeitung*, во многу весници; една статија, дознав, беше објавена речиси триесет пати. Сè на сè, моите ирански талкања беа извонредно плодоносни.

*

* *

ВО ТОА ВРЕМЕ се оженив со Елза. Двете години на моето отсуство од Европа не ја ослабија нашата љубов, туку дури и ја зајакнаа, и со среќа која никогаш порано не сум ја чувствувал ги одбивав нејзините стравувања за големата разлика во нашите години.

„Но како можеш да се ожениш со мене“ се препираше таа. „Сè уште немаш ни дваесет и шест, а јас имам преку четириесет години. Размисли за тоа: кога ти ќе имаш триесет, јас ќе имам четириесет и пет, а кога ти ќе имаш четириесет, јас ќе бидам стара жена...“

Јас се смеев: „Што е важно тоа? Јас не можам да ја замислам иднината без тебе.“

Таа конечно попушти.

Не претерав кога реков дека не можам да ја замислам иднината без Елза. Нејзината убавина и нејзината инстинктивна милозливост толку целосно ме привлекуваа што не можев дури ни да погледнам друга жена, а нејзиното сетилно разбирање на она што го барам од животот ги осветлуваше моите сопствени надежи и желби и ги правеше повистинити и поразбирливи од сè што кога и да е може да ги направи моето сопствено мислење.

Во една пригода – тоа мора да било неколку дена откако се зедовме – таа забележа: „Колку е чудно што ти го потценуваш мистицизмот во религијата... Ти самиот си мистик – сетилен вид мистик, ги пружаш своите прсти кон животот околу себе, ги гледаш заплетканите, мистични облици во секојдневните нешта – во многуте нешта кои на другите луѓе им изгледаат сосема обични... Но во

тој миг кога ќе се свртиш кон религијата, ти си целиот мозок. Кај многу луѓе тоа би било обратно...“

Но Елза не беше навистина збунета. Таа знаеше кон што трагам кога ѝ зборував за исламот; но иако таа, можеби, не ја чувствуваше истата потреба како и јас, нејзината љубов сторила таа да учествува во моето трагање.

Често го читавме Куранот заедно и расправавме за неговите идеи; Елза, како и јас, стануваше сè повеќе импресионирана од внатрешната поврзаност меѓу неговото морално учење и практичното упатство. Според Куранот, Бог не го повикува човекот на слепа покорност, туку повеќе му се обраќа на неговиот разум; Тој не останува настрана од човечката судбина туку е **„поблиску од жилата во грклано“**, Тој не повлекува никаква гранична линија меѓу верата и општественото однесување; а, што е можеби најважно, Тој не почнува со аксиомата дека животот е оптоварен со конфликт меѓу материјата и духот и дека патот кон Светлината бара ослободување на душата од оковите на телото. Секој облик на негирање на животот и самозадушувањето на страстите со мачење на телото Пратеникот го осудил со изреките како: „*Аскетизмот не е за нас*“ и „*Во исламот нема одрекување од овој свет.*“ Човечката желба да живее не само за да биде признаена како позитивен, полезен инстинкт, туку исто така да биде надарена со светоста на етичката поставка. Човекот, всушност, е учен: Ти не само дека можеш целосно да го ползуваш својот живот, туку си *задолжен* да правиш така.

Целосната слика на исламот се појавуваше сега со таква конечност и одлучност што понекогаш ме вчудовидуваше. Таа добиваше облик со некој процес кој речиси можеше да се опише како некој вид душевна осмоза – то ест,

без секаков свесен напор од моја страна да ги составам и „систематизирам“ многуте фрагменти на знаење на кое наидов за време на изминатите четири години. Видов пред себе нешто како совршено архитектонско дело, со сите негови елементи хармонично замислени еден со друг да се дополнат и потпомогнат, без нешто излишно или, без каков и да е недостаток – рамнотежа и мир што ви дава чувство дека во сфаќањата и поставките на исламот „сè е на своето вистинско место“.

Пред тринаесет векови еден човек станал и рекол: „Јас сум само смртник; но Тој кој го создал универзумот ми заповеда да ви ја донесам Неговата Објава. За да можете да живеете во хармонија со планот на Неговото создавање, Тој ми нареди да ве потсетам на Неговото постоење, семоќ и сезнаење и да ви доставам програма на однесување. Ако го прифатите ова потсеќавање и оваа програма, следете ме.“ Ова беше суштината на пратеничката мисија на Мухамед.

Општествената шема која тој ја изнесувал била со таква едноставност, што ѝ прилега само на вистинската величественост. Таа тргнувала од поставката дека луѓето се биолошки суштества, со биолошки потреби, и дека се така условени од својот Творец што мораат да живеат во *групи* за да можат целосно да ги задоволат своите психички, морални и интелектуални барања; накусо, тие се *зависни* едни од други. Континуитетот на подемот на духовниот раст на личноста (основна цел на секоја религија) зависи од тоа дали ја помагаат, охрабруваат и штитат луѓето околу неа, а тие, секако, ја очекуваат истата соработка од неа. Оваа човечка меѓузависност била причината поради која во исламот религијата не можела да биде одвоена од економијата и политиката. Да ги уреди човечките односи на таков начин што секој ќе најде што е

можно помалку пречки, а што е можно повеќе охрабрување во развојот на својата личност: тоа и ништо друго е исламската замисла за правилната функција на општеството. Така било природно системот кој го прогласил пратеникот Мухамед за дваесет и три години од своето пратеништво да се однесува не само на духовните прашања, туку и да даде рамка за сите индивидуални и општествени активности. Тој нуди концепт не само за индивидуална правичност, туку исто така и за праведно општество кое треба да предизвика таквата правичност. Тој ја пружаше скицата на политичката заедница – само контурата, бидејќи деталите на човечките политички потреби се временски условени и затоа променливи – како и шема на лични права и општествени должности кај кои фактот на историската еволуција е предвиден како што треба. Исламскиот кодекс го опфаќа животот во сите негови аспекти, морални и физички, индивидуални и заеднички; проблемите на телото и духот, на сексот и економијата имаат, заедно со проблемите на теологијата и обожувањето, свое легитимно место во Пратениковите учења и ништо што се однесува на животот не изгледа безначајно за да не биде вовлечено во сферата на верските мисли – дури ни таквите „световни“ прашања како што се трговијата, наследството, правото на сопственост или земјопоседништвото.

Сите одредби на исламското право се засновани со цел за еднакво ползување на сите членови на заедницата, без оглед на потеклото, расата, полот или поранешната општествена припадност. Никакви посебни права не се резервирани за основачот на заедницата или за неговите потомци. Висок или низок, во општествена смисла, се непостоечки изрази, а ниту постои концептот на класи. Сите права, должности и можности се применуваат еднакво

на сите кои му припаѓаат на исламот. Не е потребен свештеник да посредува меѓу човекот и Бога бидејќи **„Тој знае и што криете и што покажувате, и Тој го знае тоа што го правите.“**[61]. Не се признава друга лојалност освен лојалноста кон Бога и Неговиот Пратеник, кон родителите и заедницата која има цел да ја воспостави Божјата милост на Земјата; тоа го исклучува оној вид лојалност која вели „било право, било криво, моја држава“ или „моја нација“. За да го објасни овој принцип, Пратеникот мошне нагласено рекол во многу пригоди: *„Не ни припаѓа нам оној кој ја прогласува за добра племенската припадност; не ни припаѓа нам оној кој се бори за работата на племенската припадност; не ни припаѓа нам оној што умира за љубовта кон племенската припадност.“*

Пред исламот, сите политички организации – дури и оние на теократска или полутеократска база – биле ограничени од тесните концепти на племињата и племенските хомогености. Оттаму божествените кралеви на стар Египет не мислеле ништо надвор од хоризонтите на нилската долина и нејзините жители, а во раната теократска држава на Евреите, кога било замислено дека Бог владее, тоа безусловно бил богот на Децата на Израел. Во структурата на куранската мисла, од друга страна, немало место за размислување за потеклото или за племенската верност. Исламот постулирал независна политичка заедница која ги урива конвенционалните поделби врз основа на родот, племето и расата. Во овој поглед, исламот и христијанството, би можело да се каже, имале иста цел: и двата застапуваат меѓународна заедница на луѓе соединети во нивната припадност кон заеднички идеал; меѓу-

[61] Куран, 6:3. (Заб. на прев.)

тоа, додека христијанството се задоволувало само со моралното застапување на овој принцип и, советувајќи им на своите следбеници на царот да му го даваат неговото право, го ограничило својот универзален повик на духовната сфера, исламот изнел пред светот визија за политичка организација во која свеста за Бога би била главен извор на човековото практично однесување и единствена основа на сите општествени институции. Значи – исполнувајќи го она што христијанството не го исполнило – исламот отворил ново поглавје во развојот на човекот: прв случај на отворено, идеолошко општество, наспроти затворените, расно и географски ограничени општества од минатото.

Пораката на исламот замислила и остварила во практиката цивилизација во која воопшто немало место за национализам, никакви „повластени интереси“, никакви класни поделби, никаква Црква, никакво свештенство, никакво наследно благородништво, всушност, никакви наследни функции воопшто. Целта била воспоставување на теократија во однос на Бога и демократија меѓу човек и човек. Најважно својство на таа нова цивилизација – својство кое се разликува од сите други движења во човечката историја – бил фактот што таа била конципирана со помош на доброволна согласност на заинтересираните луѓе. Овде општествениот процес не бил, како во сите други заедници и цивилизации познати на историјата, резултат на притисок или полупритисок на спротивставените интереси, туку составен дел на изворен „устав“. Со други зборови, изворниот општествен договор лежи во коренот на работите; не како говорна фраза која ја формулирале подоцнежните генерации на властодршци во одбрана на своите привилегии, туку вистински, историски извор на исламската цивилизација. Куранот вели: **„Да,**

Бог ги купил од верниците нивните личности и имотот нивни, нудејќи им го рајот за возврат... Затоа, радувајте се за спогодбата што сте ја направиле, бидејќи тоа е највисока победа!“[62]

Знаев дека оваа „највисока победа“ – единствен пример на вистинска општествена спогодба забележана во историјата – била остварена за време на еден мошне кус период, или, подобро кажано, само за време од мошне кус период направен е широк обид да се оствари тоа. Помалку од еден век по смртта на Пратеникот, политичкиот облик на некогашниот ислам почнал да се расипува и, во следните векови, оригиналната програма била постепено потиснувана во заднината. Настапиле племенски борби за власт наместо слободниот договор на слободните мажи и жени; наследното кралство, толку непријателско кон политичкиот концепт на исламот колку и многубоштвото кон неговиот теолошки концепт, се појавило наскоро – а со него и династичките борби и интриги, племенски повластувања и угнетувања и вообичаената деградација на религијата до статус на слугинка на политичката власт; накусо, многуте „повластени интереси“ толку познати на историјата. За некое време големите мислители на исламот се обиделе да ја одржат нивната вистинска идеологија возвишена и чиста, но оние кои дошле по нив биле од помала вредност и по два-три века почнале да пропаѓаат во мочуриштето на интелектуалните конвенции, престанале да мислат самостојно и се задоволувале со повторувањето на мртвите фрази на поранешните генерации – заборавајќи дека секое човечко мислење е временски условено и несовршено, и затоа му е потребна постојана обнова.

[62] Куран, 9:111. (Заб. на прев.)

Првобитната двигателна сила на исламот, толку огромна во својот почеток, била доволна за некое време да ја донесе муслиманската заедница на народи до големи културни височини – до она величествено ниво на научни, литературни и уметнички достигнувања кои историчарите ги опишуваат како златен век на исламот; но во текот на уште неколку векови оваа движечка сила згаснувала поради недостиг на духовна храна, и муслиманската цивилизација сè повеќе стагнирала лишена од создавачката моќ.

*

* *

НЕМАВ НИКАКВИ илузии во однос на сегашната состојба на работите во муслиманскиот свет. Четирите години кои ги поминав во тие земји ми покажаа дека, додека исламот бил сè уште жив, забележлив во погледот кон светот на своите припадници и во нивното немо признавање на неговите етички поставки, тие самите како луѓе биле парализирани, неспособни своите верувања да ги преведат во плодоносна акција. Но она што ме загрижуваше повеќе од неуспехот на сегашните муслимани во примената на системот на исламот, беа можностите на самиот систем. За мене беше доволно да знам дека за кусо време, на самиот почеток на исламската историја, беше направен успешен обид тој систем да се примени; и она што изгледаше возможно еднаш, веројатно може повторно да стане реално. Што е важно, си реков себеси, што муслиманите скршнале од патот на првобитното учење и западнале во индоленција и незнаење? Што е важно што тие не живеат според идеалот кој им го дал арапскиот Пратеник пред тринаесет века – ако

самиот идеал сè уште лежи отворен за сите кои сакаат да ја слушнат неговата Објава?

А сосема е можно, си мислев, дека нам, кои доаѓаме подоцна, таа Објава ни е многу попотребна отколку на луѓето од времето на Мухамед. Тие живееле во околина многу поедноставна од нашата, така што нивните проблеми и тешкотии можеле да се решат многу полесно. Светот во којшто живеев – целиот тој свет – се колебаше поради недостигот на каква било согласност за тоа што е духовно добро и зло и, според тоа, исто така општествено и економски. Не верував дека на човекот му е потребно „спасение“; но верував дека на модерното општество му е потребно спасение. Повеќе од кога и да е порано, чувствував со растечка несигурност, дека на нашето време му е потребна идеолошка основа за нов општествен договор: нему му е потребна вера која би ни овозможила да ја сфатиме празнината на материјалниот напредок само заради тој напредок – а притоа, сепак, на животот на овој свет да му го дава она што му припаѓа; тоа би ни покажало како да воспоставиме рамнотежа меѓу духовните и физичките потреби, и така да се спасиме од пропаста во која ненадејно се втурнуваме.

*
* *

НЕ БИ БИЛО претерано да се каже дека во тој период од мојот живот прашањето околу исламот – бидејќи тоа за мене беше прашање – го обземаше мојот дух во толкава мера што исклучуваше сè друго. Дотогаш мојата задлабоченост ја беше надминала својата прва фаза, која подразбираше само интелектуална заинтересираност за чудната,

иако привлечна, идеологија и култура; тоа стана страствено трагање по вистината. Споредено со ова трагање, дури и авантуристичките возбудувања од изминатите две години патување избледнеа до безначајност: толку многу што ми беше тешко да се сконцентрирам на пишувањето на новата книга која издавачот на *Frankfurter Zeitung* со право ја очекуваше од мене.

На почетокот д-р Симон попустливо гледаше на моето очигледно опирање да продолжам со оваа книга. Конечно, тукушто се бев вратил од долго патување и заслужував некаков вид одмор; мојата неодамнешна женидба изгледа дека исто така го оправдуваше одложувањето на пишувањето. Но кога одморот и одложувањето почнаа да се продолжуваат преку она што д-р Симон го сметаше за разумно, тој ми напомна дека е време да се спуштам на земја.

Кога ќе помислам сега, ми изгледа дека тој беше многу разбран, но тоа не ми се чинеше така во тоа време. Неговото често и упорно испитување за напредувањето со „книгата“ имаше спротивен ефект од она што беше намерата; се чувствував како под претерана присила и почнав да чувствувам одвратност и при самата помисла на книгата. Повеќе ме засегаше она што допрва требаше да го откријам отколку опишувањето на она што дотогаш го имав најдено.

На крајот, д-р Симон даде разбеснета забелешка: „Мислам дека никогаш нема да ја завршите таа книга. Она од што вие страдате е *horror libri.*“

По малку раздразнет, одговорив: „Можеби мојата болест е дури и посериозна од тоа. Можеби страдам од *horror scribendi.*“

„Па, ако страдате од тоа“, одговори тој остро, „зошто мислите дека *Frankfurter Zeitung* е вистинско место за вас?“

Еден збор предизвикуваше друг и нашето несогласување прерасна во караница. Истиот ден дадов отказ во *Frankfurter Zeitung* и по една седмица отпатував со Елза во Берлин.

Секако, немав намера да го напуштам новинарството, затоа што, покрај удобниот живот и задоволството (привремено расипано со „книгата“) што ми го даваше пишувањето, тоа ми го овозможуваше единствениот начин да се вратам во муслиманскиот свет; а во муслиманскиот свет сакав да се вратам по секоја цена. Со угледот кој го постигнав за последните четири години не беше тешко да се стапи во нов контакт со печатот. Наскоро по моето прекинување со *Frankfurter Zeitung*, склучив мошне поволни договори со три други весници: *Neue Züricher Zeitung* од Цирих, *Telegraaf* од Амстердам и *Kölnische Zeitung* од Келн. Оттогаш моите статии за Блискиот Исток требаше да се појавуваат во овие три весници кои – иако неспоредливи со *Frankfurter Zeitung* – спаѓаа меѓу најважните во Европа.

За тоа време Елза и јас се сместивме во Берлин, каде што имав намера да ја завршам својата серија предавања на Геополитичката академија, а исто така и да продолжам со своите исламски студии.

Моите стари литературни пријатели беа радосни што се вратив, но некако не беше лесно да се поврзат конците на нашите поранешни односи таму каде што беа раскинати кога отидов на Блискиот Исток. Се бевме отуѓиле; веќе не зборувавме на истиот интелектуален јазик. Посебно, ни кај еден од моите пријатели не можев да

предизвикам нешто слично на разбирање за мојата преокупираност со исламот. Речиси сите до еден ќе замавтаа со главата во збунетост кога се обидував да им објаснам дека исламот, како интелектуална и општествена замисла, може да се спореди со која било друга идеологија. Иако понекогаш ја признаваа прифатливоста на овој или оној исламски предлог, мнозиството беше на мислење дека старите религии се работа на минатото и дека нашето време бара нов „хуманистички" пристап. Но дури ни оние, кои не негираа одлучно секоја вредност на институционалната религија, воопшто не беа наклонети да го напуштат популарниот западен став дека на исламот, бидејќи претежно се занимава со световни работи, му недостига „мистичноста" која со право ја очекуваме од религијата.

Посебно ме изненади кога открив дека токму оној аспект на исламот што на прв чекор ме привлече – отсуството на поделба на реалноста на физички и духовен дел и нагласувањето на разумот како пат до верата – толку малку ги привлекува интелектуалците кои инаку на разумот му припишуваат доминантна улога во животот; тие токму во религиската сфера инстинктивно отстапуваат од својата вообичаена „рационална" и „реалистичка" позиција. Во овој однос не можев да направам никаква разлика меѓу малиот број од оние мои пријатели кои се религиски наклонети и оние многубројни на кои религијата престанала да им биде нешто повеќе од демодирана конвенција.

Со време, меѓутоа, сфатив каде лежи нивната тешкотија. Почнав да забележувам дека во очите на луѓето воспитани во рамките на христијанската мисла – со нагласка на „натприродното", што божем е присутно во секое

вистинско религиозно искуство – претежно рационалниот пристап изгледа дека оддалечува од духовната религиска вредност. Овој став во никој случај не беше ограничен на верниците христијани. Поради долготрајната, речиси исклучива поврзаност на Европа со христијанството, дури и Европејците агностици научиле на секое религиско искуство потсвесно да гледаат низ призмата на христијанското сфаќање и го сметаа за „валидно“ само ако е проследено со возбудување на таинствено стравопочитување кон нештата сокриени и надвор од интелектуалните сфаќања. Исламот не го исполнуваше ова барање; тој инсистираше врз координацијата на физичките и духовните облици на животот на совршено природно рамниште. Всушност, неговиот поглед на светот беше толку поинаков од христијанскиот, врз кој беа базирани повеќето западни концепти, што прифаќањето на валидноста на едниот неизбежно водеше до оспорување на валидноста на другиот.

Што се однесува на мене, сега знаев дека бев теран кон исламот; но истрајната неодлучност го одложуваше конечниот, неповратен чекор. Помислата за прифаќање на исламот ми изгледаше како авантура преку еден мост над бездна меѓу два различни света; толку долг мост што мора да се достигне точката од која нема враќање пред другиот крај да стане видлив. Бев сосема свесен дека, ако станам муслиман, ќе мора да се одвојам од светот во којшто израснав. Никаков друг излез не беше можен. Навистина не беше возможно да се следи повикот на Мухамед, а при тоа да се задржат внатрешните врски со општеството во кое владеат дијаметрално спротивни концепти. Но – *дали исламот е навистина Божја објава или пак само мудрост на голем, но несовршен, човек...?*

*

* *

ЕДЕН ДЕН – тоа беше во септември 1926 – Елза и јас патувавме со берлинската подземна железница. Тоа беше купе за повисоките класи. Мојот поглед случајно падна врз еден добро облечен човек наспроти мене, очигледно богат бизнисмен, со прекрасна кожна торба врз скутот и со голем дијамантски прстен на раката. Без волја помислив како дебелата фигура на овој човек добро се вклопува во сликата на просперитетот кој се среќаваше насекаде во Централна Европа во тие денови; просперитет дури поупадлив зошто дошол по години на инфлација, кога сиот економски живот бил, по правило, целосна збрка и беда. Повеќето од луѓето сега беа добро облечени и нахранети, а човекот наспроти мене не беше во тоа никаков исклучок. Но кога погледнав во неговото лице, не ми се чинеше дека гледам среќна личност. Изгледаше загрижен, но не само загрижен, туку многу несреќен, со очи кои зјапаат во празно и со спуштени агли од усните како во болка – но не телесна болка. Не сакајќи да бидам неучтив, ги свртев очите и видов до него една елегантна госпоѓа. И таа имаше чудно несреќен израз на лицето небаре преживува или доживува нешто што ѝ предизвикува болка; сепак, нејзините усни беа стиснати во нешто слично на насмевка која, сигурен сум, мора да беше наместена. Тогаш почнав да гледам наоколу во сите други лица во купето – лица на, без исклучок, добро облечени и добро нахранети луѓе и на речиси секој од нив можев да забележам израз на скриена болка, толку скриена што сопственикот на лицето како да не беше ни свесен.

Ова навистина беше чудно. Никогаш порано не сум видел толку многу несреќни лица околу себе; или можеби никогаш порано не сум го барал она што сега толку гласно зборуваше од нив? Впечатокот беше толку силен што ѝ го спомнав тоа на Елза; и таа исто така почна да гледа околу себе со внимателно око на сликар, свикнат да ги студира човечките црти на лицето. Тогаш се сврте кон мене, зачудено, и рече: „Во право си. Сите овие изгледаат како да трпат пеколни маки... Се прашувам дали тие самите знаат што се случува со нив?“

Знаев дека не знаат – бидејќи во спротивно не би продолжиле со трошењето на својот живот како што тоа го прават, без никаква цел освен желбата да го кренат својот сопствен „животен стандард“, без каква било надеж освен да добијат повеќе материјални удобности, повеќе направи и можеби повеќе моќ...

Кога се вративме дома, случајно погледнав на својата маса на која лежеше отворениот примерок од Куранот што претходно го читав. Механички ја зедов книгата за да ја ставам настрана, но токму кога сакав да ја затворам, погледот ми падна на отворената страница и прочитав:

„Опседнати сте од алчност за сè повеќе и повеќе, сè додека не отидете в гроб!

Но, вие ќе разберете!

Но, вие ќе разберете!

Па, кога само би го знаеле тоа сигурно,

Вие навистина би го виделе пеколот во кој се наоѓате.

Во свое време, навистина, вие ќе видите сигурно со своите очи: тој Ден ќе бидете прашани што сте направиле со благословот на животот.“[63]

За миг останав без здив. Мислев дека книгата ми затрепери в раце. Тогаш ѝ ја дадов на Елза: „Прочитај го ова. Зар тоа не е одговорот на она што го видовме во подземната железница?“

Тоа беше одговорот; толку решавачки што сите сомнежи ненадејно исчезнаа. Сега знаев, надвор од секаков сомнеж, дека Бог ја инспирирал таа книга која ја држам во рацете; бидејќи иако му е дадена на човек пред тринаесет векови, таа јасно предвидуваше нешто што може да стане вистинито само во овој наш комплициран, механизиран век, што го опседнуваат слабости.

Во сите времиња луѓето ја познавале алчноста; но никогаш пред тоа алчноста не беше прерасната во вистински копнеж да се постигне нешто и не беше опсесија која го замаглува погледот на сè друго, незапирлив копнеж да се добие, направи, да се оствари сè повеќе и повеќе – повеќе денес отколку вчера и повеќе утре отколку денес, демон што јава на вратот од луѓето и ги камшикува нивните срца напред кон целите кои потсмешливо блескаат во далечината, но се губат во ништото што ќе го достигнат, секогаш пружајќи ветување за нови цели напред – уште посјајни цели, поприврлечни сè додека лежат на хоризонтот, но одредени да исчезнат во новото ништо штом ќе дојдат на дофат; а тој глад, тој незаситен глад по секогаш нови цели кои ја разјадуваат човечката душа: **„Па, кога само би го знаеле тоа сигурно, вие навистина би го виделе пеколот во кој се наоѓате...“**

[63] Куран, 102:1-8. (Заб. на прев.)

Ова, видов, не беше само човечка мудрост на човек од далечното минато во далечна Арабија. Колку и да бил тој мудар, таков човек не можел сам да ги предвиди маките, толку својствени за дваесеттиот век. Од Куранот говореше глас поголем од Мухамедовиот глас....

– 5 –

МРАКОТ ГО ОБВИЛ дворот на Пратениковата џамија и го ублажуваа само петролејните ламби обесени на долгите синџири меѓу столбовите на аркадите. Шеик Абдулах ибн Булејхид седи со соборена глава и затворени очи. Кој не го познава може да помисли дека заспал; но јас знам дека тој моето зборување го слуша со големо внимание обидувајќи се да го согласи со своето широко искуство со луѓето и со нивните срца. По долга пауза тој ја крева главата и ги отвора очите:

„А тогаш? Што направи тогаш?“

„Очигледната работа, шеику. Побарав еден мој пријател муслиман од Индија кој во тоа време беше на чело на малата муслиманска заедница во Берлин и му реков дека сакам да го прифатам исламот. Тој ја пружи десната рака кон мене и јас ја прифатив и во присуство на два сведока изјавив: ‚Сведочам дека нема друг бог освен Бог и дека Мухамед е Негов пратеник.“[64] Неколку месеци подоцна тоа го стори и жена ми.“

„А што рекоа твоите за тоа?“

[64] Оваа изјава е единствен „ритуал“ потребен да се стане муслиман. Во исламот изразите „пратеник“ и „профет“ се меѓусебно заменливи кога се применуваат на големите профети кои донесувле нова Објава, како Мухамед, Исус (Иса), Мојсеј (Муса), Авраам (Ибрахим).

„Па не им се допадна тоа. Кога го известив татко ми дека сум станал муслиман, тој дури ни не одговори на моето писмо. По неколку месеци сестра ми ми пиша дека ме смета за мртов... Веднаш потоа на татко ми му испратив друго писмо, уверувајќи го дека моето прифаќање на исламот не менува ништо во моето однесување или мојата љубов кон него; дека, напротив, исламот бара да ги сакам и почитувам моите родители повеќе од сите други луѓе... И тоа писмо остана без одговор.“

„Татко ти навистина мора да е силно приврзан кон својата религија.“

„Не, шеику, не е, а тоа е најчудната страна на приказната. Тој, мислам, ме смета за отпадник, не толку од неговата вера (бидејќи тој никогаш не веруваше силно) колку од заедницата во која израснал и од културата кон која е приврзан.“

„И оттогаш никогаш не си го видел?“

„Не, наскоро по нашето преобраќање, жена ми и јас ја напуштивме Европа; не можевме да издржиме да останеме таму подогло. А јас никогаш не се вратив...“[65]

[65] Нашите односи повторно беа воспоставени во 1935, откако татко ми конечно ги сфати и ги оцени причините за моето преобраќање во исламот. Иако никогаш повеќе не се сретнавме, постојано се допишувавме сè до 1942 година кога тој и сестра ми беа депортирани од нацистите од Виена во концентрационен логор, каде што подоцна умреа.

XI. Џихад

– 1 –

ДОДЕКА ИЗЛЕГУВАМ од Пратениковата џамија, некој ме фаќа за раката; се свртувам и ги сретнувам благите стари очи на Сиди Мухамед ез-Зувај, Припадник на движењето Сенуси.

„О, синко, колку сум радосен што повторно те гледам по толку месеци. Бог нека те благослови во овој благословен Град на Пратеникот.“

Рака под рака, шетаме полека низ калдрмисаната улица која води од џамијата до главниот пазар. Во својот бел северноафрикански *бурнус*, Сиди Мухамед е позната фигура во Медина, каде што живее веќе со години и многу луѓе го прекинуваат нашето одење за да го поздравaт со почит, не само поради неговите седумдесет години туку и поради неговата слава како еден од водачите на либиската херојска борба за независност.

„Сакам да ти кажам, синко, дека Сеид Ахмед е во Медина. Не е целосно здрав и би му причинило големо задоволство да те види. Колку долго ќе останеш овде?“

„Само до задутре“, одговарам јас, „но секако нема да заминам без да го видам Сеид Ахмед. Одиме сега кај него“.

Никого во цела Арабија не го сакам повеќе од Сеид Ахмед, бидејќи нема друг кој се жртвувал толку целосно и толку несебично за некој идеал. Научник и борец, тој ѝ го посветил сиот свој живот на духовната обнова на муслиманската заедница и на нејзината борба за политичка независност, знаејќи добро дека едното не може без другото.

Колку добро се сеќавам на првата средба со Сеид Ахмед, пред многу години, во Мека...

Северно од Светиот град се издигнува ридот Ебу Кубајс, центарот на многу стари легенди и преданија. Од неговиот врв, крунисан со мала, бело варосана џамија со две ниски минарињa, се пружа прекрасен поглед долу, во долината на Мека со квадратот од џамијата од Ќаба и живописен, неодреден амфитеатар од куќи што се искачуваат на голите, карпести стрмнини, на сите страни. Малку пониско од врвот на ридот Ебу Кубајс, комплексот карпести згради виси над тесните тераси како грозд од орлови гнезда, меканското седиште на братството на сенусите. Старецот што го сретнав таму – изгнаник кому сите патишта до неговиот дом во Циренаика му беа затворени по триесетгодишната борба и неговата седумгодишна одисеја меѓу Црното Море и јеменските племиња – имаше име прочуено во муслиманскиот свет: Сеид Ахмед, Големиот сенуси. Ниедно друго име не им предизвикало толку многу бессони ноќи на колонијалните владетели на Северна Африка, дури ни името на големиот Абд ел-Кадир од Алжир во деветнаесеттиот век, или мароканскиот Абд ел-Керим кој бил голема неприлика за Французите во неодамнешните денови. Тие имиња, колку и да се незаборавни кај муслиманите, имале само политичко значење – додека Ахмед и неговиот ред биле во текот на многуте години и голема духовна сила.

Нас нè запозна мојот пријател од Јава, хаџи Агос Салим, кој беше во водството на индонезиската борба за политичка еманципација и беше дошол во Мека на аџилак. Кога Сеид Ахмед слушна дека неодамна сум го примил исламот, тој ја пружи својата рака кон мене и рече пријатно:

„Добредојде меѓу своите браќа, мој млад брате...“

Страдањето беше врежано на убавото чело на остареniот борец за верата и слободата. Неговото лице, со мала побелена брада и сензуално препредени усни меѓу болните црти, беше уморно; очните капаци тешко паѓаа преку очите и им даваа изглед на сонливост; бојата на неговиот глас беше мека и оптоварена со тага. Но понекогаш во нив ќе се појавеше блесок. Очите ќе добиеја болскава острина, гласот стануваше појасен, а од наборите на неговиот бел *бурнус* се креваше рака како орлово крило.

Наследник на идејата и мисијата која можеше, да го постигнеше своето остварување, да му донесе ренесанса на модерниот ислам; дури ни во изнемоштеност, старост и болест, и во пропаста на своето животно дело, северноафриканскиот херој не го имаше изгубено својот жар. Имаше право да не очајува; знаеше дека стремежот кон религиски и политички препород во вистински дух на исламот – за што се залагало движењето на сенусите – никогаш не може да биде избришан од срцето на муслиманските народи.

*

* *

ДЕДОТО НА СЕИД АХМЕД, големиот алжирски научник Мухамед ибн Али ес-Сенуси (наречен така според племето Бену Сенус, на кое му припаѓал) беше оној кој во

првата половина од векот ја изнел идејата за исламско братство кое би можело да го разгази патот за основање на вистински исламски комонвелт. По низа години патување и студирање во многу арапски земји, Мухамед ибн Али ја основал првата *завија*[66], или ложа, на редот сенуси на ридот Ебу Кубајс, во Мека, и бргу добил силна поддршка меѓу бедуините од Хиџаз. Меѓутоа, тој не останал во Мека, туку се вратил во Северна Африка, за конечно да се смести во Џагбуб, оаза во пустината меѓу Циренаика и Египет, откаде неговата порака се раширила како молња преку цела Либија и далеку надвор од неа. Кога умрел во 1859, сенусите (така се нарекувале сите членови на редот) завладеале со пространата држава од крајбрежјето на Медитеранот во екваторијална Африка и во подрачјето Туарег во алжирска Сахара.

Изразот „држава“ не ја опишува точно оваа единствена творба, бидејќи Големиот Сенуси никогаш немал за цел воспоставување на власт, било своја лична, било на своите наследници; она што тој сакал било да подготви организациона основа за морален, општествен и политички препород на исламот. Во согласност со оваа цел тој не направил ништо за да ја наруши традиционалната племенска структура на тоа подрачје, ниту ја оспорувал номиналната врховна власт на турскиот султан над Либија – кого тој и понатаму го признавал како халиф – туку своите напори ги посветил на воспитувањето на бедуините во науката на исламот, од кој во минатото се оддалечиле, и на будењето на свеста за братството кое е предвидено со Куранот, но било значително уништено од вековните племенски непријателства. Од многуте *завии* кои никнале

[66] Ложа на религиски ред или братство.

по Северна Африка сенусите ја пренесувале својата порака до најоддалечените племиња и во текот на неколку децении причиниле речиси чудесни промени меѓу Арапите, а исто така и меѓу Берберите. Старата меѓуплеменска анархија постепено се намалувала и некогаш тврдоглавите пустински воини станале проникнати со дотогаш непознат дух на соработка.

Нивните деца во *завиите* добивале образование – не само во учењата на исламот туку исто така во многуте практични вештини и занаети кои порано биле презирани од воинствените номади. Биле поттикнати да дупчат повеќе и подобри бунари во подрачјата кои со векови стоеле голи, а под водството на сенусите во пустините почнале да се појавуваат напредни плантажи. Трговијата била поттикната, и мирот кој го донеле сенусите овозможил патувања низ подрачјата каде во минатите години ниеден караван не можел да се движи невознемируван. Накусо, влијанието на редот било силен поттик за цивилизација и напредок, додека неговата строга правоверност ги кренала моралните норми на новата заедница далеку над сè што тој дел од светот било кога го искусил. Речиси сите до последниот, племињата и нивните главатари, доброволно го прифатиле духовното водство на Големиот Сенуси; дури и турските власти во либиските крајбрежни градови согледале дека моралниот авторитет на редот значително им ги олеснил односите со некогаш толку „тврдокорните“ бедуински племиња.

Затоа, иако редот ги насочувал своите напори кон напредниот препород на домашното население, неговото влијание речиси не можело да се разликува од вистинската управна моќ. Оваа моќ се потпирала врз способностите на редот да ги поттикне простите бедуини и Тауреги од

Северна Африка од нивниот дотогашен неплоден формализам во верските работи, да ги исполни со желба вистински да живеат во духот на исламот и да им даде чувство сите да работат за слободата, човечкото достоинство и братство. Никогаш од времето на Пратеникот никаде во муслиманскиот свет немало масовно движење толку блиско до исламскиот начин на живеење како што е движењето на сенусите.

Ова мирно време било прекинато во последната четвртина од деветнаесеттиот век, кога Франција почнала да напредува јужно од Алжир во екваторијална Африка, и да ги окупира, чекор по чекор, подрачјата кои порано биле независни под духовното водство на редот. Во одбрана на својата слобода, синот и наследникот на основачот, Мухамед ел-Мехди, бил принуден да се фати за сабјата и веќе никогаш не бил во состојба да ја остави. Оваа долга борба била вистински исламски *џихад* – војна во самоодбрана, како што е дефиниран во Куранот: **„Борете се на Божјиот пат против оние кои се борат против вас, но самите не бидете агресори; бидејќи, навистина, Бог не ги сака агресорите... Борете се против нив сè додека не исчезне угнетувањето и сите луѓе нека бидат слободни да го обожуваат Бога. Но, ако тие се откажат, сите непријателства мора да престанат...“**[67]

Но Французите не се откажале; тие ја носеле својата тробојка на своите бајонети сè подлабоко и подлабоко во муслиманските земји.

Кога Мухамед ел-Мехди умрел во 1902, неговиот внук Сеид Ахмед го презел водството над редот. Од својата деветнаесетта година, за време на животот на својот вујко

[67] Куран, 2:190, 193. (Заб. на прев.)

и подоцна кога тој самиот станал Голем Сенуси, тој бил во борба против француското продирање во подрачјата кои се нарекуваат Француска Екваторијална Африка. Кога Италијаните извршиле инвазија врз Триполитанија и Циренаика во 1911, тој се нашол во борба на два фронта; овој нов и подиректен притисок го принудил своето главно внимание да го насочи кон север. Рамо до рамо со Турците, а откако овие ја напуштиле Либија, самиот, Сеид Ахмед и неговите сенуски муџахедини – како што се нарекувале себеси овие борци за слобода – воделе борба против освојувачот со таков успех, што Италијаните, наспроти своето надмоќно вооружување и бројност, одвај можеле да ги држат само несигурните упоришта на неколку крајбрежни градови.

Британците, тогаш веќе солидно утврдени во Египет и очигледно не премногу среќни да ги гледаат Италијаните да се шират во внатрешноста на Северна Африка, не биле непријателски расположени кон сенусите. Нивниот неутрален став бил од битна важност за редот, бидејќи сето снабдување на муџахединте доаѓало од Египет, каде што ги уживале симпатиите на практично целото население. Сосема е веројатно дека оваа британска неутралност, ако потраела, ќе им овозможела на сенусите целосно да ги истераат Италијаните од Циренаика. Но во 1915 година Турција влегла во војна на страната на Германија, а османлискиот султан, како халиф на исламот, го повикал Големиот Сенуси да им помогне на Турците со напаѓање на Британците во Египет. Британците, секако, повеќе од кога било загрижени да ја заштитат заднината на својот египетски имот, го наговориле Сеид Ахмед да остане неутрален. Во замена за неговата неутралност, биле подготвени да им дадат политичко признавање на редот сенуси

во Либија и дури да му отстапат некои египетски оази во Западната Пустина.

Ако ја прифатеше Сеид Ахмед оваа понуда, тој ќе го следеше само она што здравиот разум категорично го бараше. Тој не им должеше никаква особена верност на Турците, кои се беа одрекле од Либија во полза на Италијаните неколку години пред тоа, оставајќи ги сенусите да се борат сами; Британците не манифестирале никаква непријателска постапка против сенусите туку, напротив, им дозволиле да се снабдуваат од Египет – а Египет бил нивниот единствен извор за снабдување. Дури и повеќе, „*џихадот*“ што го објавил османлискиот султан под влијание на Берлин, воопшто не ги исполнувал условите кои ги поставил Куранот; Турците не се бореле во самоодбрана туку им се придружиле на немуслиманските сили во агресивна војна. Затоа и религиското и политичкото разгледување упатувало само на еден пат на Големиот Сенуси – да не влезе во војна која не била негова. Некои од најблиските водачи на сенусите – меѓу нив бил и мојот пријател Сиди Мухамед ез-Зувај – го советувале Сеид Ахмед да остане неутрален. Но неговата донкихотска смисла за рицарство кон халифот на исламот конечно натегнала над барањата на разумот и го навела да ја донесе погрешната одлука; се изјаснил за Турците и ги нападнал Британците во Западната Пустина.

Овој конфликт на совеста и неговиот конечен исход биле уште потрагични зашто во случајот на Сеид Ахмед тоа не било само прашање на лична загуба или добивка туку, исто така, веројатно и нанесување на непоправлива штета на големата работа на која ѝ бил посветен целиот негов живот и животите на двете генерации пред него. Кој го познава толку добро колку мене, не може да има

ни малку сомнение дека тој бил поттикнат од сосема несебичен мотив – желбата да го зачува единството на муслиманскиот свет; но јас исто така малку се сомневам дека, од политички аспект, неговата одлука била најлошата што кога било можел да ја донесе. Водејќи борба против Британците, тој ја жртвувал, не сфаќајќи го тоа целосно во тоа време, целата иднина на редот сенуси.

Оттогаш бил принуден да се бори на три фронта: на север против Италијаните, на југозапад против Французите и на исток против Британците. Британците, тешко притиснати од германско-турското напредување кон Суецкиот Канал, се евакуирале од оазите во Западната Пустина, кои веднаш ги окупирал Сеид Ахмед. Мошне подвижните колони од сенуси на камили, предводени од Мухамед ез-Зувај (кој во својата мудрост бил толку остро против овој зафат), продреле близу до Каиро. Меѓутоа, во тој момент воената среќа се свртела; брзото напредување на германско-турската армија било запрено на Синајскиот Полуостров и се претворило во повлекување. Наскоро потоа Британците извршиле противнапад на сенусите во Западната Пустина, повторно ги окупирале граничните оази и бунари и така го пресекле единствениот пат за снабдување на муџахедините. Внатрешноста на Циренаика не можела самата да го прехрани населението во борбата на живот и смрт, а неколкуте германски и австриски подморници, кои тајно растоварувале оружје и муниција, донеле само симболична помош.

Во 1917 година турските советници го наговориле Сеид Ахмед со подморница да се упати за Истанбул и таму да осигура поефикасна помош. Пред заминувањето

водството на редот во Киренаика му го доверил на својот роднина Сеид Мухамед ел-Идриз.[68] Бидејќи бил со попомирливо расположение од Сеид Ахмед, Идриз речиси веднаш се обидел да се нагоди со Британците и Италијаните. Британците – на кои од самиот почеток не им се допаднал конфликтот со сенусите – лесно се согласиле на мир; тие извршиле притисок врз Италијаните да го сторат истото. Наскоро потоа, италијанската влада службено го признала Идриз како „емир на сенусите“ и тој бил во состојба да ја одржи несигурната божемна независност во внатрешноста на Киренаика до 1922 година. Меѓутоа, кога станало очигледно дека Италијаните не мислеле вистински да се придржуваат кон договорот, веќе биле решени целата земја да ја потчинат под своја власт, Сеид Идриз во знак на протест отишол во Египет на почетокот од 1923, предавајќи му го водството на сенусите на стариот верен следбеник Омер ел-Мухтар. Очекуваниот прекин на договорот со Италијаните настапил непосредно по тоа и војната во Киренаика повторно почнала.

Во меѓувреме Сеид Ахмед во Турција доживувал разочарување по разочарување. Негова намера била да се врати во Киренаика штом ќе ја постигне својата цел; но целта никогаш не ја постигнал. Бидејќи, додека бил во Истанбул, чудните интриги го присилувале да го одложува своето враќање од седмица во седмица, од месец во месец. Речиси се чинело дека оние околу султанот не сакале сенусите навистина да успеат. Турците отсекогаш се плашеле еден ден Арапите, кои повторно се будат, да не го преземат водството на муслиманскиот свет; победата

[68] Либиски крал од 1952 до 1969 година. (Заб. на прев.)

на сенусите нужно би го најавила таквото повторно будење на Арапите и би довела до тоа Големиот Сенуси, чијашто слава била речиси легендарна дури и во Турција, да стане очигледен наследник на халифатот. Тоа што самиот тој немал такви амбиции, не ги оттргнувало сомнежите на Високата порта, па иако кон него се постапувало со крајно почитување и со сите почести кои ѝ припаѓаат на неговата положба, Сеид Ахмед бил очигледно и ефикасно задржан во Турција. Османлискиот пораз во 1918 и окупацијата на Истанбул од страна на сојузниците го навестиле крајот на неговите промашени надежи – а во исто време ги затвориле сите патишта за враќање назад во Циренаика.

Но желбата да работи за каузата на муслиманското единство не му дозволила на Сеид Ахмед да остане неактивен. Додека сојузничките трупи се истоварувале во Истанбул, тој преминал во Мала Азија за да му се придружи на Кемал Ататурк – тогаш уште познат како Мустафа Кемал – кој тукушто почнал да го организира турскиот отпор во внатрешноста на Анадолија.

Треба да се сетиме дека, на почетокот, херојската борба на Кемаловата Турција била во знак на исламот и дека само религиозното воодушевување ѝ дало на турската нација во тие мрачни денови сила да се бори против надмоќните сили на Грците, кои сојузниците ги помагале со сите расположливи средства.

Ставајќи го својот духовен и морален авторитет во служба на турската кауза, Сеид Ахмед неуморно патувал низ градовите и селата на Анадолија, повикувајќи го народот да му помогне на *газијата* (бранителот на верата), Мустафа Кемал. Напорите на Големиот Сенуси и угледот

на неговото име неизмерно придонеле за успехот на кемалистичкото движење меѓу едноставните селани на Анадолија, на кои националистичките пароли не им значеле ништо, но кои во безбројните генерации го сметале за привилегија да го дадат својот живот за исламот.

Но овде Големиот Сенуси повторно направил грешка во проценката – не во однос на турскиот народ кого религиското жар навистина го водел до победа против повеќекратно посилниот непријател, туку во однос на намерата на нивниот водач, бидејќи тукушто *газијата* постигнал победа, станало очигледно дека неговите цели многу се разликуваат од она на што неговиот народ бил наведен да очекува. Наместо својата социјална револуција да ја базира врз обновениот и засиленот ислам, Ататурк ја напушта силата на религијата (што единствено го довела до победа) и, сосема непотребно, исфрлувањето на сите исламски вредности го зема за основа на своите реформи. Непотребно дури и од Ататурково гледиште, бидејќи тој лесно можел да го искористи огромното религиско воодушевување на својот народ како позитивен поттик за напредок, не отсечувајќи го од она што ја обликувало неговата култура и го направило голема раса.

Горчливо разочаран од Ататурковите антиисламски реформи, Сеид Ахмед целосно се повлекол од секаква политичка активност во Турција, и конечно, во 1923 година, доаѓа во Дамаск. Таму, наспроти своето противење кон Ататурковата внатрешна политика, тој се обидел да ѝ послужи на каузата за муслиманското единство настојувајќи да ги убеди Сиријците да се соединат со Турција. Француската мандаторна управа, секако, го гледала со крајна недоверба, и кога неговите пријатели, на крајот од 1924 година, дознале дека непосредно претстои негово апсење, тој избегал со автомобил низ пустината до

границата со Нецд, а оттаму продолжил за Мека каде што бил топло примен од кралот Ибн Сауд.

– 2 –

„КАКО СЕ муџахедините, Сиди Мухамед?“ прашувам, бидејќи речиси една година немав вести од Циренаика.

Тркалезното лице, порабено со бела брада, на Сиди Мухамед ез-Зувај се смрачува: „Лоши се вестите. Борбите се завршени пред еден месец. Муџахедините се разбиени, последниот куршум е потрошен. Сега само Божјата милост е меѓу нашиот несреќен народ и одмаздата на неговиот угнетувач...“

„А што е со Сеид Идриз?“

„Сеид Идриз“, одговара Сиди Мухамед со воздишка, „Сеид Идриз е сè уште во Египет, немоќен, чекајќи – што? Тој е добар човек, Бог нека го благослови, но никаков воин. Тој живее со своите книги, а мечот не стои цврсто во неговата рака...“

„Но Омер ел-Мухтар – тој секако не се предал? Дали избегал во Египет?“

Сиди Мухамед застанува и гледа во мене со чудење: „Омер...? Па ти дури ни тоа не си го слушнал?“

„Слушнал, што?“

„Синко мој“, ми вели тој мирно, „Сиди Омер, Бог нека му се смилува, е мртов веќе една година...“

Омер ел-Мухтар – мртов... Тој лав на Циренаика, кого неговите седумдесет необични години не го спречија да се бори, до последниот здив, за слободата на својата земја – мртов... Десет долги, свирепи години тој беше душа на отпорот на својот народ против огромната надмоќ

– против италијанските армии десетпати побројни од неговата – армии опремени со најмодерно оружје, оклопни возила, авиони и артилерија – додека Омер и неговите наполу изгладнети муџахедини немаа ништо освен пушки и неколку коњи да водат очајничка герилска војна во земјата која беше претворена во голем концентрационен логор...

Одвај да му верувам на својот глас додека велам: „Во последната година и пол, откако се вратив од Циренаика, знаев дека тој и неговите луѓе се осудени. Колку само се обидував да го убедам да се повлече во Египет со остатокот од своите муџахедини, за да може да остане жив за својот народ... а колку мирно тој ги игнорираше сите мои обиди за убедување, знаејќи добро дека само смртта, и ништо друго освен смртта, го очекува во Циренаика; и сега, по стотина битки, таа, долгоочекуваната смрт конечно го стигнала... Но, кажи ми, кога падна тој?“

Мухамед Ез-Зувај полека мавташе со главата и додека излегуваме од тесната пазарска улица на отвориот, мрачен сквер на Ел-Менака, тој вели:

„Не падна во борба. Бил ранет и фатен жив. И тогаш Италијаните го убиле... го обесиле како обичен крадец...“

„Но како можеле!“ извикнувам јас. „Дури ни Грацијани не би се осмелил да направи толку страшна работа!“

„Но да, тој се осмелил“, одговара тој, со искривена насмевка: „Токму генералот Грацијани наредил да го обесат. Сиди Омер и групите негови луѓе биле длабоко во подрачјето кое го држеле Италијаните кога одлучиле да го посетат гробот на Сиди Рафи, другарот на Пратеникот, кој бил во близина. Италијаните некако знаеле за неговото присуство и ја затвориле долината со многу војници од двете страни. Не постоел никаков излез за

бегство. Сиди Омер и муџахедините се бранеле сè додека не останале живи тој и уште двајца. Конечно под него беше убиен коњот и, паѓајќи, го притиснал на земјата. Но стариот лав продолжил да пука додека еден куршум не му ја здробил едната рака, а тогаш продолжил да пука со другата рака додека не му снемало муниција. Тогаш го фатиле и го однеле, врзан, во Сулук. Го изнеле пред генералот Грацијани кој го прашал: ‚Што би рекол ти ако италијанската влада, од својата голема добрина, ти дозволи да живееш? Дали би бил подготвен да ветиш дека останиот дел од животот ќе го поминеш во мир?' Но Сиди Омер одговорил: ‚Нема да престанам да се борам против тебе и твојот народ сè додека или вие не ја напуштите мојата земја или јас својот живот. И ти се колнам во Оној кој знае што има во човечките срца, само да не ми беа врзани рацете сега, дека би се борел со тебе со голи раце, колку и да сум стар и изнемоштен...' На тоа генералот Грацијани се насмеал и наредил Сиди Омер да биде обесен на плоштадот во Сулук, што и го сторија. И тие довеле повеќе илјади муслимани и муслиманки од логорите во кои биле затворени, и ги присилиле да бидат сведоци на бесењето на својот водач..."[69]

– 3 –

СÈ УШТЕ РАКА ПОД РАКА, Мухамед ез-Зувај и јас одиме во насока на сенусиската *завија*. Мракот го обвиткува пространиот сквер, а вревата од пазарот остана зад нас. Песокот чкрипи под нашите сандали. Овде-онде се распознаваат товарни камили кои спијат, и редицата од

[69] Овој акт на италијанско „рицарство" се случил на 16 септември 1931 година.

куќи на далечната периферија на скверот нејасно се оцртуваат на облачното ноќно небо. Тоа ме потсеќава на раб на оддалечена шума – како оние борови шуми на висорамнината на Циренаика каде првпат го сретнав Сиди Омер ел-Мухтар; и сеќавањето на тоа залудно патување емотивно ме исполнува со сиот свој трагичен вкус на тајност, опасност и смрт. Го гледам мрачното лице на Сиди Омер над малиот треперлив оган и го слушам неговиот рапав, свечен глас: „Ние мораме да се бориме за својата вера и слобода додека не го истераме непријателот или не умреме... Ние немаме друг избор...“

*

* *

БЕШЕ ТОА ЧУДНА МИСИЈА што ме донесе во Циренаика на крајот од јануари 1931 година. Неколку месеци порано – поточно во есента 1930 – Големиот Сенуси дојде во Медина. Поминав неколку часа во друштво со него и Мухамед ез-Зувај, расправајќи за очајната положба на муџахедините кои водат борба во Циренаика под водство на Омер ел-Мухтар. Беше очигледно дека ако не примат брза и ефикасна помош однадвор, нема да бидат во состојба да издржат многу.

Ситуацијата во Циренаика беше главно оваа: сите градови на крајбрежјето и неколку точки во северниот дел од Џебел Екдар – „Големи планини“ од централна Циренаика – беа цврсто држани од Италијаните. Меѓу овие утврдни точки тие одржуваа постојани патроли со оклопни возила и бројна пешадија, главно еритрејски војници, потпомогнати од воздушни ескадрили кои вршат чести навлегувања во внатрешноста. Бедуините (кои го сочи-

нуваа јадрото на сенусискиот отпор) не можеа да се движат, а да не бидат веднаш забележани и нападнати од воздух. Често се случуваше некој извиднички авион да јави за присуството на племенски логори на најблиската станица; и додека митралезите од авионите ги спречуваа луѓето да се растурат, ќе дојдеа неколку оклопни возила, возејќи право низ шаторите, преку камилите и луѓето, безобзирно убивајќи секого на дофат – мажи, жени, деца и добиток; оние од луѓето и животните што ќе преживееја ќе беа собрани и потерани на север во огромни, со бодливи жици ограден логори кои Италијаните ги имаа поставено покрај брегот. Во тоа време, кон крајот од 1930 година, околу осумдесет илјади бедуини, заедно со неколку стотици илјади грла добиток, беа заедно втерани во подрачјето кое не им давало доволно храна ни за четвртина од тој број. А последицата – смртноста меѓу луѓето и животните беше страшна. Покрај тоа, Италијаните креваа ограда од бодлива жица долж египетската граница од крајбрежјето кон југот до Џагбуб, за да го оневозможат снабдувањето на герилците од Египет. Храброто племе на Магарибите, под вештото водство на Ел-Атајвиш – десната рака на Омер ел-Мухтар – уште пружаше жилав отпор близу западното крајбрежје на Циренаика, но поголемиот дел од племето веќе беше совладано од надмоќниот број и опрема на Италијаните. Длабоко на југ, племето Зувади, предводено од деведесетгодишниот Ебу Карајим, сè уште очајнички се бореше наспроти губењето на својот племенски центар, оазата Џалу. Гладот и болеста го десеткуваа бедуинското население во внатрешноста.

Сите борбени сили кои Сиди Омер можел да ги употреби во исто време изнесувале одвај малку повеќе од илјада луѓе. Ова, меѓутоа, не било само последица од недос-

тиг на луѓе. Видот на герилска војна која ја воделе муџахедините не овозможувала големи собирања на борци туку повеќе зависела од брзината и подвижноста на малите ударни групи кои ненадејно се појавувале одникаде, ги напаѓале италијанските колони или истурени единици, го запленувале нивното оружје и исчезнувале без трага во густите борови шуми и поделени клисури на висорамнината на Циренаика. Било очигледно дека таквите, колку и да се храбри и полни со презир кон смртта, мали групи не можат никогаш да постигнат решителна победа над непријателот кој располага со речиси неограничени извори на луѓе и вооружување. Прашање било, според тоа, како да се зголеми силата на муџахедините за да бидат во состојба не само да му нанесуваат спорадични загуби на непријателот туку и да ги преземат од нив позициите на кои тие се утврдени и да ги одржат и одбранат позициите од нови непријателски напади.

Таквото зголемување на силите на сенусите зависело од неколку фактори: од редовното снабдување со неопходна храна од Египет и со оружје со помош на што може да им се спротивстави на нападите на авионите и оклопните возила, особено на противтенковските пушки и тешки митралези, од обучен технички персонал за користење на тоа оружја и да ги подучува муџахедините во нивната употреба и, конечно, да воспоставува доверливи базични врски меѓу разните групи муџахедини во Циренаика и тајните магацини за снабдување на египетска територија

Речиси цела недела, вечер по вечер, Големиот Сенуси Сиди Мухамед и јас дискутиравме за тоа што би можело да се стори. Сиди Мухамед го изрази мислењето дека повременото потсилување на муџахедините во Циренаика не би го решило проблемот. Неговото уверување беше дека

оазата Куфра, далеку на југ од Либиската пустина, која главно е седиште на редот сенуси под Сеид Ахмед, треба повторно да се направи центар на сите идни воени зафати; бидејќи Куфра сè уште е надвор од дофатот на италијанските трупи. Покрај тоа, таа лежи на директен, иако мошне долг и тежок каравански пат до египетските оази од Бахрија и Фарафра и затоа тие би можеле да бидат полесно снабдувани отколку некоја друга точка во земјата. Таа, исто така, би можела да биде претворена во собирен центар за многу илјади бегалци од Циренаика кои живееја во логорите во Египет и така ќе се формира постојан резервоар на војници за Сиди Омеровите герилски сили на северот. Добро утврдена и опремена со модерно вооружување, Куфра би можела да ги одбие митралеските напади на нисколетечките авиони, додека бомбардирањата од голема височина не би ја загрозило вистински растурената група населби.

Големиот Сенуси предложил, ако таквата реорганизација на борбата би била можна, и самиот да се врати во Куфра и оттаму да раководи со следните операции. Јас, од своја страна, инсистирав дека за успехот на таквиот план е неопходно Сеид Ахмед да воспостави добри односи со Британците, со кои дошол во толку огорчено, а толку непотребно непријателство со својот напад на нив во 1915 година. Таквото подобрување на односите не би требало да биде невозможно, бидејќи Британците не се воопшто воодушевени од италијанското експанзионистичко расположение, особено сега кога Мусолини му трубел на целиот свет за своите намери за „повторно воспоставување на Римското Царство“ на двете краишта на медитеранот и фрла лакоми погледи и врз Египет.

Мојот длабок интерес за судбината на сенусите не беше само последица на моето восхитување на крајниот хероизам во праведната работа; она што ме интересираше уште повеќе беа можните последици од победата на сенусите за сиот арапски свет. Како и многу други муслимани, со години се занесував со надевањето дека Ибн Сауд би можел да биде водач на исламскиот препород; сега, кога тие надевања се покажаа како јалови, во целиот муслимански свет можев да видам само едно движење кое искрено се стремеше кон исполнувањето на идеалот на исламското општество: движењето сенуси кое ја водеше последната битка за опстанок.

Токму поради тоа што Сеид Ахмед знаеше колку бев силно емоционално врзан за каузата на сенусите, тој се сврте кон мене и, гледајќи ме право в очи, ме праша:

„Дали ти, Мухамеде, би отишол во Циренаика да испиташ што може да се направи за муџахедините? Можеби ти ќе бидеш во состојба да ги видиш работите појасно отколку што можат моите луѓе...“

Го гледав и потврдив со главата без збор. Иако бев свесен за неговата доверба во мене, и затоа не сосема изненаден од неговиот предлог, тоа сепак ми го одзеде здивот. Погледот на доживувањето од таков вид ме развесели преку сите граници; но она што ме возбудуваше уште повеќе, беше помислата дека ќе бидам во состојба да придонесам кон каузата за која многу други ги дале своите животи.

Сеид Ахмед ја испружи раката кон рафтот над својата глава и извлече еден примерок од Куранот завиткан во свилена ткаенина. Ставајќи го врз своите коленици, тој ја зеде мојата десна рака меѓу двете свои и ги стави врз Куранот:

„Заколни се, Мухамеде, во Оној кој знае што има во човечките срца, дека секогаш ќе им бидеш верен на муџахедините...“

Јас се заколнав и никогаш во животот не бев посигурен во она што го ветувам како во тој миг.

*

* *

МИСИЈАТА ШТО МИ ЈА ДОВЕРИ СЕИД АХМЕД бараше крајна тајност. Бидејќи моите односи со Големиот Сенуси беа добро познати и не можеа да го избегнат внимнието на странските мисии во Џеда, не беше препорачливо отворено да патувам за Египет и да се изложам на ризикот да бидам откриен таму. Моето неодамнешно откритие на интригите во бунтот на Фејсал ед Давиш без сомнение не ја подобри мојата положба кај Британците и беше сосема веројатно дека будно ќе ме следат од мигот кога ќе стапнам на египетска почва. Потоа одлучивме моето заминување за Египет да биде во целосна тајност. Ќе го преминам Црвеното Море во еден од арапските кораби и ќе слезам тајно, без пасош и виза, на некое зафрлено место на крајбрежјето на горен Египет. Во Египет би бил во состојба слободно да се движам преоблечен како трговец од Хиџаз, бидејќи многу луѓе од Мека и од Медина заминуваат таму поради трговија или во потрага по можни ации, тие беа сосема обична појава во египетските градови и села – а бидејќи го зборував хиџаскиот дијалект совршено течно, можев секаде да минам како некој од овие два свети града. Беа потребни неколку седмици за да се извршат сите подготовки што ја вклучуваше тајната размена на писма со Сиди Омер во Циренаика како и со сенусите во Египет; така дури во

првата недела од јануари 1931. Зејд и јас тргнавме од хиџаското пристанишно место Јанбу на слабо прометното место на крајбрежјето. Беше ноќ без месечина, а одењето по нерамниот пат беше мошне незгодно. Еднаш, кога се препнав, дршката од мојот револвер сокриен под мојот хиџаски *кафтан*, ги удри моите ребра; тоа живо ме потсети на опасноста на авантурата во која сум се впуштил.

Ете ме тука, одејќи во пресрет на некој прикриен арапски капетан кој требаше на своето бротче да ме повезе преку морето и да ме симне тајно некаде на египетското крајбрежје. Со себе немав никакви документи кои би можеле да го откријат мојот идентитет и така, ако бев фатен во Египет, не би било лесно да се докаже кој сум јас. Но дури и ризикот да поминам неколку недели во египетскиот затвор не е ништо во споредба со опасностите кои ме чекаа понатаму. Ќе биде потребно да минам преку целата широчина на Западната пустина, избегнувајќи да ме откријат италијанските извиднички авиони, а можеби и патроли со оклопни возила, во срцето на земјата каде што само оружјето зборуваше. Зошто го правев тоа? – се прашував.

Иако опасноста не ми беше туѓа, сепак никогаш не сум ја барал заради можно возбудување. Секогаш ќе навлезев во неа, тоа секогаш беше како одговор на некој поттик, свесен или несвесен, поврзан на сосема особен начин со мојот сопствен живот. Што е тогаш со овој сегашен потфат? Дали навистина верував дека мојата интервенција може да го сврти текот на работите во полза на муџахедините? Посакував да верувам во тоа, но интимно знаев дека тргнувам во донкихотска работа. Па зошто тогаш, добога, го ризикував својот живот како што никогаш порано не сум го ризикувал, а со толку малку изгледи за успех?

Но одговорот постоеше пред прашањето дури и да било свесно формулирано.

Кога го запознав исламот и го прифатив како свој животен пат, мислев дека на сите мои прашања и барања им дошол крајот. Само постепено, мошне постепено, станував свесен дека тоа не е крајот, бидејќи да го прифатиш животниот пат кој обврзува беше, барем за мене, неразделно врзано со желбата да го следам тој пат со луѓето со исто мислење – не само да го следам во лична смисла туку и да работам за неговото општествено живеење во заедницата која ја избирам. За мене, исламот беше пат, а не негов крај – а очајничките герилци на Омер ел-Мухтар се бореа крваво со своите животи за слободата за да одат по тој пат, токму како што правеле придружниците на Пратеникот пред тринаесет векови. Да им се биде од помош во нивната тешка и огорчена борба, колку и да е исходот неизвесен, лично ми беше исто толку потребно колку и молитвата...

А тука беше крајбрежјето. На меките бранови што го заплиснуваа чакалот се нишаше кајчето кое требаше да нѐ однесе до бродот закотвен во темната далечина. Додека осамениот веслач се исправаше во кајчето, јас се свртев кон Зејд:

„Зејде, брате, ти знаеш дека одиме во опасност која може да се покаже поопасна и за мене и за тебе од сите Ед-Давишови *ихвани* заедно? Зар не гледаш со копнеж на мирот во Медина и на своите пријатали?“

„Твојот пат е мој пат, вујко“ одговори тој. „Зарем ти самиот не ми рече дека водата што стои неподвижа станува збајатена и смрдлива? Одиме – нека тече водата додека не стане бистра...“

Бродот беше еден од оние големите, тромави, што пловат насекаде околу крајбрежјето на Арабија; изградени целосно од дрво, мирисаат на сушена риба и морска трева, со висока крма, два латински јарбола и голема кабина со низок таван меѓу нив. *Реисот*, или капетанот, беше слаб Арап од Мускат. Малите, блескави очи кои ме гледаа љубопитно под наборот на огромниот, шарен турбан покажуваа израз на претпазливост кој говори за долгите години изминати во недопуштени потфати и авантури; кривата, со сребро украсена кама на неговиот појас не личеше само на украс.

„*Мерхаба, мерхаба,*[70] пријатели!“ извика тој додека ние се искачувавме на бродот. „Ова е час на добри знаци!“

Колкупати тој, размислував, им го посакувал истото срдечно добредојде на сиромашните аџии кои тајно ги качувал на бродот во Египет и, без каква било понатамошна грижа за нив, ги симнувал на крајбрежјето на Хиџаз, за да можат да го избегнат плаќањето на големите аџиски даноци кои саудиската влада им ги наметнала на оние кои сакаат да одат на аџилак во Божјата куќа? А колку пати им ги упатил истите зборови на трговците со робје кои, грубо кршејќи го исламскиот закон, имале фатено неколку несреќни Етиопјани за да ги продадат на пазарите за робје во Јемен? Но тогаш, се тешев јас, искуството кое нашиот *реис* мора да го добил – без оглед на тоа колку сомнително е неговото потекло – можеше само да биде во наша предност, бидејќи тој го познаваше својот пат низ Црвеното Море како малкумина други морнари и можеше да се потпреме врз тоа дека ќе нè симне на сигурно крајбрежје.

[70] Добредојдовте.

*

* *

И НАВИСТИНА, ЧЕТИРИ НОЌИ откако се бевме качиле, запревме повторно во мало кајче на весла, северно од заливот Кусајр на крајбрежјето на северен Египет. На наше чудење, *реисот* одби да ја прими исплатата, „бидејќи" рече со насмевка, „моите газди ми платија. Бог нека ве следи."

Како што очекував, не ни беше тешко да бидеме неупадливи во Кусајр, бидејќи градот е свикнат да гледа луѓе во облека од Хиџаз. Следното утро по доаѓањето резервиравме седишта во расклатениот автобус кој вози за Ес-Сијут на Нил; и така, притиснати меѓу една застрашувачки дебела жена која во своето широко крило држеше кошница полна со пилиња и некој стар *фелах* кој, веднаш откако ја забележа нашата облека, почна да се присеќава на аџилакот кој го извршил пред десет години, Зејд и јас го започнавме нашето африканско патување.

Секогаш сум мислел дека секој што ќе се впушти во таен и опасен потфат мора да се чувствува како сомнителен секому што ќе го сретне и дека неговата маска може лесно да се открие. Но, чудно, тоа чувство го немав сега. За време на изминатите години во Арабија влегов во животот на нејзиниот народ толку длабоко што не ми се случуваше да се сметам за нешто друго освен како дел од нив. Иако никогаш не сум учествувал во деловните интереси на луѓето од Мека и Медина, сега во толкава мера се имав соживеано во улогата на пропагатор на аџилакот што без колебање се вклучив во речиси „професионална" дискусија со неколку други патници за доблестите на извршувањето на аџилакот. Зејд ја прифати

играта со големо задоволство и така првите часови на нашето патување минаа во жив разговор.

По преминувањето во воз во Ес-Сијут, конечно стигнавме во гратчето Бену Суеф и отидовме право во куќата на нашата сенусиска врска, Исмаил ед-Дибиј – низок, силен човек, со весел израз на лицето, кој зборува на звучен арапски јазик од горен Египет. Бидејќи беше само скромен продавач на ткаенини, не беше посебно угледна личност во градот, но неговата предаденост кон сенусискиот ред била докажана во многуте пригоди а неговата особена приврзаност кон Сеид Ахмед го правеше двојно подоверлив. Иако беше доцна, тој го разбуди слугата да ни подготви вечера, и додека чекавме на неа, тој ни зборуваше за подготовките кои ги беше извршил.

Прво, веднаш откако ја примил пораката од Сеид Ахмед, тој стапил во врска со познатиот член од египетското кралско семејство кој со години бил огнен и активен приврзаник на каузата на сенусите. Принцот беше целосно информиран за целта на мојата мисија; подготвено прифатил да ми ги стави на располагање потребните парични средства како и да ми набави јавачки добиток и два доверливи водича за патување низ пустината до границата со Циренаика. Нашиот домаќин нè извести дека тие нè чекаат кај едната од палмовите градини, надвор од Бену Суеф.

Зејд и јас сега ја фрливме нашата хицаска облека, која би можела да предизвика непотребна љубопитност на патиштата на Западната пустина. Наместо неа добивме само памучни панталони и туники скроени на северноафрикански начин како и волнени *бурнуси* какви што се носат во Западен Египет и Либија. Од приземјето на својата ку-

ќа Исмаил донесе две куси коњанички пушки од италијанско производство – „бидејќи ќе биде полесно да се набави муниција за тој вид пушки кај муџахедините.“

Следната ноќ, со помош на нашиот домаќин, тргнавме од градот. Нашите водичи беа бедуини од египетското племе Евлад Али, во кое сенусите имаа многу приврзаници; еден од нив, Абдулах беше живо момче кое претходната година се борел во Циренаика и затоа можеше да ни даде многу информации за тоа што можеме да очекуваме таму. Вториот, чие име го заборавив, беше сув, намуртен човек кој ретко зборуваше, но се покажа не помалку достоен за доверба од попријатниот Абдулах. Четирите камили кои ги имаа со себе – силни, брзи камили од бишаринска раса – очигледно беа посебно избрани– имаа седла не многу поинакви од оние на кои бев свикнал во Арабија. Бидејќи требаше да се движиме брзо, без долги задржувања, готвењето храна не доаѓаше предвид на најголемиот дел од патот; според тоа, нашите продукти беа едноставни: голема вреќа полна со урми и помала вреќа преполна со грубо пченично брашно и урми; на трите камили на седлата беа обесени мевови со вода.

Малку пред полноќ Исмаил нè гушна и ни го посака Божјиот благослов при нашиот потфат. Можев лесно да забележам дека е длабоко возбуден. Под водство на Абдулах ја напуштивме палмовата градина и наскоро, под светлината на блескавата Месечина, каскавме со брз чекор преку песоците, пустите рамнини кон северозапад.

Бидејќи моравме да избегнеме секаква средба со египетските погранични власти – чиишто стражари, во автомобили или на камили, по сè што знаевме, можеа да патролираат по овој дел од Западната пустина – настојувавме да се држиме подалеку од главните каравански патишта; но, бидејќи речиси целиот сообраќај меѓу Бахрија

и Нилската долина се одвиваше преку Фајум, далеку на север, ризикот не беше премногу голем.

Во текот на првата ноќ преминавме околу педесет километри и запревме да го минеме денот во горичката со тамариски; втората и третата ноќ преминавме значително повеќе, така што пред зори во четвртиот ден стигнавме на работ од длабоката котлина во која лежи оазата Бахрија.

Додека бевме сместени во сенката на големите карпи надвор од оазата – која се состоеше од неколку издвоени населби и насади, меѓу кои главно село е селото Бавити – Абдулах тргна пеш низ стрмната, карпеста падина обрасната со палми, за да воспостави врска со нашиот човек во Бавити. Бидејќи не можеше да биде во состојба да се врати пред ноќта, легнавме да отспиеме во сенката под карпите: пријатен одмор по напорот и студенилото на ноќта која ја минавме јавајќи. Сепак не спиев долго бидејќи премногу мисли го преокупираа мојот ум.

Размислувајќи за нашите планови, ми изгледаше дека не би било тешко да се одржи постојана линија на комуницирање меѓу Бену Суеф и Бахрија; дури и големите каравани би биле во состојба, бев сигурен, да се движат меѓу овие две точки неоткриени, ако се постапеше со доволно вниматленост. Наспроти фактот дека станицата на пограничните власти беше сместена во Бавити (можевме да ги видиме нејзините бели згради од нашето засолниште над оазата), било можно да се постави таен безжичен радиопредавател во едното од повеќето изолирани села на југот од Бахрија. Во ова се уверив неколку часа по разговорот со Абдулах и со стариот Бербер – нашата врска – кој го придружуваше. Се покажа дека вла-

дата ја надгледува оазата само површно, а, што беше уште поважно, населението е претежно наклонето кон сенусите.

Уште пет ноќи во напорно јавање; прво преку чакалестата и растегната почва, а потоа преку рамните песочни дини; ја поминавме ненаселената оаза Ситра и нејзиното безживотно, темносино езеро окружено со трски и со прнари, со диви палми; потоа преку котлината Арџ со нејзините фантастични, карпести варовнички предели, на кои сјајот на месечината им даваше призрачен изглед од некој друг свет, а кон крајот на петтата ноќ нашиот прв поглед на оазата Сива...

Со години една од моите најомилени желби беше да ја посетам оваа оддалечена оаза која некогаш била седиште на Амоновиот храм и пророчиште познато ширум стариот свет, но мојата желба никогаш не беше исполнета. Сега лежеше пред мене во појавата на зората: пространа широчина на палмови шуми кои го опкружуваат осамениот брег на којшто градските куќи, вкоренети во карпата како пештерски живеалишта, се креваат во нишки едно над друго кон високото конусно минаре што се крева на самиот врв. Беше тоа чуден конгломерат од распаднати ѕидишта какви можат да се видат само на сон... Ме обзеде желба да влезам во нивните таинствени граници и да талкам по улиците кои беа сведоци за времињата на фараоните и да ги видам урнатините на храмот во којшто Крез, кралот на Либија, го слушнал пророштвото за својата судбина, а Александар Македонски го добил ветувањето за освојувањето на светот.

Уште еднаш мојата желба остана неисполнета. Иако толку близу, градот Сива мора да остане за мене затворен. Да се посети место толку далеку од врските со над-

ворешниот свет и толку несвикнато на туѓинци што ниедно ново лице не би можело да мине незабележано, навистина би било дрскост; зашто, сместена речиси на либиската граница, Сива беше под посебна контрола, а исто така, надвор од секаков сомнеж, полна со платени италијански шпиони. Така, со жалење тешејќи се дека не ми е судено да ја видам ни овојпат, ја истерав Сива од своите мисли.

Го обиколивме градот во широк лак кон југ и конечно застанавме во шумичката со диви палми. Не дозволувајќи си одмор – бидејќи немавме намера да застануваме толку близу до границата подолго отколку што е неопходно – Абдулах веднаш дојава до соседното селце за да го најде човекот кому Сеид Ахмед му доверил да нè испрати преку границата. По неколку часови тој се врати со двајца нови водичи и со четири одморени камили кои требаше да ни служат понатаму. Водичите, бедуини Бераса од Џебел Екдар, беа луѓе на Омер ел-Мухтар, кои посебно ги испратил да нè спроведат низ преминот, меѓу оазата Џагбуб и Џалу која ја држат Италијаните, на висорамнината на Циренаика, каде што требаше да се сретнам со Омер.

Абдулах и неговиот пријател се простија од нас за да се вратат во своето село во Египет; предводени од двајца муџахедини, Халил и Абд ер-Рахман, тргнавме на нашиот пат, долг една недела низ речиси безводно пустата рамнина која полека се спушташе кон Џебел Екдар. Тоа беше најтешкото пустинско патување кое кога било сум го доживеал. Иако немаше многу опасност да нè откријат италијанските патроли, ако се погрижиме дење да се криеме, а да патуваме само ноќе, неопходноста да се избегнуваат ретките бунари го претвори долгиот марш во вистинска ноќна мора. Само еднаш бевме во состојба да

ги напоиме камилите и да ги наполниме мевовите со вода од запуштениот бунар во Вади ел-Мра, а и тоа беше речиси наша пропаст.

Стигнавме кај бунарот подоцна отколку што очекувавме – всушност тукушто се разденуваше кога почнавме да црпиме вода за животните, а сонцето веќе стоеше над хоризонтот кога завршивме. Сè уште имавме, како што ми рече Халил, два добри часа одење, па да стигнеме до карпестата котлина која требаше да ни биде засолниште за тој ден. Но тукушто тргнавме кога злокобното брмчење на авионот ја прекина пустинската тишина; по неколку минути над нашите глави се појави мал моноплан, ненадејно се наведна и почна да кружи во сè пониски спирали. Немаше каде да се сокриеме и скокнавме од камилите и се растуривме. Во тој миг пилотот отвори оган на нас од митралезот.

„Долу, легнувајте!“ Извикнав. „Не мрдајте, преправајте се дека сте мртви!“

Но Халил, кој мора да бил искусен од повеќе такви средби во текот на долгите години со муџахедините, не се „правеше мртов“. Тој легна на грбот, ја потпре главата на карпата и, поставувајќи ја пушката на издигнатото колено, почна да пука во авионот кој токму доаѓаше – не на среќа туку внимателно нишанејќи небаре е на вежби за нишанење. Тоа беше екстремно смело нешто, бидејќи авионот одеше право на него во благо пикирање, расторајќи го песокот со куршуми. Некој од Халиловите истрели мора да го погодил авионот бидејќи тој ненадејно се сврте настрана, се исправи угоре и почна ненадејно да се искачува. Пилотот веројатно одлучил дека не би било вредно да се пука на четворица луѓе загрозувајќи ја својата сопствена сигурност. Тој направи уште еден или два

круга над нас, и тогаш исчезна кон исток, во насока кон Џагбуб.

„Овие италијански кучкини синови се страшливци“, рече мирно Халил кога се собравме. „Тие сакаат да убиваат, но не сакаат премногу да ја изложуваат својата кожа.“ Никој од нас не беше ранет, но камилата на Абд ер-Рахман беше мртва.

Ги пренесовме неговите работи на Зејдовата камила и отсега тој јаваше заедно со Зејд.

По три ноќи стигнавме до боровите шуми Џебел Екдар и благодарно ги заменивме нашите исцрпени камили со коњи кои нè чекаа на сокриеното место под надзор на група муџахедини. Отсега пустината лежеше зад нас; јававме преку ридестите, карпести висорамнини испресечени со безброј суви поточни корита и прошарани со борови дрвја кои наместа формираа речиси непроодни пр-нари. Ова диво беспаќе среде подрачјата под италијанска окупација беше ловиште на муџахедините.

*

* *

ПО УШТЕ ЧЕТИРИ НОЌИ стигнавме до Вади ет-Табан – „Долината на Замореният“, која е именувана сосема соодветно – каде што требаше да се најдеме со Омер ел-Мухтар. Сигурно сокриени во густо пошумената клисура, со коњи засолнети зад карпите, го чекавме доаѓањето на Лавот на Џебел Екдар. Ноќта беше студена, без ѕвезди и исполнета со шумна тишина.

Требаше да изминат уште неколку часови додека дојде Сиди Омер, а бидејќи ноќта беше сосема мрачна, двајцата наши бедуини Бара'са не гледаа причина зошто да не ги пополнат нашите резерви со вода од бунарот Бу

Сфаја, неколку километри кон исток. Навистина, на околу половина километар од Бу Сфаја имаше италијанско утврдување „…ама“, рече Халил, „тие проклетници нема да се осмелат да ги напуштат своите ѕидишта во текот на мрачната ноќ“.

Затоа Халил, придружен од Зејд, се упати со два празни мева на коњите на кои претходно копитата им беа обвиени со партали за да се избегне секаков шум врз каменитата земја. Тие се изгубија во мракот додека Абд ер-Рахман и јас се собиравме околу ниските карпи за да се згрееме. Би било премногу ризично да се запали оган.

По околу еден час, неколку гранкички потпукнаа меѓу смреките. Сандалата удри меко по карпата. Мојот придружник, веднаш будно се исправи, со пушката во рацете, и почна да гледа во мракот. Придушен повик, сличен на звук на шакал, дојде од прнарот и Абд ер-Рахман, заокружувајќи ги рацете пред устата, одговори со сличен звук. Пред нас се појавија двајца мажи. Одеа пеш и носеа пушки. Кога пријдоа поблизу, еден од нив рече: „Божји пат“, а Абд ер-Рахман одговори, „Само Нему му припаѓа силата и моќта“ – што изгледа беше некој вид на лозинка.

Еден од двајцата придојдени – и двајцата беа облечени во издрпани *џарди*[71], облека на либиските бедуини – очигледно го познаваше Абд ер-Рахман, бидејќи тој ги зграпчи двете негови раце и срдечно се поздрави со него. Ме претставија и двајцата муџахедини се ракуваа со мене. Едниот од нив рече:

„Бог нека те чува. Сиди Омер доаѓа“.

[71] Наметка слична на ќебе која се носи во западен Египет и во Либија.

Стоевме наслушнувајќи. По можеби десет минути, гранкичките повторно почнаа да потпукнуваат во смрекините грмушки и уште тројца мажи се појавија од мракот, секој од друга насока движејќи се кон нас со пушките на готовс. Кога се уверија дека навистина сме оние кои очекуваа дека ќе ги сретнат, тие веднаш исчезнаа во пнарот, повторно во разни насоки, очигледно со намера добро да бдеат над сигурноста на својот водач.

Потоа се појави тој, јавајќи на мал коњ чиишто копита беа обвиени со партали. Двајца мажи одеа на обете страни, а уште неколкумина го следеа. Кога дојде до карпите кај кои чекавме, еден од неговите луѓе му помогна да слезе и јас забележав дека тој тешко се движи (подоцна дознав дека пред десетина дена бил ранет во некаква престрелка). Во светлината на Месечината што се раѓаше можев јасно да го видам: човек со среден раст, силни коски; кусата снежнобела брада го опкружуваше неговото темно, длабоко избраздено лице; очите лежеа длабоко во своите дупки; според брчките околу нив можеше да се насети дека тие во различни околности можеле и со радост да се смеат, но сега во нив имаше само мрак, страдање и храброст.

Тргнав да го пресретнам и го почувствував силниот притисок на неговата ковчеста рака.

„Добредојде, синко“ – и додека го велеше тоа, неговите очи прејдоа преку мене, природно, оценувајќи; очи на човек кому опасноста му е секојдневна храна.

Еден од неговите луѓе простре прекривка на земјата и Сиди Омер тешко се спушти врз неа. Абд ер-Рахман се наведна да му ја бакне раката и потоа, откако побара дозвола од водачот, почна да пали мал оган во засолништето под наднесената карпа. Во слабиот сјај на огнот,

Сиди Омер го прочита писмото од Сеид Ахмед кое го донесов со себе. Тој го прочита внимателно, го свитка, го подржи за миг над својата глава – гест на почитување и верност кој речиси никогаш не се среќава во Арабија, но често во Северна Африка – а потоа со насмевка се сврте кон мене:

„Сеид Ахмед, Бог нека му го продолжи животот, за тебе кажува сè најдобро. Ти си подготвен да ни помогнеш. Но јас не знам откаде би можела да дојде помошта освен од Бога, Семоќниот, Милостивиот. Ние сме навистина при крајот на времето кое ни е досудено."

„Но зар овој план што го подготви Сеид Ахмед не би можел да биде нов почеток? Ако може да се осигура постојано снабдување и Куфра да се претвори во база за идните операции, зар не би можело Италијаните да бидат задржани?"

Никогаш не сум видел толку горчлива, толку безнадежна насмевка како онаа со која Сиди Омер ми одговори: „Куфра...! Куфра е загубена! Италијаните ја окупираа пред две седмици..."

Оваа новина ме вчудоневиди. Во текот на сите изминати месеци Сеид Ахмед и јас ги градевме нашите планови врз претпоставката дека Куфра може да се претвори во почетна точка за зајакнат отпор. Со губењето на Куфра на сенусите не им остана ништо освен измаченото плато на Џебел Екдар – ништо освен постојано стегање на обрачот на италијанската окупација, губење на едно упориште по друго, бавно, немилосрдно задушување...

„Како падна Куфра?"

Со изморено движење Сиди Омер повика еден од своите луѓе да пријде поблиску: „Нека ти зборува тој...

Тој е еден од малубројните кои избегаа од Куфра. Тој тукушто стигна вчера.“

Човекот од Куфра седна со свиткани нозе пред мене и го повлече својот искинат *бурнус* околу себе. Зборуваше полека, без никаво возбудување во својот глас; но неговото суво лице небаре ги рефлектираше сите ужаси што ги доживеал.

„Нè удрија во три колони, од три страни, со многу оклопни возила и тешки топови. Нивните авиони ги надлетуваа во низок лет и ги бомбардираа куќите, џамиите и палмовите овоштарници. Имавме одвај неколку стотици мажи кадри да носат оружје; остатокот беа жени, деца и старци. Браневме куќа по куќа, но тие беа премногу силни за нас и конечно ни остана само селото Ел Хавари. Нашите пушки беа немоќни против нивните оклопни возила и тие нè надвладуваа. Само малкумина од нас избегаа. Јас се скрив меѓу палмите чекајќи можност да се провлечам низ италијанските линии и цела ноќ ги слушав врескотите на жените кои ги силуваа италијанските војници и еритрејските аскери. Следниот ден една старица дојде во моето скривалиште и ми донесе вода и леб. Таа ми рече дека италијанскиот генерал ги собрал сите преживеани пред гробот на Сеид Мухамед ел-Мехди, пред нивните очи го искинал примерок од Куранот, го фрлил на земјата и го згазил со својата чизма велејќи: ‚Нека ви помогне сега вашиот бедуински пророк, ако може!‘ Потоа наредил да се исечат сите палми во оазата, да се уништат бунарите и да се запалат сите книги од библиотеката на Сеид Ахмед. Следниот ден наредил некои од постарите *алими* да бидат ставени во авион и да се испофрлаат од големи височини и така да бидат раздробени до смрт... И низ целата следна ноќ од моето скривалиште го слушав врескотот на нашите жени и

смеењето на војниците и пукањето од нивните пушки... Конечно отползев по пустината во темнината на ноќта, најдов една заталкана камила и одјавав...“

Кога човекот од Куфра ја заврши својата грозна приказна, Сиди Омер нежно ме привлече кон себе и повтори: „Така можеш да видиш, синко, дека навистина сме при крајот на времето кое ни е досудено“. И како одговор на неизреченото прашање во моите очи, тој додаде: „Ние се бориме затоа што мораме да се бориме за својата вера и својата слобода сè додека не го избркаме непријателот или додека самите не умреме. Ние немаме друг избор. Ние му припаѓаме на Бога и Нему ќе му се вратиме. Ги испративме нашите жени и деца во Египет, така што не мораме да се грижиме за нивната сигурност кога Бог ќе посака ние да умреме.“

Придушено брмчење се зачу некаде на темното небо. Речиси со рефлексно движење еден од луѓето на Сиди Омер фрли песок врз оганот. Авионот, речиси нејасна сенка врз облаците осветлени со месечината, помина мошне ниско над нас во својот лет кон исток и звукот на неговиот мотор полека стивна.

„Но, Сиди Омер“, реков јас, „зар не би било подобро ти и твоите муџахедини да се повлечете во Египет додека патот е сè уште отворен? Во Египет можеби би можеле да соберете многу бегалци од Циренаика и да организирате поефикасна сила. Борбата овде би требало привремено да ја прекинете за да може народот да собере сила. Знам дека Британците во Египет не се помируваат лесно со помислата дека имаат силна италијанска положба на својата страна; Бог знае, тие можеби би можеле да ги гледаат низ прсти твоите подготовки, ако можете да ги убедите дека не ги сметате за непријатели...“

„Не, синко, премногу е доцна за тоа. Тоа за што зборуваш ти било можно пред петнаесет, шеснаесет години, пред Сеид Ахмед, Бог нека му го продолжи животот, да преземе напад над Британците за да им помогне на Турците – кои не ни помогнаа нам... Сега е премногу доцна. Британците нема да мрднат ни со прст да ѝ олеснат на нашата судбина, а Италијаните одлучија да се борат против нас до крајот и да скршат секаква можност за понатамошен отпор. Ако отидеме сега јас и моите следбеници за Египет, никогаш не би биле во состојба да се вратиме. А како би можеле да го оставиме својот народ без водство, да биде проголтан од Божјите непријатели?“

„Што е со Сеид Идриз? Дали тој ги дели твоите погледи, Сиди Омере?“

„Сеид Идриз е добар човек, добар син на голем татко. Но Бог не му дал такво срце да издржи таква борба...“

Имаше длабока сериозност, но не и очајување во Сиди Омеровиот глас додека така со мене дискутираше за неизбежниот исход на оваа долга борба за слобода; тој знаеше дека го чека ништо друго освен смрт. Смртта не го плашеше; тој не ја бараше, но не се ни обидуваше да ја избегне. А, сигурен сум, дури и да знаеше каква смрт го очекува, не би се обидел да ја избегне. Изгледаше дека е свесен со целото свое тело и дух дека секој човек ја носи судбината со себеси, каде и да оди, што и да прави.

Тивко движење се слушна од грмушката, толку тивко што би поминало незабележано во обични околности; но ова не беа обични околности. Во целосна напнатост во исчекувањето секој вид опасност, јасно можев да ги распознаам шумовите на прекинување кои престануваа ненадејно, за повторно да се јават по неколку миго-

ви. Грмушките се раздвоија и избија Зејд и Халил во придружба на двајца стражари; коњите кои ги водеа беа натоварени со мевови полни со вода. Забележувајќи го Сиди Омер, Халил побрза да му ја бакне раката, по што јас го претставив Зејд. Острите очи на Сиди Омер застанаа со нескриено задоволство на Зејдовото сериозно лице и стројна појава; ставајќи ја својата рака врз Зејдовото рамо, тој рече:

„Добредојде, брате, од земјата на моите предци. Од кои Арапи си ти?“ Но кога Зејд рече дека е од племето Шамар, Омер, смеејќи се, потврди со главата: „Ох, тогаш ти си од племето на Хатим ат-Тај, еден од најширокоградите луѓе...“[72]

Еден од Сиди Омеровите луѓе стави пред нас неколку урми завиткани во крпа и тој нè понуди со таа едноставна храна. Откако јадевме, стариот воин стана.

„Време е да тргнеме, браќа. Премногу сме близу до италијанската станица Бу Сфаја за да дозволиме зората да нè затекне тука!“

Го растуривме својот импровизиран логор и одјававме зад Сиди Омер додека останатиот дел од неговите луѓе нè следеа пеш. Штом избивме низ клисурата, видов дека придружбата на Сиди Омер е многу поголема отколку што мислев; една по една, темните сенки се појавуваа зад карпите и дрвјата и ѝ се приклучуваа на нашата колона додека другите остануваа растурени лево и десно од нас. Ниеден површен набљудувач не би можел ни да се посомнева дека

[72] Предисламски арапски воин и поет, познат по својата широкоградост. Неговото име станало синоним за оваа доблест на која Арапите ѝ придаваат најголема важност. Племето Шамар, на кое му пипаќа Зејд, го влече своето потекло од Хатимовото племе Тај.

околу нас има триесетина луѓе, бидејќи секој од нив се движеше нечујно како индијански извидник.

Пред зори стигнавме до главниот логор на герилската чета на Омер ел-Мухтар, која тогаш броеше одвај малку повеќе од двестотини луѓе. Таа беше засолнета во длабока, тесна клисура и неколку мали огнови гореа под наднесените карпи. Некои спиеја на земјата; другите, нејасни сенки во сивилото на раната зора, беа преокупирани со разни работи – со чистење на своето оружје, носење вода, готвење јадења, или со грижа околу малубројните коњи врзани овде-онде за дрвјата. Речиси сите изгледа беа облечени во партали и ни тогаш, а ни подоцна, не видов ниеден целосен *џард* или *бурнус* во целата група. Многумина од нив носеа завои кои зборуваа за неодамнешните конфликти со непријателот.

На свое изненадување, забележав две жени во логорот – една постара и една помлада; седеа покрај огнот, очигледно зафатени со крпење на искинатото седло со грубо шило.

„Овие две наши сестри одат со нас каде и да одиме ние“, рече Сиди Омер како одговор на моето немо чудење. „Одбија да побараат безбедност во Египет со останатите наши жени и деца. Тие се мајка и ќерка. Сите нивни мажи загинале во борба.“

Во текот на два дена и ноќи – за кои логорот се помести на друго место во шумите и клисурите на висорамнините – Сиди Омер и јас ги разгледувавме сите можности за поредовно снабдување на муџахедините. Сè уште по нешто пристигнуваше од Египет. Откако Сеид Идриз се договорил со нив за време на примирјето со Италијаните, британските власти, се чини, биле волни уште

еднаш да гледаат со определена толеранција на активностите на сенусите во Египет сè додека тие се ограничени на локални движења. Така, на пример, тие не обрнувале внимание на малите групи борци кои повремено ќе успееја да се пробијат низ италијанските линии и да дојдат во Салум, најблискиот египетски град, и таму да го продаваат својот воен плен – најмногу италијански мазги – во размена за толку потребните резерви на храна. Меѓутоа, таквите потфати беа мошне ризични за муџахедините и често беа неизводливи, секако многу повеќе откако Италијаните брзо напредуваа со поставување на мрежи со бодлива жица долж египетската граница. Сиди Омер се согласи со мене дека единствена алтернатива би можело да биде снабдувањето долж патот по кој дојдов јас, со тајни магацини во египетските оази Бахрија, Фарафра и Сива, но многу се сомневаше дека таа шема може долго време да ја избегне будноста на Италијаните.

(Омеровите стравувања се покажаа сосема оправдани. Неколку месеци подоцна еден таков караван навистина стигна до муџахедините, но Италијаните го забележале додека тој минувал низ „јазот“ меѓу Џагбуб и Џалу. Наскоро потоа воспоставена е италијанска позиција на Бир Тарвафи, на околу половина пат меѓу двете оази и тоа, со речиси постојани воздушни патроли, ги направило понатамошните потфати од овој вид премногу ризични.)

Сега требаше да мислам на своето враќање. Бидејќи не бев многу воодушевен повторно да го минам долгиот, напорен пат по кој бев дошол, се распрашував кај Сиди Омер дали е можен некој покус пат. Постои, ми рече тој, но опасен: низ бодливата жица до Салум. Бидејќи група муџахедини беше подготвена да тргне на ваков потфат за да достави брашно од Салим, ако сакам, можам да им се придружам. Одлучив да тргнам по тој пат. Зејд и јас се

простивме со Омер ел-Мухтар, и никогаш повеќе не се видовме со него; по помалку од осум месеци Италијаните го фатија и го обесија.

*
* *

ПО СЕДУМ ДЕНА ПЕШАЧЕЊЕ, само ноќе, преку тешкото подрачје и низ смрекови прнари од источен Џебел Екдар, нашата дружина од дваесетина луѓе стигна до границата меѓу Египет и Циренаика, близу до точката каде што наумивме да го направиме нашиот пробив. Оваа точка не беше случајно избрана. Иако бариерата од бодлива жица веќе го прекриваше поголемиот дел од границата, тогаш сè уште не беше завршена. На некои места, како овде, имаше само еден ѕид висок околу два и пол метри, а широк околу метар и пол, додека на другите места веќе имаше три посебни реда од бодлива жица во тешки, повеќекратни калеми преку столбовите зацврстени во бетонските темели. Местото што го избравме беше околу еден и пол километар оддалечено од утврдената претстража во којашто, знаевме, има и оклопни возила; но, требаше да се бира меѓу овој сектор на границата и некој друг кој е можеби помалку утврден, но варден од двојна или дури четворна бариера од жица.

Беше договорено неколку километри во египетското подрачје да нè дочекаат привржаници на сенусите со транспортни животни. Затоа не беше потребно нашите коњи да ги изложиме на опасност; ги испративме назад во придружба на неколку муџахедини, додека ние останатите тргнавме околу полноќ кон границата. Мракот беше единствената наша заштита, бидејќи Италијаните ги беа скратиле сите стебла и грмушки долж границата.

Со претстража поставена на неколку стотици метри кон север и кон југ, шестмина наши луѓе – вооружени со клешти и со дебели кожни ракавици запленети во поранешните препади на италијанските работни единици – ползеа напред четириножно; ние останатите го покривавме нивното напредување со нашите пушки. Тоа беше напнат момент. Напрегнувајќи ги ушите на најслаб звук, можев да го слушам само чкрипењето на чакалот под тежината на телата што се движеа напред и по некој крик на некоја ноќна птица. Тогаш стигна звукот од првите клешти што ја закасаа жицата – тоа во моите уши звучеше како експлозија – а потоа следуваше испрекинатото штракање на металните нишки... *штрак, штрак, штрак* чкрипење и штракање сè подлабоко и подлабоко во жичаната мрежа...

Уште еден крик на птица изби во ноќта, но овојпат тоа не беше птица туку знак кој доаѓаше од претстражата од север најавувајќи приближување на опасност... и речиси во ист час слушнавме брмчење на мотор кој доаѓаше кон нас. Како еден се фрливме на земјата, освен сечачите на жици кои го продолжија работењето со очајничко брзање, не грижејќи се да го прават тоа тајно, туку сечејќи, удирајќи по жицата со клештите и кундаците од пушките, како опседнати; по неколку мига се слушна истрел: нашиот стражар на север. Екипажот во оклопните возила мора да го забележал, бидејќи снопот рефлектори ненадејно се сврте кон долу и ние слушнавме смртоносен звекот на митралез. Брмчењето на моторот се зголеми и црната силуета тргна кон нас, нејзиниот сноп нè фаќаше точно на земјата. Веднаш настапи митралески рафал, но митралезецот очигледно стрелаше премногу високо; можев да го слушнам свирежот на куршумите

додека прелетуваа над нашите глави. Лежејќи помешечки, одговоривме со оган од своите пушки.

„Рефлекторот, рефлекторот“, извика некој. „Стрелајте во релфекторот!“ – и рефлекторот згасна, очигледно скршен од куршумите на нашите стрелци. Оклопните возила ненадејно застанаа, но митралезецот продолжи да пука слепо. Во тој час се слушна извик пред нас најавувајќи дека пробивот е завршен – и еден по еден се провлековме низ тесниот отвор раскинувајќи ја облеката и телото на бодливата жица. Се слушнаа чекори во трк и уште две фигури облечени во *џарди* се фрлија во отворот меѓу бодливата жица; нашите стражари ни се придружија. Италијаните очигледно не беа волни да го напуштат возилото и да влезат во отворена борба со нас...

И тогаш бевме на египетска почва – или, подобро, продолживме да трчаме уште некое време следени од нередовни истрели преку границата, засолнувајќи се зад карпите, песочните дини и во некоја грмушка.

Зората нè затекна длабоко во египетското подрачје и надвор од опасност. Од нашите дваесетина луѓе петмина недостасуваа, веројатно загинале, а четворица се ранети, иако ниеден сериозно.

„Бог беше милостив кон нас“, рече еден од ранетите муџахедини. „Понекогаш губиме половина од нашите луѓе додека минуваме низ жицата. Но, се разбира, никој не умира ако Бог, нека е фалено Неговото име, не го сака тоа... И зарем светата книга не вели: **‚Не вели за оние кои загинале на Божјиот пат дека се мртви: бидејќи тие се живи…‘**?“[73]

[73] Куран, 2:154. (Заб. на прев.)

По две недели, враќајќи се по патот од Марса Матрух и Александрија за горен Египет, а оттаму, како што е претходно подготвено, со брод до Јанбу, Зејд и јас повторно се најдовме во Медина. Целиот потфат траеше околу два месеца и нашето отсуство од Хиџаз одвај дека беше забележано...

*

* *

ДОДЕКА ЧЕКОРАМ СО СИДИ Мухамед ез-Зувај минувам преку прагот на скромната *завија* на сенусите во Медина, тие нејасни сеќавања за смртта и очајот го обземаат мојот дух, и мирисот на смреки, стегањето на моето срце при звукот на куршумите што минуваат покрај мојата глава, и болката поради безнадежното трагање; сеќавањето на мојот потфат во Циренаика избледнува, а останува само болката.

– 4 –

ПОВТОРНО СТОЈАМ пред Големиот Сенуси и го гледам измореното лице на стариот воин; повторно ја бакнувам раката која го држела мечот толку долго што веќе не може да го држи.

„Бог нека те благослови, синко, и нека го зацврсти твојот пат... Веќе измина година дена откако последен пат се сретнавме, а токму таа година го виде крајот на нашите надежи. Но нека е благодарен Бог, каква годе да е Неговата одлука...“

Навистина тоа мора да била тажна година за Сеид Ахмед; брчките околу неговата уста се уште подлабоки,

а неговиот глас е потивок отколку кога и да е порано. Стариот орел е скршен. Тој седнува свиткан врз килимот, со *бурнусот* цврсто завиткан околу себе небаре сака да се загрее, гледајќи без збор во бескрајна далечина.

„Барем да можев да го спасам Омер ел-Мухтар“, прошепнува тој. „Само да можевме да го убедиме да пребегне во Египет додека сè уште имаше време...“

„Никој не можеше да го спаси Сиди Омер“, јас го тешам него. „Тој не сакаше да се спаси. Повеќе сакаше да умре кога веќе не можеше да биде победник. Го сфатив тоа кога се разделивме, Сиди Ахмеде.“

Сиди Ахмед полека потврдува со главата: „Да, и јас го знаев тоа, и јас го знаев тоа... Предоцна дознав за тоа. Понекогаш ми паѓа на ум дека сум згрешил зашто се обрнав на повикот од Истанбул, пред седумнаесет години... Зарем тоа, можеби, не беше почеток на смртта, не само за Омер туку и за сите сенуси?“

На ова немам одговор, бидејќи секогаш сум мислел дека одлуката на Сеид Ахмед да ја почне својата непотребна војна против Британците беше најфаталната грешка во неговиот живот.

„Но“, додава Сеид Ахмед, „како можев да постапам поинаку кога исламскиот халиф бараше да помогнам? Дали имав право или бев необмислен? Но кој, освен Бог, може да каже дали човекот е во право или не кога го следи повикот на својата совест?“

Навистина, кој може да го каже тоа?

Главата на Големиот Сенуси се ниша лесно лево-десно во збунетост од болка. Опаднатите веѓи ги прекриваат

неговите очи и со ненадејна сигурност сфатив дека тие никогаш повеќе нема да светнат со пламен на надеж.[74]

[74] Сеид Ахмед умре во Медина следната година (1933).

XII. Крај на патот

– 1 –

ЈА НАПУШТАМЕ МЕДИНА доцна во ноќта, следејќи го „источниот“ пат – оној по кој одел Пратеникот на својот Проштален ацилак во Мека, неколку месеци пред својата смрт.

Јаваме во последниот дел од ноќта и во зората што наидува. По кусиот прекин за утринската молитва продолжуваме под сивилото на облакот. Пред пладнето почнува дожд и наскоро сме водени до кожа. Конечно забележуваме мал бедуински логор, далеку од десната страна, и одлучуваме да се засолниме под едниот од црните шатори.

Тоа е мал логор и им припаѓа на групата бедуини Харб, кои нè дочекуваат со гласното „Бог нека ве поживее, патници, добредојдовте“. Ја простирам својата покривка преку простирката од козји влакна во шеиковиот шатор, чијашто жена – покриена како и многуте бедуинки во ова подрачје – го повторува љубезното добредојде на својот маж. По непроспиената ноќ, наскоро ме совладува сонот со биењето на дождот по шаторскиот покрив. Дождот сè уште биеше кога се разбудив по неколку часа. Ноќниот

мрак лежеше над мене – ох, не, тоа не е ноќ туку само шаторско платно; а тоа мириса на влажна волна. Ги спружувам рацете и го допирам камилското седло на земјата зад мене. Мазноста на старото дрво е пријатна кога ќе се допре; пријатно е да си играш со него со прстите, сè до рачката на седлото, додека прстите не наидат на железно цврстата, со остар раб, утроба од камилата со која е споена. Нема никого во шаторот освен мене.

Наскоро станувам и излегувам пред отворот на шаторот. Дождот избива дупки во песокот – безброј ситни дупки кои ненадејно се појавуваат и исто така ненадејно исчезнуваат за да направат место за новите дупки – и се распрскува во сиво-сините гранитни карпи од мојата десна страна. Нема никого во близина бидејќи во овој дел од денот мажите веќе морале да отидат да се грижат за камилите; бројните црни шатори близу багремите, долу во долината се во тишината на дождливото попладне. Од едниот од нив се крева сив прамен од чад – весник на вечерата; премногу е тенок и скромен за да му се спротивстави на дождот и се свива настрана, виорејќи се безнадежно како женска коса на ветерот. Зад придвижениот превез на сребрено-сивите водени ленти брекчињата небаре се нишаат; воздухот е полн со мирис на вода, див багрем и на влажни волнени шатори.

Постепеното плискање и ромор престанува и облаците почнуваат да се разделуваат под зраците на вечерното сонце. Тргнувам кон едната од ниските гранитни карпи. Во неа има вдлабнатина голема колку сад во кој може да се стави цело печено јагне и ориз што им се нудат на гостите во свечени пригоди; сега е наполнета со дождовна вода. Кога ги ставам рацете во неа, таа достигнува до лактите, млака, чудно милувајќи, и додека ги движам рацете во неа изгледа како мојата кожа да ја пие. Од едниот од

шаторите излегува жена со еден голем бакарен сад на главата, очигледно со намера да го наполни со вода од некоја од бројните локви во карпите; таа ги држи рацете испружено, фаќајќи го работ на својата пространа црвена облека како крилја и меко нишајќи се додека се приближува. Таа се ниша како водата што полека тече низ карпите; си помислив: таа е убава како водата... Од далечината го слушам мукањето на камилите што се враќаат; и еве ги тука, се појавуваат растурени зад карпите, свечено влечејќи ги опуштените нозе. Овчарите со остри, кратки повици ги гонат кон средината на долината, а потоа со извиците „*Грр... грр...*“ ги тераат да клекнат; и многуте кафеави грбови се свиткуваат кон земјата во брановидни движења. Во самракот кој веќе паѓа луѓето ги накривуваат предните нозе на камилите, а потоа се растураат кон шаторите, секој кон својот.

Еве ја и ноќта со нејзината мека темнина и свежина. Пред повеќето шатори болскаат огнови; тропањето на лонците и тавите и смеењето на жените се меша со повремените извикувања на мажите и со деловите од нивниот говор кои ветрот ги пренесува до мене. Овците и козите кои дошле по камилите продолжуваат да блеат уште некое време, а понекогаш залајува пес – токму онака како што лаат во сите ноќи во сите шаторски логори од Арабија.

Зејд го нема никаде на видик; веројатно уште спие под некој шатор. Полека се шетам кон камилите што се одмораат. Тие со своите големи тела си ископале вдлабнатини во песокот и сега лежат удобно, некои од нив преживајќи, а другите пружајќи ги вратовите на земјата. Некоја од нив ја крева главата и фучи додека минувам покрај нив и палаво го гризнува својот дебел грб. Едно сосема мало камилче тесно се прибило кон својата мајка; исплашено од

моите раце, тоа скокнува додека неговата мајка ја свртува главата кон мене и мирно мука со широко отворена уста. Го опфаќам камилчето со рацете околу вратот, го држам цврсто и го притискам своето лице во топлата волна на неговиот грб; и одненадеж, тоа се смирува небаре загубило секаков страв. Топлината на младото животно ги опфаќа моето лице и моите гради, под дланката чувствувам како бие крвта во неговата вратна жила; тоа се соединува со ударот на мојата сопствена крв и во мене буди големо чувство на блискост кон самиот живот, и копнеж да се загубам во неговата целост.

– 2 –

НИЕ ЈАВАМЕ И СЕКОЈ ЧЕКОР на камилите нè носи поблиску до крајот на нашиот пат. Јаваме со денови преку степите осветлени од сонцето; спиеме ноќе под ѕвездите и се будиме во свежината на зората; полека се приближувам кон крајот на својот пат.

Никогаш не постоел некој друг пат за мене; иако со години не го знаев тоа, Мека отсекогаш била мојата цел. Таа ме повикувала, одамна пред мојот дух да стане свесен за тоа, со моќниот глас: „Моето Кралство е на овој свет како и на идниот. Моето Кралство чека на човековото тело како и на неговата душа и се простира преку сето она што го мисли, чувствува и работи тој – неговите зделки како и неговите молитви, неговите спални соби како и неговите политики; моето Кралство не знае за крај и за граници“. И кога, по многу години, сето тоа ми стана јасно, знаев каде припаѓам; знаев дека исламското братство чекаше на мене уште од моето раѓање; и јас го прифатив исламот. Желбата на мојата рана младост да му припаѓам на

определен круг идеи, да бидам дел од заедницата на братството, конечно беше исполнета.

Чудно – но можеби и не толку чудно, ако се земе предвид тоа за што исламот се залага – моето прво искуство како муслиман меѓу муслиманите беше доживувањето на братството...

Во првите денови од јануари 1927, тргнав повторно, овојпат придружен од Елза и од нејзиното синче, на Блискиот Исток и овојпат, чувствував, тоа ќе биде засекогаш.

Со денови патувавме преку Медитеранот, низ светилкавиот круг на морето и небото, понекогаш поздравувани од далечните крајбрежја и чадот на бродовите што се лизгаше зад нас. Европа исчезна далеку зад нас и беше речиси заборавена.

Често се симнував од удобноста на нашата кабинска палуба во задушливата потпалуба, натрупана со железни постели. Бидејќи бродот пловеше кон Далечниот Исток, повеќето од овие патници беа Кинези, ситни занаетчии и трговци кои се враќаат во Средното Кралство по години тешко работење во Европа. Освен нив имаше и мала група Арапи од Јемен, кои се качиле во Марсеј. И тие се враќаа дома. Звуците и мирисите на западните пристаништа сè уште лебдееја околу нив; уште живееја во руменилото на деновите кога нивните темни раце фрлаа со лопата јаглен во ложилниците на англиските, американските или холандските паробродови; сè уште зборуваа за чудните странски градови: Њујорк, Буенос Аирес, Хамбург. Понекогаш, фатени од ненадејниот копнеж по блескавото непознато, биле изнајмувани во аденското пристаниште како ложачи и кршачи на јаглен; тие заминаа надвор од својот близок свет и мислеа дека се надминуваат себеси во прегратките на несфатливата необичност на светот, но

наскоро бродот ќе стигне во Аден и тие времиња ќе потонат во минатото. Ќе ја заменат западната шапка со турбан или *куфија*, ќе го задржат вчерашниот ден само како сеќавање и секој од нив ќе му се врати на својот селски дом во Јемен. Дали ќе се вратат како истите луѓе со оние кои заминаа – или како изменети луѓе? Дали Западот ги фатил нивните души – или само ги допрел нивните сетила?

Проблемот на овие луѓе се продлабочуваше во мојот дух во проблем со пошироко значење.

Никогаш порано, си размислував, исламските земји и Западот не дошле толку близу еден до друг како денес. Оваа блискост е борба, видлива и невидлива. Под притисокот на западните културни влијанија душите на многу муслимани и муслиманки полека венеат. Тие допуштаат да бидат одвратени од своето првобитно верување дека подобрувањето на животниот стандард треба да биде само средство за унапредување на човековите духовни перцепции; тие паѓаат во истото обожување на „прогресот“ во кое паднал и западниот свет откако ја довел религијата само до мелодиозно ѕвонење некаде во заднината на случувањата; со тоа тие стануваат помали по става, а не поголеми, бидејќи секоја имитација на културата во спротивност со творештвото, неминовно ја намалува вредноста на народите...

Не дека муслиманите не би можеле да научат многу од Западот, особено од полето на науката и технологијата. Но, секако, присвојувањето на научните поими и методи всушност не е „имитирање“, а посебно не во случајот на народите чијашто вера наредува да го бараат знаењето секаде каде што можат да го најдат. Знаењето не е ни источно ни западно, бидејќи сите научни откритија се само алки во бескрајниот синџир на интелектуалното настојување кое

го опфаќа човештвото како целост. Секој научник гради врз темелите што ги подготвиле неговите претходници, без оглед на тоа дали се тие од неговата нација или од некоја друга; овој процес на изградба, коригирање и подобрување се продолжува од човек до човек, од поколение на поколение, од цивилизација до цивилизација, така што никогаш не може да се рече дека научните достигнувања од определен период или цивилизација му „припаѓаат“ на тој период или цивилизација. Во различни времиња некоја нација, посилна од другите, е во можност да придонесе повеќе за општиот фонд на знаењето; но во долги периоди сите со право учествуваат во него. Имало времиња кога цивилизацијата на муслиманите била посилна од европската цивилизација. Таа ѝ ги пренела на Европа бројните технолошки пронајдоци со револуционерна природа и уште повеќе, самите принципи на тој „научен метод“ врз кој е изградена современата наука и цивилизација. Сепак, револуционерните откритија на Џабир ибн Хајан во хемијата не ја направиле хемијата „арапска“ наука, ниту алгебрата и тригонометријата не можат да бидат опишани како „муслимански“ науки иако едната ја развил Ел-Хаваризми, а другата Ел-Батани, и двајцата муслимани, исто како што не може да се зборува за „англиската“ теорија за гравитацијата, иако оној што ја формулирал бил Англичанец. Сите такви достигнувања се заедничко сопственишство на човечката раса. Затоа, ако муслиманите ги усвојат, како што мораат да ги усвојат, современите методи во науката и технологијата, тие само ќе го следат инстинктот на еволуцијата кој ги тера луѓето да се ползуваат со искуствата на другите луѓе. Но ако тие ги усвојат – а за тоа нема потреба – западните животни облици, западните манири и обичаи и општествени концепции, тие со тоа нема да добијат ништо, бидејќи она што

Западот може во тој поглед да им го даде нема да биде надмоќно во однос на она што им го дала нивната култура и на што упатува нивната сопствена вера.

Ако муслиманите ги зачуваат своите глави сталожени и ако го прифатат прогресот како средство, а не како цел сама за себе, тие можат не само да ја зачуваат својата сопствена внатрешна слобода туку исто така, можеби, да им ја пренесат на луѓето од Западот загубената тајна на животната убавина...

*

* *

МЕЃУ ЈЕМЕНЦИТЕ на бродот имаше и еден слаб, низок човек со орловски нос и толку напрегнато лице кое небаре гори, но неговите движења беа смирени и одмерени. Кога дозна дека сум новодојден во исламот, тој покажуваше посебна наклонетост кон мене; со часови седевме заедно на палубата додека ми зборуваше за своето село во јеменските ридови. Се викаше Мухамед Салих.

Една вечер јас го посетив на долната палуба. Еден од неговите пријатели лежеше болен во треска на својот железен кревет и ми рекоа дека бродскиот лекар не сака да се симне на таа палуба. Бидејќи се покажа дека е заболен од маларија, му дадов малку кинин. Додека се занимавав околу него, другите Јеменци се собраа во аголот околу малиот Мухамед Салих и, погледнувајќи кон мене, си дошепнуваа меѓусебно. На крајот едниот од нив, висок човек со маслинесто-мургаво лице и топли црни очи, ми се доближи и ми понуди снопче со стуткани банкноти:

„Ова го собравме меѓу себе. За жал, нема многу; укажи ни ја честа со тоа што ќе го примиш ова.“

Јас се стаписав, изненаден, и објаснив дека лекот за нивниот пријател не сум го дал за пари.

„Не, не, го знаеме тоа, но сепак прими ги овие пари. Тоа не е плата туку подарок – подарок од твоите браќа. Ние сме среќни поради тебе и затоа ти нудиме пари. Ти си муслиман и наш брат. Ти дури си и подобар од нас, бидејќи ние сме родени како муслимани, нашите татковци биле муслимани како и нашите дедовци, а ти си го прифатил исламот со своето сопствено срце... Прими ги парите, брате, поради Божјиот Пратеник.“

Но јас, сè уште врзан за своите европски обичаи, се бранев: „Па, јас не можам да примам подарок како возврат за услуга кон болниот пријател... Освен тоа, јас имам доволно пари; вам сигурно ви се попотребни отколку мене. Меѓутоа, ако баш сакате да ги дадете, дајте им ги на сиромашните во Порт Саид.“

„Не“, повторија Јеменците, „прими ги од нас, а ако не сакаш да ги задржиш, дај им ги на сиромашните во твое име.“

Ме наговараа и, погодени од моето одбивање, на крајот се натажија и замолчаа небаре не сум ги одбил нивните пари, туку нивните срца. Јас ненадејно сфатив: таму откаде сум дојден луѓето свикнале да градат ѕидови меѓу Јас и Вие, а ова е заедница без ѕидови...

„Дајте ми ги парите, браќа. Ги прифаќам и ви се заблагодарувам.“

– 3 –

„Утре, *иншаллах*, ќе бидеме во Мека. Огнот што го палиш, Зејде, ќе биде последен; нашето патување се приближува кон крајот“.

„Но сигурно, вујко, ќе има други огнови за палење и секогаш ќе има некое друго патување пред нас?“

„Тоа може да биде така, Зејде, брате; но некако чувствувам дека тие други патувања нема да бидат во оваа земја. Толку долго сум талкал во Арабија што тоа ми влегло во крвта и се плашам дека, ако не заминам сега, никогаш нема да заминам... А јас мора да одам, Зејде. Зар не се сеќаваш на изреката дека водата мора да се движи и да тече за да остане бистра? Сакам, додека сум сè уште млад, да видам како живеат нашите муслимански браќа во другите делови од светот – во Индија, во Кина, на Јава...“

„Но, вујко“, одговара Зејд со вчудовидување, „ти сигурно не си престанал да ја сакаш оваа арапска земја?“

„Не, Зејде, ја сакам исто толку колку и порано; дури можеби и малку премногу – толку што ме боли кога ќе помислам на она што може да ѝ донесе иднината. Слушнав дека Кралот има намера да им ја отвори својата земја на странците за да добие пари од нив; ќе им дозволи да ја истражуваат нафтата во Ел-Хаса и златото во Хицаз – а само Бог знае што ќе им донесе сето тоа на бедуините. Оваа земја никогаш веќе нема да биде иста...“

Од тишината на пустинската ноќ се слушна топот на камила во галоп. Некој осамен јавач се втурна од мракот во светлината на нашиот камп додека му виорат ресичките на седлото, а неговата *абаја* се лелее; ненадејно ја запира камилата и, не чекајќи таа да клекне, скокнува од

седлото. По кусото „*Еселаму алејкум*“ тој почна, не изговарајќи повеќе ниту збор, да го отседлува животното, ги фрла вреќите кај логорскиот оган и седнува на земјата, сè уште молчалив, свртувајќи го лицето од нас.

„Бог нека те поживее Ебу Сеиде“, рече Зејд, кој очигледно го познаваше странецот. Но тој останува молчалив, на што Зејд се свртува кон мене: „Тој е еден од Ибн Саудовите *рацаџили*, ѓавол.“

Нерасположениот Ебу Сеид е мошне црн; неговите дебели усни и кадрава коса, внимателно сплетена во две долги плетенки, ги издаваат африканските претци. Тој е облечен мошне убаво; камата на неговиот појас – веројатно подарок од Кралот – е обложена со злато, а негово животно за јавање е прекрасна камила со медена боја, од „северна“ раса, со тенки нозе, тесна глава, силни рамења, со задница како кај срна.

„Што ти е, Ебу Сеиде? Зошто не разговараш со својот пријател? Да не те опседнал некој *џин*?“

„Нура...“ прошепоти ебу Сеид – и по некое време, кога топлото кафе му го одврза јазикот, ни зборуваше за Нура, девојка од местото Ер-Рас (тој го спомнува името на нејзиниот татко, и, случајно, сосема добро го познавав). Тој тајно ја набљудувал преку ѕидот од градината додека црпела вода во придружба на други жени – „и почувствував небаре вжештен јаглен падна во моето срце. Ја сакам, но нејзиниот татко, тој пес, не ми ја дава ќерката за жена, простак – и рече дека таа се плаши од мене! Понудив многу пари како нејзин мираз и уште парче моја земја; но тој постојано одбиваше и на крајот ја омажи за нејзиниот роднина. Божјото проклетство нека биде врз него и врз неа!“

Неговото силно, темно лице е осветлено од едната страна со логорскиот оган, а сенките што танцуваат по него се како сенки на пеколни маки. Не може долго да издржи седејќи; гонет од својот немир, тој скокнува, некое време нешто се вртка околу седлото, се враќа кај огнот и, ненадејно истрчува во темната ноќ. Го слушаме како во широки кругови трча околу нашиот логор и вика:

„Нуриниот оган ме гори! Нуриниот оган гори во моите гради!“ – и повторно, со липање: „Нура, Нура!“

Тој се приближува кон логорскиот оган и трча во кругови околу него, а неговиот *кафтан* се лелее како призрачна ноќна птица во светлината и мракот на треперливиот оган.

Дали е луд? Мислам дека не е. Но можно е дека од темните длабочини на неговата душа се будат некои исконски, атавистички емоции – прадедовски сеќавања на африканските прашуми, сеќавање на луѓето што живееле среде демоните и натприродните тајни, сè уште мошне близу до времето кога божествената искра на свеста го претворила животното во човек, а искрата сè уште не е доволно силна да ги одврзе ослободените нагони и да ги преобрати во повеќе емоции... За миг ми се чини дека навистина го гледам Ебу Сеидовото срце пред себе, парче месо и крв како се чади на огнот на страста како во вистински оган – и некако ми изгледа сосема природно што мора да плаче толку страшно, да плаче и да трча во кругови како луд додека клекнатите камили, исплашени, се креваат, на три нозе...

Потоа тој повторно ни приоѓа и се фрла на земјата. Можам да го распознаам гнасењето на Зејдовото лице при поглед на таков неразумен настап – бидејќи за аристократската природа на вистинскиот Арап нема ништо

што заслужува поголем презир од таквата нескротеност на емоциите. Но Зејдовото добро срце наскоро се покажува во подобра светлина. Тој го повлекува Ебу Сеид за ракавот и, додека овој ја крева главата и гледа во него со безизразни очи, Зејд нежно го привлекува кон себе:

„О Ебу Сеиде, како можеш да се заборавиш така? Ти си воин, Ебу Сеиде... Ти си убивал луѓе и често си бил во можност да те убијат – а сега жена те кутнува? Има и други жени на светот освен Нура... Ебу Сеиде, воину, ти будало...“

И додека Африканецот тивко липа и го покрива лицето со рацете, Зејд продолжува: „Смири се, Ебу Сеиде... Погледни горе! Ја гледаш ли онаа светла патека на небесата?“

Ебу Сеид погледнува угоре зачудено, а јас не сакајќи го следам прстот со кој Зејд покажува и ги свртувам погледот на бледата неправилна патека што оди преку небото од еден хоризонт до друг. Вие би ја нарекле Млечен пат, но бедуините во својата пустинска мудрост знаат дека тоа е само трага на небескиот овен кој му бил испратен на Авраам кога, во покорност кон Бога и во очајание на своето срце, го кренал ножот да го жртвува својот првороден син. Патеката на овенот останала видлива на небесата за бесконечно време, симбол на милост и благослов, сеќавање на спасението испратено да ја излекува болката на едно човечко срце – и утеха за оние кои ќе дојдат подоцна; за оние кои се осамени или загубени во пустината и за оние кои грешат, кои плачат и кои се тажни, низ дивината на своите сопствени животи.

И Зејд продолжува со рацете подадени кон небото, зборувајќи свечено, а истовремено скромно, како што само еден Арап може да зборува:

„Тоа е патеката на овенот што Бог му го испратил на нашиот учител Авраам кога тој тукушто сакал да го убие својот првороден син; така Бог укажал милост кон Својот роб... Зар мислиш дека Тој тебе ќе те заборави?“

Под влијание на Зејдовите смирувачки зборови темното лице на Ебу Сеид се разведрува во детинско чудење и станува видливо помирно; тој гледа внимателно, како ученик што го следи својот учител, кон небото, обидувајќи се да пронајде во него утеха за своето очајување.

– 4 –

АВРААМ И НЕГОВИОТ небески овен; таквите слики лесно паѓаат на ум во оваа земја. Чудно колку е живо сеќавањето на тој чесен пратеник кај Арапите – многу поживо отколку кај христијаните на Запад кои, впрочем, своите религиски претстави во прв ред ги базираат врз Стариот Завет, или како кај Евреите на кои Стариот Завет им е почеток и крај на Божјата реч упатена до човекот. Духовното присуство на Авраам секогаш се чувствува во Арабија, како и во целиот муслимански свет, не само во зачестеноста со која неговото име им се дава на муслиманските деца (Авраам – во арапска форма Ибрахим), туку исто така во постојаното повторување на сеќавањето, како во Куранот така и во секојдневните молитви на муслиманите, на улогата на тој пратеник како прв свесен проповедник на Божјата Едност, тоа ја објаснува и големата важност која исламот му ја дава на годишниот аџилак во Мека, која од најраните времиња е тесно врзана за приказната за Авраам. Тој – како што многу луѓе од Запад погрешно претпоставуваат – не бил внесен од Мухамед во кругот на арапската мисла во

обид, така да се каже, да ги „позајми“ елементите на религиската традиција од јудаизмот, бидејќи историски е утврдено дека личноста на Авраам им била позната на Арапите одамна пред појавата на исламот. Секое спомнување на тој пратеник во самиот Куран е толку изразено што не остава никаков сомнеж дека тој заземал истакнато место во арапскиот дух со векови пред времето на Мухамед; неговото име и описот на неговиот живот се секогаш спомнувани без никаков вовед или објаснение – како нешто што, дури и на најраните слушатели на Куранот, мора да им било целосно познато. Навистина, уште во предисламско време Авраам имал истакнато место во родословието на Арапите како пратеник, преку Исмаил, Синот на Агара, од „северната“ арапска група која денес опфаќа повеќе од половина од арапската нација, а на која ѝ припаѓа и Мухамедовото племе Курејш.

Во Стариот Завет е спомнат само почетокот на приказната за Исмаил и за неговата мајка, затоа што нејзиниот понатамошен развој нема директно влијание врз судбината на еврејската нација, на која главно ѝ е посветен Стариот Завет; но предисламското предание на Арапите има многу повеќе да каже за тој предмет.

Според тоа предание, Авраам ги оставил Агара и Исмаил на местото каде што денес е Мека, што не е неверојатно, ако се сетиме дека на јавачите на камили патувањето од триесет или повеќе денови не им било, а ниту денес не им е нешто необично. Во секој случај, арапското предание вели дека токму во оваа долина Авраам ги довел Агара и нивниот син – во оваа клисура меѓу карпестите ридови, голи и пусти под арапското сонце, ридови кои ги шибаат жешките пустински ветрови и кои ги избегнуваат дури и птиците грабливки. Дури и денес, кога долината на Мека е полна со куќи и улици и луѓе со бројни јазици и

раси, пустинската самотија извикува од мртвите падини околу неа, а над многуте ации кои паѓаат ничкум пред Ќаба лебдеат духовите на оние одамна минати милениуми во чијашто тишина, непрекината и лишена од секаков живот, демне празната долина.

Тоа беше соодветна околина за очајанието на онаа египетска робинка која му родила син на својот господар и така станала предмет на голема омраза од страна на жената на својот господар, така што таа и нејзиниот син Исмаил морале да бидат избркани. Прататкото навистина мора да бил натажен кога го сторил тоа за да ја смири својата неумолива жена, но мораме да се сетиме дека тој, кој толку му бил близок на Бога, бил уверен дека неговата милост е без граници. Во Битието ни е речено дека Бог вака го утешил него: *„Нека не ти е жал поради детето и робинката... А и од синот на робинката ќе издигнам голем народ, зашто тој е твое семе.“*[75] И така Авраам ја оставил расплаканата жена и детето во долината, оставајќи им мев со вода и врека со урми и отишол на север низ долината Мидиан во земјата Ханаан.

Во долината стоело осамено стебло од дива *сарха*. Во неговата сенка седела Агара со детето на својот скут. Околу неа немало ништо освен растреперена, брановидна горештина, заслепувачка светлина на песокот и карпести падини. Колку добра била сенката на дрвото... Но тишината, оваа страшна тишина без здив на какво било живо суштество! Додека денот полека изминувал, Агара мислела: кога барем нешто живо би дошло овде, птица, некое животно, па дури и граблива sверка, каква радост би била тоа! Но ништо не дошло освен ноќта, утешителна како сите пустински ноќи, освежувачки свод од

[75] Битие, 21:12-13. (Заб. на прев.)

мрак и ѕвезди кој ја ублажува горчината на нејзината безнадежност. Агара почувствувала нова храброст. Таа го нахранила своето дете со урми и обајцата се напиле вода од мевот.

Ноќта минала, и уште еден ден и уште една ноќ. Но кога дошол третиот ден со огнен здив, во мевот немало веќе вода, а очајанието го надраснало секоја сила, и надежта се претворила во искршена стомна. И додека детето залудно плачело, со сè послаб глас барајќи вода, Агара, надвор од себе поради страдањето на своето дете на умирање, трчала со кренати раце таму-ваму низ долината постојано по истата патека меѓу две брекчиња; токму поради сеќавањето на нејзиниот очај аџиите кои сега доаѓаат во Мека трчаат седум пати меѓу овие две брекчиња, извикувајќи како што таа некогаш извикувала: „О Ти Дарежлив, кој си полн со милосрдие! Кој ќе се смилува на нас, ако не се смилуваш Ти!“

А тогаш дошол одговорот: види, пробила вода и почнала да тече преку песокот. Агара извикала од радост и го нурнала лицето на детето во скапоцената течност за да се напие; и таа пиела со него, извикувајќи, преколнувајќи меѓу липањето: „*Зуми, зуми*“ – кој е збор без значење, едноставно го имитира шумот на водата додека извира од земјата, небаре сака да каже, „Течи, течи!“ За да не се разлее и да се загуби во земјата, Агара го оградила изворот со песок, поради што водата престанала да се разлева и настанал бунар кој оттогаш се нарекува Земзем извор и постои и денес.

Обајцата биле спасени од жедта, а урмите траеле малку подолго. По неколку дена група бедуини, кои со своите семејства и со своите имоти го напуштиле својот

крај во јужна Арабија и биле во потрага по нови пасишта, случајно наишла покрај утоката на долината. Кога ги виделе јатата птици како кружат над неа, заклучиле дека таму мора да има вода. Некои од нив одјавале во долината за да ја истражат и ја нашле осамената жена со детето како седи покрај богатиот бунар. Мирољубиви какви што биле, тие побарале од Агара дозвола да се населат во нејзината долина. Таа им го дозволила тоа под услов изворот Земзем засекогаш да остане во сопственишство на Исмаил и на неговите потомци.

Што се однесува на Авраам, преданието вели дека тој се вратил во долината по некое време и ги нашол Агара и нивниот син живи, како што Бог му имал ветено. Оттогаш често ги посетувал и дочекал Исмаил да израсне и да се ожени со девојка од јужноарабиско племе. Многу години подоцна на прататкото му било наредено на сон во близина на изворот Земзем да му изгради храм на својот Господар; по тоа, со помош на својот син, тој го изградил прототипот на светилиштето кое и денес постои во Мека, а познато е под името Ќаба. Додека ги делкале карпите за она што требало да биде прв храм што кога и да е изграден за обожување на Едниот Бог, Авраам го свртувал своето лице кон небесата и извикнувал: „*Лебејк аллахуме лебејк*“ – „За Тебе сум подготвен, Боже, за тебе сум подготвен!“: затоа за време на аџилакот во Мека – аџилакот на првиот храм на Едниот Бог – муслиманите извикуваат: „*Лебејк аллахуме лебејк*“ кога се приближуваат кон Светиот Град.

– 5 –

„ЛЕБЕЈК АЛЛАХУМЕ ЛЕБЕЈК...“

Колку пати сум го чул овој извик за време на моите пет заминувања на аџилак во Мека. Ми се чини дека го слушам и сега додека лежам покрај Зејд и Ебу Сеид крај огнот.

Ги затворам очите и Месечината и ѕвездите исчезнуваат. Ја ставам раката преку лицето, па дури ни светлината на огнот не може да продре низ моите очни капаци; сите пустински звуци стивнуваат и го слушам само тој звук *лебејк* во својот дух и шумолењето и чукањето на крвта во ушите; таа шумоли и чука и грми како удирањето на морските бранови по трупот на бродот и како удирање на машините. Го слушам удирањето на машините и го чувствувам треперењето на бродските страници под мене и мирисот на неговиот чад и масло и го слушам извикот „*Лебејк аллахуме лебејк*“ како се разнесува од стотиците грклани на бродот кој ме носеше на мојот прв аџилак, пред речиси шест години, од Египет за Арабија преку морето што се нарекува Црвено, а никој не знае зошто. Бидејќи водата беше сива сè додека пловевме низ Суецкиот Канал, затворен од десната страна со планините од африканскиот континент, а од левата со планините од Синајскиот Полуостров – обете голи, карпести области без растенија што, додека пловиме понатаму, постепено се раздалечуваат и губат во магливата далечина на нејасното сивило кое ве наведува повеќе да ја чувствувате земјата отколку да ја гледате. А кога, доцна попладне, се лизгавме по отворената широчина на Црвеното Море, тоа беше сино како Средоземјето под налетите на ветерот што милува.

На бродот имаше само аџии, толку многу што одвај можеше да ги собере. Бродската компанија, лакома за профитот од кусата сезона на аџилакот, буквално го на-

полнила до врвот не грижејќи се за удобноста на патниците. На палубите, во кабините, во ходниците, на секое скалило, во ресторaните од прва и втора класа, во сите магацини кои беа испразнети за таа цел и опремени со привремени подвижни скали, во секој расположлив простор и во секој агол, човечките суштества беа мачно набиени. Тоа главно беа аџии од Египет и од Северна Африка. Во голема скромност, само со целта на патувањето пред своите очи, тие без поплаки ги поденсуваа сите тие непотребни тешкотии. Секој кој ги видел како клечат на палубите, збиени групи, мажи, жени и деца, и одвај успеваат да ги исполнат своите потреби (бидејќи компанијата не обезбедуваше никаква храна); како тие постојано овде-онде се напрегнуваат за вода со лименките и матарките, а секое движење е мачење во оваа човечко стискање; како се собираат пет пати на ден околу славините за вода – а ги имаше премалку за толку многу луѓе – за да се измијат пред намазот; како трпеа во задушливиот воздух на длабоките депоа два ката под палубата, каде инаку патуваат само пакетите и сандаците со стока – секој кој го видел тоа мора да ја признае силата на верата кај овие аџии. Бидејќи тие навистина како да не го чувствуваа своето страдање, толку беа обземени со мислите за Мека. Зборуваа само за аџилакот, а возбудувањето што го очекуваа во блиска иднина ги правеше нивните лица осветлени. Жените често пееја во хор песни за Светиот Град и постојано одново доаѓаше рефренот: *„Лебејк аллахуме лебејк!“*

Околу пладне следниот ден се огласи бродската сирена; тоа беше знак дека сме стигнале во Рабиг, мало пристаниште северно од Џеда каде, во согласност со старата традиција, аџиите кои доаѓаат од север ја отфрлаат својата секојдневна облека и облекуваат *ихрам*, аџиска

облека. Таа се состои од две несошиени парчиња бела волнена или памучна ткаенина, од кои едното се замотува околу половината и допира до под колениците, додека другото слободно се префрлува преку едното раме, при што главата останува откриена. Причина за ваквото облекување, кое својот почеток го има уште во наредбата на Пратеникот, е тоа дека за време на аџилакот не смеат да постојат чувства на отуѓеност меѓу верниците кои се собираат од сите страни на светот да ја посетат Божјата куќа, никакви разлики меѓу расите и нациите, меѓу богатите и сиромашните, високите и ниските, за да знаат сите дека се браќа, еднакви пред Бога и пред луѓето. Наскоро на нашиот брод исчезна шарената облека на мажите. Веќе не можеа да се видат црвените туниски *тарбуши*, раскошните мароканскиот *бурнуси* или живописните *галабии* на египетските *феласи*; секаде околу нас само скромна бела ткаенина, без никакви украси, завиткана околу телата кои сега се движеа со поголемо достоинство, очигледно трогнати од ова преминување во состојба на аџилак. Бидејќи *ихрамот* би покрил премалку, аџијките остануваа во својата вообичаена облека; меѓутоа, бидејќи оваа на нашиот брод беше само црна или бела – црните фустани на Египќанките и белите на северноафриканките – тие не внесуваа никакви бои во сликата.

Во зората од третиот ден бродот ја фрли котвата пред крајбрежјето на Арабија. Поголемиот дел од нас стоеше покрај оградата на палубата и гледаше кон копното кое полека се раѓаше од утринската магла.

На сите страни можеа да се видат силуетите на другите бродови со аџии, а меѓу нив и копнените бледожолти и смарагднозелени ленти во водата: подморските коралните гребени, дел од оној долг, негостољубив синџир

кој се простира под источното крајбрежје на Црвеното Море. Зад нив, кон исток, имаше нешто како рид, низок и темен; но кога сонцето зад него се крена, тоа ненадејно престана да биде брег и стана град покрај морето, град што се крева од работ кон центарот со сè повисоки и повисоки куќи, мала и пријатна структура од розов и жолто-сив корален камен: пристанишниот град Џеда. По некое време можеше да се распознаат изрезбарените решеткасти прозорци и дрвените прегради на балконите, на кои влажниот воздух во текот на годините им ја дал едноличната сивозелена боја. Во средината стрчеше минаре, бело и право како испружен прст.

Повторно извикот: *„Лебејк, аллахуме лебејк!“* – радосен извик на самопредаденост и воодушевување што полета од возбудените, во бело облечени аџии на бродот, преку водата, кон земјата на нивните најголеми надежи.

Нивните и моите надежи, бидејќи за мене погледот на брегот на Арабија беше врв на годините трагање. Погледнав во Елза, својата жена, која беше мојот придружник на овој аџилак и во нејзините очи го прочитав истото чувство...

Тогаш ги видовме многуте бели крилја како трчаат накај нас од копното: арапските крајбрежни чунови. Со латинските едра тие се лизгаа низ мазната површина на морето, меко и бесшумно извивајќи го патот низ плитките места меѓу невидливите коралните гребени – првите емисари на Арабија подготвени да нè примат. Како што ни се приближуваа сè поблиску и поблиску, на крајот, собрани заедно покрај страната на бродот, со јарболите што се нишаат, ги спуштија своите едра еден по друг со налет, свиреж и клопот небаре јато огормни чапји се спуштило да јаде, а од тишината пред малку се креваат

вресок и викање; тоа беа повици на оние со чуновите кои сега скокаа од чун на чун и јурнаа на бродот за да го зграпчат багажот на аџиите, а аџиите беа толку возбудени при погледот на Светата земја што се препуштија не бранејќи се.

Чуновите беа тешки и пространи; несмасноста на нивните трупови беше во чуден контраст со убавината и стројноста на нивните високи јарболи и едра. На таков чун, или можеби на поголем од истиот вид, смелиот морепловец Синдбад мора да ги започнал несаканите авантури и застанал на некој остров кој всушност бил – каков ужас! – само грб на некој кит... А на слични бродови, одамна пред Синдбад, патувале Феникијците кон југ преку истото Црвено Море и преку Арапското море, барајќи зачини, мириси, богатствата од Офир...

А тогаш ние, слабникавите наследници на оние херојски морепловци, пловевме преку коралното море, заобиколувајќи ги подземните гребени во широки лакови; аџиите во бела облека, набиени меѓу куферите и сандаците, нема толпа што трепери во исчекувањето.

И јас бев полн со исчекување. Но, како можев да предвидам, додека седев на предниот дел од чунот држејќи ја раката на својата жена, дека овој едноставен потфат на аџилак толку длабоко, толку целосно ќе ги измени нашите животи? Повторно бев приморан да мислам на Синдбад. Кога го напуштил крајбрежјето на својата земја, тој – како ни јас – немал поим за она што ќе донесе иднината. Тој не ги предвидел, ниту ги сакал, сите оние чудни авантури кои треба да ги доживее, туку самиот сакал да тргува и да заработува пари; јас само сакав да го извршам аџилакот, но кога она што требаше да ни се случи навистина се случи, ниеден од нас повеќе не беше во состојба да гледа на светот со своите стари очи.

Навистина, не сум сретнал ништо толку фантастично како што се *џините*, маѓепсаните девојки или џиновската птица Рок со која морал да се бори морепловецот од Басра, но сепак, беше судено тој мој прв ацилак да се вреже подлабоко во моето срце отколку што сите негови патувања се врежале во неговото. Елза ја чекаше смрт, а ниту еден од нас немаше никакви претчувства колку е таа близу. Што се однесува на мене, јас знаев дека го оставив Западот за да живеам меѓу муслиманите, но не знаев дека зад себе го оставам целото свое минато. Без какво било предупредување мојот стар свет завршуваше; светот на западните идеи и чувства, стремежи и претстави. Вратата тивко се затвораше зад мене, толку тивко што не ни бев свесен за тоа; мислев дека тоа ќе биде патување како и сите поранешни патувања, кога талкаш низ странските земји, за секогаш да се вратиш во своето минато. Но, деновите морале да се променат целосно, а со нив и насоката на сите желби.

*
* *

ДОТОГАШ ЈАС ВЕЌЕ бев посетил многу земји од Истокот. Ги познавав Иран и Египет подобро отколку која било земја во Европа; Кабул веќе одамна не ми беше туѓ; пазарите на Дамаск и Исфахан ми беа блиски. И не можев а да не почувствувам, „Колку безначајно“, кога првпат минав низ пазарот во Џеда и видов само неодреден спој и безоблично повторување на она што на друго место во Исток може да се види во многу поголемо совршенство. Пазарот беше покриен со штици и ткаенина за вреќи како заштита од запурната горештина; низ дупките и пукнатините се пробиваа тенките, припитомени сончеви зраци

и го позлатуваа самракот. Отворени кујни пред кои момчиња-црнци печат мали парчиња месо на шиш врз зажарен дрвен јаглен; кафеави со измазнети месингани потребни предмети и дивани направени од палмови лисја; бесмислени дуќани полни со дребулии од Европа и Исток. Насекаде запурнина и мирис на риба и корален прав. Насекаде многу луѓе – безбројни ации во бело и живописно облечени граѓани на Џеда на чиишто лица, облека и однесување се среќаваат сите земји на муслиманскиот свет: можеби таткото од Индија, додека таткото на мајката – можеби самиот спој од Малаец и Арап – можел да се ожени со бабата која од таткова страна потекнувала од Узбекистан, а од мајчина страна можеби од Сомалија: живи траги на вековите на ацилакот и на исламската средина која не познава граници според бојата ниту разлики меѓу расите. Покрај оваа врева кај домашните луѓе и ациите, Џеда тогаш (1927) беше единственото место во Хиџаз каде беше допуштено да престојуваат немуслимани. Повремено можевте да видите натписи на дуќанот на латиница и луѓе во бели тропски облеки со тропски шлем или шапка на главата. Над конзулатите се вееја странските знамиња.

Сето ова му припаѓаше, така да се каже, не толку на копното колку на морето; на звуците и мирисите на пристаништето, на бродовите закотвени зад бледите коралните ленти, рибарски кајчиња со бели триаголни едра – свет не многу поинаков од оној на Средоземјето. Сепак, куќите беа малку поинакви, отворени на ветрецот, со богато обликувани фасади, со изрезбарени дрвени прозорски рамки и со покриени балкони, најтенки прегради од дрво кои им овозможуваат на домашните луѓе да гледаат надвор без пречки, но им спречуваат на минувачите да ја видат внатрешноста; сите овие дрвени делови лежеа како сиво-зелена тантела на sидовите од розов коралeн

камен, нежни и крајно хармонични. Ова веќе не беше Средоземје, но сè уште не сосема и Арабија; тоа беше крајбрежниот свет на Црвеното Море, кој создава слична архитектура на двете свои страни.

Меѓутоа, Арабија веќе се најавуваше со челичносивото небо, со голите, карпести ридови и со песочните дини кон исток, потоа во оној здив на големината и онаа очигледна оскудица кои се секогаш толку чудно измешани во арапскиот пејсаж.

*

* *

ПОПЛАДНЕ следниот ден нашиот караван го започна патот за Мека, кривулкајќи низ масите од аџии, бедуини, камили со носилки или без нив, јавачки камили, магарења прекриени со шарени прекривки, кон источната порта на градот. Одвреме-навреме покрај нас ќе минеше некое моторно возило – првите возила во Саудиска Арабија – натрупано со аџии, бучно трубејќи. Камилите небаре чувствуваа дека тие нови чудовишта се нивни непријатели, отскокнуваа секогаш кога ќе поминеше некое возило, бесно прилепувајќи се покрај ѕидовите на куќите, движејќи ги своите вратови таму-ваму, збунети и беспомошни. Новото време заканувачки започнуваше за овие високи, трпеливи животи, исполнувајќи ги со страв и таинствени претчувства.

Наскоро белите градски ѕидови останаа зад нас и одеднаш се најдовме во пустината – во пространата рамнина, сивкаво-кафеава, пуста, прошарана со трнливи грмушки и со дамки степски треви. Со ниски, изолирани брекчиња кои изнурнуваат од неа како острови во море-

то, а оградена на исток со малку повисоки, карпести области, синкаво-сиви, со запчеста контура, лишени од секаков живот. Секаде преку таа опасна рамнина се влечеа каравани, многу од нив, во долги поворки – стотици и илјадници камили – животно зад животно во една единствена колона, натоварено со носилки, аџии и багаж, понекогаш исчезнувајќи зад брекчињата, а потоа веднаш појавувајќи се. Постепено сите нивни патеки се слеваа во една единствена – песочен пат создаден од трагите на сличните каравани во текот на долгите векови.

Во тишината на пустината, што повеќе ја нагласуваше отколку што ја прекинуваше тапкањето на стапалата на камилите, повремениот извик на водичите на бедуините и овде-онде придушеното пеење на некој аџија, ненадејно ме обзеде чудно чувство – толку незапирливо чувство што речиси можеше да се нарече визија: се видов себеси на некој мост кој премостуваше невидлив амбис; толку долг мост што крајот од којшто дојдов веќе се губеше во магливата далечина додека другиот одвај почнуваше да се открива. Стоев во средината, а моето срце се стегаше од страв додека гледав така на половина пат меѓу двата краја на мостот – веќе премногу далеку од едниот, а сè уште не доволно близу до другиот – и ми изгледаше, во долгите моменти, дека засекогаш ќе морам да останам меѓу двата краја, постојано над страшниот амбис – кога ненадејно некоја Египќанка на камила пред мене се огласи со старото аџиско *„Лебејк аллахуме лебејк!“* – и мојот сон се разби.

Од сите страни можевте да ги слушнете луѓето како зборуваат и мрморат на различни јазици. Понекогаш неколку аџии ќе викнеа во хор: *„Лебејк аллахуме лебејк!“* – или некоја Египќанка ќе пееше песна во слава на Пратеникот, на што некоја друга ќе се огласеше со *гатрафа*,

тој радосен извик на Арапките (кој во Египет се нарекува *загрута*): остар, мошне висок глас кој го испуштаат жените во сите свечени пригоди, како што се женидбата, раѓањето на дете, обрежувањето, верските поворки од секој вид и, секако, аџилакот. Во рицарска Арабија во поранешните времиња, кога ќерките на главатарите имале обичај да јаваат во војна со мажите од своето племе за да ги поттикнат на поголема храброст (бидејќи се сметало за крајно осрамотување да се дозволи некоја од овие девојки да загине или, уште полошо, непријателот да ја зароби), *гатрафата* можела често да се чуе на бојното поле.

Толпата од аџии патува на носилки – по двајца на секоја камила – и нишањето на овие иновации постепено предизвикуваше вртоглавица и ги нервираше, толку непрекинато беше нишањето. Некого, што е исцрпен и задремал за миг, ќе го разбудеше ненадејното тресење, за повторно да заспие и повторно да се разбуди. Одвременавреме терачите на камили, кои го следеа караванот пеш, им извикуваа на своите животни. Некој од нив понекогаш ќе запееше во ритамот на развлечениот чекор на камилите.

Пред утрото стигнавме во Бахра, каде што караванот запре да го помине денот бидејќи жештината беше таква што патувањето беше можно само ноќе.

Ова село – всушност само двократна редица куќи, кафеави, неколку колиби од палмови лисја и една сосема мала џамија – беше вообичаено место за одмор за карваните на половина пат меѓу Џеда и Мека. Пејсажот беше истиот каков што беше низ целиот пат откако го напуштивме крајбрежјето: пустина со осамени брекчиња овде-онде и со високи, синкави планини на исток кои ја

одделуваа крајбрежната низина од платото на Централна Арабија. Сега оваа пустина околу нас личеше на огромен воjнички логор со безбројни шатори, камили, носилки, пакети и метеж на бројни јазици – арапски, хиндустански, малајски, персиски, сомалиски, турски, пашту, амраха и Бог знае колку други. Ова беше вистински собир на нациите, но бидејќи сите носеа ист *ихрам*, разликите во потеклото беа одвај забележливи и сите бројни раси изгледаа речиси како една.

Аџиите беа изморени по ноќниот марш, но само мал број од нив знаеја како да го искористат ова време за одмор; на поголемиот дел од нив патувањето мора да им било сосема невообичаен потфат, а на многуминатa тоа им беше прво патување во животот – и тоа такво патување, кон таква цел! Тие мора да беа нетрпеливи, мора да се вртеа наоколу, нивните раце бараа да прават нешто, дури ако ништо друго, тогаш барем да ги отвораат, а потоа повторно да ги врзат своите вреќи и пакети; инаку би почнале да се чувствуваат загубени, целосно загубени во неприродната среќа како во морето...

Ова, се чини, му се случи на семејството во шаторот непосредно до мојот, очигледно аџии од бенгалско село. Одвај ќе разменеа по некој збор, седеа со вкрстени нозе на земјата и неподвижно гледаа кон исток, во насока на Мека, кон пустината исполнета со треперлива топлина. На нивните лица постоеше толку далечен мир што се чувствуваше дека тие се веќе пред Божјата куќа и речиси во Неговото присуство. Мажите беа извонредно убави, стројни, со коси долги до рамењата и со сјајни, црни бради. Еден од нив лежеше болен врз волнена покривка; до него клечеа две млади жени, како живописни птички во своите широки црвено-сини панталони и туники извезени со сребро, со густи црни плетенки кои паѓаа низ

грбот; помладата од нив имаше тенок златен прстен на едната ноздра.

Во попладнето болниот умре. Жените не оплакуваа како што тоа често се прави во источните земји, бидејќи овој човек умрел на ацилак, на света почва, и така е осветен. Мажите го измија телото и го завиткаа во истата бела ткаенина која ја носеше како своја последна облека. Потоа едниот од нив застана пред шаторот, ги состави своите раце пред устата и гласно се огласи со повикот за молитва: „Бог е најголем, Бог е најголем! Нема други божества освен Аллах, и Мухамед е пратеник на Бога!... Намаз за мртвиот! Бог нека се смилува на сите вас!“ И од сите страни се собраа луѓе облечени во *ихрами* и се наредија во редици зад имамот како војници од некоја голема армија. По завршетокот на молитвата, тие ископаа гроб, некој старец изрецитира неколку извадоци од Куранот, а тогаш тие го затрупаа со песок умрениот ација, кој беше поставен на страна, со лицето свртено кон Мека.

*

* *

ПРЕД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА СОНЦЕТО во второто утро песочната рамнина почна да се стеснува, брекчињата се доближуваа; ние минавме низ клисурата и во бледата светлина на зората ги видовме првите куќи на Мека; потоа влеговме во улиците на Светиот Град додека сонцето се раѓаше.

Куќите беа слични на оние во Џеда со изрезбани прозорци на горниот кат со затворени балкони, но каменот од кој се изградени изгледаше потежок, помасивен од светлообоениот корален камен од Џеда. Сè уште беше мошне рано изутрина, но веќе почна да притиска тешка

горештина. Пред многу куќи имаше клупи на кои спиеја исцрпените луѓе. Поплочените улици стануваа сè потесни и потесни, низ нив, клатејќи се, се пробиваше нашиот караван кон центарот на градот. Бидејќи остануваа само неколку дена од свеченоста на аџилакот, имаше многу народ на улиците. Безбројни аџии во бели *ихрами* со други кои повторно привремено ја облекле својата секојдневна облека – облека од сите краишта на муслиманскиот свет; носачите на вода свиткани под тешките мевови за вода или под јарем со две стари петролејски канти наместо кофи; терачи и јавачи на магариња со блескави ѕвончиња и живи украси; и, за да биде метежот потполн, камили што доаѓаа од спротивна насока, натоварени со празни носилки, а секоја мука со различен глас. На тесните улици имаше таков метеж што би помислиле дека аџилакот не е збиднување кое веќе со векови се повторува секоја година туку некое изненадување на кое луѓето не биле подготвени. На крајот нашиот караван престана да биде караван и се претвори во неуредна збрка на камили, носилки, багаж, аџии, терачи на камили и врева.

Уште од Џеда бев средил да престојуваме во куќата на добро познатиот водич на аџии, со име Хасан Абид, но имаше малку шанси дека во тој хаос ќе го најдам него или неговата куќа. Но ненадејно некој извика: „Хасан Абид, каде се аџиите за Хасан Абид?“, а, како *џин* од шише, некој младич се појави пред нас и, со длабоко поклонување, рече да го следиме; него го беше испратил Хасан Абид да нè води до неговата куќа.

По богатиот појадок со кој нè почести, излегов во придружба на истиот младич кој нè пречека, и тргнав во Светата џамија. Одевме низ преполните, бучни улици,

минавме покрај касапниците со редици од обесени заколени овци пред нив; покрај продавниците со зеленчук, стока изложена на сламените простирки на земјата; низ роевите муви и мирисот на зеленчук, прав и испарување; потоа низ тесниот, покриен пазар во кој се продаваат само ткаенини: фестивал на бои. Како и на друго место во пазарите на Западна Азија и Северна Африка, дуќаните се само мали ниши издигнати околу еден метар над земјата, со сопственик на дуќанот кој седи со прекрстени нозе, опкружен со парчиња ткаенина од сите видови и бои додека над него во редови висат сите видови облека за сите нации на муслиманскиот свет.

И повторно, имаше луѓе од сите раси, облеки и изрази, некои со турбани, а некои гологлави; некои што одат тивко со неведнати глави, можеби со бројаници во рака-та, а други што лесно трчаат пробивајќи се низ толпите; меките, кафеави тела на Сомалијците што светат како бакар меѓу наборите на нивната облека слична на тога; Арапите од висорамнините од внатрешноста, со стројна става, тесно лице, горделиво однесување; бавните, несмасни Узбекистанци од Бухара, кои дури и во оваа горештина ги носат своите поставени *кафтани* и длабоки кожни чизми; Јаванки облечени во *саронг* со отворени лица и бадемести очи; Мароканци, со бавен чекор и достоинствени во своите бели *бурнуси*; Меканци во бели туники, со смешно мали бели, тркалезни капи прилепени за главата; египетски *феласи* со возбудени лица; Индуси облечени во бело со црни очи што гледаат под големите, снежнобели турбани и нивните жени толку непробивно завиткани во своите бели *бурки* што изгледаат како подвижни шатори; крупни Фулата-црнци од Тимбукту или Дахомеј во индиго сини облеки и црвени, тесно прилепени тркалезни капи; нежните кинески дами,

како извезени пеперутки, потскокнуваат на ситните стапала како газели. Бучен, натрупан метеж во сите насоки, така што чувствувате дека сте среде бранови кои се кршат и од кои можете да согледате само некои детали, но никогаш целосната слика. Сѐ лебдееше во бучењето на безброј јазици, живи движења и возбудување – додека ненадејно не се најдовме пред едната од портите на Храмот, Светата џамија.

Тоа беше порта со три лака со камени скали кои водат до неа; на прагот седеше полуоблечен питач Индиец, подавајќи ја својата слаба рака кон нас. И тогаш првпат го видов внатрешниот квадрат на светилиштето кое лежи под нивото на улицата – многу пониско од прагот – и така се отвораше себеси пред погледот како некаков сад, огромен квадрат опкружен од сите страни со тремови формирани од бројните столбови со полукружни лакови, а во нивната средина коцка, висока околу петнаесет метри, прекриена со црна ткаенина, со широка лента со злато извезените стихови од Куранот околу горниот дел од покривката: Ќаба...

Ова, значи, беше Ќаба, цел на копнежите на толку милиони луѓе низ толкуте векови. За да ја постигнат таа цел, безбројните ации со години поднесувале такви жртви; многумина умирале патем; многумина стигнувале дури по големи одрекувања; а на сите нив оваа мала, квадратна градба им беше врв на желбите, а да се дофати – значеше нивно исполнување.

Стоеше таму, речиси совршена коцка (што всушност и значеше нејзиното арапско име) целосно покриена со црн брокат, спокоен остров среде пространиот квадратен двор на џамијата, многу поспокојно од кое било друго архитектонско дело каде и да е во светот. Изгледаше дека оној што прв ја изградил Ќаба – бидејќи од времето

на Ибрахим (Авраам) оригиналната градба била повторно изградена повеќепати во истата форма – сакал да направи алегорија на човечката понизност пред Бога. Градителот знаел дека никаква убавина на архитектонскиот ритам, ниту совршеност на линии, колку и да е голема, не може никогаш да ја изрази идејата за Бога; така тој се ограничил на наједноставната тродимензионална форма која може да се замисли – камена коцка.

Сум видел во разни муслимански земји џамии кои претставуваат инспиративни уметнички дела од рацете на големите уметници. Сум видел џамии во Северна Африка, блескави палати за молитва од мрамор и бел алабастер; Куполата на Карпата во Ерусалим, моќна, совршена купола над нежната структура, сон на леснотијата и тежината соединети без контраст; величествените градби на Истанбул: Сулејманија, Јени-Валиде, Бајазидовата џамија; потоа оние во Бурса, во Мала Азија; сафавидските џамии во Иран – кралска хармонија на каменот, разнобојни керамички плочки, мозаик, огромни стаклени портали над вратите изрезбани со сребро, тенки минарињa со алабастерни и тиркизно сини галерии, со мрамор поплочени квадратни дворови со фонтани и со прастари плантажи; моќните урнатини на Темерлановите џамии во Самарканд, болскави дури и во нивното пропаѓање.

Сето тоа го видов – но никогаш не сум се чувствувал толку силно како сега, пред Ќаба, дека раката на градителот дошла толку блиску до неговата религиска замисла. Во совршената едноставност на коцката, во целосното одречување од секоја убавина на линијата и на формата, говореше неговата мисла: „Каква годе убавина да е во состојба човекот да создаде со своите раце, таа ќе биде само привид на уверувањето дека е достојна за Бог; затоа

таа е наједноставното нешто што човекот може да го замисли – најголемото што може да го направи за да ја изрази големината на Бога.“ Можеби слично чувство било причината за математичката едноставност на египетските пирамиди – иако таму човечката замисла нашла починка во огромните димензии кои им ги дала на своите градби. Но овде, во случајот на Ќаба, дури и големината зборуваше за човековото самоодречување и предаденост, а горделивата скромност на овие мали градби си немаат конкурент на Земјата.

*
* *

ИМА САМО ЕДЕН влез во Ќаба – врата обложена со сребро на североисточната страна, околу два метра над земјата, така што до неа може да се дојде со помош на подвижните дрвени скали кои се стават пред вратата во некои денови од годината. Внатрешноста, обично затворена (ја видов единствено во една пригода), е мошне едноставна: мраморен под со неколку килими, бронзени и сребрени светилки обесени на таванот кој го носеа тешки дрвени греди. Всушност, оваа внатрешност самата по себе нема посебно значење, бидејќи светоста на Ќаба се однесува на целата градба, којашто е *кибла* – то ест насока за молитвата на целиот исламски свет. Токму во насоката на овој симбол на Божјото единство стотици милиони муслимани ширум светот ги свртуваат своите лица при своите молитви, петпати на ден.

Во источниот агол на зградата е вграден и оставен непокриен каменот со темна боја опкружен со широка сребрена рамка. Овој црн камен, кој го бакнувале многу генерации на аџии, често бил повод за недоразбирање кај

немуслиманите, кои мислат дека тоа е фетиш кој Мухамед го презел како отстапка кон паганските Меканци. Ништо не може да биде подалеку од вистината. Токму како што Ќаба е предмет на почитување, а не на обожување, така е и со црниот камен. Тој се почитува како единствен остаток од оригиналната градба на Авраам; затоа што усните на Мухамед го допреле при неговиот Проштален аџилак, сите аџии оттогаш го прават истото тоа. Пратеникот бил целосно свесен дека сите подоцнежни генерации на верниците секогаш ќе го следат неговиот пример; кога го бакнал каменот, тој знаел дека усните на идните аџии за сите времиња ќе го среќаваат споменот на неговите усни во симболичната прегратка која така ѝ ја понудил на целата своја заедница, надвор од времето и надвор зад смртта. А аџиите, кога го бакнуваат црниот камен, чувствуваат дека го прегрнуваат Пратеникот и сите останати муслимани кои биле тука пред нив, како и оние кои ќе дојдат по нив.

Ниеден муслиман не негира дека Ќаба постоела одамна пред пратеникот Мухамед; навистина, нејзиното значење се состои токму во тој факт. Пратеникот никогаш не тврдел дека е основач на нова религија. Напротив, предаденоста кон Бога – исламот – била, според Куранот, „човекова природна наклонетост“ од мугрите на човечката свест; токму тоа го подучувале Авраам, Мојсеј, Исус и сите други Божји пратеници, а пораката на Куранот е само последната од Божествените Објави. Ниеден муслиман нема да негира дека тоа светилиште било полно со идоли и фетиши пред Мухамед да ги искрши, токму како што Мојсеј го искршил златното теле на Синај, бидејќи, одамна пред да бидат донесени идолите во Ќаба, таму бил обожуван Вистинскиот Бог и така Мухамед само го вратил храмот кон неговата првобитна намена.

*

* *

СТОЕВ ТУКА пред храмот на Авраам и гледав во чудото не мислејќи (бидејќи мислите и размислувањата дојдоа дури многу подоцна), а од некое скриено, ведро јадро во мене, полека растеше воодушевувањето како песна.

Мазните мраморни плочки, со сончевиот одблесок кој поигруваше по нив, ја покриваа земјата во широк круг околу Ќаба, а низ овие мраморни плочки одеа многу луѓе, мажи и жени, околу Божјата куќа обвиткана во црно. Меѓу нив имаше луѓе што полека, и други кои гласно го довикуваа Бога во молитвата, а многумина од нив кои веќе немаа ни зборови ниту солзи и можеа само да одат со спуштени глави...

Дел од аџилакот се состои во одење околу Ќаба седум пати; не само за да се покаже почитувањето кон главното светилиште на исламот, туку за да може човек да се потсети на основните барања на исламскиот живот. Ќаба е симбол на Божјата Едност, а телесното движење на аџиите е симболичен израз за човечка активност, подразбирајќи дека не само нашите мисли и чувства – сè што е опфатено со терминот „внатрешен живот“ – туку исто така и нашиот надворешен, активен живот, нашите дела и практични настојувања мораат да го имаат Бога како свој центар.

И јас, исто така, полека се движев напред и станав дел од кружниот тек околу Ќаба. Одвреме-навреме ќе станев свесен за мажите и жените околу себе; издвоени слики се појавуваа пред моите очи и исчезнуваа. Имаше еден огромен црнец во бел *ихрам*, со дрвени бројаници обесени како синџир околу силниот, црн рачен зглоб. Еден стар Малаец ситно чекореше некое време покрај

мене, а рацете му се движеа како во безнадежна забуна. Сиво око под густи веѓи – кому му припаѓаше? – а сега е загубено во толпата. Меѓу многуте луѓе пред црниот камен една млада Индијка, очигледно болна; на нејзиното тесно, нежно лице лежеше чудно изразен копнеж, видлив за окото на набљудувачот како животот на рибите и алгите во длабочината на кристално чистиот рибник. Нејзините раце со бледи, угоре свртените дланки беа подадени кон Ќаба, а нејзините прсти се тресеа небаре ја следат молитвата без збор...

Одев понатаму, минутите изминуваа, а сè што беше мало и горчливо во моето срце почна да ме напушта; станав дел од кружниот тек – ох, дали е ова смислата на сè што правиме, да станеме свесни дека сме дел од движење во орбитата? Зар не е тоа, можеби, крајот на сите несигурности? И минутите се загубија, само времето застана, и тоа беше центарот на вселената...

*

* *

ПО ДЕВЕТ ДЕНА УМРЕ ЕЛЗА.

Умре ненадејно, по боледување од помалку од една недела кое на почетокот изгледаше само како нерасположение поради топлината и невообичаената исхрана, но наскоро излезе дека е некое непознато тропско заболување пред кое сириските лекари во болницата во Мека стоеја беспомошни. Мрак и крајно очајание се склопија околу мене.

Таа беше погребана во песочните гробишта на Мека. Над нејзиниот гроб е поставен камен. Не сакав да има на



Сопругата на авторот, Елза (која почина во Мека) и нејзиниот син Ахмед

него никаков натпис бидејќи да се мисли за натписот беше како да се мисли за иднината, а јас сега не можев да замислам никаква иднина.

Малиот син на Елза, Ахмед, остана со мене повеќе од една година и ме придружуваше на моите први патувања во внатрешноста на Арабија – храбар придружник стар десет години. Но по некое време морав да се простам со него бидејќи семејството на неговата мајка конечно ме увери дека тој мора да биде испратен на училиште во Европа; тогаш не остана ништо од Елза освен споменот на неа, каменот во меканските гробишта и мракот кој се крена дури значително подоцна, долго откако ѝ се предадов на безвременската прегратка на Арабија

– 6 –

НОЌТА ВЕЌЕ ДОБРО НАВЛЕГЛА, а ние и понатаму седиме околу логорскиот оган кој уште тлее. Ебу Сеидовата бурна страст веќе стивнуваше; неговите очи се тажни и некако изморени; ни зборуваа за Нура како што некој би зборувал за некоја мила личност која одамна умрела.

„Знаете, таа не беше убава, но јас ја сакав...“

Месечината над нас е полна со изобилие на живо суштество. Не е чудно што предисламските Арапи мислеле дека таа е „една од ќерките на бога“ – долгокосата Ел-Лат, божица на плодноста, за која се зборувало дека ги испраќа своите таинствени моќи на раѓање на Земјата и така создава нов живот во луѓето и животните. Во нејзина слава младичите и девојките од некогашна Мека и Таиф ги славеле ноќите со полна Месечина во гозби под отворено небо, со слободна љубов и поетски натпреварувања. Од земјените стомни и кожни шишиња течело

црвено вино и поради тоа што било толку црвено и толку полно со возбудување, поетите во своите диви воодушевувања го споредувале со крвта на жената. Оваа раскошна и страствена младост го трошеше своето изобилие во скутот на Ел-Лат „чијашто убавина е како сјајот на полната Месечина и чија достоинственост е како лет на црните чапји“ – древна, младешка моќна божица која ги раширила своите крилја од Јужна Арабија до северот и ја достигнала дури далечната Грција во ликот на Лета, мајката на Аполон.

Од разлеаното, нејасно обожување на природата во форма на божеството Ел-Лат и многуте други божества до возвишениот поим за еден Бог во Куранот постоеше долг пат кој Арапите морале да го минат. Но, најпосле, човекот отсекогаш сакал да патува далеку по патиштата на својот дух, овде во Арабија не помалку отколку во останатиот свет; тој толку многу го сакал тоа што целата негова историја навистина би можела да се опише како историја на барањето на верата.

Кај Арапите ова барање отсекогаш се стремело кон Апсолутниот. Дури и во најраните времиња, кога нивната фантазија го полнела светот околу нив со многу богови и демони, тие отсекогаш биле свесни за Едниот кој во својата возвишеност престојувал над сите божества – невидливиот, несфатливиот Семоќен, далеку надвор од човечки замисливиот – Вечен Причинител за сè. Божицата Ел-Лат и нејзините божествени сестри Менат и Узат биле само „божји ќерки“, посредници меѓу Несознајниот и Единствениот и видливиот свет, симболи на несфатливите сили кои го опкружувале детството на човекот; но длабоко во заднината на арапската мисла сознанието за Едниот било постојано присутно, постојано подготвено да се разгори во свесна вера. Како можело да биде поинаку?

Тие биле народ кој израснал во тишината и самотијата меѓу суровото небо и свирепата земја; тежок бил нивниот живот среде овие едноставни, бескрајни пространства; така не можеле да го избегнат копнежот по Моќта која би опфатила сè што постои со непогрешлива правда и добрина, строгост и мудрост: Бог Апсолутниот. Тој се наоѓа во бесконечноста и се простира во бесконечноста – но, затоа што ти си во рамките на Неговото создавање, **„Тој е поблиску до тебе отколку жилата во грклanот“**.

*

* *

ЛОГОРСКИОТ ОГАН ВЕЌЕ се изгасна. Зејд и Ебу Сеид заспаа, а во близината лежат нашите три камили на песокот осветлен од месечината и ја преживаат храната со меки, грицкави звуци, паузирајќи одвреме-навреме. Добри животни... Понекогаш некоја од нив ја менува својата положба и ја протрива по земјата рожната површина на своите гради, а понекогаш збивта, небаре воздивнува. Добри животни. Тие се без одреден израз, сосема поинакви од коњите, кои се секогаш толку јасно одредени во својот карактер; да, поинакви од сите други животни кои ги користи човекот – токму како што пустинската степа на која ѝ припаѓаат е поинаква од сите други предели: без одреден израз, колебајќи се меѓу контрадикциите, смуртена, а сепак бескрајно скромна.

Не можам да спијам и затоа шетам и се качувам на еден од блиските брекчиња. Месечината виси ниско над западниот хоризонт и ги осветлува ниските каменити брекчиња кои се издигнуваат како фантоми од мртвата рамнина. Одовде понатаму крајбрежната низина на Хи-

џаз благо се издигнува кон запад; серии од долини испрекинати од многу свиоци, суви речни корита лишени од секаков живот, без села, без куќи, без дрвја – свирепи во својата оголеност под месечевиот сјај. А сепак од оваа пуста, безживотна земја, од овие песочни долини и голи ридови избила онаа вера која најмногу го потврдува животот во целата човечка историја...

Ноќта е топла и тивка. Полусветлината и далечината прават ридовите да треперат и да се нишаат. Под месечевиот сјај бледосиното светкање трепери, а низ ова бледо синило се лизга некое светликаво навестување – сенишно сеќавање на сите бои на Земјата; но вонземското синило ги ублажува сите, топејќи ги без премин во нешто што треба да биде хоризонт, а личи на повик кон неизмерни, непознати нешта.

Недалеку одовде, сокриена од моите очи среде оваа безживотна дивина од долини и ридови, лежи долината Арафат, во која еднаш годишно се сретнуваат сите аџии кои доаѓаат во Мека како сеќавање на Последниот состанок кога човекот мора да му одговара на својот Создател за сè што сторил во животот. Колку често сум стоел таму сам, гологлав, во бела аџиска облека, меѓу толпата бело облечени, гологлави аџии од сите континенти, со лицата свртени кон Џебел ер-Рахма – „Рид на милоста“ – кој се крева од пространата рамнина; стоев и чекав до попладне, размислувајќи за оној неизбежен Ден кога **„ќе бидете изложени, и ниту една ваша тајна нема скриена да остане.“**[76]

И додека стојам на врвот од ридот и гледам долу кон невидливата рамнина на Арафат, месечевото синило на пределот пред мене, толку мртво само малку пред тоа,

[76] Куран, 69:18. (Заб. на прев.)

ненадејно се оживува со тековите на сите човечки животи кои минале низ него и се исполнува со таинствените гласови од милиони мажи и жени кои пешачеле или јавале меѓу Мека и Арафат во илјада и тристоте аџилаци во текот на изминатите тринаесет векови. Нивните гласови и чекори, гласовите и чекорите на нивните животни се будат и повторно се разнесуваат; ги гледам како одат и јаваат и се собираат – безбројни во бело облечени аџии; ги слушам звуците на минатите денови; крилјата на верата која ги собрала во оваа земја од карпи, песок и навидумно мртвило повторно размавнуваат со топлината на животот над лакот на вековите, а моќниот замав на крилјата ме повлекува и мене и моите минати денови во сегашноста и уште еднаш повторно јавам преку рамнината – јавам во бурен галоп преку рамнината, среде илјадници и илјадници бедуини облечени во *ихрами*, враќајќи се од Арафат во Мека – ситна честичка од оној неизмерен, незапирлив бран на безбројни камили и луѓе во галоп, под којшто земјата потреперува, со нивните племенски белези на долгите копја кои бијат како тапани на ветрот и нивните племенски воени извици кои го раскинуваат воздухот: „*Ја Равга, Ја Равга!*“ со кои оние од племето Атајба го повикуваат името на својот предок, а оние од Харб одговараат со „*Ја Авф, Ја Авф!*“, додека, речиси предизвикувачки, одекнува „*Ја Шамар, ја Шамар!*“ од крајното десно крило на колоната.

Јаваме, јуришајќи, летејќи преку рамнината, а мене ми се чини дека летаме со ветерот, предадени на среќата која не познава ни крај ниту граници... а ветерот ја пее дивата победоносна химна во моите уши: „Никогаш повеќе, никогаш повеќе, никогаш повеќе нема да бидеш туѓинец!“

Моите браќа од десно и моите браќа од лево, сите непознати, но ниеден туѓинец; во бурната радост на нашето

брзање, ние сме едно тело во потрага по една цел. Светот пред нас е пространа, а во нашите срца светка искра што горела во срцата на Придружниците на Пратеникот. Тие знаат, моите браќа од десно и моите браќа од лево, дека се далеку од она што се очекува од нив и дека во текот на вековите нивните срца станале мали; но сепак, ветувањето за исполнување не е повлечено од нив... од нас...

Некој од разбранетото мноштво го напушта племенскиот повик и го замени со извикот на верата: „Ние сме браќата на оној кој му се предал на Бога!“ – а другите се придружуваат со: „*Аллаху екбер*“ – „Бог е Најголем! – Само Бог е Голем!“

И сите племенски групи го прифатија овој единствен извик. Тие повеќе не се бедуини од Нецд кои се фалат со својата племенска горделивост; тие се луѓе кои знаат дека тајните Божји само чекаат на нив... на нас... Меѓу вревата од илјадници копита на камили и веењето на стотина знамиња, нивниот извик прераснува во триумфалниот грмеж: „*Аллаху екбер!*“

Тој тече во моќни бранови над главите на илјадници луѓе во галоп, над пространите рамнини, до сите краишта на земјата: „*Аллаху екбер!*“ Овие луѓе израснале над своите сопствени мали животи и сега нивната вера ги носи напред, во единство, кон некои непознати видици... Копнежот не треба да биде мал ниту скриен, тој го нашол своето будење, заслепувачкото изгревање на сонцето на исполнувањето. Во ова исполнување човекот чекори во сета своја величественост дадена од Бога; неговиот чекор е радост, неговото знаење слобода, а неговиот свет вселена без граници...

Мирисот на телата на камилите, нивното бревтање и збивтање, грмежот на нивните безбројни копита; извиците на луѓето, звекотот на пушките обесени на куките од седлата, прав и пот и крајно возбудени лица околу мене; и ненадеен радосен мир во мене.

Се свртувам во седлото и гледам зад мене бранување, брановидно мнозинство од илјадници јавачи облечени во бело, а зад нив – мостот преку кој дојдов; неговиот крај е непосредно зад мене додека неговиот почеток веќе се губи во маглата на далечината.

Содржина:

Право на избор.....5
Мухамед Асад (1900 - 1992).....11
Приказна за една приказна.....15
I. Жед.....29
II. Почеток на патот.....79
III. Ветрови.....119
IV. Гласови.....169
V. Дух и тело.....217
VI. Соништа.....259
VII. На половина пат.....289
VIII. Џини.....339
IX. Персиско писмо.....383
X. Дедал.....429
XI. Џихад.....475
XII. Крај на патот.....523

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

28:929

АСАД, Мухамед
Патот за Мека / Мухамед Асад; [превод од англиски Фатмир А. Ковачи]. - Скопје: Белиг, 2021. - 570 стр.: илустр. ; 21 см

Наслов на оригиналот: The Road to Mecca / Muhammad Asad. - Фусноти кон текстот. - Право на избор / Јадранка Владова: стр. 4-8

ISBN 978-608-4914-04-4

а) Прифаќање на ислам – Биографии

COBISS.MK-ID 55334149